Со оглед на тоа што лачната брана се изведува од неармиран бетон, таа се изведува во независни блокови–ламели со дилатациони фуги бетон на бетон.Телото на браната е разделено со девет вертикални радијални фуги на десет ламели (9 плус бетонски масивен блок). Должините на ламелите во круната на браната се: 12,0 m на централната конзола, 14,0m на по три ламели на левиот и на десниот брег, по 9,5m на краевите на лачниот дел и една фуга низ гравитациониот блок на десниот брег.

По извршеното бетонирање на телото на браната и по завршување на процесите на собирање на бетонот и природно ладење на бетонот, односно по максималното отворање на фугите, се врши нивно инјектирање, со што телото на браната се монолитизира.

За реализација на инјектирањето на радијалните фуги е изведен т.н. примарен и секундарен систем на инјектирање. Примарниот систем се состои од жлебови во бетонските блокови и влезни и излезни цевки со потребни вентили (затворачи).Секундарниот систем за инјектирање е независен од примарниот и се состои од систем на челични цевки со конусни вентили од тврда гума и влезни и излезни цевки со затворачи.

Слика 2.Бетонска лачна брана „Света Петка“

За набљудување на однесувањето на браната, придружните објекти и акумулациониот простор, во телото на браната и во карпестиот масив е вградена современа оскултациона опрема. Со вградената оскултациона опрема се овозможени следниве мерења: ниво на водата во

акумулацијата, температура на воздухот, водата и на бетонот, количина на врнежи, хоризонтални поместувања на круната на браната, хоризонтални поместувања на браната на кота +323,00 мнв, поместувања на карпестата темелна основа, продорни води, дилатации во бетонот, напрегања во бетонот, отворање и затворање на радијалните фуги, ротации во карактеристични пресеци на браната, потисокот на водата (узгонот), забрзувања (акцелерации) на карпестиот масив и на телото на браната, ниво на водата во пиезометрите, хоризонтални поместувања на телото на браната, вертикални поместувања на круната на браната.

Слика 3.Пример на изведена радијална фуга со примарен и со секундарен систем за инјектирање

Слика 4. Детаљ од оскултациона опрема (дилатометар)

За автоматското читање на вградената опрема во телото на браната, управувачкиот центар е опремен со компјутерска техника и соодветна софтверска поддршка.За визуелно набљудување на објектите се вградени видеокамери, фотоапарати и слично.

2.2.3. Инјекциони и дренажна галерии

За ефикасно изведување на противфилтрационата завеса се изведени две инјекциони галерии – тунели, на кота +364,00 мнв. На левата страна инјекциона галерија со должина од 38,50 m', а на десната страна со должина од 23,00 m'.

За елиминација на влијанието на узгонот на подземните води, на десниот брег, низводно, е изведена една дренажна галерија-тунел, со должина од 69,10 m', при што влезот во галеријата е на кота +323,00 мнв, по што галеријата со стрмна рампа со должина од 40,50 m' се искачува до кота +333,74 мнв, а останатите 27,60 m' се со минимален пад од 1%.

2.2.4. Против филтрациона и консолидациона инјекциона завеса

Главна цел на изработката на противфилтрационата завеса е да спречи губење на водата од акумулацијата низ подлогата и боковите на браната. На браната „Света Петка" е изведена едноредна и троредна противфилтрациона завеса, со вкупна должина на бушотините од 10.560

m’, при што длабината за завесата се движи од 35,00 до 78,00 m’ и закосена кон возводната страна под агол од ~ 20^0.

Консолидационото инјектирање е изведено за да се подобри контактот меѓу карпата и браната, да се подобрат геомеханичките карактеристики на карпата во зоната на темелната основа на браната и да се обезбеди поголема дебелина на инјекционата завеса во зоната на најголеми хидраулички градиенти на филтрационата вода. Длабината на консолидационото инјектирање е 15,00 m’, а вкупната должина на инјектирањето е 4.300,00 m’.

На продорот на преливниот тунел низ инјекционата завеса е изведена розета за да се зајакне завесата, како и да се оневозможи протекување водана местото на продорот.

Изведена е со бушење од преливниот тунелво три паралелни редасо по 12 радијални бушотини, со вкупна должина од 490,00 m’.

2.2.5. Акумулација

Главни карактеристики на акумулацијата се:

- Кота на максимално ниво 362,30 мнв
- Кота на нормално ниво 357,30 мнв
- Кота на минимално работно ниво 355,00 мнв
- Вкупен волумен на водата во акумулацијата 9,1x10^6 m^3
- Корисен волумен на акумулацијата 1,1·10^6 m^3
- Должина на акумулацијата 11,0 km’

Слика 5. Акумулација на ХЕЦ „Света Петка“



Слика 6. Акумулација на ХЕЦ „Света Петка“

2.2.6. Зафатни градби

За довод на вода во централата се изведени две зафатни градби и два цевководи. Зафатните градби се две посебни полуцилиндрични армиранобетонски конструкции со кота на праг +330,00мнв, со по 4 проточни полиња 3,25x6,45m.

2.2.7. Доводни органи

Зафатните градби продолжуваат во два челични цевководи, со почетна делница вбетонирана во телото на браната и крајна делница во машинската зграда. Внатрешниот дијаметар на челичните цевководи е 3.820mm, со должина од 25,0m. Номинален проток низ секој цевковод е 50m^3/s. На почетокот на секој од цевководите се монтирани затворачи кои се управуваат од круната на браната. Нивното спуштање и подигање оди по т.н. пруга која е монтирана на возводното лице на браната.

Слика 7.Зафатни градби и темелен испуст, на почеток на првото полнење на акумулацијата

Слика 8.Пример на поставен доводен орган (цевковод), низ телото на браната

2.2.8. Машинска и командна зграда

Машинската зграда е лоциранана низводната страна, во речното корито непосредно до браната. Командната и машинската зграда претставуваат една конструктивна целина, а составена е од подземен и од надземен дел. Во зградата се монтирани две Франсисови турбини (2x50 m^3/s) со два генератори и инсталирана моќност од 2x18,2= 36,4MW и годишно производство од 66GWh.

2.2.9. Разводна постројка

Низводно од машинската зграда, над одводната вада, е изведена 110kV разводна постројка со димензии во основа 18,25 x 33,30m.

2.2.10. Одводна вада

Одводната вада претставува затворена кутиеста армиранобетонска конструкција со димензии: внатрешна широчина од 18,6m, должина 21,75m, со кота на дно на почеток +307,626 мнв, а на крајот +313,50мнв. Од одводната вада водата истекува во регулираното речно корито на реката Треска и во езерото Матка.

2.2.11. Регулација на речното корито

Изработена е регулација на речното корито, низводно од одводната вада со должина од ~1.900,00 m' и ширина не помала од 20,00 m', при што во првите 100 m' дното на коритото е заштитено со реден камен.

2.2.12. Далновод

Во рамките на градбата на ХЕЦ „Света Петка" изграден далновод 2 x 110 kV, кој ја повзува хидроцентралата со електроенергетската мрежа на Република Македонија. Далноводот е со должина од околу 3 km, има 16 столба и изграден е во многу тежок и непристапен терен.

Слика 9.Машинска зграда, разводна постројка, одводна вада и регулирано речно корито

Слика 10. Регулирано речно корито, после одводна вада

3. ОСНОВНИ КОЛИЧИНИ НА ВГРАДЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

При градбата на браната се реализирани следниве количини материјал:

- Ископ на алувијален нанос 10.200 m^3
- Ископ во карпа за темелна јама 19.633 m^3
- Вграден бетон во лачниот дел од телото на браната 27.745 m^3
- Вграден бетон во гравитациониот блок 3.323 m^3
- Конструкција и инјектирање на радијалните фуги 2.019 m^2
- Инјектирање противфилтрациона завеса 9.600 m'
- Контактно инјектирање 4.300 m'

4. СТАТИЧКА И СЕИЗМИЧКА АНАЛИЗА НА ТЕЛОТО НА БРАНАТА

Во рамките на основниот проект е изработена статичка и сеизмичка анализа на телото на браната на просторен математички модел базиран на методот на конечни елементи со вклучено влијание на карпестата темелна основа и на водата во акумулацијата[(2)].

5. РЕДОСЛЕД НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

По изградбата на објектите од првата фаза и по изработката и усвојувањето на техничката документација, се пристапи кон изведување на градежните работи на објектите од втора фаза. Обележувањето на објектите на теренот е извршено со користење геодетска тригонометриска микромрежа.

5.1. Ископ на темелната јама

По обележување на темелната јама за браната, се почна со ископ.Врз основа на претходно извршените анализи на геолошката градба на теренот и дефинираните физичко-механички карактеристики на карпата како темелна основа, усвоен е пресплитинг методот за минирање и ископ на темелната јама. Карактеристика на пресплитинг методот е што дупчењата на минските дупнатини се вршат на граничната линија на ископ, што овозможува елиминирање на дополнителни работи за дооформување на темелната јама.Потребно е особено да се нагласи современиот пристап на осигурување на косините на ископите со користење СН анкери, арматурна мрежа и торкретирање[(4)].

5.2. Бетонирање на блоковите од телото на браната

По извршениот ископ на темелната јама, се почна со подготовки за бетонирање на блоковите (ламелите) од телото на браната. Пред бетонирање на блоковите се изврши детално обележување, поставување на оскултационата опрема, изведба на оплата и системи за примарно и секундарно инјектирање на радијалните фуги.Контактните површини на радијалните фуги се назабени за обезбедување подобра соработка на бетонските блокови пред нивната монолитизација. За реализација на претходните работи, проектантот подготви документација за секој бетонски блок,т.н. пасош на блокот. Во документацијата за секој бетонски блок беа внесени сите геометриски елементи за вградување на оскултационата опрема, детали на оплатата и слично.

Бетонирањето на подготвените блокови се реализира според деталните технички услови кои се дадени во проектната документација. Рецептурата на бетонот беше претходно утврдена, при што е усвоен бетон со шест фракции на агрегат со додавање на две дополнителни фракции (32 – 64 мм и 64-100 мм), количина на нискокалоричен цемент до 280 кг/$м^3$ и низок водоцементен фактор. Со таквата рецептура е постигнат пропишаниот квалитет на бетонот (МБ 30 хидротехнички бетон, јакост на бетонот на затегнување на виткање при старост од 90 дена 4,0 - 4.5 MPa, водонепропустливост на бетонот В-8 и отпорност на дејство на мраз М-100).

Слика 11. Изглед на низводно лице на браната во тек на градба

Слика 12. Изглед на возводно лице на браната во тек на градба

Бетонирањето на блоковите е вршено во челична оплата со височина од 2,0 m, во слоеви од по 40-50 cm. Работните хоризонтални прекини на бетонирање се обработени со испирање на цементното млеко по 5-6 часа од бетонирањето до соголување на агрегатот. Наредната кампада на блокот се изведуваше со нанесување тенок слој од ситнозрнест бетон врз претходно обработената контактна површина (чистење, отпрашување, навлажување) на долната кампада. Вибрирањето на бетонот е вршено со пакет од 4 первибратори. Температурата на вградениот бетон беше контролирана со монтираните термометри во бетонот, со што воедно се утврдуваше и исправноста на вградената оскултациона опрема.

Слика 13.Обработка на контактната површина по завршено бетонирање на еден блок

Слика 14. Детаљ на бетонирање и вибрирање на бетонот

5.3. Инјектирање на вертикалните радијални фуги

По извршеното бетонирање на сите блокови од телото на браната, се пристапи кон инјектирање на радијалните фуги. Инјектирањето е почнато во услови на максимално отворени радијални фуги, што беше остварено со природно ладење на бетонот во зимскиот период. Инјектирањето на фугите почна на 1 март 2012 година кога измерената температура на воздухот и на бетонот беше околу 6-9^{0}C. Со вградената опрема беа измерени отворања на фугите од 2,0 до 4,0 mm. Со проектот за инјектирање на радијалните фуги беше пропишано инјектирањето да се изврши во 5 етажи со височина од 12,0 и 14,0 m. Инјектирањето е вршено преку примарниот систем, а контролата на ефектите на инјектирањето е вршена со секундарниот систем. Инјектирањето почна од најнискиот етаж, при што паралелно се инјектираа по две фуги, а во соседните се одржуваше притисок со вода. Просечните инјекциони притисоци се движеа околу 5,0 бари.

Во текот на процесот на инјектирање и по завршувањето на инјектирање на секој етаж се вршени контролни мерења на поместувањата (хоризонтални и вертикални), отворање на фугите и напрегања во бетонот. Тие големини беа споредувани со добиените на математички модел специјално приспособен за оваа фаза од изградбата на браната. Совпаѓањето на мерените и на пресметаните резултати беше на задоволително ниво, и тоа претставуваше потврда за успешноста на инјектирањето на секој етаж и донесување заклучок за продолжување на процесот на инјектирање.

По извршеното инјектирање на сите етажи и оцврснувањето на инјекционата маса, регистрирани се комплетните мерења (преку вградената оскултациона опрема и геодетски мерења) на напонската и на деформационата состојба на телото на браната и карпестиот масив, температурата на бетонот и на воздухот и нивото на водата во пиезометрите, кои натаму ќе претставуваат нулта – почетна состојба.

Во согласност со техничката документација, предвидено е да се изврши секундарно инјектирање на радијалните фуги, во период од шест месеци до две години по завршувањето на примарното инјектирање, доколку има потреба, односно доколку отворањето на радијалните фуги е поголемо од 0,5 mm. По првата година, на повеќето од радијалните фуги се забележанипоголеми отворања од 0,5 mm, при што е одлучено да се изврши секундарно инјектирање. Инјектирањето се изврши низ секундарниот систем и низ неколку додатни бушотини низ самите фуги, при празна акумулација. По извршената контрола, констатирано е дека фугите се исполнети, односно дека е извршена целосна монолитизација на браната.

5.4. Статичка анализа за фаза на инектирање на вертикалните радијални фуги

Математичкиот модел претставува просторен систем на независни блокови од 3D конечни елементи во телото на браната, 3D елементи во карпестиот масив и елементи за симулација на фугите. Дискретизацијата на елементите автоматски е зададена со шест поделби по дебелината на телото на браната, а во вертикален правец на секој 1 метар. Еластомеханичките карактеристики на бетонот и карпестата темелна основа се земени од податоците добиени со испитувања на квалитетот на вградениот бетон и геотехничките истраги. Товарот од притисокот на инјекционата маса е задаван како притисок по површините на елементите на контурата на независните блокови. Анализата на напонската и деформационата состојба на погорните етажи, во случајот кога е завршено инјектирањето на подолните етажи, е извршена на монолитизиран дел од телото на браната со задавање почетни дилатации, кои ја одразуваат реализираната напонска состојба.



Слика 15. Математички модел и деформирана состојба на централниот блок од инјектирање на четвртиот етаж

6. ПРВО ПОЛНЕЊЕ И ПРАЗНЕЊЕ НА АКУМУЛАЦИЈАТА

Во проектната документација за изградба на ХЕЦ „Св. Петка“ е содржан и проектот за подготовка и прво полнење на акумулацијата. Реализацијата на проектот почна на почетокот на јуни 2012 година.

Динамиката на полнењето на акумулацијата предвидува постепено полнење и одржување на нивото на водата на котите 325, 340 и 357,3мнв. Темпото на полнењето до 325мнв е 2 м/ден, потоа тоа се намалува на 1 м/ден до ниво 350 мнв, додека во последните 7 м, темпото е 0,75 м/ден. Времето на одржување на нивото на котите 325 и 340 беше седум дена, додека на котата на нормално ниво се одржуваше 40 дена. Во текот на овој период се извршени сите потребни тестови на хидромеханичката и електромашинската опрема. Потоа се пристапи кон постепено

празнење на акумулацијата до кота 340 мнв, со исто темпо како и при полнењето. За време на одржувањето на константните нивоа се извршени комплетни геодетски мерења, кои се споредени со мерењата на вградената оскултациона опрема. Овие мерења се регистрираат автоматски континуирано, најмалку 4 пати во текот на 24 часа.

За време на одржувањето на нивото е извршена статичка анализа од влијанието на хидростатичкиот притисок на водата врз телото на браната и акумулациониот простор и температурните промени во бетонот на телото на браната. Температурните влијанија се анализирани со задавање нерамномерна температура по дебелината на телото на браната со користење на податоците за температурите регистрирани со вградените инструменти (термометри и дилатометри).

Статичката анализа е вршена на монолитизирана конструкција на телото на браната на истиот математички модел што е користен при анализата на влијанието од инјекционите притисоци со елиминирање на спојните елементи што ја симулираа работата на фугите.

Вертикалните поместувања што се добиени со статичката пресметка, споредени со измерените по геодетски пат, исто така, покажуваат многу добро совпаѓање.

Екстремните пресметани и регистрирани хоризонтални поместувања се јавуваат при пониски нивоа на водата во акумулацијата (340 мнв) и висока температурна разлика во бетонот, и достигнуваат големини од околу 12 мм кај централната конзола (ламела 5). Квалитативната слика на поместувањата на точките од телото на браната е во согласност на влијанијата, особено температурните промени, што е карактеристика на лачните бетонски брани со двојна закривеност.

За одбележување е да се напомене дека влијанието на температурните промени за овој тип брани е доминантно, што е потврдено со отчитувањата на оскултационата опрема во текот на 24 часа. Тие податоци покажуваат разлики и до 3 мм во временска разлика од 10 часа.

За екстремните случаи на натоварување се регистрирани и пресметани напрегањата во телото на браната и карпестата основа, при што не се забележани вредности кои ги надминуваат проектните критериуми.



Слика 15.Ситуација на објектите на ХЕЦ „Света Петка“

7. ДЕФИНИРАЊЕ НА ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА НАБЉУДУВАНИТЕ ГОЛЕМИНИ

Главната улога на инструментализацијата на браната е верификување на проектните параметри на браната. Поставувањето и изборот на инструментите за оскултација и за мониторингот на однесувањето на браната е извршено согласно усвоениот проект за техничко набљудување. Распоредот на мерните инструментие направен врз основа на податоците добиени од статичката и сеизмичка анализа извршена на математички модел кој ја вклучува интеракцијата на телото на браната, акумулацијата и темелната карпеста основа.

Лачната брана "Св. Петка" е со симетрична геометрија, така што најоптимално поставување на мерната опрема е почитување на симетричноста на браната. Како најоптимални нивоа на кои се поставени инструментите се пресметковните нивоа 357, 335, 320 и 305 мнв. Кај браната „Св. Петка" има поставено вкупно 332 инструменти чиј што приказ е даден на сл. 16.



Слика 16. Распоред на оскултационата опрема на низводното лице на браната

За навремено реагирање на службата за одржување на браната, се дефинираат гранични вредности (максимални и минимални) за поместувањата, напоните во телото на браната и карпестиот масив, ниво на водата во пиезометрите и останатите големини кои што даваат слика на однесувањето на браната.

Граничните вредности на отчитувањата на вградените инструменти се определени врз основа на проучување на мерените резултати, анализа на истите во фаза на прво полнење на акумулацијата, пресметаните големини на математичкиот модел за статичка и сеизмичка анализа на браната добиени во основниот проект и во фаза на прво полнење на акумулацијата и општите критериуми за дозволени напрегања и поместувања кај лачните брани.

При дефинирање на граничните вредности, покрај горенаведените извори на податоци, земени се во предвид и вообичаените фактори на сигурност за овој вид на објекти.

Дефинираните големини на отчитувањата на инструментите, им ја олеснува работата на операторите за брзо и ефикасно превземање на пропишаните дејствија во проектот за оскултација на браната.

Во случај да се стекнат услови за потреба на конструктивни интервенции, се формираат соодветни комисии со учество на претставници на проектните организации и специјалисти кои за секој конкретен случај ќе предложат соодветни мерки.

Периодот од две години кој што беше користен за изработка на Елаборатот за дефинирање на граничните вредности, е минимален во согласност со вообичаената практика. Во период од дополнителни две до три години, потребно е да се изврши повторна анализа на податоците добиени со оскултацијата на браната и по потреба да се корегираат утврдените вредности.

8. ЗАКЛУЧОК

Градбата на браната „Св. Петка“ претставува објект од ваков тип што се реализира во нашата земја по 40 години. Во текот на градбата се користени искуствата од најсовремените светски достигнувања, како во технологијата на градбата, така и во обемот на вградената оскултациона опрема. При реализацијата на сите фази на градење, почитувани се строгите проектни критериуми и по цена на продолжување на рокот на изведба, сè со цел да се постигне максимално проектираниот квалитет. Мерените големини со вградената опрема за оскултација ќе обезбедат реални влезни параметри за проектирање на овој тип брани во иднина.

Главен изведувач на градежните работи од втората фаза е РИКО ИНЖЕНЕРИНГ од Словенија, подружница Скопје, со подизведувачите ГД „Гранит“ а.д. Скопје, за бетонска брана и зафатни градби, ДГ „Бетон“ а.д. Скопје, за машинска зграда, одводна вада, разводна постројка и регулација на речно корито и Градежен институт „Македонија“ – Скопје, за инјекционите работи.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Техничка документација (идејни, основни и проекти на изведена состојба) за изградба на објектите на ХЕЦ „Св. Петка“

[2] Владимир Симонче, ЛАЧНАТА БРАНА „СВ.ПЕТКА“, ПРЕСИНГ бр.10, Август 2012

[3] Станислав Миловановиќ, Грозде Алексовски, Миле Славевски, Златко Николовски-ИЗГРАДБА НА БРАНА „СВ. ПЕТКА“, ПРЕСИНГ бр. 10, Август 2012

[4] Владе Атанасовски, Блашко Димитров, Милорад Јовановски, ДУПЧЕЧКО-МИНЕРСКИ РАБОТИ ВО ИЗГРАДБА НА БРАНАТА „СВ. ПЕТКА“ ВО ФУНКЦИЈА НА ГЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРЕНОТ, 13. Симпозиум на ДГКМ, Охрид, 2009

[5] Станислав Миловановиќ, Грозде Алексовски, Милорад Јовановски, ЕЛАБОРАТ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА НАБЉУДУВАНИТЕ ГОЛЕМИНИ ЗА БРАНАТА „СВ. ПЕТКА“, Градежен факултет – Скопје, Февруари 2015

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

MA - 5

Aleksandra BOGDANOVIC[1]

OPTIMAL DAMPER PLACEMENT IN STEEL FRAME STRUCTURES USING GENETIC ALGORITHM

SUMMARY

Very complex research program divided in three phases has been fully realized. The first two phases were related to shake table testing and analytical modelling. The final third phase was to determinate the procedure for optimal placement of PDDs in controlling the structural response due to seismic excitations.
Genetic algorithm is used implemented in the fitness function combined from inter story drift and energy ratio used for obtaining the thirty optimal solutions of damper placement in the structure. Numerous nonlinear analyses have been conducted in order to confirm the validity and the application of the presented procedure including fitness function in any steel structure.

Keywords: passive control, optimal placement, optimal number, genetic algorithm

Александра БОГДАНОВИЌ[1]

ОПТИМАЛНА МЕСТОПОЛОЖБА НА ДАМПЕРИ ВО ЧЕЛИЧНИ РАМОВСКИ КОНСТРУКЦИИ СО КОРИСТЕЊЕ НА ГЕНЕТСКИ АЛГОРИТАМ

РЕЗИМЕ

Комплексно истражување составено од три делови е целосно реализирано во ИЗИИС,Скопје. Првите две фази од проектот се поврзани со експериментални испитувања и математичко моделирање на моделот и дамперот. Последната фаза ја опфаќа процедурата за определување на оптималната местоположба на преднапрегнатите дампери при дејство на земјотресна побуда. Фитнес функцијата во својата основа го користи генетскиот алгоритам и е комбинација од меѓукатно поместување и коефициентот на енергија, и при тоа се добиени триесет оптимални решенија за распоред на дамерите во конструкцијата.

Клучни зборови: пасивна контрола, оптимален број на дампери, генетски алгоритам

[1] Assist. Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology(IZIIS), University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, saska@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. INTRODUCTION

For the last 20 years, intensive research in the field of structural control carried out in highly developed countries has resulted in a large number of different technological solutions and many of them have already been applied to numerous structures, high-rise buildings, large span bridges, towers, etc. Development of new materials, computer science and sensors enables fast development of this scientific discipline, whose philosophy is based on the requirement referring to providing stability of systems at any time and under any dynamic excitation.

The passive structural control of seismic behavior of structures represents a very practical concept and a qualitative change of the practice of design and construction of new seismically resistant structures and strengthening of existing ones. Numerous different passive devices have been developed and many optimization procedures and algorithms for implementation of different passive devices in structures have also been studied and developed [1].

For the purpose of determination of an optimal location for the Pre-stressed Damping Devices (PDDs), a new hypothetical 3D 5-story steel frame structure has been designed according to the Eurocode 3 (EC3) and Eurocode 8 (EC8) requirements.

The optimal location of the PDDs in the structure has been determined by using the genetic algorithm. The desired performance has been defined by using the derivate fitness function combined from the inter-story drift and ratio of dissipated energy by PDDs vs input energy in two directions x and y. The theoretical approach to optimization in the nonlinear domain is a very complex process particularly if a 3D structure is considered and analyzed. Nine previously defined initial configurations have been used as a starting point in the process of optimization

Based on the conducted numerous nonlinear analyses and the obtained analytical results, the validity of the optimization procedure has been confirmed.

Presented in this paper are the process of obtaining the optimal solutions as well as the efficiency of the procedure and the placement of the PDDs in terms of providing reduction of storey acceleration and interstorey drifts.

2. DESIGN AND ANALYTICAL MODELLING OF THE STRUCTURE FOR THE OPTIMIZATION PROCESS

The steel frame structure (with three bays in two directions (X and Y)), has been designed as a Moment Resisting Frame (MRF) according to EC8 and EC3 requirements for ultimate limit states and serviceability limit states, taking into account the design response spectrum calculated for soil type B, PGA=0.28g (in two directions), damping of 2% and behavior factor q=4. The bay length has been 6.0 m and 4.0 m in Y and X direction, respectively. The storey height has been 3.0 m.

The SAP2000 computer program has been used for modelling and optimizing the structural sections during the design phase and preliminary linear response history analysis, only. The beams and the columns have been modelled as frame elements with specified end length offsets and rigid-end factors, typically taken as 0.7.

Modelling and analysis of the designed steel frame structures for the purpose of non-linear response history analysis has been done by using the ANSYS v12.1 computer programme (Figure1). The steel frame structure has been modelled as a 3D structure, using several types of elements available in the program. The columns and the girders have been modelled by using the beam188 element. The element has been a linear two-node beam element in 3-D with six degrees of freedom at each node. The section has been taken as rigid (classical beam theory). The shape functions along the length have been linear.



Figure1. Mathematical model of the 3D structure in ANSYS

For the process of optimization, 24 damper devices, 12 in each direction X and Y, have been implemented on the external frames, only. The mathematical modelling of PDDs has been done by using the combin14 element (Figure 2).



Figure 2. Prototype and analytical model of the damper device (PDD)

The element works based on the Kelvin Vought model and is defined by two nodes, a spring constant (k) and damping coefficients Cv1 and Cv2. The damping portion of the element contributes only damping coefficients to the structural damping matrix.

The damping force (F) is computed with the equation given below:

$$Fx = -CvdUx / dt \tag{1}$$

The preload in the spring as a compression is specified through an initial force (IFORCE) input in the combin14 element. In the process of optimization of the PDDs, the following characteristics have been used: stiffness of the spring K=5000kN/m, Cv=2000kNs/m and pre-stressing force F=150kN. With PDDs having these characteristics, additional damping of 11% has been introduced into the structure. The PDD has a mass of 180 kg, which was added by using the appropriate mass element mass21.

3. OPTIMAL DISTRIBUTION USING GENETIC ALGORITHM

Genetic Algorithms are the heuristic search and optimization techniques that mimic the process of natural evolution and make it possible to explore a far greater range of potential solutions to a problem than conventional programs.

General steps of the algorithm:

- generate a random initial population;
- calculate the fitness function for each individual of the population;
- select pairs according to the fitness function;
- create a new generation by mutation and crossover;
- repeat evaluation of the fitness function for the new generation;
- stop when the termination condition is achieved;
- The problem which needs to be solved is given below:



Figure 3. Schematic presentation of the problem by using the genetic algorithm

The optimization process starts with nine initial configurations for damper placements in X and Y directions on the external frames (Figure 4).



Figure 4. Schematic presentation of the nine initial configurations for the external frames in X and Y directions

For the optimization method, the fitness function has been defined as a sum of two quantities, the interstorey drift and the energy coefficient in two directions X and Y, respectively, as presented in Equation 2 and Equation 3.

$$Pi(x) = driftx + \frac{Edam(x)}{E(x)} \tag{2}$$

$$Pi(y) = drifty + \frac{Edam(y)}{E(y)} \tag{3}$$

- *Pi(x), Pi(y),* are the performance indexes for X and Y direction;
- *driftx, drifty* are the maximum inter-storey drifts in X and Y direction;
- $\mathrm{Edam(x)} = \int \mathrm{Fxdx}, \mathrm{Edam(y)} = \int \mathrm{Fydy}$,are the damper dissipated energy in X and Y direction;
- $\mathrm{E(x)} = -\int_0^t \mathrm{mi} \cdot \ddot{\mathrm{x}} \cdot \dot{\mathrm{x}} \mathrm{dt}, \mathrm{E(y)} = -\int_0^t \mathrm{mi} \cdot \ddot{\mathrm{y}} \cdot \dot{\mathrm{y}} \mathrm{dt}$, are the total input energy on the structure in X and Y direction

As a limitation condition for the inter-storey drift, *driftx, drifty* ≤ 3.5 cm has been taken according the EC8 formula $d_r v \leq 0.01h$ for the story height of h=3 m in this case.

The energy coefficient limitation condition has been adopted to have a maximum value of 0.7, which means that the maximum energy dissipated by the PDDs can be 70%, while the structure can dissipate 30% of the total input energy. From these established conditions limiting the maximum value for *Pi(x), Pi(y)* is given with equation 4 and equation 5

$$Pi(x) = 3.5 + 0.7 = 4.2 \tag{4}$$

$$Pi(y) = 3.5 + 0.7 = 4.2 \tag{5}$$

The optimal solution is obtained when *Pi(x), Pi(y)* ≤ 4.2, while at the same time, *driftx, drifty*≤3.5.

The results from the analyses have shown that the value and the participation of the energy coefficient in the overall fitness function is lower compared to the participation of the inter-storey drift in the equation. However, it has a significant impact on the determination of the optimal location of the PDDs in the structure.

4. GENERATION OF SOLUTIONS

The genetic algorithm structure is designed to get a solution that has the greatest chance of survival where one configuration corresponds to one chromosome.

The tables below summarize the ranked position of parental configurations of damper placement in both directions (for the third generation solutions) according to the value of the fitness function defined in terms of the ideal value of 3.5 obtained when the energy ratio would have a zero value.
Configurations ranking is done according to the fitness function Pi (x), Pi (y), driftx, drifty, and energy ratio EcoefX, EcoefY for X and Y directions given in Table1 and Table2, respectively

Table 1. Configurations RANKING – X DIRECTION

Configurations ranking	Pi(x)	driftX	EcoefX
3	4.24	3.95	0.29
4	4.50	4.18	0.32
1	4.61	4.29	0.32
5	4.88	4.56	0.32
2	5.07	4.75	0.31
8	5.22	4.90	0.32
7	5.50	5.18	0.32
9	5.63	5.31	0.32
6	5.88	5.57	0.32

Table 2. Configurations ranking – Y direction

Configurations ranking	Pi(y)	driftY	EcoefY
2	3.51	3.19	0.31
4	3.52	3.19	0.33
7	3.58	3.26	0.32
9	3.64	3.32	0.33
3	3.65	3.33	0.32
8	3.67	3.37	0.30
1	3.69	3.36	0.33
5	3.76	3.47	0.30
6	3.87	3.56	0.31

For both directions, the first place has the configuration which has the smallest values from the remaining ones presented in tables I and II. Configuration 3 for x direction and configuration 2 for y direction have values of the performance index (Pi) of 4.24 and 3.51, respectively and, compared with the other configurations below, have the smallest value and the first position in the table.

The fitness function deviation from the limitation value of 3.5 used to determine the presence of the parent in the next generation is given in tables III and IV for both directions.

Table 3. Values for the fourth generation chromosomes in X direction

Configurations ranking	Pi(x)	Pi(x)-3.5
3	4.240	0.740
4	4.497	0.997
1	4.607	1.107
5	4.882	1.382
2	5.069	1.569
8	5.219	1.719
7	5.497	1.997
9	5.628	2.128
6	5.885	2.385

The amount of multiplied reciprocal values of the parent presence in the next generations for X and Y direction is given below.

Table 4. Values for the fourth generation chromosomes in Y direction

Configurations ranking	Pi(y)	Pi(y)-3.5
2	3.507	0.007
4	3.516	0.016
7	3.583	0.083
9	3.645	0.145
3	3.652	0.152
8	3.668	0.168
1	3.693	0.193
5	3.764	0.264
6	3.867	0.367

$$Sfx = \sum\left(\frac{1}{fx}\right) = \frac{1}{0.740} + \frac{1}{0.997} + \frac{1}{1.107} + \frac{1}{1.382} + \frac{1}{1.569} + \frac{1}{1.719} + \frac{1}{1.997} + \frac{1}{2.128} + \frac{1}{2.385}. = 6.59 \quad (6)$$

$$Sfy = \sum\left(\frac{1}{fy}\right) = \frac{1}{0.007} + \frac{1}{0.016} + \frac{1}{0.083} + \frac{1}{0.145} + \frac{1}{0.152} + \frac{1}{0.168} + \frac{1}{0.193} + \frac{1}{0.264} + \frac{1}{0.367}. = 248.52 \quad (7)$$

In order to create a system where chromosomes with more favorable values would be likely selected as parents, the first that must be done is to calculate the percentage of each selected chromosome. One way is to choose the amount of suitable multiplied reciprocal values (Equation 6 and Equation 7) and also to calculate the participation percentage in the solution given in tables V and VI, respectively.

Namely, the third configuration would be present in 21% of the new configurations, the fourth configuration – in 15 % of the new configurations, configuration one in 13% of the new configurations, fifth configuration in 10% , and so on . The total sum is 100% and the same holds for the Y direction.

Table 5. Parental choosing in X direction

1	Coefficient of participation	Coefficient of participation in %
3	0.21	20.51
4	0.15	15.22
1	0.14	13.71
5	0.11	10.98
2	0.10	9.67
8	0.09	8.83
7	0.08	7.60
9	0.07	7.13
6	0.06	6.36

Table 6. Parental choosing in Y direction

Configurations rank Y direction	Coefficient of participation	Coefficient of participation in %
2	0.57	57.48
4	0.25	25.15
7	0.05	4.85
9	0.03	2.77
3	0.03	2.65
8	0.02	2.40
1	0.02	2.08
5	0.02	1.52
6	0.01	1.10

To create parental pairs, the value of each parental position equal to 1 / (number of configurations * 2) is calculated. In the present case, for the 3D model with dampers in both directions and for nine initial configurations in the X direction and nine in the Y direction, the value of 1 / (2 * 9) or 0.055 is obtained. First are filled all positions for the first parent and then for the second sequentially. Always, the next free parental position takes the configuration, which is represented by the largest percentage at the moment and the participation ratio reduces the value of a parental position for 0.055. Then re-ranking is performed to get a new configuration with the largest coefficient. This procedure is given in Table VII and Table VIII for X direction.

Table 7. Procedure for parents determination (First Parent in X direction)

C	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation
3	0.205	0.150	0.150	0.095	0.095	0.095	0.095	0.095	0.040
4	0.152	0.152	0.097	0.097	0.097	0.097	0.097	0.042	0.042
1	0.137	0.137	0.137	0.137	0.082	0.082	0.082	0.082	0.082
5	0.110	0.110	0.110	0.110	0.110	0.055	0.055	0.055	0.055
2	0.097	0.097	0.097	0.097	0.097	0.097	0.042	0.042	0.042
8	0.088	0.088	0.088	0.088	0.088	0.088	0.088	0.088	0.088
7	0.076	0.076	0.076	0.076	0.076	0.076	0.076	0.076	0.076
9	0.071	0.071	0.071	0.071	0.071	0.071	0.071	0.071	0.071
6	0.064	0.064	0.064	0.064	0.064	0.064	0.064	0.064	0.064

Table 8. Procedure for parents determination (Second Parent in X direction

C	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation	Coeff. Of participation
3	0.040	0.040	0.040	0.040	0.040	0.040	0.040	-0.015	-0.015
4	0.042	0.042	0.042	0.042	0.042	0.042	-0.013	-0.013	-0.013
1	0.082	0.027	0.027	0.027	0.027	0.027	0.027	0.027	0.027
5	0.055	0.055	0.055	0.055	0.055	0.055	0.000	0.000	0.000
2	0.042	0.042	0.042	0.042	0.042	-0.013	-0.013	-0.013	-0.013
8	0.033	0.033	0.033	0.033	0.033	0.033	0.033	0.033	-0.022
7	0.076	0.076	0.021	0.021	0.021	0.021	0.021	0.021	0.021
9	0.071	0.071	0.071	0.016	0.016	0.016	0.016	0.016	0.016
6	0.064	0.064	0.064	0.064	0.009	0.009	0.009	0.009	0.009

Table VII shows that configuration 3 has the highest value for the coefficient of participation 0.205 and is presented as the first parent in x direction in table IX. Then, its value decreases for 0.055 and 0.15 is obtained. The values from the second column of table VIII are compared with the values from the first column with changed configuration 3 with the decreased value. The same procedure is repeated until all nine first parents for the x direction are obtained and after that the same is done for the second parent in x direction. The marked fields indicate the selected configurations for the first and the second parent in x direction. The same is applied in the Y direction and is given in table X.

Table 9. Parents in x direction

First Parent (X)	*Second Parent(X)*
3	1
4	7
3	9
1	6
5	2
2	4
4	3
3	8
8	1

Table 10. parents in y direction

First Parent (Y)	Second Parent(Y)
2	4
2	7
2	9
2	3
2	8
2	1
4	5
2	6
4	7

Once all parental positions are filled, dampers that are common to both configurations are transferred to the new configuration and half of the remaining ones are taken from the first parent and half from the second. This method is called "cross-over" and it is given and explained below in Tables XI, XII.

Table 11. Third generation dampers x direction-third configuration

Configuration 3			
Damper Number	X coordinate	Y Coordinate	Z coordinate
1804	1.2	0	9.9
1814	10.8	0	9.9
1849	1.2	18	9.9
1859	10.8	18	9.9
1801	1.2	0	0.9
1858	10.8	18	6.9
1856	10.8	18	0.9
1860	10.8	18	12.9
1805	1.2	0	12.9
1815	10.8	0	12.9
1850	1.2	18	12.9
1857	10.8	18	3.9

Table 12. Third generation dampers x direction – third configuration

Configuration 1			
Damper Number	X coordinate	Y coordinate	Z coordinate
1812	10.8	0	3.9
1857	10.8	18	3.9
1802	1.2	0	3.9
1860	10.8	18	12.9
1859	10.8	18	9.9
1801	1.2	0	0.9
1814	10.8	0	9.9
1846	1.2	18	0.9
1858	10.8	18	6.9
1853	5.2	18	6.9
1815	10.8	0	12.9
1809	6.8	0	9.9

Dampers that are common for both configurations are marked with red color. Blue and yellow marked dampers are different between two given configurations. As a result of using the cross-over method, the new configuration 1 from the fourth generation solutions in x direction is obtained and given in table XIII. In the new configuration 1, dampers marked with red color are the same for both configurations while the blue marked dampers are half from configuration 3 and the yellow ones are half from configuration 1.

The same procedure is used to obtain the new configuration 1 in y direction presented in table XIV.

Table 13. New configuration 1 in x direction (fourth generation solutions)

Configuration 1X			
Damper Number	X coordinate	Y coordinate	Z coordinate
1814	10.8	0	9.9
1859	10.8	18	9.9
1801	1.2	0	0.9
1858	10.8	18	6.9
1860	10.8	18	12.9
1815	10.8	0	12.9
1857	10.8	18	3.9
1812	10.8	0	3.9
1809	6.8	0	9.9
1846	1.2	18	0.9
1850	1.2	18	12.9
1849	1.2	18	9.9

Table 14. New configuration 1 in y direction (fourth generation solutions)

Configuration 1Y			
Damper Number	X coordinate	Y coordinate	Z coordinate
1872	0	1.6	3.8
1917	12	1.6	3.8
1919	12	1.6	9.8
1915	12	10.4	12.8
1869	0	7.6	9.8
1863	0	16.4	6.8
1918	12	1.6	6.8
1913	12	10.4	6.8
1864	0	16.4	9.8
1861	0	16.4	0.8
1873	0	1.6	6.8
1914	12	7.6	9.8

Schematic presentation of a new configuration in X and Y direction is given on Figures 5 and Figures 6.



Figure 5. Schematic presentation of the new configuration 1 in x direction



Figure 6. Schematic presentation of the new configuration 1 in y direction

The final 3D model for the new configuration 1 from the fourth generation solutions consisting from configuration 1 in x direction and configuration 1 in y direction is presented on figure 7.



Figure 7. Configuration 1 – the fourth generation solutions 3D ANSYS model

Obtained in the same way are the remaining eight configurations in the fourth generation of solutions that become potential parents for generating the next fifth generation of solutions.

Table 15. Configuration solutions for the fourth generation obtained with cross-over method

Conf.	Pi(x)	Pi(y)	driftx	drifty	EkonsX	EkonsY	EdampX	EdampY	EkoefX	EkoefY
1-1	4.40	3.50	4.09	3.20	3940.57	3897.77	1747.08	1689.36	0.44	0.43
2-2	4.20	3.54	3.88	3.23	3951.38	3794.55	1780.45	1710.19	0.45	0.45
3-3	3.59	3.73	3.28	3.42	3908.76	3803.87	1714.03	1690.84	0.44	0.44
4-4	4.72	3.51	4.39	3.20	3829.46	3936.13	1770.34	1778.83	0.46	0.45
5-5	4.52	3.55	4.21	3.24	3890.19	3799.35	1742.67	1696.50	0.45	0.45
6-6	5.14	3.55	4.83	3.23	3961.37	3831.41	1759.38	1737.82	0.44	0.45
7-7	6.00	3.69	5.70	3.37	4063.21	3829.96	1747.05	1710.42	0.43	0.45
8-8	4.89	3.69	4.57	3.37	3942.69	3723.03	1791.56	1693.72	0.45	0.45
9-9	4.48	3.43	4.17	3.11	3958.86	3807.05	1741.66	1729.26	0.44	0.45

Table XV shows new nine configurations for the fourth generation of solutions and for every configuration are checked the two limitation conditions explained before. It is only for configuration 3 that Pi(x), Pi(y) and driftx and drifty are satisfied at the same time and combination 3 is one of the solutions for optimal damper placement. For this configuration, the energy dissipated by the dampers is 44%.

It must be mentioned that this process has been repeated for nine generations of solutions with nine configurations obtained from 86493225 combinations of possible damper placement where only thirty configurations satisfied the limitation conditions and they are called solutions for optimal damper placement.

5. RESULTS

As to the obtained optimal solutions, a part of the obtained results and structural behavior will be presented in the following text. A comparison will be given for all thirty optimal solutions in terms of storey accelerations and inter-storey drifts versus structure without dampers – moment resisting frame (MRF).



Figure 8. Acceleration in X and Y direction for all thirty optimal solutions compared with a structure without dampers (MRF)

Figure 8 shows the comparison of envelope values for acceleration in X direction and Y direction along the height of the structure. As it can be seen, the accelerations in X direction and Y direction are smaller than the accelerations of the structure without dampers - MRF.



Figure 9. Drift reduction in X direction



Figure 10. Drift reduction in Y direction

Figure 9 and Figure 10 present the reductions in % for the acceleration in X and Y direction in comparison with MRF for the solutions where the reduction amounts to the largest percentage. Namely, the largest reduction has been achieved for the configuration C8_7 (in the eighth generation of solutions for the third configuration) 38% for the fifth storey in X direction, while in Y direction, configuration C8_9 has the largest percentage of reduction amounting to 45%

The envelope values for the inter-storey drifts in X and Y direction compared with the structure without dampers are presented in Figure 11. In both directions, the inter-storey drifts for the structure with the optimal damper placement are smaller compared with the inter-storey drifts obtained for the moment resisting frame and are also within the limits defined with EC8 as the previously mentioned limitation factor.

The maximum drift reduction in X direction is obtained for configuration C9_2 and it is 73% for the fifth storey and 60% for the same storey in Y direction for configuration C9_4 presented in Figure 12 and Figure 13, respectively.



Figure 11. Drift in X and Y direction for all thirty optimal solutions compared with the structure without dampers (MRF)



Figure 12. Drift reduction in X direction



Figure 13. Drift reduction in Y direction

6. CONCLUSIONS

Numerous nonlinear analyses have been conducted on a 3D five story steel frame structure with and without pre-stressed damping devices (PDDs) for obtaining the optimal damper placement and finding solution, which will satisfy the derivate fitness function.

Nine previously defined initial configurations have been used as a starting point in the process of optimization. The optimization procedure was based upon genetic algorithms combined from inter-storey drifts and dissipated energy by PDDs vs input energy in two directions X and Y.

The results from the analyses have shown that the value and the participation of this coefficient in the overall fitness function is lower compared to the participation of the inter-storey drift in the equation. However, it has a significant impact on determining the optimal location of PDDs in the structure. Visible effects have been considered and also substantial reduction in accelerations and inter story drifts in the structure leading to better performance of the structure.

REFERENCES

[1] Christopoulos, C., Filiatrault, A. (2006) “Principles of Passive Supplemental Damping and Seismic Isolation”, IUSS Press, Pavia, Italy.

[2] Rakicevic, Z., Bogdanovic, A. and D. Jurukovski (2009) “Shaking Table Effectiveness Testing of GERB PDD (Prestressed Damping Device) Control System” IZIIS Report 2009-40, Skopje, R. Macedonia.

[3] Rakicevic, Z., Bogdanovic, A., D. Jurukovski, H. Kammerer and P. Nawrotzki (2010), “Shaking Table Testing of a Steel Frame Structure Without and With GERB Prestressed Damping Devices”, 5th World Conference on Structural Control and Monitoring, 12-14 July 2010, Tokyo, Japan, Session E-8, Paper No 226.

[4] Rakicevic, Z., Bogdanovic, A., D. Jurukovski, H. Kammerer and P. Nawrotzki (2010), “Analytical Estimation of the Effectiveness of Prestressed Damping Devices Using Shaking Table

[5] Bogdanovic A., Rakicevic Z., Filipovski D., 2014, „Comparison Between two Optimization Procedures for Damper Location in Steel Frame Structures“, 15ECEE Istanbul 24-29 August (to be published).

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

MA - 6

Marijana LAZAREVSKA[1]

MODELING THE MANAGEMENT OF CIVIL ENGINEERING PROJECTS THROUGH THE APPLICATION OF FUZZY-NEURAL NETWORKS

SUMMARY

In this paper, the management of civil engineering projects has been analyzed as a basis for successful and quality realization of projects, through an examination of the application of various management methods and techniques that are used for solving practical problems in the field of civil engineering. The main focus of this paper is placed on the application of artificial neural networks and fuzzy-neural networks for modeling the process of management of civil engineering projects. An analysis of two complex problems that represent significant segments of the field of managing civil engineering projects is included in this work: a prediction of fire resistance for centrically and eccentrically loaded RC columns and the estimation of the market value of residential apartments in Republic of Macedonia.

Keywords: prognostic modeling, artificial and fuzzy-neural networks, fire resistance, market value

Маријана ЛАЗАРЕВСКА[1]

МОДЕЛИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ГРАДЕЖНИ ПРОЕКТИ СО ПРИМЕНА НА ФАЗИ-НЕВРОНСКИ МРЕЖИ

РЕЗИМЕ

Во овој труд е анализирано управувањето со градежни проекти, како основа за успешна и квалитетна реализација на проектите, преку примена на различни методи и техники на управувањекои се користат за решавање на практични проблеми од областа на градежништвото. Главниот акцент е поставен на примената на вештачките невронски и фази-невронските мрежи за моделирање на процесот на управување со градежни проекти. Анализирани се две комплексни задачи кои претставуваат значајни сегменти во областа на управување со проекти:прогноза на време на пожарна отпорност на центрично и ексцентрично товарени АБ столбови и проценка на пазарна вредност на станови во Република Македонија.

Клучни зборови: прогнозно моделирање, вештачки и фази-невронски мрежи, пожарна отпорност, пазарна вредност

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, marijana@gf.ukim.edu.mk

1. МОДЕЛИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ГРАДЕЖНИ ПРОЕКТИ

Управувањето со градежни проекти преставува комплексен и сложен процес проследен со ризик, неизвесност и непрецизност што се должи на променливата природа на градежништвото.Реализацијата на современите градежни проекти, а особено на комплексните и долгогодишните проекти, се одвива во услови на континуирани промени кои настануваат поради многубројноста, сложеноста и променливоста на факторите кои влијаат врз изградбата на објектите. Од тука произлегува и фактот дека управувањето со градежни проекти претставува многу сложен и комплексен процес, посебно кога се има пред вид големиот број на учесници кои се вклучени во реализацијата на проектот и големиот број на проектни активности.

Сè поголемиот обем на работи во современото градежништво, големиот број на градежни организациони единици кои учествуваат во реализацијата на проектите, сè построгите услови и критериуми кои треба да бидат исполнети, како и контролата на трошоци и ресурси, претставуваат база на континуирано усовршување на системите за управување со проекти. Поради тоа, развојот на детерминистички математички модели за решавање на различни типови на проблеми од оваа област е тешка и доста скапа задача. Токму затоа и се дошло до идеја за примена на иновативни методи и техники со кои на поедноставен начин, но сепак успешно, би се решавале проблеми при управувањето со градежни проекти, меѓу кои се издвојува примената на вештачките невронски мрежи и фази-невронските мрежи.

Вештачките невронските мрежи, заедно со фази логиката, генетските алгоритми и фази-невронските мрежи претставуваат пример на една современа интердисциплинарна област, посебно кога станува збор за решавање на определени типови на инженерски проблеми кои не би можеле да се решат со традиционалните методи на моделирање и статистичките методи. Тие претставуваат еден современ правец на практичен развој од областа на прогнозното моделирање, и со прифатливи ограничувања имаат начелно призната песпектива за примена во градежништвото.

Моделите базирани на вештачки невронски мрежи, т.н. невронски модели, претставуваат основа за идно интелегентно управување со различни системи во градежништвото. Овие модели се користат како пресметковна алатка за моделирање на однесувањето на сложените системи кои се состојат од голем број големини чии ефекти се непознати, и/или нецелосни, и/или тешко предвидливи.

Фази-невронските мрежи се способни за прецизно моделирање на нејасност, непрецизност и неодреденост кај податоците со вклучање на можноста за учење од невронските мрежи. Многу важна предност на фази-невронските мрежи е нивната способност за резонирање и носење на заклучоци (ако-тогаш правила) за секоја состојба посебно.

Во овој труд е покажана апликативноста на вештачките невронски мрежи и фази-невронските мрежи, како софистицирана техника на вештачката интелегенција, во моделирањето и предвидувањето на сложени влијанија, преку неколку практични примери. Опфатена е анализа на две комплексни проблемски задачи, како значајни сегменти од управувањето со проекти во градежништвото:

- → Прогноза на пожарна отпорност на центрично товарени АБ столбови
  - АБ столбови опожарени од сите страни и
  - АБ столбови вметнати во sид за раздвојување на пожарниот сектор
- → Прогноза на пожарна отпорност на ексцентрично товарени АБ столбови
  - АБ столбови вметнати во sид за раздвојување на пожарниот сектор
- → Проценка на пазарна вредност на станови во Република Македонија

Целта беше да се истражи и анализира точноста и прецизноста на прогноза на излезни вредности во случај кога се моделира еден технички систем (управување со време) и еден социо-технички систем (управување со пари).

Зошто беа избрани баш овие два типа на системи за прогнозно моделирање?

Бидејќи во Република Македонија, па и пошироко на овие простори, до сега не се вршени пообемни истражувања од областа на пожарна отпорност на конструкции и конструктивни елементи. Техничката регулатива која ги пропишува условите за проектирање и градење на конструкции изложени на високи температури и пожар е доста оскудна. Токму од тука произлезе и идејата, во рамките на овој труд, подетално да се разработи оваа проблематика, односно да се спроведе анализа за однесувањето на армиранобетонските столбови во различни пожарни сценарија која ќе овозможи да се добие пореална слика за предизвиканите напрегања и деформации. Однесувањето на опожарените елементи ќе биде моделирано преку вештачки невронски мрежи со кои ќе се изработи прогнозен модел за определување на пожарна отпорност на армиранобетонски столбови. Целта на истражувањето беше да се изработи математички прогнозен модел со кој на лесен и едноставен начин ќе може да се определи времето на пожарна отпорност на армиранобетонски столбови, со било кои димензии и карактеристики, за неколку различни пожарни сценарија.

Од друга страна пак, анализата на исплатливост на финансиски вложувања при инвестирање во изградба на објекти од високоградбата подразбира и истражување на условите кои владеат на пазарот на недвижности, како и проценка на пазарната вредност на станови. Развојот на современи математички и компјутерски методи на моделирање овозможува примена на нови пристапи за проценка на пазарна вредност на станови. Овие модели овозможуваат лесна и брза обработка на голем број податоци за определување на непознати излезни вредности. Токму затоа сè почесто ја среќаваме примената на вештачката интелегенција и генетските алгоритми како база за развој на современи модели за проценка. Значајно место има примената на вештачките невронски мрежи и фази логиката, како и нивната комбинација, односно фази-невронските мрежи. Хибридните модели за проценка, односно фази-невронски мрежи, се базираат на спојување на позитивните страни на фази логиката (можноста за опишување на нејасни, неизвесни и непрецизни информации кои се присутни кај проценката на имоти) и невронските мрежи (способност за учење од податоци). Ваквата комбинација на интелегентни системи овозможува пореална и попрецизна проценка на пазарната вредност. Во овој труд анализирана е примената на адаптивна фази-невронска мрежа за проценка на пазарна вредност на станови. Базата на податоци се состои од проценети цени согласно методологијата за проценка во Република Македонија и содржи параметри кои ги опишуваат типичните карактеристики на становите. Со помош на фази систем на заклучување овозможена е брза, едноставна и прецизна проценка на реалната пазарна вредност на становите а невронската мрежа е користена за формирање и прилагодување на фази правилата употребени во системот на заклучување.

2. ПРОГНОЗА НА ПОЖАРНА ОТПОРНОСТ НА АБ СТОЛБОВИ

3.1. Прогнозни модели со примена на ВНМ

Прогнозата на времето на пожарна отпорност на анализираните АБ столбови е извршена преку изработените математички прогнозни модели. За центрично и ексцентрично товарените АБ столбови, за сите три пожарни сценарија, се изработени посебни прогнозни модели со примена на вештачки невронски мрежи. За третиот случај (ексцентрично товарени АБ столбови вметнати во sид за раздвојување на пожарен сектор) е изработен и прогнозен модел со фази-невронски мрежи. Како влезни податоци за изготвување на прогнозните модели беа искористени резултатите од нумеричката анализа спроведена со помош на компјутерскиот програм FIRE (FIre Response).

Прогнозните модел со невронски мрежи кои се применија за решавање на оваа проблемска задача беа изработени со помош на софтверот **NeuralTools ver. 6**.

За **првиот случај**, односно за прогноза на пожарна отпорност на центрично товарени АБ столбови опожарени од сите страни, во прогнозниот модел беа усвоени седум независни променливи (димензии на АБ столб, марка на бетон, дебелина на заштитен бетонски слој, процент на армирање, коефициент на оптовареност и тип на агрегат) и една излезна променлива чија вредност зависи од влезните променливи (време на пожарна отпорност на АБ столб).

Базата на податоци беше составена од 105 групи на случаи за анализа, од кои 84 (околу 80%) спаѓаат во групата на случаи за обучување, а останатите (21 случај) беа искористени за тестирање на невронската мрежа. За определување на оптимална невронска мрежа беа анализирани 10 повеќеслојни невронски мрежи со простирање нанапред составени од по еден влезен слој, еден скриен слој и еден излезен слој, со различен број на неврони во скриениот слој (од 3 до 12 неврони). Обучувањето беше реализирано преку 1000000 епохи, односно 1000000 циклуси на учење. Проценката на прецизност за предвидување на невронските мрежи се изврши преку споредба на следните параметри: процентуален износ на лоши предвидувања, просечна грешка и просечна апсолутна грешка. Добиените резултати покажаа дека најлошо предвидување би се добило доколку се усвои повеќеслојна мрежа со 6 неврони во скриениот слој, а најмала грешка при предвидување на излезни вредности се добива со повеќеслојната мрежа со 10 неврони во скриениот слој. Токму затоа овој тип е усвоен како оптимален за определување на време на пожарна отпорност на анализираните АБ столбови.

Анализирано беше и влијанието на независните променливи врз способноста на мрежата за квалитетно предвидување на излезните резултати. Целта на оваа анализа беше да се процени чувствителноста на мрежата, односно да се провери колку се менуваат предвидувањата во зависност од промената на варијаблите. Резултатите од ваквата анализа можат да помогнат за избор на тип на променливи со кои би се добиле најпрецизни предвидувања, без непотребно усложнување на прогнозниот модел со голем број на променливи. Добиено е дека најголемо влијание врз квалитетот и прецизноста на предвидувањата имаат коефициентот на оптоварување и димензиите на столбовите, додека пак влијанието на останатите променливи е незначително.

Слика 1. Графички приказ на вистински и предвидени вредности на пожарна отпорност за случаи за предвидување за центрично товарени АБ столбови опожарени од сите страни

Просечната квадратна грешка што се добива при тестирање на прогнозниот модел, преку податоците за обучување и на невронската мрежа, изнесуваше 0.14, а преку податоците за тестирање 0.96. Оптималната обучена невронска мрежа може се примени за предвидување на излезни вредности за 19 групи на податоци кои не беа искористени во процесот на тренирање и тестирање. Вредноста на просечната квадратна грешка што се добива при прогноза на пожарната отпорност изнесуваше 0.75.

За **вториот анализиран случај**, односно за прогноза на пожарна отпорност на центрично товарени АБ столбови вметнати во sид за раздвојување на пожарен сектор, во прогнозниот модел беа усвоени шест независни променливи (димензии на АБ столб, дебелина на заштитен бетонски слој, процент на армирање, коефициент на оптовареност и тип на агрегат) и една излезна променлива чија вредност зависи од влезните променливи (време на пожарна отпорност на АБ столб). Базата на податоци беше составена од 143 групи на случаи за анализа, од кои 114 (околу 80%) спаѓаат во групата на случаи за обучување, а останатите (29 случаи) беа искористени за тестирање на невронската мрежа. За определување на оптимална невронска мрежа беа анализирани 9 повеќеслојни невронски мрежи со простирање нанапред составени од по еден влезен слој, еден скриен слој и еден излезен слој, со различен број на неврони во скриениот слој (од 2 до 10 неврони). Обучувањето беше реализирано преку 1000000 епохи, односно 1000000 циклуси на учење. Проценката на прецизност за предвидување на невронските мрежи се изврши преку споредба на следните параметри: процентуален износ на лоши предвидувања, просечна грешка и просечна апсолутна грешка. Анализата на прецизноста на предвидувањата покажа дека најлошо предвидување би се добило доколку се усвои повеќеслојна мрежа со 2 неврони во скриениот слој, а најмала грешка при предвидување на излезни вредности се добива со повеќеслојната мрежа со 6 неврони во скриениот слој, која е и усвоена како оптимална.

Анализата на чувствителноста на мрежата во однос на влијанието на независните променливи врз способноста на мрежата за квалитетно предвидување на излезни резултати покажа дека најголемо влијание врз квалитетот и прецизноста на предвидувањата имаат димензиите на столбовите и коефициентот на оптоварување, а влијанието на останатите променливи е занемарливо мало. Просечната квадратна грешка што се добива при тестирање на прогнозниот модел, преку податоците за обучување и на невронската мрежа, изнесуваше 0.14, а преку податоците за тестирање 0.18. Оптималната обучена невронска мрежа може се примени за предвидување на излезни вредности за 19 групи на податоци кои не беа искористени во процесот на тренирање и тестирање. Вредноста на просечната квадратна грешка што се добива при прогноза на пожарната отпорност изнесуваше 0.16.

Слика 2. Графички приказ на вистински и предвидени вредности на пожарна отпорност за случаи за предвидување за центрично товарени АБ столбови вметнати во sид за раздвојување на пожарен сектор

За разлика од анализираниот случај за центрично товарени столбови опожарени од сите страни при што се добија релативно високи вредности на процентот на лоши предвидувања, резултатите за вториот тип на АБ столбови покажаа дека процентот на лоши предвидувања изнесува 0.00 и за случаите за обучување на мрежата и за случаите за тестирање на истата. Сметам дека тоа се должи на фактот дека се искористени поголем број на случаи и подетални влезни податоци за моделирање на проблемот, со што се добива поголема прецизност во самото предвидување.

За **третиот анализиран случај**, односно за прогноза на пожарна отпорност на ексцентрично товарени АБ столбови вметнати во ѕид за раздвојување на пожарен сектор, во прогнозниот модел беа усвоени шест независни променливи (димензии на АБ столб, дебелина на заштитен бетонски слој, процент на армирање, коефициент на оптовареност и тип на агрегат) и една излезна променлива чија вредност зависи од влезните променливи (време на пожарна отпорност на АБ столб). Анализиран е АБ столб со висина h=3.0 m, вклештен на едниот и слободно потпрен на другиот крај, изложен на стандарден пожар ISO 834.Базата на податоци беше составена од 398 групи на случаи за анализа, од кои 318 (околу 80%) спаѓаат во групата на случаи за обучување, а останатите (80 случаи) беа искористени за тестирање на невронската мрежа. За определување на оптимална невронска мрежа беа анализирани 9 повеќеслојни невронски мрежи со простирање нанапред составени од по еден влезен слој, еден скриен слој и еден излезен слој, со различен број на неврони во скриениот слој (од 2 до 10 неврони). Анализата на прецизноста на предвидувањата покажа дека најлошо предвидување би се добило доколку се усвои повеќеслојна мрежа со 10 неврони во скриениот слој, а најмала грешка при предвидување на излезни вредности се добива со повеќеслојната мрежа со 9 неврони во скриениот слој, која е и усвоена како оптимална. Анализата на чувствителноста на мрежата во однос на влијанието на независните променливи врз способноста на мрежата за квалитетно предвидување на излезни резултати покажа дека најголемо влијание врз квалитетот и прецизноста на предвидувањата имаат димензиите на столбовите, далеку помало е влијанието на коефициентите на оптоварување, а влијанието на останатите променливи е занемарливо.



Слика 3. Графички приказ на вистински и предвидени вредности на пожарна отпорност за случаи за предвидување за ексцентрично товарени АБ столбови вметнати во ѕид за раздвојување на пожарен сектор

Просечната квадратна грешка што се добива при тестирање на прогнозниот модел, преку податоците за обучување и на невронската мрежа, изнесуваше 0.22, а преку податоците за тестирање 0.32. Оптималната обучена невронска мрежа може се примени за предвидување на излезни вредности за 27 групи на податоци кои не беа искористени во процесот на тренирање и тестирање. Вредноста на просечната квадратна грешка што се добива при прогноза на

пожарната отпорност изнесуваше 0.32. Поголемиот број на случаи за обучување на мрежата овозможи подетално моделирање на анализираниот проблем со што се доби поголема прецизност во предвидувањето на времето на пожарна отпорност. Токму затоа процентот на лоши предвидувања, добиени со помош на повеќеслојната невронска мрежа со 9 неврони во скриениот слој, изнесува 0.00 и за случаите за обучување на мрежата и за случаите за тестирање на истата

Од споредбата на резултатите добиени со нумеричката анализа и резултатите добиени со прогнозниот модел изработен со невронски мрежи може да се увиди дека невронските мрежи претставуваат одлична алатка за определување (прогнозирање) на времето на пожарна отпорност на АБ столбови. Прогнозниот модел е особено корисен во случај кога се анализираат столбови за кои не постојат (или пак има недоволно) претходни експериментални и/или нумерички добиени податоци, а потребна е брза проценка на нивната пожарна отпорност. Обучената невронска мрежа дава квалитетни и прецизни резултати за влезни податоци кои не се вклучени во процесот на обучување, што значи дека проектираниот прогнозен модел може да послужи за проценка на АБ столбови кои имаат било какви димензии и карактеристики (за случај на центрично оптоварување). Токму овој позитивен ефект целосно го оправдува спроведувањето на подетални и поопсежни истражувања на примената на вештачки невронски мрежи за проектирање на прогнозни модели кои би можеле да се користат за проценка на различни параметри во градежништвото.

Од извршената споредбена анализа, како и од малите вредности на просечните квадратни грешки, се заклучува дека прогнозните модели изработени со примена на вештачки невронски мрежи овозможуваат квалитетно и прецизно прогнозирање на времето на пожарна отпорност за центрично и ексцентрично товарени АБ столбови. Согласно на тоа може на лесен и едноставен начин да се определи времето на пожарна отпорност за АБ столбови со димензии и карактеристики различни од анализираните.

Основниот заклучок на овој труд е дека овие прогнозни модели,изработени со примена на вештачки и фази невронски мрежи, овозможуваат лесно и едноставно определување на времето на пожарна отпорност на армиранобетонски столбови, со било кои димензии и карактеристики, за неколку различни пожарни сценарија.

3.2. Прогнозни модели со примена на ФНМ

Во овој труд беше анализирана и примената на фази-невронски мрежи за прогноза на времето на пожарна отпорност и се направи споредбена анализа на добиените резултати. За таа цел беше изработен прогнозниот модел со користење на адаптирани фази-невронски мрежи – ANFIS во софтверот Math Works, поточно во интегрираниот имплементиран модул Fuzzy Logic Toolbox.Влезно-излезните податоци и нивните вредности се исти како во случајот на моделирање со вештачки невронски мрежи.

Беа анализирани различни модели на ANFIS, со примена на методот на кластеринг со одземање и хибриден начин на обучување, односно 93 различни архитектури со различен број на фази правила. Усвоена беше линеарна функција на припаѓање за излезната променлива и гаусова функција на припаѓање за влезните променливи.

Оптималниот модел (FIS11110со Гаусов тип на функции на припаѓање и 8 фази правила) беше определен преку анализа на однесувањето на прогнозните модели и споредба на добиените вредности на просечни грешки при тестирање и предвидување на излезните вредности.

Пресметаната просечна квадратна грешка на ANFIS моделот изнесуваше 0.33. За споредба, просечната квадратна грешка што се доби при тестирање на моделот изработен со невронска мрежа изнесуваше 0.32. Тоа значи дека и двата прогнозни модели даваат добри излезни резултати кога се анализираат случаите за тестирање.

Просечната квадратна грешка што се доби при прогноза на излезни резултати со примена на фази-невронска мрежа (ANFIS) изнесуваше 0.242. Оваа вредност е околу 25% помала

споредено со просечната квадратна грешка што се доби при проверка на моделот изработен со примена на вештачки невронски мрежи чија вредност изнесуваше 0.319.



Слика 4. Архитектура на ANFIS модел FIS11110 составен од 6 влезни променливи и 1 излезна променлива



Слика 5. Споредба на вистински и предвидени вредности на време на пожарна отпорност на АБ столбови добиени преку податоци за тестирање на ANFIS

Иако станува збор за многу мали вредности на просечни квадратни грешки и кај двата прогнозни модели, може да се заклучи дека излезните резултати за разлдеуваните 27 случаи за прогноза, со примена на невронски мрежи имаат помала точност споредено со моделот на ANFIS.

Анализата на вредностите за времето на пожарна отпорност на анализираните ексцентрично товарени АБ столбови покажува дека и двата прогнозни модели се доста прецизни и точни во предвидувањето на излезните резултати.

Од тука произлегува заклучокот дека и двата прогнозни модели (модел со вештачка невронска мрежа и модел со фази-невронска мрежа) може да се користат за прогноза на време на пожарна отпорност на ексцентрично товарени АБ столбови вметнати во sид за раздвојување на пожарен сектор, со напомена дека поквалитетни и попрецизни резултати се добиваат со примена на фази-невронски мрежи.

3. ПРОЦЕНКА НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОВИ ВО РМ

3.3. Прогнозен модел со примена на ФНМ

Во трудот направена е и **проценка на пазарна вредност** на станови во Република Македонија со примена на фази-невронски мрежи. ANFIS претставува адаптивен фази-невронски систем на заклучување. Предноста на оваа техника е тоа што функциите на припаѓање на влезните параметри се избираат автоматски со помош на невро-адаптивна техника на обучување која е инкорпорирана во Fuzzy Logic Toolbox. Оваа техника претставува метод со кој се овозможува постапката на фази моделирање да учи од податоците. На тој начин се пресметуваат параметрите на функциите на припаѓање преку кои фази системот на заклучување најдобро ги изразува влезно-излезните групи на податоци.

Базата на податоци ја сочинуваа пазарни вредности на станови со различни карактеристики проценети согласно Методологијата за проценка во Република Македонија.

Методологијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот во Република Македонија, која стапи на сила на 27.04.2012 година, е изработена врз основа на Законот за процена (Службен весник на РМ, број 115/10, 158/11 и 185/11), донесена од страна на Министерството за транспорт и врски (Службен весник на РМ, број 54).

Согласно оваа методологија се определува пазарната вредност на недвижниот имот, преку пресметковни бодови, по m^2функционална површина[2] (за згради и други градежни објекти) и по m^2 површина за земјишта. Пресметката зависи од видот на имотот и од основните и дополнителни елементи кои се содржани во методологијата. Основните елементи според кои се определува пазарна вредност на градежни објекти, согласно оваа методологија се: вид на градба, меѓукатна и кровна конструкција, инсталации, подна подлога, лифт, санитарии, прозорци, врати, фасада, изолација и ексклузивност. Дополнителни елементи за утврдување на пазарна вредност на градежни објекти се: катност, микролокација, макролокација, атрактивност на објектот, процент на искористеност и степен на посетеност.

Оваа методологија овозможува проценка на пазарна вредност по типови на имот: станбени згради (станови и станбени куќи), деловни згради и деловни простории, градежно земјиште, земјоделско земјиште, гаражи и помошни објекти. Пазарната вредност на недвижен имот се пресметува преку соодветни обрасци кои се составен дел на Методологијата.

Усвоените влезни параметри ги опишуваат типичните карактеристики на становите (површина на стан, број на спални соби, кат, микролокација, макролокација и квалитет на градба).

Површината на стан (**П**) ја означува корисната површина на станот изразена во m^2. Староста на станот е определена преку годината на градба (**ГГ**) на зградата. Соби (**С**) е ознака за бројот на спални соби во станот и се дефинира во граници од 0 до 4. Карактеристиката кат (**К**) го означува катот од зградата на кој е сместен разгледуваниот стан и се претставува со нумеричка вредност за прв, втор, трет кат итн., или со 0 за приземје. Под микролокација (**МЛ**) се подразбира близината на здравствени, образовни и снабдувачки центри, комуникациски врски, паркинг простор, спортски центри, детски игралишта итн. Согласно методологијата за проценка, микролокацијата е дефинирана со поени во интервал од 0 до 190. Под макролокација (**З**) се подразбира зоната на населено место во кое е сместена зградата. Согласно Методологијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот територијата на Република Македонија е поделена на 18 зони, при што секоја зона е поделена на неколку подзони. Оваа променлива е дефинирана со поени во интервал од 0 до 600. Квалитет (**К**) е ознака за квалитетот на материјалите вградени во станот. Оваа променлива е изразена со оценката за квалитет чии вредности се движат во граници од 0 до 5 (0 за станови со лош квалитет, а 5 за станови со одличен квалитет).

[2]Објаснувањето за пресметка на функционална површина на згради и други градежни објекти е дадено во Член 4 од Методологијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот во Република Македонија

По анализа на сите влезно-излезни податоци добиени од реални проценки на станови извршени од страна на експерти, увидено е дека вредностите на влезните променливи се движат во следните граници: П = 27 ÷ 206 m^2, ГГ = 1948 ÷ 2012, С = 0 ÷ 4, К = 0 ÷ 12, МЛ = 5 ÷ 190, З = 15 ÷ 600, КВ = 1 ÷ 5.

Како излезна вредност од моделот е користена вкупната пазарна вредност (**ПВ**) на становите која е проценета од страна на експерти, со користење на Методологијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот во Република Македонија. Проценетата пазарна вредност се движи во границите од 8206 € до 189436 €.

Анализирани беа вкупно 302 серии на влезно-излезни податоци, од кои 240 серии (80%) беа податоци за обучување, 30 серии (10%) беа податоци за проверка и 30 серии (10%) служеа за тестирање на моделот.

Во постапката на пронаоѓање на оптимален модел на ANFIS беа варирани следните параметри: радиус на влијание (со вредности од 0.6 до 1.8) и фактор на збиеност (со вредности во интервал од 0.45 до 2.5). Соодносот на прифаќање и соодносот на одбивање имаа фиксни вредности базирани на стандардните вредности дефинирани во MATLAB, и изнесуваа 0.5 и 0.15 соодветно. За секоја комбинација на овие параметри беше креиран посебен модел на фази-невронска мрежа. Различните ANFIS модели се означени преку од вредностите на нивните параметри. Така на пример моделот со ознака FIS12060претставува фази систем на заклучување добиен со метода на кластеринг со радиус на влијание од 1.2 и фактор на збивање 0.60. Секој модел се карактеризира со различен број на фази правила. Очигледно е дека со зголемување на вредноста на радиусот на влијание и факторот на збивање се намалува бројот на фази правила. За обучување на ANFIS потребни се најмалку 2 фази правила.

За проценка на влијанието на различни типови на функции на припаѓање врз излезните резултати, беше спроведена анализа на чувствителност, односно ANFIS моделите дефинирани со исти параметри (исти вредности на радиус на влијание и фактор на збивање) беа обучени и тестирани со примена на различен тип на функции на припаѓање. Функцијата на припаѓање за излезната променлива е линеарна функција, а функциите на припаѓање за влезните променливи се: триаголна (triMF), тапезоидна (*trapMF*), звонеста (*gbellMF*), гаусова (*gaussMF*), гаусова 2 тип (*gauss2MF*), сигмоидална (*sigMF*), д-сигмоидална (*dsigMF*), п-сигмоидална (*psigMF*), пи-функција (*piMF*), с-функција (*sMF*) и з-функција (*zMF*).

Беа анализирани вкупно 35 различни архитектури на ANFIS модели со различен број на фази правила. Обучувањето на генерираните ANFIS модели беше извршено со примена на методот на на градиентно пропагирање на грешка наназад (*backpropagation*) и метод на хибридно обучување.



Слика 6. Споредба на вистински и предвидени вредности на пазарна вредност на станови добиени преку податоци за тестирање на ANFIS

Со варирање на типот на функции на припаѓање за влезните податоци и типот на обучување за секој ANFIS модел беа добиени 380 различни случаи за анализа. Оптималниот прогнозен модел

беше добиен преку споредба на однесувањето на анализираните модели и споредба на добиените вредности на просечни грешки при предвидувањето на излезните вредности. Најмала грешка при проценка на пазарна вредност на станови се добива со примена на моделот FIS07120со Гаусов тип на функции на припаѓање за 7 влезни променливи и линеарна излезна функција, со 6 фази правила. Просечната грешка на овој прогнозен модел изнесуваше 4104.08, што е помалку од 10%, па се заклучи дека за квалитетна проценка на пазарна вредност на станови, со 90% доверливост во точноста на излезните резултати, може да се примени оваа обучена фази-невронска мрежа.

Примената на фази-невронски мрежи овозможува прецизно моделирање на нелинеарната зависност меѓу пазарната вредност на становите и променливите влезни податоци и успешно ги генерализира излезните резултати за случајни влезни податоци. Мора да се напомене дека прецизноста и точноста на прогнозниот модел зависи, во голема мера, од прецизноста на влезните податоци. Исто така сметам дека доколку се зголеми бројот на влезни променливи со што се опишуваат подетално карактеристиките на станот, во голема мера ќе се подобри точноста на излезните вредности. Резултатите од спроведената анализа покажуваат дека фази-невронските мрежи може да се применуваат за проценка на пазарна вредност на недвижности со што се добива еден математички апарат кој нуди голема помош во процесот на носење на одлуки во градежништвото (особено важни за инвеститорите) поврзани со избор на локација за градба на згради, тип на станови итн. Покрај тоа, ваквиот модел може да ја најде својата примена и кај проценителнските куќи, агенциите за недвижности, банките, осигурителните компании и сите останати физички и правни субјкети, бидејќи овозможува брза и лесна проценка на вкупната пазарна вредност на становите која со голема точност ја отсликува вистинската пазарна вредност.

3.4. Прогнозен модел со примена на ВНМ

Пазарната вредност на станови во РМ беше проценета и со помош на прогнозен модел изработен со примена на вештачки невронски мрежи. За таа цел беа анализирани вкупно 272 влезно-излезни податоци (станува збор за податоците за обучување и проверка користени во ANFIS). Од нив 218 групи на податоци (околу 80%) беа искористени за обучување, а останатите (54 случаи) беа искористени за тестирање на мрежата. Прогнозата на излезни резултати беше направена за 30 групи на податоци кои соодветсвува со податоците за тестирање во ANFIS. Беа обучени и тестирани 7 повеќеслојни невронски мрежи со простирање нанапред составени од по еден влезен слој, еден скриен слој и еден излезен слој, со различен број на неврони во скриениот слој (од 2 до 8 неврони). Како оптимална е усвоена повеќеслојна мрежа со 3 неврони во скриениот слој која даде најмала грешка при предвидување на излезни вредности. Анализата на релативното влијание на независните влезни променливи врз способноста на мрежата за квалитетно предвидување на излезните резултати покажа дека најголемо влијание врз квалитетот и прецизноста на предвидувањата има површината на станот и макролокацијата, помало е влијанието на микролокацијата и квалитетот на градба, додека пак влијанието на останатите променливи е занемарливо. Просечната квадратна грешка што се доби при прогноза на излезни резултати со примена на моделот изработен со невронска мрежа изнесуваше 5360.84. Оваа вредност е околу 25% поголема споредено со просечната квадратна грешка што се доби при тестирање на точноста на ANFIS моделот чија вредност изнесуваше 4104.08.

Од тука произлегува заклучокот дека излезните резултати за анализираните случаи, со примена на невронски мрежи, гравитираат кон реалните вредности, но со помала точност споредено со моделот на ANFIS.

4. ЗАКЛУЧОК

Иако резултатите од фази-невронските мрежи зависат од типот на проблемот, може да се заклучи дека во поголемиот број на случаи со овие модели се добиваат подобри резултати споредено со пристапот на невронски мрежи. Со други зборови, прогнозниот модел изработен со помош на вештачки невронски мрежи може да служи за груба и брза проценка на излезни

вредности. Поквалитетни, попрецизни и пореални резултати се добиваат преку примена на фази-невронски мрежи пред сè поради нивната способност за моделирање на непрецизност и неизвесност кај податоците.

Генералниот заклучок на овој труд е дека прогнозните модели изработени со примена на вештачки невронски мрежи и фази-невронски мрежи претставуваат одлична алатка за определување (прогнозирање) на време на пожарна отпорност на АБ столбови и пазарна вредност на станови. Ваквите прогнозни моделисе особено корисни во случај кога се анализираат проблеми за кои не постојат (или пак има недоволно) претходни експериментални и/или нумерички добиени податоци, а потребна е брза проценка на некој параметар. Обучените модели даваат квалитетни и прецизни резултати дури и за влезни податоци кои не се вклучени во процесот на обучување, што значи дека истите можат да послужат за проценка на излезни вредности со мошне задоволителен степен на точност. Токму овој позитивен ефект целосно го оправдува спроведувањето на подетални и поопсежни истражувања на примената на вештачки невронски мрежи и фази-невронски мрежи за проектирање на прогнозни модели кои би можеле да се користат за проценка на различни параметри во градежништвото.

Резултатите од истражувањето спроведено во рамките на овој труд претставуваат доказ за успешна примена на вештачките невронски мрежи и фази-невронските мрежи во процесот на лесно и едноставно решавање на реални комплексни проблеми од областа на градежништвото.

Добиените резултати, како и неведените заклучни размислувања, ја истакнуваат ефикасноста и практичноста на примената на оваа иновативна техника за развој на модели за управување, одлучување и проценка на проблеми кои се среќаваат при планирање и реализација на градежни проекти. Фундаменталниот пристап кој се базира на примената на вештачки невронски мрежи и фази-невронски мрежи овозможува напредно и успешно моделирање на управувањето со реални ситуации и градежни проекти, со што се надминуваат недостатоците карактеристични за класичните методи за математичко моделирање.

Досегашните истражувања од оваа област, вклучувајќи ја го и предметниот труд, претставуваат столб на идни истражувања и верувам дека во иднина примената на вештачките невронски мрежи фази-невронските мрежи ќе се прошири во областа на градежништвото.

ЛИТЕРАТУРА

[1] ЛазаревскаМ.: “Моделирање на управувањето со градежни проекти со примена на фази-невронски мрежи”, Докторска дисертација, Градежен факултет, Подгорица, Црна Гора, 2014 год.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

MA - 7

Jasminka MILANOVSKA[1], Dobre TASEVSKI[1]

REHABILITATION OF THE BRIDGE MELNICKI ON THE STATE ROAD R 1202 SECTION MAVROVO-DEBAR

SUMMARY

This paper presents rehabilitation of bridge Melnicki over Lake Debar on the road R 1202, Section Mavrovo - Debar. Subject of the rehabilitation was: surface and deep degradation of all pillars of atmospheric and aggressive influences; increased structural damage the capital above the pillar E at the site of mobile and fixed bearings; cracks that occur throughout the thickness of the column F and deflection at the top of the column to Debar cca 50 cm; full deformity of the left wing of the pillar G; malfunction of the right mobile bearing and full deformation of the left movable bearing; destroyed dilation clearance of main dilated joint; appeared local corrosion of internal and external parts of the steel structure. Rehabilitation works are realized according to the project derived from the Balkans Consulting revised from Faculty of Civil Engineering- Skopje, under the supervision of DIWI Macedonia, and the performance of "SINTEK" - DOO- Skopje.

Keywords: rehabilitation works, cracking, bearings, expansion joints and corrosion

Јасминка МИЛАНОВСКА[1], Добре ТАСЕВСКИ[1]

САНАЦИЈА НА МЕЛНИЧКИ МОСТ НА ДРЖАВЕН ПАТ Р 1202 НА ДЕЛНИЦА МАВРОВО-ДЕБАР

РЕЗИМЕ

Во трудот е претставена санацијата на Мелнички мост над Дебарското езеро, на државен пат Р 1202, Делница Маврово – Дебар. Предмет на санацијата беше: површинска и длабинска деградација на сите столбови од атмосферски и агресивни влијанија; зголемени конструктивни оштетувања на капителот над столбот Е во локалитетот на подвижните и неподвижните лежишта; појавени пукнатини по цела дебелина на столбот F и отклон на врвот на столбот кон Дебар сса 50 cm; целосна деформираност на левото крило на столбот G; нефункционалност на десното подвижно лежиште и целосна деформација на левото подвижно лежиште; уништен дилатационен зазор на главната дилатациона фуга; појавена локална корозија на внатрешни и надворешни делови на челичната конструкција; нефункционалност на десното подвижно лежиште и целосна деформација на левото подвижно лежиште; уништен дилатационен зазор на главната дилатациона фуга. Санационите работи се реализираат од “ Синтек”- ДОО- Скопје.

Клучни зборови: санациони работи, пукнатини, лежишта, дилатациони фуги, корозија

[1] BSc, SINTEK Dooel Skopje

1. ВОВЕД

Со изградбата на хидроенергетскиот објект брана „Шпиље“ и формирањето на Дебарско Езеро, создадена е потреба за премостување на двете страни на езерото. Проблемот е надминат со изградбата на Мелнички мост, кој претставува транспортна артерија на Дебар со останатите делови од Македонија и Албанија.

Изградбата на мостот е извршена во периодот 1969-1970 год., според проектната документација изработена од професор Никола Хајдин од Белградскиот универзитет, а реализирана од ГП „Пелагонија“ под раководство на Цветан Таневски - Цони, со инвестиција на Електростопанство на Македонија.

2. ОПИС НА КОНСТРУКЦИЈАТА

Според проектната документација, мостот е изведен како две континуирани независни конструкции преку четири полиња со меѓусебен распон 68 + 2 x 83 + 68 и преку две полиња со меѓусебен распон од 33 + 33метри. Вкупната должина на мостот е 368метри, и припаѓа на групата подолги и поатрактивни мостови во Македонија.

Капителот од столбот „Е“ е заеднички потпирач за двете конструкции на кои се поставени две неподвижни и две подвижни лежишта. Првата мостовска конструкција,од конструктивна гледна точка, претставува континуирана спрегната армирано-бетонска конструкција составена од коловозна плоча и два главни челични носачи со отворена форма. Таа се потпира на столбовите „А“, „В“, „С“, „D“ и„Е“ праволиниски лоцирани, за разлика од втората конструкција која е лоцирана во преодна и кружна кривина со R=30м. Во локалитет на вториот дел од мостовската конструкција, зголемените торзиски влијанија се надминати преку формирање на затворен челичен носач кој заеднички функционира со армирано-бетонската коловозна плоча.

Долниот строј на мостот се состои од два крајни армирано-бетонски столбови со класична форма на изведба и пет средни столбови во форма на платна со димензија 1,40 x 6,00м (столбови „В“ и „С“) и 1,60 x 6,00 м („D“, „Е“ и „F“) фундирани на трикаскаден систем на фундаменти. Фундирањето на масивниот столб „А“ е извршено на длабина од 8,0м во однос на теренот, со димензии на фундаментот 6,40 x 8,40 x 2,00 м, со изведба на потпорна плоча - сидро

со димензии 2,00 х 6,80 х 4,20 м, за обезбедување на висока хоризонтална крутост, со што крајниот столб е приспособен за прифаќање на хоризонталните сили.

3. РЕГИСТРИРАНИ ОШТЕТУВАЊА

Од направената анализа пред и по отворањето на конструкцијата, регистрирани се:

- Површинска и длабинска деградација на сите столбови од атмосферски и агресивни влијанија;
- Зголемени конструктивни оштетувања на капителот над столбот „E“ во локалитет на неподвижните лежишта (потпирање на линискиот носач) и локалитет на подвижните лежишта од кружниот челичен носач;
- Како резултат на дополнително зголемената крутост на столбот „F“ од дополнително формираниот насип, појавени се пукнатини по цела дебелина на попречниот пресек во локалитет на теренот и во длабина од 1м, под теренот со отклон на врвот на столбот кон Дебар од сса 50см;
- Катастрофално оштетување на лево крило од столбот „G “, со целосна деформираност на крилото;
- Нефункционирање на десно подвижно лежиште (одвоена конструкција од лежиште) и целосна деформација на лево подвижно лежиште (од температурни и торзиски влијанија);
- Уништен дилатационен зазор од главната дилатациона фуга со вклештување на праволинискиот и кружниот носач;
- Појавена локална корозија на внатрешни и надворешни локалитети од челичната конструкција.

4. САНАЦИЈА

Санационите работи се реализирани според проектната документација изработена од страна на „Балкан консалтинг“, ревидирана од Катедрата за челични и армирано-бетонски конструкции од Градежен факултет - Скопје, под надзор од „Диви“ и изработка од „Синтек“ - Скопје.

Благодарение на огромното искуство поврзано со санација, зајакнување и заштита на мостовските конструкции, вијадукти, надвозници, подвозници, надземни и подземни премини на преку 430 објекти лоцирани во Македонија, Косово, Црна Гора и Украина, организацијата на градилиште и пристапот до елементите на мостовската конструкција без проблем беа надминати уште во старт на работите. Во организациониот период најголем проблем беше нивото на водата на Дебарско Езеро, и обезбедување на регулирање (пренасочување) на сообраќајот. Формирањето на пристап до елементите за санација, зајакнување и заштита, извршено е преку монтажа на класично скеле и висечка скела Систем „СИНТЕК“, кој се покажа како практичен и успешен на многу објекти.

Столбовите вон нивото на вода „B“ и „F“ лесно се санирани споредвообичаениот систем на џекетирање со слој од 15 см, кој наодделни локалитети достигнуваше во слој од 22см. За столбовитешто делумно со својата висина беа под нивото на водата, се формираше прстен со висина од 100см и дебелина од 30см, анкеруван за постојната подлога. Наставката на зајакнувањето беше со џекетирање од армирано-бетонски слој со дебелина од 15 до 20 (22)см. Истите столбови по снижувањето на нивото на водата, благодарение на разбирањето од страна на ЕВН,со џекетирањето дополнително се оствари до проектираната состојба.

На масивниот столб „A“ дополнително е извршена санациона обработка на конструктивни пукнатини со ширина и до 3,0см.

Столбот „G“ наметна посериозни приблеми со катастрофални деформации кои завршија со целосно зајакнување на левото крило и делумно елиминирање на факторите поврзани со дополнителни можни активности.

Главен проблем во целиот систем поврзан со санација и зајакнување на Мелнички мост беа подвижните лежишта над столбот „Е“.Проблемот беше во тотално уништен дилатационен зазор. Неподвижниот и подвижниот локалитет од мостовската конструкција беа навлезени една во друга во длабина од 4 см, и вертикалните делови од носачите преклопени до 10мм. Проблемот беше, која е големината на напонската состојба и како од неа да се ослободи системот без последици. Ослободувањето беше со постепено растоварување преку формирање на резови на вертикалните лимови од подолжните челични носачи со ширина од по 3-5 мм. Но за да се ослободи напонската состојба во попречен правец, конструкцијата мораше да се стабилизира (зајакне) од попречни поместувања под дејство на торзиски оптоварувања. Со голема внимателност и висок стручен пристап кон главниот проблем, ангажираната екипа супер успешно го надмина.

Остварен е доста голем ангажман во промени на пешачката и монтажа на одбојната ограда, поставен е нов светлосен систем на мостот, нови тротоари, изолација на мостот што е битен фактор за неговата трајност како и на коловозната плоча, новоформирани дилатациони зазори, додатни попречни зајакнувања на отворената и затворената челична конструкција.

Термо и антикорозивна заштита на водоводен цевковод, антикорозивна заштита на армирано-бетонската конструкција и челичните елементи, промена на подвижни лежишта со сите дополнително оформени челични елементи вклопени во подвижните лежишта итн.

Покрај нашиот ангажман посебна благодарност заслужуваат професорите од Катедрите за геомеханика, челични и мостовски конструкции од Градежниот факултет - Скопје.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

MA - 8

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

Darko NAKOV[1]

TIME-DEPENDENT BEHAVIOUR OF STEEL FIBRE REINFORCED CONCRETE ELEMENTS UNDER SUSTAINED AND REPEATED VARIABLE LOADS

SUMMARY

Large experimental program was performed at the Faculty of Civil Engineering in Skopje to find out how steel fibres affects the time-dependent deformation properties of concrete and how does this influence reflects on the global behaviour of concrete elements in terms of time-dependent crack widths, deflections and strain distribution. Specific realistic loading with sustained and variable loads was applied on full scale steel fibre reinforced concrete beams that were monitored up to an age of concrete of 400 days. According to the experimentally obtained results, two advanced models for prediction of creep and shrinkage deformations were used: Fib Model Code 2010 and B3 model. Based on the analysis performed by AAEMM it was concluded that the factor ψ_2 depends linearly on the variable load duration and on the ratio of residual tensile strength to concrete compressive strength.

Keywords: steel fibre reinforced concrete, long-term load, factor ψ_2

Дарко НАКОВ[1]

ОДНЕСУВАЊЕ НА МИКРОАРМИРАНИ БЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ ПОД ДЕЈСТВО НА ПОСТОЈАНИ И ПОВТОРУВАНИ ПРОМЕНЛИВИ ТОВАРИ

РЕЗИМЕ

Обемна експериментална програма беше реализирана на Градежниот факултет во Скопје со цел да се утврди влијанието на челичните влакна врз временски зависните деформации на бетонот и врз однесувањето на бетонските елементи во тек на време, пред се манифестирано преку временски зависните пукнатини а со тоа и на деформациите. Специфична реална историја на товарење со постојани и променливи товари беше користена врз микроармирани бетонски греди со реална големина чие однесување беше следено до старост од 400 дена. Врз основа на експериментално утврдените механички и реолошки карактеристики на употребените бетони, анализирани се два модела за прогнозирање на деформациите од собирање и течење на бетонот: Fib Model Code 2010 и моделот B3. Врз основа на анализата спроведена со AAEMM беше заклучено дека помеѓу коефициентот ψ_2 и времетраењето на променливиот товар постои линеарна зависност. Линеарна зависност беше констатирана и помеѓу коефициентот ψ_2 и односот меѓу заостатната јакост на затегнување и на притисок на бетонот.

Клучни зборови: микроармиран бетон со челични влакна, долготраен товар, коефициент ψ_2

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, nakov@gf.ukim.edu.mk

1. INTRODUCTION

Having in mind the positive influence of steel fibers on the general behavior of structures, fibers have very often been added to the standard or special concrete mixtures in some most recent applications (Fig. 1). But, the increased complexity of modern structures with unique geometries, high-rise and super-tall buildings, large-span cable-stayed or prestressed bridges, extremely thick or thin structures etc., needs special attention regarding their time-dependent behaviour. Knowing the time-dependent properties of any type of concrete is very important if we want to use it as a structural material. This type of research needs serious financial resources, long-term occupation of a laboratory and a lot of time for testing and measurement. That is why there are not many research studies dealing with this subject. Deflections and crack widths predicted on the basis of short-term tests do not provide satisfactory results for verification in the serviceability limit states. That is why long-term experiments of reinforced concrete elements under sustained loads are very important.

Figure 1. Structures made of SFRC: CCTV tower (left), "Maison de l'ecriture" (right)

Long term sustained load causes a significant increase of deflections and crack widths. In addition, long-term variable repeated load causes additional increase. This is proven by the experimental and theoretical research that has been carried out at the Faculty of Civil Engineering – Skopje for the last 12 years by S. Atanasovski [2], G. Markovski [7] and T. Arangjelovski [1].

Verification of the serviceability limit states in Eurocodes should be done according to three combinations of actions, taken into account in relevant design situations: characteristic, $G_{k,j} + P + Q_{k,1} + \psi_{0,i}Q_{k,i}$; frequent $G_{k,j} + P + \psi_{1,1}Q_{k,1} + \psi_{2,i}Q_{k,i}$ and quasi – permanent combination $G_{k,j} + P + \psi_{2,i}Q_{k,i}$ [12]. The quasi – permanent combination is the one that is used for long – term effects. To define the influence of variable repeated load on long-term behavior of SFRC elements, a method of replacement of the variable load with quasi-permanent load determined by the factor ψ_2 will be used, i.e. part of the variable load will act as a permanent load [4].

Several studies have been conducted on long-term behavior of SFRC beams under sustained loads [9], [10], while studies which include the effect of variable repeated load are uncommon.

The aim of this research has been to contribute to the increase of data base on SFRC regarding the effects of creep and shrinkage, evaluate the obtained results with the most advanced and latest codes in this area and propose a value for the factor ψ_2 for the studied types of concrete and variable load duration of 8 hours using the AAEMM.

2. EXPERIMENTAL PROGRAM

2.1 Description of the experimental program

The experiment was carried out at the "Ss. Cyril and Methodius" University, Faculty of Civil Engineering in Skopje, Republic of Macedonia, in the period October 2011 to February 2013. It involved testing of 24 full scale beams constructed from reinforced concrete and steel fibre reinforced concrete with additional reinforcement. The beams had a cross section proportioned 15/28cm and a

total length of l=300cm, Fig. 2. Together with each series of beams, control specimens were cast in order to test the compressive strength, flexural tensile strength, splitting tensile strength, elastic modulus and deformations due to creep and shrinkage. In addition to the tests on mechanical and time-dependent properties of concrete, the used reinforcement was also tested.



Figure 2. Geometry, reinforcement and loading scheme of full scale beams

All 24 beams were manufactured with concrete class C30/37. According to the used type of material, they were divided into three series:

- Series A, reinforced concrete (C30/37);

- Series B, SFRC with 30 kg/m^3 steel fibres and additional reinforcement (C30/37 FL1.5/1.5);

- Series C, SFRC with 60 kg/m^3 steel fibres and additional reinforcement (C30/37 FL2.5/2.0).

The beams constructed of reinforced concrete were used for comparison with the beams constructed of steel fibre reinforced concrete.

In each series, the plain reinforcement was kept the same. The longitudinal reinforcement was ribbed and of RA 400/500-2 quality, while the shear reinforcement was smooth, with GA 240/360 quality. Reinforcement 2Ø10, 2Ø8 and Ø6/10/20cm was used as tension, compression and shear reinforcement, respectively.

In order to find out the influence of different fibre dosages on the behavior of the elements with time, the investigated parameter in this research was the fibre dosage. The used steel fibres were hooked-end HE1/50, produced of cold-drawn wire, manufactured by Arcelor Mittal, with a diameter of 1mm, length of 50mm and tensile strength of 1100 N/mm^2.

The mixture proportioning was done so that it was the same for the three types of concrete. It is presented in Table 1.

Mixture proportions	(kg/m^3)
Cement CEM II/A-M 42.5N	410
Water	215
Water/Cement ratio, w/c	0.524
Aggregate: 0-4 mm (river sand), 50% 4-8 mm (limestone), 20% 8-16 mm (limestone), 30%	 875 350 525
Fibres: C30/37 C30/37 FL 1.5/1.5 C30/37 FL 2.5/2.0	 0 30 60

Table 1. Mixture proportions

The experimental program is presented in detail in Table 2.

Series	Group	Number of elements	Type of concrete	Steel fibres (kg/m^3)	Tensile Reinforcement μ (%)	Type of long term load	Time of ultimate load testing	Time of observing of the elements
A 	1	2	C30/37	0	0.37	/	t=40	
	2	2	C30/37	0	0.37	/	t=400	t =360
	3	2	C30/37	0	0.37	"g" *	t=400	t =360
	4	2	C30/37	0	0.37	"g ± q" (Δt_{g+q}=8h)	t=400	t =360
B 	1	2	C30/37 FL 1.5/1.5	30	0.37	/	t=40	
	2	2	C30/37 FL 1.5/1.5	30	0.37	/	t=400	t =360
	3	2	C30/37 FL 1.5/1.5	30	0.37	"g" *	t=400	t =360
	4	2	C30/37 FL 1.5/1.5	30	0.37	"g ± q" (Δt_{g+q}=8h)	t=400	t =360
C 	1	2	C30/37 FL 2.5/2.0	60	0.37	/	t=40	
	2	2	C30/37 FL 2.5/2.0	60	0.37	/	t=400	t =360
	3	2	C30/37 FL 2.5/2.0	60	0.37	"g" *	t=400	t =360
	4	2	C30/37 FL 2.5/2.0	60	0.37	"g ± q" (Δt_{g+q}=8h)	t=400	t =360

Δt_{g+q}=8h (8h under g+q, 16h under g), **pre-cracked with load "g + q"*

Table 2. Experimental program

Regarding the loading history, the beams were divided into four groups:

1. The beams from all three series from group "1" (A1, B1, C1) were tested under short term ultimate load at the age of concrete of 40 days. With these testing, relevant dependences had to be found for this age of concrete and the behavior of the reinforced concrete and two types of steel fiber reinforced concretes had to be compared.



2. The beams from all three series from group "2" (A2, B2, C2) were tested also under short term ultimate load, but at the age of concrete of 400 days. This testing was performed in order to find out the influence of the age of concrete on the behavior of the beams.



3. The beams from group "3" (A3, B3, C3) were pre-cracked with permanent and variable load "g + q", and afterwards, a long term permanent load with intensity "g" was applied at the age of concrete of 40 days and was held up to 400 days, when a short term ultimate load testing was performed. In the meantime, the strains, deformations and crack widths were measured.



4. On the beams from group "4" (A4, B4, C4), a long term permanent load with intensity "g" was applied at the age of concrete of 40 days and was held for a year as a long term load. On the fortieth day, variable repeated load "± q" was also applied in an interval of 8 hours +q and 16 hours –q, for a year. This means that the beams were loaded additionally with load "q" for 8 hours every day, whereat the strains, deformations and crack widths were measured. After 8 hours, the beams were unloaded from load "q" and all measurements were performed again.



The beams and control specimens were cured for 8 days and then they were transported to the Laboratory at the Faculty of Civil Engineering – Skopje, where they were kept under almost constant temperature ranging from 15-24°C with an average of 19.5°C and constant relative ambient humidity ranging from 58-62% with an average of 60.2% (Fig. 3), which was regulated with special humidifiers and dehumidifiers.



Figure 3. Ambient conditions in the Laboratory of the Faculty of Civil Engineering – Skopje

On the 12 full scale beams within all three series from group 1 and 2, short term ultimate load test was performed in 29 load steps. A data acquisition system from Hottinger Baldvin-HBM, Germany was used for recording the force, the middle deflection U3, the strains in the compression and tensile reinforcement (R1-R4) and the bottom and top of the concrete (C1-C4), with f=1Hz. The load cell and the LVT as well as the strain gages were a product of Kyowa, Japan. In each step, the strains in the concrete (D1-D15), in the middle section of the beam through the thickness as well as on the top of the beam, were measured by a mechanical deflection meter, type Hugenberger, Switzerland, with a base of 250mm. The mechanical measurement of the deflections was done at 5 points through the length of the beam and 2 points over the supports by using deflection meters produced by Stopani, Italy. The crack widths were also measured in each load step, in the region with constant moment, by use of a crack microscope - product of Controls, Italy. After 360 days of observing of their behaviour under the effect of long term loads, an ultimate load test was performed in the same manner as described above. The same measurement technique was used during the observation of the long term behaviour. The positions of the measurement points of the full scale beams are presented in Fig.4.



Figure 4: Position of measurement points of full scale beams

2.2 Selected experimental results

The average results for the mechanical properties with the corresponding standard deviations are presented in Table 3.

Mechanical properties	Age t(days)	C30/37	σ (st.dev)	C30/37FL 1.5/1.5	σ (st.dev)	C30/37 FL 2.5/2.0	σ (st.dev)
Compressive strength (MPa) (cubes 15/15/15cm)	40	42.89	0.18	41.63	4.79	44.59	1.83
	400	45.70	5.742	47.41	1.07	46.15	1.69
Splitting tensile strength (MPa) (cubes 15/15/15cm)	40	3.51	0.10	3.22	0.14	4.00	0.31
	400	4.17	0.02	4.58	0.13	4.24	0.13
Flexural tensile strength (MPa) (beams 15/15/70cm)							
- σ_1 (stress at δ_L=0.05mm)	40	5.18	0.56	4.95	0.34	5.30	0.66
- σ_2 (stress at $\delta_{R,1}$=0.46mm)				1.80	0.44	2.83	0.67
- σ_3 (stress at $\delta_{R,4}$=3.00mm)				1.53	0.40	2.33	0.73
- σ_1 (stress at δ_L=0.05mm)	400	5.00	0.66	4.40	1.32	5.95	0.13
- σ_2 (stress at $\delta_{R,1}$=0.46mm)				1.38	0.28	2.90	0.44
- σ_3 (stress at $\delta_{R,4}$=3.00mm)				1.15	0.47	2.38	0.32
Modulus of Elasticity (MPa) (cylinders 15/30cm)	40	26956	127.2	26771	93.2	26120	423.2
	400	27041	811.4	30809	618.2	28224	674.2

Table 3. Mechanical properties at age of 40 and 400 days of the three concrete types

The most specific testing was the testing of the flexural tensile strength, which was performed according to RILEM TC 162-TDF [8]. The deflection controlled testing was done on notched prisms with cross section dimensions of 15/15cm, length of 70cm and span of 50cm. Beams were notched by wet sawing with width of notch of 5mm and depth of 25mm. The application of the deflection was at a constant rate of 0.2mm/min by use of Wykeham Farrance, England, which is a 50kN machine with a big stiffness. During the tests, the load and the midspan deflection were recordered continously by the data acquisition system produced by Hottinger Baldvin-HBM, Germany. The testing of the flexural tensile strength at the age of 40 days resulted in force – deflection relationship shown in Fig. 5.



Figure 5. Bending test on notched beams at the age of 40 days

Each time-dependent deformation property was measured on three control prism specimens with dimensions 12x12x36cm for each type of concrete. The strains were measured on four sides of each prism, which means that, for each type of concrete, the results presented in the subsequent table and figure represent the mean value obtained at 12 measurement points. Compression creep was applied in creep frames whereat the stress level of the prism specimens was the same as the stress in the full scale beams due to the sustained load, which was 7.5MPa.

Drying shrinkage was measured from the beginning with the opening of the moulds of the control specimens to the age of concrete of 400 days. Drying shrinkage was also measured on the compression creep control specimens until the moment of application of the load at the age of 40 days. The instantaneous strain was registered at the moment of application of the load, and afterwards, to the age of concrete of 400 days, creep strains were measured continuously.

Table 4 and Fig.6 are showing the results for the time-dependent properties of each type of concrete. The results for the creep, except through the measured strains, are also presented through the creep coefficient, which is the ratio between the creep strain at 400 days and the instantaneous strain at 40 days.

Time-dependent properties	Age t(days)	C30/37	%	C30/37 FL1.5/1.5	%	C30/37 FL2.5/2.0	%
Drying shrinkage ε_{ds} [10^{-6}]μs	40	441.3	/	405.3	/	462.7	/
	400	808.0	53	805.0	56.2	794.9	55.9
Instantaneous strain ε_e [10^{-6}]μs	40	286.3	18.8	254.0	17.7	241.3	17.0
Creep strain ε_{cc} [10^{-6}]μs	400	429.7	28.2	374.7	26.1	385.0	27.1
Total strain $\varepsilon=\varepsilon_{ds400}+\varepsilon_e+\varepsilon_{cc}$ [10^{-6}]μs	400	1524.0	100	1433.7	100	1421.2	100
Creep coefficient $\phi(t,t_0)= \varepsilon_{cc} / \varepsilon_e$	400	1.501	/	1.475	/	1.595	/

Table 4. Time-dependent deformation properties at the age of 40 and 400 days of C30/37, C30/37 FL 1.5/1.5 and C30/37 FL 2.5/2.0



Figure 6. Total strain (drying shrinkage, instantaneous and creep) for the three concrete types

The results from the long-term loading of group 3 and 4 are presented in terms of:

- Time dependent deflections;
- Time-dependent cracks;
- Time-dependent strains.

Only the time-dependent deflections for group 4 are presented in this paper, as the most specific one, in terms of a load-deflection relationship. This relationship shown in Fig. 7 provides an insight into the applied loading history. Due to the daily measurements of the deflections, the graphs have an area shape.



Figure 7. Load - deflection relationship for the beams from group 4 for the three concrete types

Fig. 8 displays the total time-dependent deflection, as an average value obtained for the two beams from each concrete.

The instantenous deflection at the level of the service load "g+q" was decreased for 7.6% and 22.8% in the case of the concrete residual strength classes FL 1.5/1.5 and FL 2.5/2.0, respectively.

The total deflection after exposure to permanent sustained and repeated variable load "g±q" for 360 days was decreased for 14.4% and 22.5% at the level of the permanent load and 15.3% and 22.6% at the level of the service load, for the residual class FL 1.5/1.5 and FL 2.5/2.0, respectively.

The long-term deflection after 360 days under load, at the level of the service load "g+q", which is the total deflection minus the instantenous deflection at the level of the service load "g+q", was decreased for 20.0% and 22.5%, respectively.

It can be noticed that both concretes decreased the deflections for about the same percentage with the addition of fibres and the increase of residual strength.



Figure 8. Total time-dependent deflection for the beams from group 4

3. ANALYTICAL ANALYSES OF RESULTS FROM THE EXPERIMENTAL RESEARCH

The analytical analyses of the results from the experimental research were performed in two parts:

- Analytical analysis of time – dependent deformation properties,
- Analytical analysis of time – dependent deflections.

Data on the time – dependent deformation properties were later used to calculate the time-dependent deflections using the Age-Adjusted Effective Modulus Method (AAEMM). The quasi-permanent load procedure and the principle of superposition were used to obtain the factor for the quasi-permanent value of the variable action ψ_2.

3.1 Analytical Analysis of Time – Dependent Deformation Properties

The analytical analysis of time – dependent deformation properties, drying shrinkage and creep, were performed by the B3 model [3] and Fib Model Code 2010 [6]. In the beginning, the analyses were done only for the time period considered in this research, which was 400 days.

The B3 model offers the possibility of improvement of the model by its users and updating of its predictions based on short-time measurements. The updating of the drying shrinkage strain was done very efficiently by using the scaling parameter p_6. The experimental and analytical results for the drying shrinkage up to the age of 400 days are presented in Fig. 9. It can be noticed that the Fib Model Code 2010 underestimates the drying shrinkage strain for 29%, while the original B3 model underestimation is 11.5%. The obtained scaling parameter in the improved B3 model is p_6=1.123. It can be noticed that there is a very good agreement between the experimental results and the improved B3 model.

Having in mind the service life of designed structures, it is very important to be able to predict the time – dependent deformation properties for their serviceability period. Therefore, based on the results obtained for the age of up to 400 days, the analyses according to the previously mentioned models

were extended to the serviceability period of the structures of 100 years. The results are presented in logarithmic scale in Fig. 10.



Figure 9. Experimental and analytical results on drying shrinkage up to age of 400 days



Figure 10. Experimental and analytical results for drying shrinkage up to age of 100 years

Due to the differences in the creep strain between different types of concrete, an analytical analysis of the creep strain was performed for each concrete type taken separately, by the B3 model and Fib Model Code 2010. For the concrete type C30/37, the experimental and analytical results are presented in Fig. 11. In addition to the previously mentioned models, the improvement of the B3 model is also presented. On the basis of linear regression analysis, the following values for adjustment of the creep compliance in the B3 model were obtained: p_1=1.143 and p_2=1.122. These values are valid only for the concrete type C30/37. Taking into consideration the coefficients of variation of each model code, a good agreement was found in all cases. The Fib Model Code 2010 overestimates the experimentally obtained creep coefficient at 400 days for 13%, while the B3 model underestimates it for 9.5%.

The experimental results for both steel fibre reinforced concretes, C30/37 FL 1.5/1.5 and C30/37 FL 2.5/2.0, show a very small difference in the final strain after 400 days when the original B3 model is used. Therefore, for these types of concrete, modification of the flow compliance q_4 in the B3 model is proposed. The modification includes addition of an amount of fibers G_f to the amount of aggregate a, multiplied by the ratio between the moduli of elasticity of the fibers and the aggregate E_f/E_a.

$$q_4 = 20.3((a + G_f(E_f / E_a)) / c)^{-0.7} \quad (1)$$



Figure 11. Experimental and analytical results for creep of C30/37 up to age of 400 days

The results for the concrete C30/37 FL 2.5/2.0 with 60 kg/m^3 steel fibers are presented in Fig. 12.



Figure 12. Experimental and analytical results for creep of C30/37 FL 2.5/2.0 up to age of 400 days

Based on the results obtained for an age of up to 400 days, the analyses of the creep strain according to the previously mentioned models were extended to the serviceability life of the structures of 100 years. The results for the concrete type C30/37 FL 2.5/2.0 are presented in logarithmic scale in Fig. 13.



Figure 13: Experimental and analytical results for creep of C30/37 FL 2.5/2.0 up to age of 100 years

3.2 Analytical Analysis of Time – Dependent Deflections

There are many available analytical and numerical methods for obtaining the time – dependent response of concrete structures. However, the big number of necessary input data, complicated analysis and the big number of unknown parameters in the design phase make these methods impractical for most of the engineers. The influence that variable load has on the time – dependent response of concrete structures is another aspect that, in certain structures, has a big effect on the total behaviour. With the experimental program of this research, it was planned to use a simple quasi – permanent load procedure to obtain a factor by which only one part of the variable load will be included in the time – dependent analysis.

This procedure is intended for calculation of the creep effects when serviceability limit state design should be performed using the quasi – permanent combination of actions. This combination of actions enables inclusion of the variable loads in the calculation of creep effects. One part of the variable load is added to the permanent load and is named as quasi – permanent load. The factor that defines the part of the variable load is called factor ψ_2 [5]. This factor depends on the category of the building and the loading history. The loading history on different types of concrete has been the subject of research at the Faculty of Civil Engineering – Skopje for almost 12 years. In this research, the loading history has been chosen such that the variable load acts for 8 hours each day in the period of one year. Four approaches to determination of the effects of variable load were considered (Fig.14):



Figure 14. Four considered approaches to determination of ψ_2

The simplest solution of the problem is taking into consideration approach 1, because the initial and time-dependent deflection can be obtained with intensity of the load as a sum of permanent and quasi-permanent load. On the basis of the results obtained by the experimental research, an analytical solution was proposed in which the total deflection due to the permanent load "g" and variable load "q" obtained from the experiments $a_{t,exp}(g+q)$ was determined as a sum of the initial deflection $a_o(g+\psi_2 q)$ and long-term deflection $a_t(g+\psi_2 q)$ due to the permanent load "g" and variable load represented as quasi permanent load "$\psi_2 q$" :

$$a_{t,\exp}(g+q) = a_0(g+\psi_2 q) + a_t(g+\psi_2 q) \qquad (2)$$

Factor ψ_2 was determined by the Age – Adjusted Effective Modulus Method (AAEMM) using the quasi – permanent load procedure and the principle of superposition. The CRACK computer program developed by Ghali A. and Elbadry M. from the University of Calgary, Canada, was used for calculation of the time – dependent deflections. Except the geometry, materials and bending moments, all other necessary input data needed for the AAEMM were obtained by the previously presented analysis of the time – dependent deformation properties, based on the experimentally obtained results. Those data include values which vary each day, like the values for shrinkage, creep coefficient, relaxation function and aging coefficient. For the concrete type C30/37, the total experimentally observed deflection was obtained with intensity of load g+0.37q, which meant that factor ψ_2 had a value of 0.37. In the case of the steel fibre reinforced concrete types C30/37 FL 1.5/1.5 and C30/37 FL 2.5/2.0, the total experimentally observed deflection was obtained with intensity of load g+0.22q and g+0.18q, which meant that the factor ψ_2 had a value of 0.22 and 0.18, respectively. The results for C30/37 FL 1.5/1.5 are presented in Fig. 15.



Figure 15. Experimental and analytical time-dependent deflection for concrete type C30/37 FL 1.5/1.5

It is well known that factor ψ_2 depends on the duration of loading of the variable load. In the current research, the duration of the variable load was 8 hours per day. In the previous research projects in the same field, performed in the same laboratory with different types of concrete without fibers, the period of duration of the variable load was varied from 12h, 24h and 48h. The obtained factors ψ_2 in these research projects are presented in Table 5.

Δt_{g+q} (hours)	8	12*	24**	48**
ψ_2	0.37	0.40	0.50	0.65

* Research of Markovski G.
**Research of Arangjelovski T.

Table 5. Factor ψ_2 as a function of the duration of loading Δt_{g+q}

The dependence of factor ψ_2 on the variable load duration can be clearly seen in the Fig. 16.



Figure 16. Factor ψ_2 as a function of the variable load duration (α_f,Δt_{g+q})



Figure 17. Factor ψ_2 as a function of the ratio between the residual tensile and compressive strength, α_f

A simple linear dependence between factor ψ_2 and the variable load duration can be noticed. The results are presented as a function of the ratio between the residual tensile strength and the concrete compressive strength, α_f which is zero for ordinary concrete. The dependence of factor ψ_2 on the ratio α_f is also linear (Fig. 17).

4. CONCLUSIONS

- According to the experimental results at the age of concrete of 400 days, the addition of steel fibres has almost no influence on the free drying shrinkage (2%). For the considered compressive stress level, according to the experimental results at the age of concrete of 400 days, steel fibers have bigger influence on the creep (10%). According to the B3 model, based on the experimental results, at an age of 100 years, the decrease of the creep coefficient for the steel fiber reinforced concrete type C30/37 FL 1.5/1.5 is 11.1%, while for C30/37 FL 2.5/2.0 is 17.8%.
- Analytical analysis of the drying shrinkage and creep, performed by the B3 model and fib Model Code 2010, demonstrated agreement with the experimental results. For concrete C30/37, an improvement of the B3 model was done on the basis on linear regression analysis. New values of the coefficients p_1 and p_2 for adjustment of the creep compliance were obtained, as well as scaling parameter for the drying shrinkage p_6. For steel fibre reinforced concrete types, a modification of the flow compliance q_4 is proposed. The modification includes addition of the amount of the steel fibers G_f.
- The repeated variable load has significant influence on the time-dependent behaviour of reinforced and steel fibre reinforced concrete beams.
- Using the experimental results and analytical analysis, the following factors for quasi-permanent value of a variable action were obtained: for concrete type C30/37, ψ_2 =0.37, while for concrete type C30/37 FL 1.5/1.5 ψ_2 =0.22 and for C30/37 FL 2.5/2.0 ψ_2 =0.18.
- The factor ψ_2 depends linearly on the ratio of residual tensile strength to concrete compressive strength, α_f. The factor ψ_2 depends on the history of loading with variable load. Results obtained with this research as well as with similar previous research projects performed at the FCE Skopje, demonstrated linear dependence between the factor ψ_2 and the variable load duration.

REFERENCES

[1] Arangjelovski T. (09.2011). Time-dependant behaviour of reinforced high-strength concreteelements under action of variable loads, Doctoral dissertation, Skopje, R.Macedonia

[2] Atanasovski S. (1987). Influence of long term actions to limit states of prestressed concrete, Doctoral dissertation, Skopje, R.Macedonia

[3] Bazant Z.P., Baweja S., (2000) Creep and Shrinkage Prediction Model for Analysis and Design of Concrete Structures: Model B3; The Adam Neville Symposium: Creep and Shrinkage-Structural Design Effects, SP-194, American Concrete Institute, Farmington Hills, Michigan, USA, Editor: Akthem Al-Manaseer

[4] European Standard EN1990 (04.2002). +A1 (12.2005). Basis of structural design, Standardization Institute of R.Macedonia, Skopje, R.Macedonia

[5] European Standard EN1992-1-1 (12.2004). Eurocode 2: Design of concrete structures - Part 1-1: General rules and rules for buildings, Standardization Institute of R.Macedonia, Skopje, R.Macedonia

[6] Fib Model Code 2010, (2012). fib Bulletin 65, Final draft

[7] Markovski G. (03, 2003). Influence of variable loads to time-dependent behaviour of prestressed concrete elements, Doctoral dissertation, Skopje, R.Macedonia

[8] RILEM TC 162-TDF: Test and design methods for steel fiber reinforced concrete, Bending test, Final recommendation, (11.2002). Materials and structures, Vol. 35

[9] Tan K.H., Saha M.K., (05-06.2005). Ten-year study on Steel fiber-reinforced concrete beams under sustained loads, ACI Structural Journal

[10] Vasanelli E., Micelli F., Aiello M.A., Plizzari G., (2012). Long term behaviour of fiber reinforced concrete beams in bending, BEFIB2012 – Fibre reinforced concrete, Guimaraes

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

MA - 9

Kосе TODOROV[1]

SEISMIC PERFORMANCE OF MASONRY INFILLED R.C. FRAMES WITH OPEN FIRST STOREY

SUMMARY

In order to investigate the influence of masonry infill to the seismic performance of code designed frames, an extensive incremental dynamic analysis was performed in this research. All analysed frames were exposed to three groups of earthquake ground motions with different frequency content. For the selection of records, a methodology for identification of the dominant frequency content, based on the application of modified equivalent acceleration spectrum, was developed. For the reduction of computational time, necessary for the detailed incremental dynamic analysis on the systems with multi degrees of freedom, approximate method, which is based on the nonlinear response of the equivalent single degree of freedom system, is proposed.

Keywords: infilled frames, open first storey, records selection, incremental dynamic analysis

Коце ТОДОРОВ[1]

СЕИЗМИЧКИ ПЕРФОРМАНСИ НА ИСПОЛНЕТИ АРМИРАНОБЕТОНСКИ РАМКИ СО ОТВОРЕН ПРВ КАТ

РЕЗИМЕ

Со цел да се согледа влијанието на исполната од ѕидарија, врз сеизмичките перформанси на армиранобетонски рамки со отворен прв кат, во рамките на ова истражување, извршена е обемна инкрементална динамичка анализа на шест армиранобетонски рамки со различен број на катови. Сите анализирани рамки се изложени на три гупи на записи на движење на тлото со различен фреквентен состав. За избор на записите, развиена е методологија за идентификација на доминантното фреквентно подрачје, која се базира на примена на модифициран еквивалентен спектар на забрзување. За намалување на потребното пресметковно време за извршување на инкрементална динамичка анализа на системите со повеќе степени на слобода, предложена е апроксимативна метода, која се базира на одговорот на еквивалентни системи со еден степен на слобода.

Клучни зборови: рамки со исполна, отворен прв кат, избор на записи, инкрементална динамичка анализа

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, todorov@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Евалуацијата на сеизмичките перформанси на постоечките и новоизградените конструкции е релативно сложен и мултидисциплинарен процес. Тој во себе вклучува елементи од инженерската сеизмологија и динамиката на почви, неопходни за дефинирање на нивото на сеизмичкиот хазард и очекуваните карактеристики на побудата, елементи од динамиката на конструкции, за определување на одговорот на конструкциите на дејство на дефинираните побуди, како и елементи од конструктивната механика, неопходни за правилно вклучување на ефектите од материјалната нелинеарност во одговорот на разгледуваните системи, Chandler и Lam (2001).

Имајќи го во предвид очекуваниот одговор за дејство на постојани или сеизмички влијанија, сосема логично би било да се изберат и соодветни методи за анализа кои со голем степен на доверливост ќе можат да го предвидат одговорот на анализираните конструкции. Доколку линеарното однесување може успешно да се предвиди со примена на линеарни методи за анализа, тогаш за очекување е дека нелинеарниот одговор (карактеристичен за дејство на сеизмички влијанија) треба да се определи со примена на нелинеарни методи за анализа. И покрај ваквите очекувања, како и покрај значителните напори за концептуална трансформација на земјотресното инженерство, кои се направени во последниве дваесетина години, општо прифатените методи кои се користат за анализа на конструкциите на дејство на сеизмички влијанија се базираат на линеарни апроксимации. И овие апроксимации не се толку погрешни, доколку се размислува нелинеарно, а да се делува линеарно. Ваквиот начин на размислување подразбира вклучување на голем број на ефекти, кои често пати заради поедноставување или недоволно познавање на одредени феномени биле занемарени во процесот на проектирање и анализа. Исполната од ѕидарија, влијанието на пукнатините во армирано бетонските елементи, соработката греда – плоча, влијанието на почвата и сл., се само дел од параметрите кои можат да влијаат врз промена на посакуваниот сеизмички одговор на анализираните конструкции.

Армиранобетонските рамки со исполна од ѕидарија претставуваат често применувани системи во градежната пракса ширум светот, а особено во земјите во развој. Во овие конструкции надворешните и внатрешните ѕидови изработени од различни материјали, најчесто од печени керамички блокови и тули, се изведуваат како исполна помеѓу елементите од армиранобетонската конструкција. Исполната од ѕидарија се карактеризира со значителна јакост и крутост, а со тоа во голема мерка може да го промени одговорот на конструкцијата при дејство на динамички товари. Ова може да резултира со низа неповолни ефекти (торзија, слаб кат, неповолен механизам на рушење, варијации во периодот на осцилации и сл.) или пак во одредени случаи да предизвика поволни ефекти, односно да делува како прва линија на одбрана при сеизмичко дејство, да го зголеми пригушувањето и да ја зголеми сеизмичката отпорност на објектот. Токму затоа во научната и стручна јавност можат да се сретнат различни мислења околу влијанието на исполната врз динамичкиот одговор на конструкциите. Поради присуството на исполната конструктивниот систем го менува својот одговор, преку промена на механизмот на прифаќање на попречниот товар. На тој начин предоминантниот рамовски систем, во кој елементите се изложени на свиткување, се трансформира во предоминантен решеткаст систем чии што елементи воглавно се изложени на аксијално дејство, Сл.1.



Слика.1. Влијание на исполната врз промената на механизмот за прифаќање на попречниот товар: а) чиста рамка, б) рамка со исполна по цела висина и в) рамка со отворен прв кат

Иако ова е неспорен факт, според вообичаената пракса на проектирање, интеракцијата помеѓу исполната од ѕидарија и рамовската конструкција најчесто се занемарува. Ова доведува до значителни грешки во определувањето на крутоста, носивоста и дуктилноста на анализираната конструкција, што особено може да биде изразено кај армирано бетонските рамки кај кои постои дисконтинуитет во распределбата на исполната од ѕидарија по висината на објектот.

Ваквите објекти во литературата се познати како објекти со слаб кат (носивоста на долниот кат е помала од носивоста на горните катови), или објекти со флексибилен или мек кат (хоризонталната крутост на долниот кат е помала од крутоста на горните катови). Иако од конструктивен аспект овие системи се крајно неповолни, од архитектонски или комерцијални причини тие се доста атрактивни и експлоатирани, а особено во централните градски јадра и во густо населените урбани средини, Сл.2.

Слика 2. Армирано бетонски рамки со отворен прв кат

Армиранобетонските рамки со исполна од ѕидарија која не е континуирана по висината на објектот претставуваат едни од најповредливите објекти изложени на земјотресно оптоварување. Тоа го покажуваат и извештаите од случените силни земјотреси во земјите ширум светот. Конструкциите со отворен кат кои се оштетиле или срушиле, притоа причинувајќи огромни материјални штети и загуба на човечки животи, Сл. 3, се составен дел од овие извештаи.

Слика 3. Оштетувања на армирано бетонски рамки со отворен прв кат при случени земјотреси

Главната причина за големата повредливоста на овие системи лежи во фактот што воглавно во минатото исполната од ѕидарија била третирана како неконструктивен елемент и истата не била земена во предвид во процесот на анализа и проектирање. Занемарувањето на нејзиното влијание најчесто се должи на непознавањето на распоредот и типот на применетиот материјал за исполна во фазата на проектирање, на сложените анизотропни карактеристики на ѕидаријата, непостоењето на практични методи за предвидување на јакоста и крутоста на исполната, непостоењето на едноставни елементи за математичко моделирање, како и на одсуството на јасни одредби во сеизмичките прописи кои ќе им бидат водич на проектаните при проектирањето на ваков тип на објекти.

2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА АНАЛИЗИРАНИТЕ РАМКИ

2.1. Проектни параметри

Како што е познато од динамика на конструкции, одговорот на една конструкција на дејство на земјотрес зависи од динамичките карактеристики кои што ги има конструкцијата и од карактеристиките на динамичкото дејство, односно од амплитудите и фреквентниот состав на побудата. Со цел да се опфатат конструкции со различни динамички карактеристики, во ова истражување генерирани се шест рамки со различна катност од 2, 3, 5, 7, 10 и 13 ката, во понатамошниот текст означени како рамки R1 до R6. Сите рамки се проектирани како тробродни со распон на гредите од 5m во едно поле и константна катната висина на сите катови од 3m. Гредите на сите рамки се товарени со линиски товар од 25kN/m' на катовите и 15kN/m' на кровот. На местото на спојот на гредите со столбовите аплицирани се дополнителни концентрирани сили со интензитет од 75kN во крајните столбови, и 85kN во средните столбови на секој кат, односно 30kN на крајните и 45 kN на средните столбови на ниво на кровот. Овие сили го претставуваат влијанието на товарот што се предава преку рамките во подолжниот правец. Според дефинираните товари, за определување на периодите на сопствените осилации и за потребите на динамичката анализа определена е распределбата на масата по катови која изнесува 70.9t на ниво на секој кат, односно 38.2t на ниво на кровот. Определувањето на проектната сеизмичка сила, димензиите на конструктивните елементи и потребната арматура во пресеците е извршено според препораките од важечкиот правилник за технички нормативи за изградба на објекти од високоградбата во сеизмички подрачја, со занемарување на влијаниото на исполната од ѕидарија.

Максималните поместувања на врвот од проектираните рамки, за проектните сеизмички сили, се движат во граници од 65% до 76% од дозволените поместувања, кои според правилникот изнесуваат 1/600 од вкупната висина на рамката. Максималните напрегања во столбовите за дејство на гравитациони влијанија се движат во граници од 3.76 MPa до 6.06 MPa и се за 17.5% до 49% помали од дозволените, кои за усвоената марка на бетон МВ30 изнесуваат 0.35·0.7·30=7.35MPa. Според правилникот овие два критериуми се единствените според кои може да се изврши дефинирање на геометриските карактеристики на конструктивните елементи, иако во одреден број на случаи не значи дека ако критериумите се задоволени конструкцијата ќе покажува и поволно однесување при дејство на земјотрес. Вкупното поместување определено за редуцирани сеизмички сили и за пресеци со еластични карактеристики е далеку од реалното и очекуваното поместување кое може да се јави при дејство на очекувани сеизмички побуди. Определувањето на реалните поместувања и нивната распределба по висина на конструкцијата, во општ случај се во функција од голем број на параметри, како што се: појавата и дистрибуцијата на пукнатините во армиранобетонските елементи, појавата и дистрибуцијата на пластичните зглобови, нелинеарните карактеристики на елементите при дејство на циклично товарење, присуството и дистрибуцијата на исполна, нивото на сеизмичкото дејство, интеракцијата почва – конструкција и сл.

2.2. Исполна од ѕидарија

Со цел да се согледа влијанието на исполната врз сеизмичките перформанси на проектираните рамки, шесте генерирани рамки се дополнително надоградени со исполна од ѕидарија. Притоа, за да се увиде влијанието на јакостните и деформационите карактеристики на исполната, дефинирани се два типа на исполна од ѕидарија и тоа: исполна со послаби карактеристики (слаба исполна – WI) и исполна со појаки карактеристики (јака исполна – SI).

Слабата исполна се карактеризира со јакост на притисок во дијагонален правец f_m=0.8 MPa и дебелина од 15cm., додека јаката исполна има јакост на притисок од 1.2 MPa и дебелина од 25cm. За двата типа на исполна усвоен е почетен модул на еластичност од $1500f_m$. Максималната јакост на притисок се достигнува при дилатации од $2^o/_{oo}$, додека комплетна деградација на јакоста и крутоста на исполната се јавува при ултимативни дилатации од 1%. Секантниот модул на еластичност при достигнување на јакоста на притисок изнесува една третина од почетниот модул на еластичност, односно $500f_m$. Јакоста на смолкнување на

исполната изнесува τ_0=0.3 MPa, додека за коефициентот на триење усвоена е вредност μ=0.5. Максималната јакост на смолкнување τ_{max} е ограничена на 0.6 MPa.

Според усвоениот концепт за моделирање на исполната со примена на панелниот модел на Crisafulli и Carr (2007), кој се базира на еквивалентна притисната дијагонала, дефинирана е променлива површина на притисната дијагонала која се менува во зависност од нивото на достигнати дилатации во исполната. Почетната површина е производ од дебелината на исполната и широчината на еквивалентната притисната дијагонала, за која е усвоена вредност од 20% од должината на дијагоналата. При достигнување на дилатации во исполната од ε_1=0.5‰, површината на дијагоналата започнува линеарно да се редуцира, со што при достигнување на дилатации од ε_2=6.3‰ нејзината површина изнесува 50% од почетната. Шематски приказ на дијаграмите напрегање – дилатација и површина на притисната дијагонала – дилатација за усвоените карактеристики на исполната е даден на Сл. 4.



Слика 4. Карактеристични дијаграми напрегање – дилатација, редукција на површината – дилатација и сила – релативно катно поместување за исполната од sидарија

Граничните вредности на усвоените дилатации одговараат на одредена состојба на оштетувања и можат директно да се поврзат со достигнатите релативни катни поместувања. Дилатациите при почеток на редукција на површината на дијагоналата одговараат на состојба на појава на пукнатини во исполната, кои се јавуваат при релативни катни поместувања од 0.05% до 0.15%. Овие релативни катни поместувања според нивото на сеизмички перформанси одговараат на состојба на целосна функционалност. Дилатациите при максималната јакост одговараат на релативни катни поместувања од 0.4% до 0.5% и според нивото на перформанси ја претставуваат состојбата на зачувана функционалност во исполната. Дилатациите при крај на редукција на површината на дијагоналата одговараат на релативни катни поместувања од 1% до 2% и се гранична вредност на нивото на обезбедена сигурност по живот, додека граничните дилатации во исполната одговараат на релативни катни поместувања од 2-3% што според нивото на сеизмички перформанси ја претставуваат состојбата близу до колапс.

2.3. Еластични модални карактеристики на анализираните рамки без и со исполна

Периодите и формите на слободни осцилации претставуваат основни динамички карактеристики на конструктивните системи, според кои може да се процени динамичкиот одговор на конструкцијата, изложена на дејство на земјотрес со одреден фреквентен состав. Имајќи во предвид дека периодите на слободни осцилации и тоновите форми зависат од масата и крутоста на конструктивните компоненти, очигледно е дека секоја промена на крутоста ќе влијае и врз промена на периодите и формите на осцилации. Со цел да се согледа влијанието на исполната од sидарија со усвоените материјални карактеристики врз динамичките карактеристики на анализираните повеќекатни рамки, извршени се серија од модални анализи на рамки без исполна, рамки со исполна од sидарија на сите катови и рамки со исполна и со отворен прв кат. Резултатите од спроведените анализи се однесуваат за рамки кај кои крутоста на армиранобетонските елементи е определена според еластичните карактеристики на елементите, односно без земање во предвид на ефектите од појавата на пукнатини, додека крутоста на исполната од sидарија е определена според усвоениот панелен модел на исполна, при што крутоста на затегнатата дијагонала е занемарена.

Од добиените резултати може да се забележи дека исполната од sидарија има најголемо влијание врз обликот на првата тонова форма кај пониските рамки, додека со зголемување на

катноста разликите во модалните поместувања кај моделите без и со исполна се намалуваат. Ваквата тенденција на разлики во модалните поместувања се должи на релативното учество на исполната од ѕидарија во вкупната попречна крутост на анализираните рамки, кое е поизразено кај пониските рамки, кај кои, поради нивото на гравитациони оптоварувања и поради помалите сеизмички сили, армирано бетонските елементи се проектирани со помали димензии. Рамките со отворен кат покажуваат значителна концентрација на поместувањата на нивото на приземјето, при што катните модални поместувања на приземјето се движат во граници од 90 % до 95 % од вкупните поместувања кај рамката R1. Кај највисоката рамка R6, модалните поместувањата на ниво на приземјето изнесуваат 8%, односно 12% од вкупните поместувања за случај на слаба, односно јака исполна. Односот помеѓу модалното поместување на првиот кат и поместувањето на врвот за сите анализирани рамки е прикажан на Сл.5. На Сл. 6 прикажана е промената на доминантната периода на осцилации на рамките со исполна, нормирана во однос на доминантната периода на чистите рамки, во функција од катноста.



Слика 5. Однос помеѓу поместување на ниво на првиот кат и поместувањето на врвот



Слика 6. Однос помеѓу доминантната периода на осцилации на анализираните рамки

Од прикажаните дијаграми може да се забележи дека најголеми разлики помеѓу доминантната периода на осцилации на рамките со отворен кат и рамките со континуална исполна по целата висина се јавува кај рамките со помала катност. Првата периода на осцилации на двокатната рамка со отворен кат е скоро иста за рамките со слаба и јака исполна и изнесува околу 86% од периодата на чистата рамка. За разлика од двокатната рамка со отворен кат, двокатната рамка со исполна по целата висина има значително помала прва периода на осцилации која изнесува 28% од периодата на чистата рамка во случај на јака, односно 42% за слаба исполна. Со зголемување на катноста, разликата помеѓу доминантната периода на осцилации на рамките со исполна по цела висина и рамките со отворен кат асимптотски се намалува, при што кај тринаесет катната рамка првата периода на осцилации на рамките со отворен кат и со континуална исполна по висина е скоро иста и изнесува околу 50% од периодата на чистата рамка, за случај на јака исполна, односно околу 65% од периодата на чистата рамка, за случај на слаба исполна. Разликите помеѓу периодите на повисоките тонови форми за рамките со отворен кат и рамките со континуална исполна се значително помали и се движат во граници од 2 до 10%.

Учеството на поедините тонови форми во одговорот на системите со повеќе степени на слобода изложени на динамички оптоварувања е во тесна корелација со партиципацијата на масата во одделните тонови форми. Процентуалното учество на ефективната модална маса на првата тонова форма се движи во граници од 77% кај рамката R6 без исполна до 100% кај рамката R1 со отворен кат. Најголемо процентуално учество на првата тонова форма се јавува кај рамките со отворен кат, при што исполната со појаки крутостни карактеристики ја зголемува партиципацијата на првата тонова форма. Кај највисоката анализирана рамка со отворен кат, процентуалното учество на ефективната модална маса на првата тонова форма се движи од 81% за рамката со слаба исполна до 84% за рамката со јака исполна. Учеството на повисоките тонови форми кај пониските рамки со отворен кат е незначително. За разлика од рамките без исполна, каде што процентуалното учество на ефективната модална маса на повисоките тонови форми е скоро константно, кај рамките со отворен кат учеството на ефективната модална маса на повисоките тонови форми расте со зголемување на катноста.

3. НЕЛИНЕАРНА СТАТИЧКА АНАЛИЗА

Со цел да се согледа влијанието на исполната од ѕидарија врз трите основни конструктивни карактеристики (јакоста, крутоста и дуктилноста), анализираните повеќекатни рамки се изложени на серија од нелинеарни статички анализи. Притоа за секоја рамка со различна катност (R1 до R6), анализирани се по пет различни модели и тоа: еден модел на чиста рамка (BF), и четири модели на рамка со исполна (IF). Моделите на рамки со исполна се анализирани за случај на исполна со слаби (WI) и јаки (SI) јакостни карактеристики, при што се разгледани две различни дистрибуции по висина и тоа: целосно исполнети рамки (FI) и исполнети рамки со отворен кат (OS). Сите рамки се анализирани до максимално поместување на врвот од околу 2% од вкупната висина, при што прирастот на поместувањата во секој чекор од анализата изнесува 2mm за рамките R5 и R6, односно 1mm кај останатите рамки.

3.1. Капацитет на носивост и деформабилност

Од добиените резултати може да се забележи дека исполната од ѕидарија влијае поволно врз капацитетот на носивост на анализираните рамки, преку зголемување на нивото на попречниот товар кој предизвикува појава на првиот пластичен зглоб, односно преку зголемување на максималниот капацитет на рамките. Попречната сила која предизвикува појава на прв пластичен зглоб кај чистите рамки и рамките со отворен кат, како и нивото на проектната сеизмичка сила се прикажани на Сл. 7. Зголемувањето на нивото на попречниот товар кој предизвикува прво течење на арматурата кај рамките со отворен кат, во однос на чистите рамки, се должи на прераспределбата на статичките големини поради влијанието на исполната. За разлика од чистите рамки каде што првиот пластичен зглоб се јавува во гредните елементи на подолните катови, кај рамките со отворен кат првиот пластичен зглоб вообичаено се јавува во вклештувањето кај некој од столбовите. Поради тоа што столбовите се димензионирани за случај на рамка без исполна и кај нив процентот на армирањето е усвоен од услов за задоволување на минималниот процент на армирање, овие елементи вообичаено поседуваат одреден степен на прекумерна јакост, со што го зголемуваат нивото на попречен товар при појава на прв пластичен зглоб. Прв пластичен зглоб во гредните елементи кај рамките со отворен кат се јавува единствено кај највисоката рамка со слаба исполна.



Слика 7. Попречна сила и поместување на врвот при појава на прв пластичен зглоб

За разлика од нивото на попречниот товар кој се зголемува поради присуството на исполната, поместувањата на врвот од рамките при состојба на прво течење на арматурата се намалуваат. Како што е прикажано на Сл. 7 овие поместувања кај чистите рамки се движат во граници од 0.36% до 0.54% од вкупната висина на рамката. Кај рамките со отворен кат поместувањата при почеток на течење се помали и се движат во граници од 0.1% до 0.32%, додека кај рамките со континуална исполна по висина овие поместувања се поголеми за разлика од рамките со отворен кат и се движат во граници од 0.19% до 0.37% од вкупната висина на рамката. Поместувањата при почеток на течење кај рамките со слаба исполна се поголеми од поместувањата кај соодветните рамки со јака исполна, при што нивниот однос е доста мал кај рамките R1 и R2, и се зголемува со зголемување на катноста.

Попречната сила при формирање на механизам кај ниските рамки со отворен кат, R1 и R2, е приближно иста со попречната сила регистрирана кај соодветните чисти рамки, и е значително помала од попречната сила кај рамките со континуална исполна. Со зголемување на катноста разликите помеѓу рамките со отворен кат и рамките со континуална исполна се намалуваат, додека разликите помеѓу чистите рамки и рамките со отворен кат се зголемуваат. По правило кај рамките со појака исполна се регистрирани повисоки нивоа на попречна сила при формирање на механизам во споредба со рамките со исполна од послаб квалитет. Кај сите рамки со континуална исполна по висина, и кај рамките R5 и R6 со отворен кат, нивото на попречна сила при формирање на механизам е помало од нивото на попречна сила при почеток на течење, што се должи на комплетната деградација на исполната од ѕидарија на поедини катови во рамките во моментот на формирање на механизамот на лом на армиранобетонските елементи. Нивото на попречна сила, изразена како однос од тежината, и поместувањето на врвот од анализираните рамки, изразено како однос од вкупната висина на рамката, при состојба на формирање на механизам се прикажани на Сл. 8.



Слика 8. Попречна сила и поместување на врвот при формирање на механизам

Кај чистите рамки поместувањето на врвот при формирање на механизам се движи во граници од 1.45% до 1.8%, додека кај рамките со исполна овие поместувања се за 2 до 6 пати помали од соодветните кај чистите рамки. Намалувањето на поместувањата при формирање на механизам се должи на промената на механизмот на лом поради влијанието на исполната, односно на концентрацијата на пластичните зглобови на делови од конструкцијата по висина. Кај чистите рамки механизамот на лом се манифестира преку формирање на пластични зглобови на краевите на гредните елементи скоро по целата висина на рамките, додека кај рамките со исполна механизмот на лом е изразен преку чист катен механизам формиран преку појава на пластични зглобови на двата краја на столбовите од приземјето, или преку комбинација на формирање на пластични зглобови на краевите од гредите и столбовите на пониските катови.

3.2. Степен на деградација на крутоста

Линеарната теорија за анализа се базира на константна крутост на конструкцијата, независно од степенот на достигнати деформации на конструктивните елементи. Меѓутоа, со појавата на пукнатините во армирано бетонските елементи и во исполната од ѕидарија како и со достигнување на границата на развлекување во арматурата, крутоста на конструкцијата перманентно деградира. Степенот на деградацијата на попречната крутост за чистите рамки и рамките со исполна е скоро идентичен до поместување на врвот од 0.1% до 0.15%, што особено е изразено кај повисоките рамки. Со понатамошното зголемување на поместувањата чистите рамки покажуваат помал степен на деградација, за разлика од рамките со исполна. Најголем степен на деградација се јавува кај рамките со континуална исполна по целата висина. Степенот на деградација, скоро и да не зависи од катноста на рамките. На Сл.9 прикажана е деградацијата на секантната крутост за карактеристичните анализирани рамки со различна катност. Од прикажаните дијаграми може да се забележи дека кај рамките со континуална исполна по висина, степенот на деградација на секантната крутост е ист за рамките со различна катност. Најголеми отстапувања се јавуваат кај чистата рамка, додека кај рамките со отворен

кат отстапувања од просечната деградација се јавуваат единствено кај рамката R1 за поместувања поголеми од 0.2% од вкупната висина на рамката. При поместување од 0.5% од вкупната висина, секантаната крутост во однос на почетната крутост се движи во граници од 38% до 50% кај чистите рамки, околу 20% до 25% кај рамките со отворен кат со јака и слаба исполна, односно околу 15% до 25% кај рамките со континуална исполна по висина.



Слика 9. Степен на деградација на секантната крутост за анализираните рамки

Во моментот на појава на првиот пластичен зглоб, а поради ефектите на појава на пукнатини во армиранобетонските елементи, секантната крутост кај чистите рамки се движи во граници од 42% до 47% во однос на почетната крутост. Овие вредности се за 3% до 8% помали од препораките за редукција на крутоста според Еврокод 8, (CEN, 2004) кое изнесува 50% од почетната крутост кај сите елементи.

Врз база на резултатите од спроведените нелинеарни статички анализи на рамките без и со исполна од ѕидарија може да се забележи значителното влијание на присуството на исполната од ѕидарија, нејзиниот квалитет и начинот на дистрибуција по висина врз основните конструктивни карактеристики – крутоста, јакоста и деформабилноста. Меѓутоа иако оваа анализа обезбедува значителни податоци околу однесувањето на конструкциите во однос на достигнатиот степен на поместувања, сепак нелинеарната статичка анализа не дава директни показатели за тоа каков ќе биде степенот на достигнати поместувања за одредено ниво на земјотресно оптоварување. За таа цел, анализираните чисти рамки, и рамките со исполна и со отворен прв кат дополнително се анализирани преку серија на нелинеарни динамички анализи за дејство на земјотреси со различен интензитет и фреквентен состав.

4. ИНКРЕМЕНТАЛНА ДИНАМИЧКА АНАЛИЗА

Инкременталната динамичка анализа (IDA) претставува еден вида на параметарска нелинеарна динамичка анализа која обезбедува континуален приказ, од еластично однесување преку состојбата на течење па се до состојба на колапс, на одговорот на разгледуваната конструкција изложена на сеизмичко влијание. Концептот на инкрементална динамичка анализа за првпат бил предложен од Bertero во 1977 год, меѓутоа детален опис на методата и развој на методологија за нејзина практична примена е даден од Vamvatsikos и Cornell (2002). Оваа анализа подразбира изложување на конструктивниот модел на еден или повеќе записи на забрзување на тлото, при што секој запис е скалиран на повеќе нивоа на интензитет. Инкременталната динамичка анализа е пандан на pushover анализата, со таа разлика што во pushover анализата се врши инкрементално зголемување на статички товар, додека во инкременталната динамичка анализа се зголемува интензитетот на влезната побуда.

Резултатите од инкрементална динамичка анализа се прикажуваат на т.н. IDA криви, кои ја даваат врската помеѓу одредена мерка на интензитет (intensity measure – IM) и однесувањето на конструкцијата изразено преку одредена мерка на оштетување (damage measure – DM). За спроведување на оваа анализа неопходно е дефинирање на доверливи податоци за однесувањето на конструктивните материјали и елементи изложени на циклично товарење и растоварување над границата на еластичност, дефинирање на стабилен алгоритам за решение на системот од диференцијални равенки на движење, како и правилен избор и скалирање на записите на забрзување на тлото, Bommer и Acevedo (2004).

4.1. Избор и скалирање на записи

Во пробабилистичкиот пристап на проценка на сеизмичките перформанси, анализата на одговорот на конструкцијата вообичаено се извршува за дејство на повеќе записи, при што евалуацијата на сеизмичкото однесување се врши преку статистичка обработка на добиените резултати. Ваквиот пристап на анализа на добиените резултати овозможува да се дефинира веројатноста да одреден очекуван земјотрес предизвика извесен степен на оштетувања на конструктивните и неконструктивните елементи. Исто така овој пристап овозможува и идентификација на записите кои имаат најголеми, односно најмали влијанија врз однесувањето на одредени конструкцијата, а преку анализа на тие записи може да се определат и нивните највлијателните карактеристики.

Секој запис на движење на тлото се карактеризира со низа на инженерски параметри, меѓу кои најзначајни се параметрите кои ги карактеризираат амплитудите и фреквентниот состав на земјотресот. За проценка на линеарното однесување на една конструкција, вообичено, доволно е да се знаат спектралните ординати на еластичниот спектар на одговор за доминантната тонова форма. Меѓутоа, при нелинеарно однесување, крутоста на конструкцијата перманентно деградира, а со тоа се менуваат и периодите на сопствени осцилаации. Со тоа може да се случи една конструкцијата, при еластичното подрачје на однесување, да се наоѓа во делот од спектарот со најголеми ординати, но после одреден степен на оштетувања, периодата на првата тонова форма да излезе од доминантното фреквентно подрачје на земјотресот, а со тоа да се зголеми и влијанието на повисоките тонови форми. На Сл. 10 прикажан е еластичниот спектар на забрзување за еден земјотрес и положбата на првите две тонови форми при еластично однесување и при однесување после појава на одреден степен на оштетувања.



Слика 10. Спектрални ординати на еластичниот спектар за почетни и ефективни периоди на осцилации

За директно согледување на влијанието на еден земјотрес врз нелинеарното однесување на една конструкција, не е доволно дефинирање само на предоминантната фреквенција на земјотресот, туку потребно е квантифицирање на рангот на фреквенции, односно периоди, во кој одреден земјотрес ќе има најголемо влијание врз однесувањето на конструкциите. Во рамките на ова истражување, а за потребите за избор на записи за нелинеарната динамичка анализа со дефинирано фреквентно подрачје, разработена е методологија за идентификација на

доминантното фреквентно подрачје во спектарот на забрзување базирана на примена на еквивалентен модифициран спектар, Todorov (2014).

Развиената методологија се базира на трансформација на спектарот на забрзување во дијаграм на модифициран кумулативен спектрален интензитет, со што се овозможува полесна идентификација на граничните периоди на доминантното фреквентно подрачје, средната доминантна периода и средната амлификација на спектарот на забрзување. Дефинираната постапка е применета на 910 регистрации од базата на PEER, (Chiou и др., 2008), од кои за понатамошна анализа се искористени 21 регистрација, групирани во три групи по 7 записи. Трите групи на записи се избрани врз база на претходно дефинирани критериуми во однос на местоположбата и ширината на доминантното фреквентно подрачје.

Прва група на земјотреси (EQ1) ја сочинуваат регистрации од земјотреси со доминантно фреквентно подрачје на ниски периоди. Граничните вредности на доминантното фреквентно подрачје за оваа група на земјотреси се движат во граници ($0.1<T_1<0.15$ sec.) и ($0.55<T_2<0.6$ sec.). Со тоа ширината на доминантното фреквентно подрачје, B_T, е ограничена да се наоѓа во граници ($0.4<B_T<0.5$ sec.), а средната периода T_{sr} е дефинирана во граници ($0.325<T_{sr}<0.375$ sec.). Оваа група на земјотреси треба да ги побуди покрутите конструкции да осцилираат доминантно во првата тонова форма, додека пофлексибилните конструкции да осцилираат во повисоките тонови форми. Втора група на земјотреси (EQ2) претставува група на земјотреси со доминантно фреквентно подрачје на средни до високи периоди, ($0.24<T_1<0.35$ sec.) и ($1.1<T_2<1.5$ sec.). Ширината на доминантното фреквентно подрачје кај оваа група може да се движи во граници од 0.75 до 1.26 sec., додека средната периода може да биде во граници од 0.725 до 0.91 sec. Трета група на земјотреси (EQ3) е дефинирана од услов да ширината на доминантното фреквентно подрачје биде во граници од 1.8 до 2.6 sec., без притоа да се зададат граници за граничните вредности на периодите од доминантното фреквентно подрачје. Оваа група на земјотреси се карактеризира со богат фреквентен состав кој може да побуди различни конструкции со различни периоди на осцилации во линеарно и нелинеарно подрачје.

Постапката за избор на записи е спроведена во два чекори. Во првиот чекор, според дефинираните гранични вредности на доминантните фреквентни подрачја, селектирани се 45 записи од група 1, 34 записи од група 2 и 55 записи од група 3, кои ги задоволуваат поставените критериуми. Во вториот чекор за секој запис е определено кумулативното отстапување од средниот спектар на забрзување. После извршеното подредување, од секоја група на земјотреси избрани се по седум записи кои имаат најмали кумулативни отстапувања, притоа водејќи сметка во секоја група да не се повторуваат регистрации од ист земјотрес. Спектрите на забрзување на седумте избрани записи од секоја група, нивниот среден спектар, стандардната девијација и средниот спектар ± една стандардна девијација, се прикажани на Сл.11.



Слика 11. Избрани спектри за седум земјотреси од трите групи на записи

4.2. Анализа на добиените резултати

Од спроведените нелинеарни динамички анализи добиени се голем број на излезни податоци кои го прикажуваат глобалниот одговор на анализираните конструкции во тек на време (истории на промена на катните поместувања, брзини и забрзувања во тек на време, историите

на промена на вкупната мобилизирана инерцијална сила и силата на пригушување), како и голем број на резултати кои го прикажуваат одговорот на конструкцијата на локално ниво (истории на промена на деформациите и иницираните статички големини во разгледуваните пресеци од моделираните конструктивни елементи).

Најголеми поместувања на врвот, изразени како процент од вкупната висина на рамките се забележуваат кај пониските рамки. Со зголемување на катноста максималните поместувања на врвот се намалуваат, што особено е изразено при случај на земјотреси со доминантно фреквентно подрачје на ниски периоди. Чистите рамки покажуваат поголеми поместувања на врвот во споредба со рамките со исполна, што е поизразено при помали нивоа на максималното забрзување на тлото. Рамките со појака исполна достигнуваат помали вредности на максималното поместување на врвот во споредба со рамките со послаба исполна, што особено е изразено при помали нивоа на максималното забрзување на тлото кај повисоките рамки. Фреквентниот состав на записите на забрзување на тлото претставува највлијателен фактор врз степенот на достигнати максимални поместувања на врвот. Максималните поместувања на врвот кај рамките со исполна од sидарија и со отворен прв кат, пресметани како средна вредност од резултатите добиени за максимално забрзување на тлото од 1g, за записите кои се карактеризираат со доминантно фреквентно подрачје на ниски периоди, се движат во граници од 0.5% до 2% од вкупната висина на рамките. Слични вредности на максималните поместувања на врвот, за дејство на записи со доминантно фреквентно подрачје на средни до високи периоди, како и на записите со широки фреквентни подрачја, се достигнуваат при максимални забрзувања на тлото кои се за 3 до 4 пати помали од максималното забрзување на тлото на записите со доминантно фреквентно подрачје на ниски периоди.

Освен врз степенот на достигнати максимални поместувања на врвот, исполната од sидарија има големо влијание и врз промената на формите на поместувања по висина, како и врз степенот на максималните достигнати релативни катни поместување и врз нивната распределба по висина.

Исполната од sидарија, при помали нивоа на максимални забрзувања на тлото, кога истата се наоѓа во приближно еластично подрачје на работа, значително го вкрутува конструктивниот систем и ги редуцира максималните релативни катни поместувања. При повисоки нивоа на сеизмичко оптоварување, односно при појава на деградација на крутоста и јакоста на исполната, релативните катни поместувања кај рамките со исполна растат значително побргу во споредба со чистите рамки. Исполната со појаки јакостни и крутостни карактеристики поволно влијае врз степенот на достигнати максимални релативни катни поместувања, до одредено ниво на максимално забрзување на тлото. При поголеми максимално забрзувања на тлото, појаката исполна доведува го понепожелен механизам на лом, со што се зголемува и нивото на максимални релативни катни поместувања.

Чист катен механизам на лом, со формирање на пластични зглобови на краевите на столбовите на нивото на првиот кат, каде што отсуствува исполната од sидарија, се забележува кај ниските рамки со 2 и 3 ката, независно од квалитетот на исполната, како и кај петкатната рамка со јака исполна, независно од карактеристиките на разгледуваните записи. Кај повисоките рамки, механизмот на лом е претставен преку формирање на пластични зглобови во гредите и столбовите на првите неколку ката.

4.3. Дискретни нивоа на сеизмички перформанси

Дистрибуција на релативните катни поместувања по висина на рамките е директен показател и на степенот на вкупните оштетувања кои може да се јават кај рамките со исполна за различни земјотресни сценарија. Од определените инкременталните криви на кои е прикажана промената на максималните достигнати релативни катни поместувања во функција од максималното забрзување на тлото, можат да се определат дискретните нивоа на земјотресното дејство кои одговараат на одредено ниво на сеизмички перформанси. Во зависност од достигнатите дилатации во исполната, односно од достигнатите релативни катни поместувања, дефинирани се четири нивоа на сеизмички перформанси и тоа: подрачје на целосна функционалност

(δ_A=0.12%), подрачје на зачувана функционалност (δ_B=0.45%), подрачје на обезбедена сигурност по живот (δ_C=1.5%), и подрачје на "недоверливост", односно подрачје близу до колапс со максимално релативно катно поместување δ_D=2.5%. Треба да се напомене дека истите гранични вредности на релативните катни поместувања се искористени за сите катови кај рамките со исполна, без разлика дали екстремните вредности се јавуваат на ниво на првиот кат, или на некој од погорните катови. За споредба на резултатите истите гранични вредности на релативните катни поместувања се искористени и за дефинирање на граничните состојби и кај чистите рамки. Промената на максималното забрзување на тлото, при кое се достигнува одредено ниво на сеизмички перформанси, во зависност од катноста на разгледуваните рамки, за првата група на земјотреси е прикажано на Сл.12.



Слика 12. Гранични нивоа на сеизмички перформанси за разгледуваните рамки изложени на првата група на земјотреси

За дејство на записи од првата група на земјотреси најповредливи за сите нивоа на сеизмички перформанси се рамките со помала катност. Граничната состојба на целосна функционалност за оваа група на земјотреси се достигнува при максимални забрзувања на тлото од 0.03g за случај на рамката R2 до 0.16g за рамките R5 и R6 со слаба исполна, односно за 0.2g кај рамката R6 со јака исполна. Состојбата на зачувана функционалност, кај ниските рамки се достигнува при PGA од 0.1g до 0.12g, додека кај високите рамки, значително се зголемува и се движи околу 0.45g за случај на слаба исполна, односно 0.57g за случај на рамки со јака исполна. Состојбата на обезбедена сигурност по живот, кај ниските рамки се очекува да биде достигната при максимално забрзување на тлото од околу 0.4g, додека кај повисоките рамки оваа состојба не е достигната во разгледуваното подрачје на максимални забрзувања на тлото. Состојбата близу до колапс, кај рамките со јака исполна се очекува да се достигне при максимални забрзувања на тлото од 0.7g за рамките R1 и R2 до 1g за рамката R4. За случај на слаба исполна оваа состојба кај ниските рамки се достигнува за 2% до 4% поголеми максимални забрзувања на тлото во споредба со рамките со јака исполна, додека кај повисоките рамки достигнувањето на оваа состојба не е регистрирано.

Достигнувањето на дефинираните гранични состојби кај разгледуваните рамки со исполна, за дејство на земјотреси од втората и третата група, значително се разликува во споредба со првата група, што особено е изразено кај повисоките гранични нивоа, Сл.13 и Сл.14. Состојбата на целосна функционалност се достигнува при PGA од 0.05g до 0.07g, за дејство на втората група на записи, односно до максимална вредност од 0.1g, за случај на рамката R5 изложена на третата група на записи. Состојбата на зачувана функционалност, за рамките до 5 ката изложени на втората група на земјотреси, се достигнува при PGA во граници од 0.08g до 0.15g, односно од 0.1g до 0.2g за случај на дејство на записи од третата група. За повисоките рамки со слаба, односно јака исполна оваа состојба се достигнува при просечни вредности на PGA од 0.13 до 0.16g за втората, односно од 0.15 до 0.2g за третата група на записи. Состојбата на обезбедена сигурност по живот се достигнува при максимални забрзувања на тлото од 0.17g до 0.35g. Пониските вредности, вообичаено се резервирани за пониските рамки, кај кои доаѓа до формирање на катни механизми на ниво на првиот кат.

Набргу после достигнувањето на состојбата на обезбедена сигурност по живот се достигнува и состојбата близу до колапс, при што максималните забрзувања на тлото при кои се достигнува

оваа состојба се движат во граници од 0.22g до 0.42g и е во зависност од бројот на катови и од карактеристиките на побудата.



Слика 13. Гранични нивоа на сеизмички перформанси за разгледуваните рамки изложени на втората група на земјотреси



Слика 14. Гранични нивоа на сеизмички перформанси за разгледуваните рамки изложени на третата група на земјотреси

Според дефинираните нивоа на достигнати сеизмички перформанси може да се заклучи дека за обезбедување на граничната состојба на функционалност, исполната од ѕидарија, преку крутоста и јакоста која ја поседува, вообичаено игра позитивна улога, односно го намалува сеизмичкото побарување. Поради можноста од појава на крт лом во исполната, што може да се рефлектира со појава на слаби делови во конструкцијата, може да се каже дека рамките со исполна од ѕидарија се недоверливи при обезбедување на повисоките гранични состојби за обезбедување на сигурност по живот и за заштита од колапс. Кај пониските рамки со отворен прв кат, поради присуството на исполната на погорните катови вообичаено се јавува непожелен механизам на лом преку формирање на пластични зглобови на двата краја од столбовите на првиот кат.

5. АПРОКСИМАТИВНА ИНКРЕМЕНТАЛНА МЕТОДА

Земјотресното инженерство базирано на перформанси, без исклучок, подразбира примена на нелинеарни методи за конструктивна анализа. Од една страна, инкременталната динамичка анализа, спроведена на модели со повеќе степени на слобода, без сомнение, претставува најсофистицираната и најдоверливата анализа која може да го прикаже однесувањето на една конструкција на одредено земјотресно сценарио. Меѓутоа, примената на ова метода бара големи човечки и материјални ресурси, како за поготовка и егзекуција на анализата, така и за селектирање, обработка и интерпретација на резултатите. Имајќи во предвид дека пробабилистичкиот приод во проценка на однесувањето на една конструкција, подразбира обработка на резултатите од повеќе записи, може да се каже дека примената на инкременталната динамичка анализа на комплексни математички модели за дејство на различни земјотресни сценарија во денешно време практично не е можна, или во најмала рака е ограничена на истражувачки цели.

Од тие причини, во последниве петнаесетина години, направени се значителни напори за развивање на поедноставни методи за анализа, кои ќе можат да го доловат нелинеарното однесување и ќе овозможат брз пристап до резултати, а без притоа да се наруши квалитетот и

степенот на точност на решението, Elnashai (2001), Vamvatisikos и Cornell (2005), Dolsek и Fajfar (2005), Han и Chopra (2006). Голем дел од овие методи, се базираат на обработка на резултатите кои се добиени од нелинеарната статичка анализа. Основните претпоставки кои се користат во дел од овие методи, како што се: константна форма на поместувањата, билинеарната идеализација (со или без оцврснување) на кривата на капацитет, како и користењето на нелинеарни спектри добиени со аналитичка зависност помеѓу факторот на редукција и дуктилноста, односно линеарни спектри со вештачки големо пригушување, се само неколку од факторите кои влијаат врз нивната универзалноста.

Поради особеностите со кои се карактеризираат кривите на капацитет добиени за рамките со исполна од ѕидарија, билинеарната идеализација на кривата на капацитет, која е карактеристична кај поголемиот број на нелинеарни статички методи, во рамките на ова истражување е заменета со повеќелинеарна идеализација, со што е овозможено вклучување на нелинеарностите кои се јавуваат и при мал степен на остварени деформации, а се резултат на појавата на пукнатини и достигнување на максималната јакост во исполната, појава на пукнатини во армиранобетонските елементи, појава на течење во арматурата, развој на пластични зглобови во конструктивните елементи и сл. Со промената на начинот на идеализација на кривата на капацитет, се оневозможува и примената на предложените релации за определување на нелинеарните спектри, кои се користат во оригиналната верзија на N2 методата, Fajfar (2000), односно за определување на процентот на ефективното пригушување кое се користи за редукција на еластичниот спектар на одговор во методата на спектрален капацитет, ATC-40 (1996). Наместо користењето на спектри за определување на целното поместување во предложената метода се користи директна интеграција на еквивалентниот систем со еден степен на слобода изложен на дефинирана историја на забрзување на тлото, Todorov (2014). Со тоа во одговорот на еквивалентниот систем, освен фреквентниот сосотав на побудата, се вклучува и времетраењето на историјата на движење на тлото, а преку избраниот хистерезисен модел се вклучува и влијанието на бројот на пластични екскурзии врз степенот на деградација на крутоста и јакоста.

На овој начин направен е компромис помеѓу точноста на решението кое го нуди инременталната динамичка анализа, извршена на системи со повеќе степени на слобода, и брзината на добиеното решение кое го нуди апроксимативната инкременталната динамичка анализа на систем со еден степен на слобода.

5.1. Чекори во апроксимативната метода

За спроведување на инкременталната динамичка анализа преку еквивалентен систем со еден степен на слобода неопходно е дефинирање на доверливи влезни податоци потребни за извршување на модална, нелинеарна статичка анализа на системот со повеќе степени на слобода и нелинеарна динамичка анализа на еквивалентниот систем со еден степен на слобода. Дефинирањето на податоците, спроведувањето на анализите и трансформацијата на добиените резултати, можат да се подредат во дваесет редоследни чекори кои се дадени во продолжение.

Чекор 1: Дефинирање на математички модел за системот со повеќе степени на слобода за линеарна и нелинеарна статичка анализа.

Чекор 2: Извршување на модална анализа и определување на нормиран вектор на катни поместувања во доминантната тонова форма за разгледуваниот правец.

Чекор 3: Генерирање на матрица на распределба на катните маси и нормирана матрица на катни маси.

Чекор 4: Дефинирање на нормиран вектор на распределба на хоризонталните сили неопходни за извршување на нелинеарната статичка анализа.

Чекор 5: Извршување на нелинеарна статичка анализа за дефинираниот вектор на распределба на попречниот товар и определување на кривата на капацитет во формат вкупна попречна сила (P) – поместување на врвот (δ).

Чекор 6: Идеализација на кривата на капацитет преку мултилинеарна крива, Сл.15.



Слика 15. Мултилинеарна идеализација на кривата на капацитет

Чекор 7: Определување на факторот на трансформација.

Чекор 8: Трансформација на идеализираната крива на капацитет во зависност сила – поместување на еквивалентниот систем со еден степен на слобода, преку делење на ординатите на вкупната попречна сила и соодветните поместувања со факторот на трансформација Γ.

Чекор 9: Дефинирање на соодветен хистерезисен модел кој треба да го претставува однесувањето на еквивалентниот систем со еден степен на слобода при состојба на циклично товарење и растоварување.

Чекор 10: Определување на масата на еквивалентниот систем со еден степен на слобода.

Чекор 11: Дефинирање на коефициентот на пригушување на еквивалентниот систем со еден степен на слобода.

Чекор 12: Избор на записи на забрзување на тлото со дефиниран фреквентен состав и нивно скалирање според амплитуди во одреден ранг на максимални забрзувања на тлото.

Чекор 13: Извршување на нелинеарна динамичка анализа на еквивалентниот систем со еден степен на слобода.

Чекор 14: Отчитување на историјата на одговор на еквивалентниот систем со еден степен на слобода и определување на екстремните вредности на достигнатите поместувања.

Чекор 15: Ре – трансформација на максималните поместувања на системот со еден степен на слобода на ниво на систем со повеќе степени на слобода.

Чекор 16: Повторување на чекорите 13 до 15 за целиот ранг на дефинирани максимални забрзувања на тлото.

Чекор 17: Конструкција на инкременталните криви во формат: максимално забрзување на тлото – максимално поместување на врвот на системот со повеќе степени на слобода, добиено од чекор 15, за целиот ранг на максимални забрзувања на тлото.

Чекор 18: Повторување на чекорите 12 до 17 за одреден број на избрани записи и конструкција на средни инкрементални криви на однесување.

Чекор 19: Евалуација на достигнатите гранични нивоа на сеизмички перформанси според максималните поместувања на врвот добиени директно од средните инкременталните криви.

Чекор 20: Определување на локалните мерки на оштетувања преку трансформација на резултатите од инкременталната и нелинеарната статичка анализа, Сл.16 (достигнати максимални релативни катни поместувања, пластични ротации на поедините елементи, достигнати пластични дилатации во бетонот, арматурата и исполната од ѕидарија и сл.).



Слика 16. Трансформација на резултатите од инкременталната и нелинеарната статичка анализа

5.2. Интерпретација и споредба на резултатите

Резултатите од инкременталната динамичка анализа на разгледуваните рамки со исполна од ѕидарија и со отворен прв кат добиени преку анализа на системите со повеќе степени на слобода (MDOF), искористени се за споредба, односно контрола на резултатите добиени со апроксимативната инкрементална динамичка анализа на еквивалентните системи со еден степен на слобода (SDOF). Од големиот обем на добиени податоци, за споредба на резултатите издвоени се: историите на поместување на врвот од одредени поединечни записи, инкременталните криви кои ја прикажуваат промената на максималните поместувања на врвот во функција од максималното забрзување на тлото, хистерезисните дијаграми вкупна попречна сила – пометување на врвот, инкременталните криви на средните максимални релативни катни поместувања и одредени карактеристични профили на промена на релативните катни поместувања по висина на анализираните рамки.

На Сл.17 прикажана е споредба на историите на поместување на врвот и хистерезисните дијаграми вкупна попречна сила – поместување на врвот, за една анализирана рамка изложена на земјотрес од третата група на записи со максимално забрзување на тлото од 0.35g, добиени со помош на „точната“ и апроксимативната метода.



Слика 17. Споредба на историите на поместување и хистерезисниот дијаграм вкупна попречна сила – поместување на врвот

Од прикажаните резултати може да се забележи задоволително поклопување на историите на поместување по два контролни параметри, макимални амплитуди и фреквенција на осцилации.

Слични тенденции на поклопувања и отстапувања на добиените истории на поместувања на врвот се забележуваат и кај останатите анализирани записи на забрзување на тлото, како кај рамките со слаба исполна, така и кај рамките со јака исполна.

Од споредбата на инкременталните криви на поместување на врвот може да се забележи дека инкременталните криви добиени со апроксимативната анализа со задоволителен степен на точност ги пратат инкременталните криви добиени од анализата на системите со повеќе степени на слобода. Задоволително поклопување на резултатите се забележува кај сите анализирани рамки, во целиот разгледуван ранг на максимални забрзувања на тлото.

При споредба на поместувањата од поединечните записи неможе да се воспостави одредена корелација помеѓу отстапувањата на резултатите добиени од двете анализи. Во најголем број на случаи инкременталните криви добиени од двете анализи имаат идентични тенденции со задоволителни отстапувања на максималните добиени поместувања. Во одредени случаи максималните поместувања добиени од апроксимативната анализа се помали, а во одредени случаи поголеми од поместувањата добиени од MDOF анализата. На Сл. 18 прикажани се тенденциите на три различни инкрементални криви добиени со MDOF и SDOF анализата.



Слика 18. Споредба на тенденцијата на инкременталните криви за три различни случаи

При споредба на средните инкрементални криви, добиени за трите групи на записи, се забележуваат слични промени како и при споредба на индивидуалните инкрементални криви. Дел од отстапувањата добиени од поединечните записи се поништуваат, а дел се акумулираат, па кривите на средни отстапувања добиваат поуедначен изглед. Во најголемиот број на случаи отстапувањата помеѓу средните криви се движат во граници од ±10%, иако во одредени случаи отстапувањата можат да бидат и поголеми. При мали нивоа на побуди, вообичаено апроксимативната анализа дава поголеми поместувања, што вообичаено се должи на занемарувањето на хистерезисното пригушување при мали поместувања. При поголеми нивоа на максимални забрзувања на тлото, отстапувањата се намалуваат со што поместувањата добиени со апроксимативната анализа вообичаени се помали од поместувањата добиени преку анализа на системите со повеќе степени на слобода.

Од средните инкрементални криви за промена на максималното релативно катно поместување, може да се забележи слична тенденција на поклопување на резултатите од апроксимативната (SDOF) и „точната“ (MDOF) нелинеарна динамичка анализа како и при случајот на споредба на максималните поместувања на врвот. Најмали отстапувања на резултатите се забележува кај сите рамки изложени на третата група на записи, како и кај пониските рамки R1 до R3 изложени на сите групи на записи. Во одредени случаи, инкременталните криви на максималните релативни катни поместувања покажуваат помали отстапувања во споредба со инкременталните криви кои ја прикажуваат промената на поместувањето на врвот во функција од максималното забрзување на тлото.

На Сл. 19 прикажани се промените на релативните катни поместувања по висина за две анализирани рамки, определени преку анализа на системите со повеќе степени на слобода и со помош на апроксимативната метода преку еквивалентните системи со еден степен на слобода.



Слика 19. Дијаграми на релативни катни поместувања за две анализирани рамки

Изложената апроксимативна метода, на релативно брз начин, може да обезбеди доверливи резултати за евалуација на сеизмичките перформанси на исполнети армиранобетонски рамки со отворен прв кат со одреден степен на точност. Степенот на точност зависи од катноста и квалитетот на исполната, меѓутоа отстапувањата кои се јавуваат во однос на „точната“ метода се занемарливи, доколку истите се споредат со отстапувањата кои можат да се јават при анализа на два различни записи со слични карактеристики.

6. ЗАКЛУЧОК

Исполната од ѕидарија значително влијае врз нивото на попречниот товар кој предизвикува појава на прв пластичен зглоб, како и врз капацитетот на рамките со исполна и со отворен прв кат. Поради прекумерната јакост на столбовите, како и поради промената на механизмот на прифаќање на попречниот товар, рамките со исполна од ѕидарија и со отворен прв кат покажуваат поголема носивост на попречен оптоварувања во споредба со чистите рамки. За сметка на зголемениот капацитет за прифаќање на попречниот товар, рамките со исполна и отворен прв кат покажуваат значително помали поместувања при појава на прв пластичен зглоб, а поради промената на механизмот на лом и помала способност за развој на пластични деформации.

Од добиените резултати од спроведената инкрементална динамичка анализа, може да се забележи дека кај пониските конструкции, квалитетот на исполната не игра особена улога во сеизмичкиот одговор. Споредено со однесувањето на чистите рамки, присуството на исполната кај овие рамки е неповолно за сите нивоа на максимално забрзување на тлото, што редовно се рефлектира преку појава на катен механизам на ниво на првиот кат. Во случај на повисоки конструкции, присуството на исполната го редуцира одговорот до максимални забрзувања на

тлото од 0.3g. За повисоки нивоа на максималните забрзувања на тлото присутвото на исполната вообичаено води до поголеми сеизмички побарувања. Појаката исполна придонесува за помали сеизмички побарувања при помали нивоа на сеизмички хазард, споредено со исполната со послаб квалитет.

Изборот на записи на движење на тлото претставува еден од највлијателните фактори кој директно влијае врз квалитетот на добиените резултати од нелинеарната динамичка анализа. Дефинираната методологија за избор на записи на регистрирани земјотреси од базите на податоци, која е развиена во рамките на ова истражување, овозможува брза идентификација на граничните периоди од доминантното фреквентно подрачје на спектарот на забрзување. Врз база на поставени критериуми за ширината на фреквентното подрачје, средната доминантна периода, просечната спектрална амплитуда, односно спектрална амплификација на доминантното фреквентно подрачје, или преку дефинирање на вредности за граничните периоди на доминантното фреквентно подрачје, оваа методологија овозможува брзо пребарување и избор на регистрации на забрзувања на тлото од постоечките бази на податоци, кои ги задоволуваат поставените критериуми.

За намалување на потребното пресметковно време за извршување на инкрементална динамичка анализа на системите со повеќе степени на слобода, во рамките на ова истражување, предложена е апроксимативна метода, која се базира на одговорот на еквивалентни системи со еден степен на слобода. Имајќи ја во предвид неизвесноста во однос на појавата и карактеристиките на очекуваните побуди на одредена локација, и осетливоста на „точното“ решение на влезните податоци, предложената апроксимативната инкрементална метода, на брз начин, може да даде доверливи резултати за проценка на сеизмичките перформанси на армирано бетонски рамки со исполна од ѕидарија и со отворен прв кат.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Applied Technology Council – ATC (1996). “Seismic Evaluation and Retrofit of Concrete Buildings.” Report No. ATC-40, Redwood City, CA

[2] Bommer, J. J., Acevedo, A. B. (2004). “The use of real earthquake accelerograms as input to dynamic analysis.” Journal of Earthquake Engineering 8, Special Issue, 1, pp. 43–91

[3] Chandler, A.M., Lam, N.T.K. (2001). “Performance-based design in earthquake engineering: A multi-disciplinary review.” Journal of Engineering Structures: Civil Zone Review. 23, 1525-1543

[4], B., Darragh, R., Gregor, N., and Silva, W. (2008). “NGA project strong-motion database.” Earthquake Spectra 24, 23–44

[5] Crisafulli, F.J. and Carr, A.J. (2007). “Proposed macro-model for the analysis of infilled frame structures.” Bull. NZ Soc. Earthq. Eng., 40(2), 69–77

[6] Dolsek, M., Fajfar, P. (2005). “Simplified non-linear seismic analysis of infilled reinforced concrete frames.” Earthquake Engineering and Structural Dynamics, 34(1), 49-66

[7] Elnashai, A. S., (2001). “Advanced inelastic static (pushover) analysis for earthquake applications.” Struct. Eng. Mech., 12(1), 51-69

[8] Fajfar, P. (2000). “A nonlinear analysis method for performance based design.” Earthquake Spectra 16(3), 573–592

[9] Han, S.W., Chopra, A.K., (2006). “Approximate incremental dynamic analysis using the modal pushover analysis procedure.” Earthquake Engineering and Structural Dynamics, 35:1853–1873

[10] Todorov, K. (2014). “Seismic performance of masonry infilled reinforced concrete frames with open first storey.” PhD thesis, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, R. Macedonia.

[11] Vamvatsikos, D. and Cornell, C.A. (2002). “Incremental dynamic analysis.” Earthquake Engineering and Structural Dynamics, 31(3):491-514

[12] Vamvatisikos D., Cornell C.A. (2005). “Direct estimation of seismic demand and capacity of multi-degree of freedom systems through incremental dynamic analysis of single degree of freedom approximation.” Journal of Structural Engineering (ASCE), 131(4):589–599

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

MA - 10

Goran TRAJANOVSKI[1], Aleksandar SPIROVSKI[2], Igor VELKOVSKI[3]

DETAILED DESIGN OF SEWA, WAANJE AND MOA RIVER BRIDGES IN SIERRA LEONE

SUMMARY

This technical paper presents a conceptual excerpt from the Tender dossier for the realization of the bridges component of the "Bandajuma - MRU Bridge Road and Bridges" project, which includes a construction of Sewa, Waanje and Moa rivers Bridges. Highlights from the Structural Condition Survey Methodology are given, including the description of the existing two major bridges on the Sewa and Waanje rivers and the recommendations for their further treatment. Excerpts from the detailed design for the three new major bridges are also given, the method of their construction and also the value asked from the Tender bidders back in 2014.

Keywords: Sierra Leone, Sewa, Waanje, Moa, bridge, composite bridge, condition survey, detailed design

Горан ТРАЈАНОВСКИ[1], Александар СПИРОВСКИ[2], Игор ВЕЛКОВСКИ[3],

ПРОЕКТИРАЊЕ НА МОСТОВИ НА РЕКИТЕ СЕВА, ВАНЏИ И МОА ВО СИЕРА ЛЕОНЕ

РЕЗИМЕ

Соопштението претставува концептуален извадок од делот за Тендерска документација за реализација на мостови од проектот „Пат и мостови наделницата Бандаџума - МРУ Мост“ во Сиера Леоне, кој во себе го опфаќа и проектирањето на три мостови на реките Сева, Ванџи и Моа. Во текстот се прикажани извадоци од методологијата за проценка на состојбата на постојнитеконструкции, опис на двата големи постојни мостовски конструкциина реките Сева и Ванџи,како и препораки за нивен понатамошен третман. Во продолжение се дадени извадоци од Проектот за тритенови големи мостови, начинот на изведување, како и нивната цена на чинење приложена од учесниците на Тендерот објавен претходно во 2014 година.

Клучни зборови: Сиера Леоне, Сева, Ванџи, Моа, мост, спрегнат мост, проценка, проектирање

[1] Senior Structural Engineer, DIWI Germany GmbH, Weserstraße 101, 45136 Essen, Germany, g.trajanovski@diwi.eu
[2] Structural Engineer, Serska 11, Skopje, Republic of Macedonia, alss1963@yahoo.com
[3] Structural Engineer, DIWI Makedonija DOOEL, N. Naumovski Borce 50/2/2, Skopje, Republic of Macedonia, i.velkovski@diwi.mk

1. INTRODUCTION

The National Indicative Programme, 2008-2013 (NIP), signed by the Government of Sierra Leone and the European Commission on 9th December 2007 reflected the willingness to support the transport sector in Sierra Leone.

Similarly, the Regional Indicative Programme 2008-2013 (RIP) and Regional Strategy Paper (RSP) signed by the European Commission and the ECOWAS[4] Commission and the WAEMU[5] Commission in Strasbourg in November 2008 support transport infrastructure.

Within the framework of this Indicative Programme, it has been foreseen to allocate indicative amount for the realization of the bridges component of the "Bandajuma - MRU Bridge Road and Bridges" project which includes a construction of Sewa, Waanje and Moa rivers Bridges.

The project road completes the main missing link within Sierra Leone of the Trans West African Coastal Highway from Nouakchott in Mauritania to Lagos in Nigeria. The immediate links are from Conakry in Guinea - Masiaka / Freetown - Bo– Bandajuma and the MRU Bridge at the border with Liberia on the way to Monrovia.

For the project road BCEOM in 2006 reviewed and updated the detailed design completed by DIWI Consultants (circa 1979 to 1984) for the section of road between Bandajuma to MRU Bridge including the Sewa river Bride near Bo. In May 2010 AL Anet Global Consortium carried out an Identification Study for the project road.

1.1. Project Objectives

The Terms of Reference called for the updating of the Feasibility Study completed by BCEOM taking into account the recommendations forwarded by the Identification Study, and prepare complete documentation including tender documents for works for the following project components (lots):

Component 1: Improvement/construction of 3 bridges over the Sewa, Waanje and Moa rivers along the road from Bandajuma to MRU Bridge;

Component 2: Roads work rehabilitation from Bandajuma to the Moa river bridge (39.8 km) upgrading the road class from Class II, un-asphalted, to Class I, all weather, and

Component 3: Roads work rehabilitation from the Moa river bridge to the border with Liberia (56.1 km) upgrading the class of the road from Class II, un-asphalted, to Class I, all weather.

1.2. Structural Aspects of the Project

The project involved the construction of seven (7) new bridges, of which three (3) major and four (4) minor river crossings, namely:

- the Sewa River Bridge comprises medium size spans with number of four measuring: 50m-58m-65m-50m. The overall deck length of bridge is 224.5m. The Bridge is located about 8.8 km south of Bo on the existing Trans-West Coastal Highway between Bo and Bandajuma;
- the Waanje River Bridge comprises two medium spans measuring 40m-40m. The overall deck length of bridge is 81.5m. The Bridge is located at the start of the project road section at Bandajuma;
- the Moa River Bridge comprises medium size spans with number of three measuring: 42.5m-75m-42.5m. The Bridge is located about 13.5 km west of Zimmi within the project road section;
- the Makemu, Masau, Mapui and Maseniarivers Bridges, ranging 16 and 22m in length.

The project also included construction of 35 cast-in place box culverts that range in standard sizes (W/H) from 2/1, 2/2, 3/2 and 3/3m and are arranged as either single or double cell.

[4] Economic Community of West African States
[5] The West African Economic and Monetary Union

2. STRUCTURAL CONDITION SURVEY

Within the framework of the Indicative Programme, it has been foreseen to allocate amount for the realization of the bridges component of the "Bandajuma - MRU Bridge Road and Bridges" project which includes a construction of Sewa, Waanje and Moa rivers Bridges. However, on the Workshop meeting held back in February 2013 in the Sierra Leone Roads Authority/National Authorizing Office premises, an option of rehabilitating the existing Sewa and Waanje bridges was discussed if the available funding is found to be insufficient.

The Bridge/Structural Engineer was therefore required to prepare a report on the inspection and condition assessment of the main structures along the roads, and carry out detail designs for the rehabilitation or replacement of the structures as required.

The key objectives of the structural condition survey were as follows:

a. Carry out comprehensive and verify the existing inventory and condition evaluation of all bridges and box culverts along the route and to complete the Bridge Condition Forms for the major crossings, in order to prepare data for the engineering design purposes. The Structural/Bridge Engineer has referred to the DMRB[6] guidelines in this regard.

b. Carry out an inventory of existing bridges and all box culverts to ascertain the requirements for any required widening, if found to be viable.

c. To evaluate the structural capacity of existing bridges in terms of the traffic and environmental conditions.

d. To determine the need of conducting diagnostic testing where required.

e. Prepare data for evaluating existing structure replacements, and/or necessary repair works.

f. In cooperation with the Hydrological Engineer to evaluate the adequacy of the waterway openings of the existing bridges and box culverts, etc.

2.1. Highlights from the Structural Condition Survey Methodology

The condition survey was carried out generally in accordance with the guidelines contained within Overseas Road Note 7 (ORN 7)[7], Volume 1: A Guide to Bridge Inspection and Data Systems for District Engineers. The standard form contained within this Road Note was used to record the condition of all bridges.

A detailed inventory and condition survey was carried out for all existing bridges and box culverts in order to determine the assessment of the:

a. Condition of existing bridges and box culverts,

b. Upgrading of the structures by widening, reconstruction or replacement, and

c. Identification of additional required/recommended structures, etc.

The Structural/Bridge Engineer has identified in total 2 nos major bridges, 11 nos minor bridges, 13 nos box culverts and the crossing over Moa River where a new bridge is to be constructed.

The results of the inspection for each bridge structure were summarized on the 'Bridge Inspection Report Form' contained within ORN 7, with additional one to four pages of detailed notes, sketches and related record photographs attached.

2.2. Description of the Existing Major Structures

Two existing major bridges at Sewa and Waanje rivers comprise units of simply supported composite bridge decks, and central spans arranged as simply supported modified Warren type trusses with RC deck

[6] Design Manual for Roads and Bridges, former Highways Agency UK, now Highways England
[7] Published by the Transport Road Research Laboratory, UK in 1988

Во современата македонска практика најзастапени видови преградни ѕидови се: еднослоен ѕид од шуплив керамички блоксо дебелина од 25cm, малтерисан од двете страни(КБ-25), и сендвич ѕид од шуплив керамички блок 12cm со слој од минерална волна во средина, малтерисан од двете страни (КБ-2x12). Причината за ваквиот традиционален пристап на изведување на преградите во Македонија се должи на евтиното производство и работна рака. Имено, глината е достапна и евтина суровина, експлоатација е површинска, едноставна, нема потреба од

претходна обработка и скапи адитиви, производството е автоматизирано, со минимални трошоци и конечно изведувањето на овој вид на прегради не бара висококвалификувана работна рака. Има добра топлинската изолација благодарение на заробениот воздух во шуплините, но за жал не може да обезбеди задоволително ниво на звучна изолација. Во практиката се регистрирани највисоки 46 dB за КБ-25 и највисоки 48 dB за КБ-2x12, сл. 2 и сл.3.





Слика 2. Изолациона моќ на преграден ѕид КБ-25





Слика 3. Изолациона моќ на преграден ѕид КБ-2x12

За да може овој тип преградни ѕидови задоволително да се однесуваат од аспект на звучната изолација, потребно е зголемување на површинската маса.Во минатото тоа се постигнувало со исполнување на шуплините со песок, на тој начин кривата на изолациона моќ паралелно би се поместила нагоре.Но, модерното проектирање не треба да се движи во таа насока, односно мора да се изнајдат поелегантни решенија, бидејќи поголема маса значи и акумулација на поголеми сеизмички-инерцијални сили на конструкцијата.

3. ПОДОБРЕНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕГРАДНИ ЅИДОВИ МЕЃУ СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ

Бидејќи е воочено дека досегашните типични преградни ѕидови не можат да ги задоволат критериумите за звучна изолација во современото живеење, започнат е процес на модифицирање на истите со цел да се пресретнат европските критериуми за звучна изолација.

Класичниот КБ-25 е „зајакнат” со гипскартонска плоча на метална потконструкција широка 5cm,а меѓупросторот е исполнет со минерална волна (КБГ-25).





Слика 4. Изолациона моќ на преграден ѕид КБГ-25

Вака изведениот ѕид достигнува звучна изолациона моќ од 53 dB.Очигледен е главниот недостаток на вака изведениот преграден ѕид - дебелината, вкупно 34 cm, која драстично ја намалува корисната површина во еден објект, но сепак, може да биде можно решение за подобрување на веќе изведен ѕид КБ-25.

Многу поелегантно решение се постигнува ако се примени лесен повеќеслоен ѕид од гипсени плочи и минерална волна во меѓупросторот, сл.5. Изведениот ѕид е со вкупна дебелина од 18.75 cm, има двојна челична потконструкција која двострано се обложува со по 3 гипсени плочи и исполна од минерална волна во празниот простор меѓу профилите. Во средината, се поставува дополнителна гипсена плоча (W115).





Слика 5. Изолациона моќ на преграден ѕид W115

Се забележува дека ѕидот W115 со дебелина 18.75 cm постигнува иста звучна изолација од 53 dB како ѕидот КБГ-25, кој има дебелина од дури 34 cm. Оваа споредба секако му дава предност на лесниот повеќеслоен ѕид.

Споредувајќи ги дијаграмите од сл.2, сл.3 па и сл.4 може да се констатира дека тешките ѕидови од керамички блоковигенерално ја следат стандардната крива, односно постигнуваат задоволителна изолација за ниските фреквенции, а потфрлуваат на средно-високите фреквенции. Кај лесните конструкции, пак, ефектот е обратен; тие одлично ги изолираат средните до високи фреквенции, додека за ниските фреквенции покажуваат послаби резултати. Со правилно проектирање (површинска маса на слоевите, растојание на слоевите) може да се намали овој ефект и да се добие одлична звучна изолација на лесните повеќеслојни ѕидови. Овие ѕидови се исто така осетливи на начинот на изведување. Потребни се квалификувани

работници, бидејќи и најмал недостаток може драстично да ја намали звучната изолација кај овој вид преградни ѕидови.



Слика 6. Изолациона моќ на преграден ѕид ГБГ*

На сл. 6 е претставен ѕид изведен од гитер тула 12 cm, обложен од двете страни со двојни гипсани плочи поставени на метална потконструкција со ширина 5 cm, амеѓупросторот е исполнет со минерална волна (ГБГ*). Плочите се залепени со т.н. *зелено лепило* коешто претставува новина на пазарот. Имено станува збор за полимерна формула којашто служи да го зголеми придушувањето на конструкцијата, односно за да ја претвори механичката енергија од звучните бранови во топлинска. Измерената изолациона моќ на ѕидот ГБГ* изнесува 55 dB. Ваквиот ѕид теоретски може да постигне и повисока звучна изолација, доколку би се нанесувало ова лепило на лице место, за да постои можност да се редат плочите напоредно, со што би се избегнале звучни мостови низ споевите. Секоја нова технологија треба внимателно да се применува, односно, учесниците во изведбата задолжително треба да посетуваат обуки за да може правилно да ги вградуваат проектираните преградни ѕидови. Сите споеви треба убаво да се изолираат, и споевите на различните слоеви не треба да се изведуваат во иста рамнина.

4. ПРЕГРАДНИ ЅИДОВИ СО ВРАТИ

Преграден седнвич ѕид КБ-2x12 со вградена врата, раздвојува станбена единица од ходник, позиција 2, сл.7. За да се процени ефектот што го има вратата врз севкупната изолациона моќ на преградата потребно е да се определи изолационата моќ на ѕидот преку мерење на позиција без вградена врата, пр. позиција 1. Добиен е резултат од 45 dB. Потоа е извршено мерење на изолационата моќ на позиција 2. Резултатот е прикажан графички на сл.7, се забележува намалување на севкупната изолациона моќ за 7 dB.



Слика 7. Изолациона моќ на преграден ѕид КБ-2x12 со врата

Врз основа на добиените резултати, може да се изврши проценка на изолационата моќ на надворешната врата којашто е вградена во преградниот ѕид.

Бидејќи изолационата моќ на ѕидот изнесува 45 dB,неговиот коефициент на пренесување $\tau_{ѕид}$ е:

$$45 = 10log_{10}(1/\tau_{ѕид})$$

$$\tau_{ѕид} = 3.16 \cdot 10^{-5}$$

Севкупната изолациона моќ на преградатаизнесува 38 dB, оттукакоефициентот на пренесување на преградата,$\tau_{вкупно}$ е:

$$38 = 10\log_{10}\left(1/\tau_{вкупно}\right)$$

$$\tau_{вкупно} = 1.58 \cdot 10^{-4}$$

Вкупната пропустливост за композитна преграда се пресметува со релацијата:

$$\tau_{вкупно} = \frac{\sum \tau_i S_i}{S} = \frac{\tau_1 S_1 + \tau_2 S_2 + \cdots + \tau_n S_n}{S}$$

Со изедначување се добива коефициентот на пренесување на вратата:

$$\tau_{вкупно} = \frac{3.16 \cdot 10^{-5} \cdot 9.63 + \tau_{door} \cdot 2.16}{11.79} = 1.58 \cdot 10^{-4}$$

$$\tau_{врата} = 7.24 \cdot 10^{-4}$$

Конечно, изолационата моќ на вратата изнесува:

$$R = 10\log_{10}(1/\tau) \approx 31 \text{ dB}$$

Според истата пресметка доколку изолационата моќ на вратата би била 20 dB, вкупната изолациона моќ на целата преграда би изнесувала 27 dB.Ова покажува дека доколку изолационата моќ на двете компоненти кои ја сочинуваат преградата имаат поголема разлика во изолационата моќ, секогаш доминантна ќебиде послабата алка во синџирот, секогаш изолационата моќ ќе биде поблиска до изолационата моќ на најслабата компонента.Па оттука може да се заклучи дека апсолутно е непотребно ѕидот да се проектира со изолациона моќ поголема од 10dB од изолационата моќ на вратата/прозорецот, бидејќи севкупниот ефект ќе биде незначителен во споредба со вложените средства. Подобра опција би билаако се зголеми изолационата моќ на послабата компонента.



Слика 8. Изолациона моќ на преграден ѕид КБ-25 со врата

Друг пример на ѕид со врата е прикажан на сл.8. Станува збор за ѕид изведен од шуплив керамички блок со ширина од 25 cm,кој ја раздвојува станбената единица од ходникот, аво него е вградена врата. Бидејќи во случајов, звукот поминува само низ врата, доминантна е површината на вратата, измерената изолациона моќ од 27dB е всушност изолационата моќ на вратата.

Треба да се подвлече дека вратите и прозорците драстично ја намалуваат изолационата моќ на преградата, покрај правилен избор на врати и прозорци, потребно е целосно затворање на сите процепи на контактот на врата/прозорец со преградата.

5. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ, ДОПОЛНИТЕЛНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗВУК

Планирањето на просторот е доста важен елемент во обезбедување на соодветно ниво на звучна изолација. Така на пример, и покрај тоа што вратата од сл.8 има послаба изолациона моќ (27dB) од изолационата моќ на вратата од сл.7 (31 dB), поради постоењето на претсобје во вториот случај, корисниците немаат никаков проблем со бучавата од коридорот, за разлика од првиот случај, каде корисниците имаат проблем со повисокото ниво на бучава кое со создава во дневниот простор. Затоа доколку е изоставено претсобјето во плановите на станбената единица се препорачува примена на врата која обезбедува висока изолациона моќ.



Слика 9. Дополнително пренесување на звук

Од резултатите прикажани на сл. 9 може да се воочи влијанието на дополнителното пренесување на звук преку системот на слабоизолирани врати.Прегрaдниот ѕид е изведен како ГБГ*, кој според претходно изнесеното постигнува звучна изолација од 55 dB. Во овој случај измерените податоци покажуваат изолациона моќ од само 45dB. Причината е јасна и во процесот на мерење беше регистрирана од самиот звукомер: станува збор за дополнително пренесување на звук преку двете врати кои се еднослојни и слабо изолирани. Во овој конкретен

случај е непотребно изведување на ѕидот како толку скапа варијанта, бидејќи посакуваниот ефект не може да се постигне. Ваквото решение на преграден ѕид може да дојде до израз само во случај ако барем едната врата се замени со повеќеслојна и добро изолирана конструкција.

6. ЗАКЛУЧОК

Комфорот има централна улога вомодерниот животен стандард. Од аспект на звучна изолација, тој може да се постигне само со правилно проектирање, планирање и изведба. Конструкцијата треба да има континуитет, сите отвори, процепи, машински, електро и хидро инсталации треба да бидат соодветно третирани: еластично потпирање, еластично раздвојување, заптивање и сл. Секое невнимание при изведбата може да ја редуцира звучната изолација до 10dB и повеќе, што е многу драматично, земјаќи ја предвид логаритамската природа на децибелите. Наједноставно е кон проблемот на звучната изолација сериозно да се пристапи уште во процесот на проектирање, бидејќи подобрувањето на веќе изведените конструкции не е секогаш возможно за логичен финансиски буџет. Во тие случаи,in situмерењатасе задолжителни бидејќи е неопходно да се оцени фактичката ситуација на самата преграда и евентуалните пропусти во изведбата или проектирањето.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Hopkins, C. 2007. Sound insulation. Oxford: Elsevier Ltd

[2] Tor, E. 2008. Building acoustics. New York: Taylor and Francis

[3] Самарџиоска, Т., М. Јованоска. 2013. „Акустично однесување на преградни ѕидови во објектите" Зборник на трудови на Градежниот факултет 28-36

[4] Јованоска, М. 2013. „Методологија за класификација на објектите според звучна изолираност" Магистерска работа. Скопје: Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Градежен факултет

[5] МКС EN 12354-1:2010: Градежна акустика – Процена на акустичните својства на објекти од својствата на елементите – Дел 1: Воздушна звучна изолација помеѓу простории (идентичен со EN 12354-1:2000)

[6] МКС EN ISO 140-4:2010: Акустика - Мерење на звучна изолација на згради и градежни елементи - Дел 4: Теренски мерења на воздушна звучна изолација помеѓу простории

[7] МКС EN ISO 717-1:2013: Акустика - Вреднување на звучната изолација во објекти и градежни елементи - Дел 1: Воздушна звучна изолација

[8] МКС У.Ј6.201/1989: Акустика во градежништвото. Технички услови за проектирање и изградба на згради

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SC - 6

Konstantin KAZAKOV[1], Ana YANAKIEVA[2], Anita HANDRULEVA[3],
Iliana STOYNOVA[4], Vladimir MATUSKI[5]

COMPARATIVE ANALYSIS OF PHASED ENERGETIC RENOVATION OF AN OFFICE BUILDING, SITUATED IN SOFIA

SUMMARY

In this paper a comparative analysis of phased energetic renovation of an office building, situated in the city of Sofia and designed according to the standards for Energy efficiency, forced at the time was made. Different economic indicators are used. For comparison base modern legislation and prices of materials for remediation are adopted. The most suitable approach for a such case is shown. Optimal pricing strategy is formulated.

Keywords: energetic renovation, energy efficiency

Константин КАЗАКОВ[1], Ана ЈАНАКИЕВА[2], Анита ХАНДРУЛЕВА[3],
Илиана СТОЈНОВА[4], Владимир МАТУСКИ[5]

КОМПРАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ЕНЕРГЕТСКО РЕНОВИРАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ ВО СОФИЈА

РЕЗИМЕ

Во овој труд направена е компаративна анализа на енергетско реновирање во фази на деловен објект во Софија проектиран во согласност со стандардите за енергетска ефикасност. Во трудот се користени различни економски индикатори. Како основа за споредба усвоена е модерната легислатива и цените на материјалите за санација. Прикажан е најсоодветниот пристап за еден ваков случај, а формулирана е и оптимална финансиска стратегија.

Клучни зборови: енергетско реновирање, енергетска ефикасност

[1] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, USEA(VSU) "Lyuben Karavelov", kazakov@vsu.bg
[2] Assoc. Prof. PhD, Institute of Mechanichs, Bulgarian Academy of Science, Sofia, Republic of Bulgaria, aniyanakieva@imbm.bas.bg
[3] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, USEA(VSU) "Lyuben Karavelov", anita_handruleva@abv.bg
[4] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, USEA(VSU) "Lyuben Karavelov", stoynova@vsu.bg
[5] Assist Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, USEA(VSU) "Lyuben Karavelov", vladimirmatuski@abv.bg

1. INTRODUCTION

According to EU directives required rate of renovation of buildings is increased, as the existing building stock is the sector with the greatest potential for energy savings. The conclusions of the European Council of 2007 stressed the need to increase energy efficiency in the Union to achieve by 2020, 20% of primary energy consumption in the Union compared to projections. Moreover, buildings are crucial to achieving the Union's target to reduce greenhouse gas emissions by 80-95% by 2050 compared to 1990. The implementation of cost-effective energy solutions and the development of measures to improve energy efficiency the buildings are justified by the benefits and savings associated with their implementation. [1] In developing measures to improve energy efficiency should take into account the benefits and savings associated with efficiencies that are achieved through the widespread application of cost-effective technological innovations.

2. DESCRIPTION OF THE BUSINESS BUILDING

Concerned business building was built in 1996 and is situated in Sofia. It was designed and constructed according existing then regulations and requirements for the technical efficiency. Then current requirements for the technical efficiency are quite low in comparison with the requirements placed on energy efficiency at present. The building has four floors and a basement and attic. Filled Reinforced concrete roof slab and 10 cm insulation. EPS under the roof covering. Its built area is 221 square meters and the total area of 1603 square meters slack. The construction is reinforced concrete, skeletal beam, brick external walls are 25 cm thick.

Figure 1. Facades east - northeast and west before implementation of rehabilitation

3. ENERGY RENOVATION

The building was renovated in stages, according to current regulations. Renovation of the building was completed in early December 2010. Filled external insulation of 8 cm. EPS (expanded polystirol) in two stages and mineral plaster. In implementing the first stage is filled insulation just southwest facade and internal insulation of reinforced concrete diaphragm earthquake of eastern facade. In the second stage is completed thermal insulation of facades and other bays. Replaced all sills and removed existing leaks. External brick walls insulation was executed according to the detail shown in Figure 2. Replacement is compromised insulation on the balconies on the top floor. In the attic is filled insulation 5 cm. EPS by hand Flatten the ceilings of the rooms and the walls and ceilings laid insulating latex.



Figure 2. Detail the performance of insulation in walls

Figure 3. Facades east - northeast and west after a refurbishment

4. COMPARATIVE ANALYSIS OF TECHNICAL-ECONOMIC INDICATORS

Table 1 shows the technical and economic indicators of the present building.

Built area	221 sq.m.
Built-up area	1603 sq.m.
Area of the walls filled with insulation – I stage	110 sq.m.
Area of the walls filled with insulation – II stage	503 sq.m.
Value of construction works for carrying out energy efficiency measures	11 020 Euro

Table.1 Technical and economic indicators of the present building.

Fig. 4 and 5 show graphs of average monthly temperatures (Figure 4) during the heating season of 2009-2014, and electricity consumption (Figure 5) for the same period.

Typical of these graphics are sharp jumps consumption in 2009-2010 and significantly smooth increase or decrease in electricity consumption in the period after 2010 ie after the refurbishment.



	Jan	Feb	Mar	Apr	Oct	Nov	Dec
2009	-2	1	6	12	12	8	3
2010	0	2	6	11	10	11	0
2012	-3	-4	6	12	14	8	-1
2013	0	3	6	12	13	8	-4
2014	1	6	9	11	11	7	1

Figure 4. Average monthly temperatures during the heating season, 2009-2014.



	Jan	Feb	Mar	Apr	Oct	Nov	Dec
2009	9736	7425	12719	9004	5700	5891	9004
2010	8258	8357	7762	5588	4404	4998	10748
2011	9450	9005	9278	5517	4277	6455	8537
2012	8802	9314	7356	3390	1404	4250	9874
2013	8620	4690	4516	4470	2806	5430	5250
2014	4720	5400	4170	2073	1870	5640	8620

Figure 5. Consumption of electricity generated for heating, 2009-2014.

Fig. 6 and 7 respectively show graphs of average temperature and average fuel elekroenergiya for the heating season 2009-2014.

There are approximately the same average temperatures for the heating season of 2009, 2010 and 2013 gradually reduce the cost of electricity generated for heating the building, such a reduction is 16% for 2010 compared to 2009 and by 40% in 2013 compared to 2009.



Figure 6. Average temperatures for heating season.



Figure 7. Average cost of electricity for heating season.

Year	2009	2010		2011		2012		2013, 2014
	Jan.-Dec.	Jan.-June	July-Dec.	Jan.-June	July-Dec.	Jan.-June	July-Dec.	Jan.-Dec.
Price, €/kWh	0.112	0.112	0.118	0.123	0.128	0.128	0.148	0.153

Table 2. Movement of electricity prices during the period 2009-2014.

5. BASIC REMARCS

The conclusions are made based on observations of an office building with about 24 units. tenants for seven years: two years ago and renovating five years thereafter. The building has no central heating and each tenant decides how to be heated in the autumn and winter months. In this case do not always choose the most efficient heater. So comparing electricity consumption with the average temperature in the months and years. The graph shows that after the renovation costs decrease with each subsequent year. There's a few reasons:

a. The summer temperature of the outer walls of the building is retained longer.

b. Only tempering premises becomes faster and less power consumed. Energy because the walls are already playing the role of the battery heat.

c. A comfortable working temperature in the rooms.

d. Life of electricity. Heaters shall be extended for a smooth load schedule of work without spikes.

e. Savings in power. Energy can help to purchase more expensive, but more efficient heaters with a longer service life and lower power consumption.

f. If we ignore the price increase of current expenditure for rehabilitation in our case can be compensated for 12 years. But we should be noted that from 2009 to 2015 the price of electricity has changed from 0.112 € / kWh to 0.153 €/kWh or 36%.On the other hand this discipline people and they begin to use more efficient heating and displayed as graphs consumed el. Energy decreases while keeping the other components: tempering, comfortable temperature.

6. CONCLUSION

Taking into account the reduced energy consumption of electrical charges as a result of the use of energy efficient solutions, such as the remediation costs incurred will be recouped over a period of 10-12 years. The temperature in the premises of 21 - 23^{o}C is achieved and maintained with significantly less heat loss. Energy efficient solutions enable optimum use of space heaters, as well as more flexible temperature control in workplaces both work and overtime. Beyond these financial indicators can point to progress and greater comfort in the workplace, as well as more rational operation of heating appliances, thus increasing and their lifetime.

ACKNOWLEDGEMENT

The study has been financially supported by the USEA(VSU) “Lyuben Karavelov” , Projects 02/2013 and 02/2014.

REFERENCES

[1] Directive 2012/27 / EU of the European Union on energy efficiency

[2] Energy Efficiency Act, Prom. SG. 35 of 05.15.2015, effective from 05.15.2015.

[3] Michael Donn et al., Solution Sets for Net Zero Energy Buildings, Ernst&Sohn, 2015, ISBN 978-3 433-03072-1

[4] Andreas Athienitis, William O’Brien, Modeling, Design, and Optimization of Net-Zero Energy Buildings, Ernst&Sohn, 2014, ISBN 978-3-433-03083-7

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SC - 7

Goran MARKOVSKI[1]

UNSUSTAINABLE SUSTAINABILITY

SUMMARY

Sustainable engineering asks for high personal and social awareness and responsibility, certain level of civilization, material and spiritual wealth, well organized society. Macedonian engineering is at a period when the most of these preconditions are not fulfilled. The private capital in this significant area has found us unprepared. The profit became the only measurable category for quality. The impression is that in certain segments of civil engineering, the sustainability, although at that time a nonexistent term, has been much more taken into consideration compared to nowadays, when we are witnessing massive space rape, ordered urban planning, numerous improvisations, dangerous adventurism, deficit of knowledge.

Keywords: awareness, responsibility, profit, knowledge

Горан МАРКОВСКИ[1]

НЕОДРЖЛИВА ОДРЖЛИВОСТ

РЕЗИМЕ

Одржливото градителство бара висока лична и општествена свест и одговорност, одредено цивилизациско ниво, материјално и духовно богатство, средено општество. Македонското градителство се наоѓа во период кога поголем дел од овие предуслови не се исполнети. Навлегувањето на приватниот капитал во оваа значајна област нé дочека неподготвени. Профитот стана единствената мерлива категорија за квалитет. Впечаток е дека во одредени сегменти од градежништвото, одржливоста, иако во тој период како термин непозната, била многу повеќе запазена од денес, кога сме сведоци на масовно силување на просторот, нарачани урбанистички планови, бројни импровизации, опасен авантуризам, дефицит на знаење.

Клучни зборови: свест, одговорност, профит, знење

[1] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, markovski@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

На почеток, потсетување дека одржливиот развој треба да ги задоволи потребите на сегашноста без, при тоа да ги загрозува можностите на идните генерации за задоволување на нивните потреби Сл.1. Навистина убаво смислено. Хуманистички пристап, иако, признавам, по малку потсетува на основната премиса на, моментално, ан блок анатемисаниот комунизам, систем во кој би требало секому да му следува според потребите. Но, за жал, или можеби не, комунизмот се (само)прогласи за утопија, а ние, потполно неподготвени, набилдани со разно-разни фрустрации, навлеговме во суровиот свет на капитализмот. Систем кој, како и да се претставува, почива на идејата за што поголемо заграбување за себе. Грабливост која не познава граници. Која не само што не води грижа за идните генерации, туку нема одговорност ни за сегашноста. Бескрупулозно уривање на сите етички норми единствено заради остварување на што е можно поголема лична корист. Изигрување стандарди, правила, закони, со единствен клучен збор – профит.



Слика 1. Одржлив развој како пресек на повеќе множества

Слична дефиниција важи и за одржливите инженерски објекти. Тие се дефинираат како градби кои се замислени, проектирани, изградени, со кои се управува и кои се одржуваат (и евентуално отстрануваат) на таков начин што овие активности изискуваат што е можно помалку природни, материјални и енергетски ресурси на околните заедници. Современ пристап кој изискува високо развиена свест, општествена одговорност, почитување стандарди, материјално, и што е уште побитно, духовно богатство. Дали македонското градителство и воопшто македонското општество е созреано за ваков пристап ?!

2. ЕЛЕМЕНТИ НА НЕОДРЖЛИВОСТ

Неодржливата одржливост е, за жал, присутна во сите сегменти на нашето градителство. Почнувајќи од нехуманиот урбанизам по нарачка, силувањето на просторот, уништувањето на природата, насилничкото градење, квази термика, лажни материјали, неразработени детали, фузија на стари и нови објекти, шпекулативни квалитети..... Испреплетеност на големи материјални интереси, политика, корупција, медиокритетство, инженерски клиентивизам

2.1. Законска де-регулатива

Првиот закон за градење во независна Македонија беше донесен дури 15-тина години по нејзиното осамостојување. Имајќи ги предвид промените на општествениот систем, трансформацијата на сопственоста и др., премногу доцна. Практично, може да се каже дека, воспоставената (најчесто погрешна) практика ги диктираше законските решенија, а не обратно. Потоа настапи период на премногу чести измени и дополни, кои не ретко беа насочени кон разрешување на пооделни актуелни проблеми или состојби. Толку чести што стана невозможно да се следат и соодветно применуваат во пракса.

2.2. Нестандардна стандардизација

Стандардизацијата е основа за квалитет. Колку се стандардите поквалитетни, поосмислени и подолговечни, толку гаранцијата за квалитетот на градежните производи е поголема. Откако старите YU стандрди по автоматизам ги трансформиравме во македонски, настапи период на усогласување со Европските. Тешка и одговорна задача, особено за мала држава со скромен човечки потенцијал, кој дополнително се редуцира по разни основи.

Се наоѓаме во период кога не можеме со сигурност да потврдиме во која фаза од стандардизацијата моментално се наоѓа македонското градителство. Кои стандарди, а кои правилници се во важност. На кои технички нормативи треба да се повикуваме. Што е актуелно, а што застарено. Случајот со Еврокодовите, со сиот процес на нивното усвојување, може да послужи како архетипска стандардизирана македонска приказна.

2.3. Промена на географија

Неконтролираното конценсионерско уништување на цели ридови во близина на населените места и покрај главните патни правци, сето пропратено со неснослив прав и бучава, резултира со трајно пореметување на еко рамнотежата. Моќта на интересот на приватниот капитал се покажа поголема од јакоста на природниот камен Сл. 2.

Слика 2. Неповратно уништување на природната рамнотежа

Во исто време, од разни причини и интереси, природната средина се силува и се узурпира. Никнуваат градби на критични локации, а оние места со висок ризик не се обезбедуваат навреме со што стануваат потенцијална опасност за безбедноста на луѓето Сл. 3.

Слика 3. Градење на несигурни локации и последици од необезбедени критични места

2.4. Урбанизам по нарачка

Урбанизмот, како зачетник и своевиден регулатор на процесот на градење од мултидисциплинарна, сериозна и крајно одговорна професија се претвори, речиси без исклучок, во моќно средство за исполнување желби, интереси, фрустрации. Влијае во духот на: „Повисоко, поголемо, посилно – уништување на просторот“. Се редат објекти без ред. Се тискаат еден до друг, се поклопуваат еден врз друг Сл. 4. Единствен критериум за квалитет

станува степенот на задоволување на интересите на нарачателите. Просторот се дехуманизира. Се уништува. Засекогаш.

Слика 4. Дехуманизиран урбанизам

2.5. Квази проекти, формални ревизии, невидливи надзори

Ниски цени, нелојална конкуренција, куси рокови, неразработени детали.... Изработката на проектната документација, ревизијата и надзорот добија формален карактер. Форма без содржина. Недостаток на знаење, на одговорност, темелност, сериозност. Секој може сé. Бескрајни листи со виртуелни учесници. За да се добие овластување. Документ кој и онака нема никакво квалитативно значење Сл. 5.

Слика 5. Дефицит на знаење, суфицит на јавашлук

2.6. Неуки изведувачи

Не ретко, со стекнати лиценци врз база на виртуелни инженерски овластувања. Вработени инженери без работна обврска. По системот пола/пола. А, градбата оставена во рацете на учени-недоучени мајстори. Импровизации, контрапродуктивно штедење, храброст од незнаење.

Слика 6. Градење темелено на фактор - среќа

2.7. Енергетска полу-ефикасност

Во последно време терминот енергетска ефикасност започна се повеќе да се применува и во нашето градежништво. Сé појавија мноштво „врвни експерти“. Се нудат материјали, анализираат решенија, се плетат приказни, пренесуваат „искуства“...За да на крај сé заврши со поимите термопан и стиропор (5-ка или 10-ка). Без разлика што и колку тие вистински да значат. Никој не прашува ниту размислува за опасноста од ширење пожар, за трајност на својствата, за правилна монтажа, за ..... Битно е да се задоволи формата. А потоа.... Сл. 7.

Слика 7. Енергетска полу-ефикасност (предна и задна фасада на ист објект)

2.8. Детали

Велат дека убавината, а јас би додал и квалитетот, е во деталите. Добро решениот детал има големо влијание не само на естетската компонента на објектот, туку и на неговата трајност, употребливост, носивост. На неговата одржливост. За да биде добар, деталот треба да биде квалитетно решен. А, за тоа треба знење, посветеност, сериозност, време за разработка Сл. 8.

Слика 8. Анти-детал

3. ЗАКЛУЧОК

Одржливоста во градењето е во директна корелација со нивото на општествената свест, моралните вредносни норми, степенот на знаење и сл. Беспоштедната трка по профит, особено во де-регулирани средини, е обратно пропорционална на степенот на одрживост. Република Македонија сеуште се наоѓа во период на болна транзиција, низ која исчезнаа многу макотрпно градени придобивки во областа на градежништвото. Бројни се секторите кои се карактеризираат со елементи на неодржлива градба.

Потребно е целосно ресетирање на овој значаен стопански сектор. Почнувајќи од прочистена законска регулатива, квалитетна стандардизација, ригорозна контрола на квалитетот, промена на свеста, па се до прецизно позиционирање на скалилото на знаење. Само така ќе се создадат услови вистински, а не само декларативно, да се насочиме кон одржливоста и останатите трајни вредности.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Сопствено искуство

[2] Фотографии – Сопствена архива создадена во соработка со соработниците

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

SC - 8

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

Divna PENCIC[1], Aleksandar RADEVSKI[2]

SUSTAINABLE URBAN DEVELPOMENT: EXPLORING THE ARISING PROBLEM OF LIGHT POLLUTION

SUMMARY

Sustainable urban development in itself covers a wide variety of topics and problems substantially connected to the need to achieve such development in cities. One of the problems that are less known is certainly the so called "light pollution" or excessive or invasive artificial lighting. Although actualisation of the problem with light pollution started some fifty years ago in the world, in our country this problem is hardly recognised by the professional and scientific community. Therefore, there is a need for raising this issue in order to detect problems in our urban areas, and to find solutions and conditions against its harmful impact.

Keywords: light pollution, sustainable urban development

Дивна ПЕНЧИЌ[1], Александар РАДЕВСКИ[2]

ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ: ИСТРАЖУВАЊЕ НА РАСТЕЧКИОТ ПРОБЛЕМ НА СВЕТЛОСНО ЗАГАДУВАЊЕ

РЕЗИМЕ

Одржливиот урбан развој во себе опфаќа огромен број на теми и проблеми врзани со потребата да се постигне таков развој во градовите. Еден од проблемите којшто е помалку познат е секако тн. „светлосно загадување“ или прекумерно или наметливо вештачко осветлување. Актуелизирањето на проблемот со светлосното загадување иако е започнато некаде пред педесеттина години во светот, кај нас овој проблем скоро и да не е препознаен од страна на стручната и научната заедница. Оттука е и потребата да се отвори прашањето и да се детектираат проблемите во нашите градски средини, како и да се изнајдат решенија и услови за намалување на неговото штетно влијание.

Клучни зборови: светлосно загадување, одржлив урбан развој

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Architecture, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, pencic.divna@arh.ukim.edu.mk
[2] Assist. Prof. PhD, Faculty of Architecture, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, radevski@arh.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Во рефератот ќе биде поставена проблематиката на светлосното загадување од областа на одржливиот урбан развој и неговото актуелизирање како проблем во градовите во Република Македонија. Проблемот кој навидум се чини незначаен, всушност има поширок последици кои негативно влијаат на човекот, животната средина и останатиот жив свет. Светлосното загадување има последици какви што се: непотребно трошење на енергија, нарушување на здравјето на луѓето, создавање конфликтни ситуации во општењето меѓу луѓето, менување и нарушување на природните проецеси и екосистемот во целина.

Рефератот има намена да го прикаже проблемот на прекумерно и неконтролирано расфрлање на светлина, како еден од проблемите на современото време, на кое поради несвесност, незнаење и неинформираност му посветувамне многу малку внимание. Иако во светот веќе педесеттина години активно се зборува и работи на оваа проблематика, во Р. Македонија дури и да не се спомнува ниту стручно и научно да се третира.

2. СВЕТЛОСНОТО ЗАГАДУВАЊЕ: НУСПРОИЗВОД НА СОВРЕМЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ

Светлосното загадување е појава која е актуелизирана во светот релатино во поново време и мобилизацијата околу прашањето на „светлосното загадување“ започнува некаде во 70тите години од минатиот век, како реакција на астрономите и љубителите на набљудување ѕвезди, на сè помалку видливите ѕвезди и неможноста да се истражува (Sperling, 1991). Денеска фокусот е поместен на здравјето на луѓето кои секојдневно и постојано се изложени на поедини влијанија на светлината (Chepesiuk, 2009). Откриено е дека агресивната светлина во градовите влијае и на луѓето и на целокупниот жив свет и предизвикува трајни последици и нарушувања на здравјето. Вишокот светлина, како и несоодветното осветлување предизвикуваат и незгоди и проблеми од различен карактер.

Слика 1. Сoзвездието Орион: лево-видливост на темно небо, десно- видливос над урбана средина на Утах, САД. Извор: https://alexautindotcom.files.wordpress.com

Светлосното загадување како појава е позната уште и како фотозагадување, што значи прекумерно или наметливо вештачко осветлување. (IDA) [4] Нејзиното дефинирање вклучува повеќе аспекти, но главно се однесува на деградација на природното ниво на светлина во животната средина, предизвикана од воведување на вештачката светлина како цивилизациска

придобивка. Таа преставува нуспроизвод на индустрискиот развој како и пронајдоците од 19 век, во случајов делото на Никола Тесла и Томас Едисон и воведувањето на струјата и електричната светилката во употреба секаде во светот (Haim and Pertov, 2013). Оттогаш, вештачките извори на светлина се натпреваруваат со природната светлина и дење и ноќе, создавајќи неприродни опкружувања и проблеми по природните циклуси на човекот, но и на сиот жив свет (Rich, 2006).

Слика 2. Светлосно загадување над Скопје. Автор: Марјан Лазаревски. Извор: https://www.flickr.com.

2.1. Видови на светлосно загадување

Светлината секако е природна појава која е од суштинско значење за благосостојбата на човекот и жив свет. Во вистинско количество, во вистинско време, и на право место, природното и вештачкото светло, имаат широк спектар на придобивки. Светлината станува загадувач само кога таа е „наметлива“, односно кога поединците или заедницата се под нејзино дејствие без нивна волја и негативно им влијае.

Генерално се препознаени неколку видови на светлосно загадување и тоа:

- **Светлосен пречекорување (Light trespass):** директно или рефлектирано осветлување кое паѓа врз луѓето или имотите различни од оние кои го користат осветлувањето.

  Проблемот настанува кога нечие осветлување ја преминува границата и влегува во туѓ имот и со тоа му пречи на соседот. Може да му смета во работата, одмарањето, спиењето или да му попречува поглед.

- **Блесок (Glare):** прекумерно осветлување наспроти темна површина кој го попречува гледањето.

  Може да е предизвикан од автомобилски светла, од насочена светилка во погрешен правец, од многу силни извори на светлина како на пример: улични светилки, безбедносна сигнализација, рекламни панои, рефлектори од големи спортски, трговски и слични комплекси.

- **Небески сјај (Sky glow):** дифузна рефлексија од светлосни честички, која создава портокалово небо.

  Оваа појава може да се види над населените места, но и над големи сообраќајни раскрсници, осветлени автопатишта, железнички пруги, аеродромски писти и сл. Тука спаѓаат и големите спортско - рекреативни комплекси, трговски центри, станбени комплекси, автобуски и железнички станици, пристаништа и сл.

Слика 3. Блесок, несоодветно осветување. Извор: https://www.build.mk



Слика 4. Дијаграм на светлосно загадување. Извор: https://www.lrc.rpi.edu

2.2. Последици од светлосното загадување

Последиците од светлосното загадување се препознаваат генерално како:

- Трошење на енергија;
- Последици по здравјето на луѓето и животните;
- Нарушување на екосистемите;
- Влијание на астрономијата;
- Зголемување на атмосферското загадување;
- Намалување на природната поларизација на небото; и др.

Осветлувањето се смета одговорно за една четвртина потрошена енергија во целиот свет и со тоа грижата за намалување на несодветното осветлување ја става во редот на ургентни акции. Неконтролираното и несоодветното осветлување создава лавина на проблеми поврзани со трошењето на енергија и тоа од кои извори се користи, колку тие загадуваат, какви се ефектите врз животната средина и сл.

Медицинските истражувања за ефектите од прекумерната светлина на човечкото тело се повеќе ги докажуваат непожелните последици по здравјето на луѓето. Проблемот на вештачкото осветлување во внатрешните простори се одамна познати и многу истражени и целокупното проектирање на осветлувањето во објектите се базира на тие сознанија. Но, се повеќе се актуелизираат истражувања врзани со ефектите од прекумерна светлина во околината. Се нагласува ефектот на упад на светлина во просториите за спиење и неможноста да се спие во темница. Се потенцираат нарушувања како што се неможност да се заспие, помало лачење на мелатонин, менување на животниот циклус и сл. Оттука настануваат проблеми со стрес, анкциозност, намалена сексуална активност и сл. Последици по здравјето на луѓето се и физичките повреди кои настануваат поради несоодветно осветлени улици и чести случаи на сообраќајни незгоди. Заслепувањето, несоодветната видливост, губење на контраст и сл., предизвикуваат проблеми за сите учесници во сообраќајот. Животинскиот свет исто така трпат последици од светлосното загадување и тоа најчесто во нарушување на животниот циклус, размножување, проблеми со видот, опасности при движење и сл.

Менувањето на природниот циклус ден - ноќ за организмите и екосистемите значи нарушување и менување на нивниот природен циклус. Вештачкото осветлување влијае на активностите на некои птици, инсекти, животни и предизвикува дисбаланс во растот, исхраната, размножувањето, движењето, ориентацијата, миграциите и сл.

Астрономијата е многу осетлива на светлосното загадување. Станува невозможно да се види небото ноќе и да се истражува. Астрономите се загрижени за иднината на оваа наука и се во постојана трка со актуелизирање и решавање на проблемот на светлосното загадување. Постои и голема загриженост поради неможноста аматерите - астрономи да го набљудуваат небото, а нивната агилност се смета за исклучително важна во доаѓање до нови откритија и сознанија за космосот. Сè поголем број на градски жители никогаш не можат да го видат Млечниот пат, и таа раскината врска со поширокото астрономско опкружување може да има последици за идните истражувања.

Новите сознанија покажуваат дека светлосното загадување ги уништуваат азотните радикали со што го оневозможуваат нормалното намалување на атмосферскиот смог, произведен од испарувањата од автомобилите и фабриките, во ноќните часови.

Ноќе поларизацијата на небото облеано со месечева светлина е многу силно редуцирана во присуство на градското светлосно загадување, бидејќи расеаното градско осветлување не е посебно поларизирано. Месечевата светлина луѓето најчесто не можат да ја видат, но многу од животинскиот свет ја користат за навигација.

2.3. Намалување на светлосното загадување

Прашањето како да се намали светлосното загадување станува сè поважно имајќи ги предвид најновите сознанија за неговите штетни последици. Одговорите можат да се бараат на повеќе нивоа и тоа во:

- Подобрување на светлосните уреди;
- Подесување/прилагодување на видовите/типовите светлосни извори;
- Подобрување на проектирањето осветлување;
- Воспоставување законска регулатива;
- Вклучување на одговорноста во рамки на просторното и урбанистичкото планирањето и контролата на изградбата;
- Подигање на свеста за проблемот на светлосно загадување, и сл.

Светлосните уреди се клучни во намалувањето на светлосното загадување и тоа преку нивна постојана иновација. Постојано се бараат нови подобрени и поефикасни уред во смисла на помала потрошувачка на енергија, подобра поставеност и опременост со сензори за

детектирање на потребите и регулација на обезбедената светлина. Многу е важно да е јасна целта на осветлување и групациите или системите на осветлување да и соодветствуваат.

Новите видови на светилки постигнуваат намалена потрошувачка на енергија, подобрена видливост, осетливост на промени на природната светлина, посоодветни нијанси на светлина погодни за конкретни површини и цели на осветлување. Денес во употреба се тн. насочени светилки со блокирање на аголот на осветлување кон површината која треба да се осветли и со намалено растурање по останатите површини. Со ова се намалува потрошената енергија, поефикасно се осветлува потребната површина и не се создаваат дополнителни замаглувања, одблесоци и не им сметаат на другите објекти. Во употреба се и посовремени и поефикасни светилки како LED-светилките кои даваат светлина која е поблиску по нијанса на природната и користат помалку светлина од вообичаените натриумски LPS светилки со мал притисок, кои даваат светлина во жолтеникаво - портокалова боја.



Слика 6. Препораки за проектирање на осветлувањето. Извор: http://westlothian.gov.uk

Проектирањето на осветлување е многу важен сегмент при намалување на проблемите со светлосното загадување и преиспитувањето на традиционалните модели е од клучно значење. Кога се има предвид проблемот на светлосно загадување како генерален проблем на населените места, па и надвор од нив, пристапот не е само да се обезбеди соодветно осветлување за самата цел на осветлување (улица, објект, комплекс), туку во предвид се зема и фактот како тоа осветлување ќе влијае на околината. Доброто осветлување не треба да е претерано, цел сама за

себе, не треба да доминира врз околината и да ги загрозува другите, луѓето и животинскиот свет. При проектирањето клучни се и потрошувачката на енергија, цената, можните алтернативи, временската рамка (кога треба да биде осветлено, промената на годишните времиња и сл.) и многу други фактори.

3. ПРОБЛЕМОТ НА СВЕТЛОСНОТО ЗАГАДУВАЊЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

И кај нас како и во светот актуелизирањето на проблемот на светлосно загадување потекнува од астрономите и астрономските организации, кои реагираат на неможноста во Македонија да се набљудуваат ѕвездите. САД - Скопско астрономско друштво, на својата веб - страница го актуелизира „светлосното загадување“ (САД), а Министерството за животна средина и просторно планирање има издадено прирачник според Програмата GLOBE - глобално учење набљудување во полза на животната средина во 2008 год. (GLOBE НОЌЕ, 2008). Во дневните весници и портали можат да се прочитаат некои написи на оваа тема, но тоа се пионерски обиди, кои многу слабо го актуелизираат проблемот.

Проблемот на светлосното загадување, во Р. Македонија, се гледа во:

- неправилно и пресилно осветлување на улиците и раскрсниците;
- раскошно и силно осветлување на големите комплекси на објекти од култура, здравствените, образовните, деловните, трговските и др. објекти;
- раскошно и силно осветлување на културно-историските споменици и објекти;
- огромен број на силни светлечки реклами и панои;
- силни безбедносни светилки; и сл.

Во сите градови во Р. Македонија, а особено во главниот град Скопје, евидентна е желбата за подобрување на осветлувањето на улиците и раскрсниците. За жал денешната состојба е прекумерно осветлување и трошење енергија, а проблемот настанува поради несоодветно знаење зошто служи и кому му служи ова осветлување. Најчесто во предвид се зема потребата за осветлување поради акцентирање на важни делови од градот, а не корисноста на самата светлина. Прекумерно се осветлуваат централните улици, посебно во празнични денови или за потребите на некои важни манифестации. Ова на жителите на тие делови од градот, посебно им ја загозува потребата од спиење и принудени се на вештачко затемнување на спланите соби. Проблемот може да се бара и во користење на несоодветни светилки, иако поради притисокот од фирмите кои продаваат светилки, сè повеќе се воведуваат поекономични (најчесто LED) светилки.

Во поново време се посветува и зголемено внимание на осветлување на веќе постоечките, но актуелизирани и обновени објекти, најчесто од култура, деловни и трговски објекти. Особено агресивно се осветлуваат и новите изградени објекти, како шопинг-молови, деловни центри и сл. Во редот на прекумерно осветлување се особено актуелни поставениот огромен број на споменици, како и актуелните архитеконски историски објекти. Дури се користат и разни бои, се разбира актуелно во целиот свет, но не се следи и примерот на временско ограничување на осветлувањето. Имено, осветлувањето има регулирано вклучување во одредени часови од денот, како жителите не би биле загрозени.

Кога се зборува за проблемите од светлосното загадување, особено е акутен проблемот со прекумерно и несоодветно поставување на рекламни светилки и панои. Кај нас, особено во Скопје има примена на овој вид на рекламирање како извор на приходи за градот и општината. Проблемите кои тие ги создаваат покрај другите (на пр., загрозување на безбедноста при движење низ улиците) е создавање залепување и на возачите и на пешаците, го оштетува видот, прекумерно ги осветлува домовите и сл.)

Евидентно е и прекумерното осветлување / преосветлување поради зголемување на безбедноста на некои градски содржини како: училишта и градинки, спортски сали и стадиони, болници, банки, паркиралишта и сл. Поради голем број на случаи на оштетување на имотите на овие

содржини и кражби, навистина има голема потреба од осветлување како услов за обезбедување, но тоа може да се реши со вклучување со сензори за движење и сл.

Поради сите овие прекумерни количества на светлина, и кај нас како и во другите земји, градовите ноќе зрачат светлина која не дозволува гледање на ѕвездите и уживање во ноќното небо. Тоа е состојба која навидум е неважна, но новите генерации веќе немаат можност да се поврзат со природата и посредно со филозофското размислување за постоењето на космосот и човекот.

Слика 7. Прекумерно осветлување: улични светлики, рекламни панои и сл. Извор: https://www.build.mk

Слика 8. Прекумерно осветлување: улични светлики, рекламни панои и сл. Извор: http://www.mkd.mk/files/styles/statija-full/public/gallery/2014/12/14/mkd-165450.jpg

4. ЗАКЛУЧОК

Светлосното загадување е проблем со кој се соочува целиот свет и голем број на стручни и научни лица се занимаваат со детектирање на проблемите и нивно решавање. Проблемите опфаќаат области од астрономијата, здравјето на луѓето и другиот животински свет, екологијата, економијата, енергетската ефикасност, меѓучовечките односи и сл.

Во Р. Македонија овој преоблем сеуште не е препознат и поради тоа и не се бараат решенија за намалување на светлосното загадување. Имајќи ги предвид сите проблеми што произлегуваат од светлосното загадување, неопходно е сериозно пристапување кон отварање на прашањето за светлосното загадување на сите нивои во нашата земја. Најбитно е да се отвори стручна и јавна дебата, да се покрене свеста за проблемот и да се дефинираат актерите кои треба да бидат вклучени во актуелизирањето и решавањето. Решенијата треба да се бараат согласно веќе усвоените во светот како: зголемување на свеста за пробламот; пропишување стандарди и насоки за решавање на проблемите; вклучување на стие заинтересирани актери, вградување во планските документи и сл.

REFERENCES

[1] Chepesiuk, R. (2009). Missing the Dark: Health Effects of Light Pollution. Environmental Health Perspectives, 117(1), A20–A27.

[2] GLOBE НОЌЕ (2008) http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/11/9%20GLOBE%20at%20night%20B5%20%20-%20GLOBE.pdf

[3] Haim, Abraham and Portnov, Boris A. (2013) Light Pollution as a New Risk Factor for Human Breast and Prostate Cancers. Springer Netherlands.

[4] IDA - International Dark-Sky Association. http://www.darksky.org

[5] Rich, C., Longcore, T. (2006) Ecological Consequences of Artificial Night Lighting. Island Press, Washington, DC: 458.

[6] САД - Скопско астрономско друштво. http://astronomija.mk

[7] Sperling, N. 1991, The disappearance of darkness, in 112, ed. D.L. Crawford, Astron. Soc. of Pacific Conference Series 17: 101-108.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SC - 9

Aleksandar RADEVSKI[1], Divna PENCIC[2]

OVERVIEW OF THE CONSTRUCTIONS WITH SHADING DEVICES BUILT IN MACEDONIA

SUMMARY

In the last decades the focus of architectural development is based on the use of more sophisticated envelopes - facades with intention to create a comfortable space where people would feel comfortable while staying in it. These trends besides contributing to create a comfortable space, also contribute in terms of energy efficiency of the buildings. Models and systems for protection against solar radiation are one of the few primar architectural elements that contribute for equal ans suitable distribution of daylight and the aesthetic shaping of the buildings. Today there are a number of materials and technical solutions for their usage which opens the possibility of creating spaces that can be used despite the outdoor weather conditions.

Keywords: daylight, envelope, protection from solar radiation, brise-soliel-e

Александар РАДЕВСКИ[1], Дивна ПЕНЧИЌ[2]

ПРЕГЛЕД НА ИЗВЕДЕНИ ОБЈЕКТИ СО ЕЛЕМЕНТИ ЗА ЗАСЕНУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ

Во последните децении фокусот на архитектонскиот развој е базиран на употребата на се пософистицирани обвивки-фасади кои имаат за цел создавање на комфорен простор во кој човекот би се чувствувал пријатно додека престојува во него. Овие тенденции покрај тоа што допринесуваат за креирање на комфорен простор, исто така допринесуваат и во однос на енергетската ефикасност на објектите. Моделите и системите за заштита од сончева радијација се едни од примарните архитектонско елементи кои допринесуваат за правилна распределба на дневната светлина и естетското обликување на објектите. Денес постојат голем број на материјали и технички решенија за нивно користење со што се отвара можност за креирање на простори кои можат да се употребуваат независно од надворешните временски влијанија.

Клучни зборови: дневна светлина, обвивка, заштита од сончева радијација, брисолеи

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Architecture, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, radevski@arh.ukim.edu.mk
[2] Assist. Prof. PhD, Faculty of Architecture, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, pencic.divna@arh.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Една од основните задачи која ја има обвивката – фасадата на секој објект е обезбедување на комфорни внатрешни услови за корисниците. Функциите на обвивките се многубројни; топлинска заштита, правилно навлегување на дневната светлина и поглед кон околината, како и обезбедување на вентилација. Во минатото исто така се користеле различни типови на фасадни елементи за засенување како паравани и ролетни за извршување на горенаведените функции.

Појавата на брисолеите како елементи во архитектурата и како термин во архитектонскиот речник се појавува преку делата на Ле Корбизје. Во 1933 година Корбизје ги дизајнирал елементите за засенување како логична надополна на стаклените фасадни ѕидови. Третманот на брисолеите и димензионирањето со референтни податоци за позицијата на сонцето, овозможило постигнување на контрола врз сончевите ефекти. За прв пат брисолеите биле применети шест години подоцна при реализација на објектот па Министерството за образование во Рио де Жанеиро. Подоцна при проектирањето на Unite d'Habitation во Марсеј, брисолеите прераснуваат во елементи што формираат лоѓии, додека при проектирањето на објектите во Чандигар, истите достигнуваат длабочина од 140 cm на фасадата на Судската палата.

Во овој труд даден е преглед на објекти во Република Македонија кај кои се применети елементи за засенување. Даден е преглед на параметрите кои влијаат врз изборот на елементите за засенување, како и начинот на нивното поставување, со што всушност се дефинира изборот на фасада и тип на засенување. Во зависност од тиопот на засенувачите претставена е типологијата на елемените за засенување применети кај разгледуваните објекти изведени во Македонија. За секој од анализираните објекти даден е детален опис на применетите елементи за засенување и нивната поставеност во однос на изборот на фасада. За секој од применетите елементи образложени се условите во кои се наоѓа секој пооделен објект и какво е нивното влијание врз објектот во целина.

2. ПАРАМЕТРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ИЗБОРОТ НА СИСТЕМИ ЗА ЗАШТИТА ОД СОНЧЕВА РАДИЈАЦИЈА

За одредување на ефикасна заштита од сончева радијација потребно е анализирање на параметрите кои директно влијаат при изборот и начинот на поставување на засенувачите. Положбата на сонцето на небесната хемисфера и аголот на сончево зрачење се основа за одредување на аголот на упад на сончевите зраци, при што позицијата на сонцето се одредува преку два агла:

- **агол на сончева алтитуда**, вертикална проекција на положбата на сонцето над хоризонтот гледано од страна на набљудувачот, и
- **агол на сончев азимут,** проекција на положбата на сонцето на хоризонтална рамнина.

При проектирање на објектите важно да се одредат деловите од фасадата на објектот кои ќе бидат директно изложени на сончевите зраци и кои би требало да бидат засенети во некој одреден период. Ова е првиот чекор кон одредување на тип на систем за засенување. Ова влијае и на утврдување на систем за вентилација и видот на фасадата, бидејќи елементите за засенување мора да дозволат континуирана корекција на сончевата светлина на ѕидовите од прозорските површини. Границите на сенката на ѕидот, било да е од елемент за засенување или од некој соседен објект, може да се дефинираат преку проекција од контурите на објектот кој засенува на ѕидот, како линиите од проекцијата би биле паралелни на сончевите зраци.

Правецот на сончевите зраци на површината на ѕидот го карактеризираат два агла, хоризонталниот (**HAS**-horizontal shadow angle) и вертикалниот агол на засенување (**VSA**-vertical shadow angle). И двата се мерат преку линија нормална на вертикалната проекција и го даваат

лимитот на сончевото зрачење. Секоја од страните на светот, овозможува различен агол на упад на светлината што директно е поврзано со одредување на големината, местоположбата и типот на засенувачи.

2.1. Типови на брисолеи

Паралелно со развитокот на современите материјали за изработка на обвивките на објектите, се развиваат и елементите за засенување. Современите типови на обвивки интегрално ги вклучуваат засенувачите во својата структура со што стануваат компактна целина. Според начинот на поставување и функционирање на надворешни елементи за засенување истите се поделени на три основни типа:

- вертикални,
- хоризонтални, и
- сандучести.

Вертикалните елементи за засенување, слика 1 а) се изведуваат во вид на решетки или ребра кои се мултиплицираат и се поставени во вертикална позиција. Хоризонталниот агол на засенување ја одредува нивната големина. Имено, тесните ребра поставени со мало меѓусебно растојание можат да дадат исто засенување како и широките ребра поставени на поголемо меѓусебно растојание. Во современите објекти вертикалните засенувачи се изведуваат од најразлични материјали (стакло, метални перфорирани елементи и сл.), кои можат да бидат интегрирани или независни во зависност од изборот на обвивката.

Хоризонталните елементи, слика 1 б), можат да бидат решеткасти или хоризонтални „венецијан" ролетни. Нивните растојанија се одредуваат со вертикалниот агол на засенување. Овој тип на засенувачи е најефикасен кога сонцето се наоѓа на спротивната страна на фасадниот ѕид кој се разгледува, а аголот на упадот е голем како што е јужниот или северниот ѕид. За да се исклучи малиот агол на упадот на сончевите зраци, овој тип треба да го покрие прозорецот целосно, дозволувајќи само поглед надолу. Во почетокот овој тип на засенувачи се изведувал како фиксен фасаден елемент кој во обликувањето на објектот покрај својата функција имал одраз и во второстепената „пластика" на објектот.



а) б) в)

Слика 1. Типови на елементи за засенување: а) вертикални брисолеи; б) хоризонтални брисолеи; в) сандучести елементи

Сандучестите елементи, слика 2 в), претставуваат комбинација од вертикални и хоризонтални елементи и во оваа категорија спаѓаат и голем број на блокови во облик на скара и декоративни панели. Нивната ефикасност во однос на ориентацијата зависи од самиот облик, детал и димензија на елементот.

Вертикалните елементи се дефинирани од хоризонталниот агол на сенка и најповолни се за ориентација исток и запад. Хоризонталните елементи можат да бидат изработени во различни форми, а се дефинираат во зависност од вертикалниот агол на сенка и поволни се за јужна

ориентација. Сандучестите заеснувачи претставуваат комбинација од предходните дава типа, и се дефинираат со помош на хоризонталниот и вертилкалниот агол на сенка. Можат да се постават на било која ориентација.

При изборот на елементите за засенување примарен услов е локалното опкружување, природните и вегетациски елементи како и ориентацијата на објектот. Во случај кога објектот е засенет од високи дрвја или од соседните објекти, најчесто не се потребни никакви дополнителни елементи за засенување. Во случај кога кај објектите се потребни елементи за засенување прв чекор при одредување и димензионирање на самите елементи за засенување потребно е да се знае за кој период од годината и во кои часови од денот истото е најпотребно. За таа цел неопходно е познавање на локалните климатски услови, како осонченост, температура, врнежи и слично. Со одредување на најкритичните периоди од годината за кои е потребно изведба на ефикасна заштита, одредувањето и димензионирањето на елементите се сведува на „покривање" на отворите. Ваквиот пристап не секогаш ги дава бараните резултати поради затворањето на отворите со разни елементи кои имаат негативно влијание на останатите функции, како осветлување, поглед и проветрување. Поради тоа потребно е за одредени периоди и ориентации да се предвиди комбинирање на елементите со разни видови на стакла или флексибилни (подвижни) елементи кои можат да ја редуцираат сончевата радијација.

3. ПРИМЕНА НА БРИСОЛЕИ КАЈ ИЗВЕДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Примената на елементите за заштита од сончева радијација на објектите на територијата на Република Македонија е доста ограничен, а пред сè е сведен на одреден број и период од архитектонското творештво на минатиот век. Модерната архитектура од првата половина на минатиот век извршила големо влијание врз целокупното творештво во Македонија. Тенденциите на модерната архитектура за создавање на едноставни фасади со чисти геометриски форми и со големи застаклени површини ја наметнале потребата за примена на елементи за заштита од прекумерната сончева радијација. Објектите на кои се применети елементи за заштита во Македонија датираат од периодот на $50^{тите}$, $60^{тите}$ и $70^{тите}$ години на минатиот век. Најчесто се изведени од бетонски елементи, кои понекогаш имаат и конструктивна улога. Применети се кај станбени објекти, објекти за образование, а најексплоатирани се во јавните објекти.



Слика 2. Типологија на елементи за засенување применети на изведени објекти во Република Македонија

Применетите елементи, слика 2, најчесто се фиксни и изведени како составен дел на фасадата. Верикалните елементи се дефинираат како вертикална ритмичка поделеност помеѓу прозорците и претставуваат составен дел на надворешниот фасаден ѕид. Хоризонталните елементи се применуваат најчесто на два начина и тоа како елементи поставени самостојно или помеѓу вертикалите и одвоени од фасадата за да се овозможи циркулација на воздух. Истите се користат и како фасадни елементи кои претставуваат продолжеток на меѓукатната конструкција и ја потенцираат хоризонталата на објектот.

3.1. Станбено-деловен објект (П+4) во Скопје

Кај овој станбено - деловен објект, лоциран на улица "Вељко Влаховиќ" во Скопје, третирана е југо-западната фасада и истата е обработена со хоризонтални и вертикални елементи за заштита, изработени од бетонски елементи. Вертикалните елементи не се дистанцирани од објектот, додека преку дистанцирањето на хоризонталните се овозможува циркулација на воздухот. Долниот дел од фасадата каде што се сместени административните содржини поставени се вертикални закосени елементи по целата должина на отворите и ориентирани се према југо-запад со што се спречува директното навлегување на сончевите зраци.



Слика 3. Станбено-деловен објект изведен во 1953, проект на архитект Драган Томовски

3.2. Станбено-административен објект "Авто-Македонија" во Скопје

Овој објект со својата подолжна оска е поставен од северо-запад кон југо-исток и е составен од два дела: станбен дел и административно изложбен дел. Елементите за заштита се застапени само на јавниот дел. Брисолеите се поставени на сите четири страни од објектот. Изведени се хоризонтални и вертикални алуминиумски елементи, одвоени и конструктивно независни од постојната конструкција. Одвојувањето на хоризонталните елементи обезбедува струење на воздухот со што се постигнува проветрување на фасадата. Вертикалните елементи се протегаат низ двата спрата, а хоризонталните се парцијални и се поставени помеѓу два вертикални елементи. Хоризонталните елементи се составени од два дела. Првиот дел е поставен нормално на фасадата, додека вториот елемент е поставен под агол во однос на фасадата и е со исполна која го спречува навлегувањето на сончевите зраци кога сонцето е во зенитот.



Слика 4. Станбено- административен објект изведен во 1955, проект на архитектите Душан Петков и Крум Томовски

3.3. Судска зграда во Битола

Кај овој „типски проект" за судовите во Штип, Велес и Битола, применетите елементи за засенување, изработени како фиксни елементи од бетон, се поставени на јужната фасада и нагласени се вертикалните елементи кои се протегаат низ двата спрата. Хоризонталните елементи се поставени помеѓу вертикалите и изведени се од двојни хоризонтални елементи. Приземјето на објектот се наоѓа во линија на фасадата, која се протега низ сите спратови, додека елементите за заштита се конзолно исфрлени со што се постигнива заштита и на просториите лоцирани во приземјето.

Слика 5. Административен објект изведен во 1957, проект на архитект Борис Чипан

3.4. Основно училиште "Коле Неделковски" во Скопје

Елементите за засенување кај овој објект се комбинација на вертикални и хоризонтални елементи на југо-западната фасада, поставени во ритам без одвојување од истата. Применетите елементи функционално се распределени само на деловите каде што се сместени училниците.

Слика 6. Јавен објект, проект на архитект Александар Серафимовски

Вертикалните елементи се поставени помеѓу секој отвор со што се постигнува континуираност на изгледот на самиот објект. Вертикалните елементи се протегаат низ двата ката, а на приземјето поставени се само хоризонтални елементи кои се завршница на елементите од повисоките нивоа. Како финална обработка вертикалните елементи, изработени од тула и малтерисани, се колоритно третирани со што уште повеќе се потенцира вертикалата на елементите. Хоризонталните се опшиени со лим само од горната стреа за заштита од атмосферските влијанија. Длабината на самите елементи е 60 cm со што се обезбедува заштита после 14 часот кога е и најпотребна. Стреата на објектот е поголема од самите елементи со што се обезбедува поефикасна заштита на најгорното ниво.

3.5. Републичка геодетска управа во Скопје

Објектот е со катност од П+1 поставен во правец исток - запад со својата подолжна оска, а елементите за заштита се поставени на сите четири страни од објектот. Применети се вертикални одвоени елементи и хоризонтални засенувачи со "П" форма.

Слика 7. Административен објект изведен во 1964, проект на архитект Методија Трајковски

Ритмичноста на засенувачите на фасадата е произлезена од функционалната распределба на канцелариските единици во објектот. Светлосните отвори се протегаат помеѓу вертикалните елементи. Длабината на вертикалните елементи изнесува 30 cm, а самите елементи се одвоени од фасадата за 10 cm. Хоризонталните елементи имаат димензија од 80 cm со што се обезбедува адекватна заштита од директна сончева радијација во најкритичните моменти во текот на денот. Хоризонталните елементи се продолжеток на меѓукатната конструкција додека вертикалните се прицврстени во празнините помеѓу хоризонталните елементи.

3.6. Природно математички факултет во Скопје

Кај овој објект применети се вертикални елементи за зесанување поставени на северо-источната и југо-западната стана по целата должина на објектот. Ритмичноста на елементите е базирана на функционалната организација на содржините во самиот објект. Светлосните отвори се протегаат помеѓу вертикалните фасадни елементи и се во пропорционален сооднос. Длабочината и растојанието помеѓу вертикалните елементите се пропорционално димензионирани, со што се добива поголем број на вертикални елементи и помала широчина на прозорците. Малата широчина на прозорците е компензирана со нивната висина со што се добива соодност a:x=1:2. Длабината на елементите за засенување изработени од тула и финално обработени со малтер изнесува од 30 до 40 cm, при што сооднос помеѓу широчината на прозорецот и длабината на вертикалните елементи изнесува 1:3.



Слика 8. Административен објект изведен во 1965, проект на архитект Едвард Равникар

3.7. Административна зграда на Макошпед во Скопје

Кај овој објект применети се елементите за засенување кои се парцијално поставени на југо-источната фасада, изработени како префабрикувани бетонски елементи вкрутени за меѓукатната конструкција. Една третина од елементот е поставена под агол од 45 ° со што се обезбедува заштита во одреден период од денот. Должината на елементите во однос на застаклената површина е со помала димензија и изнесува 2/3 од конструктивниот модул и стаклената површина. Закосената површина на елементите е одалечена од застаклениот дел за 50 cm. Треба да се нагласи дека ефикасноста на елементите се забележува во попладневните часови кога сонцето се наоѓа во зенитот.

Слика 9. Административен објект, проект на архитектите Васка Ладинска и Росица Минчева

3.8. Станбено-деловен објект во Скопје

Кај овој објект поставени се хоризонтални и вертикални елементи за засенување со длабочина од 50 cm на југо-источната фасада во мезанинот каде што се сместени административни простори. Истата фасада е повлечена кон внатрешноста, со што е обезбедено вертикалните елементи да бидат во иста рамнина со горниот дел од објектот.



Слика 10. Станбено-деловен објект изведен во 1968, проект на архитект Димитар Симоновски

3.9. Министерство за транспорт и врски на Република Македонија

Објектот е проектиран како административна зграда поставен на оската северо-исток и југо-запад. Применета е комбинација на вертикални и хоризонтални елементи за зесенување на северо-западната фасада. Со испуштање на конзола како продолжеток на меѓукатната конструкција дополнително е потенцирана хоризонталата на објектот. Вертикалните елементи се поставени помеѓу конзолите и истовремено се одвоени од фасадата.

Слика 11. Административен објект, проект на архитект Ристо Галиќ

Во висина на прозорците поставени се два реда на хоризонтални елементи во горната зона, со што се овозможува непречен поглед кон надвор, а воедно се обезбедува и соодветна заштита. Прозорците се поставени помеѓу конструктивните елементи на објектот, а на секој конструктивен модул се поставени по три полиња со четири вертикални елементи. Имено,

конзолата и двата хоризонтални елементи обезбедуваат комплетна заштита во најкритичните периоди од денот.

3.10. Градска библиотека Браќа Миладиновци

Објектот е изведен од натур-бетон со примена на елементи за заштита кои се поставени на сите четири страни од објектот. Изведените елементи се обесени и дистанцирани од меѓукатната конструкција. Повлеченоста на застаклените површини во однос на фасадната рамнина и спуштањето на бетонските елементи до потребната висина на застаклената површина, овозможува адекватна сончева заштита. Спуштањето на елементите е до потребната висина која обезбедува редуциран упад на светлина во критичните периоди. Деловите од објектот на кои не се применети елементите за заштита се повлечени према внатре со што исто така се одезбедува делумна заштита во одредени периоди во текот на денот. Закосените парапети и одвоеноста на елемнтите од меѓукатната конструкција обезбедува циркулација и ладење на фасадната маса на објектот. Обоеноста на фасадата со бела боја допринесува за поголема рефлексија на светлината со што се намалува и загревањето на објектот во летниот период.

Слика 12. Административен објект изведен во 1970, проект на архитект Парохија Пешиќ

4. ЗАКЛУЧОК

Од анализата на моделите и системите за заштита од сончева радијација може да заклучи дека употребата на брисолеите овозможува третман и како првостепена функционална декорација. Современите двојни обвивки, кои се повеќе ги заменуваат класичните фасади, придонесуваат за максимално искористување на природните законитости во функционирањето на објектите како циркулирање на воздухот низ двојните обвивки по природен пат со избегнување на конвенционалните системи за разладување и загревање, при што употребата на заштитниците е интегрирана заедно со функцијата.

Анализата на објектите на територијата на Република Македонија укажува дека примената на овие елементи не е во континуитет, временски и технички е доста ограничена, при што генерално користењето на засенувачите се сведува кај објекти од јавен карактер. Надворешните климатски влијанија и географската местоположбата на Република Македонија укажува на погодноста за употреба на елементи за заштита од прекумерна сончева радијација. Нивната примена би допринела за поекомомично функционирање на објектите и редуцирање на употребата на конвенционални системи за ладење и греење. Потребата од користењето на панелите за производство на енергија и како засенувачи е дополнителна можност како од обликовен така и од финансиски аспект.

REFERENCES

[1] Radevski, A., “Lightening openings in the archetctual structures in correlation with the technical solutions for protection from solar radiation”, Master thesis, 2007

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SC - 10

Marina TRAYKOVA[1], Fantina RANGELOVA[2]

REHABILITATION AND STRENGTHENING AS A METHOD OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF EXISTING BUILDINGS

SUMMARY

One of the three aspects of performance-based design is the sustainable design. The sustainability of the structures has the same importance as the serviceability and the structural safety. The construction sector is responsible for 35% of the emissions of CO2, 60 % of the solid waste and more than 50% of the consumption of minerals, which in practical aspect mean that the decision to construct a new building or to rehabilitate and strengthen the existing one is decisive for the final design solution. The basic strategies of the sustainable adaptation and development of the existing buildings consist in systematic monitoring and inspection, measures for decreasing of the risk (Rehabilitation and Strengthening), a special program for maintenance of existing buildings.
Based on the principles of the sustainable development, some examples of adaptive reuse of existing buildings from the Bulgarian construction practice are presented.

Keywords: sustainable development, rehabilitation, strengthening, adaptive reuse

Марина ТРАЈКОВА[1], Фантина РАНГЕЛОВА[2]

РЕКОНСТРУКЦИЈА И ЗАЈАКНУВАЊЕ КАКО МЕТОД ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ

РЕЗИМЕ

Еден од трите аспекти на проектирање базирано на ефикасност е одржливото проектирање. Одржливоста на конструкциите има иста важност како и употребливоста и конструктивната сигурност. Градежниот сектор е одговорен за 35% од емисиите на CO_2, 60% од цврстиот отпад и повеќе од 50% од потрошувачката на минерали, што во практика значи дека одлуката да се изгради нов објект или да се реконструира и да се зајакне постоечкиот е клучна за крајното проектно решение. Основните стратегии за одржлива адаптација и развој на постојните објекти се состои во систематско следење и контрола, мерки за намалување на ризикот (реконструкција и зајакнување), специјална програма за одржување на постојните објекти. Врз основа на принципите на одржлив развој, презентирани се неколку примери на адаптивно, повторно користење на постојни објекти од бугарската градежна пракса.

Клучни зборови: одржлив развој, реконструкција, зајакнување, адаптивно повторно користење

[1] Prof. PhD, Department of Reinforced Concrete Structures, University of Architecture, Civil Engineering and Geodesy, Sofia, Bulgaria, marina5261@abv.bg
[2] Prof. PhD, Department of Construction Management and Economics, University of Architecture, Civil Engineering and Geodesy, Sofia, Bulgaria, fantina_fce@uacg.bg

1. INTRODUCTION

The active management of change in ways that recognise and reinforce the significance of places and existing buildings, while accommodating the changes necessary to ensure their continued use and enjoyment is the philosophy of the sustainable adaptation. Adaptive reuse is a process that changes a disused or ineffective item into a new item that can be used for a different purpose.

The problems of the sustainable development are complex and include the solution of two main groups of tasks:

1) Group 1- Rehabilitation (upgrading the performance) and Strengthening (for different risks and special strengthening for seismic actions, if necessary) of the existing structures;

2) Group 2 – Adaptation of the existing buildings to the contemporary requirements for "green" buildings.

Existing buildings, including historic buildings, represent an energy investment that has already been expended in the procurement, manufacture and transport of materials, and the construction process itself. The retrofitting of the existing buildings is generally more sustainable approach than its demolition and the construction of a new building. To demolish an existing building to build a new "green" building in its place is counter-productive to the concept of energy conservation. By some estimates, it would take over 65 years to recoup the energy savings of demolishing an existing building and replacing it with a new "green" building [3]. Preserving materials in place, with "green" retrofits, is an efficient use of resources. The most commonly used approaches- the Rehabilitation and the Strengthening, can easily dovetail with "green" building practices, but may require innovative and creative design solutions to both meet the standards and the energy conservation goals.

The benefits of the sustainable adaptation and reuse of existing buildings include [4]: minimizing consumption of energy, reusing existing materials, avoiding negative environmental impacts, reducing construction waste, accommodating human needs, meeting performance requirements, preserving historical buildings, reviving urban areas, creating economic advantages, time saving for new construction, maintaining of traditional standards.

2. REAHABILITATION AND STRENGTHENING AS A METHOD OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF EXISTING BUILDINGS

There are many existing vulnerable buildings at risk (earthquake, hurricanes, fire, explosion, etc). Social psychology after damaging events plays a very important role in developing the societal motive for Rehabilitation and Strengthening. The Rehabilitation is a process bringing the structure back to its original or higher level of function. The Strengthening is the action to increase the strength of the structure or its components and to improve the structural behavior. A considerable number of existing buildings present a risk of poor performance especially in earthquakes because there was no seismic design code available or required when they were constructed or because original construction quality or environmental deterioration has compromised the original design solution. For many countries (the Balkans, Italy, New Zealand, Japan, USA, etc.) improving the seismic performance of existing buildings- known as Seismic Rehabilitation and Seismic Strengthening is a very important task for preservation and adaptation of existing buildings. The demand for safety (especially seismic safety) of existing buildings is huge. In many countries, to mitigate the seismic risk for the buildings is an important task with a big social effect. Finally the Seismic Rehabilitation and Strengthening take a very important place in the retrofitting of the vulnerable buildings and represent an important part of the adaptive reuse. To find the hazardous buildings is a very important moment in the beginning of the project for Seismic Rehabilitation and Strengthening. This requires an effective assessment procedure. Recognizing that the Seismic Rehabilitation and Strengthening are a basic task, the choice of the most suitable rehabilitation technique is the next main design problem. The upgrading of the buildings with more efficient and less disruptive methods requires a good knowledge of the old construction practice and the contemporary methods for Rehabilitation and Strengthening with all their advantages and disadvantages. The main purpose is to select the most practical and effective techniques.

The principles of the design management for sustainable adaptation of these buildings are [1], [6]: feasibility analysis of the project, project planning, conceptual design, design development, construction, completion.

The project design should present the best structural solution. The design solutions should comply with acting standards, sustainability goals, and sustainability certification requirements (for example LEED, BREEAM, DGNB, HQE etc.) [5].

The project for the sustainable adaptation should be prepared according the following: compatibility of the structural solution with the existing structure, limitation of the damages and design of appropriate foundations, improvement of the existing structure (Rehabilitation and Strengthening).

The building Rehabilitation and Strengthening design is far more constrained than the new building design and that special techniques are needed. The art and science of Rehabilitation and Strengthening of existing buildings has grown during the last years with new standards and ordinances. In addition many researches on this subject have been developed. The large experience of application of new techniques enables the upgrading of the process of Rehabilitation and Strengthening of existing buildings as a method of sustainable development. A large number of research projects have been completed to develop new construction materials and new techniques for Rehabilitation and Strengthening around the world. A complete Rehabilitation and Strengthening strategy may consist of the use of several techniques. Finally this process must lead to a selection of realistic, practical and cost-effective techniques to mitigate the deficiency of the existing structure.

The Rehabilitation and the Strengthening as a method for sustainable development of existing buildings decrease the risks for the existing structures. The Rehabilitation and the Strengthening of structures have decisive role for the durability of the existing buildings, for the extension of their life and of course for the adequate reuse of old buildings.

3. NEW LIFE FOR EXISTING BUILDINGS – EXAMPLES FOR REUSING OF EXISTING BUILDINGS FROM THE BULGARIAN PRACTICE

Five possible approaches for Rehabilitation and Strengthening of existing buildings from the Bulgarian practice are considered. The main objective in these examples is related to the solution of the problem: "What is the most adequate structural solution for Rehabilitation and Strengthening?" Usually there is no one answer and the decision should be based on the condition of the structure, the current use of the building and the future ideas for the occupation of the building. Every building shall have its design life and the building life span will depend on various factors including the use of materials and the use of building. From a sustainability perspective reuse and refurbishment of buildings is beneficial because it avoids the energy and materials consumption, waste and related construction impacts associated with demolishing old buildings and constructing new ones. New use and economic activities will be introduced to generate new life of building.

Proper maintenance and upkeep is necessary to assure the good and serviceable condition of building. With the good concept by building owners for building care and with appropriate professional input by consultants/contractors, our built assets shall be able to keep as expected and design value. As mentioned above, building Rehabilitation and Strengthening shall be considered as a good demonstration of sustainability.

3.1. National Museum Complex in Sofia (Fig.1, Fig.2, Fig.3)

This new museum in Sofia is the former building of the Technical University of Sofia. The adaptation of the building includes: strengthening of the structure, new reinforced concrete shear walls for seismic actions, new insulations, covering, glazing.

The solution is according to all new requirements for sustainable design for lightening, heating etc. The solution preserves the original facades. Special attention is assigned for the seismic design according the requirements of the contemporary codes and standards.

Figure 1. Before

Figure 2. After

Figure 3. Inner courtyard

3.2. Building of the museum of Sofia's history (Fig.4)

The building of the central public baths is emblematic for Sofia. This beautiful building is constructed in 1913. The authors of the project are two eminent Bulgarian architects: Petko Momchilov and Jordan Milanov. The first building is a Turkish bath. The actual building is executed in style "Secession" with many details from the original Bulgarian and Byzantine styles.

The public baths are closed in 1986. The new use of the building is museum of Sofia's history, tourist and information center and SPA center with mineral water (from the original mineral spring in the bath). The facades are totally preserved and the swimming pool as well.

Figure 4. Building of the museum of Sofia's history

3.3. Museum of the contemporary art in Sofia (Fig.5, Fig.6)

The project for the adaptation of the building of the Arsenal of Sofia is realized with the financial support of Iceland, Lichtenstein and Norway.

The original building of the Arsenal is realized at the end of the XIX and the beginning of the XX century. In 30th of the XX century it is a military school for reserve officers.

The idea of the Rehabilitation is related to creating a contemporary art museum. It is a 3-storey masonry building with stone footing and wooden floors. The building is in good condition but the designed strengthening especially in order to resist the seismic actions is a result of the increased loads upon the floors because of the new function. Therefore, according to acting codes, masonry walls cannot be considered seismic resistant structural elements. Also, because of the new function of the building, higher vertical loads are expected. It has been decided to construct new RC structure inside the existing one.

The new structure is designed as wall system with beam-and-slab floor diaphragm. Columns shall carry only vertical loads, while RC walls ensure seismic resistance.

A major problem is to ensure in-plane rigidity of the floor diaphragm. For that purpose the existing walls are perforated at floor level and RC dowels are designed.

The existing building has stone masonry footing. The new structural elements need foundation of their own to transfer the increased loads to the ground.

Figure 5. Before

Figure 6. After

3.4. Trade centar “Star Gallery” – Plovdiv (Fig.7)

This building is an example of the perfect integration of archeological site and new modern architecture. This contemporary trade center is situated in the center of the city of Plovdiv, the second city in Bulgaria after the capital Sofia. In the basement are located parts of a Roman stadium from II-IV c. AD. On the top of this archeological site in 1926 and later in 1930, appeared two buildings, designed for trade centers. It’s a project of the distinguished architect Hristo Peev. The structure is masonry with floors according the system “Prussian vault” with steel profiles and brick masonry vaults between the profiles. The roof is timber structure.

These details are very important for the new structural solution of the trade center “Star Gallery”. The foundation is situated under the level of the Roman archeological excavations. The new solution is complied with all the different historical layers- stone, marble, ceramics from the Antiquity, brick and stone masonries from the beginning of the 20th century and reinforced concrete, steel and glass as a part of the new building of the trade center “Star Gallery”. This modern center has an air-conditioning system, special thermal and water insulations for the roof and the walls, special system for Internet and TV.

Figure 7. Trade center “Star Gallery” – Plovdiv- Actual view

3.5. Hotel “Ventura” – Varna (Fig.8)

In 1952 in the city of Varna – the maritime capital of Bulgaria, a project for heating plant is realized for heating the “Asparuhovo” district in the city. This heating plant is out of order for many years. The Rehabilitation of the building includes: preservation of the external original walls of the building and the chimney.

The new solution for adaptation and reuse of the building as a hotel includes: design and construction of absolutely new structure and floors at the different levels and totally new roof structure. The building today is a small city hotel with two restaurants and original installation for distillation of beer. The space under the roof is an art gallery. The reuse of this building is very interesting because of the variety of the functions in the building.

This original solution is awarded in 2009 in the category of “City hotels”.

Figure 8. “Ventura” – Varna- Actual view

4. CONCLUSION

1) The adaptation of existing buildings ensures the best sustainable approach. This topic requires designing special projects for Rehabilitation and Strengthening of the existing building’s structures. The Rehabilitation and the Strengthening of the structures represent a method for sustainable development of the old structures and their active reuse according the contemporary standards.

2) The main strategies for sustainable design and adaptation of existing buildings include: decreasing the risk for the structure (including seismic risk), augmentation of the resistance of the structure for the new loads, systematic monitoring and maintenance, choosing the most appropriate interventions and

techniques for rehabilitation and strengthening, providing durability and energy efficient solutions of all building systems.

3) The knowledge of the new techniques for Rehabilitation and Strengthening is very important for the final solution. The best decision is related also to the knowledge of the old codes and standards as well.

4) The old design concepts are mostly focused on the effects of gravity loads and they do not dedicate enough attention to provide the lateral resistance and ductility. Most of the existing and historical buildings provide limited ductility when subjected to seismic action. Retrofitting all vulnerable buildings is not a realistic solution that can be applied. Finally, not only technical but socioeconomic issues (cost, occupancy, impact on environment, historic preservation if the buildings are a part of the historical heritage etc.) must be analyzed for the final design solution for Rehabilitation and Strengthening.

5) Special management of the process of Rehabilitation and Strengthening is needed for obtaining best results.

REFERENCES

[1] Advisor Council on Historic Preservation, Sustainability and Historic Federal Buildings, 2011

[2] fib Model Code for Concrete Structures (2010), Ernst & Sohn, A Wiley Brand

[3] Historic preservation and sustainability, Cheltenham Township's Boards of Historical and Architectural Review (BHAR)

[4] Mofidi S. M. , Moradi A. M. & Akhtarkavan M (February 23-25, 2008), Assessing Sustainable Adaptation of Historical Buildings to Climate Changes of Iran, 3rd IASME/WSEAS Int. Conf. on Energy & Environment, University of Cambridge, UK

[5] Nachev N., Stefanova M., (March 2014), "Standards for sustainable construction", Jubilee Conference of the Chamber of the Engineers, Sofia

[6] Rangelova F., Traykova M., (May 2015), "Structural Preservation- Priority of the Sustainable Management of Bulgarian Cultural and Historical Heritage Buildings", Journal of Civil Engineering and Architecture, David Publishing Company, USA, Vol.9, Number 5

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

CM - 1

Sonja CEREPNALKOVSKA[1], Ljubomir MITROV[2]

EQUAL TREATMENT ON THE MARKET OF CONSTRUCTION PRODUCTS

SUMMARY

The existence of unequal treatment on the market of construction products in the EU countries, the need of implementation of the equal treatment of the Declaration of performance- DoP, the principle of the system of Assessment and Verification of Constancy of Performance (AVCP) of the construction products, were the basic reasons for adopting the new Regulation. Different construction products influence differently on the safety of the building. Taking into account the importance of the product in relation to its essential characteristics there are five different levels of systems of assessment and verification of constancy of performance (AVCP), which have been defined using the numbers 1+, 1, 2+, 3, and 4.

The author would like to conclude that implementation and reference to harmonized standards is the easiest and simplest method to guarantee product conformity with the basic requests of the relevant regulation. .

Keywords: regulation, construction products, AVCP, CE marking, DoP

Соња ЧЕРЕПНАЛКОВСКА[1], Љубомир МИТРОВ[2]

ЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ НА ПАЗАРОТ

РЕЗИМЕ

Постоењето на нееднаков третман на пазарот на градежни производи во земјите на ЕУ, како и потребата од воведување на еднаков третман на изјавата за својствата и принципот на системот за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, беа основните причини за донесувањето на новата Регулатива. Различни производи различно придонесуваат за безбедноста на објектот. Земајќи ја во предвид важноста на производот, во врска со есенцијалните карактеристики, CPR предвидува 5 различни системи за оцена и потврда на постојаноста на својствата на градежните производи (Assesment and Verification of Constancy of Perormance_AVCP), кои се дефинирани со користење на броевите: 1+; 1; 2; 3 и 4.

Авторот сака да укаже дека примената на хармонизираните стандарди и повикувањето на нив, е најлесниот и наједноставниот метод за гаранција на сообразноста на производот со основните барања на релевантната регулатива.

Клучни зборови: регулатива, системи за оцена, изјава за својства, хармонизирани стандарди

[1] MSc, Standardization Institute of the Republic of Macedonia, cerepnalkovska.sonja@isrm.gov.mk
[2] BSc, Ministry of economy of Republic of Macedonia, ljubomir.mitrov@economy.gov.mk

1. ВОВЕД

Градежништвото, како комплексна, дејност подразбира услуги и процеси (од проектирање до изведување), како и вградување на готови производи, при што завршниот резултат е производ кој во секој поглед треба да го задоволува проектираниот квалитет, сигурноста, како и барањата на крајниот корисник. Стратешки, градежништвото е една од најважните стопански гранки, затоа што обезбедува објекти и инфраструктура за сите други стопански и социјални категории.

Развојот на легислативата на ЕУ во областа на градежништвото е перманентен процес, а инструментите за остварување на политиката на квалитет во оваа област се доста сложени и во извесна смисла различни во однос на другите. Отстранувањето на техничките бариери во трговијата, во полето на градежни производи, е со цел да се зголеми нивното слободно движење на внатрешниот пазар на ЕУ.

Постоењето на нееднаков третман на пазарот на градежни производи во земјите на ЕУ, како и потребата од воведвање на еднаков третман на изјавата за својствата и принципот на системот за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, беа основните причини за донесувањето на новата Регулатива 305/2011 за Градежни производи (Construction Products Regulation_CPR)

2. ШТО СЕ СОДРЖИ НОВАТА РЕГУЛАТИВА ОДНОСНО ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

Правилата во оваа Регулатива директно влијаат врз условите за градежните производи. Овие услови постепено се одразуваат и на националните стандарди за производи, националните технички одобренија и технички спецификации кои се поврзани со градежните производи. Овие правила не се однесуваат само на безбедност на градбите и на градежните работи, туку и на здравјето, издржливоста, заштедата на енергија и заштита на животната средина.

Регулативата се однесува на градежни производи, или на сет производи кои се трајно вградени во објектот, или во некои негови делови, а својствата на производите влијаат на својствата на објектот и на основните потреби на објектите, (basic requirements for construction works). Трајната вграденост значи, дека отстранувањето на производот од објектот би ја намалила неговата сигурност, а отстранувањето на производот би бил градежен зафат.

Од страна на Министерството за економија е изработен новиот Закон за градежни производи и објавен во Службен весник на РМ бр.104 од 24 јуни 2015 година. Понатаму е во план и изработка на неколку Правилници што ќе поризлезат од овој Закон. Со овие документи ќе биде целосно транспонирана Регулативата 305/2011, и истите ќе го заменат постоечкиот Закон за градежни производи во РМ од 2006 година, како и неговите подзаконските акти.

Со Законот ќе се се уредат системите и документите за оцена и потврда на постојаноста на својствата на градежните производи (Assesment and Verification of Constancy of Perormance_AVCP). Понатаму, се уредуваат дејствијата кои во рамките на оцената и потврдата на постојаноста на својствата на градежните производи ги спроведуваат производителите на градежните производи, како и користењето на „CE“ знакот.

Исто така, со Законот ќе се уредат барањата за именување на тела, постапката за именување, обврските на именуваните тела, обврските и барањата за именување на тела за техничка оцена, услови за работа и постапување на именуваното тело за спроведување на овој закон и други прашања, важни за пуштање на пазар на градежните производи.

Со Законот ќе се уредуваат и неусогласените подрачја како и надзорот над спроведувањето на законот, надзорот на пазарот, контролата и инспекцискиот надзор, во областа на градежните производи.

Со одредбите од Законот се уредуваат основните барања, кои мора да ги задоволат градежните објекти. Тоа значи, дека градежните производи мора да ги исполнуваат суштинските

карактеристки за да одговарат на својата намена, за да им овозможат на објектите да ги задоволат основните барања.

Основните барања за градежните објекти се основа за подготовка на мандатот за стандарди и за хармонизирани технички спецификации (хармонизирани стандарди hEN и Европска техничка оцена ETA).

Понатаму, со Законот се регулираат сите релевантни аспекти во врска со „Изјавата за својствата“(Declaration of Performance–DOP) на градежните производи, нејзината содржина и доставување.

Во врска со „CE“ ознаката се регулираат општите начела и употреба на „CE“ ознаката и Правилата и условите за поставување на „CE“ ознака.

Точно се дефинирани обврските на економските оператори, односно на: производителот, овластениот застапник, увозникот, дистрибутерот. Посебно се регулираат случаите во кои обврските на производителите се применуваат кај увозниците и дистрибутерите.

Понатаму, со Законот се рагулираат начелата за изготвување и донесување на „европските документите за оцена“ (European Assesment Document – EAD) како и неговата содржина. Ова се однесува за секој градежен производ кој не е опфатен, или не е целосно опфатен со хармонизиран стандард и за кој својствата за неговите основни карактеристики не може да бидат целосно оценети со усогласениот хармонизиран стандард. Во тој случај, на барање на производителот, „Телото за техничка оцена“ (Techical Assessment Body - TAB), изработува и донесува „европски документ за оцена“ (EAD).

Понатаму, врз основа на „европскиот документ за оцена“ (EAD), на барање на производителот, се издава „европска техничка оцена“ (European Technical Assesment – ETA) од страна на TAB, воспоставен во согласност со постапките утврдени во одредбите од овој Закон и Правилникот за утврдување на процедури за донесување на европски документ за оцена.

It is known that the modules of elasticity of the components, as well as their volume contribution, affect the modulus of elasticity of the concrete (Malešev, 2014). Although the mechanical properties of the lightweight aggregate "Poraver" are significantly lower than mechanical properties of the lightweight aggregate "Leca-Laterlite", in LP concrete, unlike the concrete LLK, a part of coarse aggregate (≈47% by volume) represents river aggregate with significantly higher rigidity so the modulus of elasticity of these two groups were similar.

Substitution of part of cement with mineral admihtures did not cause any significant change in the modulus of elasticity of lightweight concrete.

By comparing analyzed modules of elasticity of all examined concretes, it can be noticed that there is a direct correlation between the static and dynamic modulus of elasticity. The values of static modulus of elasticity (E) can be quite reliably determined on the basis of the known values of dynamic modulus of elasticity (E_d) using the following expression:

$$E = 0,65 \cdot E_d \left[GPa\right] \tag{2}$$

A results of comparison of the static and dynamic modulus of elasticity are given in Table 6

	Concrete type							
	LLK1	LLK4	LLK6	LP1	LP4	LP5	LP6	NK
E [GPa]	23.21	22.12	22.02	20.3	17.57	16.9	21.8	40.8
Ed [GPa]	33.98	31.46	31.13	30.27	28	27.81	31.39	53
E/Ed [%]	0.68	0.70	0.71	0.67	0.63	0.61	0.69	0.77
0.65 Ed	22.09	20.45	20.23	19.68	18.20	18.08	20.40	34.98
ΔE [%]	**4.84**	**7.55**	**8.11**	**3.08**	**-3.59**	**-6.96**	**6.41**	**14.26**

Table 6. Static (E) and dynamic (E_d) modulus of elasticity of all tested concretes [GPa]

There are several models for the analytical determination of the modulus of elasticity of lightweight aggregate concrete, depending on the bulk density and concrete compressive strength. In this research, as 15cm concrete cubes were used in order to determine f_c, calculation of the modulus of elasticity was performed using selected expression:

$$E_{lcm} = 0,04 \cdot 10^{-3} \cdot \sqrt{\gamma_{c,nw}^{3} \cdot f_c} \left[GPa\right] \text{ (Pauw, 1960)} \tag{3}$$

where:

- E_{lcm} – calculated static modulus of elasticity in GPa
- $\gamma_{c,nw}$ – air-dry bulk density of concrete in kg/m^3
- f_c – compressive strength in MPa

Calculated values of modulus of elasticity (based on $\gamma_{c,nw}$ and f_c), as well as their comparison with the actual (measured) values of the elastic modulus are given in Table 7.

	Concrete type							
	LLK1	LLK4	LLK6	LP1	LP4	LP5	LP6	NK
$\gamma_{c,nw}$ [kg/m^3]	1902	1916	1858	1816	1776	1754	1823	2351
f_c [Mpa]	50.3	47.0	49.6	32.5	28	23.8	37.0	60.2
E [GPa]	23.21	22.12	22.02	20.3	17.57	16.9	21.8	35.22
E_{lcm} [GPa]	23.53	23.00	22.56	17.65	15.84	14.33	18.94	35.38
ΔE [%]	**-1.39**	**-3.97**	**-2.46**	**13.06**	**9.86**	**15.20**	**13.12**	**-0.45**

Table 7. Modulus of elasticity (based on $\gamma_{c,nw}$ and f_c) and their comparison with the actual values of the elastic modulus

Comparative analysis shows that there is a very good correlation between the modulus of elasticity, bulk density and compressive strength of lightweight aggregate concrete made with aggregate of expanded clay. The differences between the experimentally determined values of modulus of elasticity (E) and calculated values (E_{lcm}) were <5%, while in concrete with lightweight aggregate based on expanded glass analytical values are 9-18% lower than the experimentally determined ones. Thus, application of analytical expressions gave lower values of modulus of elasticity, than the real ones, regardless of the composition of concrete with "Poraver" lightweight aggregate.

3. CONCLUSION

Based on the results of experimental research, following conclusions can be given:

- Concrete made with lightweight aggregate "Leca -Laterlite" belongs to the class D2.0 (according to air-dry bulk density), while concrete made with lightweight aggregate "Poraver" may belong to the classes of D1.8 and D2.0.
- For the analytical determination of air-dry bulk densities of LWAC, following equation can be used:

$$\gamma_{c,nw,cal} = 1,2 \cdot m_c + m_a + 50$$

- Achieved 28-day compressive strengths of lightweight aggregate concrete range from 25MPa to 50MPa and all tested concrete composites can be classified as structural lightweight aggregate concretes.
- Type of aggregate has a direct impact on the concrete compressive strength value.
- Concrete with "Leca-Laterlite" lightweight aggregate has a specific strength that is close to or even slightly higher than the specific strength of referent concrete, which makes them competitive in a group of structural concretes.
- Compressive strength of concrete with "Poraver" lightweight aggregate is more sensitive to variations in amount of binder and water-binder ratio in relation to the concrete with "Leca-Laterlite" lightweight aggregate.
- Lightweight aggregate concretes have significantly lower modulus of elasticity compared to concrete with natural aggregate, due to the lower modulus of elasticity of lightweight aggregate.
- An expression, suggested by FIP: $E_{lcm} = 0,04 \cdot 10^{-3} \cdot \sqrt{\gamma_{c,nw}^3 \cdot f_c}$, may be used for the analytical determination of modulus of elasticity of lightweight aggregate concrete based on expanded clay ("Leca-Laterlite"), while the concrete with lightweight aggregates based on expanded glass ("Poraver") gives underestimated values (9-18%).

Possibility of replacing part of cement with mineral admixtures, that are industrial waste materials, is particularly encouraging, as it can significantly increase the reduction of greenhouse gas emissions, conservation of exhaustible natural resources and reduce energy consumption.

This experimental study showed that by substituting part of cement with mineral admixtures, mostly by fly ash, it is possible to produce structural lightweight aggregate concrete with mechanical properties comparable with lightweight aggregate concrete which contained only cement as a binder, of course under condition of reducing water-binder ratio, whereby the use of metakaolin or techniques for pozzolan activation are recomended in order to avoid the danger of low early strengths.

4. ACKNOWLEDGEMENTS

The work reported in this paper is a part of the investigation within the research project TR 36017 "Utilization of by-products and recycled waste materials in concrete composites in the scope of sustainable construction development in Serbia: investigation and environmental assessment of possible applications", supported by the Ministry for Science and Technology, Republic of Serbia. This support is gratefully acknowledged.

REFERENCES

[1] ACI Committee. (1999). ACI 213R-87: Guide for Structural Lightweight Aggregate Concrete. Farmington Hills: American Concrete Institute

[2] Bremner, T. W., & Holm, T. A. (1986, March). Elastic Compatibility and the Behaviour of Concrete". ACI Journal Proceedings, 83(2)

[3] CEN. (2000). EN 206-1: Concrete - Part 1: Specification, performance, production and conformity. Brussels: European Committee for standardization

[4] Faust, T. (2000). Herstellung, Tragverhalten und Bemessung von konstruktivem Leichtbeton – Dissertation (In German). Leipzig: Universität Leipzig

[5] FIP. (1983). Manual of Lightweight Aggregate Concrete (2nd ed.). Surrey University Press

[6] ISS. (2000). SRPS ISO 6784: Concrete - Determination of static modulus of elasticity in compression. Institute for standardization of Serbia, Belgrade

[7] ISS. (2007). SRPS EN 1097-6: Tests for mechanical and physical properties of aggregates - Part 6: Determination of particle density and water absorption. Institute for standardization of Serbia, Belgrade

[8] ISS. (2007). SRPS EN 13055-1: Lightweight aggregates - Part 1: Lightweight aggregates for concrete, mortar and grout. Institute for standardization of Serbia, Belgrade

[9] ISS. (2009). SRPS EN 1097-3: Tests for mechanical and physical properties of aggregates - Part 3: Determination of loose bulk density and voids. Institute for standardization of Serbia, Belgrade

[10] ISS. (2010). SRPS EN 12390-3: Testing hardened concrete - Part 3: Compressive strength of test specimens. Institute for standardization of Serbia, Belgrade

[11] ISS. (2013). SRPS EN 933-1: Tests for geometrical properties of aggregates - Part 11: Classification test for the constituents of coarse recycled aggregate. Institute for standardization of Serbia, Belgrade

[12] Malešev, M., Radonjanin, V., Lukić, I., Bulatović, V. (2014). The effect of aggregate, type and quantity of cement on modulus of elasticity of lightweight aggregate concrete. Arabian Journal for Science and Engineering, Volume 39, No. 2, 705-711., (DOI 10.1007/s13369-013-0702-2)

[13] Meyer, C. (2009). The greening of the concrete industry. Cement and Concrete Composites, 31(8), 601-605

[14] Pauw, A. (1960, Dec.). Static Modulus of Elasticity of Concrete as Affected by Density. ACI Journal, 57(6), 679-687

[15] Shetty, M. S. (2005). Concrete technology - Theory and practice (6th ed.). S. Chand

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk

CM - 8

Maja MATESKA[1], Todorka SAMARDZIOSKA[2], Ana TROMBEVA GAVRILOSKA[3], Sonja LEPITKOVA[4], Milorad JOVANOVSKI[5]

MECHANICAL PROPERTIES OF ZEOLIT SAMPLES FROM STRMOSH MINE, REPUBLIC OF MACEDONIA

SUMMARY

The increased usage and exploitation of non-metals as a substitute for exploitation and processing of metals, is a trend in the world. Mechanical properties of the material are requisite for determining its application in civil engineering. This paper presents the strength characteristics of the zeolite, obtained from the Strmosh Mine, as well as its capability of water absorption. The procedure, as well as the results of the performed testing of the material are elaborated and presented, followed by a discussion about the obtained values.

Keywords: zeolite, tuff, compressive strength, porosity, mechanical properties

Маја МАТЕСКА[1], Тодорка САМАРЏИОСКА[2], Ана ТРОМБЕВА-ГАВРИЛОСКА[3], Соња ЛЕПИТКОВА[4], Милорад ЈОВАНОВСКИ[5]

МЕХАНИЧКИ СВОЈСТВА НА ЗЕОЛИТ ОД РУДНИКОТ „СТРМОШ“, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ

Поголемата примена и експлоатација на неметалите, како замена на експлоатацијата и обработка на металите, претставува тренд во светот. Механичките карактеристики на материјалот се предуслов за утврдување на неговата примена во градежништвото. Во овој труд се прикажани јакостните карактеристики на зеолитот, добиен од рудникот Стрмош, како и неговата способност за впивање на вода. Образложена е постапката за испитување на материјалот, а потоа се изнесени резултатите со дискусија во врска со добиените вредности.

Клучни зборови: зеолит, туф, јакост на притисок, порозност, механички карактеристики

[1] MSc student, Ministry of Culture–Cultural Heritage Protection Office, Republic of Macedonia, Skopje, m.mateska@uzkn.gov.mk
[2] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, samardzioska@gf.ukim.edu.mk
[3] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Architecture, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, agavriloska@arh.ukim.edu.mk
[4] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Natural and Technical Sciences, University “Goce Delcev”, Stip, Republic of Macedonia
[5] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, jovanovski@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Зеолитите се природни вулкански порозни туфови со голема сорптивна способност, голема специфична површина и мала специфична тежина, кои по својот хемиски состав претставуваат хидрирани алуминосиликати од алкални и земно-алкални метали. Како материјал, тие се карактеризираат со висока отворена порозност, која всушност е ефективна порозност и е директно поврзана со отворената специфична површина, односно површината на контакт на материјалот со медиумот.

Поради нивната способност за адсорпција, катјонска измена, дехидратација-рехидратација, зеолитите се сметаат за еколошки најчисти материјали и истите широко се употребуваат во земјоделството, медицината, градежништвото и заштитата на животната средина, особено за третман на градски отпадни води и деконтаминација на радиоактивна отпадна вода.

Употребата на зеолитот во градежништвото датира многу одамна, пред сè поради неговите одлични механички карактеристики, Chmielevska, [1]. Имено, впивањето на вода, порозноста, волуменската тежина и јакостните карактеристики се параметрите кои ја наметнуваат неговата примена. Во светот постојат голем број на истражувања поврзани со механичките карактеристики на вулканските туфови кои се однесуваат за неговата примена во градежништвото, Hudymaa at al., [3], Marcari at al., [4], како подлога за фундирање, Price, [6] или како блокови за sидање на објекти, Marcari, [5]. Исто така, истражувањата покажуваат дека карактеристиките на пооделните зеолити зависат од местоположбата на самото наоѓалиште. Испитувањата направени на примероци од туф од повеќе наоѓалишта во Турција, во однос на јакоста на притисок, абразијата, порозноста, впивањето на вода, волуменската тежина, го прикажуваат како материјал со голема порозност, голема способност на впивање на вода и висока јакост на притисок, чии карактеристики се менуваат во зависност од наоѓалиштето, Yasar et al., [7]. Споредбата на механичките карактеристики на зеолитниот туф во Çanakkkale, Турција искористен за изградба на храмот на Аполон и туфот кој се наоѓал во блиската околина, Ergenç, [2] ги потврдуваат неговите одлични карактеристики како градежен камен.

Експлоатацијата на зеолит во Република Македонија е во последните години на локалитетот Славишко поле кај село Ветуница од рудникот Стрмош АД - Рудници за неметали. Со цел да започне примена на овој тип на зеолит, а тргнувајќи од фактот дека карактеристиките на пооделните зеолити зависат од местото на наоѓалиштето, потребно е да се направат обемни испитувања за дефинирање на неговите карактеристики и својства.

Во овој труд се прикажани експериментални испитувања за определување на физичко-механичките карактеристики на зеолитот добиен од рудникот Стрмош. Опишана е постапката на испитувањето спроведена на две серии коцки зеолит, во сува состојба и во водозаситена состојба. При тоа, определена е јакоста на притисок и добиени се параметрите за способноста на впивање на вода на материјалот.

2. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ МЕТОДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ

Експерименталните испитувања за определување на механичките карактеристики на зеолитот беа изведени во лабораторијата за геотехничко испитување во склоп на Градежниот факултет во Скопје. Експерименталното испитување е конципирано во два дела: определување на процентот на впивање на вода и определување на јакоста на притисок. Јакоста на притисок, како една од суштинските механички карактерстики на секој материјал, за зеолитот е определена на пробни тела во сува состојба, како и на пробни тела во водозаситена состојба.

Со цел да се добијат веродостојни резултати, експерименталните испитувања се извршени согласно стандардите EN 13755:2008 (Natural stone test methods - Determination of water absorption atmospheric pressure) и EN 14617-15:2005 (Agglomerated stone - Test methods - Part 15: Determination of compressive strength). Испитувањата се извршени на пробни тела во вид на коцки извадени од зеолитен блок со поголеми димензии, а согласно стандардот EN 14617-15:2005 (Agglomerated stone - Test methods - Part 15: Determination of compressive strength), од

нив се отстранети сите оштетени и лабави делови. Со цел да се добијат рамни и планпаралелни површини на кои се нанесува силата на притисок, истите беа израмнети со брусење, сè додека не беа отстранети трагите од сечење на пробните тела. Пробните тела, односно коцките, се со стандардни димензии од 50±1mm, слика 1, и маса од 180 до 200 gr, во зависност од примерокот, табела 1. Примероците во сува состојба се означени со ознака M-S, додека примероците во водозаситена состојба се означени со ознака M-W. Броевите 1,2 и 3 после соодветните ознаки го означуваат испитуваното пробно тело.



Слика 1. Геометриски карактеристики на пробните тела

Експерименталните истражувања за определување на јакоста на притисок во сува состојба и водозаситена состојба се изведени на две серии од по три пробни тела. Двете серии пробни тела најпрво се исушени на температура од 105°±5°C, по што истите се оладени и измерени на вага со точност од ±0,01g, со што е определена масата во сува состојба за секое пробно тело соодветно, Табела 1.

Примерок	Димензии			Маса во сува состојба
	a (cm)	b (cm)	h (cm)	m_s (g)
M-S/1	5,17	5,18	5,16	185,41
M-S/2	5,16	5,20	5,13	189,42
M-S/3	5,17	5,18	5,16	191,91
M-W/1	5,16	5,17	5,18	188,54
M-W/2	5,20	5,16	5,15	193,34
M-W/3	5,18	5,18	5,16	189,16

Табела 1. Геометриски карактеристики и маса на пробните тела

Втората серија пробни тела за определување на јакоста на притисок при водозаситена состојба е искористена и за определување на процентот на впивање вода. Експерименталното испитување за определување на процентот на впивање вода на зеолитот е извршено според методата на постепено потопување под атмосферски притисок. Испитувањето е започнато со потопување на пробните тела до ¼ од нивната висина во сад со дестилирана вода. Постепено садот е надополнуван со вода после 1 h до половина, а после 2 h до ¾ од висината на пробното тело. После 22 h пробното тело е потполно потопено во вода. По 24 h од започнувањето на потопувањето е пристапено кон мерење на масата на пробното тело. Пред секое мерење на масата пробните тела се избришани со мека крпа, а со цел да се спречи испарување на впиената вода, согласно стандардот EN 13755:2008 (Natural stone test methods - Determination of water absorption atmospheric pressure), поодделните мерења на масата се извршени за 2 минути, сметајќи од моментот кога телото е извадено од водата. Мерењето на масата за секое пробно тело е изведено на секои 24 h, сè до определување на константната маса, односно додека примерокот до крај не се засити со вода, табела 2.

Примероци	Маса во водозаситена состојба m_v (g)
M-W1	232,48
M-W2	236,55
M-W3	232,69

Табела 2. Маса на пробните тела во водозаситена состојба

Експерименталното испитување на јакост на притисок беше извршено на уред за испитување тип 102/3000 HK-4, со капацитет од 3000 kN. Пробните тела беа поставени така што силата на притисок беше аплицирана нормално на слоевитоста на материјалот. Силата на притисок беше постепено зголемувана за 0,5 MPa/sec, сè до лом на пробното тело, при што беше регистрирана силата на лом F и напрегањето, слика 2.

а) б)

Слика 2. Експериментално испитување: а) уред за испитување на јакост на притисок; б) пробно тело

3. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ

За првата серија пробни тела, пред да биде определена јакоста на притисок во водозаситена состојба, беше определен процентот на впивање вода. Добиените резултати од експерименталното испитување се презентирани во табела 3.

Примероци	Впивање на вода U (%)
M-W1	23,31
M-W2	22,35
M-W3	23,01
Средна вредност	**22,89**

Табела 3. Експериментално определени резултати за процент на впивање вода

Од експериментално определените резултати може да се заклучи дека количеството на впиена вода кај секое од пробните тела е приближно исто, при што просечниот процент на впивање вода изнесува 23%.

Експериментално определените резултати за јакоста на притисок на зеолитот во сува состојба се прикажани во табела 4, додека експериментално определените резултати за јакоста на притисок на зеолитот во водозаситена состојба се прикажани во табела 5.

Примерок	Волуменска маса $\Upsilon=m_s/V$ (kg/m^3)	Сила на лом F (kN)	Јакост на притисок σ_p (MPa)
M-S1	1341,72	76,18	28,5
M-S2	1376,12	114,60	43,0
M-S3	1388,76	128,03	47,9
Средна вредност	**1369,87**	**106,27**	**39,8**

Табела 4. Механички карактеристики на зеолитни коцки во сува состојба при напрегање на притисок

Примерок	Сила на лом F (kN)	Јакост на притисок σ_p (MPa)
M-W1	63,29	23,7
M-W2	90,87	33,9
M-W3	107,39	40,1
Средна вредност	**87,18**	**32,6**

Табела 5. Механички карактеристики на зеолитни коцки во водозаситена состојба при напрегање на притисок

Според стандардот EN 14617-15:2005 (Agglomerated stone - Test methods - Part 15: Determination of compressive strength), јакоста на притисок на зеолитот се определува како средна вредност од јакоста на притисок на сите три пробни тела и таа изнесува 40 MPa. Од спроведените експериментални испитувања може да се заклучи дека јакоста на притисок на испитуваните пробни тела се движи во ранг од 28,5 MPa до 47,9 MPa.

Од резултатите прикажани во табела 5 може да се заклучи дека кај сите испитувани пробни тела јакоста на притисок во водозаситена состојба на зеолитот е приближно иста. Очекувано, добиените резултати се со пониска вредност отколку јакоста на притисок во сува состојба. И покрај тоа што материјалот е доста порозен и впива големо количество на вода до 23%, табела 3, просечната јакост на притисок во водозаситена состојба изнесува 33 MPa.

Споредувајќи ги резултатите презентирани во табела 4 и табела 5, може да заклучи дека јакоста на притисок на зеолитот опаѓа за 22% при заситување на материјалот со вода.

Обликот на лом на пробните тела зависи од големината на триењето што се јавува на контактот помеѓу примерокот и плочите преку кои се аплицира аксијалната сила на притисок. Контактното триење го спречува напречното деформирање на пробното тело и во него се јавува дополнително напрегање на смолкнување, предизвикувајќи разрушување по наклонети рамнини, слика 3 а). Овој тип на лом е регистриран кај четири од испитуваните пробни тела. Кај останатите примероци се појавува лом во вертикални рамнини паралелни на страните, слика 3 б). Овој тип на лом се должи на појава на пукнатини во самиот материјал и истиот е регистриран кај примероците M-S/1 и M-W/1. Кај овие примероци јакоста на притисок е за околу 60% помала, табела 4 и табела 5, од јакоста на притисок на останатите примероци.



Слика 3. Облик на лом на испитаните примероци: а) разрушување по наклонети рамнини, б) разрушување по вертикални рамнини паралелни со страните на примерокот

4. ЗАКЛУЧОК

Во овој труд се изложени резултати од експериментални испитувања на две серии на пробни тела од зеолит. Добиените резултати за јакосните карактеристики на зеолитот во сува и во водозаситена состојба, како и за неговата способност на водовпивање, се главни параметри за дефинирање на неговите карактеристики и својства. Со тоа се потенцира оправданоста за примена на овој тип на зеолит во градежните објекти. Добиените резултати од спроведените испитувања покажуваат висока вредност на јакост на притисок на материјалот. Како резултат на големата порозност на материјалот, проследена со голем процент на впивање на вода, јакоста на притисок на серијата примероци во водозаситена состојба е пониска од јакоста на притисок на серијата примероци во сува состојба. Од презентираните резултати може да се заклучи дека обликот на лом игра голема улога во јакоста на притисок на материјалот. Кај примероците разрушени по вертикални рамнини паралелни со страните, јакоста на притисок е значително помала. Резултатите добиени од експерименталните испитувања се одличен показател за употреба на овој тип на зеолит како во суви, така и во услови каде влажноста е доста голема.

РЕФЕРЕНЦИ

[1] E. Chmielevska, “Zeolites – Materials of sustainable significance (short retrospective and outlook)”, Environment Protection Engineering, vol.36, No.4, 129-135, 2010

[2] D. Ergenç, “Investigation of tuff quarries around the Tample of Apollon Smitheus (Çanakkale, Turkey)”, Middle East Technical University, 2011

[3] N. Hudymaa, B.B. Avarb, M. Karakouzian, “Compressive strength and failure modes of lithophysae-rich Topopah Spring Tuff specimens and analog models containing cavities”, Engineering Geology 73, 179–190, 2004

[4] G. Marcari, G. Fabbrocino, P.B. Lourenço, “Mechanical properties of tuff and calcarenite stone masonry panels under compression”, 8th International Masonry Conference in Dresden, 1083-1092, 2010

[5] G. Marcari, G. Fabbrocino, P. B. Lourenço, “Investigation on compressive behavior of tuff masonry panels”, University of Minho, 2010

[6] R.H. Price, “Analysis of Rock Mechanics Properties of Volcanic Tuff Units from Yucca Mountain, Nevada Test Site”, Sandia National Laboratories, Albuquerque, 1983

[7] E. Yasar, A. Tolgay, A. Teymen, “Industrial Usage of Nevsehir-Kayseri (Turkey) Tuff Stone”, World Applied Sciences Journal 7 (3), 271-284, 2009

[8] EN 13755:2008, “Natural stone test methods - Determination of water absorption atmospheric pressure”, CEN/TC 246 -Natural stones

[9] EN 14617-15:2005, “Agglomerated stone - Test methods - Part 15: Determination of compressive strength”, CEN/TC 246 -Natural stones

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

CM - 9

Tihomir NIKOLOVSKI[1], Zoran SIMJANOVSKI[2]

TESTING OF CORROSION ON GALVANIZED SURFACES

SUMMARY

The incentive for testing of corrosion on galvanized surfaces arose from the request of some of our clients regarding additional protection of products made of thin galvanized sheet metal (particularly C and Z thin purlins, buffer stops for roads, etc.) against corrosion at places of cutting and drilling regardless the environmental conditions and the thickness of the zinc coat. As an alternative, it has been suggested that the thin products be made of "black" sheet metal and then deep hot galvanized. We considered that it is justified to check this from both technical and commercial aspects, taking into account the implicit provisions in individual world standards and professional literature as well as the practice of relevant producers and the results of tests that have been performed so far and have confirmed the existence of the so called "healing" effect of the zinc upon the corrosion of steel. The results from the testing are presented in this paper.

Keywords: steel, galvanization, testing, corrosion, healing effect

Тихомир НИКОЛОВСКИ[1], Зоран СИМЈАНОВСКИ[2]

ТЕСТИРАЊЕ НА КОРОЗИЈАТА НА ПОЦИНКУВАНИ ПОВРШИНИ

РЕЗИМЕ

Непосредниот повод за тестирањето на корозијата на поцинкувани површини произлезе од барањето на некои наши клиенти производите од тенкосидни поцинкувани лимови (особено C и Z тенкосидни рожници, одбојни профили за патишта итн.) да бидат дополнително заштитени од корозија на местата на сечење и дупчење, без оглед на условите на средината и дебелината на цинковата превлака. Како алтернатива, беше сугерирано тенкосидните производи да бидат изработувани од "црн" лим, а потоа длабоко топло поцинкувани. Сметавме дека е оправдано тоа да се провери и од технички и од комерцијален аспект, имајќи ги во вид имплицитните одредби на одделни светски стандарди и стручната литература, но и практиката на релевантни производители, како и резултатите на досега извршените тестирања кои го потврдуваат постоењето на тнр. "исцелувачки" (англ. healing) ефект на цинкот на корозијата на челикот. Резултатите од тестирањето се прикажани во овој труд.

Клучни зборови: челик, поцинкување, тестирање, корозија, ефект на зајакнување

[1] Prof. PhD, Development adviser, FAKOM AD Skopje, tihomir.nikolovski@fakom.com.mk
[2] BSc., Director of IRI Department, FAKOM AD Skopje, zoran.simjanovski@fakom.com.mk

1. ВОВЕД

Непосредниот повод за тестирањето на корозијата на поцинкувани површини произлезе од барањето на некои наши клиенти производите од тенкосидни поцинкувани лимови (особено C и Z тенкосидни рожници, одбојни профили за патишта итн.) да бидат дополнително заштитени од корозија на местата на сечење и дупчење, без оглед на условите на средината и дебелината на цинковата превлака. Како алтернатива, предлагано е, таквите производи да бидат изработувани од "црн" лим (лента), а по дупчењето, профилирањето и сечењето да бидат длабоко топло поцинкувани.

Сметавме дека е оправдано тоа да се провери и од технички и од комерцијален аспект, имајќи ги во вид имплицитните одредби на одделни светски стандарди како и и стручната литература, но и практиката на релевантни производители. Имено, цинкот изложен на атмосферски влијанија реагира со кислородот и јаглен диоксидот и создава цврст и компактен слој (патина) од цинк карбонат ($ZnCO_3$) кој понатаму го штити основниот метал (челикот). Меѓутоа, како метал со различен електричен потенцијал од железото, во електрохемискиот процес кој настанува во присуство на влага и вода (галванска корозија), цинкот (анода) од околината на сечените (со пила или ножици) и пробиваните и дупчените рабови се пренесува на основниот метал (катода) штитејќи ги незаштитените места преку така нареченият "исцелителен" (англ."**healing**") ефект. Одтука, сечењето и дупчењето би можело да се врши на веќе поцинкувани ленти, а цинкова превлака со мала дебелина (со електро галванизација) би можела да биде доволна да го заштити основниот метал **во затворен простор или во рурални средини,** без агресивни влијанија на околината, во подолг временски период.

Ефективноста и трајноста на заштитата на челикот со галванизирањезависи од дебелината на цинковата превлака, што значи дека "healing"ефектот трае се додека има доволно количество на цинк во околината на оштетувањето, па така појавата на корозија на целокупната површина напр. на профилираните лимови или одбојните профили всушност значи дека дебелината на цинковата превлака била недоволна за амбиенталните агресивни влијанија. Заради тоа се смета дека заштитата со галванизирање по правило **е недоволна** ако челичните елементи се на отворено и во агресивна индустриска атмосвера. Уште повеќе, во силно агресивни средини перманентно загадени со индустриски отпадни гасови,кисели дождови, засолена вода во услови на зимско одржување на патишта итн. и тоа не мора да биде доволно и галванизираниот челик може да опстои долги години само ако се применат други дополнителни мерки – **специјални премази**. Јасно е дека степенот на заштита може да се подигне со зголемување на дебелината цинковата превлака, понекогаш и преку 150 μm.

Дополнителен мотив за проверка дадоа испитувањата на отпорноста на корозија на поцинкувани лимови извршени во Австралија, пред десетина години. Пробните примероци, на кои биле изработени "гребнатини" со широчина од 0,4mm до 4,0mm кои одговараат на дебелините од најтенките ленти (за олуци, опшивки, профилирани лимови) до најдебелите (за тенкосидни профили, одбојници), имале цинкова превлака од само 20 mod обете страни (ознака Zn 275) и биле изложени 12 месеци на отворено, на агресивна индустриска и крајбрежноморска атмосфера во пристаништето Порт Кембла, Австралија, во непосредна близина на железарницата BlueScope Steel во Вулонгонг. Во извештајот од испитувањето (Technical Bulletin TB-10, Rev 5, 2003, BlueScope Steel, Australia) се наведува дека на "фотографиите на примероците **јасносе гледа дека отсуствува корозијата** на основниот метал (челикот), особено во потесните гребнатини".

2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

Во месец февруари 2013 год во ФАКОМ отпочна реализацијата на мал проект за тестирање на корозијата на поцинкувани површини. Изработени се вкупно 23 пробни примероци со димензии 150x200mm од една иста стандардна табла поцинкуван лим со дебелина s=1mm. На секој примерок се плитко изглодани 7 гребнатини со широчина 0,8mm до 4,0mm и избушени две групи отвори со дијаметар Ф3 до Ф10mm, со цел да се имитираат оштетувањата на цинковата превлака при сечењето и бушењето. Отворите се поставени меѓу две најтесни и две најшироки гребнатини. Сите 23 пробни примероци се поделени во 7 групи по 3 плочки плус два примероци како контролни, секој со соодветна бројна ознака за секоја од предвидените локации.Во текот на месец февруари – мај 2013 год, пробните примероци се поставени на локации избрани според оценката за различен степен на

агресивноста на средината: агресивна (термоелектрана, цементарница, железарница), просечна (авто пат, отворена кранска патека, под настрешница) и рурална (национален парк Маврово).

Сите примероци (Слика 1.) се поставувани во хоризонтална положба, на недостапни места, изложени на атмосферски влијанија, слободни од двете страни заради природно ветреење / сушење, добро прицврстени во две точки (Слика 2. и Слика 3.).



Слика 1. Пробни примероци за тестирање на корозијата

Слика 2. Пробни примероци во просечно агресивна средина.
ФАКОМ РЕ Производство. Склад за готови производи,
отворена кранска патека, над столб Н-19.

Слика 3. Пробни примероци во рурална средина.
Двор на викендица во Националниот парк Маврово

После една година изложеност на атмосферски влијанија (Фаза 1, пролет 2014)демонтирана е првата група од 7 плочки, означени од задната страна со водоотпорен фломастер и доставени спакувани во пластична фолија, такви какви што се, без бришење и чистење. Со истата процедура, после две години изложеност (Фаза 2, пролет 2015) демонтирана е втората група. Третата група ќе биде демонтирана после три години изложеност (Фаза 3, пролет 2016).

3. ПРЕЛИМИНАРНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕСТИРАЊЕТО

Иако нецелосни, резултатите од изложеноста на примероците на атмосферски влијанија во период од **една и две години** се индикативни и, практично, во целосна согласност со претходните сознанија за "healing" ефектот. Подолу се прикажани фотографиите од примероците по **една година** изложеност.



Тест1-06: ФАКОМ РЕ Производство, отворена кранска патека

Тест2-06: ФАКОМ РЕ Монтажа, близу автопатото

Тест3-06: МАКСТИЛ Челичана отворена кранска патека

Тест4-06: РЕК Битола електрофилтер на Блок 3

Тест5-06: Цементарница ТИТАН – Усје ротациона печка 3

Тест6-06: Викендица Раде Јакимовски Маврово

Со ознаките -06, -12 и -36 обележани се пробните пробните примероци за кои со Проектот било иницијално предвидено тие да бидат изложени на атмосферски влијанија во период соодветно 6, 12 и 36 месеци, а по истекот на тој период да се демонтираат и достават за преглед и оценка на степенот на корозија и понатамошна анализа

Тест А1-06: ФАКОМ РЕ Производство под испуст на управна зграда

Тест 7-К1: Контролен примерок (неизложен)

Меѓутоа, прелиминарниот увид на неколку серии примероци во кругот на Железарница и во Мавровo по истекот на периодот од шест месеци по поставувањето покажа дека на примероците има слабо забележливи траги од корозија, можеби заради отсуство на врнежи кон крајот на пролетта и во текот на летото 2013 год, односно генерално заради сувиот период поволен од аспект на корозијата. Затоа, одлучено е периодот на изложеност од 6, 12 и 36 месеци да се измени и зголеми на една, две и три години.

На сите пробни примероци се забележува дека цинковата превлака во околината на гребнатините и отворите преминала во компактни и цврсти, според изгледот најверојатно, цинк карбонатни соединенија кои "потрошиле" цинк, се оценува, сразмерно на широчината на гребнатината. Притоа, на некои примероци е забележлива силно изразена корозија од задната (на фотографиите невидлива) страна во подрачјето на налегнувањето врз подлогата за која биле прицврстени како последица на спреченото ветреење и сушење. Слична појава има од горната страна на местата на отворите за прицврстување.

На горната – изложена страна на примерокот Тест4-06:РЕК Битола, формиран е компактен и цврст практично зацементиран слој кој тешко се отстранува. Карактеристично е што цинковата превлака од долната (неизложена) страна на примерокот останала сосема непореметена и сјајна, што наведува на помисла дека деградацијата на горната површина можела да настане од загреаниот (и наталожен) пепел ако електрофилтерот не работел во одреден временски период. Според степенот на корозија ("трошење" на цинкот) карактеристични се Тест5-06: Цементарница УСЈЕ и Тест3-06: МАКСТИЛ – Челичана.

Примерокот Тест6-06:Национален парк Мавровo се разликува од контролниот (не-изложен) примерок Тест7-К1само по незначителното "трошење" на цинкот непосредно до гребнатините. Дополнително, примероците Тест6-06(една година) и Тест6-12(две години изложеност) незначително се разликуваат по широчината на "трошење" на цинкот непосредно до гребнатините. Слични појави со мали разлики во однос на Тест6се регистрирани кај примерокот ТестА1-06поставен под испустот на управната зграда на РЕ Производство.

Во квалитативен смисол, почнувајќи од најпореметемиот до најмалку пореметениот примерок, визуелната споредба после една година изложеност (2013/2014) би го дала следниот редослед кој што претставува и своевиден показател на еколошките услови на соодветната локација:

1. Тест4 РЕК Битола, електрофилтер блок 3
2. Тест5 Цементарница УСЈЕ, ротациона печка3
3. Тест3 МАКСТИЛ – Челичана, отворена кранска патека
4. Тест2 РЕ Монтажа, непосредно до автопат
5. Тест1 РЕ Производство, отворена кранска патека
6. ТестА1 РЕ Производство – Управа, под настрешница
7. Тест6 Национален парк Мавровo

4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

Неспорно е декарезултатите од тестирањето на пробните примероци на корозија на поцинкувани површини, по една и две години изложеност на атмосферски влијанија, ги потврдуваат претходните сознанија за "healing" ефектот на цинкот на галванизираните челични лимови и производи од лимови. Исто така, имајќи го во вид изгледот и состојбата на овие пробни примероци, неспорно едека резултатите од тестирањето на пробните примероци по три години изложеност дополнително ќе ги верификуваат овие сознанија. Заради тоа:

1. **Сите тенкосидни производидобиени со профилирање**, вклучувајќи ги и тенкосидните рожници, ниско напонски електроди и одбојници за патишта со дебелини до 3mm **можат да се изработуваат од поцинкуван лим** со соодветна дебелина на цинковата превлака според важечките стандарди, при што треба да се смета дека секое сечење (со ножици, пила) и дупчење не ја намалува нивната отпорност од корозија.
2. Претходниот заклучок, имајќи ги во вид особено и резултатите од тестирањето во рурални (Мавровo) и заштитени средини (под настрешница на Управа РЕ Производство), посебно се однесува на примената на **тенкосидните рожници** во затворен простор без агресивни влијанија, за кои дебелина на превлаката еднаква на тестираната (Zn275, односно 20□ m двострано) **се чини дека е сосема доволна** да обезбеди долготрајна заштита од корозија.
3. Корозијата на пробните примероци на местата на потпирање на подлогата и точките на прицврстување го потенцира фактот дека корозија секојпат се јавува кога на челичните елементи, без оглед на степенот на антикорозиона заштита, не им се овозможи слободно да "дишат", поточно **природно да се ветреат и сушат**.
4. Овој мал развоен проект е од интерес не само за ФАКОМ, туку и за проектантите и производителите на челични конструкции и металопреработувачката индустрија, вака како што е започнат и сеуште трае, дополнет со соодветни хемиски анализи и мерења и релевантни теориски податоци и пресметки, може да претставува интерес за понатамошни истражувања.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Technical Bulletin TB-10, Rev 5, 2003, BlueScope Steel, Australia

[2] Техничка информација ТИ 14-1: Тестирање на корозијата на поцинкувани површини, ФАКОМ АД, Развоен проект 2013-2016 год, мај 2015

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

MASE
MACEDONIA ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

CM - 10

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

Aleksandar RADEVIĆ [1], Vladan KUZMANOVIĆ[2], Zoran MIŠKOVIĆ[3],

INFLUENCE OF VIBRATIONS DURING CONCRETE SETTING ON ITS PHYSICAL AND MECHANICAL PROPERTIES

SUMMARY

The paper investigates dependence physical and mechanical properties of concrete of vibrations during the setting and hardening process. Investigation carried out on concrete cube samples which had been exposed to vibrations during the operation of Hydro Power Plant "Zvornik". A total of 40 concrete cubes, of different ages were exposed on vibrations in real conditions close to the source of vibrations. Compressive strength tested after 7 and 28 days after mixing, as well unit volume weight. Results show that vibration produced by Hydro Power Plant operation and overflow of water through the spillways, positively affect on the quality of concrete.

Keywords: concrete, vibrations, initial and final setting time, hidropower plant

Александар РАДЕВИЌ[1], Владан КУЗМАНОВИЌ[2], Зоран МИШКОВИЌ[3],

ВЛИЈАНИЕ НА ВИБРАЦИИТЕ ВО ТЕК НА ВРЗУВАЊЕ НА ЦЕМЕНТОТ НА ФИЗИЧКО-МЕХАНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БЕТОНОТ

РЕЗИМЕ

Во овој труд е прикажана зависноста на физичко-механичките својства на бетонот од вибрациите во тек на процесот на врзување на цементот и стврднување на бетонот. Испитувањата се извршени на примероци од бетон, кој што е изложен на влијанија од вибрации предизвикани од работата на Хидроелектраната "Зворник". Примерокот опфаќа 40 бетонски коцки, кои што при различна старост се изложувани на дејство од вибрации во реални услови. Испитувана е јакоста на притисок на 7 и 28 дена, како и волуменската маса. Добиените резултати покажуваат дека вибрациите предизвикани од работата на хидроелектраната и прелевањето на водата низ преливните полиња, поволно влијаат на квалитетот на бетонот.

Клучни зборови: бетон, вибрации, почеток и крај на времето за врзување, хидроелектрани

[1] Teaching assist., Ph.D.,Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Belgrade, Serbia, aradevic@grf.bg.ac.rs
[2] Assoc.Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Belgrade, Serbia, vladak@grf.bg.ac.rs
[3] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Belgrade, Serbia, mzoran@imk.grf.bg.ac.rs

1. INTRODUCTION

Durability and physical-mechanical properties of concrete primarily depend on the choice of component materials and their quantities in the concrete mixing. However, the method of putting in place and curing during the cement setting and hardening can be of great importance. In order to obtain a better quality of concrete, vibration is one of the basic and most used procedures of concrete. Optimum compaction of fresh concrete can always achieve the required degree of compaction, which in comparison with less compact mixtures, provide greater durability. This is especially true for concrete with stiffer consistency (Muravljov 2010). However, expose to vibration of the concrete mixture over a longer period of time, can lead to segregation and separation of water on the concrete surface (bleeding of concrete), which adversely affects the quality of hardened concrete (Tawfiq and Abichou 2003). Since the density of aggregates greater than the density of the cement paste, due to prolonged vibration, aggregate will be under the influence of gravity to move slowly downward, displacing cement paste to above. These changes lead to disruption of the homogeneity of concrete, causing a decrease of the mechanical strengths, waterproof, durability and other properties.

On the other hand, the separation of the water on the concrete surface can have both positive and negative effects on the later characteristics of concrete, (Tawfiq and Abichou 2003), (Bentz 2008). In case when weather conditions and speed of construction works should not allow water to evaporate promptly, produce the formation of a weak surface layer, which during continuation of concreting can not provide good adhesion between the two layers. Conversely, if the water to evaporation is faster than its separation on the surface will cause cracking, so-called plastic shrinkage. However, if the water evaporates without consequences in terms of the appearance of cracks, the surface layer of concrete will have lower water-cement factor, and therefore better mechanical properties. Apart from separation of water on the concrete surface, could happened water retention under the coarser grain aggregates and reinforcement. After evaporation of water in the mentioned zones are formed caverns filled with air. Since the caverns are in the same direction, the concrete will have greater horizontal permeability (Neville 2010).

In some cases, fresh and hardened concrete can during the entire process of setting and hardening could be exposed to the vibrations of different intensity and frequency near roads with heavy passenger or rail transport, (Wei, et al. 2011), near hydroelectric power plants, close to industrial facilities, thermal power plants, etc. The aim of this study was to examine how the vibration due to operation of turbines and vibration challenged overflow of water through spillways over the dam affecting the compressive strength and bulk density of concrete embedded in the annex on the right bank of the hydro plant "Zvornik".

In addition to the previously mentioned unwanted vibrations, which can affect a fresh concrete mixture a certain period of time after putting in place, there exists a technique re-vibration of concrete in order to improve its quality. Using the re-vibration of concrete is possible to increase the compressive and tensile strength, rich a better waterproofing, reduce a shrinkage and creep of concrete, elimination of residual bubbles and preventing the occurrence of cracks in fresh concrete. Re-vibration usually performed in the first few hours after mixing and putting in place a fresh concrete.

In the tests conducted by Amr Mohamed Ismail, was studied the influence of water-cement ratio and age of the concrete at the time re-vibration on the compressive strength, (Ismail). Tests were conducted on the concrete with five different water-cement ratios (0.35, 0.5, 0.55, 0.6, 0.7) with the age from 0.5 to 4 h, with a step of 30 min. The results show that the compressive strength increases with increasing age of the sample at re-vibration, until to the expected start time setting and decrease thereafter. For different water-cement ratios, the maximum improvement of compressive strength varied between 27.0% and 31.4% for the optimal age of concrete at the moment re-vibration, which was in the range of 1 to 2½ hours.

Some other authors investigated the relationship between the properties of concrete respect to the influence of vibration due to earthquakes, heavy traffic load and compaction of the surrounding soil or nearly blasting. All these cases could occur in practice during putting in place fresh concrete and

process of setting and hardening of concrete, and could affect final physical and mechanical properties of hardened concrete.

Michael Dunham studied influence of mechanical impacting the surrounding soil consolidation, simulated using a vibrating table, considering amplitude and frequency of oscillation close to the real-life conditions (Dunham, et al. 2007). During those testes were measured acceleration and frequency of the turbo table operation, which were transfer into the *particle peak velocity* (PPV), as a measure of vibrations cylindrical samples. There were applied two different vibration levels (approximately 2 ÷ 4 in/sec and 8 ÷ 12 in/sec), with duration of 1 and 2 min, for each of those levels. Tests were conducted at different ages of samples. Age of samples (from the moment of mixing cement and water to the point where the samples were exposed to influence of vibration) was 2 h, 3½ hours, 4½ h, 5 h and 6 h. On samples were investigated compressive strength aged of 7 and 28 days, as well tensile strength after 29 days.

In comparison with control samples, which were not exposed to vibration, for the samples which were exposed to the vibrations were recorded increases of compressive strength of 5 to 13%, depending on the age patterns and intensity of vibration. The tensile strength decreased up to 7% in comparison with control samples. The increases of compressive strength explained by the elimination of free water and residual air bubbles, which leads to improvement of compactness and reducing water-cement ratio. On the other hand, increasing the compactness of concrete increases the number of aggregate grains which are engaged in the fracture which occurs when is reached the tension strength. In the case of using aggregates of lower quality, it could be the explanation for decrease of the tensile strength.

After presentation of the analyzed results, the limitations in the application of different types of aggregates and fractions (grain size) are observed. Fig. 12 summarizes the results of the analyzed studies and shows the dependence of compressive strength and porosity after 7 days in porous concrete. As can be seen, scattering of the results is great and it is not possible toe stablish a reliable correlation between porosity and compressive strength.



Figure 12. The relationship of compressive strength and porosity, after 7 days



Figure 13. The relationship of compressive strength and porosity, after 28 days

Fig. 13 shows the summarized results of compressive strength and porosity relationship. Generally, while porosity decreases, compressive strength increases and vice versa. It is clear that the porosity value cannot be a reliable indicator for determining of the compressive strength, because the other factors must be taken into account.

4. CONCLUSIONS

Based on the presented and analyzed papers, the first noted thing is that porosity has great influence on the capacity, ie compressive strength, split tensile strength and density. Four different types of aggregates after 7and 28days are analyzed, and the following conclusions are:

- Natural fractions used as aggregates (gravel, granite and limestone) give higher compressive strength compared to recycled materials (recycled concrete),

- participation of certain additives in pervious concrete increases strength, obtains acceptable porosity, and justifies the use of this concrete pavement type on the loaded crossroads in the city, bus stops and roads with heavy traffic,
- reducing of aggregate grain size in the pervious concrete mixture preparation, regardless natural or recycled aggregate is used, contributed to the obtaining of greater pervious concrete pavement capacity, but porosity is reduced,
- for approximately the same porosity values, significantly different values of compressive strength are obtained as a result of different types and aggregate fractions, different water-cement ratio and concrete additives.

5. ACKNOWLEDGEMENTS

The work reported in this paper is a part of the investigation within the research project TR 36017 "Utilization of by-products and recycled waste materials in concrete composites in the scope of sustainable construction development in Serbia: investigation and environmental assessment of possible applications", supported by the Ministry for Science and Technology, Republic of Serbia. This support is gratefully acknowledged.

REFERENCES

[1] Alam, B., Javed, M., Ali, Q., Ahmad, N., Ibrahim, M.: "Mechanical properties of no-fine bloated slate aggregate concrete for construction application, experimental study", International Journal of Civil and Structural Engineering, Vol. 3, No 2., 2012, pp. 302-312

[2] Blažok, D.: "Propusni beton za kolnike", Tehnički glasnik, vol4. No1-2, pp.15-18, 2010

[3] Chen, Y., Wang, K., Wang, X., Zhou, W.: "Strength, fracture and fatigue of pervious concrete", Construction and Building Materials, 42, pp. 97-104, 2013

[4] Crouch, L., Smith, N., Walker, A., Dunn, T., Sparkman, A.: "Pervious PCC Compressive Strength in the Laboratory and the Field: The Effects of Aggregates Properties and Compactive Effort", Proceedings of the 2006 NRMC Concrete Technology Forum – Focus on Pervious Concrete, Nashville, TN, 2006

[5] Ghafoori, N.; Dutta, S.: "Laboratory Investigation of Compacted No-Fines Concrete for Paving Materials", Journal of Materials in Civil Engineering, Vol. 7., No. 3., August 1995, pp. 183-191

[6] Harber, P., J.: "Applicability of No-Fines Concrete as a Road Pavement", Bachelor of Engineering (Civil), University of Southern Queensland, Australia, 2005

[7] Kevern, J. T.: "Advancements in pervious concrete technology", Iowa State University, United States, 2008

[8] Kim, H., K., Lee, H., K.: "Influence of cement flow and aggregate type on the mechanical and acoustic characteristics of porous concrete", Applied Acoustics, 71, pp. 607-615, 2010

[9] Kraus, I., Tirić, A., Burilo, D.: "Mogućnosti primjene otpadnih materijala kao agregata u propusnom betonu", e-GFOS, Vol.3, No.5, 2012, pp. 64-73

[10] Moss, J., K.: "No-fines building gives energy-conserving homes, a system that saves both energy and cement", International Construction Sutton, Surrey, England, 1979

[11] Mrakovčić, S., Čeh, N., Jugovac, V.: "Effect of aggregate grading on pervious concrete properties", Građevinar, Vol. 66, No. 2, 2014, pp. 107-113

[12] Patil, V., R., Gupta, A., K., Desai, D., B.: "Use of Pervious Concrete in Construction of Pavement for Improving their Performance", Journal of Mechanical and Civil Engineering, 2010, pp. 54-56.

[13] Sata, V., Wongsa, A., Chindaprasirt, P.: "Properties of pervious geopolymer concrete using recycled aggregates", Construction and Building Materials, 42, pp. 33-39, 2013

[14] Sriravindrarajah, R., Huai Wang, N., D., Wen Ervin, L., J.: "Mix Design for Pervious Recycled Aggregate Concrete", International Journal of Concrete Structures and Materials, 6, pp. 239-246, 2012

[15] Stojanović, M., Šešlija, M., Malešev, M., Radonjanin, V.: "Svojstva propusnih betona i mogućnost njihove primene u savremenoj putogradnji", Proceedings of the First Serbian Road Congress, June 5-6, 2014, Belgrade, Serbia, pp. 829-838. (in the Serbian)
[16] Sumanasooriya, M., S., Neithalath, N.: "Pore structure features of pervious concretes proportioned for desired porosities ond their performance prediction", Cement & Concrete Composites, 33, pp. 778-787, 2011
[17] Šešlija, M., Radović, N., Trivunić, M., Bibić, D., Peško, I.: "Analysis of pervious concrete pavement", Proceedings of the Contemporary Achievements in Civil Engineering 2015, Faculty of Civil Engineering Subotica, April 24, 2015, Subotica, Serbia, pp. 429-434. (in the Serbian)
[18] Tho-in, T., Sata, V., Chindaprasirt, P., Jaturapitakkul, C.: "Pervious high-calcium fly ash geopolymer concrete", Construction and Building Materials, 30, pp. 366-371, 2012
[19] Urquhart, D.: "Historic Concrete in Scotland Part 1: History and Development", Historic Scotland, Edinburgh, March, 2013
[20] Yang, J., Jiang, G.: "Experimental study on properties of pervious concrete pavement materials", Cement and Concrete Research, 33, pp. 381-386, 2003

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

CM - 13

Bojana TRAJANOSKA[1], Viktor GAVRILOSKI[2]

EXPERIMENTAL TESTING OF STEEL REINFORCED GLASS ELEMENTS

SUMMARY

The brittleness of the glass as structural material is its main disadvantage which defines a need of new structural solution for achieving post-breakage capacity of the element. The requirements for glass performance get higher and the use of fully tempered glass increases but as a result of its breakage pattern in small pieces, total collapse of the element may occur even when used as laminated structure. Thus, keeping the integrity of the glass element is crucial and it can be done either by changing the interlayer properties or reinforcing the element with additional materials. This paper presents experimental testing of the performances of reinforced hybrid glass to steel element under four point bending test showing the improvement in its mechanical behavior.

Keywords: hybrid elements, reinforcement, post-breakage capacity, four point bending

Бојана ТРАЈАНОСКА[1], Виктор ГАВРИЛОСКИ[2]

ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ИСПИТУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ОД СТАКЛО ЗАЈАКНАТИ СО ЧЕЛИК

РЕЗИМЕ

Кртоста на стаклото како конструктивен материјал е неговиот најголем недостаток поради кој се јавува потреба од нови конструктивни решенија кои овозможуваат капацитет на преостаната носивост на елементот и по појава на лом. Барањата за подобрени карактеристики на стаклото ја прават употребата на каленото стакло поактуелна, меѓутоа поради начинот на кршење на овој вид на стакло постои можност за појава на колапс на елементот дури и при негова употреба како ламинирано стакло. Во овој труд презентиран е начин на обезбедување на интегритет на елемент од стакло со воведување на челично зајакнување и експериментално евалуирање на зголемувањето на механичките карактеристики хибридната структура.

Клучни зборови: хибридни елементи, зајакнување, преостаната носивост, експериментално испитување на чисто свиткување

[1] Assist. PhD, Faculty of Mechanical Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, Bojana.trajanoska@mf.edu.mk
[2] Prof. PhD, Faculty of Mechanical Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, viktor.gavriloski@mf.edu.mk

1. ВОВЕД

Елементите од стакло стануваат актуелни како дел од конструкциите од моментот на воведување на постапката за производство на стакло. Сепак денес, стаклото добива сериозна и одговорна функција во конструкциите како носечки елемент. Неговиот најголем недостаток, тоа што е екстремно крт материјал, во праксата се надминува со појава на ламинираното стакло (Wurm 2007). Со процесот на ламинирање во два или повеќе слоеви се добива потребната конструктивна дебелина на елементот и капацитет на преостаната носивост и по појава на пукање на еден од слоевите од стакло. Оваа дуктилност се должи пред сé на карактеристиките на полимерниот материјал кој се користи како дел од самиот процес на ламинација (Belis et al. 2004).

Поради појавата на конструкции целосно изработени од стакло и зголемување на димензиите на стаклеините елементи се појавува потреба од зголемени структурни перформанси што води кон почеста употреба на калено стакло кое се карактеризира со висока затегачка јакост. Меѓутоа, каленото стакло не поседува капацитет на преостаната носивост дури и во форма на ламинирано стакло. Ова доаѓа како резултат на видот на лом кој е карактеристичен за каленото стакло, кршењето на мали шарчиња, и ниската крутост на полимерниот филм кој досега се користи при ламинирање на стаклото. Токму поради ова, однесувањето на ламинираното стакло директно зависи од карактеристиките на полимерниот материјал особено во случаи кога се јавува инстантен лом на слоевите од стакло односно колапс на целиот конструктивен елемент. Со цел да се постигне висока преостаната носивост, полимерниот филм мора да поседува виоска затегачка јакост, крутост на затегнување, капацитет на деформирање пред кинење и добра атхезија (Haldimann et al. 2007). При користење на калено стакло во форма на ламинирано, потребни се повеќе од два слоја стакло за да се обезбеди преостанатата носивост на елементот, што од друга страна пак значи зголемување на целокупната тежина на конструктивниот елемент.

Концептот на зајакнување на конструктивните елементи е предложен и тестиран од многу истражувачи. Feirabend S. (2009) анализира хибридна ламинирана структура која е составена од перфориран челичен лим кој функционира како зајакнување помеѓу два слоја од стакло мешусебно поврзани со користење на актуелниот полимерен филм за ламинирање поливинилбутирал (PVB). Во ова истражување направено е експериментално определување на капацитетот на преостаната носивост на елементот по појава на лом на стаклените слоеви при напрегање на свиткување со користење на стандардизиран метод за испитување со потпирање во четири точки. Условите на испитување во овој случај се под дејство на различни температури на испитување при што фокусот е ставен на влијанието на употребениот полимерен материјал и неговите карактеристики врз однесувањето на хибридниот елемент.

Nhamoinesu S. (2014) пак претставува друг пристап на зајакнување каде како зајакнувачи се користат лечични профили поврзани со лепење на рабовите од стаклен елемент и тоа во различни концепти, помеѓу два слоја од стаклени елементи при што се добива симетрична сендвич структура, и концепт со еден слој од стаклен елемент и зајакнување во затегачката зона на стаклото. Во истражувањето испитувани се различни видови на користено лепило и пробни парчиња со различни димензии при напрегање од свиткување со потпирање во четири точки со цел определување на капацитетот на преостаната носивост на структурата по појава на лом на стаклениот елемент.

Овој начин на воведување на нови концепти на хибридни елементи и определување на нивната главна карактеристика на преостаната носивост и промена на напонската распределба, е претставен и од Weller B. (2009). Тој дава резултати од направените експериментални ситражувања на хибридни плочести и гредни елементи зајакнати со различни видови конструктивни материјали, челик и профили од поликарбонат за определување на нивните механички карактеристики и однесување при чисто свиткување.

Во истата насока, во овој труд даден е начин на постигнување на одреден капацитет на преостаната носивост и поволна напонска состојба на елемент од калено стакло преку нов концепт на хибридна ламинирана структура составена од стакло и челик. Притоа

експериментално се испитани и евалуирани механичките карактеристики на предложениот концепт.

2. КОНЦЕПТ НА ХИБРИДНИОТ ЕЛЕМЕНТ

Во трудот е предложен нов концепт на елементот од челик и стакло кој се состои од панел изработен од калено стакло и тенок челичен слој кои заедно формираат ламинирана структура каде врската помеѓу ламинираните слоеви е обезбедена со користење на конструктивно лепило за разлика од вообичаени полимерни материјали кои се применуваат кај ламинираното стакло.

Ламинираната структура се добива со поставување на перфориран челичен слој преку површинско лепење за панелот од стакло во зоната на затегачки напони. На овој начин, се постигнува зајакнување во најслабата зона на елементот од стакло при напрегање од свиткување под дејство на надворешно оптоварување нормално на површината на елементот. Со ваква структура оптоварувањето се пренесува кон еласто-пластичниот перфориран лим кој има капацитет да превземе поголеми напони за разлика од стаклото како идеално крт материјал. Дополнително, со овој начин на зајакнување, се добива ламинирана структура чијашто вкупна тежина е помала во споредба со ламинираното стакло имајќи предвид дека се користи само еден слој од стаклен елемент.

Со користење на перфориран челичен слој, се добива зајакнување на стаклениот елемент, преостаната носивост и прераспределба на главните напони во панелот, а во исто време се зачувува транспарентноста која ја нуди стаклото. Различни форми на перфорација на челичниот елемент може да се применат (Marina et al. 2014) кои нудат и различен капацитет на зајакнување. Во овој труд испитувана е перфорација со еднакви кружни форми паралелно поставени во редови и експериментално е испитан капацитетот на зајакнување кои ги нуди вака дизајниран зајакнувачки елемент.

Употребениот стаклен елемент во хибридната структура е изработен од калено стакло чијашто јакост на свиткување беше определена експериментално и изнесува 200 MPa. Другите механички карактеристики на стаклото релевантни за изведеното испитување се модулот на еластичност кој не се менува и по термичката обработка на стаклото и зинесува 70 000 MPa, како и Поасоновиот коефициент кој за стаклоима вредност 0,22. Челичното зајакнување е направено од конструктивен хром-никел челик со затегачка јакост од 550 MPa. Површинското лепење беше изведено со користење на конструктивно лепило вид DC3145 на база на силикон. Неговите механички карактеристики беа добиени од производителот и за потребите на ова испитување не беа ескпериментално потврдени. Технолошките карактеристики на лепилото овозможија добивање на ламинирана структура и композитно однесување.

3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСПИТУВАЊЕ

Со цел да се определат механичките карактеристики на хибридните елементи, изведени се експериментални испитувања во согласност со европскиот стандард *EN 1288-3:2000* [2]. Овој стандард ја дефинира постапката за испитување на рамни плочести елементи од стакло при свиткување со потпирање во четири точки и определување на нивната јакоста на свиткување.

Уредот кој беше искористен претставува универзална машина за тестирање ZWICK ROELL Z250 која има можност за максимално оптоварување од 250 kN. Дополнително, за мерење на угибот во средината на елементот користен беше KYOWA уред со можност за мерење на деформација од 100 mm. За дефинирање на напонската состојба на панелите, поставени беа мерни ленти во зоните на притисок и на затегнување. На овој начин можеше да се детектира евентуална деламинација во текот на тестирањето што би било индикација за нецелосно однесување на структурата како композит.

Два различни типови на модели беа испитани. Во прво време беа испитани модели од чисто стакло со цел да се одреди експерименталната јакост на каленото стакло. Овие пробни парчиња со ознака BG.10, имаа димензии дефинирани во самиот стандард, должина од 1100 mm и ширина од 300 mm и константа дебелина од 10 mm. Поради можноста од постоење на грешки

на површината на елементот од стакло кои директно влијаат на јакоста на елементот (Veer 2007), повеќе пробни парчиња беа испитани во текот на тестирањето. Зајакнувањето кое се користи за формммирање на хибридните пробни парчиња кои имаат ознака BSG.40_10, ги имаше истите димензии и дебелина од 1mm. Притоа, перфорацијата која се користи има кружни форми со димензии од 40 mm во дијаметар (слика 1).

На слика 2 е прикажано поставувањето на пробните парчиња. Растојанието помеѓу потпирачките и притиснувачките ролери е дефинирано во стандардот кој се користи за испитувањето и изнесува 1000 mm и 200 mm соодветно. Во текот на тетирањето се корисеше аплицирање на сила нормална на површината на елементите, која според стандардот педизвикува промена на напоните не повеќе од 2 ± 0,4 MPa/sec, до појава на лом на стаклениот елемент.

Слика 1. Изглед на хибридните модели



Слика 2. Поставување на пробните парчиња

4. РЕЗУЛТАТИ

Според стандардот по кој е вршено испитувањето, определувањето на јакоста на свиткување се базира на максималната сила на лом на елементот од стакло, односно појавата на првата пукнатина за пробните парчиња од хибридните елементи. Поради ова, како излезни резултати од испитувањето добиени се карактеристичните криви сила-угиб за анализираните модели. Бидејќи беа исппитани повеќе пробни парчиња од секој модел, интерполирани криви беа употребени за претставување на карактеристиките на моделите соодветно. На сликата 3 прикажани се споредбено резултатите добиени за хибридните модели и моделите направени од чисто стакло. Она што може да се забележи од приказот, е постигнување на максимална сила на лом од 5000 N, при што се јавува максимален угиб во средината на елементот од 50 mm. Од друга страна, од истиот дијаграм може да се забележи влијанието на зајакнувањето врз механичкото однесување на хибридните модели, кое овозможува згоелмување на целокупната крутост на моделот поради што вредноста на максималната сила која е аплицирана кај овие модели се постигнува при помал угиб споредено со елементите од стакло со иста дебелина.

Главната карактеристика ја хибридните модели, обезбедување на капацитет на преостаната носивост по појава на лом на стаклениот елемент, е прикажана преку резултатите на дијаграмот на слика 4. Она што може да се заклучи од овој дијаграм е дека перфорацијата со димензии на формите од 40 mm во дијаметар спречуваат инстантен колапс на елементот при појава на кршење на елементот од стакло. Магнитудата на силата која се намалува во моментот на појава на лом, повторно се зголемува кога напрегањата ги превзема зајакнувачкиот елемент. Дополнителна причина за зголемување на силата односно носивоста на елементот претставува меѓусебното дејство на парчињата од скршениот стаклен елемент кои остануваат дел од елементот поради лепилото како врска со зајакнувачкиот слој.



Слика 3. Карактеристика сила-угиб



Слика 4. Капацитет на преостаната носивост

Според претпоставките направени на почетокот на испитувањето, претставениот концепт овозможува и прераспределба односно намалување на главните напони во затегнувачката, критична, зона на стаклениот елемент. Теоретската анализа на геометриските карактеристики на напречниот пресек на хибридниот елемент покажува двојно зголемување на отпорниот момент на пресекот споредено со елементот од чисто стакло со иста дебелина (слика 5). Ова теоретски претпоставува двојно намалување на напоните кои се јавуваат во пресекот на елементот. Меѓутоа, овие претпоставки се направени за идеален пресек на хибриден елемент, односно зајакнување без перфорација и идеално однесување на елементот како композит (слика 6А).



Слика 5. Напонска состојба на пресекот на единечен елемент од стакло

Слика 6. Напонска состојба на пресекот на хибридниот елемент
А. Целосно композитно дејство
Б. Делумно композитно дејство

Но, за формирање на хибридните елементи користени се три различни конструктивни материјали чиишто карактеристики директно влијаат на капацитетот на композитно однесување на структурата (слика 6Б). Дополнително, отпорниот момент на напречниот пресек на физичките модели на хибридниот елемент не е константен бидејќи зајакнувачкиот елемент содржи перфорации кои ја намалуваат ефективната површина на носење на елементот. Сето ова претставува пречка за предвидување на капацитетот на композитно однесување на елементот односно влијае на вредноста на главните напони кои се јавуваат во стаклениот елемент.

Во табелата 1 дадени се разликите во резултатите добиени при аналитичката анализа и експерименталното испитување, а кои се однесуваат на напонската состојба на елементот. Разликите во резултатите се посебно впечатливи при зголемени вредности на надворешното оптоварување што укажува на нецелосно однесување на елементот како

композит. Меѓутоа, од резултатите може да се забележи намалување на напоните во стаклениот елемент поради присуството на зајакнувачкиот слој кај хибридните модели при иста вредност на аплицирана сила.

Сила [N]	Чисто стаклен панел		Стаклен панел од хибриден елемент	
	Напон [MPa] Аналитички	Напон [MPa] Експериментално	Напон [MPa] Аналитички	Напон [MPa] Експериментално
1000	40	43	20.7	24
2000	80	82	41.45	53
3000	120	117	62.18	81

Табела 1. Анализа на напонската состојба на стаклениот панел

5. ЗАКЛУЧОК

Од изведеното експериментално испитување може да се заклучи дека каленото стакло не нуди преостаната носивост по појава на лом односно се јавува инстантен колапс на конструктивниот елемент во моментот на надминување на неговата јакост на свиткување.

За надминување на овој недостаток на елементите од калено стакло може да се употреби зајакнување на структурата со воведување на зајакнувачки слој со дуктилни карактеристики кој обезбедува капацитет на преостаната носивост и по појавата на лом, а притоа времето и температурата како експлоатациони фактор не влијаат врз неговите карактеристики како врз полимерните материјали. Ваков конструктивен материјал е челикот кој се користи за формирање на хибридните елементи од стакло претставени во трудот.

Овие хибридни елементи ги користат механичките карактеристики на перфорираниот челичен лим со дебелина од 1 mm за постигнување на капацитет на преостаната носивост кај панел од калено преку негово површинско поврзување со панелот со помош на конструктивно лепило, а во исто време задржување на транспарентноста на стаклениот елемент.

Влијанието на зајакнувачкиот елемент со перфорација со кружни форми со димензии од 40 mm во дијаметар, врз механичките карактеристики и однесување на стаклен елемент со дебелина 10 mm, е испитан експериментално при што се потврдува постигнувањето на преостаната носивост и по лом на стаклениот елемент, зголемување на целокупната крутост на елементот, односно зголемување на интегритетот на конструктивниот елемент.

Дополнително, зајакнувањето на структурата овозможува прераспределба на напоните во затегнувачката зона на стаклениот елемент при напрегање од свиткување и во исто време намалување на вредноста на главните напони измерени во истата зона на панелот.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Belis, J., Van Impe, R., Vanlaere, W., Lagae, G. Buffel, P. and M. De Beule (2004): Glass Structures and Plasticity: Contradiction or Future?, Key Eng. Mater., vol. 274–276, pp. 975–980

[2] EN 1288-3:2000. Glass in building – Determination of the bending strength of glass – Part 3:Test with specimen supported at two points (four-point bending) CEN,2000

[3] Feirabend, S. and Sobek, P. W.(2009): Improved post-breakage behavior of laminated glass due to embedded reinforcement, Glass performance days 2009, pp. 726–729

[4] Haldimann, M., Luible, A. and Overend, M.(2007): Structural use of Glass

[5] Nhamoinesu, S.(2014): Steel-Glass Composite Structures (thesis)

[6] O. Marina, O., Trajanoska, B. and Filipovska, E.(2014): Parametrically generated geometry of the glass metal reinforcement layer, Challenging Glass 4 & COST Action TU0905 Final Conference

[7] Veer, F. (2007): The strength of glass, a nontransparent value, Heron, vol. 52, no. 1–2, pp. 87–104

[8] Weller, B.,Weimar, T., Härth, K.(2009): Hybrid Components of Glass and Polycarbonate, Glass performance days, pp. 144-148

[9] Wurm, J. A. N.(2007), Glass Structures, Basel: Birkhauser Verlag AG

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

CM - 14

Ana TROMBEVA-GAVRILOSKA[1], Meri CVETKOVSKA[2], Viktor GAVRILOSKI[3], Marijna LAZAREVSKA[4], Todorka SAMARDZIOSKA[5]

EXPERIMENTAL ANALYSIS OF MECHANICAL CHARACTERISTICS OF FRP MATERIALS

SUMMARY

Increasing interest about composite materials and their use in the field of civil engineering offer possibility for development of new innovative materials, which could be used as constructive elements. The concept of the composite materials itself, offers possibility of effective exploitation of mechanical characteristics of the separate components till their limit. Mechanical characteristics of each composite material depend on its components. In this paper experiments of different series composite materials, which are different according to used reinforcement and matrix, are presented. Mechanical characteristics of different types of composite materials are discussed in dependence on their components.

Keywords: composite materials, mechanical characteristics, experiments

Ана ТРОМБЕВА-ГАВРИЛОСКА[1], Мери ЦВЕТКОВСКА[2], Виктор ГАВРИЛОСКИ[3], Маријана ЛАЗАРЕВСКА[4], Тодорка САМАРЏИОСКА[5]

ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕХАНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА FRP МАТЕРИЈАЛИ

РЕЗИМЕ

Зголемениот интерес за композитните материјали и нивната примена во градежништвото нуди можност за развој на нови иновативни материјали, за примена како конструктивни елементи. Концептот за композитен материјал, сам по себе, нуди можност за искористување на механичките карактеристики на поодделните компоненти. Механичките карактеристики на секој композитен материјал зависат од неговите составни компоненти. Во овој труд презентирани се експериментални испитувања на различни серии композитни материјали, кои се разликуваат според типот на применетата арматура и матрица. Механичките карактеристики на различните типови композитни материјали се анализирани во зависност од составните компоненти.

Клучни зборови: композитни материјали, механички карактеристики,експерименти

[1] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Arcitecture, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, agavriloska@arh.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, cvetkovska@gf.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Faculty of Mechanical Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, viktor.gavriloski@mf.ukim.edu.mk
[4] Assis. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, marijana@gf.ukim.edu.mk
[5] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, samardzioska@ gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

На макроскопско ниво композитен материјал е комбинација од два или повеќе материјали, произведени како мешавина од две главни компоненти како влакна и матрица. Истотака, FRP композитен материјал може да се дефинира како полимерна матрица зајакната со влакна кои обезбедуваат армирање во еден или повеќе правци. Кај композитните материјали влакната ја обезбедуваат јакоста и крутоста, додека матицата делува како врзно средство кое обезбедува јакост на притисок, отпорност од удар и корозија.

FRP композитните материјали имаат предност во однос на конвенционалните материјали, како: повисока јакост и пододбра крутост во однос на нивната тежина. Истотака, модуларизацијата може да придонесе инженерите да проектираат поефикасни и поисплатливи конструктивни материјали и системи [4]. Проектирајќи го композитниот материјал, инженерот може да ги искористи предностите од двата составни материјали со цел да ги постигне проектираните карактеристики на крајниот производ.

Нормалната јакост и крутост на композитните материјали нагласува Barbero [3] зависат од изборот на типот на матрицата, додека јакоста на притисок и затегнување нормално на влакната се функции од јакоста на матрицата, од контактната јакост помеѓу влакната и матрицата и од дефектите присутни во матрицата, како шуплини и микропукнатини.

Во многу трудови кои се однесуваат на композитните материјали [2, 3, 5] се презентирани нивните одлични механички карактеристики. Во истите се нагласува дека механичките карактеристики на композитните материјали зависат од изборот на матрицата и арматурните влакна. И покрај фактот дека механичките карактеристики на композитните материјали може да бидат определени од претходно стекнатото знаење, доколку се развива нов композитен материјал мора да се изведе експериментално испитување за истиот со цел да се добијат неговите точни механички карактеристики. Експериментално добиените резултати може да дадат јасна слика за механичките карактеристики како последица на промената на компонентите или промена на експлатационите услови, помагајќи му на проектантот аналитички да го определи однесувањето на една комплексна структура.

Во овој труд презентирани се експериментални испитувања на композитни материјали, како дел од истражување поврзано со FRP сендвич плочи за примена во градежништвото. Во трудот се презентирани експериментални експериментални испитувања за определување на јакоста на затегнување на три видови композитни материјали, кои се разликуваат според типот на матрицата и арматурните влакна. Со цел да се анализира влијанието на различните компоненти врз крајните механички карактеристики на композитните материјали од експиреметално добиените σ-ε дијаграми за пооделните материјали беа определени јакоста на затегнување и модулот на елестичност. Експериментално добиените резултати се анализирани и дискутирани во зависност од составните компоненти на композитните материјали.

2. ПРИПРЕМА НА ЕПРУВЕТИТЕ И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНОТО ИСПИТУВАЊЕ

2.1. Составни компоненти на композитните материјали

Предмет на експерименталните испитувања презентирани во овој труд е анализа на механичките карактеристики на композити зајакнати со стаклени влакна. За целите на експерименталното истражување беа изработени три различни серии на ламинати. Сериите ламинати се разликуваа според видот на арматурата, видот на матрицата и слоевите за армирање. Ламинатите беа изработени применувајќи два вида матрица и два вида стаклени влакна за армирање распределени во два и три слоја. За производство на композитните ламинати се применети следните материјали:

- Матрица
    - Полиестерска смола (P), ортофтална киселина, тип DUGAPOL H230, и
    - Двокомпонентна епоксидна (E) смола, тип ADINGEPOKS-1;

- Арматурни влакна
    - Matta (M) со густина 0,315 kg/m^2, и
    - Rowing (R) со густина 0,535 kg/m^2.

Означувањето на испитуваните епрувети беше извршено според нивните составни компоненти: првата ознака се однесува на видот на матрицата (P или E), втората ознака го означува бројот на арматурни слоеви, третата ознака се однесува на видот на употребената арматура (M или R). Типовите на експериментално испитуваните композитни материјали и нивните пооделни компоненти се сумирани во Табела 1.

Епрувета	Матрица	Слоеви на армирање	Вид на арматура
P3M	Полиестерска смола	3	Matta
P2R	Полиестерска смола	2	Rowing
E2R	Епоксидна смола	2	Rowing

Табела 1. Составни компоненти на испитувани епрувети

2.2. Геометрија на епруветите

Епруветите за испитување беа исечени од изработениот ламинат. Нивната геометрија беше дефинира согласно американскиот стандард ASTM D 3039 [1], слика 1. Сите испитувани епрувети беа со константен правоаголен пресек по целата должина и задебелувања на двата краја, изработени од ламинат G11, епоксидно матричен материјал армиран со E-стаклена ткаенина под висока температура. Со цел да избегнат контактни напрегања во врската помеѓу епруветите и задебелувањата, истата беше изведена со аралдит, епокси и полиуретански базиран адхезив со високи истегнувачки карактеристики, кој беше рамномерно распределен на самата контактна површина.



Слика 1. Геометрија на FRP епрувета

2.3. Експериментални испитувања

Постапката за испитување на FRP епруветите беше дефинира согласно американскиот стандард ASTM D 3039 [1]. Пред да се започне со експерименталните испитувања за секоја епрувета пооделно беше внимателно испитана финалната обработка. Димензиите на секоја епрувета пооделно пред испитувањето беа измерени на три места и беше определена соодветната површина на епруветите со цел да се определи средната површина

Експерименталните испитувања беа изведени на уред за испитување тип SCHENCK HYDROPLUS-PSB, со капацитет од 250 kN, во лабораторијата за испитување на материјали во склопот на фабриката „11 ОКТОМВРИ ЕУРОКОМПОЗИТ”-Прилеп. За потребите на експерименталното истражување мерењата беа изведени во подрачје до 25 kN.

Епруветите беа поставувани во хидраулични фаќалки од уредот за испитување, водејќи сметка нивната оска да се поклопува со правецот на нанесувањето на силата на затегнување. Со цел да се определи соодветен притисок на хидрауличните фаќалки беа испитани пробни епрувети.

Силата на затегнување беше нанесувана постепено, со брзина од 1 mm/min, со цел да се добие константна дилатација во делот на мерната лента.

Силата на затегнување беше добиена преку давачот за сила вграден во уредот за испитување, чија конструктивна изведба е со тензометарски ленти поврзани во целосен мост. Поместувањето на главата од уредот беше добиено преку давачот за поместување вграден во уредот за испитување, чија конструктивна изведба е од индуктивен тип. Дилатацијата беше определена со примена на мерни ленти поставени во надолжен правец. Со цел да се намалат ефектите од загревање кои се должат на ниската кондуктивност на испитуваните композитни материјали беа применти тензометарски ленти со електричен отпор 350 Ω, тип HBM 10/350LY11. Површинската припрема и изборот на лепакот за поставување на мерните ленти беа направени во консултации со производителот на мерните ленти. Компензацијата на температурата беше изведена со поставување на пасивна лента поставена на композитна епрувета повврзана со полу-мост. Користејќи го факторот K на тензометарската лента (K=2,08) дилатацијата се добиваше и запишуваше во [μm/m].

За аквизиција на мерните големини беше користена аквизициона единица HBM Spider 8 и софтвер за аквизиција HBM CATMAN 4.0. Излезниот сигнал од давачите преку A/D и D/A конвертори беше обработуван како излезен аналоген сигнал од уредот за испитување (±10V), кој беше доведуван во аквизиционата единица со семплирање од 50 Hz, а со линеарно скалирање согласно карактеристиките на давачите, со што се добиваа износите на силата во [N] и поместувањето во [mm].

Експерименталните испитувања за определување на јакоста на затегнување на композитните епрувети беа изведени на собна температура од 22° C, слика 2.



Слика 2. Уред и опрема користени при испитување на FRP епрувети при аксијално напрегање на затегнување: 1) уред за испитување; 2) компјутер; 3) епрувета

3. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ОПРЕДЕЛЕНИ РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Испитувањето беше изведено на три различни серии епрувети, при што секоја беше испитувана на собна и зголемена температура. За целите на експериментот беа испитани по три примероци од секоја пооделна серија. Геометрсиките карактеристики и добиените резултати од експерименталните испитувања на собна температура за секоја FRP епрувета, се прикажани во табела 2.

Епрувета	*b* [mm]	Δ [mm]	Јакост на затегнување [MPa]	Модул на еластичност [MPa]	Просечна јакост на затегнување [MPa]	Просечен почетен модул на еластичност [MPa]
P3M_1	25	3	37,71	6600	35,96	6583,3
P3M_2	24,5	2,8	34,68	6570		
P3M_3	25	2,9	35,48	6580		
P2R_1	25	1,5	87,33	12200	86,02	11445
P2R_2	25,1	1,6	81,77	10850		
P2R_3	25,2	1,6	88,96	11285		
E2R_1	25,1	1,4	91,66	12160	92,01	12170
E2R_2	25,2	1,3	85,41	12150		
E2R_3	25,2	1,3	98,96	12200		

Табела 2. Геометриски и механички карактеристики на FRP епрувети при аксијално напрегање на затегнување на собна и на зголемена температура

Со цел да оцени влијанието на компонентите врз механичките карактеристики на композитните материјали беше изведена споредбена анализа на експериментално определените резултати. Влијанието на применетата арматура беше анализирано споредувајќи ги резултатите добиени за сериите епрувети P3M и P2R, слика 3.



Слика 3. σ-ε дијаграми за серии епрувети P3M и P2R при аксијално напрегање на затегнување

Анализата на σ-ε дијаграмите, слика 3 и резултатите прикажани во табела 2 покажуваат дека композитните материјали армирани со ткаенина се карактеризираат со приближно два и пол пати поголема јакост на затегнување, двојно поголем модул на еластичност и максимална дилатација во споредба со композитните материјали армирани со произволно ориентирани влакна.

Со цел да се согледа влијанието на матрицата врз крајните карактеристики на материјалот беше спроведена анализа на експериментално определените резултати за сериите епрувети P2R и E2R, слика 4.



Слика 4. σ-ε дијаграми за серии епрувети P2R и E2R при аксијално напрегање на затегнување

Од σ-ε дијаграмите прикажани на слика 4 и резултатите прикажани во табела 2 може да се заклучи дека јакоста на затегнување и модулот на еластичност се незначително поголеми за композитните материјали кај кои матрицата е од епоксидна смола. Од слика 4 може да се види дека композитните материјали кај кои матрицата е од полиестерска смола имаат поизразена преодна граница на билинеарниот σ-ε дијаграм во споредба со композитните материјали кај кои матрицата е од епоксидна матрица.

4. ЗАКЛУЧОК

Во овој труд презентирани се резултати од експериментални испитувања на три серии композитни материјали при аксијално напрегање на затагнување на собна температура. Од добиените σ-ε дијаграми определени се основните механички карактеристики, јакост на затегнување и модул на еластичност, со цел да се изврши анализа на влијанието на различните компоненти врз крајните механички карактеристики на композитниот материјал.

Експериментално определените резултати покажуваат дека изборот на матрицата и арматурните влакна имаат големо влијание врз механичките карактеристики на композитните материјали. Композитните материјали армирани со ткаенина се карактеризираат со поголема јакост на затегнување како резултат на поголемата носивост во правец на силата на затегнување. Од анализата може да се заклучи дека максималната јакост на композитните материјали зависи од носивоста на арматурата во целина. Имено, појавата на микропрснатини не влијае врз максималната носивост. Дилатациите на композитните материјали пред појава на првите микропрснатини зависат од жилавоста и карактеристиките на матрицата. Може да се заклучи дека видот на употребената матрица влијае на деформациите на композитниот материјал, но не и на неговите крајни механички карактеристики.

ЛИТЕРАТУРА

[1] ASTM D3039/D 3039M-08: Standard Test Method for Tensile Properties of polymer Matrix Composite Materials (ASTM International, USA 2008)

[2] A. Russo and B. Zuccarello: Composite Structures, Vol. 81 (2007), p. 575

[3] E. J. Barbero: Introduction to Composite Materials Design (Taylor & Francis, USA 1999)

[4] F. Seible and V. Karbhari: Journal of Structural Engineering ASCE, Vol.66, No. 8 (1996), p. 44

[5] K. K. Chawla: Composite Materials (Springer-Verlag, USA 1998)

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

CM - 15

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

Nikola UZUNOV[1]

SPECIALIZED MATERIALS FOR STRUCTURAL BONDING / DEFINITION, TESTING, PERFORMANCES AND CONFORMITY WITH EUPROPEAN STANDARD EN1504-4/

SUMMARY

In order to organize and simplify complex process of reparation and protection of concrete structures, as well as to allow adequate choice of materials and methodology for reparation European standard EN1504 is issued, thus completely define phases of reparation and protection of concrete/reinforce concrete structure. As part of the standard, EN1504-4 specifies requirements for testing and performances of the materials used for establishing structural bonding in reparation-strengthening of concrete structures. Purpose of this work is to demonstrate specific aspects of this standard (definition, testing, performances and conformity) using practical examples.

Keywords: reparation, protection, concrete, adhesion, european standard, EN1504

Никола УЗУНОВ[1]

СОВРЕМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОНСТРУКТИВНО ВРЗУВАЊЕ /ДЕФИНИРАЊЕ, ТЕСТИРАЊЕ, ПЕРФОРМАНСИ И УСКЛАДЕНОСТ СО ЕВРОПСКИОТ СТАНДАРД EN 1504-4/

РЕЗИМЕ

Со цел комплексниот процес на санација на АБ-конструкции да се систематизира и поедностави, особено да се овозможи правилен избор на методологија на работа и материјали за санација, воведен е европскиот стандард EN1504, кој во потполност ги дефинира фазите на санација на одредена конструкција. Како дел од стандардот, EN1504-4 ги специфицира барањата за перформанси на материјалите наменети за остварување на конструктивна врска при зајакнување на бетонски и АБ-конструкции. Целта на овој труд е преку конкретни примери да се демонстрираат одредени специфични сегменти на стандардот врзани со дефинирањето, тестирањето, сертификацијата и примената на некои специјализирани материјали наменети за остварување на конструктивна врска при санација на конструкциите.

Клучни зборови: санација, заштита, бетон, адхезија, европски норми, EN1504

[1] BSc, Regional manager, ADING AD - Skopje, Republic of Macedonia, uzunov@ading.com.mk

1. ВОВЕД

Бетонот е евтин, траен, еколошки материјал, кој дава бескрајни можности за обликување и примена. Ваквите карактеристики допринесуваат бетонот и армираниот бетон да бидат најширок распространети градежни материјали во светот. Дополнително, развојот на современата технологија на бетон секојдневно ја проширува неговата примена.

Бетонот се применува за градење на објекти на сите континенти, во секоја климатска зона, за изведба на инженерски и хидротехнички објекти, построенија во секоја индустрија, подземни конструкции, пристаништа, нафтени платформи и други конструкции во и покрај морињата.

Вакваиот широк спектар на примена ги прави различните бетонски и АБ-конструкции изложени на агресии предизвикани од физичко-механички влијанија, атмосферски влијанија, хемиски агресии и др.

Со цел да се спречи појавата, како и да се санираат евентуални оштетувања на АБ-конструкции, неопходно е да најпрво да се разбере природата на бетонот и армираниот бетон, начинот како овие материјали работат и како различните надворешни влијанија влијаат на нивното однесување. Од тие причини негативните влијанија на АБ конструкции ги класифицираме во две основни групи:

- Оштетувања на бетонот
- Оштетувања на АБ-конструкции како последица на корозија на челичната арматура

Основни причинители на оштетувања и деградација на бетонот		
Механички влијанија	**Хемиски влијанија**	**Физички влијанија**
Удар	Алкално-агрегатна реакција	Циклуси на замрзнување/одмрзнување
Преоптоварување	Изложеност на хемиска агресија	Температурни поместувања
Поместување	Бактериоски или други биолошки влијанија	Експанзија на кристали на сол
Вибрации, Земјотрес, Експлозија	Ефлоресценција (исолување)	Собирање
		Ерозија
		Абразија и абење на бетонот
Оштетувања на АБ-конструкции како последица на корозија на челичната арматура		
Причинител на оштетувањето		**Пример**
Корозивна контаминација	Изложеност на хемиски агресивни материјали	Пр. Хлориди од морска сол или сол за размрзнување
Хемиски влијанија	Пасивизација на заштитниот слој на бетонот	Карбонизација
Електро хемиска корозија	Последица на постоење на електрично коло во бетонот	- Метали со различен електричен потенцијал се во контакт преку бетонот / - Поради затворање на ел. коло преку бетонот кај преносните електрични системи

Со цел да се систематизира и поедностави процесот на санација на одредена АБ конструкција, особено да се олесни правилнот избор на методологија и материјали за санација, воведен е европскиот стандард EN1504, кој во потполност ја дефинира постапката на санација на одредена бетонска или АБ-конструкција – почнувајки со правилна проценка (дијагностика) на состојбата во која една конструкција се наоѓа, изготвување на проект за санација, правилен

избор на материјали и технологија на апликација, како и контрола на квалитетот на материјалите и изведената работа.

Европскиот стандард EN1504 е наменет за сите учесници во процесот на санација на бетонските и АБ-конструкции – инвеститори, инженери проектанти, изведувачи, производители на градежни материјали, надзори. Правилното разбирање и доследната примена на стандардот EN1504 е клучно за квалитетно и ефикасно извршување на санационите работи.

2. ЕВРОПСКИ НОРМИ ЗА САНАЦИЈА И ЗАШТИТА НА АБ КОНСТРУКЦИИ EN 1504

Европскиот стандард кој се однесува на заштита и санација на бетонски и АБ-конструкции *EUROPEAN STANDARD EN 1504 Products and systems for the protection and repair of concrete structures – Definitions, requirements, quality control and evaluation of conformity* се состои од 10 поглавја:

- *EN 1504-1 Дефинирање*
- *EN 1504-2 површинска заштита на бетоност*
- *EN 1504-3 конструктивна и неконструктивна репарација*
- *EN 1504-4 конструктивно поврзување*
- *EN 1504-5 Материјали и Системи за инјектирање*
- *EN 1504-6 Анкерување на челична арматура*
- *EN 1504-7 Заштита од корозија на челичната арматура*
- *EN 1504-8 Контрола на квалитетот и оценка на сообразноста*
- *EN 1504-9 Генерални принципи на користење на продуктите и системите*
- *EN 1504-10 In-situ апликација на продуктите и системите и контрола на квалитетот на извршените работи*

2.1 EN 1504-1 Дефинирање на специфичната терминологија во стандардот

Првото поглавје на стандардот EN 1504-1 ги дефинира специфичните термини врзани со продуктите и технологијата на санацијата, репарирање, зајакнување, заштита и одржување на бетонски конструкции.

2.2 EN 1504-2 Материјали и Системи за површинска заштита на бетонот

EN 1504-2 претставува дел од стандардот EN 1504 кој ги дефинира методите за површинска заштита на бетонот - *Хидрофобна импрегнација, Импрегнација, Премачкување*. Наведените методи одговараат на следните принципи за репарација/заштита дефинирани во EN 1504-9:

Принцип 1	Заштита од продирање /protection against ingress/ - Хидрофобна импрегнација - Импрегнација - Премачкување
Принцип 2	Заштита од влага /moisture control/ - Хидрофобна импрегнација - Премачкување
Принцип 5	Подобрување-зајакнување на површината /Physical resistance; Surface improvement / - Импрегнација - Премачкување
Принцип 6	Заштита од хемиска агресија /Resistance to chemicals/ - Премачкување
Принцип 8	Зголемување на отпорот (електричен) преку лимитирање на влажноста /Increasing resistivity by limiting moisture content/ - Хидрофобна импрегнација - Премачкување

Избор на соодветен продукт или систем за површинска заштита на бетонот се врши врз основа на проценка на конкретните или потенцијални причинители на деградација. Накусо, избор се врши според следната процедура:

- Проценка на напрегањата, состојбата и оштетувањата, нивна класификација и одредување на причинителите на истите.

- Врз основа на извршената проценка се одредуваат и принципите за санација и заштита

- По одредување на принципите, за истите се избираат и соодветни методи за репарација/заштита (Хидрофобна имрегнација, импрегнација, премаз или комбинација).

- Во зависност од конкретниот случај/дијагноза, се врши избор на продукти или систем за санација. Притоа, се земаат во во предвид следните карактеристики на материјалот/системот:

Линеарно собирање, Јакост на притисок, Коеф. на термална експанзија, Отпорност на абразија, Адхезија, Адхезија на влажна подлога, Пропустливост на CO2, Пропустливост на водена пареа, Капиларна абсорбција и Водопропустливост, Отпорност на дејство на мраз и сол, Отпорност на стареење, Хемиска отпорност, Екстремна хемиска отпорност, Можност за премостување на пукнатитни, Отпорност на удар, Реакција во контакт со оган, Противклизност, Длабочина на пенетрација во бетонот, Антистатски својства, Дифузија на јони на хлор, како и други специфични својства. Применетите системи во врзана состојба несмеат да ослободуваат субстанции штетни за здравјето, хигиената и околината.

2.3 EN 1504-3 Материјали и Системи за конструктивна и неконструктивна репарација

EN 1504-3 претставува дел од стандардот EN 1504 кој ги специфицира барањата за дефинирање и перформанси на репартурните малтери и бетони кои се наменети за репарација и/или замена на оштетен/деградиран бетон и заштита на арматурата. Истите се неопходни со цел да се врати функционалноста и продолжи векот на екплоатација на оштетената бетонска конструкција.

Принцип 3	Репарација на бетонот /concrete restoration/ - Рачно нанесување малтер - Репрофилирање со бетон - Прскање малтер или бетон (Shotcrete)
Although extensive research has been carried out regarding application of FRP composites for reinforcement, repair and strengthening purposes in concrete and masonry structural members, relatively less research has been conducted for timber structures. The majority of extant studies are focused on a flexural reinforcement (Gentile 2000; Gilfillan et al. 2003; Borri et al. 2005; Micelli et al. 2005; Schober and Rautenstrauch 2006; Jankowski et al. 2010; Jacob and Barragan 2010; Fiorelli and Dias 2011; Raftery and Hart 2011; Alhayek and Svecova 2012; Kim et al. 2013; D'Ambrisi et al. 2014). Shear reinforcing studies (Svecova and Eden 2004; Buell and Saadatmanesh 2005; Hay et al. 2006) and studies of local reinforcement for enhancing the tensile strength perpendicular to the grain (Andre 2011) have also been conducted.

This paper describes an experimental study which examines the flexural reinforcement of glulam beams with carbon fiber reinforced polymer (CFRP) plates. Two different reinforcement schemes were studied based on use of composite materials that are internally bonded to glulam element. Bending behaviour of CFRP reinforced beams was compared to unreinforced beams in order to determine effects of reinforcing solutions.

2. MATERIALS

2.1. Glulam

Glulam was made from spruce timber (*Picea Abies*) which characterized as grade C24 according to EN 338 (CEN 2009). In order to minimize the influence of the variability in timber properties, all timber used in the study was sourced from the same stand. Timber stock was kiln dried to

approximately 18% moisture content and than conditioned in an environment of 65 ± 5% relative humidity and the temperature of 20 ± 2 °C for three months. An average equilibrium moisture content of 11.7% was obtained after the conditioning period and an average timber density of 427 kg/m^3 was recorded. The average mechanical properties, obtained from testing compliant with EN 408 (CEN 2010), are reported in Table 1.

Property	Value
Tensile strength parallel to grain (MPa)	27.8
Compressive strength parallel to grain (MPa)	36.3
Bending strength (MPa)	42.5
Modulus of elasticity parallel to grain (MPa)	11080

Table 1. Experimental mechanical properties of spruce timber

The nominal size of glulam beams was 80 mm (width) x 210 mm (height) x 4000 mm (length). Each beam was composed of seven 80 mm wide and 38 mm thick laminations. Beam manufacture procedure included strategically balanced lay-ups using better quality laminations (the ones with fewer critical strength reducing defects such as knots, fissures and grain deviation) in the region of the highest stress. The laminations were bonded using phenol-resorcinol adhesive. A pressure of 0.6-0.8 MPa was applied to the closed assembly over the course of 24 h at the temperature of approximately 20 °C.

2.2. Fiber reinforced polymer

The FRP material used in this experimental test program comprised carbon fibers in an epoxy matrix. While the carbon fibers provide strength and stiffness of FRP, the epoxy matrix is essential to transfer forces between the individual fibers and to protect the fibers from abrasion and environmental degradation. Carbon fibers are much more expensive than glass fibers, but have significantly higher mechanical properties. In addition, carbon fibers display outstanding resistance to thermal, chemical and environmental effects (Andre 2011).

The CFRP plate used as reinforcement was Sika CarboDur S613 (60 x 1.3 mm), provided by Sika AG. This is a pultruded carbon fiber reinforced polymer plate designed for strengthening concrete, timber and masonry structures. The plate consists of unidirectional fibers positioned longitudinally, and its fiber volume content is greater than 68%. The density of this reinforcement is 1.6 g/cm^3.

The CFRP material was tested in tension according to EN 527-5 (CEN 2009) in order to determine its tensile modulus of elasticity, tensile strength and strain at break. The mechanical properties of carbon fiber plates are shown in Table 2. The experimental results were close to the values specified by the manufacturer.

Property	Value
Tensile strength (MPa)	2846
Modulus of elasticity (MPa)	165543
Strain at break (%)	1.73

Table 2. Experimental results from tensile tests of CFRP plates

2.3. Adhesive

The implementation of FRP reinforcement requires the use of adhesive. Epoxy adhesives are well established in civil engineering and it is reported that they are generally considered to be the most suitable for the bonding of composite materials. Because of their good gap-filling characteristic, limited shrinkage during curing, their ability to achieve full cure at ambient temperature and the low clamping pressures that are required, these adhesives are appropriate for applications in FRP-timber bonded connections (Raftery et al. 2009).

The adhesive used in this experimental test program was Sikadur-330, which is a product of Sika AG. Sikadur-330 is two-component, solvent-free, thixotropic adhesive. A base resin and curing agent (hardener) compose two components of adhesive. By mixing these two components in specific ratio,

adhesive is ready to be used. This adhesive is designed for use at normal temperatures between 10°C to 35°C. The main properties of adhesive Sikadur-330 provided by the manufacturer are shown in Table 3.

Property	Value
Mixing ratio (resin : harder by volume)	4 : 1
Density (g/cm^3)	1.30
Pot life (minutes)	57
Tensile strength after 7 days (MPa)	33.8
Elongation at break after 7 days (%)	1.2
Compressive strength after 7 days (MPa)	77.2
Bending strength after 7 days (MPa)	66.6
Modulus of elasticity after 7 days (MPa)	3489

Table 3. Properties of epoxy adhesive from manufacturer data sheet
(Material and curing conditions: 23°C and 50% R.H.)

3. EXPERIMENTAL METHOD

3.1. Test program

The experimental research was carried out at the Material Testing Laboratory of the Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade. The test program involved fabrication of reinforced glulam beams and flexural testing of both unreinforced and reinforced beams. The unreinforced beams were investigated in order to act as a control series for the reinforced beams. Two reinforcement arrangements were studied only with tensile CFRP reinforcement internally bonded to glulam specimens. The use of bonded-in reinforcement is associated with improved fire protection as well as being visually more attractive in comparison to externally applied reinforcement. Furthermore, the possibility of premature delamination is significantly reduced when the reinforcement is placed internally as there is a much greater bond area. The adopted reinforcing schemes involved application of a relatively small amount of composite material: the ratio between CFRP plate cross section and glulam beam cross section was 0.46%. Information regarding all test series is given in Table 4.

Test series	Cross section	Description	Number of specimens
A		No reinforcement	3
E		One 60×1.3×4000 mm CFRP plate embedded inside the vertical slot cut into the glulam beam	5
F		One 60×1.3×4000 mm CFRP plate incorporated between the two last laminations of the glulam beam	5

Table 4. Test program

3.2. Reinforced beam fabrication

The glulam beams were provided by Piramida Ltd, Serbia. For the beams reinforced with CFRP plates between the last two timber laminations, the manufacturer delivered separately a block which consisted of six bonded laminations and one additional lamination. The beams reinforced with vertically positioned CFRP plate involved routing of the slot by a computer numerical machine. Vertical slot for the reinforcement was made centrally along the bottom side of the beam. Slot was 4 mm wide and 62 mm deep.

The gluing of CFRP plates was planned very carefully. The timber surface was prepared in a way recommended by a manufacturer so that CFRP plates and timber would be properly bonded. For the beams with horizontally positioned reinforcement, sanding with sandpaper was applied at those zones at which CFRP's systems were going to be installed so as to eliminate splinters and dust, all of which was accompanied by vacuum cleaning. Similarly, for the beams with vertically positioned reinforcement, slot was cleaned with a small brush, all of which was later followed by air-blowing. CFRP plates were cut by diamond cutting disc to a desired length, and were cleaned properly with solvent (Sika Colma Cleaner) in order to remove contaminants.

For the beams whose reinforcement was positioned between laminations, bonding started with an application of epoxy adhesive using impregnation roller onto the glulam block in a very thin layer of approximately 0.5 mm. Cleaned CFRP plate was then applied over the glulam surface. A very thin layer of adhesive (0.5 mm) was also applied on additional timber lamination, which was then bonded below the CFRP plate. To ensure proper bonding and correct positioning of the reinforcement, the pressure was applied on the specimens over the course of 24 h.

For the beams reinforced with vertically positioned CFRP plates, the slots were filled three quarters with epoxy adhesive by means of a nozzle and a trowel. Special care has been taken to avoid any air entrapment. Cleaned CFRP plate was then positioned in the slot. The plate pressed out the adhesive which filled the gap between timber and reinforcement. In order to maintain straightness of the reinforcement and to ensure uniform adhesive thickness spacers were placed at equal distance.

The reinforced beams were cured at least 7 days at the room temperature of 22±2 °C in order to ensure proper and adequate bonding between CFRP plate and glulam.

3.3. Beam testing

All beams were subjected to bending test in accordance with EN 408 (CEN 2010). The beams were tested in a four-point bending configuration over a simply supported span of 3780 mm (18 times the beams' height). The two loading points were placed at the third span positions. The load was applied monotonically up to the point of failure using a loading cell (capacity of 250 kN), powered by hydraulic jack. In test procedure, the load was transformed from one to two loading points using a steel beam. Test specimens were simply supported on roller bearings. In addition, roller bearings were used at load application points to ensure pure vertical loading and also to provide moment free loading. Steel plates were placed beneath the two load points, as well as at the supports, so that local indentations would be brought to minimum. Lateral restraints were provided so as to prevent lateral buckling of beams. The typical test set-up is shown in Fig. 1.



Figure 1. Beam arrangement during test

Deflections of the beams were monitored by linear variable displacement transducers (LVDTs). One LVDT measured deflection at mid-span, while two LVDTs measured local indentations at the supports. Furthermore, strains were monitored by strain gauges at the mid-span of the beam across the beam's height. The strain from strain gauges, deformation data from LVDTs and corresponding load data from a loading cell were all recorded by a computerized data acquisition system. Data acquisition was carried out with a frequency of 2 Hz.

Monotonic static load was applied at a stroke-controlled rate of 4.5 kN per minute so as to cause the failure of the unreinforced beams in approximately 10 min. The reinforced beams were tested with the same load rate in order to ensure a fair comparison of test results. The failure of the reinforced beams was achieved in 10-15 min. Before the tests were performed, the specimens were conditioned in an environment of 65 ± 5% relative humidity and temperature of 20 ± 2 °C. Soon after testing, moisture content was measured in each beam by a digital hygrometer at different locations. The moisture content in tested beams varied between 10.2% and 11.6%.

4. RESULTS AND DISCUSSION

4.1. Load-deflection behaviour and failure mode

The load-deflection behaviour until the point of failure of both unreinforced and reinforced beams is shown in Fig. 2.



Figure 2. Load-deflection curves from bending tests

The unreinforced glulam beams (Series A) exhibited quite linear load-deflection behaviour up to failure. All unreinforced beams experienced failures brought about by excessive tensile stresses in bottom laminations. Due to brittle nature of the timber behaviour in tension, most beams failed suddenly, without any visible fractures before reaching ultimate load carrying capacity. Once the timber showed signs of fractures, the cracks promptly developed and in some cases propagated along the timber grain, past the load application points and towards the supports (Figs. 3a and 3b). Two out of three beams showed failure initiated at defects (e.g. knots), which were located in the zone of maximum bending moment between load application points. One beam failed in clear wood in the bottom lamination. There were no signs of compressive plasticization at the top lamination in any of unreinforced beams.

Figure 3. Beam failure modes

Load-deflection curves showed that those beams which are reinforced with CFRP plates positioned in the vertical slot (Series E) essentially demonstrated linear behaviour up to failure. These beams generally failed through tension failure of the bottom laminates. Yielding of timber was limited due to early appearance of cracks in tension zone. The positive effect induced by the presence of vertical reinforcement was not sufficient to bridge local defects and localize the rupture. Moreover, the longitudinal slot used to insert the CFRP plate weakened the beam by disturbing the timber grain. Four out of five beams showed failure initiated at timber defects (knots, resin pocket), as shown in Figs. 3c and 3d. One beam failed in shear with fracture observed just above the reinforcement. Compression wrinkles were evident in the top lamination in one of the test beams. Bond between reinforcement and timber was effective up to the point of failure of the beams. The detachment of CFRP plate from timber occurred only after timber had ruptured.

Significant nonlinear load-deflection behaviour was experienced when glulam beams were reinforced with CFRP plate between the last two timber laminations (Series F). The most frequent failure mechanism of these beams was presented in two stages. After the initial linear-elastic phase and effect of plastic yielding of the timber compression zone, beams fractured at timber defects below the

reinforcement. The load carrying capacity dropped sharply after the initial tension failure occurred in the lamination below the CFRP plate. As the reinforcement remained in position, the load-deflection behaviour continued nonlinearly and the load capacity increased up to a subsequent global tension failure in laminations above the CFRP plate (Figs. 3e and 3f). Compression buckling was clearly visible in top laminations. In four out of five beams the global failure were initiated at a knot in lamination above the reinforcement. Premature horizontal shear failure occurred in one beam. None of the observed failures were due to delamination of the reinforcement in CFRP-epoxy region. There was some localized debonding of CFRP plate adjacent to tension cracks in the timber, but the bond between reinforcement and timber remained intact outside the failure region.

4.2. Ultimate load carrying capacity and stiffness

The results of experimental tests in regard to maximum load, ultimate bending moment, maximum mid-span deflection and bending stiffness for each test series are shown in Table 5. For each beam, the ultimate bending moment M_u was calculated according to the equation:

$$M_u = \frac{P}{2}\frac{l}{3} = \frac{Pl}{6} \tag{1}$$

where P is the maximum applied load and l is the beam span. The apparent bending stiffness EI was calculated from the initial linear portion of the load-deflection curve of each beam and using the mid-span deflection equation for four-point bending:

$$EI = \frac{23}{648}\frac{\Delta P l^3}{2\Delta w} \tag{2}$$

where $\Delta P/\Delta w$ is the slope of load-deflection curve between 10% and 40% of maximum load and l is the beam span.

Test Series		Maximum load (kN)	Maximum mid-span deflection (mm)	Maximum bending moment (kNm)	Bending stiffness EI ($\times 10^{11}$ Nmm^2)
A	Average	37.2	59.8	23.8	6.33
	CV (%)	13.4	9.5	13.4	9.2
E	Average	45.0	74.4	28.8	7.18
	CV (%)	9.2	16.0	9.2	5.5
F	Average	46.4	95.3	29.7	7.28
	CV (%)	9.3	25.2	9.3	6.2

CV = Coefficient of variation

Table 5. Summary of experimental results from bending tests

The effect of the reinforcement on the maximum load is clearly demonstrated. The beams of Series F reinforced between the last two laminations achieved an average maximum load capacity of 46.4 kN compared to the unreinforced beams whose load capacity totaled 37.2 kN, which represented an increase of 24.8%. The average maximum load of 45.0 kN was obtained for the beams of Series E, whose reinforcement was positioned in the vertical slot. This value corresponded to 20.8% increase compared to average maximum load of the unreinforced beams. The effect of bridge over timber defects was more pronounced in case of horizontally positioned CFRP plate as compared to vertically positioned CFRP plate.

The unreinforced beams (Series A) had an average bending stiffness of 6.33×10^{11} Nmm^2. Introduction of material with high tensile modulus of elasticity in the cross section resulted in improvement in stiffness for all reinforced beams. The average stiffness of beams with reinforcement between last laminations (Series F) was 7.28×10^{11} Nmm^2. As compared to the unreinforced beams, this corresponded to an average increase of 14.9%. The average stiffness of the beams reinforced with vertically positioned reinforcement (Series E) was measured as 7.18×10^{11} Nmm^2, which represented an average increase of 13.4% compared to the stiffness of the unreinforced specimens. Longitudinal

vertical slot cut in the timber in order to insert the CFRP plate produced some damage that was deemed to be the influential factor for the decrease of stiffness exhibited by the beams of Series E.

Introduction of reinforcement in the beam's cross section had a positive effect on the variability in strength and stiffness. This can be due to influence of the CFRP reinforcement, which is manufactured in factory controlled environment to very precise tolerances in relation to its mechanical properties.

CFRP reinforcement in glulam beams reduced the mid-span deflection compared to the unreinforced beams at the same load level in the elastic region. This low deflection is desirable from the standpoint of serviceability limit state in timber structures. On other hand, CFRP reinforced beams underwent large deformations before the global failure occurred when compared to the unreinforced beams. The average mid-span deflection increased 24.4-59.5%. After initial failure of lamination below the reinforcement had occurred, the beams of Series F continued to carry the load in the same way as those beams reinforced at intrados surface, with increased reinforcement percentage, which affected the final deflection.

5. CONCLUSIONS

An experimental study on glulam beams reinforced with CFRP plates has been presented. Altogether ten beams internally reinforced with two different reinforcement schemes and three unreinforced control beams were tested in flexure. The effect of reinforcing solutions was evaluated with regard to load-deflection behaviour, failure mode, ultimate load capacity and stiffness. The following conclusions have been drawn:

- The unreinforced beams showed linear elastic behaviour with brittle tension failures. Tensile reinforcement had an influence on the plastic behaviour of beams, which was not so predominant due to timber low tensile strength. The rupture of CFRP reinforced beams was mainly governed by the defect in the timber.
- The bond between reinforcement and timber was effective up to the moment of beam fracture. CFRP plate debonding was only observed as a post failure phenomenon. This means that the epoxy adhesives were quite successful in transferring the loads from timber to reinforcement.
- Both reinforcement solutions resulted in improvements in the ultimate load carrying capacity and stiffness when compared to the unreinforced beams. The average increase in the maximum load of 20.8-24.8% and average increase in stiffness of 13.4-14.9% were attained for reinforcement percentage of 0.46%.
- The reinforced beams experienced lower deflection in elastic region compared to the unreinforced beams. On the other hand, the reinforced beams ensured greater deflection before the failure.
- Variability in results regarding mechanical properties was reduced when CFRP plate was bonded in the tension zone. This indicates the ability of the CFRP material to reduce the effect of natural defects in timber.
- The best reinforcement arrangement differs according to specific design requirements. Based on findings of earlier researches, the use of externally bonded CFRP plate at the intrados surface of the beam produced the most favorable reinforcement effect. However, as internally positioned CFRP plate is not visible, this type of reinforcing intervention proved to be of interest.

REFERENCES

[1] Alhayek, H., and Svecova, D. (2012). "Flexural stiffness and strength of GFRP-reinforced timber beams." Journal of Composites for Construction, 16(3), 245-252

[2] American Concrete Institute Committee 440. (2008). "Guide for the design and construction of externally bonded FRP systems for strengthening concrete structures." ACI 440.2R-08, Farmington Hills, Mich, USA

[3] Andre, A. (2011). "Benefits of strengthening timber with fibre-reinforced polymers." PhD thesis, Chalmers University of Technology, Gothenburg, Sweden

[4] Buell, T. W., and Saadatmanesh, H. (2005). "Strengthening timber bridge beams using carbon fibre." Journal of Structural Engineering, 131, 173-187

[5] D'Ambrisi, A., Focacci, F., and Luciano, R. (2014). "Experimental investigation on flexural behavior of timber beams repaired with CFRP plates." Composite Structures, 108, 720-728

[6] Borri, A., Corradi, M., and Grazini, A. (2005). "A method for flexural reinforcement of old wood beams with CFRP materials." Composites: Part B, 36, 143-153

[7] European Committee for Standardization (CEN). (2009). "Structural timber - Strength classes." EN 338, Brussels, Belgium

[8] European Committee for Standardization (CEN). (2010). "Timber structures - Structural timber and glued laminated timber - Determination of some physical and mechanical properties." EN 408, Brussels, Belgium

[9] European Committee for Standardization (CEN). (2009). "Plastics - Determination of tensile properties - Part 5: Test conditions for unidirectional fibre-reinforced plastic composites." EN ISO 527-5, Brussels, Belgium

[10] Fiorelli, J., and Dias, A. A. (2011). "Glulam beams reinforced with FRP externally-bonded: theoretical and experimental evaluation." Materials and Structures, 44(8), 1431-1440

[11] Gentile, C. (2000). "Flexural strengthening of timber bridge using FRP." MSc thesis, University of Manitoba, Winnipeg, Manitoba, Canada

[12] Gilfillan, R. J., Gilbert, S. G., and Patrick, G. R. H. (2003). "The use of FRP composites in enhancing the structural behaviour of timber beams." Journal of Reinforced Plastics and Composites, 22(15), 1373-1388

[13] Hay, S., Thiessen, K., Svecova, D., and Bakht, B. (2006). "Effectiveness of GFRP sheets for shear strengthening of timber." Journal of Composites of Construction, 10(6), 483-491

[14] Jacob, J., and Barragan, O. L. G. (2010). "Flexural strengthening of glued laminated timber beams with steel and carbon fiber reinforced polymers." MSc thesis, Chalmers University of Technology, Gothenburg, Sweden

[15] Jankowski, L. J., Jasienko, J., and Nowak, T. P. (2010). "Experimental assessment of CFRP reinforced wooden beams by 4-point bending tests and photoelastic coating technique." Materials and Structures, 43(1-2), 141-150

[16] Kim, Y. J., Hossain, M., and Harries, K. A. (2013). "CFRP strengthening of timber beams recovered from a 32 year old quonset: Element and system level tests." Engineering Structures, 57, 213-221

[17] Micelli, F., Scialpi, V., and La Tegola, A. (2005). "Flexural reinforcement of glulam timber beams and joints with carbon fiber-reinforced polymer rods." Journal of Composites for Construction, 9(4), 337-347

[18] Raftery, G. M., and Harte, A. M. (2011). "Low-grade glued laminated timber reinforced with FRP plate." Composites: Part B, 42(4), 724-735

[19] Raftery, G. M., Harte, A. M., and Rodd, P. D. (2009). "Bonding of FRP materials to wood using thin epoxy gluelines." International Journal of Adhesion and Adhesives, 29(5), 580-588

[20] Schober, K. U., and Rautenstrauch, K. (2006). "Post-strengthening of timber structures with CFRP's." Materials and Structures, 40(1), 27-35

[21] Svecova, D., and Eden, R. J. (2004). "Flexural and shear strengthening of timber beams using glass fibre reinforced polymer bars - an experimental investigation." Canadian Journal of Civil Engineering, 31(1), 45-55

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

TS - 5

Marta STOJMANOVSKA[1], Viktor HRISTOVSKI[2]

EXPERIMENTAL AND ANALYTICAL RESEARCH OF XLAM PANEL SYSTEMS

SUMMARY

This paper presents and discusses some of the results from the comprehensive experimental and analytical investigations of the behavior of XLAM structural systems under seismic actions. Two full scale XLAM models were tested on the shaking table in the IZIIS dynamic testing laboratory. Both of the tested models behaved almost as a rigid body with no visible damage. In both models seismic energy has been dissipated through panel to foundation anchorage system. Comparison of the finite element results to the experimental ones demonstrated similar trend of behavior and proved that the developed numerical models can be successfully applied in practice for prediction of dynamic behavior of this type of structures.

Keywords: Xlam, shaking table tests, finite element analyses

Марта СТОЈМАНОВСКА[1], Виктор ХРИСТОВСКИ[2]

ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО И АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАНЕЛНИ СИСТЕМИ ОД ВКРСТЕНО ЛЕПЕНО ЛАМЕЛИРАНО ДРВО (XLAM)

РЕЗИМЕ

Во рефератот се презентирани и дискутирани дел од резултатите добиени од обемните експериментални и аналитички истражувања на однесувањето на XLAM конструктивните системи при сеизмички дејства. Два XLAM модели во реална големина беа тестирани на вибро-платформата во лабораторијата за динамички испитувања во ИЗИИС. Двата тестирани модела се однесуваа скоро како крути тела, без видливи оштетувања. И кај двата модела сеизмичката енергија се дисипира преку врските меѓу панелните елементи и темелите. Споредбата на аналитичките и експерименталните резултати покажа сличен тренд на однесување и потврди дека развиените нумерички методи може успешно да се применуваат во пракса за предвидување на динамичкото однесување на овој тип на конструкции.

Клучни зборови: Xlam , тестови на вибро платформа, анализи со метод на конечни елементи

[1] Assist. Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (UKIM-IZIIS), University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, marta@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (UKIM-IZIIS), University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, viktor@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Вкрстеното лепено ламелирано дрво или популарно XLam (Cross Laminated) е нов, оригинал производ од дрво, развиен во деведесетите години во Австрија и Германија кој многу бргу го освојува Европскиот и Северно-Американскиот пазар. Панелните елементи од вкрстено лепено ламелирано дрво се составени од три, пет, седум и повеќе слоеви од меко дрво, најчесто смрека, но може и бор и ариш, залепени заедно долж целата површина на секој панел (Слика 1).

Слика 1. Суровински штици за производство на XLAM панели

Самиот процес на производство му дава на панелниот елемент низа предности во однос на стандардното дрво што се користи за градење. Го намалува собирањето и набубрувањето на даските, ја зголемува статичката јакост и одржувањето на формата и овозможува пренесување на товарите преку целата рамнина на панелот. Исто така, надворешните ламели од панелните елементи, кои всушност ја дефинираат јакоста и изгледот на самиот елемент, се составени од дрво со подобар квалитет, односно повисока јакост и пофина површина во однос на ламелите во средината овозможувајќи на тој начин искористување и на дрвото со послаб квалитет. Големината и формата на панелните елементи од вкрстено лепено ламелирано дрво ја дефинира самиот производител, а зависат и од условите на транспорт и монтажа. Самата монтажа е брза и едноставна и не бара посебно квалификувани работници.

На кратко, може да се каже дека конструкциите од вкрстено лепено ламелирано дрво стануваат сериозна конкуренција на традиционалните бетонски или челични конструкции. Сепак сè уште постојат низа непознаници во однос на карактеристиките и однесувањето на овие конструкции. Како резултат на тоа, овие конструкции сè уште не се вклучени во актуелните европски стандарди за градење и за нивното проектирање и изградба не може да се најдат никакви упатства или препораки.

До сега спроведени се неколку истражувања во Европа и Северна Америка со цел што подобро разбирање на потенцијалот што вкрстеното лепено ламелирано дрво го има, посебно во однос на отпорноста на сеизмички дејства.

Во лабораторијата за динамички испитувања во институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија ИЗИИС Скопје, беше спроведена обемна експериментална програма и изведени тестови на сеизмичка платформа на два еднокатни модела од вкрстено лепено ламелирано дрво. Целта на овие тестови беше да се добијат повеќе податоци за однесувањето на XLAM конструкции под дејство на земјотрес и врз основа на добиените резултати да се развие аналитички модел кој што пореално би го симулирал динамичкиот одговор на овој тип на конструкции.

Во овој реферат даден е краток опис на самите истражувања и презентирани се дел од резултатите.

2. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ТЕСТОВИ

Двата тестирани модела се состојат од два главни ѕидни панели поставени паралелно на нанесената побуда од земјотрес, кровен панел и два бочни панели за обезбедување на подолжната стабилност. Ѕидните панели за Модел 1 се состојат од еден дел и се со димензии 244 x 272 x 9.4 cm, а за Модел 2 се состојат од два панела со димензии од по 122 x 272 x 9.4 cm споени на средината со метални врски. За прицврстување на ѕидните панели за бетонските темели користени се по пет метални плочи или анкери со ребро со должина од 105 mm за Модел 1 и шест за Модел 2 со тоа што првиот и последниот се поставени на растојание од 10 cm од краевите на панелите. По десет аголни клинци 4 x 60 mm се употребени за прицврстување на анкерите за панелите а за нивно прицврстување за бетонските темели употребени се завртки M12 со должина на анкерисување од 100 mm (Слика 2).

Слика 2. Тестирани модели и применети врски

2.1. Инструментација и процедура на тестирање

За инструментација на двата модела применети се два типа мерни инструменти: мерачи на забрзувања и мерачи на поместувања.

Инструментацијата за Модел 1 се состои од 18 мерачи на поместување: 2LP (linear potentiometers) и 14LVDT (linear variable displacement transducers); и 5 мерачи на забрзување: 5AM (accelerometers). Мерени се следниве параметри: поместување на врвот на моделот, смолкнување меѓу кровниот и sидниот панел, смолкнување меѓу sидните панели и бетонските темели, смолкнување меѓу тестираниот модел и вибро- платформата, дијагонални деформации на sидните панели, како и одвојување на истите, т.н uplift.

Инструментацијата за Модел 2 е потполна иста како и за Модел 1 со тоа што има дополнителни 10 мерачи на поместување: 4LVDT за мерење на дијагоналните деформации, 2LVDT за мерење на одвојувањето на панелите и 4LVDT за мерење на смолкнување на спојот меѓу двата панели.

Со цел да се симулира реална трикатна конструкција, товарењето на моделот е извршено со 24 челични инготи од по 400kg, поставени во три реда на на кровниот панел и цврсто поврзани за истиот, што одговара на маса на 3-катна конструкција. Вкупната додадена маса на моделот изнесува 9.6t (Слика 3).



Слика 3. Инструментација за Модел 1 и Модел 2

Самата процедура на тестирање вклучуваше изведба на тестови со метод на принудни вибрации, и тестови со метод на амбиент вибрации со цел дефинирање на сопствените динамички карактеристики на моделите односно сопствените фреквенции и соодветни форми на осцилирање, како и тестови со хармонска побуда со фреквенција од 7.5 Hz и 5 Hz, и тестови со земјотресна побуда. Секоја од земјотресните побуди е нанесена со различни нивоа на максималното забрзување на тлото (Peak Ground Acceleration PGA) од 0.032g до 0.37g за Модел 1 и од 0.18g до 0.38g за Модел 2.

3. НУМЕРИЧКИ АНАЛИЗИ

За нумеричката верификација на извршените експериментални тестови користен е компјутерскиот програм за нелинеарна статичка и динамичка анализа на конструкциите FELISA/3M, развиен во ИЗИИС.

Дополнително се развиени конститутивни закони кои го опишуваат однесувањето на врските и зоната на контактот меѓу дрвениот панел и бетонските темели и преку соодветни субрутини се вметнати во оригиналниот програм.

3.1 Конститутивни релации за зоната на контактот

Во ова истражување триењето е земено в предвид преку униаксијален еластичен совршено пластичен модел (Слика 4) со променлива сила на смолкнување при течење T_y во зависност од аксијалната сила на притисок N, односно:

$$T_y=fN$$

каде f е константа на триење зависна од површината на контактот.



Слика 4. Конститутивен закон во тангенцијален правец (триење) со претпоставена константна нормална сила

Покрај триењето кое делува тангенцијално во зоната на контактот земени се в предвид и одвојувањето и спуштањето, претпоставувајќи т.н „гап" однесување на контактните точки, односно при дејство на сила на притисок во зоната на контактот, крутоста станува многу голема и имаме линеарно еластично однесување. Во случај на затегнување пак, контактот не прима никаква сила и доаѓа до одделување (Слика 5а). Овој модел на одвојување нанесен е на целата зона на контактот заедно со моделот на триењето користејќи еден линк елемент за двата степени на слобода, (Слика 5б).

а)



б)



Слика 5 а) Конститутивен закон во нормален правец претпоставувајќи т.н „гап" однесување
б) Моделирање на зоната на контактот

3.2 Конститутивни релации за анкерите

Врз основа на веќе изведени базични квазистатички тестови на анкерните врски, предложени се конститутивни закони кои го симулираат однесувањето на истите, во тангенцијален и нормален правец (Слика 6 и 7 соодветно). И двата конститутивни модела имаат опаѓачки линии кои се неопходни за моделирање на т.н postpeak однесување на системот.



Слика 6. Конститутивни релации за врските: тангенцијален правец



Слика 7. Конститутивни релации за врските: нормален правец

Зоната на контактот и врските се моделирани со користење на стандарден линк елемент со нула должина, составен од две точки, секоја со по два степени на слобода-поместувања во хоризонтален и вертикален правец претставен на Слика 8, каде K_n тангентна крутост во аксијален правец, K_s е тангентна крутост во тангенцијален правец а θ е агол на правец на елементот во однос на глобалната x-оска.



Слика 8. Формулација на линк елементот за врските и зоната на контактот

Следејќи го методот на конечни елементи развиен е дводимензионален модел со конечни елементи во кој самиот дрвен панел претставува континуум со дисконтинуитети односно врските и зоната на контактот. Дрвениот панел е моделиран со користење на изо-параметарски конечни елементи со 8 јазли, а за моделирање на врските и зоната на контактот користени се нелинеарни линк елементи.

Направени се динамички анализи со временски истории на забрзување од сите земјотресни записи применети при експерименталните тестови, и направена споредба со експериментално добиените резултати.

4. РЕЗУЛТАТИ И КОМЕНТАРИ

Во овој труд прикажани се споредбените вредности на релативните поместувања и апсолутни забрзувања на врвот на панелот за Модел 2, под дејство на селектирани земјотресни и хармонски побуди (Табела 1).

$U_{e,max}$, $a_{e,top}$, ги претставуваат вредностите на релативното хоризонтално поместување и забрзување на врвот на панелот добиени при соодветениот експериментален тест, а $U_{a,max}$, $a_{a,top}$, се нумеричките вредности добиени со FELISA/3M.

Тест бр.	**a_{gmax} (m/s^2)**	**$U_{e,max}$ (mm)**	**$U_{a,max}$ (mm)**	**$a_{e,top}$ (m/s^2)**	**$a_{a,top}$ (m/s^2)**
05	0.104g	4.815	5.741	0.268g	0.261g
07	0.155g	8.443	8.06	0.386g	0.435g
09	0.141g	8.22	8.29	0.312g	0.345g
15	0.164g	11.015	10.761	0.314g	0.426g
18	0.189g	10.103	11.93	0.423g	0.502g
24	0.746g	3.688	7.589	0.216g	0.435g
30	0.804g	10.134	20.24	0.507g	0.526g

Табела 1. Модел 2, споредба експеримент-анализа

Споредбените дијаграми на временските истории на овие параметри се прикажани на сликите 9 до 17.



Слика 9. Споредбен дијаграм експеримент-анализа, релативни поместувања, Модел 2, Тест 05



Слика 10. Споредбен дијаграм експеримент-анализа, релативни поместувања, Модел 2, Тест 07



Слика 11. Споредбен дијаграм експеримент-анализа, релативни поместувања, Модел 2, Тест 09



Слика 12. Споредбен дијаграм експеримент-анализа, релативни поместувања, Модел 2, Тест 15



Слика 13. Споредбен дијаграм експеримент-анализа, релативни поместувања, Модел 2, Тест 18



Слика 14. Споредбен дијаграм, апсолутни забрзувања, Модел 2, Тест 05



Слика 15. Споредбен дијаграм, апсолутни забрзувања, Модел 2, Тест 07



Слика 16. Споредбен дијаграм, апсолутни забрзувања, Модел 2, Тест 15



Слика 17. Споредбен дијаграм, апсолутни забрзувања, Модел 2, Тест 18

Од прикажаните споредби може да се заклучи дека има добро совпаѓање на аналитичките и експерименталните резултати. Предложениот аналитички модел доста добро го опфаќа реалното однесување на анализираната конструкции и може да се користи во инженерската пракса. Главно разликите се во вредностите на поместувањата и забрзувањето, се следи амплитудната тенденција, максималните вредности се јавуваат на исто место и постои добро совпаѓање на фреквентниот состав на временските истории на забрзување.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Стојмановска, М. (2015). Експериментално и аналитичко истражување на динамичкиот одговор на дрвени конструкции составени од вкрстено-ламелирани дрвени панели. Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС), Докторска дисертација, Јуни, 2015

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

SS - 1

Vladimir DAMJANOVSKI[1], Emil KOCOVSKI[2], Denis POPOVSKI[3], Mile PARTIKOV[4]

TESTING THE EXTRACTION OF ANCHORS IN EXISTING CONCRETE SLAB

SUMMARY

Presented in this paper are the results from the extraction capacity testing for anchors built in concrete slab reinforced with steel fibers. The anchors are built after achieving the strength of the concrete. The testing is performed on 3 anchors embedded in the same environment and conditions as the anchors of the load-bearing structure for which they are intended. The displacements are measured while testing each one of the anchors. The testing confirms the pullout strength of the anchors, all the anchors met the required design parameters.

Keywords: anchors, anchor installation, steel structures

Владимир ДАМЈАНОВСКИ[1], Емил КОЧОВСКИ[2], Денис ПОПОВСКИ[3], Миле ПАРТИКОВ[4]

ИСПИТУВАЊЕ НА АНКЕРИ НА ИЗВЛЕКУВАЊЕ ВГРАДЕНИ ВО ПОСТОЕЧКА БЕТОНСКА МАСА

РЕЗИМЕ

Во овој труд е презентирано испитувањето на носивоста на извлекување на анкери вградени во бетонска плоча армирана со челични влакна. Анкерите се вградени по достигнување на јакоста на бетонот. Испитувањето е извршено на 3 вградени анкери, во иста средина и услови како и носивите анкери од конструкцијата за која се наменети. При испитувањето се мерени поместувањата на секој од анкерите. Со испитувањето докажана е носивоста на извлекување на анкерите каде истите ги исполнуваат проектните параметри.

Клучни зборови: анкери, вградување на анкери, челични конструкции

[1] BSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, v.damjanovski@yahoo.com
[2] BSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, emil.kocovski@gmail.com
[3] Assist. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, popovski@gf.ukim.edu.mk
[4] Assist. MSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, partikov@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Поврзувањето на конструкцијата со бетонската маса и пренесување на влијанијата од конструкцијата во бетонот се врши со вградување на анкери. Анкерите служат за пренесување на силата на затегнување од столбот во бетонската подлога. Изборот на анкерите и анкерната конструкција зависи од изборот на конструктивниот систем на конструкцијата, во зависност од тоа дали конструкцијата е вклештена или зглобно потпрена. Анкерите можат да бидат вградени пред бетонирањето, а можно е и вградување после бетонирањето т.е. после достигнување на јакоста на бетонот. За анкери вградени во постоечка бетонска маса, освен изборот на видот на анкерот, особена важност има и начинот на вградување на истиот, со кое се добива потребната носивост. При вградување на анкерот треба да се запазат зададените препораки од важечките правила и прописи за конкретниот тип на конструкција, како и препораките дадени од страна на производителот. Во процесот на вградување спаѓа и чистењето на отворот за анкерот од дополнителен материјал настанат при бушењето на бетонот. Производителите на анкери, за соодветно влијание на анкерот, како и за секој карактеристичен тип на анкери даваат податоци за носивста на анкерот во зависност од квалитетот на материјалот и медиумот во кој се вградени, како и процесот на вградување за достигнување на потребната носивост.

2. ОПИС НА ИСПИТУВАЊЕТО

Конструкцијата за која се вградени анкерите се всушност три челични платформи со висина од (приближно) 12m. Секоја платформа има по четири појаси во вид на столбови, каде на еден столб се проектирани 4 анкери, вкупно 48 анкери. Проектираните анкери се изведуваат со бушење на веќе постојната подна плоча, при што вградувањето е во претходно исчистен отвор (со компремиран воздух) по што се врши соодветно притегање на анкерите со помош на момент клуч. Плочата е армирано бетонска, армирана со челични влакна. Анкерите се испитуваат на носивост на затегнување.

За конструкцијата се предвидени челични анкери од производител Fischer тип FAZ II 20/60 со должина од 202mm, вградени со момент на притегање од 200Nm, според препораките на производителот. Потребната носивост, според проектната документација, на еден анкер изнесува 6.75kN, каде ултимативната носивост (со коефициент на сигурност од 1.5) изнесува 10.12kN, со максимално поместување при извлекување од 1.2mm.



Цртеж 1. Техничи податоци за вграден анкер

Испитувањето е извршено на 3 вградени анкери, во иста средина и услови како и носивите анкери од платформата. Нанесувањето на силата е извршено во неколку чекори од 3.0kN, 7.0kN, 10.0kN, 11.0kN, како и дополнително товарење за носивост до 25kN. За секој чекор од испитувањето извршено е и мерење на поместувањето на анкерот на извлекување при

затегнување. Анкерите кои се предмет на ова испитување се вградени според зададената скица (цртеж 1).

Еден анкер (А1) е притегнат со помал момент на притегање од пропишаниот (70-80Nm), се со цел да се провери состојбата на носивост на анкерот доколку се вгради со грешка во притегањето. Два анкери се вградени (А2, А3) до вредноста на пропишаниот момент на притегање (200Nm).

Испитувањето на затегнување на вградените анкери е извршено со специјална преса за таков вид на анкери од производителот Fischer. Дополнителните оскултации се извршени со помош на специјализирана опрема за испитување од Градежниот факултет во Скопје.



Слика 1. Опрема за испитување на анкерите

3. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО

$N_Z = 6.75kN$ - проектна сила на затегнување во еден анкер

$\gamma = 1.5$ - фактор на сигурност

$N_{UZ} = 1.5 \cdot 6.75 = 10.12kN$ - проектна гранична (ултимативна) сила

$\delta_{max} = 1.2mm$ - максимално поместување на извлекување при N_{UZ}.

Целта на испитувањето е да се провери носивоста на вградениот анкер, т.е. дали анкерот ќе издржи сила на затегнување од 10.12KN а при тоа да не доживее лом или поголемо поместување на извлекување при затегнување од 1.2mm.

Чекорите во нанесување на силата се 3.0kN, 7.0kN, 10.0kN, 11.0kN, 20.0kN и 25.0kN, и на секој чекор од нанесената сила се отчитани поместувања.

Резултатите од испитувањето за анкерите дадени се во следните табели. Во табела 1 дадени се мерењата и резултатите за анкер А1 кој е вграден со момент на притегање од 70-80Nm. Во

табела 2 и 3 дадени се мерењата и резултатите за анкер А2 и А3 кои се вградени со пропишаниот момент на притегање од 200Nm.

$F_z = \sigma_z \cdot A_{z,neto} = 56 \cdot 1.474 = 82.54kN$ - гранична носивост на затегање на челичниот пресек

$\sigma_z = 560MPa$ - граница на развлекување на материјалот

$A_{z,neto} = 147.4mm^2$ - активна површина при напрегање на затегнување на анкерот

M 70-80Nm	Анкер А1	
чекор [kN]	читање [mm]	δ [mm]
0.0	1.067	0.000
3.0	1.067	0.000
7.0	1.067	0.000
10.0	1.167	0.100
11.0	1.223	0.056
20.0	/	/
25.0	/	/
		δ_{max}=0.156mm

Табела 1. Резултати за анкер А1

M 200Nm	Анкер А2	
чекор [kN]	читање [mm]	δ [mm]
0.0	0.798	0.000
3.0	0.798	0.000
7.0	0.798	0.000
10.0	0.798	0.000
11.0	0.799	0.001
20.0	0.804	0.005
25.0	0.839	0.035
		δ_{max}=0.041mm

Табела 2. Резултати за анкер А2

M 200Nm	Анкер А3	
чекор [kN]	читање [mm]	δ [mm]
0.0	0.538	0.000
3.0	0.538	0.000
7.0	0.538	0.000
10.0	0.540	0.002
11.0	0.541	0.001
20.0	/	/
25.0	0.577	0.036
		δ_{max}=0.039mm

Табела 3. Резултати за анкер А3

Граничната носивост на извлекување анкерите, вградени со момент на притегање од 200Nm, во бетонска маса со прснатини, према каталогот на производителот изнесува 17.10kN, додека за бетон без прснатини изнесува 30.20kN.

Анкерите се товарени со најголема сила од 25kN и истата изнесува 30.3% од граничната носива сила на затегнување на анкерот, пресметана според важечките нормативи во Р. Македонија, 82.54kN. Што се однесува до граничната носивост на извлекување на анкерот за бетон со прснатини, декларираната сила од производителот 17.1kN е надмината за 46.2%, додека за бетон без прснатини е помала за 17.20% од декларираната која изнесува 30.20kN.

Читањето од уклономерот е запишано со изворна вредност во [mm], додека резултатите во колоната за "δ" се добиени со одземање на последователниот од претходниот чекор, додека максималната вредност е добиена со одземање на отчитувањата од последниот и првиот чекор на товарење. На пример, за анкер А3:

$$\left.\begin{array}{l} 10.0kN \rightarrow \delta_{10} = 0.540 \\ 11.0kN \rightarrow \delta_{11} = 0.541 \end{array}\right\} \Delta\delta = \delta_{11} - \delta_{10} = 0.541 - 0.540 = 0.001mm$$

$$\left.\begin{array}{l} 0.0kN \rightarrow \delta_{0} = 0.538 \\ 25.0kN \rightarrow \delta_{25} = 0.577 \end{array}\right\} \delta_{max} = \delta_{25} - \delta_{0} = 0.577 - 0.538 = 0.039mm$$

Максималното измерено поместување за анкер А1, изнесува 0.156mm и претставува 13% од граничната вредност на извлекување која изнесува 1.20mm. Ова покажува дека анкерот иако е непрописно вграден, за ултимативната проектна сила, ги исполнува потребните прописи, правила и препораки за ваков вид на конструкции во Р. Македонија.

За анкерите кои се прописно вградени, според препораките на производителот и техничката регулатива, за сила од 11kN, забележано е поместување од 0.001mm за анкер А2 т.е. 0.003mm за анкер А3 и истите ги задоволуваат потребните прописи, правила и препораки. Најголемото отчитано поместување за анкер А2 изнесува 0.041mm и претставува 3.4% од граничната вредност на извлекување 1.20mm. За анкер А3 отчитано е најголемо поместување од 0.039mm и претставува 3.3% од граничната вредност. Бидејќи станува збор за релативно мали поместување, во однос на граничните, може да се забележи дека правилно вградените анкери ги исполнуваат техничките нормативи за ваков вид на конструкција во Р. Македонија.

4. ЗАКЛУЧОК

Испитувањето на анкерите вградени со пропишан процес е изработено за дефинирање на носивост на анкерната конструкција за модуларни ревизиони платформи во производен погон на постоечки индустриски објект. Испитувањата се извршени според важечките технички нормативи, правила и препораки за ваков вид на конструкции во Р. Македонија, како и според современите препораки дадени во Евронормативите.

Од извршеното испитување на носивост на вградените анкери за проектираната конструкција, според предвидените гранични услови на лежиштата добиени се следните заклучоци:

1/ Анкерот А1 кој е вграден со конструктивно напрегање од 70-80Nm ги исполнува потребните критериуми за носивост, стабилност и употребливост согласно техничката регулатива на Р. Македонија, воедно содржи и резерва во однос на проектната гранична (ултимативна) сила. Поместувањето од 0.156mm, при сила на затегнување од 11kN, претставува 13% од граничната вредност на извлекување која изнесува 1.20mm.

Double-layer tensegrity grids (DLTGs) may be defined as self-stressed, stable spatial reticulated systems based on tensegrity principles (Gomez et al. 2012). Their top and bottom surfaces are formed by two parallel networks of tensile members, that nodes are linked by vertical and/or inclined web members under compression and tension. As modular structures, DLTGs are composed of basic tensegrity units. Their variety is based on the configuration of the assembling members and on the way in which these components are connected to each other to form a system. Most tensegrity modules have a prismatic or pyramidal shape with triangular, square or pentagonal bases. One recent report investigated in detail the genesis and the contemporary trends in the development of planar tensegrity grid structures (Ilieva 2014). Special attention was paid to their geometric characteristics, basic tensegrity modules, which they are composed of, and types of joints between them. DLTGs for application in architecture and building construction can be of planar, cylindrical and spherical shape. Vaulted configurations are structures of cylindrical surface. They are networks of single curvature, whereas spherical forms have double curvature. Ilieva and Kantchev (2015) created a new four strut twisted tensegrity prism. They used the algorithm given by Charalambides (2004) to generate a new vaulted double-layer tensegrity grid (VDLTG) and presented a method for its construction in AutoCAD 3D.

The aim of the present paper is to create a vaulted double-layer tensegrity grid (VDLTG), obtained by the juxtaposition of a new four strut twisted tensegrity prism. The parametric design procedure for generating the new grid is revealed. The techniques for its visualization in AutoCAD 3D are also discussed. The proposed VDLTG consists of discontinuous compressive members (struts) and continuous tensile members (cables). Its rigid elements, such as bars, are not connected directly to each other, but to cables. The system complies with the definition given by Fuller (1962) for tensegrity.

2. PARAMETRIC DESIGN OF VAULTED DOUBLE-LAYER TENSEGRITY GRIDS

In order to explain the parametric design procedure for generating new VDLTGs, the unit geometry, the method of defining vaulted configurations and the algorithm design process based on total structure dimensions are successively explained.

2.1. Unit geometry

The basic tensegrity module is included within a twisted prism with square bases (Fig. 1). It has two layers - a lower and an upper, that are rotated at an angle of 45°. They consist of cables. Both layers are connected together by an intermediate layer of compression struts and tension wires, arranged diagonally. If we look at the plan view (Fig. 1 b) of the elementary unit we will see that there are two pairs of bars (marked with red and blue). They seem like they intersect each other. The elements of each pair are crossed in the form of "V". The compression bars connect a vertex of one of the bases of the prism (i. e. the bottom) to an opposite vertex of the other (top) base or a vertex of one of the bases to the midpoint of the opposite edge of the other layer. They are twisted in vertical direction. The number of struts is equal to 4. The top and bottom cables outline a trapezoidal shape. The number of the cables on each base of the twisted prism is equal to 4. The number of the diagonal cables of the tensegrity module is equal to 8. They extend from each of the nodes of a layer (i. e. the bottom) that reaches a compression element to the adjacent node corner of the other layer (i. e. the top) and vice versa.



a) b)

Figure 1. A 4-strut twisted prismatic tensegrity unit: a) architectural model; b) top view

The equations of the basic unit were defined by applying the Pythagorean theorem and the law of cosines. They are as follows:

$$AB = BC = a \tag{1}$$

$$CD = \frac{a}{2} \tag{2}$$

$$AD = \frac{a\sqrt{5}}{2} \tag{3}$$

$$A_1D_1 = C_1D_1 = b \tag{4}$$

$$B_1C_1 = \frac{b}{2} \tag{5}$$

$$A_1B_1 = \frac{b\sqrt{5}}{2} \tag{6}$$

$$AB_1^2 = h^2 + \left(\frac{a\sqrt{2}}{2} + \frac{b}{2}\right)^2 \tag{7}$$

$$BC_1^2 = CD_1^2 = h^2 + \left(\frac{b}{2}\right)^2 + \left(\frac{a\sqrt{2}}{2} + \frac{b}{2}\right)^2 \tag{8}$$

$$A_1D^2 = h^2 + \left(\frac{b\sqrt{2}}{2} + \frac{a}{2}\right)^2 \tag{9}$$

$$AA_1^2 = CC_1^2 = A_1B^2 = AD_1^2 = h^2 + \left(\frac{a\sqrt{5}}{2}\right)^2 + \left(\frac{a}{2} + \frac{b\sqrt{2}}{2}\right)^2 - 2 \times \frac{a\sqrt{5}}{2} \times \left(\frac{a}{2} + \frac{b\sqrt{2}}{2}\right) \times \frac{2}{\sqrt{5}} \tag{10}$$

$$BB_1^2 = h^2 + a^2 + \left(\frac{a\sqrt{2}}{2} + \frac{b}{2}\right)^2 - 2 \times a \times \left(\frac{a\sqrt{2}}{2} + \frac{b}{2}\right) \times \frac{1}{\sqrt{2}} \quad (11)$$

$$DD_1^2 = h^2 + b^2 + \left(\frac{a}{2} + \frac{b\sqrt{2}}{2}\right)^2 - 2 \times b \times \left(\frac{a}{2} + \frac{b\sqrt{2}}{2}\right) \times \frac{1}{\sqrt{2}} \quad (12)$$

$$B_1C^2 = h^2 + \left(\frac{a\sqrt{2}}{2} - \frac{b}{2}\right)^2 \quad (13)$$

$$DC_1^2 = h^2 + \left(\frac{b\sqrt{2}}{2} - \frac{a}{2}\right)^2 \quad (14)$$

where "a" is the upper base width of the twisted prism with square bases, in which the basic tensegrity module is included, "b" is the lower base width of the same structure and "h" is its height.

2.2. Geometric method of defining vaulted configurations

For the purposes of the current research the presented innovative VDLTG was created by applying the geometric method proposed by Liapi (2001). It can also be used for generating structures with planar and spherical shape. Liapi uses identical square based twisted tensegrity prisms. Two adjacent elementary units are connected by a partial overlap of their upper and lower base sides (Fig. 2a). The geometry generation process of a vault shape structure can be described in three steps. First we need to position the adjacent modular units in such a way that their upper bases overlap. Then the process includes shifting the centers of adjoining units along the axis of the cylinder, until one pair of their lower base sides meet (Fig. 2a). Finally we perform a rotation of units along the circumference of the cylinder to receive a full overlap of their lower bases and to define the center of curvature of the tensegrity structure (Fig. 2b). The dimensions of the upper and lower bases typically are different. A primary rule for the generation of a vault structure is that the ratio of the upper base width versus the lower base width should always remain within the boundaries of 1/(20.5) and 20.5 (Liapi 2001).



a)



b)

Figure 2. Liapi's geometric method of defining vaulted configurations: a) plan of a four unit cluster before rotation leading to vault formation; b) section of a vault structure after rotation

2.3. Design process based on total structure dimensions

The geometric conditions and principles that determine the form of VDLTGs with upper and lower base sides that partially overlap were implemented in an algorithm by Charalambides (2004). He developed mathematical expressions to define parameter interdependence and constraints for various construction scenarios. The parametric description of tensegrity structures includes the dimensions of composing units, unit-overlap conditions, structure size and curvature and units' number. The geometric design method which is based on the VDLTG's overall dimensions is used in the present paper. The necessary given data are: the span; the length of the structure; the height of the structure; the number of units along both axes; the height of the tensegrity modules and the upper opening ratio (UOR) (Fig. 2a). The height of the units can also be defined as the thickness of the VDLTG. The UOR is defined as the percentage of the length of the upper base of the unit that does not overlap with the unit next to it. The size of the tensegrity modules and the parameters that determine their mutual disposition are calculated using mathematical expressions given by Charalambides (2004). We set the following values of the known parameters: span or width of the vaulted structure equal to 25.00; length of the vaulted structure equal to 18.63; height of the vaulted structure (exterior) equal to 4.99; number of units along the primary axis equal to 6; number of units along the secondary axis equal to 4; height of tensegrity modules equal to 2 and upper opening ratio (UOR) equal to 0.10. The unknown parameters are: upper base width of the twisted prism with square bases in which the basic tensegrity module is included - "a"; lower base width - "b" (Fig. 1); total angle of rotation "γσtot" (Fig. 2b); angle between two units along the primary axis "γσ" (Fig. 2b); upper length opening (ULO) and upper length opening along the secondary axis (ULO2) (Fig. 2 a). We found that a = 4.54, b = 3.53, γσtot = 90.60°, γσ = 15.10°, ULO=0.45 and ULO2=1.03. The obtained single curvature DLTG, thatcontains 6 x 4 modified four-strut cells, is displayed in Figure 3.



Figure3. A 6 x 4 unit arrangement in a vault configuration: a) isometric view; b) section view; c) plan view

2.4. Visualization techniques in AutoCAD 3D

For the VDLTG's construction in AutoCAD we need first to create its basic module. The tool "3D solid cylinder" can be used to represent the compressive members (struts) and the continuous tensile members (cables). They have different value of their radius. Then the geometry generation process of a vault shape structure includes the creation of first two rows of elements along the axis of the cylinder. The other two rows are analogous. The adjacent modular units are positioned in such a way that their upper and lower bases overlap. For that, in section view we first determine the plane where each unit along the primary axis lies. The calculated parameters "γστοτ" and "γσ" are used. We change the user coordinate system defining it by three points. Finally the basic modules are pasted from the clipboard into the current plane and placed in their final position.

3. CONCLUSION

A vaulted double-layer tensegrity grid (VDLTG) was created and a method for its construction in AutoCAD was presented. The basic unit of the modular structure is a new four strut twisted prism. The proposed VDLTG consists of discontinuous compressive members (struts) and continuous tensile members (cables). Its rigid elements, such as bars, are not connected directly to each other, but to cables. The system complies with the classic definition for tensegrity. Although there are patterns and general rules for the assembly of DLTGs, it is very hard to determine and to graphically generate tensegrity structures with single and double curvature. The form of the new VDLTG was determined by using the mathematical expressions of Charalambides that define parameter interdependence and constraints for various construction scenarios, including design process based on total structure dimensions. His method is very long and complicated. There is a need to find easier ways of designing VDLTGs.

REFERENCES

[1] Charalambides, J. (2004). Computer method for the generation of the geometry of tensegrity structures, Dissertation, Presented to the Faculty of the Graduate School of The University of Texas at Austin

[2] Fuller, B. (1962). Tensile-integrity Structures, US Patent No. 3,063,521

[3] Gómez-Jáuregui, V., Otero, C., Arias, R., and Manchado, C. (2012). "Novel technique for obtaining double-layer tensegrity grids." International Journal of Space Structures, v. 27, number 2 & 3, 155 – 166

[4] Ilieva, Y. (2014). "Genesis and contemporary trends in the development of tensegrity enclosing planar grid structures." Proc., First scientific – applied conference with international participation "Project Management in Construction", University of architecture, civil engineering and geodesy, Sofia, 405-411

[5] Ilieva, Y., and Kantchev, V. (2015). "Vaulted double-layer tensegrity grids" Proc., 15th International scientific conference VSU'2015, Sofia, v. I, 11-16

[6] Liapi, K. (2001). "Geometric configuration and graphical representation of tensegrity spherical networks." Proc., Association for Computer Aided Design in Architecture, Buffalo, New York, 258-267

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 5

Emil KOCOVSKI[1], Vladimir DAMJANOVSKI[2], Mile PARTIKOV[3], Denis POPOVSKI[4]

MODULAR REVISION PLATFORMS IN PRODUCTION HALL

SUMMARY

Description of the design for 3 modular revision platforms for the specific needs of a production hall with a specific production lane arrangement is shown in this report. The platforms are consisted of 4 revision levels with a maximal height of 12.7m. The access to the revision levels is only form one of the platforms. The analysis for the construction of the platforms is done according the exploitation conditions. All the connections are designed as bolted. The platforms are anchored directly to the concrete slab of the production hall, with the use of high performance steel anchors embedded after finished curing of the concrete slab.

Keywords: platform, erection, modularity, connections

Емил КОЧОВСКИ[1], Владимир ДАМЈАНОВСКИ[2], Миле ПАРТИКОВ[3], Денис ПОПОВСКИ[4]

МОДУЛАРНИ РЕВИЗИОНИ ПЛАТФОРМИ ВО ПРОИЗВОДЕН ПОГОН

РЕЗИМЕ

За потребите на производен погон и соодветна поставеност на опремата од системот на производство, проектирани се 3 платформи. Станува збор за 3 платформи со 4 ревизиони нивоа, и максимална висина на највисокото ниво од 12,7m, при што пристап кон првото ниво има само од една платформа. Анализата на конструкцијата е направена за условите на експлоатација на платформите во затворен простор. Врските се монтажни со примена на обични завртки. Платформите немаат сопствена темелна конструкција, истите се анкерувани директно во бетонската подна плоча армирана со челични влакна, со помош на челични анкери, вградени по бетонирање т.е. по достигнување на јакоста на бетонот на подната плоча.

Клучни зборови: платформи, монтажа, модуларност, врски

[1] BSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, emil.kocovski@gmail.com
[2] BSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, v.damjanovski@yahoo.com
[3] Assist. MSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, partikov@gf.ukim.edu.mk
[4] Assist. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, popovski@gf.ukim.edu.mk

1. ОПШТО

Проектираните платформи е предвидено да опслужуваат 3 машини кои се дел од прозиводна лента со габаритни димензии 1.0m x 3.2m x 14.0m, поставени на меѓусебно растојание од 3.3m. Истите се поставени во затворен простор, индустриска хала, и не се изложени на надворешни атмосферски влијанија. Машините кои се дел од производната лента целосно го диктираат изборот на конструктивниот систем поради фактот дека станува збор за производна лента што подразбира движење на пролупроизвод помеѓу машините на точно одредени позиции, чија диспозиција е добиена од производителот на машините.

Поради едноличноста на габаритот на машините, избран е еден главен концепт на конструкцијата, кој е модуларно мултиплициран и укрутуван според потребите на пристапните ревизиони скали и патеки. Монтажата на платофмите се извршува во веќе изведен производен погон, на веќе поставени машини, и поради тоа платформите се предвидени со монтажни врски со завртки, без никаква потреба за заварување на терен. Сите врски се предвидени да се изведат со обични завртки.

2. КОНСТРУКЦИЈА НА ПЛАТФОРМИТЕ

Секоја од платформите претставува засебна конструкција, составена од монтажни сегменти чиј габарит е погоден за траспорт и манипулирање во производниот погон. Платформите се предвидени како обиколка на машините, односно машината претставува јадро на платформата. Од оваа поставеност произлезена е поделбата на сегменти на платформите и планот за монтажа на истите. Една платформа е составен од 4 главни сегменти од “попречен” правец, столбовите на платформите се дел од овие склопови. При монтажата се поставуваат 2 спротивни сегменти и се врши нивно поврзување со помош на елементите (склоповите) од “подолжен” правец, на вака поставени и вкрутени 2 главни сегменти (нивоа 1’+1) се поставуваат останатите 2 главни сегменти (нивоа 2+3). Платформите помеѓу себе се поврзани со мостови кои е предвидено да се изработат како засебни склопови и да се постават по целосна монтажа на главните сегменти на сите платформи. По монтирањето на сите склопови останува монтажата на нагазните површини кои е предвидено да се изработат од брадавичест лим, соодветно потпрен на главните сегменти од конструкцијата.



Слика 1. Поделба на к-јата на монтажни сегменти



Слика 2. 3Д Изглед на конструкцијата

Појдовна точка на концептот на конструкцијата е просторен “виренделов” носач, кој според диспозицијата на отворите во машините би бил дополнително укрутен и на кој дополнително ќе бидадт додадени платформи за движење и скали за качување. Стабилноста во попречен правец е решена со плетка на елементи која е соодветно прилагодена на ревизионите патеки, додека во подолжен правец постојат 2 различни пристапи кон решавање на проблемот на стабилноста, односно 2 начина на постигнување на бараната крутост. Првиот начин е со помош на склопови кои формираат притиснати К спрегови и втор начин со користење на скалишната конструкција како елемент за вкрутување на разгледуваниот правец.

На слика 2. даден е тродимензионалниот изглед на сите платформи со скали и површни мостови. Прикажана е платформата на која се поставени скалишните сегменти за комуникација помеѓу нивоата, во оваа платформа се користат двата спомнати начини за решавање на стабилноста во подолжен правец. Кај другите две платформи стабилноста во подолжен правец се решава само со склопови кои формираат притиснати К спрегови, бидејќи вертикалната комуникација помеѓу нивоата на платформите е воспоставена на првата платформа.

Конструктивниот челик е С.0361 (S235), а како пресеци се користени затворени кутијасти профили (квадратни, правоаголни). Како столбови односно појаси на “виренделовите” носачи се користат квадратни кутијасти профили []100.100.4, како основна исполна во подолжен и попречен правец се користат правоаголни кутијасти профили []150.100.4, додека за секундарната исполна во подолжен и попречен правец се користат квадратни кутијасти профили []80.80.3 и []60.60.3, соодветно.



Слика 3. Детал на врска помеѓу монтажни сегменти

На слика 3. Прикажан е карактеристичен детал на наставување на појасите/столбовите на конструкцијата, преку челни плочи, со помош на завртки (4M16). Врската помеѓу елементот и челната плоча е предвидено да се изведе со заварување (во работилница) со аголен завар по целиот обем на елементот.

Анкерувањето на конструкцијата е предвидено да се изврши директно во бетонската подна плоча армирана со челични влакна, со помош на челични анкери вградени достигнување на јакоста на бетонот на подната плоча. Анкерите кои се користат се стандардизирани, со податоци за нивната носивост дадени од производителот, за потребата на овие платформи извршено е испитување на 3 вградени анкери.

3. АНАЛИЗА НА КОНСТРУКЦИЈАТА И ВРСКИТЕ

Анализата за конструкцијата на платформите е извршена на тродимензионален математички модел изработен со линиски елементи во програмскиот пакет Robot Structural Analysis 2016, за двата подтипови на платформа.

Товарењето на конструкцијата е извршено според правилата од техничките прописи и нормативи за товарење на ваков вид на конструкции, поставени во затворен простор.

Постојани товари: сопствена тежина, тежина на ограда, тежина на под за платформа.

Корисни товари: корисен товар на платформа, корисен товар на скали.

Товари од сеизмика: пресметани за како процент од постојаните и корисните товари, спред актуелниот пропис за сеизмика на Република Македонија.



Слика 4. Математички модел на к-јата



Слика.5 Деформирана состојба

На слика 4. прикажан е математичкиот модел на конструкцијата. Потпирањето на конструкцијата се третира како вклештување, основните елементи од конструцијата (греди,столбови) се третираат како елементи со аксијален и моментен капацитет, додека пак елементите од исполната се третираат како елементи само со аксијален капацитет.

На слика 5. прикажана е максималната деформација на конструкцијата, од меродавна комбинација, истата е дадена во mm, и ги задоволува дозволените деформации за овој тип на конструкции. Максималната деформација е добиена при дејство на постојаните и корисните товари во комбинација со дејство на сеизмичка сила во попречен правец.

Имајќи предвид дека станува збор за монтажна конструкција, мора да се напомене дека концептот за конструкцијата е безвреден без концепт за врските на истата. При проектирањето на платформите, типот на врски помеѓу сегментите и нивната едноставност и едноличност има влијание при избор на елементите од конструкцијата.

Анализирани се критичните места на спојување на елементите, и според истите се усвоени димензиите на елементите од врската (дијаметри на завртки како и големина на челните лимови). Завртките се пресметани према капацитетот на носивост на смолкнување , додела пак дебелината на лимот е усвоена према капацитетот на носивост на притисок по обод на завртка.

Работилничката документација е целосно изработена преку тродимензионален модел во софтверскиот пакет Autodesk Advance Steel, од каде се добиени сите работилнички цртежи за елементи и врски, склопни цртежи и диспозиции, како и спецификации и листи за набавка на употребениот материјал.

При проектирањето на платформите запазени се сите поединости кои произлегуваат од спецификациите за машините кои истите треба да ги опслужуваат како не би дошло до пореметување на концептот “производна лента”, запазена е потребата за едноставна монтажа на платформите при веќе поставени машини како и анкерувањето во веќе изведена подна плоча без засебна темелна конструкција. Добиеното решение е рационално и едноставно за производство, нема специфични побарувања при изведба (квалитет на основен материја, квалитет на материјал на завртки, квалитет на завари) и е едноставно за монтажа.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Печатени предавања по предметот "Челични конструкции во високоградба" кој се држи на додипломските студии при Градежниот факултет - Скопје, од авторот Проф. д-р Петар Цветановски, дипл.град.инж.

[2] Печатени предавања по предметот "Челични конструкции" кој се држи на додипломските студии при Градежниот факултет - Скопје, од авторот Проф. д-р Петар Цветановски, дипл.град.инж.

[3] Основи на челични конструкции, Проф. д-р Атанас Филиповски, Скопје 2004 год.

[4] Celicne konstrukcije u gradjevinarstvu, Prof. dr Branko Zaric, Prof. dr Dragan Budjevac, Mr. Bratislav Stipanic, Gradjevinska kniga Beograd, 2000 god

[5] European Standard EN 1993, Eurocode 3: Design of steel structures, Part 1-1: General rules and rules for buildings, 03.2005, +AC 06.2009, European Committee for Standardization

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 6

Milivoje MILANOVIC[1], Meri CVETKOVSKA[2], Cvetanka CHIFLIGANEC[3], Milica JOVANOSKA[4]

DETERMINATION OF CRITICAL BUCKLING LOAD OF A STEEL CONCRETE COMPOSITE COLUMN IN FIRE

SUMMARY

A practical numerical procedure for calculating critical buckling load of a composite steel concrete column in fire, taking into account the column`s cross section average temperature, is presented in this paper. The column is subjected to external axial loading and exposed to 30 minutes standard fire at the entire perimeter. The critical buckling load is calculated depending on the type of axial and rotational restraints at the column ends. The thermal and structural numerical analyses were carried out with the program for fire structural analysis SAFIR.

Keywords: composite column, critical force, buckling, average temperature

Миливоје МИЛАНОВИЌ[1], Мери ЦВЕТКОВСКА[2], Цветанка ЧИФЛИГАНЕЦ [3], Милица ЈОВАНОСКА[4]

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРИТИЧНА СИЛА НА ИЗВИВАЊЕ НА СПРЕГНАТ СТОЛБ ВО УСЛОВИ НА ПОЖАР

РЕЗИМЕ

Во овој трудот е прикажана една практична нумеричка постапка за определување на критичната сила на извивање на спрегнат столб во услови на пожар, со помош на средната температура во попречниот пресек на столбот. Столбот е оптоварен со аксијална сила и е изложен на стандарден пожар по целиот обем за време од 30 минути. Критичната сила на извивање е определена во зависност од условите на потпирање на столбот. За спроведување на термичката и статичката анализа применет е програмот за анализа на конструкции во пожар SAFIR.

Клучни зборови: спрегнат столб, критична сила, извивање, средна температура

[1] Assist. MSc, Faculty of Civil Engineering, State University in Novi Pazar, Serbia, Faculty of Civil Engineering, milanovicnp@gmail.com
[2] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, cvetkovska@gf.ukim.edu.mk
[3] Assist. MSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, c.chifliganec@gf.ukim.edu.mk
[4] MSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, m.jovanoska@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Пресметката и димензионирањето на спрегнатите столбови во објектите од високоградбата, при нормални температурни услови (20°C), се сведува на определување на носивост на пресекот и корекција на таа носивост во однос на витоста на столбот.

Димензионирањето на спрегнатите столбови кои се изложени на дејство на пожар е доста покомплексно. Со зголемување на температурата доаѓа до: промена на механичките карактеристики на материјалите, промена на носивоста и стабилноста на столбот, појава на дополнителни напрегања и деформации поради ограничена аксијална дилатација на столбот зависно од условите на потпирање (издолжување и ротација).

На однесувањето на спрегнатите столбови во услови на пожар влијаат следниве фактори:

- Димензиите на попречниот пресек на столбот (значително влијаат на продорот на температурата),
- Видот на материјалот кој преовладува во пресекот (повеќе челик или бетон),
- Распоредот на челичните елементи во бетонскиот дел на столбот,
- Висината на столбот (должината на извивање) и условите на потпирање на краевите на столбот,
- Аксијалната крутост на столбот (EI/h),
- Пожарното сценарио (изложеноста на столбот на пожарно дејство по целиот обем или делимично),
- Видот и големината на оптоварувањето на столбот (N, M, T, комбинација од нив и др.).

Стабилноста на спрегнатите столбови во услови на пожар зависи од повеќе параметри: типот и димензиите на пресекот, висината на столбот, големината на оптоварувањето, условите на потпирање на краевите на столбот итн.

При проектирање на спрегнати столбови изложени на пожар, не само што треба да се определи носивоста на пресекот на спрегнатиот столб, туку неопходно е и да се изврши контрола на извивањето на столбот. Поради загревањето и падот на јакосните карактеристики на материјалите во пресекот на столбот, доаѓа до намалување на вредноста на критичната сила на извивање. За да се избегне опасност од губење на стабилноста на столбовите при пожарно дејство, треба да се определи критичната сила на извивање на столбот за одредени интервали на загревање. Овој проблем може да се разгледа и реши со спроведување на експериментална или нумеричка анализа.

За спроведување на експериментална анализа проблем претставуваат: високата цена на експериментите, неможноста да се опфатат сите потребни варијации на оптоварувањата, типовите на пресекот, висината на столбовите итн. Исто така, експериментите на поединечни елементи, издвоени од конструкцијата, не даваат задоволителни резултати и не го отсликуваат реалното однесување на столбот кога истот се анализира во рамки на конструкцијата.

Нумеричките анализи спроведени со некој од современите ориентирани софтверски пакети, засновани на принципите на термодинамиката и статиката на конструкциите, сè повеќе и сè поверодостојно ги заменуваат скапите експерименти. Овие софтвери се верифицирани на податоци од многубројни експерименти, што ни дава сигурност во прифаќање на нивните резултати.

Во овој труд, пресметката на критичната сила на извивање, за одредено време на изложеност на пожарно дејство, е спроведена на спрегнат столб како од Сл. 1. Анализираниот столб е со висина h=4.5 m, а разгледани се три различни варијанти на потпирање на столбот. Пожарниот модел применет кај столбовите е стандарден пожар, а пожарното сценарио е такво да столбот се загрева од сите четири страни. Анализата е извршена на дводимензионален модел во програмот за анализа на конструкции во пожар SAFIR.



Висина на столбот: h = 4.5 [m]= 450 [cm]
Виткост на столбот: λ = 98.62
Критична сила на извивање:
Ncr =2133 [kN] за T=20 [°C]
Челик: S 355
Бетон: C 30/37
Арматура: RA 400/500

Слика 1. Попречен пресек на анализираниот спрегнат столб и податоци за некои параметри од анализата

2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДНА ТЕМПЕРАТУРА ВО ПОПРЕЧНИОТ ПРЕСЕК НА СТОЛБОТ

Трансферот на топлина низ пресекот на столбот зависи од: интензитетот на пожарното оптоварување, пожарното сценарио, изложеноста на поодделни елементи од пресекот, термичките карактеристики на материјалите и др.

Во еден временски момент, различни точки од пресекот се различно загреани. За да се има увид во загреаноста на поодделни пресеци или на еден ист пресек но, во различни временски моменти, се воведува поимот средна температура на пресекот на столбот.

Со помош на ориентираниот софтвер SAFIR, можно е во било кој избран временски момент да се интегрира температурата од поедини точки од пресекот во средна температура на истиот тој пресек. На Сл. 2 е прикажан дијаграмот на средна температура во пресекот на анализираниот столб за поодделни временски моменти на изложеност на стандарден пожар.



Слика 2. Средна температура во попречниот пресек на спрегнатиот столб

3. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТ НА АКСИЈАЛНА КРУТОСТ НА ЕЛАСТИЧЕН ФЕДЕР И КРИТИЧНА СИЛА НА ИЗВИВАЊЕ НА СТОЛБОТ

Со цел да се објасни постапката за определување на критична сила на извивање на столб при одредена критична температура, ќе бидат објаснети некои основни релации кои го дефинираат однесувањето на елементот при дејство на високи температури.

Вкупната деформација на носачот при дејство на високи температури изнесува:

$$e_{tot} = e_{term} + e_{meh} \quad (1)$$

каде:

e_{term} - термичка деформација предизвикана од дејството на температурата
e_{meh} - механичка деформација предизвикана од оптоварувањето и условите на потпирање.

Во случај кога се спречени транслацијата и ротацијата на краевите на столбот доаѓа до појава на дополнителни напрегања и деформации, со што се усложнува определувањето на критичната сила на извивање на столбот при негово загревање.

На интензитетот на критичната сила на извивање влијаат: интензитетот на надворешните оптоварувања, температурата во пресекот на столбот и висината на столбот (неговата витост).

При загревање на еден елемент со константна температура се предизвикува термичка деформација која се определува со следната р-ка:

$$e_{term} = \alpha \cdot \Delta T \tag{2}$$

каде:

ΔT - прираст на температурата
α – коефициент на линеарно издолжување на материјалот.

За анализираниот столб (од Сл. 1), при ограничено дилатирање на краевите, важи:

$$P = E \cdot A \cdot e_{term} = E \cdot A \cdot \alpha \cdot \Delta T \tag{3}$$

каде:

E – Young-ов модул на еластичност за материјалот
A – површина на попречниот пресек на столбот.



Слика 3. Одговор на столбот во зависност од неговата аксијалната крутост и подолжната крутост на лежиштата

Во услови на пожар, одговорот на столбот зависи од неговата витост и може да јават три случаи (Сл. 3).

Ако се анализира краток столб нема да дојде до извивање на оската на столбот (Сл. 3а). Столбот ќе се спротивстави на термичката дилатација со својата крутост, а напрегањето ќе расте се до моментот на искористување на носивоста кога настанува дробење на бетонот.

Ако столбот е виток ќе доживее извивање на критична температура и при Euler-ова критична сила на извивање (Сл. 3b):

$$P_{cr} = (\pi^2 \cdot E \cdot I_{eff})/h^2 \tag{4}$$

Со изедначување на критичната сила на извивање со силата на ограничување на издолжувањето се добива:

$$(\pi^2 \cdot E \cdot I_{eff})/h^2 = E \cdot A \cdot \alpha \cdot \Delta T \quad (5)$$

Критичната температура на извивање за случајот од Сл. 3b е:

$$\Delta T_{cr} = \pi^2/(\alpha \cdot \lambda^2) \quad (6)$$

Оваа релација е многу едноставна и практична. Може да се увиде дека критичната температура на извивање на столбот зависи од витоста и коефициентот на линеарно издолжување. Меѓутоа, оваа релација важи само за идеални термодеградациони карактеристики на материјалот и идеално крути врски на краевите на столбот, што во пракса не може да се оствари.

На Сл. 3c. прикажан е столб кој на горниот крај има еластичен федер со аксијална крутост $К_т$. Напрегањето кое се јавува поради ограничување на аксијалната дилатација на столбот е:

$$\sigma = (E \cdot \alpha \cdot \Delta T)/(1 + (E \cdot A)/(K_T \cdot h)) \quad (7)$$

Критичната температура е:

$$\Delta T_{cr} = \pi^2/(\alpha \cdot \lambda^2) \cdot (1 + (E \cdot A)/(K_T \cdot h)) \quad (8)$$

Ако коефициентот на аксијална крутост на федерот се изрази во функција од аксијалната крутост на столбот:

$$K_T = x \cdot (E \cdot A)/h \quad (9)$$

тогаш р-ката 8 ќе изгледа вака:

$$\Delta T_{cr} = \pi^2/(\alpha \cdot \lambda^2) \cdot (1 + 1/x) \quad (10)$$

За усвоениот попречен пресек на столбот и средна температура добиена согласно р-ката (10), пресметковната вредност на факторот на крутост на федерот x може да се определи со помош на дијаграмот претставен на Сл. 4. Референтната вредност на факторот x се добива кога столбот со непомерливи крајни лежишта ќе се изложи на загревање (Сл. 3b).

За столбот потпрен како на Сл.3c, во моменетот на извивање, средната температура во пресекот, изнесува T_{ave} =149.35 °C, а критичната сила на извивање изнесува $P_{cr,ref}$ =1471 kN. Вредноста на факторот x се добива од дијаграмот на Сл. 4 и изнесува x_{ref} =1.30.



Слика 4. Зависност на факторот на аксијална крутост x на федерот од средната температура во пресекот на столбот

Вредноста на критичната сила на извивање, за одредено време на изложеност на столбот на стандарден пожар, може лесно да се определи со помош на дијаграмите од Сл. 2 и Сл. 4. На овој начин, за потребна пожарна отпорност (пример за 30 минути), поедноставно се определува критичната сила на извивање и се споредува со експлотационата сила во столбот. Самата постапка е прикажана на Сл. 5.



Слика 5. Определување на критична сила на извивање на столб за 30 минутно дејство на пожар.

При изложеност на пожар за време од 30 минути, Сл. 5а, средната температура во пресекот на разгледуваниот столб изнесува T=482 °C. За оваа вредност, од дијаграмот на Сл. 5b се определува факторот на аксијална крутост на федерот и тој изнесува x=0.21.

Со помош на факторот на аксијална крутост на федерот, референтните вредности на факторот x_{ref} и критичната сила $P_{cr,ref}$ може да се пресмета критичната сила на извивање на столбот при 30 минутно дејство на пожар:

$$P_{cr,30} = (P_{cr,ref}/x_{ref}) \cdot x = (1471/1.30) \cdot 0.21 = 241\ kN \quad (11)$$

4. ЗАКЛУЧОК

Прикажаната постапка за определување на критичната сила на извивање на спрегнат столб, со помош на средната температура во попречниот пресек на столбот, овозможува брзо и лесно да се утврди опсегот на критичната сила на извивање за различно време на пожарна отпорност. Со тоа олеснето им е на проектантите до го согледаат односот на критичната сила на извивање и експлотационите сили во столбот, за одредено време на изложеност на пожарно дејство.

ЛИТЕРАТУРА

[1] European Committee for Standardization. 2005. EN 1994-1- : Design of composite steel and concrete structures, Part 1-1: General rules and rules for buildings

[2] European Committee for Standardization. 2005. EN 1994-1-2: Design of composite steel and concrete structures, Part 1-2: General rules – structural fire design

[3] Knobloch M. et al. 2008. On the interaction of global and local buckling of square hollow sections in fire. Proceedings of the Fifth International Conference on Coupled Instabilities in Metal Structures (CIMS), Sydney, 587-594

[4] Rodrigues J.P.C. et al. 2000. "Experimental research on the critical temperature of compressed steel elements with restrained thermal elongation". Fire Safety Journal 35(2): 77-98

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 7

Tihomir NIKOLOVSKI[1], Boris TASEVSKI[2], Boris ALEKSANDROV[3]

SMALL SPAN TYPIFIED PREFABRICATED STEEL BRIDGES

SUMMARY

Presented in this paper are four types of small prefabricated steel bridges encompassed by the development project realized by FAKOM AD Skopje company: small bridges type F1 consisting of a single part, with spans ranging from L=10,0m toL=17,5m; (2) small bridges type Urban consisting of one part, with spans of L=10,0m,L=12,0m and alternatively L=14,0m; (3) modulated – adaptable bridges type F2 composed from two or three moduli of different lengths, for spans ranging from L=17,5m toL=25,0mand (4) small cable stayed bridges type F3 developed on the basis of truss beams of type F1, for width of obstacle of up to ΣL=50-60m. The small bridges represent pedestrian bridges and, with the exception of types Urban and F3, they are intended for light motor vehicle traffic. The development project is the response to the needs for providing safe transit through the natural obstacles in the mountainous and rural areas and is also a solution for urban media, recreation centres, national parks, reserves, parks, etc.

Keywords: steel, bridges, small spans, prefabrication

Тихомир НИКОЛОВСКИ[1], Борис ТАСЕВСКИ[2], Борис АЛЕКСАНДРОВ[3]

МАЛИ ТИПСКИ МОНТАЖНИ ЧЕЛИЧНИ МОСТОВИ

РЕЗИМЕ

Во трудот се прикажани четири типови на мали монтажни челични мостови опфатени со Развојниот проект реализиран во компанијата ФАКОМ АД Скопје: (1) Мали мостови тип F1 од еден дел,со распони од L=10,0m до L=17,5m; (2) Мали мостови тип Urban од еден дел, со распони L=10,0m,L=12,0m и алтернативно L=14,0m; (3) Модуларни - адаптабилни мостови составени тип F2, составени од два или три модули со различни должини, за распони од L=17,5m до L=25,0m и (4) Мали мостови со коси затегитип F3, развиени врз база на решеткастите греди од типот F1, за широчини на препреката до ΣL=50-60m. Малите мостови се пешачки и, освен типовите Urban и F3, наменети за лесен моторен сообраќај. Развојниот проект е одговор на потребите за обезбедување на сигурен премин преку природните препреки во планинските и руралните подрачја, но и решение за урбанизирани средини, рекреациони центри, национални паркови, резервати, парковиитн.

Клучни зборови: челик, мостови, мали распони, префабрикација

[1] Prof. PhD, Development adviser, FAKOM AD Skopje, tihomir.nikolovski@fakom.com.mk
[2] MSc, Chief Engineer FAKOM AD Design office, boris.tasevski@fakom.com.mk
[3] BSc, Designer FAKOM AD Design office, boris.aleksandrov@fakom.com.mk

1. ВОВЕД

Голем број населени места, особено во планинските и руралните подрачја, имаат потреба за добри и сигурни комуникации со мрежата на јавни патишта и со поголемите урбани центри. Ако такви комуникации нема или се отежнати, најчеста причина е непостоењето на соодветни објекти – **мостови со мали распони**за премин преку разни природни препреки: длабоки суводолици, порои, помали реки и потоци итн. кои се наоѓаат на многу локални и некатегоризирани патишта. Во неповолни временски услови тоа може целосно да го оневозможи пристапот од и до центрите за снабдување, образование, здравство, јавна администрација итн. Неспорен заклучок на голем број демографски студии е дека непостоењето на добри и сигурни комуникации е причина за неповолните демографски процеси на цели региони. Дури и за стручната јавност изненадувачки може да делува фактот дека во одделни рурални, практично расељениподрачја во Македонија единствени комуникации се (сеуште) патиштата изградени пред околу 100 години, за време на Првата светска војна. Може да се заклучи дека потребата од вакви објекти во планинските и руралните подрачја е неспорна и трајна.

Потреба од мали мостови се јавува и во урбанизираните населби и градови каде, особено за пешачки сообраќај, треба да се премостат помали водени токови, а исто така може да биде актуелна и во рекреациони центри, национални паркови, природни резервати, туристички подрачја во рурални средини, паркови – практично секаде каде што треба да се обезбеди пешачки и лесен моторен сообраќај.

2. КОНЦЕПТ НА ПРОЕКТОТ

Започнат во пролетта 2013 год, Развојниот проект за мали монтажни челични мостови на ФАКОМ АД Скопје, има(ше) неколку стратешки цели:

1. Најпрво, брзо и ефикасно отстранување на (тогаш актуелните) последици од елементарните непогоди во поширокиот регион, како ТРАЈНО РЕШЕНИЕ;
2. Запирање, или барем подобрување на неповолните демографски процеси во планинските и руралните подрачја преку подобрување на сообраќајните врски;
3. Создавање насопствен типски производ со широко подрачје на примена, доверлив и траен, конкурентен во технички и комерцијален поглед на слични конструкции од други материјали, но со недостижна предност во однос на брзината на изградбата особено во ургентни услови;

Наведените цели го диктираа следниот концепт Развојниот проект за мали мостови:

По правило, широчината на природните препреки во планинските и руралните подрачја е релативно мала. Мала може да биде и широчината на водените токови во урбанизираните населби и градови. За сите нив, можат да се предвидат мостови со мали распони,по наша оценка со распони од 10,0m до 25,0m.. Таквите мостови, во основа, треба да се наменети за пешачки и лесен моторен сообраќај, за возила со осовински притисок до најмногу 5 тони. Такви возила, освен патничките, можат да бидат и возилата за снабдување, комби и санитетски возила, трактори со приколки и слично. Фреквенцијата на сообраќајот преку овие мостови би била по правило ниска, заради што е оправдано да се усвои корисна широчина B=2,50m која, освен пешачки сообраќај, би обезбедила движење на овие возила само во еден правец истовремено. Ваква корисна широчина овозможува мостовите да се изработуваат и транспортираат како целина или во транспортабилни сегменти[(1)]-адаптабилни модули, комплетно готови и антикорозионо заштитени и да се монтираат на лице место како целина.Во наши услови, на локациите во планинските и руралните подрачја владеат ограничени и често неповолни услови за редовно одржување и затоа, за носечките елементи треба да се предвидат носечки елементи со затворен пресек од квадратни и правоаголни цевкасти профили од домашно производство и антикорозиона заштита од 15+ години според Европските стандарди. Конечно, заради нерегулираните корита на помалите реки и порои и опасноста од поткопување, таквите мостови треба да бидат еднораспонски, без средни столбови.

[(1)]Развиени се решенија за мали мостови со корисна широчина B=3,0m со незначителен пораст на тежината но со поскапи трошоци за транспорт со придружба.

Коловозната (подната) површина на малите мостови е предвидена во ниво на долниот појас на главните носачи. Со тоа се намалуваат количините на бетонските работи во крајните столбови и, истовремено, обезбедува мала конструктивна висина што придонесува (1) заштитната висина од нивото на високата вода до долниот раб на конструкцијата да биде што помала (може да биде значајно ако нема прецизни хидролошки податоци) и (2) главните носачи, заради нивната релативтивно мала системска висина,да се искористат како ограда.

Коловозната (подната) плоча е предвидена како армиранобетонска врз поцинкуван трапезно профилиран лим, спрегната со можданици за попречните носачи и армирана конструктивно со арматурна мрежа. Спрегањето не е потребно кога мостовите се наменети исклучиво за пешачки сообраќај.

За корисните натоварувања, разгледувани се два случаи: (1) натоварување со пешаци (p=5,0kN/m2)и (2) натоварување со хипотетички возила со две оски со оскин притисок од 50kNи соодветен динамички коефициент (Слика 1.). Заради малата корисна широчина, земено е дека двете натоварувања неможат да дејствуваат истовремено. Објективно гледано, за предвидените возила оскините притисоци и динамичкиот коефициент се преценети,но ги задоволуваат носечките карактеристики на сите мали мостови пресметани за избраните пресеци за натоварувањето со пешаци.



Слика 1. Шема на натоварување со хипотетички возила

Сите мали мостови имаат идентичен пресек и идентични габаритни димензии на носечките елементи, со соодветна промена на дебелините на ѕидовите. Проверката според важечкиот стандард MKS U.E7.010 покажува дека за конструкцијата на сите мали мостови може да се избере квалитетна класа челик S235 JRH според EN 10025 односно C.0361 според MKS C.B0.500.

3. КОНСТРУКТИВНИ РЕШЕНИЈА НА МАЛИТЕ ЧЕЛИЧНИ МОСТОВИ

Во рамките на Развојниот проект, разработени се вкупно 4 типови на мали монтажни мостови:

1. **Мали монтажни мостови од еден дел тип F1**, за распони L=10,0m до L=17,5m (Слика 2 и Слика 3.) со пораст на распоните во чекори од по 2,5m. Разработени се две варијанти: V1 – со класична ограда (за пешачки мостови) и V2 – со одбојна ограда тип B за мостови за комбиниран пешачки и лесен моторен сообраќај. Мостовите се испорачуваат на монтажа со вграден профилиран лим, можданици за спрегање на подната плоча, оплатни елементи и елементи на дилатациони фуги.

   Тежините на одделни подтипови мостови малку се разликуваат заради разликите во тежините на оградите и оплатните елементи. Напр. за подтипот **V2a**тежините на челичните конструкции се меѓу **2,49 тони** (за L=10,0m) и **4,71 тони**(за L=17,5m), односно соодветно меѓу **103kg/m^2**и **138kg/m^2**. Транспортните (монтажните) тежини (со монтиран трапезно профилиран лим и можданици) се поголеми за сса 0,25 до 0,5 тони.

   Готовите конструкции се монтираат со мала автодигалка врз претходно изградени крајни армирано бетонски столбови. Според прелиминарните пресметки (Слика 4.) за длабочина на фундирање 2,0m под котата на лежиштата, заедно со темелната плоча и парапетните челно и бочни платна и за максимално напрегање во тлото од најмногу 150kPa, вкупната количина на бетон МБ30 (МБ45) изнесува **17,8m^3** (за за L=10,0m и L=12,5m) и **21,0m^3**(за за L=15,0m и L=17,5m).



Слика 2. Карактеристичен напречен пресек на мали мостови тип F1 (од еден дел).



Слика 3. Конструкција и подтипови на главните носачи на мали мостови тип F1 (од еден дел).

2. **Мали монтажни мостови од еден дел тип FU (Urban)**, со распони L=10,0m и L=12,0m(Слика 5. и Слика 6). Овој тип е развиен на барање на одделни клиенти конструкцијата на главните носачи (всупност оградата), наместо решетка да има изглед на вистинска ограда (Vierendel). Мостовите од овој тип се наменети само за пешачки сообраќај (B=2,25mза три реда пешаци), со под од импрегнирани дрвени дрвени талпи d=5cm. Мостовите се испорачуваат на монтажа комплетно готови и антикорозионо заштитени, со вградени елементи на дилатационите фуги и импрегнираните дрвени талпи, а монтажата се врши со мала автодигалка.



Слика 4. Крајни столбови за малите мостови со распони L=15,0m и L=17,5m тип F1 (од еден дел).



Слика 5. Карактеристичен попречен пресек на мал мост L=10,0m/Urban (од еден дел).

Тежините на челичните конструкции се соодветно **3,05 тони** (за L=10,0m) и 3,**65 тони**(за L=12,0m),односно **135kg/m^2**. Очигледно, овие мали мостови се за околу 25% потешки од соодветниот распон за типот F1 (решетка) што е последица на конструктивниот систем.

Со истиот конструктивен систем и за корисна широчина B=1,80m развиен е мал мост со распон **L=14m**со нешто поголема единична тежина **155kg/m^2**. Со оглед дека овие мостови се предвидени за урбанизирани средини со веќе постоечки крајни столбови или регулирани корита на водените текови, не е развиен посебен тип на крајни столбови, а можни се и прилагодувања на распоните и корисната широчина во подрачјето на нивната примена.



Слика 6. Конструкција на главните носачи на мали мостови тип **Urban**.

3. **Мали модуларни – адаптабилни челични мостови тип F2**за распони L=17,5m до L=25,0m (Слика 7 и Слика 8) со пораст на распоните во чекори од по 2,5m, како почетна варијанта на малите мостови предвидени за ургентно отклонување на последици од елементарни непогоди. Појдовна претпоставка при развојот на овој тип беше дека тие треба да се претходно изработени (да ги има на лагер) и дека (најверојатно) проблем може да претставува транспортот и монтажата заради сообраќајните услови и пристапот до (генерално) претходно непозната локација. Од тие причини, конструкцијата на адптабилните мостови е предвидена да се изведува од три целосно оформени модули со должини L1=15,0m (модул M1), L2=5,0m (модул M2) и L3=2,5m (модул M3), со што се овозможува формирање на типски комплетно префабрикувани мостови, антикорозионо заштитени, со должини од 15,0m (распон 14,84m и отвор 14,50m) до 25,0m (распон 24,84m и отвор 24,50m) во зависност од потребата. Модулот M1 е прилагодлив и може да се изведе во две варијанти: (1) M1-0, без потпорни вертикали, во состав на мали мостови со должини L=22,5m (M2+M1-0+M3) и L=25,0m (M2+M1-0+M2) и (2) M1-1, со потпорни вертикали од една страна, во состав на мостови со должини L=17,5m (M1-1+M3) и L=20,0m (M1-1+M2).



Слика 7. Конструкција на главните носачи на модуларните мостови тип **F2**

Концептот на конструкцијата на модуларните мостови тип F2 е сличен на малите мостовитип F1. Главните носачи се решетки со системска височина H=2,0m а корисната широчина B=2,5m. Коловозот е отворен – коловозната табла е во ниво на долниот појасшто обезбедува минимална конструктивна височина, иста како кај тип F1. За мостови со комбиниран пешачки и лесен моторен сообраќај конструкцијата на коловозот е АБ плоча врз поцинкуван трапезно профилиран лим спрегната со можданици за попречните носачи. Дополнително, разработена е и варијанта со подна површина од длабоко топло поцинкувани решетки (скари – тнр. индустриски газишта), погодни за зимски услови и наменети само за мостови за пешачки сообраќај. Исто како кај тип F1, сите стапови на решеткастите носачи и попречните носачи се од цевкасти профили, со исклучок на крајните вертикали на сите модули кои, заради монтажните врски со високовредни завртки се оформени од H топловалани профили.



Слика 8. Карактеристичен попречен пресек на модуларните мостовитип **F2**.
Лево: со одбојна ограда тип B. Десно: со класична ограда од арматурна мрежа Q283.

Конструкцијата на крајните столбови за модуларните мостови тип F2 е практично идентична со оние за тип F1 (Слика 4).

Очигледно е дека модуларните мостови тип F2 се за сса 30-40% потешки од соодветните распони за тип F1. Основната причина е дека тие се проектирани за најнеповолните влијанија на напоните и деформациите за секој одделен распон меѓу L=17,5m и L=25,0m, под (веќе наведената) претпоставка дека во ургентни услови тие ќе се испорачуваат од лагер. Ако ургентноста на изработката и испораката не е проблем, туку само транспортните услови и пристапот до конкретна локација, проектирањето за одделен распон вклучувајќи ги и монтажните врски ја доведува вкупната и единичната тежина во рамките на соодветните за малите мостови тип F1.

4. **Мали монтажни мостови со коси затеги тип F3**, за вкупна должина до ΣL=50,0-60,0m(со еден или два пилони)и корисна широчина од 2,0-2,5m, наменети само за пешачки сообраќај. Системот е развиен имајќи ги предвид поволните носечки и деформациони карактеристики на малите мостови **тип F1**од еден дел (Слика 9) кои што имаат мала сопствена тежина (сса 250 до 350kg/m). Претходно во работилница се врши модификација на “сегментите“ од типот F1 за формирање на врските меѓу сегментите и поставување на подвлаките, како и на врските на косите затеги со подвлаките. Монтажата на овие мостови се одвива во неколку контролирани фази, во согласност со проектот за монтажа:

5.



Слика 9. Мали мостови со коси затеги развиени на база на малите гредни мостови тип F1

Слика 9. Мали мостови **тип F1** од еден дел

- Предмонтажа на гредата составена од “сегменти“ од типот F1 на целата конструкцијата на мостот, на погодно плато во непосредна близина или врз лесни привремени потпори поставени под подвлаките, со една автодигалка со поголем радиус на дејство.
- Монтажа на гредата на мостот монтирана на плато, со две автодигалки. Ако постои опасност од деформирање (избочување) на профилираниот лим за подната плоча, монтажата се врши без профилиран лим. Оваа фаза изостанува ако монтажата се врши на привремени потпори.
- Монтажа на пилоните и косите затеги во главниот распон. Пилоните се изведуваат со зглобна врска на долниот крај, во почетокот навалени кон главниот распон, а притегањето на затегите во главниот распон со перманентна контрола на деформациите и надвишувањето се врши со помошна конструкција потпрена на анкерниот блок.
- Монтажа и регулација на сајлите во крајното поле. Бидејќи е предвидено да биде “затворена“ во себе, притегање и регулација на анкерите на крајните фиксни потпори.

Од досега изложеното очигледно е дека Проектот за монтажа има круцијална улога при градењето на вакви мостови, како дел и на Основниот и на Изведбениот проект (вториов неправедно исфрлен од Законот за градење), со кои мора да се земат предвид напонската и деформационата состојба акумулирана во одделни фази, а особено:

- Проверката на напрегањата и, особено, деформациите во предмонтирана состојба на “чистата“ решеткаста конструкција на гредата за (1) дефинирање на локациите за подигање со автодигалките и (2) монтирана на фиксните потпори;
- Монтирање на пилоните и сајлите и определување на силата на влечење за подигање на “чистата“ решеткаста конструкција на гредата во предпроектирана состојба и, повторно, проверка на предизвиканите напрегања и деформации;
- Комплетна проверка на напонската и деформационата состојба во услови на користење (симетрично и несиметрично натоварување, главен распон, половина распон, само крајни полиња итн.), со цел да се утврди редослед на бетонирање и најнеповолни комбинации на натоварување со корисен товар.

Конечно, направен е обид за пешачки мост со коси затегупреку река Вардар со вкупна должина од 15,0+54,0+15,0m. Како пример, профилот на Вардар со минор и мајор коритото е земен според податоците кај Градскиот трговски центар (Мостот на уметноста). Прелиминарните пресметки покажуваат дека и оваа должина може да се совлада без поголеми проблеми доколку за појасните стапови на решеткастата греда се усвојат цевкасти профили со поголеми дебелини на ѕидовите (до 10mm) и ако, за конструкција со еден пилон, се усвои “пендел“ столб на работ на минор коритото од спротивната страна на реката. Исто така, заради хоризонталната стабилност на конструкцијата, би требало да се зголеми корисната широчина на мостот (напр. до 3,0m).

4. ЗАКЛУЧОК

Малите типски монтажни челични мостови, започнат како Развоен проект во 2013 год се одговор, и во технички и во комерцијален смисол, на неспорната потреба за добри и сигурни комуникации во многу широко подрачје на општествениот живот.

Во планинските и руралните подрачја тие можат да го решат проблемот со премин преку разни природни препреки: длабоки суводолици, порои, помали реки и потоци итн. кои се наоѓаат на многу локални и некатегоризирани патишта, а кои во неповолни временски услови често целосно го оневозможуваат пристапот од и до центрите за снабдување, образование, здравство, јавна администрација итн. и, последично, непостоењето на добри и сигурни комуникации станува една од основните причини за неповолните демографски процеси на цели региони.

Потреба од мали мостови се јавува и во урбанизираните населби и градови каде, особено за пешачки сообраќај, треба да се премостат помали водени токови, а исто така може да биде актуелна и во рекреациони центри, национални паркови, природни резервати, туристички подрачја во рурални средини, паркови – практично секаде каде што треба да се обезбеди пешачки и лесен моторен сообраќај.

Слика 10. Монтажа на мал мост тип **F1 L=17,5m-V2b**кај село Митрашинци – Беровско, наменет за пешачки и лесен моторен сообраќај

Малите монтажни мостови со распони од L=10,0m до L=25,0m, од еден дел (тип F1)и модуларни со сегменти од 15,0m (M1-0 и M1-1), потоа 5,0m (M2) и 2,5m (M3) од типот F2, работилнички комплетно готови и антикорозионо заштитени за 15+ години според Европските стандарди, лесни и транспортабилни, конципирани според модерните принципи за конструирање за најниска цена (CED = Cost Effective Detailing) овозможуваат брза е ефикасна изработка (сса 7 дена) и транспорт и монтажа (1-2 дена), а во ургентни услови за отстранување на последиците од елементарните непогоди, целокупната изградба вклучувајќи го и изведувањето на крајните армиранобетонски столбови, според наши проценки, може да се реализира во период од 15-28 дена.

Малите монтажни мостови од типот Urban со распони L=10,0m и L=12,0m и алтернативно L=14,0m како и малите мостови со коси затеги развиени врз база на гредната конструкција на тип F1, кои што можат да совладаат широчина на препреката до ΣL=50-60m, па и повеќе, лесни, економични и со очигледни вредности, можат да најдат примена урбанизирани подрачја доминирајќи со своите неспорни естетски вредности.

Конечно, со овј Развоен проект сметаме дека се разбива догматското сфаќање, често присутно и кај стручњаците од нашата област, дека челичните мостови се конкурентни со армиранобетонските само за големи и евентуално средни распони.

БЛАГОДАРНОСТ

Сакаме да ја изразиме нашата огромна благодарност до Менаџментот на ФАКОМ АД Скопјеза извонредната поддршка за реализација на Развојниот проект за мали монтажни челични мостови, најизразена особено во неговата почетна фаза, како и кон колегите од ИКТ и ИРИ секторите за помошта и придонесот, особено во неговата конкретна и оперативна реализација.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 8

Mile PARTIKOV[1], Petar CVETANOVSKI[2], Denis POPOVSKI[3]

DESIGN OF TRUSS WITH K GAP JOINTS ACCORDING TO EC3

SUMMARY

This paper shows the design procedure of truss with K gap joints according EC3. It is performed an elastic analysis of the truss assuming that all members are pin-connected. Main objective is to design all members and the joint design strength to be expressed in terms of efficiency of the connected braces, using graphical design charts. All design parameters of joints are according EC3 Part 1-8 and CIDECT Design Guide 3 for rectangular hollow section joints.

Keywords: truss, joint, gap joint

Миле ПАРТИКОВ [1], Петар ЦВЕТАНОВСКИ[2], Денис ПОПОВСКИ [3]

ПРОЕКТИРАЊЕ НА РЕШЕТКАСТ НОСАЧ СО К ЈАЗЛИ СПОРЕД ЕВРОКОД 3

РЕЗИМЕ

Во овој труд е покажана постапката за проектирање на решеткаст носач со К јазли со растојание според Еврокод 3. Извршена е еластична анализа при што сите елементи се претопставени како зглобно поврзани. Сите елементи се димензионирани а носивиот капацитет на јазлите е прикажан како искористеност на елементите од исполната со примена на проектни дијаграми. При конструирањето на јазлите запазени се сите препораки од Еврокод 3 Дел 1-8 како и препораките на CIDECT од книга 3 за јазли формирани од RHS/SHS профили.

Клучни зборови: решетка, јазел, јазел со растојание

[1] Assist. MSc, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, partikov@gf.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, cvetanovski@gf.ukim.edu.mk
[3] Assist. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, popovski@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

При проектирањето на решеткастите носачи од кутијасти профили треба да се води сметка при изборот на попречните пресеци на стаповите со цел при формирањето на јазлите истите ги исполнуваат барањата пропишани во Еврокод 3 Дел 1-8. Запазувајќи ги барањата и условите за јазлите од самиот старт на проектирањето се овозможува да јазлите ја поседуваат соодветната носивост и овозможуваат минимални трошоци за изработка на носачите. Во еден регуларен решеткаст носач, притиснатиот појас консумира околу *50%* од вкупниот вграден материјал, затегнатитот појас *30%* а исполната околу *20%*. Имајќи ја во предвид распределбата на материјалот во попречниот пресек, за притиснат појас најоптимален пресек би бил пресекот со поголема висина и ширина а помала дебелина на ѕидовите. Меѓутоа за да се обезбеди помала површина за фарбање а особено што носивоста на јазелот се зголемува со намалување на соодносот ширина/дебелина на ѕидот на појасот b_0/t_0и со зголемување на соодносот на дебелите на појасот и исполната t_0/t_1, изборот на притиснатиот појас треба да биде компромис помеѓу носивоста на јазелот и носивоста на елементот на извивање. Затегнатите појаси треба да се проектираат дака да имаат што е можно помал сооднос на ширината и дебелината b_0/t_0. Исполната треба да биде со што е можно помала дебелина на ѕидовите а поголема ширина и висина (освен кај јазли со преклопување) бидејќи јазелот е поефективен доколку соодност на ширините на појасот и исполната е поголем. При вака избрани елементи од исполната се овозможува користење на завари со помали дебелини. Кај решеткастите носачи се преферираат *K* и *N*јазлите со растојание бидејќи истите овозможуваат полесна подготовка на краевите и заварување. Кај овие јазли треба да се води сметка за минималното растојание помеѓу елементите за да не дојде до преклопување на заварите, ова растојанире треба да биде $g > t_1 + t_2$. За полесна изработка на заварите потребно е елементите од исполната да бидат поставени под агол поголем од 30^0.

2. ПРОЦЕС НА ПРОЕКТИРАЊЕ НА РЕШЕТКАСТИ НОСАЧИ

Со цел да се проектира ефективен и економски исплатлив решеткаст носач, проектирањето на истиот треба да ги следи следните фази:

I. Определување геометрија на решетката, распон, висина (L/10 - L/15), должина на елементите, прикрепувања за извивање надвор од рамнината, притоа водејќи сметка да бројот на јазлите биде минимален.

II. Анализа на товарите и местопожба на истите кај решеткастиот носач. Се препорачува аплицирање на товарите во самите јазли со цел да се избегнат секундарни моменти на свиткување во појасите.

III. Статичка пресметка и определување на статичките големини од математички модел кој најдобро го опишува решеткастиот носач. Моделирањето на носачот може да биде на два начина и тоа со зглобни врски на сите елементи со центрично поставеност или пак појасот да се моделира како "континуиран елемент" а елементите од исполната се зглобно поврзани.

IV. Определување на димензиите на појасите водејќи сметка за гоелмината на аксијалната сила, заштита од корозија и виткоста на ѕидовите кај *RHS/SHS* профилите. За да се задоволат барањата за јазлите се препорачува соодносот на ширината и дебелината на ѕидот да бидат од 15 до 25. Коефициентот на извивање на појасот во две рамнини се препорачува *0.9L* а како конзервативно може да се исвои и *1.0*.

V. Определување на димензиите на исполната врза база на аксијалната сила усвојувајќи дебелина на ѕидот помала од дебелината на појасите. Должината на извивање на исполната се препорачува да биде *0.75L*.

VI. Униформност на пресеците, да се усвојот колку што е мошно помал број на различни пресеци.

VII. Конструирање на јазлите, од условот за наједноставна изведба да се проба со јазли со растојание и да се проконтролираат параметрите на јазлите ставајќи акцент на минимално растојание помеѓу елементите и ексцентрицитетите.

VIII. Контрола на носивиот капацитет на јазлите, доколку некои од јазлите не ги задоволуваат пропишаните критериуми за носивост треба да се изврши промена на конфигурацијата на јазелот (да се проба можеби со јазел со преклопување) или пак да се променат составните елементи (појас и исполна).

IX. Контрола на ефектите од примарните моменти врз носивоста на појасите како и секундарните моменти во притиснатите појаси кои произлегуваат од ексцентричната поставеност на исполната.

X. Контрола на деформациите

XI. Контрола на заварите.

3. ПРИМЕР ЗА РАМНИНСКИ РЕШЕТКАСТ НОСАЧ

Со цел да се покаже практичната примена на критериумите и правилата за проектирање на решеткасти носачи според Еврокод 3 Дел 1-1 и Дел 1-8, извршена е пресметка на решеткаст носач прикажан на слика 1. Решеткастиот носач е со распон од 30m и модуларно е поставен на 12m, на горниот појас од решетката се потпираат рожници поставени на меѓусебно растојание од 5м. За да се избегнат голем број на јазли избрана е конфигурација на решеткаст носач составен само од дијагонална исполна.Висината на решеткастиот носач во средина е усвоена 2.5m што претставува 1/12 од распонот.



Слика 1. Изглед на решеткаст носач



Слика 2. Статички големини

Сите попречни пресеци на стаповите се проектирани од ладнообликувани квадратни кутијасти профили (SHS) кои ги исполнуваат барањата на EN 10219-2:1997 . Како материјал е користен *S235JR*со граница на развлекување од *235 N/mm*^{2}. На слика 1 прикажани се товарите на решетката помножени по соодветните парцијални фактори. На слика 2 прикажани се факторираните статички големини во елементите.

3.1. Димензионирање на елементите

Дименезионирањето на елемените е извршено согласно Еврокод 3 Дел 1-1 при што за сите пресеци е усвоена крива на извивање *"C"* (α_c=0.49)и парцијален фактор $\gamma_{M1} = 1.0$. Бидејќи јазлите на крајот од решетката ќе бидат меродавни, појасите по цела должина на решетката ќе бидат усвоени со исти димензии. Според препораките за должините на извивање за горниот притиснат појас е усвоен коефициент на извивање *K=0.9* за двете оски а за исполната е усвоен коефициент на извивање *K=0.75* за двете оски. Во табела 1 е прикажано димензионирањето на

горниот притиснат појас при што следејќи ги препораките за соодност b_0/t_0да биде во границите од 15 до 25 разгледани се три различни попречни пресеци.

f_{y0} (N/mm^2)	N_0 (kN)	K x L (m)	Попречни пресеци	A_0 (mm^2)	b_0/t_0	$\bar{\lambda}$	χ	$\chi f_{y0} A_0$ (kN)	$\frac{N_0}{\chi f_{y0} A_0}$
235	**1114.6**	4.5	180x180x12	7450	15	0.72	0.71	**1243.1**	**0.90**
			200x200x10	7260	20	0.63	0.77	**1313.7**	**0.85**
			220x220x8	6560	27.5	0.56	0.81	**1248.7**	**0.89**

Табела 1. Димензионирање на горен притиснат појас

Од приложените пресеци се забелешува дека профилот *220x220x8* е економски најисплатлив мегутоа соодносот на ширината и дебелината на ѕидот отстапува од пропишаните граници што може да доведе до надминување на носивиот капацитет на јазлите па затоа за горен појас е избран профилот *200x200x10*.

f_y (N/mm^2)	N_0 (kN)	Попречни пресеци	A_0 (mm^2)	b_0/t_0	$f_{y0} A_0$ (kN)	$\frac{N_0}{f_{y0} A_0}$
235	**-1121.4**	150x150x10	5260	15	**1236.1**	**0.91**
		160x160x10	5660	16	**1330.1**	**0.84**
		180x180x8	5280	22.5	**1240.8**	**0.90**

Табела 2. Димензионирање на долен затегнат појас

f_{y1} (N/mm^2)	N_1 (kN)	K x L (m)	Попречни пресеци	A_1 (mm^2)	b_1/t_1	$\bar{\lambda}$	χ	$\chi f_{y1} A_1$ (kN)	$\frac{N_1}{\chi f_{y1} A_1}$
235	**462.8**	2.48	120x120x6	2640	20	0.57	0.8	**496.3**	**0.93**
			140x140x5	2640	28	0.48	0.85	**527.3**	**0.87**
235	**207.7**	2.57	100x100x4	1490	25	0.70	0.72	**252.1**	**0.81**
235	**11.42**	2.66	100x100x4	1490	25	0.73	0.71	**248.6**	**0.05**

Табела 3. Димензионирање на притиснати дијагонали

Во табела 2 е дадено димензионирањето на долниот затегнат појас при што овде е усвоен профилот *180x180x8* кој има малку поголема тежина од профилот *150x150x10* меѓутоа овој профил овозможува да соодносот на ширината на појасот и исполната не надмина $\beta \leq 0.85$. Во табела 3 е дадено димензионирањето на притиснатите а во табела 4 на затегнатите елементи од исполната.

f_{y2} (N/mm^2)	N_2 (kN)	Попречни пресеци	A_2 (mm^2)	b_2/t_2	$f_{y2}A_2$ (kN)	$\frac{N_2}{f_{y2}A_2}$
235	**-506.6**	120x120x6	2640	20	**620.4**	**0.82**
		140x140x5	2640	28	**620.4**	**0.82**
235	**-220.7**	100x100x4	1490	25	**350.2**	**0.63**
235	**-12.53**	100x100x4	1490	25	**350.2**	**0.04**

Табела4. Димензионирање на затегнати дијагонали

Со цел да се поедностави изведбата на решеткастиот носач и да се избегне поголем број на различни јазли, решеткастиот носач се усвојува да има два различни попречни пресеци за дијагоналната исполна. На слика 3 се прикажани усвоените попречни пресеци при што истите ги исполнуваат условите за сооднос ширина/дебелина пропишани во табела 7.9 од Еврокод 3 Дел 1-8. На слика 4 е прикажана искористеноста на усвоените пресеци од решеткастиот носач.



Слика 3. Усвоени попречни пресеци



Слика 4. Усвоени попречни пресеци

3.2. Контрола за јазли со растојание ("gap joints") според

Јазелот 5 е јазел со најголем сооднос $\beta = 140 / 180 = 0.778$ и истиот треба да ги задоволува условите за јазли со растојание дадени во табела 7.8 од Еврокод 3 Дел 1-8.

$$0.5(1-\beta) \le g / b_0 \le 1.5(1-\beta) \tag{1}$$

$$0.5(1-0.778) \le g / 180 \le 1.5(1-0.778) \Rightarrow$$

$$19.98\ mm \le g \le 59.94\ mm$$

Ексцентрицитетот "e" кој одговара на најмалото растојание помеѓу елементите од исполната $g = 30$ mm може да се пресмета на следниот начин:

$$e = \left(\frac{h_1}{2\sin\theta_1} + \frac{h_2}{2\sin\theta_2} + g \right) \frac{\sin\theta_1 \sin\theta_2}{\sin(\theta_1 + \theta_2)} - \frac{h_0}{2} \tag{2}$$

$$e = \left(\frac{120}{2\sin 38.7} + \frac{120}{2\sin 35.0} + 20 \right) \frac{\sin 38.7 \sin 35.0}{\sin(38.7 + 35.0)} - \frac{180}{2} = +4.89\ mm$$

Јазелот 7 е јазел со најмал сооднос $\beta = 100 / 180 = 0.555$ па според условите за јазли со

растојание во табела 7.8 од Еврокод 3 Дел 1-8 следува:

$$0.5(1-\beta) \le g / b_0 \le 1.5(1-\beta) \tag{3}$$

$$0.5(1-0.555) \le g / 180 \le 1.5(1-0.555) \Rightarrow$$

$$40.05\ mm \le g \le 120.15\ mm$$

Ексцентрицитетот "e" кој одговара на најголемто растојание помеѓу елементите од исполната $g = 120\ mm$ се пресметува на следниот начин:

$$e = \left(\frac{100}{2\ sin\ 45} + \frac{100}{2\ sin\ 43} + 120 \right) \frac{sin\ 45\ sin\ 43}{sin(\ 45\ +\ 43\ )} - \frac{180}{2} = +37.44\ mm \tag{4}$$

$$e = 37.44 = 0.312\ h_0$$

Со овие пресметки се покажува дека решетката може да се изведе со јазли со растојание помеѓу елементите од исполната *("gap joints")*. Кај јазелот 7 единствено би се појавил ексцентар поголем од дозволениот ако истиот се конструира со максималното растојание помеѓу дијагоналите. Целата решетка може да се конструира со јазли со растојание без притоа да се внесуваат големи ексцентрицитети кои би генерирале дополнителни моменти на свиткување во појасите.

3.3. Контрола на носивост на К јазли ("K gap joints")

За да се постигне меѓусебно растојание на дијагоналите од *20mm* потребно јазелот 5 да се изведе со ексцентар од *~4.89mm*. Овој ексцентар $e = +0.03\ h_0 < +0.25\ h_0$ при што нема да сегенерираат дополнителни моменти на свиткување во елементите од јазелоти да се контролира нивната носивост а влијанието на ексцентарот врз параметарот *"n"*на јазелот кој во себе ги вклучува напрегањата во појасот исто така ќе биде многу мало.

$$n = \frac{N_0}{N_{pl,0}} + \frac{M_0}{M_{pl,0}} \tag{5}$$

$$\frac{M_0}{M_{pl,0}} = \frac{0.5(N_0 - N_{0p})e}{W_{pl,0} f_{y0}} \tag{6}$$

Каде:

$N_0 - N_{0p}$ е разликата на аксијалната сила во појасот од двете страни на јазелот.

Коефициентот *0.5* се однесува на јазли кај кои појасот поминува од двете страни на јазелот додека пак во овој случај појасот се наоѓа само од едната страна на јазелот и тој го прима целиот момент па тој коефициент во оваа пресметка е земен *1.0*.



Слика 5. Дијаграм за параметар C_k



Слика 6. Дијаграм за параметар Q_f

Јазел	Појас	Исполна	e (mm)	β	2γ	$\frac{N_0}{f_{y0}A_0}$	$\frac{M_0}{M_{pl,0}}$	n
1	200x200x10	Плочка 140x140x5	0	0.7	20	-0.24	-	-0.24
2	200x200x10	140x140x5 100x100x4	0	0.6	20	-0.56	-	-0.56
3	200x200x10	100x100x4 100x100x4	0	0.5	20	-0.65	-	-0.65
4	200x200x10	100x100x4 100x100x4	0	0.5	20	-0.65	-	-0.65
5	180x180x8	140x140x5 140x140x5	5	0.78	22.5	0.62	-0.06	0.56
6	180x180x8	100x100x4 100x100x4	0	0.56	22.5	0.89	-	0.89
7	180x180x8	100x100x4 100x100x4	0	0.56	22.5	0.90	-	0.90

Јазел	$\frac{N_i}{f_{yi}A_i}$	C_k(*)	$\frac{b_1+b_2}{2b_i}$	Q_f(**)	$\frac{f_{y0}t_0}{f_{yi}t_i}$	$\frac{1}{\sin\theta_i}$	$\frac{N_i^*}{f_{yi}A_i}$	$N_i^* \geq N_i$
1	-		-	0.97	-	-	-	-
	0.82	0.37	1.0		2.0	1.51	**>1.0**	ok
2	**0.75**	0.37	0.86	0.85	2.0	1.60	**0.87**	ok
	0.63	0.37	1.20		2.5	1.38	**>1.0**	ok
3	**0.59**	0.37	1.0	0.77	2.5	1.47	**>1.0**	ok
	0.04	0.37	1.0		2.5	1.28	**0.91**	ok
4	**0.03**	0.37	1.0	0.77	2.5	1.36	**0.97**	ok
	0.03	0.37	1.0		2.5	1.36	**0.97**	ok
5	**0.75**	0.33	1.0	0.96	1.6	1.48	**0.75**	ok
	0.82	0.33	1.0		1.6	1.64	**0.83**	ok
6	**0.59**	0.33	1.0	0.8	2.0	1.36	**0.72**	ok
	0.63	0.33	1.0		2.0	1.48	**0.78**	ok
7	**0.03**	0.33	1.0	0.8	2.0	1.27	**0.67**	ok
	0.04	0.33	1.0		2.0	1.36	**0.72**	ok

Табела 5. Контрола на јазлите, претпоставени како К јазли

3.4. Контрола на деформациите

Кај решеткастите носачи изведени со јазли со растојанија анализата со зглобно поврзување на елементите генерално ги подценува вистинските угиби а сето тоа е резултат на крутоста на јазелот. Со истражувања е докажано дека ова подценување може да биде од *12-15%*. Како конзервативен пристап при определување на вистинскиот угиб кај овие решетки може да земе угибот добиен од анализата помножен со кефициент *1.15*. На слика 7 е даден максималниот угиб на разгледуваниот носач моделиран со зглобови на краевите од сите елементи.



Слика 7. Деформации

$$\delta = 1.15 * 70.1 = 81\ mm \qquad \frac{L}{\delta} = \frac{30000}{81} = 370$$

4. ЗАКЛУЧОК

Проектирањето на решеткастите носачи според Еврокод 3 е процес во кој уште од самиот почеток на проектирањето треба да се внимава на поголем број параметри кои што избраните елементи треба да ги исполнуваат.Попречните пресеци не може да се проектираат само од условот за носивост на елементните туку во предвид треба да се земат и условите кои влијаат на формирањето на јазлите и соодветните критериуми кои истите треба да ги задоволат. Сето ова дополнително ја намалува можноста за избор на соодветните попречни пресеци. При изборот на попречните пресециза појасите се препорачува истите да бидат со што е можно помал сооднос на ширината и дебелината на ѕидот бидејќи таквиот појас доста ја зголемува локалната носивост на јаелот, исто така искористеноста на појасот не би требало да надмине 90%. Елементите од исполната треба да бидат со помала дебелина од појасите а сооднос на нивната ширина со ширината на појасот да биде во граници од *0.4* до *0.85*. Што се однесува до софтверското моделирање на носачите треба да се избере соодветен начин на моделирање со цел да се предвидат реалните угиби.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Еврокод 3: Проектирање на челични конструкции, Дел 1-1: Општи правила и правила за згради

[2] Еврокод 3: Проектирање на челични конструкции, Дел 1-8: Проектирање на врски

[3] EN 10219-1:1997 Ладно обликувани заварени конструктивни затворени пресеци од нелегирани и ситнозрни челици-Дел 2: Толеранции, димензииигеометриски карактеристики

[4] Structural stability of hollow sections (1992, reprinted 1996)

[5] Design guide for rectangular hollow section (RHS) joints under predominantly static loading (1st edition 1992 and 2nd edition 2009)

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 9

Doncho PARTOV [1], Radan IVANOV[2], Dobromir DINEV[3]

40 YEARS FROM THE STRUCTURAL REHABILITATION OF THE SMALL ASPARUHOV BRIDGE IN VARNA

SUMMARY

The paper presents the rehabilitation project for the stationary and movable part of the existing old bridge in Varna, completely destroyed by a ship accident in 1975. The existing old bridge and the movable part of the bridge (Schercer type) is designed and built by the "MAN" company in 1939. The reconstruction after the ship accident in 1975 included installing new superstructure in two bays, while the original structure in the third bay was kept in place. Structural solution of stationary and movable part of the bridge, loading action types, static analysis and details of the design concepts are given.

Keywords: bridge retrofit, movable bridge, orthotropic deck

Дончо ПАРТОВ[1], Радан ИВАНОВ[2], Добромир ДИНЕВ[3]

40 ГОДИНИ ОД РЕСТАВРАЦИЈАТА НА МАЛИОТ АСПАРУХОВ МОСТ ВО ВАРНА

SUMMARY

Овој труд го презентира проектот за реставрација на фиксниот и подвижен дел од постоечкиот стар мост во Варна, комплетно уништен од бродска несреќа во 1975. Постоечкиот стар мост и подвижниот негов дел (Schercer type) е проектиран и изграден од "MAN" во 1939. Реконструкцијата после бродската несреќа во 1975 вклучува монтирање нова надконструкција на два распона, додека правобитната конструкција во третиот распон беше задржана. Прикажани се: конструктивното решение на фиксниот и подвижниот дел од мостот, товарните случаи, статичката анализа и концептот на проектирање.

Клучни зборови: реставрација на мост, подвижен мост, ортотропна коловозна плоча

[1] Prof. PhD, VSU "L. Karavelov", Sofia, Bulgaria, partov@vsu.bg
[2] Assoc. Prof. PhD, VSU "L. Karavelov", Sofia, Bulgaria, r_ivanov@vsu.bg
[3] Assoc. Prof. PhD, UACEG, Sofia, Bulgaria, ddinev_fce@uacg.bg

1. INTRODUCTION

It is known that since old times, the water of the Varna Lake feeds the shallow and meandering river passing to the south of the city walls of Varna. Through the years the river had different names; Derza, Vrana, Varna, and is now called Devnja. There is a road of strategic and commercial importance passing through this area, so it could be assumed that there was a bridge over the river for many years now. However, the first conclusive evidence for existence of a bridge comes from the years of the Turkish presence in Bulgaria, and more specifically, from the middle of the 18th century. The bridge was then situated near the city walls, where the present rail cargo terminal is, and was made of stone-block masonry. The name of this bridge was "Tash Kjuprju". According to the Check Skorpil brothers, the bridge suffered a heavy flood in 1758, and was seriously damaged. The texts engraved in the remains of the stone bridge indicate that it was built on top of an older stone or wooden bridge.

In those years Varna was a key city of the Ottoman Empire, laying on the main road from Istanbul to Romania. "Tash Kjuprju", Fig. 1a, was thus situated at a bustling location and had its commercial and strategic importance. In 1872, Feliks Kanic, a Hungarian explorer, impressed by the bridge commemorated it in one of his drawings.

After gaining independence from the Ottoman Empire, changes in the urban structure of Varna occurred. The Devnja rives has been gradually dried-up, and "Tash Kjuprju" was eventually demolished in 1907. At about the same time, the digging of a new canal between the sea and the lake began, and was completed in October 1908. Due to the lack of funds for a more substantial structure, a wooden pontoon bridge was erected instead, connecting Varna and the Asparuhovo quarter.

The bridge was 50m long and 5.70m wide (traffic lanes). At the middle, there were two movable platforms each 11.5m long (Bascule type), which were lifted-up by a system of pulleys and ropes. The bridge was opened for operation on 22 October 1908.

In time, the traffic demand increased, and both a road and a railroad connection to the Southern industrial quarter became necessary. In May 1937 the construction of a modern movable combined road-and-railroad bridge began. The bridge was riveted plate girder type, and had total length of 82m including a movable middle span of 31.62m. The foundations were laid on sand cushions at 12m below surface level. The movable part of the bridge (Schercer type) was manufactured by the German company "MAN". This was the first bridge with the name "Asparuhov", and was officially opened for traffic on 28 May 1939, Fig. 1b.



(a) (b)

Figure 1. (a) The "Tash Kjuprju" bridge and (b) The Schercer type bridge

However, the passing of ships posed a significant challenge. In order to prevent a collision, RC timber lined columns were installed to better guide ships to the movable span. Even with this precaution taken, a big accident occurred on 28 January 1975. Russian ship "Pavel Postishev" lost control, and hit the lifting machinery of the movable span. As a consequence, the movable part was destroyed and fell in the canal. The two adjacent segments were also seriously damaged. To avoid traffic disruption, two military pontoon bridges were promptly constructed, and on 2 February 1975 the two banks of the canal were connected again. On 15th February 1975, two steel bridge structures taken from the

decommissioned railway stations at the villages of Strashimirovo and Trastenik were shipped to the site and installed as a temporary solution. One of the structures was lifted by a crane daily to allow ship passage to the port of Varna. It is under these circumstances that the design of a new combined road-railroad bridge with a movable middle span began.

The design was assigned to Assoc. Prof. B. Bankov, Ph.D., who after a careful survey of the damaged structure proposed that two of the three damaged segments at the Varna side be replaced by new steel structures (Bankov, B. 1958). The central span which used to be self-raising was now subject to a limitation of a self-weight of 95 t. to allow lifting by a 100 t crane every evening. The movable part was to be permanently fixed on completion of the big Asparuhov Bridge, whose construction was under way at that time. After feasibility studies on several alternative solutions, the final conceptual design included a solid-walled steel structure between the abutment at the Varna side and pier 2, and a steel truss spanning from pier 2 to pier 3 (Bankov, B. 1958). The rest of the bridge was kept in its original state, i.e., a riveted steel structure between piers 3 and 4, Fig. 3.



Figure 2. Proposal for the present bridge

2. STRUCTURAL SOLUTION FOR THE STATIONARY PART OF THE BRIDGE

The stationary part at the Varna side was designed as a solid-walled simple beam with span 24,360mm measured between the bearing centres, Fig 3 (a),(c). The cross section shown in Fig. 3 (b), is a classical example of a steel bridge with an orthotropic deck. The width of the bridge between the parapets is 10,480mm, with the two main girders placed at 8,000mm centres. The main girders are stiffened by cross-girders spaced at 1975mm. The main girders and a 12mm thick steel plate fastened to their top flanges form together a channel section. The 12mm steel plate is stiffened by 10x160mm longitudinal stiffeners at 300mm centres. The longitudinal stiffeners are continuous through all the length of the bridge, passing through purpose-made grooves in the webs of the cross girders, Fig. 3 (d). With this design the deck becomes an orthotropic slab with different stiffness in the two orthogonal directions. The web of the main girder has 2800mm depth and 12mm thickness. The bottom flanges of the main girder have varying thickness, from 12mm to 40mm, with constant width of 400mm, determined by the shape of the bending moment envelope curves. The web of the cross girders is 1550mm deep and 8mm thick. The bottom flange has dimensions 20x300mm. The centreline of the railroad is offset from the centreline of the bridge by 1550mm, and is supported by two longitudinal girders spaced at 1500mm, having a span of 1975mm and depth equal to the depth of the cross girders. Their web has dimensions 8x540mm, and the top and bottom flanges dimensions 10x100mm, and 12x200mm respectively. The longitudinal girders also serve as deck stiffeners, and are designed as continuous beams supported by the cross girders (at 1975mm centres). The webs of the main girder and the cross girders are connected by two 10mm fillet welds. The bottom flange is welded to the web by two 10mm fillet welds.



(a) longitudinal section and plan



(b) cross section

(c) general view

(d) details

Figure 3. Stationary part of the bridge

The pedestrian walkways are 2450mm wide at the right-hand side, and 930mm wide at the left-hand side. They are designed as orthotropic slabs and are attached to the main structure as cantilevers. The thickness of the walking surface is 6mm, stiffened by 6x60mm steel strips. The cantilevers are 200mm deep "I" beams with a bottom flange10x160mm, a web 8mm thick, and 1.5% gradient for draining. The parapets are 1100mm high. The railing is made from 120mm hot-rolled open channel section, closed by 14x140mm strips. The props of the parapet have a box section formed by two120mm hot-rolled open channel sections welded together. The props are spaced at 1606mm. The fence bars are made by 16mm reinforcing steel bars. The parapet is welded to the walkway cantilevers, and the walkway cantilevers welded to a longitudinal end girder 400mm deep. This girder also contributes to pedestrian comfort.

The main girders have been checked for strength and buckling to DIN 4114 (DIN 4114 1961), using the tables and graphical solutions of Prof. Kloeppel (Kloeppel, K., 1968). Buckling of the web is prevented by two longitudinal stiffeners made by 100x100x10mm equal angle sections, and 10x150mm vertical stiffeners spaced at 1975mm. Both types of stiffeners are placed at the interior side of the web only.

3. STRUCTURAL SOLUTION FOR THE MOVABLE PART OF THE BRIDGE

In order to satisfy the requirements of ship navigation, i.e. the bottom of the structure to be at the same level as that of the bridge before the accident, a truss solution with the road at the bottom chord level was proposed. Both from structural and aesthetic point of view, a simple triangular lattice without vertical members was adopted. In addition, the structure had to weight no more than 95t, since it

would be lifted by a 100 t floating crane during operation. In order to meet the weight requirement, the deck was designed as orthotropic slab, which includes parts of the bottom chord of the truss. The truss was designed as statically determinate, both internally and externally, with a span of 31,620mm. The bottom chord was divided into six members, with node-to-node distance 5270mm. The deck consists of a 12mm thick plate stiffened by 10x160mm longitudinal stiffeners at 300mm centres, main and secondary cross girders at 1757mm centres, where the main cross girders are spaced at 5270mm, and are supported by the nodes of the truss. The secondary cross girders are connected to the bottom chord of the truss, between the nodes, at equal intervals, three girders per node-to-node span. The webs of the girders are welded to the bottom chord of the truss by two vertical 7mm fillet welds. The chords are butt-welded to the node plates.

The dimensions of the longitudinal girders supporting the rail track are 8x790, 10x200 and 12x200 for the web, the top and the bottom flanges respectively. The main cross girders are designed as simply supported beams with span 8.40m, loaded according to BE, table 6.4.b. The dimensions at mid-span are 10x800mm, 12x1250 (effective width) and 20x350 for the web, the top and the bottom flanges respectively. The corresponding dimensions at the supports are 12x500mm, 12x1250mm and 20x350mm. In order to alleviate the secondary cross girders, the main cross girders have significant stiffness. In fact, they are designed to independently carry the railroad traffic loads, without resorting to the contribution from the orthotropic deck, i.e. the orthotropic action is considered for the secondary cross girders and the longitudinal stiffeners only. The internal forces are obtained for heavy-vehicle loading HK80, and train loading type A. The secondary cross girders have a constant cross section with dimensions as follows: 8x450mm, 12x1550 and 20x160 for the web, the top and the bottom flanges respectively. The cross sections of the top and the bottom chords, as well as those of the compressive diagonals are of box type. The tensile diagonals are designed as "I" sections. Various views of the movable part, as well as joint details are shown in Figs. 4 and 5.



(a) longitudinal section and plan (b) details

Figure 4. Movable part of the bridge

4. LOADING AND ANALYSIS

The bridge structure was analyzed for the following loading action types:

- Permanent; from self-weight
- Imposed; from traffic, HK 80 and mob 400kN/m2 for road bridge; train loading type A for railroad bridge.

The two loading conditions are applied independent from each other and the dimensioning of members was done for the more unfavorable case.



(a) cross section at a main cross girder (b) cross section at a secondary cross girder

Figure 5. Cross sections of the movable part of the bridge

The loads imposed from heavy-vehicle loading HK 80 and train loading type A on cross girders have been determined using influence lines for support reactions and moments for a continuous beam on an infinite number of rigid supports. HK 80 is represented by four forces 100kN each, at 1.20m intervals; and train loading type A is represented by five forces 125kN each, at 1.6m intervals imposed on the influence lines of interest.

Since there are not modern Bulgarian codes for the analysis and design of steel bridges, the analysis was done according the well proven in practice German Federal Railways code (DV 804, 1965, DV 848, 1955, DV 805, 1953 and DIN 4114, 1961).

The bending moments in the cross girders and the longitudinal girders under the rail track were initially determined as moments in an orthotropic plate, according to the theories of Cornelius (Cornelius, W. 1952), Pelikan and Esslinger (Pelikan, W., Esslinger, M. 1957), Giencke (Giencke, E. 1955) and Homberg (Homberg, H. 1951). Further, a comparison was made by determining the moments according to BE – table 6.4a. The maxima of the bending moments in the middle of the cross girders, and in the middle of the longitudinal stiffeners along the bridge axis were determined using influence surfaces.

The result of the comparison was that the bending moments due to BE were some 45% higher than those due to orthotropic plate theory. Bearing in mind that the train loading is transferred directly to the longitudinal and the cross girders in both the stationary and the movable parts of the bridge, as well as the large number of welds inducing considerable self-stress, it was decided to adopt the conservative BE results. In this way, a certain amount of reserved capacity was introduced, to provide for the additional forces arising from the spatial action of the structure. Indeed, after further detailed checks were made considering the spatial action of the structure, the difference in the moments determined by the two methods practically vanished, i.e. the loading capacity of the structure was fully utilized.

The stress in the deck was computed as the sum of the stress due to the direct loading on it, and the stress due to its action as a part of the respective flange or chord of a principle structural member (main girder or truss).

The axial forces in the truss lattice were determined using the appropriate influence lines. The stress in the bottom chord of the truss was determined as the sum of the stress resulting from truss action and the stress resulting from bending due to the reactions of the secondary cross girders supported on it. All members of the truss were designed to the strength and stability requirements of DIN 4114, 1961.

According to (DV 804, 1965), the design for strength was done in the following order:

1. Determination of the internal forces and support reactions due to main forces, auxiliary forces and extraordinary forces.

2. Dimensioning of the cross sections of the members, and computation of the stress resulting from the forces computed in 1.

3. Performing the following checks:

- Strength check; assuring the stress is less than the yielding or fracture limit;
- Stability check; check to assure buckling does not occur; local and global, warping;
- Fatigue check; proving the safety of a member subjected to repetitive loading and stress fluctuations;
- Overturning check;
- Deflection check; proving that excessive displacements do not occur.

The following auxiliary forces have been considered: lateral pounding, friction at the bearings, vehicle braking forces, mob on the walkways and wind. The walkway cantilever is designed to sustain a UDL 5 kN/m2. The wind loading assumed in the design is 1.50kN/m2 when acting together with imposed loads and 2.50kN/m2 when not.

5. SPATIAL BRACING SYSTEM

The purpose of the spatial bracing system is to assure that the simple 2D structural elements – solid-walled and trussed interconnected by it, resist loads in a 3D fashion as a single rigid assembly.

The bracing is resolved in the following manner: In the stationary part of the bridge, a horizontal wind bracing system of K type is installed at the bottom flange level. Its members have box cross sections. In addition, solid-walled framing was installed at both ends of the structure. Vertical wind bracing was also installed at 5925mm centres. The top chord of the vertical bracing is the cross girder of the bridge. The rest of the members are made by combining "I" sections; 8x150mm web, and 12x180mm flanges.



(a) cross section (b) general view

Figure 6. Portal frame

The trussed part of the bridge is equipped with a moment-resisting box-section frame developed at the top chord level. It assures the transverse stability of the two trusses. The stability of the compressive top chord is secured by developing two portal frames at both ends of the trusses. The pair of diagonals at each end forms the stanchions of each portal frame, Fig. 6. The asymmetric position of the rail track makes one of the main girders (or main truss) carries 2.13 times the load the other one carries under train loading. The braking forces are transferred to the foundations via the two piers. Since the old structure was supported in the same way, the piers did not require additional checks. The way of support is favourable in terms of thermal expansion, since each movable bearing caters for the expansion in its own span only.

6. MATERIALS, MANUFACTURE AND ASSEMBLY

The road slab and its longitudinal stiffeners, the walkway cantilever and its stiffeners, the longitudinal girders under the rail track, the end longitudinal girder, the bottom chords of the trusses and lattice members D2 and DII, all longitudinal and transverse stiffeners of the solid-walled girders, and all members of the wind bracing are manufactured by steel grade M16C.

The main solid-walled girders, the cross girders, the vertical stiffeners at the supporting points of the girders, the top chord of the trusses and lattice members D0, D1 and DI are made by steel grade 10G2SF.

The manufacture and assembly of the superstructure was commissioned to the ship-maintenance yard "Gocho Ivanov". All works were completed in high precision and strict compliance to the detailed working drawings submitted to the factory.

The two parts of the bridge were manufactured as independent assembly units. They were shipped to the site by a 100t Gants floating crane and then installed by the same crane, Fig. 7.

Neoprene bearings were used for the bridge, with the bearings at the Varna side abutment being movable. To avoid a complicated adjustment of the piers to accommodate new bearings, the movable part of the bridge was seated on top of the old and new solid-walled girders of the stationary part of the bridge. A general view of the completed small Asparuhov Bridge can be seen in Figs. 8 and 9.



Figure 7. A glimpse of the assembly process

Figure 8. View of the completed bridge

Figure 9. View from the fixed part of the bridge

7. CONCLUSIONS

The design and construction of the small Asparuhov Bridge was executed without interruptions, due to the importance of the project to the national economy. The orthotropic structures were designed to modern standards, and were completely shop-welded at the Varna ship-maintenance yard. The design and construction were executed in parallel, which resulted in a fairly short completion period; just three months. All works and the welds in particular, were subject to strict quality control. All butt welds were X-ray inspected. A defective weld would then be removed, welded and inspected again. The bridge structures were shipped to site by a 100t Gants floating crane. The final assembly was done by simply placing the assembly units at their design locations. The assembly process went smoothly and was completed in a few days. The total weight of the structures was 81 t. for the stationary part and 113 t. for the movable part.

REFERENCES

[1] Bankov, B., (1958) New directions in the development of steel bridges, Tehnika, Sofia

[2] Cornelius, W., (1952) Die Berechnung der ebenen Flaechentragwerke mit Hilfe der Theorie der orthogonal- anisotropen Platte. Der Stahlbau 21, H2, s. 21-24, H3, s. 43-48, H4, s. 60-64

[3] DV 804, (1965), Berechnungsgrundlagen fuer staehlerne Eisenbahnbruecken

[4] DV 848, (1955) Vorschriften fuer geschweisste Eisenbahnbruecken

[5] DV 805, (1953) Grundlagen fuer bauliche Durchbildung staehlerner Eisenbahnbruecken

[6] DIN 4114 (1961), Stabilitaetsfaelle

[7] Giencke, E., (1955) Die Grundgleichungen fuer die orthotrope Platte mit exzentrischen Steifen, Der Stahlbau 24, H.6. s.128-129

[8] Homberg, H., (1951) Kreuzwerke. Statik der Traegerroste und Platten. Forschunghefte aus dem Gebiete des Stahlbaues 8, Deutschen Stahlbau-Verband, Prof. K. Kloeppel (ed). Springer-Verlag , Berlin (Goettingen) Heidelberg

[9] Kloeppel, K., (1968) Beulwerte ausgesteifter Rechteckplatten, W. Ernst, I, II, 8

[10] Pelikan, W., Esslinger, M., (1957) Die Stahlfahrban. Berechnung und Konstruktionen. MAN-Forschungheft 7, K.G. Kieser, Asburg

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 10

Denis POPOVSKI[1], Petar CVETANOVSKI[2], Mile PARTIKOV[3]

TESTING THE BEHAVIOR OF SHEAR CONNECTORS

SUMMARY

The testing of the behavior of shear connectors is a part of complex experimental and theoretical research of the behavior of continuous composite (steel and concrete) beams. In this report the results are given form the modified testing of the shear connectors as "*P-δ*" diagrams. The modified test is carried for three samples with elements of the cross section as same as the cross section of the main researched beam, but in accordance with the rules given in EN 1994. Also a short description for the rules, preparation and evaluation of the standard test procedure is given, in accordance with EN 1994-1-1, Annex B.

Keywords: composite structures, shear connectors, studs

Денис ПОПОВСКИ[1], Петар ЦВЕТАНОВСКИ[2], Миле ПАРТИКОВ[3]

ИСПИТУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕ НА МОЖДАНИЦИ

РЕЗИМЕ

Although typical for centrically loaded girders, *centric collapse mode* (Fig. 5 and 6) often happens in case of eccentric patch load. During the process of load increase, both flange and web deformations are insignificant until the collapse, which happens suddenly. The loaded flange remains almost completely horizontal until the moment of collapse, when it moves downwards (below the loading), due to web crippling and/or buckling. Flange simply sinks, as it follows collapse deformation of web. The noticeable web buckle is usually contoured by two yielding lines (Fig. 5). Several eccentrically loaded girders have slightly different centric collapse mode with three plastification lines in web (Fig. 6).The third line contours one more, smooth, secondary buckle in the web. There is almost no change in ultimate load with an increase in load eccentricity in case of centric collapse mode.

Figure 5. Centric collapse mode with two yielding lines in web (t_w = 4 *mm*, t_f = 8 *mm*, e = 0 *mm*)

Figure 6. Centric collapse mode with three yielding lines in web (t_w = 5 *mm*, t_f = 12 *mm*, e = 5 *mm*)

Mixed collapse mode (Fig. 7 and 8) occurs in two varieties – as *centric-mixed* or*eccentric-mixed collapse mode*. Mixed collapse modes have characteristics of both, centric and eccentric collapse modes, with one of them as dominant. The dominance determines type and full name of mixed collapse mode. In both types of mixed collapse mode, ultimate load reduces somewhat with the increase in load eccentricity. The ultimate load reduction is less manifest in mixed collapse mode than in eccentric collapse mode.

In the case of *centric-mixed collapse mode* (Fig. 7), collapse happens due to web buckling in basic centric collapse mechanism, with two yielding lines contouring the buckle in web. However, gentle but growing torsion of flange is noticeable during the load application. It is caused by load eccentricity or by initial geometrical imperfection. The flange torsion is not emphasised too much, but it is obvious in residual deformation, even though both sides of flange, the loaded side, as well as the one on the opposite side of the web, are moved downwards. Although torsionally deformed almost all the time, in the moment of collapse flange follows the web buckling deformation and it sinks into the buckled web.

In the case of *eccentric-mixed collapse mode* (Fig. 8), collapse mechanism is not precisely defined. It might not be said surely if it is centric collapse of web, due to buckling, or eccentric collapse mode, due to bending. One (upper) plastification line in web is visible. The other one (lower) is not clearly visible. The question is if the lower yielding line occurs in the primary collapse mechanism, or in the secondary mechanism, immediately after the primary collapse of girder. In addition, it might not be said if plastification really happens along the lower line and at which length. Buckle in the web is noticeable in some girders, but it is smooth and much less evident than in case of centric collapse mode. The flange is in torsion, due to load eccentricity and/or initial imperfection. The torsion propagates during the loading process and remains obvious in the residual deformation, with loaded side of flange moved downwards and the back side (part of the flange on the opposite side of the web, regarding the load eccentricity) moved upwards.



Figure 7. Centric-mixed collapse mode (test sample with t_w = 4 *mm*, t_f = 10 *mm*, e = 15 *mm*)

Figure 8. Eccentric-mixed collapse mode (test sample with t_w = 4 *mm*, t_f = 10 *mm*, e = 20 *mm*)

2.2. Collapse mode determination

Based on the experimental data from Montenegrin tests [i.e. girder dimensions in range: (0) 5 *mm* ≤ e ≤ 30 *mm*, 3 *mm* ≤ t_w ≤ 10 *mm*, 3 *mm* ≤ t_f ≤ 15 *mm*, $a = h_w$ = 700 *mm*, b_f = 150 *mm*, c = 50 or 150 *mm*; and dimensionless parameters in range: (0) 1/30 ≤ e/b_f ≤ 1/5, (0) 0.33 ≤ e/t_f ≤ 8.33, (0) 0.50 ≤ e/t_w ≤ 8.33, 1 ≤ t_f/t_w ≤ 5, 10 ≤ b_f/t_f ≤ 50, 70 ≤ $a/t_w = h_w/t_w$ ≤ 233, a/h_w = 1, c/a = 0.071 or 0.214], collapse mode determination criteria summarised in Table 1 have been established. Girders fulfilling criteria in dark grey fields have eccentric collapse mode, with the reduced ultimate load. Girders fulfilling criteria in light grey fields might have any collapse mode and these criteria imply that such girders should be carefully analysed each separately, with its specific characteristics, considering several influential parameters and their combinations, as well as paying particular attention to the initial deformation.

Collapse mode determination criteria from Table 1 correlate dimensionless parameters t_f/t_w and $a/t_w = h_w/t_w$ with dimensionless eccentricity e/b_f, e/t_f or e/t_w. It is found out that primary influential parameter t_f/t_w enables quality identification of collapse mode in correlation with each one of the three dimensionless eccentricities. On the other side, web slenderness $a/t_w = h_w/t_w$ correlated with any of the three dimensionless eccentricities does not enable complete and fully reliable collapse mode determination.Correlations of dimensionless parameters from Table 1 provide high level of reliability in collapse mode determination. Combining (checking) several of these criteria increases the reliability level.

Some girder dimensions or dimensionless parameters, analysed separately, without making relation(s) with the other parameter(s), may be used as a rough identifiers of collapse mode. Girders having thin flange (t_f ≤ 6 mm) or thick web (t_w ≥ 8 mm) or low web slenderness (h_w/t_w < 100) or ratio t_f/t_w < 2 are affected even with the lowest eccentricity. On the other side, girders with the ratio t_f/t_w > 3 have centric collapse mode even at the highest eccentricity. Obviously, parameter t_f/t_w has the key-role nevertheless if analysed in correlation with the other parameters or separately, only by itself.

dimensionless eccentricity	correlated dimensionless parameter	criterion	collapse mode
e/b_f	h_w/t_w	$h_w/t_w < 1050 \cdot e/b_f + 35$	E
		$h_w/t_w \geq 1050 \cdot e/b_f + 35$	E, C, M
	t_f/t_w	$t_f/t_w < 15 \cdot e/b_f + 0.5$	E
		$15 \cdot e/b_f + 0.5 \leq t_f/t_w \leq 15 \cdot e/b_f + 1.5$	E, C, M
		$t_f/t_w > 15 \cdot e/b_f + 1.5$	C
e/t_f	h_w/t_w	$h_w/t_w \leq 85 \cdot e/t_f + 60$	E
		$h_w/t_w \geq 85 \cdot e/t_f + 70$	C
		$85 \cdot e/t_f + 25 \leq h_w/t_w \leq 85 \cdot e/t_f + 105$	M
	t_f/t_w	$t_f/t_w < e/t_f + 0.5$	E
		$e/t_f + 0.5 \leq t_f/t_w \leq e/t_f + 1.7$	E, C, M
		$t_f/t_w > e/t_f + 1.7$	C
e/t_w	t_f/t_w	$t_f/t_w < 0.3 \cdot e/t_w + 0.8$	E
		$0.3 \cdot e/t_w + 0.8 \leq t_f/t_w \leq 0.3 \cdot e/t_w + 1.8$	E, C, M
		$t_f/t_w > 0.3 \cdot e/t_w + 1.8$	C

Table 1. Dimensionless parameter correlation criteria for collapse mode determination

3. ANN FORECAST MODELS FOR COLLAPSE MODE

Although the problems of collapse mode determination and collapse load calculation are mutually connected, collapse mode quantifying the level of collapse load, at the initial phase of ANN modelling these two issues are considered independently from each other. At first, artificial neural network modelling was implemented in estimation of collapse load, without considering collapse mode. Later on, the same networks, that gave good results in estimation of collapse load, were slightly modified,

adapted and used to forecast collapse mode. The only one computer software (Knežević 2004; Šćepanović 2010) was used for training of all created artificial neural networks.

The basic idea is to estimate the collapse load and/or collapse mode as the only output parameter, depending on numerous input parameters (material characteristics, girder geometry and load eccentricity), as well as to asses applicability of ANN modelling method for collapse load/mode determination in engineering practice.

ANN models were made separately for girders with different load lengths (c = 50 or 150 *mm*). Herein only load length of c = 50 *mm* and models with five dimensional inputs (e,t_w, t_f, $\sigma_{0.2,\,w}$ – web yielding stress, $\sigma_{0.2,\,f}$ – flange yielding stress) and one output (collapse mode) are considered. In order to use available software (Knežević 2004; Šćepanović 2010) for network training, it was necessary



Figure 9a/9b. Examples of collapse mode forecast models – experimental series EB VI and EB VII

To transform collapse mode, being alpha-numerical, descriptive parameter, in the form of numerical parameter. Each type of collapse mode was assigned a numerical value from the interval [-1, 1]: centric collapse mode = 1; centric-mixed collapse mode = 0.3; eccentric-mixed collapse mode = -0.3; eccentric collapse mode = -1.

The complete experimental data set for girders with load length $c = 50\ mm$ consists of 120 tested girders. 19 testes were exempted from the network training process and used as a comparison data set, i.e. as data for the evaluation of forecast models. The rest of 101 tests were divided in training data set (71 tests) and validation data set (30 tests).



Figure 9c/9d. Examples of collapse mode forecast models – experimental series EB XI and EB I

Among created networks, the best results are obtained from network with one hidden level, with six neurons ("*c50-mode-1-6*"), and from network with two hidden levels, each with 19 neurons("*c50-mode-2-19*"). Examples of collapse mode forecast models of these two networks are presented in Fig. 9. Four characteristic girder geometry types, i.e. four experimental series having representative sample in comparison data set were chosen for this presentation and comparison of ANN modelling of collapse mode with experimental results. In Fig. 9, lines present ANN forecast models for collapse mode, while dots present experimental results. Red dot is sample from comparison data set. Yellow dots are samples of same geometry, but with different load eccentricity. Each of four diagrams presents one complete experimental series.

Generally speaking, presented ANN forecast models match experimental data well, what makes them applicable in practice. Noticeable discrepancy is observed only in case of centric collapse at high eccentricity of load, Fig. 9c and 9d. It happens in girders with high ratio t_f/t_w. Only collapse mode for highest eccentricity ($e = 25\ mm$) is not well forecasted, while ANN models provide good forecast of collapse mode for other eccentricities ($e \leq 20\ mm$) even in these girders.

4. CONCLUSIONS

Existing experimental database, significantly enriched by Montenegrin tests from 1998, 2001 and 2007, enabled formulation of empirical criteria for collapse mode determination. Proposed criteria are valid for the domain of experimental data. The question is: what about girders with the dimensions out of experimental data domain? Graphical presentation of ANN forecast models (Fig. 9) might help answering this question. Diagrams in Fig. 9 imply separation of collapse mode types in girder of certain geometry, depending on load eccentricity. Zones of centric, mixed and eccentric collapse modes might be identified. By means of such diagrams, adequate ANN forecast models (although also connected with and resulted from the experimental database) might help in establishing new, general criteria for collapse mode identification, as well as their validation out of the experimental domain.

Both presented methods already in the existing form prove possibility of successful and useful application in engineering practice for the purpose of determination of collapse mode type in eccentrically patch loaded steel I-girders. Their parallel application may provide even more reliable results. However, further development of ANN forecast models should be welcomed, not only because of improvement of this method for itself, but also for its comprehensive benefit to the subject issue.

REFERENCES

[1] Gil-Martín, L. M., Šćepanović, B., Hernández-Montes, E., Aschheim, M., and Lučić, D. (2010). "Eccentrically Patch Loaded Steel I-Girders: Influence of Patch Length on Ultimate Strength."Journal of Constructional Steel Research, 66(5), 716-722

[2] Knežević, M. (2004). Risk management during realisation of the civil engineering projects. PhD thesis, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade

[3] Lučić, D. (1999). A contribution to the analysis of thin-walled girders. PhD thesis, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade

[4] Lučić, D., and Šćepanović, B. (2004). "Experimental Investigation on Locally Pressed I-beams Subjected to Eccentric Patch Loading."Journal of Constructional Steel Research, 60(3-5), 525-534

[5] Šćepanović, B. (2002). I-girders under eccentric local loading – experimental-theoretical analysis. MSc thesis, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade

[6] Šćepanović, B. (2010). Analysis of eccentrically locally loaded steel I-girders. PhD thesis, Faculty of Civil Engineering, University of Montenegro and E.T.S.I. de C.C. y P, University of Granada

[7] Šćepanović, B., Gil-Martín, L. M., Hernández-Montes, E., Aschheim, M., and Lučić, D. (2009). "Ultimate Strength of I-Girders under Eccentric Patch Load: Derivation of a New Strength Reduction Coefficient."Engineering Structures, 31, 1403-1413

[8] Šćepanović, B., Knežević, M., and Lučić, D. (2014). "Methods for Determination of Ultimate Load of Eccentrically Patch Loaded Steel I-Girders."Informes de la Construcción, Vol. 66, EXTRA 1, m018

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SS - 13

Milos STOKUCA[1],

THE ROLE OF CLADDING AND ROOFING PANELS IN THE LOAD BEARING CAPABILITIES AND DEFORMATIBILITY OF CONSTRUCTIONS

SUMMARY

Polyurethane panels are used for façade cladding and roofing, mainly, of industrial objects. They allow for a quick installation, and with that a reduction of the building cost. According to the current regulations in Macedonia, panels are only used as secondary load bearing elements (elements that should transfer the outside loads on the rest of the construction), and not as elements that are in direct interaction with the rest of the load bearing construction.

This work makes an analysis of the choice of the type of panel for a specific construction, the load bearing capabilities of the panels, as well as the approach of the stressed skin design method which analyses the panels as part of the primary load bearing construction.

Based on the things listed above, a static design has been done on an object where the method of the modeling of the panels and the benefits of this type of analysis are displayed

Keywords: panels, steel construction, stressed skin design

Милош СТОКУЌА[1]

УЛОГА НА ПАНЕЛИТЕ ЗА ПОКРИВАЊЕ И ФАСАДНО ОБЛАГАЊЕ ВО НОСИВОСТА И ДЕФОРМАБИЛНОСТА КАЈ ЧЕЛИЧНИТЕ КОНСТРУКЦИИ

РЕЗИМЕ

Полиуретанските панели се користат за фасадно облагање и покривање, во главно, на индустриски објекти. Со нив се овозможува брза монтажа, а со тоа и намалување на трошоците за градба. Според денешните важечки прописи во Македонија, панелите се користат само како секундарни носечки елементи (елементи кои треба надворешните товари да ги пренесат на останатата конструкција), а не и како елементи кои се во директна интеракција со останатата носечка конструкција.

Овој труд прави анализа на избор на тип на панел за одредена конструкција, носечките можности на панелите, како и пристапот за проектирање stressed skin design кој ги зема панелите како дел од примарната носечка конструкција.

Клучни зборови: панели, челична конструкција, stressed skin design

[1] MSc, STOKUCA DOOEL – Skopje, Republic of Macedonia, milos.stokuca@stokuca.com.mk

1. ВОВЕД

Зголемената употреба на сендвич панелите во проектирањето на индустриски (и поретко станбени) објекти бара развој на по соодветни методи за анализа на истите, како и нивното влијание врз самата носечка конструкција.

Лесните сендвич панели кои се користат за облагање и покривање на модерни индустриски објекти се производ на модерна технологија која се изведува во строго контролирани услови. Типичните сендвич панели се состојат од два метални лима за покривање (изведени како рамни или трапезно профилирани), и лесно термоизолационо јадро; и воедно претставуваат мошне економично решение за вкрутување на една кровна рамнина. Особено, кога кровната дијафрагма се користи во содејство и со фасадни спрегови (или фасадна дијафрагма) добиеното решение е најекономично. Поедноставено: тенкосидната дијафрагма е аналогна на ребро од I носач и нејзина главна улога е да спречи извивање од смолкнување, при што дијафрагмата игра улога на вертикално ребро, а ободните елементи на дијафрагмата, т.е. столбовите се 'фланшите' од I носачот.

Факт е дека носечката конструкција секогаш ќе биде во интеракција со елементите за облагање и покривање (во овој случај – панелите) и како резултат на тоа ќе играат значајна улога во севкупното однесување на објектот. Поради тоа, пресметките за напрегања и деформации во носечката конструкција, пресметани само по основа на носечката конструкција, се мошне нереални, и најчесто значително различни од вистинските вредности. Кога ќе се земе предвид и фасадното облагање и покривање на објектот, може да се предвиди вистинското однесување на објектот, и може значително да се заштеди на материјал за носечката конструкција.

2. ПРИМЕНА НА ПАНЕЛИ ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ – КАРАКТЕРИСТИКИ И ПРИНЦИПИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

2.1. Избор на тип на панели

Изборот на тип на покривање и облагање зависи од статичките, термичките и акустичните барања на самиот објект. Согласно барањата, се користат или едноструки лимови или сендвич панели изработени од два челични или алуминиумски лима, помеѓу кои е поставена изолација од камена волна или полиуретан.

Вообичаено, се користат лимови со дебелина од: 0,35mm до 1,0mm, во зависност од распоните кои треба панелот да ги премости. Стандардни должини на панелите се 6,0m до максимални 12,0m (максималната должина на панелот е дефинирана од транспортните можности на стандардни камиони, како не би се користел вон-габаритен транспорт, кој значително ја зголемува цената за транспорт), додека минимални должини на панели се 2,0m.

Дебелината на термичката изолација се дефинира со соодветна пресметка, така што се усвојува или минерална волна, или полиуретанска исполна, која во некои случаи се избегнува поради лошата отпорност на пожар. Сепак, во минатите неколку години, со нови истражувања на полето на цикличните јаглеводороди, откриени се нови соединенија, кои како основа го имаат полиуретанот но се незапаливи, со што се овозможува употреба на полиуретански панели за средини каде што е потребна пожарна отпорност.

Предност на полиуретанот пак пред минералната волна, е тоа што полиуретанот има ногу поголеми термоизолациони способности од минералната волна. Односно доколку се споредат два типични панели со дебелина од 10cm, со исполна од полиуретан или камена волна, гледано низ призмата на коефициентот за топлинска спроводливост U (W/m^2K), типичен полиуретански панел со дебелина од 10cm со $U=0,226W/m^2K$ е 1,86 пати подобар топлински изолатор од типичен панел со исполна од 10 cm минерална волна, кој има вредност од $U=0,422W/m^2K$. За да се постигне истата термичка изолација, наместо панел со исполна од 10cm полиуретан, потребно е да се користи панел со исполна од 18cm ($U=0,227W/m^2K$).

Горенаведената ситуација, доколку е пресудна термичката изолација, доведува до проблем на тежината на самиот панел, каде што панелот со 10cm исполна од полиуретан има тежина од

12,77kg/m^2; панелот со исполна од 10cm минерална волна има тежина од 23,43kg/m^2; додека пак за да се постигне термозилациона моќ на 10cm полиуретанскиот панел преку минерална волна, тежината е 36,08kg/m^2. Секако, поголема тежина на панелите, ќе доведе и до поголеми пресеци на носивата конструкција, правејќи ја не конкурентна.

Додатно, проблем со исполната од минерална волна е и тоа што, доколку не се соодветно изведени опшивките и заптивките на споевите на панелите, и минералната волна дојде во контакт со вода, истата ќе ја апсорбира. Во таква ситуација, не само што минералната волна комплетно ги губи своите термоизолациони способности, туку и со тоа што ја апсорбира водата, доведува и до зголемување на товарот врз носечката конструкција. Ваков проблем не е возможно да се јави кај панелите со полиуретанска исполна, а со тоа може да се обезбеди сигурност во товарите кои се дефинираат како влезни параметри во проектирањето на објектите.

2.2. Прицврстување и трајност на панелите

Откако ќе се дефинираат потребите за и типот на термоизолација, носивоста на панелите може или да се провери по пат на пресметка, што поретко се случува; или, почесто, преку техничките проспекти од производителите.

Сепак, овие проспекти не ги дефинираат сите аспекти на инсталацијата на панелите, односно врзните средства со кои панелите се врзуваат за основната конструкција или помеѓу себе. Инаку, за оваа цел, се користат саморезни завртки, завртки за лим, и разни типови на заковки и нитни. Вообичаено, самиот производител дава насоки за одредени типови на покривни системи и спојни средства за микро локација и распоред на истите. Овој пристап е доволен доколку панелите се третираат како секундарни елементи, кои се изложени само на флексиони товари. Сепак, доколку сакаме да ги третираме панелите како примарни носиви елементи (барем во својата рамнина). Типот, дуктилноста и параметрите на носивост, вклучувајќи ги и параметрите на гранична носивост, мора да бидат предмет на анализа на носивост на врзните средства. Кога е во прашање носивоста на врзните средства, таа секогаш мора да биде поголема од капацитетот на панелите чие врзување тие обезбедуваат.

Критериумот пак, за заштита и трајност на лимовите кои се дел од покривачкиот систем, трајно се обезбедува на најразлични начини за антикорозивна заштита како што се фарбање, поцинкување, пластифицирање итн. Оваа заштита е многу значајна за покривните системи, бидејќи малата дебелина на лимовите (која и горе беше наведена) е исклучително брзо подложна на дејство од корозија. Оваа антикорозивна заштита може лесно да биде загрозена со лошо заптивање или со појава на електролитска корозија доколку дојде до ситуација каде што директно ќе се спојува челик со алуминиум. Исто така, трајноста може да биде загрозена со локални оштетувања на заштитниот слој, или на самиот лим во фаза на транспорт, монтажа и експлоатација.

2.3. Носивост на панелите и нивна улога во носивоста на главната носечка конструкција

Самоносивоста на панелите од профилирани лимови генерално се третира во поглед на директни оптоварувања, нормални на нивната главна рамнина (снег, ветер итн). Во овие анализи, како што е и горе наведено, панелите се третираат како секундарни елементи кои треба да ги пренесат дејствата од товарот кој дејствува директно врз нив, на главната носечка конструкција, а при тоа нивните деформации да останат во дозволени граници.

Според тоа, класичниот пристап за пресметка на челични конструкции е насочен кон анализа на главната носечка конструкција и вкрутувањата кои се поставуваат со цел да се намалат нејзините поместувања во хоризонтален, подолжен и попречен правец. Пред да се појават персоналните сметачи и софистицирани програми за статичка и динамичка пресметка на конструкциите, пресметката на овие вкрутувања се базирала на полуемпириски формули кои го одредуваат активниот товар што секое од нив го пренесува. На ова се надоврзувала и нејасната слика за дистрибуција на товарите во одредени рамнини, што пак е поврзано со искуственото поставување на вкрутувањата, а кои поради функционални аспекти на објектите се

преместуваат, или комплетно се елиминираат. Исто така, бил спорен и пристапот на пресметката на главната носечка конструкција, каде што товарите сукцесивно се пренесувале од еден на друг елемент на принцип на припадна површина (ова особено се однесува на нанесувањето на товарите од ветер врз фасадната подконструкција, а потоа на главните носечки столбови). Имено, потполно се игнорирала носивоста која панелите од профилирани лимови ја имале во својата рамнина, а која несомнено е голема, односно дури и при еден површен поглед врз една хала изведена од челична носива конструкција, може да се заклучи дека кровното покривање и фасадно облагање на истата имаат многу поголема улога во вкрутувањето на халата (а со тоа и намалувањето на поместувањата / деформациите) отколку некои спорадично поставени линиски елементи за вкрутување. Следствено, доколку нема деформации, нема да има и напрегања во елементите, а со тоа и ќе се зголеми нивната носивост, т.е. ќе се намалат пресеците на носечките профили.

Според наведеното во претходниот пасус, клучна рационализација на челичните конструкции се состои во тоа да се опфатат и панелите од кровот и фасадата во носивоста на севкупната конструкција, односно – панелите да бидат третирани како примарни носечки елементи. Денес, со можностите кои ни ги нудат современите програми за компјутерско моделирање ова е возможно, а конечна цел е да се редуцираат класичните системи за вкрутување (спрегови) или комплетно да се исфрлат од конструктивниот систем, со што се намалува масата на конструкцијата и се поедноставува монтажата на истата, а се тоа резултира со поекономична конструкција. Нормално, за да се осмелиме да пристапиме кон ваков тип на анализа, потребно е да пресметковните модели бидат соодветни како би се добиле вистинските поместувања, а за тоа е потребно коректно да се измоделира панелот со својата носивост и торзиона крутост, со тоа што особено внимание треба да се обрне начинот на прифаќање на панелот за носивата конструкција – односно врзните средства споменати погоре.

2.4. Прописи за проектирање со панели како примарни носечки елементи

Моментално, според важечките Македонски прописи за проектирање, не е дозволено користење на кровните и фасадните панели како примарни носечки елементи на една конструкција. Овој тип на пресметка е дозволен со EUROCODE 3, како stressed skin design. На светско ниво, овој принцип за проектирање е поставен од E.R.Bryan, и како резултат на неговите истражувања издадени се европските препораки за stressed skin design проектирање; за се конечно да се сублимира во EUROCODE 3. Сепак, и со EUROCODE 3 не е прецизно дефинирана процедурата која би имала обврзувачки карактер, туку е оставено на проектантот да одлучи дали ќе ја користи носивоста на панелите како носивост на примарни носечки елементи. Сепак, во Appendix A.7, дефинирани се следните услови кои мораат ад бидат исполнети доколку еден инженер сака профилираните лимови да ги третира како интегрален дел од конструкцијата:

a) Употреба на профилирани лимови, како додаток на основната функција, се ограничува на дијафрагми кои работат на смолкнување и ги намалуваат поместувањата на конструкцијата во рамнината на поставената облога;
b) Силите кои се јавуваат во кровни или ѕидни рамнини мора да бидат пренесени во темелите преку портални вкрутувања или спрегови, односно дијафрагми;
c) Дијафрагмите мораат да бидат поврзани со крајните стапови кои ќе ги превземат силите од нив;
d) Соодветни спојни средства мораат да ја превземаат силата од дијафрагмите и да ја пренесат на главната носечка конструкција и да обезбедат взаемно дејство на носачите со облогата;
e) Дијафрагмите доминантно го превземаат товарот од ветер, снег и други директни влијанија. Исто така може да служат за преземање на на краткотрајни товари – нпр. лесни обесени кранови или влијанија од монорej дигалки, но не и за постојани надворешни товари – нпр. товари од опрема;
f) “Stressed skin design” доминантно се користи кај пониски објекти;
g) Елементите за покривање и фасадно облагање мора да се третираат како елови од конструкцијата и не може да се отстрануваат без претходно разгледување;

h) Пресметките и цртежите мора да имаат ознака дека објектот е проектиран со “stressed skin design” метода.

Исто така, дефинирани се и услови кои мора да ги исполни и дијафрагмата од профилиран лим:

a) Двата краја на панелот мораат да бидат врзан за елементи на кои се ослонуваат преку саморезни завртки, шајки кои се вградуваат со помош на пиштол, заварување, заковки или други спојни средства кои нема да ја изгубат својата функција, да испаднат или да бидат пресечени пред лимот да биде искинат. Сите спојни средства од тој вид ќе бидат поставени директно низ лимот во носечките елементи;
b) Спојот на панелите помеѓу себе се остварува со саморезни завртки кои исто така нема да ја изгубат својата функција пред лимот да биде искинат. Растојанието помеѓу овие сврзни средства не треба да биде поголемо од 500mm;
c) Растојанието на спојните средства од рабовите на панелот треба да е такво да спречи предвремено кинење на лимот;
d) Мали, произволно распоредени отвори, до вкупна вредност од 3% од разгледуваната површина се дозволени без било какви проверки, доколку вкупниот број на врзни средства не е редуциран. Отвори до 15% од разгледуваната површина се дозволени, доколку се обезбеди пресметковен доказ за носивоста;
e) Сите панели примарно се проектираат на свиткување. Потоа се проверува дали напрегањата во дијафрагмата не преоѓаат 25% од соодветните напрегања на свиткување;
f) Капацитетот на смолкнување на дијафрагмата се одредува на основа на гранична носивост н смолкнување на спојните средства на рабовите и тоа на рабовите паралелни или нормални на профилот. Капацитетот на спојните средства за било каква друга гранична носивост мора да биде најмалку 25% од вредностите утврдени на овој начин;
g) Поместувања во рамнина на дијафрагмата треба да се пресметаат со некои од познатите методи, при што вкупните поместувања на конструкцијата мораат да бидат в границите кои ги пропишува стандардот.

3. УЛОГА НА ПАНЕЛИТЕ ЗА КРОВНО ПОКРИВАЊЕ И ФАСАДНО ОБЛАГАЊЕ ВО ВКУПНАТА ДЕФОРМАБИЛНОСТ И НОСИВОСТ НА КОНСТРУКЦИЈАТА

Од претходно дадените општи напомени, очигледно е дека недостатоците на вообичаените пристапи при пресметка на челични конструкции, се следните:

- изоставување на улогата на вкрутување на облогата
- поголеми поместувања, а со тоа и поголеми сили

Како резултат на овие недостатоци се добиваат поголеми пресеци од тие кои се навистина потребни.



Слика 1. Изометриски приказ на конструкцијата на халата

За да се прикажат овие разлики во однесувањето на конструкциите проектирани на класичен начин, во споредба со конструкции каде што панелите ќе бидат третирани како примарни носечки елементи, направена е анализа на поместувањата на двобродна хала изработена од челична конструкција во два различни модела. Во оваа анализа ќе се разгледуваат само поместувањата на конструкцијата од товар од ветер во Y правец, на два модела – еден без моделирани панели и еден со моделирани кровни панели во статичкиот систем.

Објектот, во X-правец се состои од 2 модули од 20,00m, во Y-правец се состои од 6 модули од 6,00m; осовинска дилатација од 0,40m; 7 модули од 6,00m, сочинувајќи целина од 40.00m x 78,40m, односно 3136m^2. Слемето на објектот се наоѓа од страната која е широка 40,00m и формира симетричен двоводен кров.

3.1. Модел 1 – класично моделирана хала

Математичкиот модел на конструкциите е моделиран како просторен систем составен од линиски „frame“ елементи и површински „area“ елементи, во програмаскиот пакет SAP2000.12. Во програмот е извршена статичка и динамичка анализа на конструкцијата. Во поглед на влезните податоци, потребни за соодветната анализа, конструкциите се товарени во согласност важечките правилници за товари на ваков тип објекти. Во согласност со ова конструкцијата е товарена со:

- Сопствена тежина која што е директно калкулирана со самиот програм
- Останати постојани товари G+ = 0,50kN/m^2 (товар од панел, инсталации)
- Товари од снег S = 0,75 kN/m^2
- Товари од ветер W_0=0,7kN/m^2 (II зона, изложен објект, H<10m).
- Влијание од сеизмички сили зададени преку соодветен спектар.
- Температура максимална T = +15°C
- Температура минимална T = -15°C



Слика 2. Прва периода на Модел 1 (без кровни и фасадни панели)



Слика 3. Втора периода на Модел 1 (без кровни и фасадни панели)



Слика 4. Трета периода на Модел 1 (без кровни и фасадни панели)



Слика 5. Поместувања во Y правец од товар одветер, на модел без моделирани кровни панели

3.2. Модел 2 – пресметковен модел на хала со кровни панели

Модел 2 всушност претставува Модел 1 надграден со моделирани на кровни панели. Панелите во статичкиот систем се моделираат со фиктивни елементи со кружен пресек од 1mm, со што моделот се наоѓа на страна на сигурност (бидејќи се занемарува крутоста на панелите, и ги анализираме како да носат само сили на затегнување). Самите елементи се врзани за останатата конструкција токму на начин на кој и реално ќе бидат прикачени со саморезни завртки – на секој рожник на растојание од по 1000mm (колку што е и ширината на панелот). Идеализирано е дека кровните панели се со должина од 20m (што е нереално во вистинска ситуација поради големата цена за вон-габаритен транспорт), како не би се моделирале споевите помеѓу панелите со елементи кои би биле поставени на меѓусебно растојание од 500mm.



Слика 6. Прва периода на Модел 2 (само со кровни панели)



Слика 7. Втора периода на Модел 2 (само со кровни панели)



Слика 8. Трета периода на Модел 2 (само со кровни панели)



Слика 9. Поместувања во Y правец од товар од ветер, на модел со моделирани кровни панели

4. ЗАКЛУЧОК

Од горенаведените вредности за поместувања на двата модела (140mm за Модел 1, и 70mm за Модел 2), може да се заклучи дека со вметнувањето на кровниот панел во статичката анализа на моделот, хоризонталните поместувања на моделот со моделирани кровни панели се намалени за 50% во однос на моделот без моделирани кровни панели. Многу е значајно да се напомене дека во овие модели, не само што не е прикажана некоја идеализирана ситуација, туку дека дури се редуцирани и многу аспекти на реалната носивост на панелите. Доколку би се вметнала вистинската крутост на панелот преку елементи со соодветен отпорен момент на панел составен од два лима поврзани помеѓу себе со круто јадро од полиуретан –поместувањата додатно би се намалиле. А кога панелите (и кровните и фасадните) со својата вистинска крутост би биле вметнати во димензионирањето на главната носечка челична конструкција – пресеците значително би се намалиле.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Baehre R. andLadwein T. (1994) "Diaphragm Action of Sandwich Panels." Journal of Construct. Steel Research, Vol. 31, London, pp. 305 – 316

[2] Bruneau M, Chia-Ming U, Sabelli R: Ductile Design of Steel Structures. New York: McGraw-Hill Education, 2011

[3] Čepička D., Macháček J., May I.M.: "Shear diaphragm sinpurlin roofs."Eurosteel Coimbra 2002, p. 235-242, Akadémiaikiadó, Budapest, 2002

[4] Davies J.M.: "Light gauge steel cassette wall construction."Nordic steel construction conference 98, p. 427-440

[5] Ellobody E: Finite Element Analysis and Design of Steel and Steel-Concrete Composite Bridges. Amsterdam: Elsevier, 2014

[6] Eurocode 3: Design of steel structures – Part 1-1: General rules and rules for buildings, European Committee for Standardization, Brussels, 2005

[7] Eurocode 3: Design of steel structures – Part 1-3: General rules –Supplementary rules for cold formed members and sheeting, European Committee for Standardization, Brussels, 2005

[8] L. T. Phan, J. L. Gross, and T. P. Mc Allister: "Best Practice Guidelines for Structural Fire Resistance Design of Concrete and Steel Buildings" NIST Technical Note 1681, 2010

[9] Lam D, Ang CT, Ang P, Chiew SP: Structural Steelwork: Design to Limit State Theory. Abingdon: Taylor & Francis, 2004

[10] Mac Laughlin D, Estrada H: Structural Steel Drafting and Design. Boston: Cengage Learning, 2009

[11] Mazzolani, F. M., Matteis, G. D. And Landolfo, R. (1994) "Shear test on sandwich panel connections, in Semi-rigid behaviour of civil engineering structural connections."ed. Wald F., Workshop COST C1, Prague, pp. 481 - 491

[12] Nyberg G.: "Diaphragm action of assembled C-shaped panles, "Swedish council for buildings research, Document D9

[13] Pétrusson E.H: "Column buckling with restraint from sandwich wall elements" 9th Nordic steel construction conference, p. 291-298, Helsinki, 2001

[14] Pétursson E.H.: "Column buckling with restraint from wall elements." Nordic steel construction conference 98, Volume 1, p. 157-166, Bergen

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

CS - 1

Sead ABAZI[1], Bojan SUSINOV[2], Spasen GJORGEVSKI[3]

RETAINING WALL REMEDIATION ON HIGHLY URBANIZED AND POTENTIALLY INSTABLE TERRAIN

SUMMARY

This paper describes the condition of retaining wall in highly urbanized area on potentially instable terrain after a deformation on the ground and wall occur. The reasons for this are defined by the geotechnical investigations. The solution for remediation itself is directly dependent on the shape of the existing wall. A new pile retaining wall was designed which meets all the necessary stability requirements from the geostatic analysis performed in Plaxis and Tower. A complex analysis during the design is performed which address not only the permanent loads, but also the ground – construction interaction. Engineers need to think broadly taking into account the possibility of the initial ground stress condition distortion in the close environment, because nowadays the phenomenon of building on instable location becoming more and more present.

Keywords: retaining wall, remediation, interaction, overall stability

Сеад АБАЗИ[1], Бојан СУСИНОВ[2], Спасен ЃОРЃЕВСКИ[3]

САНАЦИЈА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА ГУСТО ИЗГРАДЕН И ПОТЕНЦИЈАЛНО НЕСТАБИЛЕН ТЕРЕН

РЕЗИМЕ

Во овој труд се опишува состојбата на потпорна конструкција во густо изградена средина на потенцијално нестабилен терен по настанати деформации на подлогата и самата конструкција. Причините за ваквата појава се дефинирани со геотехничките истражувања. Самото санационо решение е во директна зависност од формата на ѕидот. Проектирана е нова потпорна колова конструкција која ги задоволува сите услови за стабилност согласно спроведените геостатички анализи во Plaxis и Tower. При проектирањето е спроведена сложена анализа која ги опфатќа не само постојаните товари, туку и интеракцијата конструкцијата - подлога. Инженерите треба да размислуваат пошироко и да ги земаат во предвид евентуалните нарушувања на иницијална состојба на напрегања во подлогата во блиската околина, бидејќи во денешно време феноменот на градење на неадекватни локации станува се поприсутен.

Клучни зборови: потпорен ѕид, санација, интаракција, глобална стабилност

[1] MSc, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, sead@gf.ukim.edu.mk
[2] MSc, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, susinov@gf.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, gjorgjevski@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Со интензивното градење на објекти на потенцијално нестабилните локации во градот Скопје, започнаа и се почестите интервенции на веќе изградени објекти од типот на потпорни конструкции. Бидејќи се наоѓаат на стрмни косини, нивната првична цел е да обезбедат стабилност на хоризонталната платформа на која се градат идните објекти. Многу често истите не ги исполнуваат проектно – експлоатационите барања од причина што се изведуваат со измени и не соодветствуваат на основните проекти, а и не се земаат во предвид евентуалните идни објекти во близина и нивната интеракција, поради што се јавува потреба од дополнителни интервенции.

Во овој труд е анализа на стабилноста на постоечки потпорен ѕид на падините на Водно, кој во тек на експлоатација доживеал значителни деформации како резултат на дополнителни надворешни товари од објекти и хидростатички притисок од подземна вода. За таа цел даден е предлог за негова санација - стабилизација.

Потпорната конструкција е проектирана во 2005 година како резултат на претходна анализа на неколку варијантни решенија. Усвоено е решение кое претставува интегриран систем од АБ платно со променлива дебелина фундиран на 15 кружни темели – АБ колови поврзани со надколова греда со должина од L=36.4 m. Неговата висина варира во зависност од конфигурацијата на теренот од 2.7 до 4.2 m (слика 1).

Слика 1. Потпорна конструкција непосредно по изведбата

Анализите на стабилноста покажуваат задоволителни фактори на сигурност, меѓутоа не се земени во предвид евентуалните хидростатички притисоци кои би се јавиле при нефункционирање на барбаканите и дополнителните надворешни тоаври од објекти од типот на базени, што може да ја загрози стабилноста на превртување и лизгање. Не е предвидена дренажа позади ѕидот што значи водозаситување на почвата од насипот и зголемување на тежината. Имајќи во предвид дека не е предвидено зајакнување со арматура на споевите со страничните ѕидови, при евентуална нестабилност, за очекување е во тие делови да се јават деформации во бетонскиот пресек.

Во текот на 2013 година, а значително во првата половина на 2014 година, забележани се пукнатини во бетонскиот пресек на потпорниот ѕид, за што е изработено стручно мислење во кое, по претходно извршени мерења и геотехнички истражувања се констатира дека ѕидот е изведен со поголема висина (5.7 m) од првично проектираната (4.2 m), а фундирањето е изведено поплитко во слој од насипан материјал, а не во матичниот материјал, со помала висина на коловите (2-3 m).

2. СОСТОЈБА ПРЕД САНАЦИЈА НА ЅИДОТ

Од детална проспекција на локацијата околу постоечкиот потпорен ѕид, како и со спроведените геотехнички истражувања, забележана е денивелација (слегање) на теренот

позади ѕидот (во дворот на станбениот објект) од 45 cm со формирање на челна пукнатина на контактот со постоечките базени (исполнети со материјал) на растојание од 2.2 m од ѕидот (слика 2).

Слика 2. Пукнатина и слегање на теренот позади ѕидот

Местоположбата на пукнатината и денивелација на теренот е предефинирана од местоположбата на базените, бидејќи тие се крути конструкции и триењето помеѓу нив и почвата е минимално.

Под дејство на земјаните притисоци, на кои се додава и влијанието на водата преку хидростатичкиот притисок, заради нефункционалноста на барбаканите и недостатокот на дренажа, се јавуваат подолжни деформации на потпорниот ѕид. Исто така, констатирани се деформации од 15-20 cm на контактот помеѓу предниот (деформиран) и страничниот ѕид на западната страна (слика 3).

Слика 3. Деформација и појава на пукнатини на контактот на предниот со страничниот ѕид

Не е изведена арматурна врска помеѓу двата ѕида поради што се јавува нивно оддвојување, а во меѓувреме се достигнати и граничните критични дилатации во бетонот. Забележани се деформации во вид на прснатини во критичните пресеци по целата должина на ѕидот и пукнатини на надколовата плоча (слика 4) кои се резултат на поместувањата на почвеното тло и појава на сили на затегање и смолкнување по клизната површина.

За да се утврдат причините за евентуално свлекување на теренот и лизгање на потпорната конструкција на котата на фундирање, извршени се дополнителни геотехнички истражувања и испитувања на делот позади ѕидот преку истражни дупнатини со вкупна длабина од 33.0 m’ кои послужија за дефинирање на геотехничкиот профил и при изборот на санационо решение на потпорниот ѕид. На слика 5 е даден нивен распоред и поединечен геотехнички профил.

Слика 4. Појава на пукнатини по ѕидот и надколовата плоча



Слика 5. Распоред на истражни дупнатини позади ѕидот

Од сликата 5, а и надолжниот геотехнички профил на слика 6 се гледа распоредот на литолошките членови. До длабина од 4.5m застапен е насипан заглинето чакалест материјал GFc. Под овој слој, се наоѓа слој со мала моќност од нископластична глина CL. Следува слој од доброгранулиран и доброзбиен чакал GW, по што следува слој од лапор.



Слика 6. Надолжен геотехнички профил

На слика 7 се прикажани карактеристични попречни геотехнички профили кои се производ на актуелните и претходните истражувања. Исто така, прикажан е и постоечкиот ѕид кој е фундиран во слојот од доброзбиен чакал. Не е констатирана појава и ново на подземна вода.

Носивоста е пресметана за длабоки темели – колови со кои е планирана санацијата. Единечната носивост на кол со дијаметар d=80cm фундиран во слојот од чакал изнесува 3965.0 kN, додека во слојот од лапор 7819.0 kN. Модулот на стисливост на чакалот е добиен преку корелација со резултатите од стандардната динамичка пенетрација и изнесуваат околу 20000.0 kPa. Модулот на стисливост на лапорот добиен од едометарскиот опит (на водозаситен примерок) изнесува 14000.0 kPa. Очекуваните слегања на кол фундирани во чакал се 0.24 cm, а во слојот од лапор 0.13 cm.

3. ОПИС НА ПРОЕКТИРАНОТО РЕШЕНИЕ

Примарните фактори според кои се врши избор на техничко решение за санација се местоположбата на доброносивите слоеви, видот на материјалот и интензитетот и местоположбата на надворешните товари. Имајќи ја во предвид геолошката градба на теренот, како основна причина за појавата на нестабилност на теренот заедно со потпорната конструкција, па и појавата на лом во конструкцијата, се проценува влијанието на хидростатичкиот притисок кој е зголемен со инфилтрација на вода во насипаниот материјал позади ѕидот (атмосферска и вода од системот за наводнување во дворот) која не може да се дренира во подлоните водопропустни слоеви од чакал поради присуството на слој од глина со мала водопропусност со моќност од околу 2.0 m. Од таа причина, а и за спречување на понатамошни деформации на ѕидот, во прва фаза се предвидува негово растеретување со ископ на делот позади ѕидот со што се намалуваат активните притисоци. По изведбата на конструктивниот дел од санационото решение, се предвидува формирање на дренажа позади ѕидот по целата негова висина со дренажан материјал – кршен камен сепариран со геотекстил, кој ќе има функција да ја собира водата и да ја носи во перфорираната дренажна цевка поставена во ножицата на ѕидот. На предниот дел од ѕидот т.е. на косината е предвидено изведба на нова потпорна конструкција која е фундирана на вкупно 10 колови Ø800 распоредени во еден ред и кои навлегуваат во слојот од лапор на делот каде тој се појавува, а онаму каде не се јавува, коловите се фундирани во слојот од доброзбиен чакал.



Слика 7. Надолжен профил на потпорната колова конструкција

Коловите се поврзани со надколови греди со димензии B/H=80/50 cm кои имаат функција да го укрутат системот. Виснинската кота на надколовите греди е диктирана од местоположбата на надколовата греда на постоечките колови. На тој начин, се јавува потреба од продолжување на висината на коловите и над котата на терен за 100 cm (формирање на помошни столбови) (слика 7). Првите 5 колови (гледано од десно кон лево) каде ѕидот има најголема висина се поврзани со надколова греда 1. Коловите 6 и 7 се наоѓаат на дел каде на кота на надколовата греда 1 има надколова греда од постоечките колови, па овде изведба на надколова греда не е можна. Обезбедувањето на нивната заедничка работа ќе се постигне преку гредата 3 од

потпорната конструкција која го потпира постоечкиот ѕид. Коловите 8-10 се поврзани со надколова греда 2.

Сите колови, преку помошните столбови, продолжуваат во столбови, приближно до над котата на терен позади постоечкиот ѕид. Столбовите од 1-5 и 8-10 имаат висина од h=3.25 m, а столбовите 6 и 7 имаат висина од h=2.80 m. Тие столбови по подолжен правец се поврзуваат со вкупно 3 греди со кои формираат ситем поторна конструкција т.н. скара. Со формирањето на овој систем со длабоки темели, на тој дел се мобилизира пасивен земјан притисок кој обезбедува доволна статичка стабилност на ѕидот и се спротиставува на хоризонталните активни притисоци од почвата и од постоечките објекти. Во попречен пресек, конструкцијата е прикажана на слика 8.



Слика 8. Попречен профил на потпорната колова конструкција

За обезбедување на дополнителна стабилност, столбовите продолжуваат низ стариот ѕид во вид на затезни греди 50/50 cm кои се анкеруваат во колови со Ø 1200 mm. Распоредот и местоположбата на затезните греди и коловите на задната страна кои навлегуваат во слојот од лапор се прикажани во основа на слика 9.



Слика 9. Попречен профил на потпорната колова конструкција

Растојанието од ѕидот до коловите кои ги поврзуваат затезните греди е условено од местоположбата на постоечкиот станбен објект.

4. ГЕОСТАТИЧКА ПРЕСМЕТКА

Проектирањето на потпорната колова конструкција од аспект на стабилност е извршено во програмскиот пакет Plaxis 2D кој работи на методот на конечни елементи и е наменет за двo-димензионални анализи на деформациите, напрегањата и стабилноста во геотехничкото инженерство.

Анализиран е еден карактеристичен попречен пресек со максимална висина на ѕидот. Пресметката е извршена за рамнинска состојба на напрегања и деформации со континуирана подграда со еквивалентна ширина. Геомеханичките параметри на застапените материјали се усвоени од геотехничкиот елаборат изработен за потребите на овој проект. Со оваа пресметка е утврдена минималната длабина на коловите како и глобалната стабилност на теренот. Влијанието од постоечкиот објект не е земено во предвид со оглед на значајната оддалеченост од потпорната конструкција и постоењето на подрумски простории чии товари не влијаат битно на стабилноста на ѕидот. На слика 10 е прикажана дискретизацијата на моделот со конечни елементи.



Слика 10. Дискретизација на моделот со конечни елемнти

Добиена е и усвоена висина на коловите од 6.0 m со што се навлегува во слојот од лапор. На слика 11 се прикажани резултатите од анализата во Plaxis: деформации во почвата, деформации на потпорната конструкција и сили во затезни греди.



The series of test impacts on the length of the CFRP plate produced 32 sinusoidal signals per meter over the bonded and de-bonded areas of the 3.0 meter plate. The change in frequencies between the two CFRP-bond states (bonded versus de-bonded) was distinct and measurable. This means the varying bond conditions of the CFRP plate did produce different frequencies. Test results with successive impacts on the CFRP test plate indicated voids (plate de-laminations) were present when $f_\lambda < f_\beta$. The recorded impact signals were fed into a Tektronix 2712 signal analyser to display the range of frequencies produced by the bonded and de-bonded areas of the CFRP test plate. To do this the recorded signals were first connected into a pre-amplifier with an RF (radio frequency) carrier frequency. The RF frequency F_c transmits (carries) the recorded audio waveforms into the Tektronix 2712 signal analyser displaying the frequency spectra of the impact signals, shown in Fig. 6 as smaller peaks right of the larger F_c carrier frequency peak. Both the bonded frequencies of 3.5 kHz and the de-bonded frequencies of 2.2 kHz are clear and distinct. Each frequency has a measurable separation from the carrier frequency F_c in the range from 1.0 to 5.0 kHz. In this particular test the amplitudes of the bonded versus de-bonded signals differ by -10 dbm. The peak left of the carrier is the negative harmonic of the impact frequency to the right of the carrier frequency.



Figure 6. Frequency spectrum display of bonded and de-bonded frequencies

For this impact sequence the signal analyser indicated the frequency f_β for bonded CFRP plate was 3.5 kHz, also displayed on the oscilloscope in Figure 7. The frequencies for de-bonded areas of the CFRP plate over the 10 cm void fell in a narrow frequency range around 2.2 kHz, figure 6. The impact frequencies f_λ for the de-bonded areas were 40% lower than the impact frequencies $f_\beta$for bonded areas. It was noted the range of frequencies $f_\lambda$over the ten, six, and four cm voids were consistent and remained in a range 40% below the bonded frequencies. The recorded signals were also played back on a Tektronix 425 dual-trace oscilloscope to display the structure and waveform of the impact signals. The impact signals were displayed on the top trace, Figure 7, with a 2.5 kHz sawtooth reference signal on the bottom trace.



Figure 7. Oscilloscope display impulses



Figure 8. Impact signals frequency bands

When the CFRP plate is 100% bonded all impact frequencies fell in a specific and narrow frequency band, as illustrated in Figure 8, with frequency f_β .The de-bonded frequencies also fell within a narrow frequency band as shown by frequency f_λ. The difference between bonded frequency f_β and de-bonded frequency $f_\lambda$is represented by $\mathbf{\Delta F_\Sigma}$, Figure 8. The frequency difference $\mathbf{\Delta F_\Sigma}$is a function of the condition of the CFRP-concrete bond and expresses the degree of de-bonding of the CFRP plate over the length of the plate. When $\mathbf{\Delta F_\Sigma} = 0$, de-bonded frequencies f_λ are not present, meaning the CFRP plate is fully bonded. If $\mathbf{\Delta F_\Sigma} > 0.5$ kHz then some de-bonding of the CFRP plate may have occurred. The degree of de-bonding can be quantified in terms of number of de-bonded frequencies occurring per meter over the length of the CFRP plate. This is accomplished by counting the number of impacts per meter producing f_λ frequencies using a distance timing signal on the NDT device. The number of timing signals from the starting point will determine the location of the de-bonded areas on the plate. As the number of f_λ frequencies are recorded with their locations an accurate diagram of the de-bonded areas of the CFRP plate can be plotted and quantified. The data produced with this impact-echo method provides bridge engineers an extensive picture of the CFRP plate bond condition. As bond evaluation tests are performed in periodic bridge maintenance protocols, the long-term bond durability of the CFRP-structural systems applied to the M2 and M1 bridges can be determined,

4. CONCLUSION

Owners using CFRP-structural systems on large numbers of bridges within a national transportation system have an ongoing requirement to evaluate the bond condition of FRP composites applied to the M1 and M2 bridges to monitor long-term bridge load performance. The development of the mobile impact machine presented in this paper provides a procedure to rapidly evaluate CFRP plate bond condition on the M1 and M2 bridges.

REFEREENCES

[1] CRAWFORD K, NIKOLOVSKI T, (2007) The Application of ACI 440 for FRP System Design to Strengthen 19 Concrete Highway Bridges on European Corridor 8", 8th International Conference on Fiber Reinforced Polymer for Reinforcement of Concrete Structures, Paper 15-4, pp 570-571

[2] CRAWFORD K, (2008) Measuring Performance of Concrete Bridges Strengthened with FRP-Structural Systems, Advanced Composite Materials in Bridges and Structures (ACMBS-V), Paper 53

[3] CRAWFORD K, (2011) Non-Destructive Testing of FRP-Structural Systems Applied to Concrete Bridges, International Symposium on Nondestructive Testing of Materials and Structures, Paper 102

[4] RAY BC, CLEGG DW, HASAN ST (2008) Evaluation of Defects in FRP Composites by NDT Techniques, Journal of Reinforced Plastics and Composites, Vol 26

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

CS - 5

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

Živko P. CUCKIĆ[1], Jiri WITZANY[2], VesnaCUCKIC[3]

OPTIMIZATION SYSTEM MORAVAMONT -NEW PROJECT OF MORAVAMONT 2000FOR CONSTRUCTION IN SEISMIC CONDITIONS

SUMMARY

The article is devoted to describe the optimization system named “Moravamont”. Factory 'Moravamont' from Gnjilane is one of the four plants in the system 'Vemont' in the former Republic of Yugoslavia. Apart from the system 'Vemont' the factory owns a panel system 'Adrijamont' as well as the IMS system introduced by prof. Branko Žeželj. A structure P +12 floors is selected for further study and presented as an illustration of the most representative example of a structure design behavior on a non-linear ground that, in a certain way, shows the privilege of the Moravamont System application during seismic conditions.

Клучни зборови: adhesion prestressing, slabs, column, reinforcement, IMS system

Живко П. ЦУЦКИЌ[1], Јири ВИТЗАНИ[2], Весна ЦУЦКИЌ[3]

ОПТИМИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ МОРАВАМОНТ-НОВ ПРОЕКТ НА МОРАВАМОНТ 2000 ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ ВО СЕИЗМИЧКИ УСЛОВИ

РЕЗИМЕ

Трудот има цел да го опише системот за оптимизација, наречен "Moravamont". Фабриката „Moravamont "од Гњилане е една од четирите фабрики во системот „Vemont“ во поранешна Република Југославија. За разлика од системот „Vemont“ 'Фабриката поседува панелен систем „Adrijamont ", како и ИМС системот воведен од страна на проф. Бранко Жежељ. Конструкција составена од П +12 ката е избрана за натамошно истражување и е претставена како илустрација на најрепрезентативен пример за проектирање на една конструкција со примена на нелинеарно однесување, и на одреден начин покажана е предноста на примената на системот Моравамонт во сеизмички услови.

Клучни зборови: атхезионо преднапрегање, плоча, столб, ИМС систем

[1] MSc, Novi Sad, dadge_serbia@yahoo.com
[2] Prof. PhD, DSc., Rector Emeritus, witzany@fsv.cvut.cz
[3] BSc, Faculty of Civil Engineering and Architecture in Priština, vesnacuckic@yahoo.com

1. INTORDUCTION

1.1 Factory 'Moravamont' from Gnjilane

Factory 'Moravamont' from Gnjilane is one of the four plants in the system 'Vemont' in the former Republic of Yugoslavia. Apart from the system 'Vemont' the factory owns a panel system 'Adrijamont' as well as the IMS system of prof. Branko Žeželj. Next, the factory has its own raw material base-quarry, a concrete base as well as the contemporary hydraulic mold (steam curing), steel fixing equipment, internal transport system and all the necessary facilities which can be found in the enclosed documentation. In addition to the adhesive prestressing it also has the possibility to expand the core range of its products by the usage of the universal prestressing on the pathway and the innovation within the system as well as the possible combinations. This idea of the combination was supported by my prof. Momir Krastavčević at the post-graduate studies in Niš, in 1985.

Figure 1. Factory MORAVAMONTinGnjilane

2. ANALYSIS OF THE SYSTEM

A structure P +12 floors is selected for further study and presented as an illustration of the most representative example of a structure design behavior on a non-linear ground that, in a certain way, shows the privilege of the Moravamont System application during seismic conditions.



Figure 2. Typical floor

Starting from the assumption that pillars and inter floor panels receive exclusively vertical load (static and dynamic) and panels (internal and facade) receive seismic load, there has been a new solution within innovated systems (skeletal and panel) entitled MORAVAMONT 2000.

The new system was analyzed for a typical object of 4,8 and 12 floors with level span of 7,2m in both directions.

For the new projected system, a complete static dynamic calculation based on TAUWER system was done. It showed that all the elements of the system: pillars of 50/50cm dimension, hollow panels of d= 20cm and reverse panel of 25cm in thickness satisfied all the influences of all forces that were applied by the law.

The entire seismic influence was also transferred to reinforced montage concrete panel of 17cm thickness and the supporting facade panel as well.

In the newly presented system Moravamont 2000 it was particularly important to produce (firstly new elements in construction) on the already existing technological foundation with minor changes, followed by monolithic processing of the compounds create the adequate rigidity using simple and quick montage. Pillars are 50/50cm and are made in length - height of three floors to 9 meters, and its continuing is at the middle of the floor height with the use of continuation of armature with the system ERICO LETON. As far as the connection between prestressed P-Panel and hollow inter floor panel is concerned, an elastic joint is created transversely. Such joint later on goes through monolithic processing with armature in both directions R Fi 20/12,5 and goes through the same procedure with the rest of the elements excellently.

Connection between pillars and prestressed-Panel is very simple. The panels rely on pillars with discharged vinklas at the floor height in the montage phase.

All that armature is connected with the network over the whole inter floor panel and is watered with concrete of 6cm in thickness, which realistically looked at, makes the panel turn into absolutely rigid in its plane, enabling the transfer of horizontal forces onto panels and facade walls.

Such newly formed Moravamont 2000 system, actually takes the best qualities of framed and panel system within Moravamont system and with minor technological changes it becomes economical and simple entirely prefabricated montage construction system.

The idea of universal prestressing on trails which allows huge savings (especially with surface elements of P-panel) is the addition to the technology of this new system Moravamont 2000.

Unlike the existing technology of prestressing where the wires were placed only in a linear mode, and had to be wedged with rubber hose due to a big negative tension at the end of truss, in the new solution the wires are moved under a small angle until negative axis of elements, so as to follow “fizo” line of the truss by its length. The appearance of pivot force on the trail is eliminated by the abutments on the trail, because the forces are small due to the deflection angle (5-10) - Hoyer system (Fig 5.).

To produce the “sandwich panel” (of the facade) in horizontal molds which are equipped with hydraulic tools to lift the platform, to take the elements out and transport them in the vertical position to the place of finishing, we use the thermal treatment of the concrete with circulation of the warm water at 80 Celsius degrees in snakelike tubes. Each table has its own cover which can also be lifted with hydraulic device, and electrical heater installed on its internal side which conducts a thermic processing of that part of the facade sandwich which is above the layer for the thermal isolation. Dimensions of these molds (tables) are 12.000 x 36000 mm (Fig. 5.2).



Greda 942-658 MB 30 (RA 400/500)
PBAB 87



[cm]

li,2 = 2.90 m (λ2 = 20.09)
li,3 = 2.90 m (λ3 = 20.09)
Nepomerljiva konstrukcija

x = 0.00m
Merodavna kombinacija za savijanje:
1.60xI+1.80xII
N1u = -12022.70 kN
M2u = 20.94 kNm
M3u = 61.08 kNm
Merodavna kombinacija za torziju:
1.30xI+1.50xII+1.30xIII
M1u = -0.27 kNm
Merodavna kombinacija za smicanje:
1.30xI+1.50xII-1.30xIII
T2u = 77.06 kN
T3u = -15.68 kN
M1u = 0.13 kNm
εb/εa = -2.359/-1.606 ‰

Aa1 = 45.62 cm2
Aa2 = 45.18 cm2
Aa3 = 45.55 cm2
Aa4 = 45.17 cm2
Aa,uz = 0.00 cm2/m

Nivo: 1 [2.90] - PBAB 87
MB 30 (d,pl=31.0 cm)
Gornja zona: RA 400/500 (a=2.0 cm)
Donja zona: RA 400/500 (a=2.0 cm)

X=7.20 m; Y=7.20 m; Z=2.90 m
Pravac 1: (α=0°)
Merodavna kombinacija:
1.60xI+1.80xII
Mu = -421.89 kNm
Nu = 0.00 kN
εb/εa = -3.500/6.435 ‰
Ag1 = 42.60 cm2/m
Ad1 = 0.21 cm2/m

Pravac 2: (α=90°)
Merodavna kombinacija:
1.60xI+1.80xII
Mu = -166.73 kNm
Nu = 0.00 kN
εb/εa = -1.884/10.000 ‰
Ag2 = 15.27 cm2/m
Ad2 = 0.08 cm2/m



Figure 3. Tower programs for pillar

Connection between pillars and prestressed panel



Figure 4. Details element prefabricated (pillars and prestressed panel)



Figure 5.1.

Figure 5.2.



Figure 5. Hoyer system prestressed

As far as connecting the vertical panels is concerned (both internal and external) the modified method was used. Such was examined at the Institute of Technology SHIMIZ at CONSTRUCTION COMPANY and further supported with connection of armatures by the system ERICO-LENTON.

With that aim, experimental and analytical researches of panels were conducted aiming to confirm their relation to the seismic action. Special consideration was given to connection of vertical wall panel with the method The Nisso Master Builders Splice Sleeve (NMB SS), where the ends are filled with plaster using Spice Sleeves (Embreco 602 Mortal, LL-602) which does not shrink and reaches high firmness in short time.

The advantage of this method is the fact that it does not require skilled labor, equipment and thermal energy and makes savings in material.

The procedure is quick, economical and simple.

Strengthening around windows is made on the part of the panel which is weakened by the windows, so as to not diminish its role significantly in seismic terms, which was confirmed with static and dynamic calculations TAUER.



Figure 6. Tower programs for vertical panel

P +12 floor facility represents a typical example, and it is the subject of non-linear analysis, as well. In this part of the Study, the results of spatial structural System elastic analysis for seismic effects according to the regulations for seismic activity - level IX have been presented. During the procedure necessary elastic dynamic features of the structure design have been obtained, along with all the elements needed for the evaluation of the structure condition and the System as a whole. The obtained results of the analysis are the initial data for non-elastic dynamic analysis of the facility structure conduction.

Fig. 7shows the schematic structure drawing with clustered masses on the floor level along with the features of the "floor-diagram" in which the floor rigidity, elastic strain limits, plasticity lines, plastic and strain limits, definition of ductility and entire hysteresis dependence are defined (Fig. 2.2).



Figure 7.shows a dynamic model of the building for non-linear dynamic analysis of the construction response to the seismic activity of the registered earthquake records.

Two typical time histories have been selected for non-linear response of the structure to the real seismic activities of the earthquakes that really occured and that were registered under the names - El Centro, N-S component with the original peak ground acceleration of a(g) = 0.33g shown in Fig. 8 and Montenegro earthquake Petrovac - Oliva, N-S component of the original record from 1979, shown in Fig. 9.



Fig. 8.El Centro earthquake recording and range, 1941, N-S component shown



Fig. 9.Earthquake recording and range, 1979 Petrovac, N-S component shown



Figure 10. El Centro earthquake recording and range, Diagram of relative 1941, N-S component shown floor shear strain direction y-y

Fig. 10. Diagram of floor stress-strain direction x-x

U (Δy) - elastic strain (Δy flow start)

U (Δpt) - Petrovac N-S earthquake strain a = 0.30g

U (Δgl) - El Centro N-S earthquake strain a = 0.30g

U (Δbt) - Bitola (1994) earthquake strain a = 0.30g

U (Δu) - boundary capacity of relative floor shear strain a = 0.30g

Line U(Δy) in the diagrams shows the capacity i.e. the elastic strain limit of each floor - the El Centro area - (coloured in green) which represents the field of operation of elastic structure condition.

Line U(Δu) - the ultimate line that marks the structural failure inception (field "FAILURE" - coloured in red) i.e. boundary state and the limit strain capacity after which the failure starts. Structure field of operation between these two lines represents a NON-LINEAR STRUCTURE BEHAVIOUR during expected earthquakes.

Structure response lines for given actions, that is, the strain caused by the earthquakes El Centro *U(Δel) coloured in blue, Petrovac earthquake U(Δpt) and Bitola earthquake U(Δ bt) - coloured in green* are the construction response that is, maximum strain that appears due to earthquake effect assigned in each floor. A brief summary, before the analysis is that the ratio $\mu = U(\Delta u)/U(\Delta y)$ is a ductility capacity and it is within the limits of 3,5-4 for the designed structure. It is expected and rational solution. The strain ratio on each floor divided by elastic strain gives the value of "REQUIRED - ductility $\mu r = U(\Delta dj)/U(\Delta y)$, that is, the obtained strain in any floor divided by elastic strain gives us the required ductility of a certain floor for the specified earthquake effect.

3. CONCLUSIONS

- All structure strains are between elastic and boundary ones, which means that the structure operates in non-linear condition but without a failure. The highest required ductility is on the first floor and its value is 4, all other values are less than the boundary one.
- El Centro earthquake requires the highest level of strains for the same accelerations and the local type of earthquake - Bitola requires the smallest one.
- The maximum required ductility is on the lower floors while on the upper floors it is smaller.
- For the maximum expected earthquake activity, in accordance with the regulations, the structure operates in a non-linear domain but possesses sufficient stability and strength.
- In conclusion, it is clear that the structure is well and rationally designed and the structural behavior is resistant during the expected maximum earthquake activity with a time interval of 500 years recurrence according to the Regulation criteria and it can resist the seismic effects without a major damage.

Non-linear analysis is carried out according to the DRK Programme of the Institute for Earthquake and Seismology Engineering, University "St. Cyril and Methodius", Skopje.

REFERENCES

[1] Проф. Краставчевић Момир, Монтажни грађевински објекти, Београд 1984.

[2] Проф Предраг Гавриловић, Спојеви и везе монтажних бетонских зграда, 1984.

[3] Jiri Witzany, Konstrukce pozemnich staveb 70, Praha 2003.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

CS - 6

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

Marija DOCEVSKA[1], Toni ARANGJELOVSKI[2], Goran MARKOVSKI[3], Darko NAKOV[4]

NUMERICAL MODEL FOR SERVICEABILITY LIMIT STATES ANALYSIS OF REINFORCED CONCRETE ELEMENTS

SUMMARY

The main goal of this paper is to propose numerical model for serviceability limit states analysis of reinforced concrete elements. For that purpose, reinforced concrete beams under bending were analyzed subjected to different history of loads: short-term loads until failure, long-term permanent loads and variable loads. Multi-directional fixed crack model was included to take into account a nonlinear concrete behavior. Some specific properties of concrete in cracked state are also considered, such as: tension stiffening, tension softening, shear retention, fracture energy and aggregate-interlock in the cracks. Crack pattern and mid-span deflection were compared with the existing experimental results to verify the accuracy of the proposed numerical model.

Keywords: multi-directional fixed crack model, deflections, crack pattern

Марија ДОЦЕВСКА[1], Тони АРАНЃЕЛОВСКИ[2], Горан МАРКОВСКИ[3], Дарко НАКОВ[4]

НУМЕРИЧКИ МОДЕЛ ЗА АНАЛИЗА НА ГРАНИЧНИТЕ СОСТОЈБИ НА УПОТРЕБЛИВОСТ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ

РЕЗИМЕ

Основната цел на овој труд е да се предложи нумерички модел за анализа на граничните состојби на употребливост на армиранобетонски елементи. Поради тоа, анализирани се армиранобетонски греди изложени на различни истории на товарење: краткотраен товар до лом, долготраен постојан товар и променлив товар нанесуван во циклуси на товарење/растоварување. За да се земе во предвид нелинеарното однесување на бетонот, моделот на фиксни пукнатини во повеќе правци е вклучен во анализата. Распоредот на пукнатините и деформацијата во средина на пресекот добиени нумерички се споредени со експерименталните резултати, со цел да се верифицира точноста на предложениот модел.

Клучни зборови: модел на фиксни пукнатини во повеќе правци, деформации, пукнатини

[1] MSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, docevska.marija@yahoo.com
[2] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, arangelovskitoni@gf.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, markovski@gf.ukim.edu.mk
[4] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, nakov@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

При димензионирањето на армиранобетонските конструкции според граничните состојби на носивост, истовремено не може да се обезбеди посакувано однесување на конструкцијата или на некој нејзин дел при дејство на товар многу помал од ултимативниот. За таа цел, неопходно е да се анализираат и граничните состојби на употребливост, поточно граничните состојби на пукнатините и деформациите. Речиси во сите актуелни кодови тие претставуваат најчести барања кои што мора да бидат исполнети од аспект на трајност и функционалност на конструкцијата.

Но, точното предвидување на пукнатините и деформациите е речиси невозможно, пред се заради недетерминирачката природа на процесот на појава и развој на пукнатините, а потоа и заради големата варијација на резултатите од испитувањето на одредени карактеристики на бетонот, како на пример јакоста на затегнување. Како дополнување, одредени значајни ефекти и феномени на бетонот како материјал не се земени во предвид во прописите, или пак се вклучени во нив преку емпириски добиени коефициенти. Така да, секој обид за подетална аналитичка пресметка на пукнатините и деформациите е оневозможена од овие причини.

Во повеќето актуелни денешни прописи (Model Code 2010[2], Eurocode2 [1]), постапката за пресметка на пукнатини и деформации, воглавном како резултат дава отвор само на карактеристичната пукнатина и вредност за деформацијатасамо во критичниот пресек. Максималниот отвор на пукнатината е доволен податок само за докажување на трајноста на конструкцијата, а максималнатадеформација за докажување на нејзината функционалност. Но, на овој начин не може да се добие реална слика за ориентацијата, развојот и местоположбата на пукнатините долж елементот. Од тој аспект значајна е примената на нумеричките методи. Постојат случаи каде што практично и не постои можност за примена на друг метод освен нумеричкиот. Тоа се случаи каде имаме елементи со сложена геометрија и сложени услови на товарење и потпирање или пак, специфични конструкции како што се: бетонски брани, резервоари и потпорни конструкции, за кои што предложените постапки во кодовите не важат во целост.

Во продолжение на трудот детално ќе биде опишан применетиот нумерички модел за анализа на пукнатините и деформациите.

2. НУМЕРИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ

Нумеричката анализа на граничните состојби на употребливост е извршена во комерцијалниот софтвер DIANA (верзија 9.4.3). Резултатите добиени нумерички на крај ќе бидат споредени со експерименталните, при што ќе се добие претстава за тоа дали претпоставките што се направени во нумеричкиот модел, соодвествуваат со физичкото однесување на елементот. Анализирани се пет различни серии на греди (Греди “A“, “B“, “C“ “D“,“E“) со иста геометрија (Слика 1) и ист квалитет на материјалот (МБ30), но изложени на различни истории на товарење.Врзоснова на тоа, истите може да се поделат во три пооделни групи:

- Група I: Греди изложени на краткотраен товар до лом (Греди “A“)
- Група II: Греди изложени на долготраен постојан товар (Греди “B“ и “C“)
- Група III: Греди изложени на долготраен постојан товари променлив товар нанесуван во циклуси на товарење/растоварување со различно времетраење (Греди “D“и “E“)



Слика 1. Геометрија и шема на товарење на анализираните армиранобетонски греди

Бетонот при многу мали товари навлегува во нелинеарното подрачје, па со цел да се анализира состојбата по појавата на првата пукнатина, применета е физичка нелинеарна дводимензионална анализа. Со неа е анализирана состојбата на бетонот по појава на пукнатини, вклучувајќи го и влијанието на долготрајните ефекти во бетонот: собирањето и течењето.

За точно и брзо конвергирање на нумеричкото решение користен е итеративен-инкрементален метод за пресметување, имено регуларниот *Newthon-Raphson* метод со автоматско определување на оптималната големина на чекорот. Определувањето на инкрементот е извршено во комбинација со "контрола на должина на лакот" (анг. *Arc-length control*).Како критериум за конвергирање на решението користен е критериумот на база на енергија.

2.1. Пресметковни модели

Во анализата користени се два различни пресметковни модели: модел со гредни конечни елементи и модел со површински конечни елементи со рамнинска состојба на напрегање, со кои што практично е моделиран бетонскиот дел од елементот.

Во нумеричката анализа со гредни конечни елементи, применети се елементи од класа III базирани на Mindlin-Reissner теоријата. Од понудените типови на конечни елементи од оваа класа, применет е дводимензионалниот конечен елемент CL9BEсоставен од три точки.

За интегрирање на овие елементи по нивната должина, користена е Гаусова интеграција во 2 точки, а за интегрирање по висина на елементот, Симпсонова интеграција во 9 точки.

Во моделот со површински конечни елементи применет е дводимензионалниот квадрилатерален конечен елемент CQ18M со девет точки, осум по ободот на елементот и една во средината.



Слика 2. Пресметковен модел со гредни конечни елементи (а) и со површински конечни елементи (б)

Арматурата и во двата пресметковни модели е моделирана како генерален придонес на носивоста на бетонот со т.н. "*embedded"* техника. Таа е моделирана во линеарно-еластично подрачје се до лом и истата ја зголемува крутоста на околните елементи во кои што е вградена. На овој начин врската помеѓу арматурата и бетонот се претпоставувадека е идеална се до лом.

2.2. Модел на пукнатини

Од можните модели за пукнатини во бетонот, избран е моделот на појава и развој на пукнатини во повеќе правци (анг. *Multi-directional fixed crack model*). Овој модел се базира на декомпозиција на вкупните дилатации на еластични и на нееластични дилатации или дилатации на местото на пукнатината. Дилатациите на местото на пукнатината се разгледуваат како придонес на повеќе пукнатини кои што истовремено се појавуваат во различни правци во разгледуваната точка.

$$\varepsilon = \varepsilon^{el} + \varepsilon^{cr} \quad (1) \qquad \varepsilon^{cr} = \varepsilon^{cr}{}_1 + \varepsilon^{cr}{}_2 + \ldots \quad (2)$$

Во DIANAовој модел е дефиниран преку три параметри на бетонот: намалување на напрегањата на затегнување по појава на пукнатини (анг. *tension softening*), редуциран трансфер на напрегања на смолкнување по појава на пукнатини (анг. *shear retention*) и критериум за лом по достигнување на јакоста на затегнување на бетонот (анг. *tension cut-off*).

Од аспект на намалување на напрегањата на затегнување по појавата на пукнатина, користен е нелинеарниот модел предложен од Moelands-Reinhardt, кој е дефиниран преку два параметри: енергија при појава на прва пукнатина G_f и ширина на зона *h*во која што истите се формираат. Ширината на зоната најчесто се поистоветува со димензијата на конечниот елемент (h=a), а енергијата при појва на прва пукнатина е пресметана преку аналитички израз предложен во Model Code 2010, а зависи од големината на максималнотозрно на агрегатот и од јакоста на притисок на бетонот.

Редуцираност трансфер на напрегања на смолкнување е дефиниран преку коефициентотβ(0<β<1).За комбиниран механизам на лом, односно лом заради истовремено дејство на моменти на свиткување и трансверзални сили, тој изнесува β=0.5. Како критериум за лом по достигнување на јакоста на затегнување користен е константниот пристап.

Собирањето и течењето на бетонот од долготрајно дејство на товарот во моделот е внесено преку вискоеластичното однесување на бетонот. Вискоеластичното однесување на бетонот е овозможено преку реолошкиот модел на Maxwell-овите низи, кои што се дефинирани преку параметритена стандардните криви на течење предложени во Model Code 1990 имплементиран во програмот. Собирањето и течењето е нанесувано во временски чекори во период од една година во логаритамска мерка.

3. РЕЗУЛТАТИ

Во овој дел графички ќе биде претставена споредбата на нумеричките резултати добиени со двата пресметковни модели и резултатите добиени експериментално. Споредбата ќе биде извршена за деформациите во критичниот пресек и распоредот на пукнатините долж гредите.

3.1. Деформации

3.1.1. Греди товарени со краткотраен товар до лом (Група I)

Во оваа група спаѓа само серијата на греди А кои што се товарени до лом (F_u=23kN). Товарот во анализата е нанесуван инкрементално во чекори кои што се со различна големина зависно од степенот на нелинеарност на елементот во моментот на товарење во дадената фаза.



Слика 3. Споредба на нумерички резултати со експерименталните за деформацијата во средина на гредата од серија “А“ при краткотраен товар до лом

3.1.2 Греди товарени со долготраен постојан товар (Група II)

Во оваа група спаѓаат гредите од сериите “В“и “С“ изложени на долготраен постојан товар. Гредите од серија “В“ се товарени со постојан товар со интензитет F=4kN кој што не предизвикува појава на пукнатини, а гредите “С“ се товарени со товар F=7.8kN кој што

предизвикува пукнатини во елементот. На дијаграмите на Слика 4 прикажан е развојот на деформацијата во тек на времеод една година за гредите од сериите “B“ и “C“.



Слика 4. Споредба на нумерички и експериментално добиени долготрајни деформации за греди од сериите “B“и “C“

3.1.3 Греди товарени со долготраен постојан товар и променлив товар нанесуван во циклуси на товарење/растоварување со различно времетраење (Група III)

Гредите од сериите “D“и “E“ се изложени на постојан товар со интензитет F=4kN и променлив товар F=7.6kN кој што е нанесуван во циклуси на товарење/растоварување во времетраење од Δt_1=24h и Δt_2=48h, соодветно. Дејството на променливиот товар во нумеричката анализа е земен во предвид преку квази-перманентниот коефициент ψ_2, со кој што одреден дел од променливиот товар се додава на постојаниот товар како квази-перманентен товар. Оваа постапка е предложена во Eurocode 2[1], а вредностите за коефициентите ψ_2 во конкретниот случај се превземени од претходните анализи извршени на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции при Градежен факултет, Скопје. Тој изнесува 0.50 за гредите од серија “D“ и 0.65 за гредите од серија “E“.



Слика 5. Споредба на нумерички и експериментално добиени долготрајни деформации за греди од сериите “D“и “E“

3.2. Распоред на пукнатини

Од нумеричката анализа не е можно експлицитно да се добијат растојанијата помеѓу пукнатините и нивниот отвор. Поради тоа, на Слика 6 е прикажан распоредот на пукнатините и

нивната местоположба за гредите од серија “C“,добиени при експерименталното испитување и добиената со двата пресметковни модели.

(а)



(б)



(в)



Слика 6. Распоред на пукнатини долж гредата: а) експеримент; б) модел со гредни конечни елементи; в) модел со површински конечни елементи

4. ЗАКЛУЧОЦИ

Од извршената анализа на граничните состојби на употребливост на армиранобетонски елементи со примена на нумеричкиот модел на фиксни пукнатини во повеќе правци и споредбата на нумеричките и експерименталните резултати, може да се заклучи дека предложениот нумерички модел со задоволителна точност може да се примени за пресметка на граничните состојби на употребливост.

Процентуалното отстапување на деформациите,пресметаниза двата пресметковни модели од нумеричката анализа во однос на експерименталните се прикажани во Табела 1.

	ДЕФОРМАЦИИ						
	Греди “A“	Греди “B“		Греди “C“		Греди “D“	Греди “E“
	F_u	t=0дена	t=365дена	t=0дена	t=365дена	t=365дена	t=365дена
Г.Ел.	18.17%	10.64%	11.70%	9.50%	4.20%	2.87%	16.84%
П.Ел.	6.71%	5.97%	5.30%	0.40%	16.84%	15.40%	40.42%

Табела 1. Процентуално отстапување на нумерички пресметаните и експерименталните деформации

Од Табела 1 може да се увиди дека не може да се даде генерален заклучок за тоа кој пресметковен модел дава подобра прогноза на граничните состојби на употребливост, дали моделот со гредни конечни елементи или со површински елементи.

Врз основа на спроведената анализа може да се заклучи дека резултатите за сите греди се во рамките на дозволената толеранција од ±30%, освен резултатите за гредите од серија “E“каде што разликите изнесуваат 40.42%. Тоа сугерира дека во нумеричката анализатреба да се вклучи реалната историја на товарење, наместо пристапот со квази-постојаниот товар.

ЛИТЕРАТУРА

[1] R.S.Narayananand A.Beeby, Designers' Guide to EN1992-1-1 and EN1992-1-2 Eurocode 2: Design of concrete structures. General rules and rules for buildings and structural fire design, Thomas Telford Publishing, London, 2005

[2] fib Model Code for concrete structures 2010, Wilhelm Ernst&Sohn, Berlin, 2013

[3] T.Arangjelovski, Time-dependent behavior of high-strength reinforced concrete under variable loads, Doctoral dissertation, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje 2010

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

CS - 7

Ana TROMBEVA-GAVRILOSKA[1], Jana ŠELIH[2], Marijana LAZAREVSKA[3], Meri CVETKOVSKA[4]

STATE OF THE ART – MODELS FOR FAILURE PREDICTION OF REINFORCED CONCRETE STRUCTURES STRENGTHENED WITH FRP STRIPS

SUMMARY

In the past decades FRP strips are being used for the rehabilitation of the reinforced concrete structures. They are replacing one of the most commonly used methods - strengthening with steel strips or slabs. Existing research shows that limit bearing capacity of RC elements strengthened with FRP strips can be determined by the contemporary approaches that take into the account the stiffness of the FRP strips. This paper presents an overview of the strengthening models used for the failure prediction that starts as pealing at the end of the FRP strips. Further, a comprehensive review of the existing models to be applied to the problem under consideration is presented.

Keywords: strengthening, reinforced concrete structures, FRP, failure

Ана ТРОМБЕВА-ГАВРИЛОСКА[1], Јана ШЕЛИХ[2], Маријана ЛАЗАРЕВСКА[3], Мери ЦВЕТКОВСКА[4]

ПРЕГЛЕД НА МОДЕЛИ ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ЛОМ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ ЗАЈАКНАТИ СО FRP ЛЕНТИ

РЕЗИМЕ

Во изминатите декади една од најчесто применуваните методи за санација на армиранобетонските конструкции, зајакнување со челични ленти или плочи е заменета со зајакнување на конструкциите со FRP ленти. Истражувањата покажуваат дека граничната носивост на зајакнатите армиранобетонски носачи со FRP ленти може да се определи со помош на постоечките пристапи, доколку истите соодветно се прилагодат поради кртоста на FRP лентите. Во овој труд презентиран е преглед на јакосни модели за предвидување на лом кој започнува со луштење на крајот од FRP лентата, со посебен осврт на постоечките модели.

Клучни зборови: зајакнување, армиранобетонски конструкции,FRP, лом

[1] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Arcitecture, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, agavriloska@arh.ukim.edu.mk
[2] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil and Geodetic Engineering, University of Ljubljana, Ljubljana, Republic of Slovenia, jana.selih@fgg.uni-lj.si
[3] Assis. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, marijana@gf.ukim.edu.mk
[4] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, cvetkovska@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Во изминатите декади една од најчесто применуваните методи за санација на армиранобетонските конструкции, односно зголемување на носивоста на конструкциите, беше зајакнување со челични ленти или плочи. Поради низата на недостаотоци кои ги има тој начин на зајакнување, како големата тежина и недоволната трајност, во последните години изведени се низа на испитувања за примена на влакнесто армирани полимерни ленти, со кои би се замениле челичните ленти.

Пред истражувањата за зајкнување на конструкциите со FRP ленти веќе постоеја низа истражувања за зајакнување на конструкции со челични ленти и плочи, кои резултати може да бидат релевантни и при зајакнување на конструкциите со FRP ленти. Истражувањата покажуваат дека може да се определи граничната носивост на зајакнатите армиранобетонски носачи со FRP ленти со помош на постоечките пристапи доколку истите соодветно се прилагодат поради кртоста на FRP лентите.

Облиците на лом при напрегање на свиткување кои мора да се земат предвид при процесот на проектирање се: пластично течење на внатрешната арматура проследено со рушење на бетонот и пластично течење на внатрешната арматура проследено со лом во FRP лената. Во двата случаи основната претпоставка при изведувањето на поедноставени равенки за проектирање е валидноста на Бернулиевата хипотеза, која е потврдена преку бројни испитувања на носачи зајакнати со FRP ленти напрегнати на свиткување.

Во овој труд презентиран е преглед на јакосни модели за предвидување на лом кој започнува со луштење на крајот од FRP лентата. Во трудот презентирани се моделите базирани на капацитетот на смолкнување, модели на бетонски запци и модели базирани на контактно површински напрегања. За секој од моделите даден е преглед на постоечките модели со краток опис на истите.

2. ОБЛИЦИ НА ЛОМ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ НОСАЧИ ЗАЈАКНАТИ СО FRP ЛЕНТА ПРИ НАПРЕГАЊЕ НА СВИТКУВАЊЕ

Носачите зајакнати со надворешна FRP арматура имаат повеќе облици на лом [1], кои генерално може да се класифицираат како лом предизвикан од уклон и лом предизвикан од луштење, но и двата типа на лом се крти. Единствено при лом од свиткување забележана е ограничена дуктилност кога пукнатината настанува во средината на носачот и постои голема одалеченост помеѓу пукнатината и крајот на лентата. Треба да се нагласи дека при појава на лом предизвикан од луштење граничната јакост на затегнување на FRP лентата не е во целост искористена.

Ломот поради луштење најчесто ја дефинира јакоста на зајакнатите армиранобетонски носачи, при што можни се различни облици на лом, кои може да се поделат на:

- луштење на крајот од лентата предизвикано од високите нормални и тангенцијални контактно површински напрегања кои дејствуваат во тој дел,
- луштење, предизвикано од пукнатини во средината на распонот поради високите контактно површински напрегања во близина на главната пукнатина.

3. ЈАКОСНИ МОДЕЛИ ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ЛОМ КОЈ ЗАПОЧНУВА СО ЛУШТЕЊЕ НА КРАЈОТ ОД ЛЕНТАТА

Ломот проследен со луштење на FRP лентата на нејзиниот крај, поради честото појавување при експерименталните истражувања, е предмет на обемни истражувања. Истиот може да се појави на два начина: сепарација на бетонскиот заштитен слој или контактно површинско одвојување во бетонот блиску до контактната површина адхезив-бетон на крајот од лентата.

За предвидување на ваквиот тип на лом развиени се различни модели. Истите се применливи за различни типови на ленти, како и при нивни различни механички карактеристики, само доколку геометриските и материјалните својства на лентите се правилно вклучени во

анализата. Тоа значи дека и моделите развиени за гредни носачи зајакнати со челични ленти може да бидат применети за предвидување на лом на грдни носачи зајакнати со FRP ленти вклучувајќи ги потребните модификации. Јакосните модели кои го предвидуваат луштењето на лентата на нејзиниот крај може да се групираат во три категории:

- Модели базирани на капацитетот на смолкнување;
- Модели на бетонски запци; и
- Модели базирани на контактно површински напрегања.

4. МОДЕЛИ БАЗИРАНИ НА КАПАЦИТЕТОТ НА СМОЛКНУВАЊЕ

4.1. Модел на Oehlers

Oehlers и Moran [2] и Oehlers [3], за лента која завршува во дел со константен момент, предлагаат израз за определување на одвојувачкиот момент од свиткување $M_{db,f}$ на крајот од лентата, кој треба да биде споредeн со момент кој дејствува на крајот од лентата:

$$M_{db,f} = \frac{E_c I_{trc,c} f_{ct}}{0.901 E_{frp} t_{frp}}, \quad (1)$$

каде што E_c и E_{frp} се модули на еластичност на бетонот и FRP, соодветно; $I_{trc,c}$ момент на инерција на испуканиот пресек; f_{ct} јакост на затегнување на бетонот и t_{frp} дебелина на лентата за зајакнување.

За лента која завршува во близина на потпора забележано е дека смолкнувачкото одвојување се појавува кога силата на смолкнување на крајот од лентата $V_{db,s}$ ќе го достигне капацитетот на смолкнување на бетонот во армиранобетонската греда:

$$V_{db,s} = V_c = [1.4 - (d/2000)] b_c d \left[\rho_s f_c'\right]^{1/3} \quad (2)$$

каде што $\rho_s = \frac{A_s}{b_c d}$ е коефициент на внатрешната арматура на затегнување; A_s површина на арматурата за затегнување; b_c ширина на пресекот и d ефективна висисна на пресекот.

За случаи каде што се важни и силата на смолкнување и моментот на крајот од лената Oehlers предлага интеракциска формула базирана на експериментални резултати:

$$\frac{M_{db,end}}{M_{db,f}} + \frac{V_{db,end}}{V_{db,s}} = 1.17 \quad (3)$$

$$M_{db,end} \le M_{db,f}, \; V_{db,end} \le V_{db,s}. \quad (4)$$

4.2. Модел на Jansze

Моделот предложен од Jansze [4] е развиен за предвидување на носивоста при луштење на греди зајакнати со челични ленти и базира на почетокот на прскањето на армиранобетонската греда предизвикано од смолкнување. Критичната сила на смолкнување во лентата кај зајакнатата армиранобетонска греда која предизвикува луштење $V_{db,end}$ е дадена со равенката:

$$V_{db,end} = \tau_{PES} b_c d \quad (5)$$

каде што

$$\tau_{PES} = 0.18\sqrt[3]{3\frac{d}{B_{\mathrm{mod}}}}\left(1+\sqrt{\frac{200}{d}}\right)\sqrt[3]{100\ \rho_s f_c'} \tag{6}$$

$$B_{\mathrm{mod}} = \sqrt[4]{\frac{\left(1-\sqrt{\rho_s}\right)^2}{\rho_s}da^3}\ . \tag{7}$$

каде што B е растојание на смолкнување и B_{mod} модифицирано растојание на смолкнување.

4.3. Модел на Ahmed и van Gemert

Jansze-овиот модел е модифициран од Ahmed и van Gemert [5] и може да се примени за армиранобетонски носачи зајакнати со FRP лента. Моделот е калибриран врз основа на експериментални резултати добиени за армиранобетонска греда зајакната со FRP лента, кај која ломот настанал со сепарација на бетонскиот заштитен слој. Според моделот критичната сила $V_{db,end}$ се определува според равенката:

$$V_{db,end} = (\tau_{PES} + \Delta\tau_{\mathrm{mod}})b_c d \tag{8}$$

каде што

$$\Delta\tau_{\mathrm{mod}} = \tau_{PES}\ b_c d\left(\frac{S_s}{I_s b_{frp}} - \frac{S_{frp}}{I_{trc,c} b_a}\right) + 6188\ .5\left(\frac{\tau - 4.121}{b_c d}\right) \tag{9}$$

$$\tau = \left(0.15776\ \sqrt{f_c'} + \frac{17.2366\ \rho_s d}{B}\right) + 0.9\frac{A_{s\upsilon} f_{y\upsilon}}{sb_c} \tag{10}$$

каде што τ_{PES} се определува според равенката (6) од моделот на Jansze; S_{frp} статички момент на инерција на FRP лентата и на еквивалентна челична лента; $I_{trc,c}$ и I_s моменти на инерција; b_{frp} и b_a ширина на FRP лентата и адхезивот. $A_{s\upsilon}$ и $f_{y\upsilon}$ се површина и напрегање при течење на узенгиите.

Модификацијата дадена со равенките (9) и (10) се должи на разликата во контактно површинските напрегања на смолкнување помеѓу армиранобетонската греда и лента, како резултат на замена на челичната со FRP лента.

5. МОДЕЛИ НА БЕТОНСКИ ЗАПЦИ

5.1. Модел на Raoof и Zhang

За предвидување на лом на бетонскиот заштитен слој кај греди зајакнати со челична лента Raof и Zhang [6] развија модел кој го користи концептот на “бетонски запци”-површина помеѓу две соседни пукнатини, која е под дејство на хоризонтални напрегања на смолкнување од основата на гредата и се деформира како конзола. Се претпоставува дека луштењето на лента ќе се појави кога напрегањата на затегнување на горниот дел од “забецот”, кои се предизвикани од напрегањата на смолкнување, ќе ја пречекорат јакоста на затегнување на бетонот. Напрегањата кои се појавуваат во лентата при нејзиното луштење може да се определат со дефинирање на ефективна должина на закотвување на лента. Ако е познато напрегањето во лентата, со користење на конвенционална анализа на пресекот, под претпоставка дека истиот останува рамен при свиткување, може да биде пресметан моментот кој предзвикува луштење на лентата.

Модот на лом, според Raof и Zhang [6], е контролиран од карактеристиките на индивидуалните “забци”, а минималното и максималното растојание помеѓу пукнатините се определува согласно следните равенки:

$$l_{\min} = \frac{A_e f_{ct}}{u\left(\sum O_{bars} + b_{frp}\right)} \tag{11}$$

$$l_{\max} = 2 l_{\min} \tag{12}$$

каде A_e е површина на затегнатиот бетон; u средна јакост на врската челик-бетон и $\sum O_{bars}$ вкупен периметар на внатрешната арматура во зона на затегнување.

Игнорирајќи ја интеракцијата помеѓу соседните "забци" и претпоставувајќи еластично однесување, може да се определи и напрегањето на смолкнување кое предизвикува лом. Ломот на "забецот" со појавува кога напрегањето во точката А, σ_A, ќе ја надмине јакоста на затегнување во бетонот:

$$\sigma_A = \frac{M_A}{I_A}\left(\frac{l}{2}\right) \tag{13}$$

каде $M_A = \tau l b_{frp} h'$ и $I_A = \frac{b_{frp} l^3}{12}$. Во оваа равенка l е растојание помеѓу пукнатините; h' е чиста висина на бетонскиот заштитен слој; τ напрегање на смолкнување на контактната површина помеѓу бетонот и плочата; I_A момент на инерција на "забецот" и M_A момент кој дејствува на основата на "забецот".

Се претпоставува дека во моментот на лом $\sigma_A = f_{ct}$. Според оваа теорија се претпоставува дека сите "забци" во крајната зона на закотвување ќе паднат истовремено при луштењето.

$$\tau_{\min} = \frac{f_{ct} l_{\min}}{6 h'} \frac{b_c}{b_{frp}} \tag{14}$$

Минималното напрегање во лената, $\sigma_{s,min}$, потребно да предизвика пукање од свиткување се определува согласно равенката:

$$\sigma_{s,\min} = 0.154 \frac{L_p h_1 b_c^2 \sqrt{f_{cu}}}{h' b_{frp} t_{frp} \left(\sum O_{bars} + b_{frp}\right)} \tag{15}$$

каде L_p е ефективна должина на закотвување на лентата; h_1 растојание од затегната внатрешна арматура до основата на армиранобетонската греда.

Ефективната должина на закотвување е препорачливо да биде помала од должината на лентата во делот на смолкнување L_{p1} и се препорачува:

$$L_{p2} = l_{\min}\left(21 - 0.25 l_{\min}\right) \quad l_{\min} \le 72\ mm \tag{16}$$

$$L_{p2} = 3 l_{\min} \quad l_{\min} > 72\ mm \tag{17}$$

5.2. Модел на Raoof и Hassanen

Моделот на Raoof и Zhang [6] е модифициран од Raoof и Hassanen [7], кои презентираат модел на греда зајакната со FRP лента. Тие предлагаат два изрази за определување на ефективната должина на закотвување на FRP лентата, со две коренспондирачки вредности за граничните напрегања на смолкнување на контактот помеѓу FRP лентата и бетонот.

Во првиот модел презентиран од Raoof i Hassanen преку равенката (11) се пресметува минималното растојание помеѓу пукнатините. Ефективната должина на закотвување на лентата е земено да биде помало од должината на лентата во делот на смолкнување:

$$L_{p2} = l_{\min}\left(24 - 0.5 l_{\min}\right) \quad l_{\min} \le 40\ mm \tag{18}$$

$$L_{p2} = 2 l_{\min} \quad l_{\min} > 56.5\ mm \tag{19}$$

Во вториот модел јакоста на врската помеѓу FRP лентата и бетонот е ограничена на 0.8 MPa, додека јакоста помеѓу внатрешната арматура и бетонот е иста како што е специфицирано кај моделот на Raof и Zhang [6]. Ефективната должина на закотвување на FRP лентата е дефинирана како помала од должината на лентата во делот на смолкнување:

$$L_{p2} = l_{\min}\left(11.6 - 0.17\, l_{\min}\right) \quad l_{\min} \le 56.5\ mm \tag{20}$$

$$L_{p2} = 2 l_{\min} \quad l_{\min} > 56.5\ mm \tag{21}$$

For the purpose of so called capret pluviator technique of installing the sand in the laminar box, sieve is constructed (fig. 7, left). Based on previous studies and tests, the sieve is made from wooden frame and steel plate perforated with holes of 10 mm (fig.7, right). Calibration tests of installing the sand into the laminar box are expected to verify whether the designed sieve is suitable for installation of the sand.



Figure 7. The constructed sieve for installing the sand

5. CONCLUSION

Model testing under 1-G environment in earthquake geotechnical engineering has become an integral part of research. Detail design procedure and description of the components of the laminar shear container which is designed and installed in IZIIS have been presented in this paper. Use of laminar box can improve efficiency of testing and can better simulate ground conditions in geomodels testing. Amplification, liquefaction and cyclic mobility phenomenon, excess pore water pressure generation and dissipation rates can be performed using such facilities.

The designed laminar box is going to be used in order to investigate the liquefaction phenomena and cyclic response of cohesion less soils. The sand which is planned to be used in the shaking table tests is representative for the alluvial deposits around the Vardar River and the performed investigations can be good basis for further definition and higher awareness of the liquefaction hazard in Republic of Macedonia.

We strongly believe that this new design of Laminar Container will overcome a lot of shortcomings that previous types of laminar box or shear box exhibits such as boundary conditions, saturation of sand etc. The results from the planned investigations will have big influence in the European region for the development of the geotechnical earthquake engineering.

6. AKNOWLEDGEMENT

The research and the design is supported by the European FP7 Project UREDITEME REGPOT-2008-1 (Upgrading of research equipment for dynamic testing of large scale models), grant no. 230099

REFERENCES

[1] Alper Turan, Sean D. Hinchberger, et al., Design and commissioning of a laminar soil container for use on small shaking tables, Soil Dynamics and Earthquake Engineering **29**: (2009) 404-414

[2] Cvetanovska J. et al. (2012) Important Aspects In Design Of Laminar Soil Container For 1-G Shaking Table Tests, 22nd European Young Geotechnical Engineers Conference, Gothenburg, Sweden, 26-29th August, 2012

[3] Cvetanovska J. et al. (2013) Sand characterization for experimental studies on liquefaction phenomena. ICEGE Conference, from case history to practice in honour of prof. Kenji Ishihara, Istanbul 2013

[4] Coelho P. In situ densification as a liquefaction resistance measure for bridge foundations. PhD thesis (2007), Churchill College, Cambridge

[5] Cubrinovski M., T. K. a. K. I. (2006). "Interpretation from large-scale shake table tests on piles undergoing lateral spreading in liquefied soils." Soil Dynamics and Earthquake Engineering 26: 275-286

[6] S. K. Prasad, I. Towhata, G. P. Chandradhara and P. Nanjundaswamy. Shaking table tests in earthquake geotechnical engineering. Current science, special section: geotechnics and earthquake hazards (2004) **87**(10)

[7] Jafarzadeh, f. Design and evaluation concepts of laminar shear box for 1g shaking table tests. 13th world conference on earthquake engineering (2004)Paper No. 1391. Vancouver, B.C., Canada

[8] A.T. Carvalho, J. Bilé Serra, et al. Design of experimental setup for 1 g seismic load tests on anchored retaining walls. Physical Modelling in Geotechnics – Springman, Laue & Seward (eds) L. © 2010 Taylor & Francis Group, ISBN 978-0-415-59288-8.

[9] V. Sesov. Dynamic behavior of potentially nonstable layers and application of a model for decreasing the seismic risk of liquefaction occurrence. PhD Thesis (2003). University Ss. Cyril and Methodius-Skopje, Macedonia

[10] S. Iai. Similitude for shaking table tests on soil-structure-fluid model in 1g gravitational field. (1989) Soils and Foundations **29**(1): 105-118

[11] Stringer, M. E., L. Pedersen, et al. (2013). Design and use of a rotating spiral pluviator for creating large sand models. ICPMG2014 Physical Modelling in Geotechnics, CRC Press: 253-258

[12] Tatsuoka et al. (1986). "Cyclic undrained riaxial and torsional shear strength of sands for different sample preparation methods" Soils and Foundations Vol.26 No.3 23-41

[13] Taylor C.A., Dar A.R., Crew A.J.,(1994), "Shaking table modelling of seismic geotechnical problems", Proceeding of the 10th European Conference on Earthquake Engineering , Balkema, 1995: 441-446

[14] Towhata, I. (2004). Development of Geotechnical Earthquake Engineering in Japan. 6th Int. Conf. Soil Mech. Geotech. Eng. Osaka, Japan. 1: 251-291

[15] Terzaghi, K.; Peck, R. and Mesri, G. (1996)."Soil mechanics in Engineering Practise". 3ª ed., New York, John Wiley & Sons Inc, USA

[16] Ueng, T. S. (2010). "Shaking Table Tests for Studies of Soil Liquefaction and Soil-Pile Interaction." Geotechnical Engineering Journal of the SEAGS &AGSSEA 41(1)

[17] V. K. Gade, T. N. D., V. B. Chauhan & S. M. Dasaka (2013). Portable traveling pluviator to reconstitute specimens of cohesionless soils. Indian Geotechnical Conference Roorkee, India

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 3

Sergey CHURILOV[1], Kristina MILKOVA[2], Elena DUMOVA-JOVANOSKA[3]

EXPERIENCES FROM CALIBRATION OF MATHEMATICAL MODELS OF MASONRY STRUCTURES BASED ON IN-SITU DYNAMIC TESTS

SUMMARY

This paper presents some experiences from using structure dynamic characteristics assessed by ambient vibration measurements in numerical modeling and FE updating of masonry structures. Three unreinforced and one confined masonry structure were used. First, proposed relations from Eurocode 6 were used to predict the material properties, and then according to the assessed mode shapes and frequencies, two parameters were iteratively changed to calibrate the mathematical models, modulus of elasticity and stiffness of the floor slabs. The results show that one should pay special attention taken when selecting the material properties for the existing masonry structures.

Keywords: calibration, masonry, mathematical model, ambient vibration, frequency

Сергеј ЧУРИЛОВ[1], Кристина МИЛКОВА[2], Елена ДУМОВА-ЈОВАНОСКА[3]

ИСКУСТВА ОД КАЛИБРИРАЊЕ НА МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ НА SИДАНИ ОБЈЕКТИ ВРЗ ОСНОВА НА IN-SITU ДИНАМИЧКИ ТЕСТОВИ

РЕЗИМЕ

Во овој труд е прикажано искуството на користење на динамичките карактеристики проценетисо мерења на амбиенталните вибрации при нумеричко моделирање и калибрирање на математички модел за sидани конструкции. Анализирани се три конструкции од неармирана sидарија и една конструкција од врамена sидарија. Најпрво,при моделирањето користени се карактеристиките на sидаријата дефинирани во Еврокод 6, а потоа, според утврдените фреквенции на тоновите форми, со промена на вредноста на модулот на еластичност, направена е калибрација на математичкиот модел. Резултатите покажуваат дека потребна е голема внимателност при избор на материјалните карактеристики на постоечките sидани конструкции.

Клучни зборови: калибрација, sидарија, математички модел, амбиент вибрации, фреквенција

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Macedonia, curilov@gf.ukim.edu.mk
[2] MSc, PhD student, Faculty of Civil Engineering, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Macedonia, kristina.manevska@gf.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, Macedonia, dumova@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

За да се проценат карактеристиките на ѕидаријата од која се изведени четирите објекти од интерес, во овој труд формирани се математички модели и извршена е калибрација на карактеристиките на ѕидаријата врз основа на резултати добиени од динамички тестови.Примарна цел на динамичките тестови извршени на лице место на објектот е да се идентификуваат динамичките карактеристики на конструкцијата преку мерење на амбиенталните вибрации. Со нив, директно се проценува крутоста на објектот преку тоновите форми и фреквенциите на слободни осцилации за нив.

Динамичките тестовисе спроведуваат со мерења на забрзувањата,а се извршени со мобилна опрема, тип Digitexx PDAQ Premium portable system со физички димензии 457 x 330 x 170 mm. Овој систем овозможува далечинско прибирање на податоци и далечинска анализа.Главни карактеристики на овој систем за прибирање на податоци се: 16 канали, 24 бита, локална и далечинска анализа на податоци во реално време, FFT, функции за трансфер, релативно катно поместување базирано на стандардите за сеизмичка сигурност FEMA 351 и 274, хистерезисни петелки за релативните катни поместувања, пресметување на забрзувања, брзини и поместувања. Овој систем овозможува најповолни перформанси за постојан мониторинг на однесувањето на конструкциите за период до 6 месеци. Сензорите со кои што се следат забрзувањата (акцелерометри) се триаксијални микро електро-механички капацитативни со широк динамички ранг +/- 3g, одличен опсег и ултра ниски шумови, што ги прави идеални за мониторинг на конструкциите.

За определување на динамичките карактеристики искористен е програмот ARTeMIS Modal 2.5.0.5 (2014). Во анализата не се земени предвид вертикалните забрзувања поради тоа што за овој тип на конструктивен систем тие немаат значително влијание.Пред анализата, измерените сигнали се обработени со дигитален филтер. Филтрирањето е извршено со филтер од типот Lowpass од 8 ред со фреквенција за прекин (cut-off frequency) од 20 Hz.Динамичките карактеристики на објектот се идентификувани со помош на методот за декомпозиција на фреквентниот домен (FDD-Frequency Domain Decomposition) кој се базира само на излезните податоци.

Математичките модели на конструкциите се направени со компјутерскиот програм Robot Millennium (2007), производ на компанијата Robobat. Столбовите и гредите (во објектите каде се идентификувани) се моделирани со гредни конечни елементи сопретпоставени изотропни карактеристики, а плочите и ѕидовите се моделирани со плочести конечни елементи со 4 јазли соизотропни карактеристики. Граничните услови на конструкцијата со подлогата се моделирани во форма навклештувања, односно се разгледува крута подлога.Анализите се спроведени со реалните натоварувања и реалните геометриски карактеристики на носивите елементи. Механичките карактеристики на ѕидаријата се утврдени со изрази според Еврокод 6 (EN 1996-1-1:2005), и тоа за јакост на притисок $f_k = 0.55 \cdot f_b^{0.7} \cdot f_m^{0.7}$, Јунгов модул на еластичност $E = 1000 \cdot f_k$, модул на смолкнување $G = 0.4 \cdot E$, волуменска тежина $\gamma_m = 16\ kN/m^3$.

За да се дефинира математички модел којшто ќе гипоседува реалните крутосни карактеристики на објектите, врз основа на експериментално утврдените динамички карактеристики на објектите,извршено е калибрирање на пресметковните модели. Голем број параметри може да имаат влијание врз крутосните карактеристики на објектите како на пример: Јунговиот модул на еластичност, волуменската тежина, геометријата на објектите, состојбата и континуалноста на ѕидовите (без или со присуство на пукнатини), врските со меѓукатните конструкции и кровот, начинот и типот на фундирање на објектите, типот и карактеристиките на почвата на која е фундиран објектот и сл.

Меѓутоа, поради бројноста на променливите големини, како и поради неможноста детално да бидат проверени и утврдени голем дел од променливите големини, калибрирањето е вршено со промена на Јунговиот модул на еластичност (во еден и двата хоризонтални правци) итипот на меѓукатната конструкција, апсолутна крута во својата рамнина и со реални димензии на напречниот пресек. Целта на калибрацијата е да се добијат приближни фреквенции на слободните непридушени осцилации во однос на експериментално проценетите.

2. ОБЈЕКТ 1 –Станбена зграда наул. „Борис Кидрич“ бб во Тетово

2.1 Опис и конструктивен систем

Зградата се состои од подрум, приземје и кат со вкупна висина над котата на теренот од 8.40m, Студија 1 (2014). Во основа објектот има правоаголна форма и габаритни димензии 22.4x10.4 m, а од конструктивна гледна точка објектот претставува една целина (не постојат дилатациони фуги) и истиот е симетричен во однос на двете ортогонални оски, сл. 2.1. Геометријата на објектот е утврдена на лице место, додека примероците од ѕидаријата (полна тула) извадени од карактеристични позиции се испитани експериментално во лабораторија.

Основниот конструктивен систем на објектот е масивен, составен од носиви ѕидови од полна глинена тула во двата ортогонални правци, сл. 2.2. Бидејќи непостојат доволно информации, се претпоставува дека за врзно средство е искористен продолжен малтер. Дебелината на ѕидовите е различна и се движи од 50 cm, 38 cm, 28 cm и 12 cm. Меѓукатната конструкција меѓу приземјето и катот е ситноребраста армиранобетонска плоча со дебелина на плочата од 7cm и димензии на ребрата 10x25cm. Поради неможност детално да се утврди растојанието на ребрата, се претпоставува декаребрата се поставени на меѓусебно растојание од 60cm. Над катот не е изведенаармиранобетонска плоча, а во подрумот е изведена подна плоча која најверојатно лежи нанасип. Кровната конструкција е дрвена столица со керамиди како кровен покривач.Вертикалната комуникација се остварува преку армирано-бетонски скали. Иако немаподатоци за видот и димензиите на фундаментите, може да се смета дека станува збор залентовидни темели под носечките ѕидови кои што се изведени од бетон. Ѕидовите во подрумот сеизведени од бетон чии физичко-механички карактеристики не се познати.

Во отсуство на каква било информација за вградените материјали во објектот,извршено е лабораториско испитување на механичките карактеристики на ѕидаријата со земање тули од ѕидовите.Земенитепримероци тула се обработени и испитани согласно важечките методи за испитување тули,блокови и плочи од глина, односно според стандардот МКС Б.Д8.011/1987. Согласно испитувањата, добиени се следниве средни вредности за тулата: волуменска тежина$\gamma_b = 16.08\ kN/m^3$, јакост на притисок$f_b = 9.32\ N/mm^2$.

2.2 Динамички тестови на лице место

Извршени се три серии мерења на амбиенталните забрзувања, едно на катот на конструкцијата и две серии на приземјето. Изборот на точките и должината на секоја серија мерења овозможуваат преглед на однесувањето на конструкцијата во мерените локации. Мерењата се спроведоа на 3. април 2014 год., авкупното времетраење на секое мерење изнесува 305 sec ~ 5 min, со фреквенција на запишување од 200 Hz.

Мерењето на забрзувањата е извршено со користење на триаксијални сензори - акцелерометри со мерење и запишување на податоците во 6 точки од конструкцијата. На катот мерењата се извршени во една серија во сите 6 точки. Поради ограничување на бројот на расположливи



Слика 2.1. Основа на приземје на објект 1

Слика 2.2 Изглед на објектот 1



Слика 2.3. Мерни точки, насока на оски и броеви на канали за објект 1



Слика 2.4. Модел за симулација во ARTeMIS Modal за објект 1

сензори, на приземјето извршени се две серии мерења, со преместување на еден сензор на различна позиција во двете серии. На сликата 2.3 прикажан е шематски распоред на мерните точки по катови, како и правците и бројот на каналите во кои се извршени мерењата. Распоредот на точките е идентичен за сите серии мерења.Измерените аналогни сигнали беа дигитализирани и зачувани во ASCII формат,аквалитетот на снимените податоци визуелно беше проверен на лице место со прегледна необработените сигнали во временско подрачје за секој канал. На лице место беше извршенабрза Фуриева трансформација на необработените сигнали за некои канали.За сите добиени сигнали извршено е елиминирање на можнитепојави за трендовска зависност на влезните истории, како и неутрализирање наотстапувањето од основната линија на сигналот поради влијание на електричните импулси(DC offset). Обработените сигнали визуелно се споредени со влезните сигнали(необработени) за да се провери нивниот квалитет и да се откријат евентуалнизабележителни отстапувања. Сите операции за обработка на сигналите и презентирање надобиените резултати се извршени со сопствен програмски код во програмот Matlab (2014). Обработените сигнали заедно со позициите на сензорите се внесени во програмот, ARTeMIS Modal 2.5.0.5,сл. 2.4.

Динамичките карактеристики на објектот се идентификувани со помош на методотFDD, сл. 2.5.Тоновите форми на осцилации и соодветните фреквенции се прикажани на сл. 2.6 и 2.7. Според добиениот одговор, конструкцијата во првата тонова форма ($f_1 = 6.69\ Hz$) осцилира во правецот X (подолжно) со транслација и мала ротација. Во втората тонова форма ($f_2 = 7.52\ Hz$), конструкцијата осцилира транслаторно во правецот Y (попречно), повторно со ротација на конструктивниот систем. Во третата тонова форма ($f_3 = 8.25\ Hz$) осцилациите се околу вертикалната оска, односно во вид на торзија на конструктивниот систем.



Слика 2.5. Единечните вредности за спектралните матрици на густина за објект 1



Слика 2.6. Тонова форма 1 - правец X (подолжен), $f_1 = 6.69\ Hz, T_1 = 0.149\ sec$



Слика 2.7. Тонова форма 2 - правец Y (попречен), $f_2 = 7.52\ Hz, T_2 = 0.133\ sec$

2.3 Динамички карактеристики

Динамичката анализа на конструкцијата е спроведена на просторен математички модел со користење на анализа со тонови форми преку која се пресметани периодите и тоновите форми. За да се добијат приближно еднакви вредности на измерените, во математичкиот модел направени се повеќе различни калибрации на променливите параметри. Прикажаните вредности на тоновите форми насл.2.8 и 2.9 се однесуваат на конечниот, „искалибриран“, математички модел.

3. ОБЈЕКТ 2 – Семејна куќа на ул. „Багдадска“ во Скопје

3.1 Опис и конструктивен систем

Објектот е изведен со конструктивен систем од неармирана ѕидарија. Ѕидаријата е изведена од полна глинена тула со димензии 250x120x65 mm и продолжен малтер. Објектот е со катност П+1, а се наоѓа на ул. „Багдадска“ во нас. Тафталиџе во Скопје, Студија 2 (2014).За објектот пронајдена е оригинална проектна документација од која што се превземени потребните информации за анализата и експерименталните мерења.

Зградата е наменета за семејно домување и содржи 4 станбени единици,односно по 2 единици на кат и 2 влеза. Функционално е поделена на две целини со оска на симетрија во средината, а едната целина е заротирана паралелно на оската на симетрија за180^0, сл. 3.1 и 3.2. Дополнително, двете целини во основа се поместени една во однос на друга за 140 cm.Во основа објектот има правоаголна форма со габаритни димензии од 14.00x11.00 m. Вонапречен пресек објектот содржи подрум, приземје и кат. Катните височини се -2.30, ±0.00,+2.90, +5.90 m.



Слика 2.8. Пресметана тонова форма 1 - правец X (подолжен), $f_1 = 6.73\ Hz, T_1 = 0.149\ sec$



Слика 2.9. Пресметана тонова форма 2 - правец Y (попречен), $f_2 = 7.51\ Hz, T_2 = 0.133\ sec$



Слика 3.1. Основа на приземје на објект 2



Слика 3.2. Пресек на објектот 2

Од конструктивна гледна точка објектот претставува една целина, односно не постојат дилатациони фуги. Основниот конструктивен систем на објектот е масивен и се состои од носечки ѕидови од ѕидарија поставени во двата ортогонални правци во основата на објектот. Дебелината на ѕидовите е различна, 38 cm, 25 cm и 12 cm.Меѓукатната конструкција меѓу приземјето и катот е ситноребраста армиранобетонска плоча. Над катот е проектирана армирано бетонска плоча за отворена рамна тераса. На терен е утврдено дека над катот е изведена дрвена кровна конструкција. Кровната конструкција е дрвена столица со керамиди како кровен покривач. Вертикалната комуникација се остварува преку армиранобетонски скали. Иако нема податоци за видот и димензиите на фундаментите, може да се смета дека станува збор за лентовидни темели под носечките ѕидови, најверојатно изведени од бетон со непознатифизичко-механички карактеристики.

3.2 Динамички тестови на лице место

Извршени се две серии мерења, едно на катот на конструкцијата и едно на приземјето. Изборот на точките и должината на секоја серија мерења овозможуваат преглед на однесувањето на конструкцијата во мерените локации. Мерењата се спроведоа на 5. декември 2013 год., а вкупното времетраење на секое мерење изнесува 305 sec ~ 5 min, со фреквенција на запишување од 200 Hz.



Слика 3.3. Мерни точки, насока на оски и броеви на канали за објект 2



Слика 3.4. Модел за симулација во ARTeMIS Modal за објект 2

Мерењето на забрзувањата е извршено со користење на триаксијални сензори - акцелерометри со мерење и запишување на податоците во 5 точки од конструкцијата, односно по едно мерење на кат. На сликата 3.3 прикажан е шематски распоред на мерните точки по катови, како и правците и бројот на каналите во кои се извршени мерењата. Распоредот на точките е идентичен за двете серии мерења. При спроведувањето на испитувањата, движењето и активноститена луѓето присутни во објектот беа ограничени за времетраење на сериите, се со цел да се избегне евентуално влијание врз снимените податоци. Сите сензори беа поставени на тврда подлога со цел да се избегнат евентуални грешки при мерењата. Снимените податоци се обработени и внесени во анализата на сличен начин како за објекот 1, сл. 3.4.



Слика 3.5. Единечните вредности за спектралните матрици на густина за објект 2

Динамичките карактеристики на објектот се идентификувани со помош на методот FDD, сл. 3.5.Тоновите форми на осцилации се прикажани на сл. 3.6 и 3.7. Според добиениот одговор, конструкцијата во првата тонова форма ($f_1 = 6.74\,Hz$) осцилира во правецот X (подолжно) со транслација и мала ротација. Во втората тонова форма ($f_2 = 8.59\,Hz$), конструкцијата осцилира транслаторно во правецот Y (попречно), повторно со ротација на конструктивниот систем. Во третата тонова форма ($f_3 = 9.67\,Hz$) осцилациите се околу вертикалната оска, односно во вид на торзија на конструктивниот систем.

3.3 Динамички карактеристики

Динамичката анализа на конструкцијата е спроведена на просторен математички модел со користење на анализа со тонови форми преку која се пресметани периодите и тоновите форми. За да се добијат приближно еднакви вредности на измерените, во математичкиот модел направени се повеќе различни калибрации на променливите параметри. Прикажаните вредности на тоновите форми на сл. 3.8 и 3.9 се однесуваат на конечниот, „искалибриран“, математички модел.



Слика 3.6. Тонова форма 1 - правец X (подолжен), $\boldsymbol{f_1 = 6.74\,Hz, T_1 = 0.148\,sec}$



Слика 3.7. Тонова форма 2 - правец Y (попречен), $\boldsymbol{f_2 = 8.59\,Hz, T_2 = 0.116\,sec}$



Слика 3.8. Пресметана тонова форма 1 - правец X (подолжен), $\boldsymbol{f_1 = 6.84\ Hz, T_1 = 0.146\ sec}$



Слика 3.9. Пресметана тонова форма 2 - правец Y (попречен), $\boldsymbol{f_2 = 8.42\ Hz, T_2 = 0.119\ sec}$

4. ОБЈЕКТ 3 – Семејна куќа на ул. „Ленинградска“ во Скопје

4.1 Опис и конструктивен систем

Куќата се состои од подрум, приземје и два ката со вкупна височина од 11.60 m, Студија 3 (2014). Во основа објектот има приближно квадратна форма со габаритни димензии 12.76 x 12.00 m. Од конструктивна гледна точка објектот претставува една целина на која е придодаден еден новдел во северозападниот агол на објектот што претставува проширување на постојните тераси. Оваа доградба била изведена пред десеттина години од армирано бетонски рамовски системкој најверојатно не е анкеруван во постојниот објект. За потребите на оваа анализа оваа доградба не е третирана конструктивно.

Основниот конструктивен систем на објектот е масивен, составен од носиви ѕидови од полна тула во двата ортогонални правци, сл. 4.1. Дебелината на ѕидовите е 38 cm на фасадните ѕидови и25 cm и 12 cm на преградните ѕидови. Меѓукатната конструкција на првиот кат е изведена на висинска кота +3.10 m, на вториот на кота +6.20 m, а на третиот на +9.30 m. Меѓукатната конструкција на сите катови се состои од дрвени греди во подолжен правец со димензии 20x30 cm, поставени на меѓусебно растојание од ~70 cm. Гредите се поврзани со дрвени летви во попречен правец, а просторот помеѓу е исполнет со прашинкаст материјал. Кровната конструкција е релативно нова, изведена пред неколку години при реновирање на третиот кат.



Слики 4.1. Основа на приземје на објект 3

Слика 4.2. Изглед на објектот 3

Таа е со конструктивен систем дрвена столица и керамиди како кровен покривач. Вертикалната комуникација се остварува преку армирано бетонски скали. Иако нема податоци за видот и димензиите на фундаментите, може да се смета дека станува збор за лентовидни темели под носечките ѕидови, најверојатно изведени од бетон. Изгледот на објектот е прикажан на сл. 4.2.



Слика 4.3 Мерни точки за објект 3



Слика 4.4 Модел за симулација во ARTeMIS Modalза објект 3 (прикажан само X правец)

4.2 Динамички тестови на лице место

Вкупно извршени се 5 серии мерења, четири на првиот кат на конструкцијата и една серија на вториот кат. Мерењата се спроведоа на 19. ноември 2014 год., авкупното времетраење на секое мерење изнесува 180 sec = 3 min и фреквенција на запишување од 200 Hz. На сликата 4.3 прикажан е шематски распоред на мерните точки во кои се извршени мерењата. За овие снимања искористени се едноаксијални сензори – акцелерометри. За добивање на резултати во двата хоризонтални правци, овие сензори се ротирани за 90^0 пред секое мерење во дадениот правец. Обработените сигнали заедно со позициите на сензорите се внесени во програмот, ARTeMIS Modal, сл. 4.4. Обработката и подготовката на снимените сигнали за проценка на динамичките карактеристики е спроведена на сличен начин како за објектот 1.



Слика 4.5. Единечните вредности за спектралните матрици на густина за објект 3

Динамичките карактеристики на објектот се идентификувани со помош на методотFDD, сл. 4.5.Тоновите форми на осцилации се прикажани на сл. 4.6 и 4.7. Според добиениот одговор, конструкцијата во првата тонова форма ($f_1 = 5.66\ Hz$) осцилира во правецот X (попречен) со транслација и мала ротација. Во втората тонова форма ($f_2 = 6.05\ Hz$), конструкцијата осцилира транслаторно повторно со мала тенденција за ротација на конструктивниот систем.



Слика 4.6 Тонова форма 1 - правец X (подолжен), $\boldsymbol{f_1 = 5.66\ Hz, T_1 = 0.176\ sec}$



Слика 4.7 Тонова форма 2 - правец Y (попречен), $f_2 = 6.05\ Hz, T_2 = 0.165\ sec$

4.3 Динамички карактеристики

Динамичката анализа на конструкцијата е спроведена на просторен математички модел со користење на анализа со тонови форми преку која се пресметани периодите и тоновите форми. За да се добијат приближно еднакви вредности на измерените, во математичкиот модел направени се повеќе различни калибрации на променливите параметри. Прикажаните вредности на тоновите форми на сл. 4.8 и 4.9 се однесуваат на конечниот, „искалибриран“, математички модел.



Слика 4.8 Пресметана тонова форма 1 - правец X (подолжен), $\boldsymbol{f_1 = 5.60\ Hz, T_1 = 0.179\ sec}$



Слика 4.9 Пресметана тонова форма 2 - правец Y (попречен), $f_2 = 6.15\ Hz, T_2 = 0.163\ sec$

5. ОБЈЕКТ 4 – Училишна зграда на ОУ „Војдан Чернодрински“ во Скопје

5.1 Опис и конструктивен систем

Објектот на ОУ „Војдан Чернодрински“ во Скопје е карактеристичен пример на јавни објекти изградени пред Скопскиот земјотрес во 1963 година. За објектот е пронајдена некомплетна оригинална проектна документација во Архивот на Македонија. Согласно податоците од проектот, објектот е изграден во 1952 год., и се состои од приземје и 2 ката. Зградата има правоаголна форма со габаритни димензии 53.38x10.18 m, сл. 5.1. Конструктивниот систем е изведен од врамена ѕидарија и се состои од ѕидови од полни тули и малтер со непознати карактеристики, како и армирано бетонски столбови од марка МБ 16 поставени на рамномерни растојанија. Меѓукатните конструкции се проектирани како ситноребрести со МБ 22 со одреден број армирано бетонски греди од марка МБ 22 кои поврзуваат неколку столбови и премостуваат поголеми отвори. Дебелината на фасадните ѕидови и главниот преграден ѕид изнесува 38 cm, додека дебелините на преградните ѕидови меѓу училниците и помошните простории изнесуваат 25 cm и 12 cm, соодветно. Во проектот извршена е само статичка анализа и димензионирање од вертикални гравитациони товари. Изглед на објектот е прикажан на сл. 5.2.



Слика 5.1 Основа на приземје на објект 4

Слика 5.2 Изглед на објектот 4

5.2 Динамички тестови на лице место

На објектот се спроведени три серии на тестови со мерење на амбиенталните вибрации на 18 август 2011 год. Секоја серија содржи резултати од акцелерометрите кои беа лоцирани на секој кат, односно мерењата се спроведоа со 9 сензори со променлива местоположба и 1 фиксен (референтен) сензор. Во овие мерења беа користени едноаксијални и триаксијални акцелерометри. Вкупното времетраење на секое мерење изнесува 212 sec = 3.5 min, со фреквенција на запишување од 200 Hz.На сликата 5.3 прикажан е шематски распоред на мерните точки во кои се извршени мерењата. Обработените сигнали заедно со позициите на сензорите се внесени во програмот, ARTeMIS Modal. Обработката и подготовката на снимените сигнали за проценка на динамичките карактеристики е спроведена на сличен начин како за објектот 1. При проценката на динамичките карактеристики користени се снимените податоци за двата хоризонтални правци X и Y поединечно, сл. 5.4.



Слика 5.3 Мерни точки, насока на оски и локација на кабли за објект 4



(а) Правец X (б) Правец Y

Слика 5.4 Модели за симулација во ARTeMIS Modal за објект 4

Измерениот одговор на конструкцијата на амбиенталните вибрации беше анализиран со методите FDD и EFDD (подобрен метод на декомпозиција на фреквентниот домен), Churilov (2012).Со двата метода се добиени многу блиски резултати, а просечните нормализирани единечни вредности за спектралните матрици на густинана објектот идентификувани со методотFDD се прикажани насл. 5.5.Тоновите форми на осцилации се прикажани на сл. 5.6 и 5.7. Според добиениот одговор, конструкцијата во првата тонова форма ($f_1 = 4.49\,Hz$) осцилира во правецот Y (попречен) со транслација и мала ротација во делот околу скалите. Во втората тонова форма ($f_2 = 5.08\,Hz$), конструкцијата осцилира транслаторно во правецот X (попречен).



а) Правец X б) Правец Y

Слика 5.5 Единечните вредности за спектралните матрици на густина за објект 4



Слика 5.6 Тонова форма 1 - правец Y (попречен), $\boldsymbol{f_1 = 4.49\,Hz, T_1 = 0.223\,sec}$



Слика 5.7 Тонова форма 2 - правец X (подолжен), $f_2 = 5.08\,Hz, T_2 = 0.197\,sec$

5.3 Динамички карактеристики

Динамичката анализа на конструкцијата е спроведена на просторен математички модел во кој се моделирани сите конструктивни елементи од ѕидарија и елементите за врамување на ѕидаријата од армиран бетон. За да се добијат приближно еднакви вредности на измерените, во математичкиот модел направени се повеќе различни калибрации на променливите параметри. Како и кај претходните три објекти, најпрво е испитано влијанието на апсолуто крутата меѓукатна конструкција во однос на констуркција со реални карактеристики, а потоа е калибриран Јунговиот модул на еластичност, заеднички за двете насоки и за секоја насока посебно. Прикажаните вредности на тоновите форми на сл. 5.8 и 5.9 се однесуваат на конечниот, „искалибриран“, математички модел.



Слика 5.8 Пресметана тонова форма 1 - правец X (подолжен), $\boldsymbol{f_1 = 4.33\ Hz, T_1 = 0.231\ sec}$



Слика 5.9 Пресметана тонова форма 2 - правец Y (попречен), $f_2 = 5.80\ Hz, T_2 = 0.172\ sec$

6. АНАЛИЗА И КОМЕНТАРИ НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Основниот принцип на нумеричкото калибрирање или ажурирање на моделот со КЕ се состои во промена на одредени параметри во математичкиот модел сè додека пресметаните динамички карактеристики не се совпаднат со екпериментално измерените. Со калибрираниот модел се обезбедува подобра аналитичка претстава на одговорот на конструкциите на динамички товари и служи како калибрациона алатка за предвидување на одговорот од влијание на сеизмички товари, Lordetal., (2004). Главна цел на калибрираниот модел е да се постигне прифатлива корелација помеѓу пресметаните динамички карактеристики и оние измерени експериментално. Оваа операција се изведува со помош на анализа на чувствителност на матрицата на крутост на моделот во корелација со промена на вредностите на некои однапред дефинирани параметри, Ventura et al., (2005).

За да се подобри корелацијата на експерименталните и пресметаните резултати, се извршува корелациона анализа на одбрани параметри кои влијаат на одговорот на конструкцијата. Обично ова се постигнува со итеративно менување на вредностите на одбраните параметри се додека корелационите параметри не задоволат определен критериум на конвергенција. Калибрирањето може да се постигне со мануелна или автоматска промена на вредностите на параметрите. Автоматското калибрирање има предности во однос на мануелното со тоа што е можно итеративно да се менуваат неколку параметри одеднаш, додека споредбата на фреквенциите се врши преку контрола на релативните отстапувања (грешки) помеѓу измерените и пресметаните фреквенции. Односот помеѓу пресметаните и измерените тонови форми, пак, се проценува со таканаречениот критериум MAC (Modal Assurance Criterion), Allemang and Brown, (1982).

Поради недостаток на соодветен софтвер за корелациона анализа, во овој труд користена е мануелна калибрација на двата одбрани параметри, типот на меѓукатната конструкција и Јунговиот модул на еластичност во еден случај како заеднички за двете насоки, а во друг случај за секоја насока посебно. Во табелата 6.1 дадени се сумарните резултати од извршената калибрација за сите четири објекти за наведените параметри за калибрација, претставени преку фреквенциите наслободните непригушени осцилации. При тоа, прикажани се 4 случаи на калибрација, и тоа: Кал1-претпоставени карактеристики на sидаријата (точка 1), апсолутно крута меѓукатна конструкција, Кал2-претпоставени карактеристики на sидаријата, реална крутост на меѓукатна конструкција, Кал3-калибриран модул на еластичност за sидаријата, ист за двата правци, реална крутост на меѓукатна конструкција, Кал4-калибриран модул на еластичност за sидаријата, различен за двата правци, реална крутост на меѓукатна конструкција. Исто така, во табелата 6.1 дадено е релативното отстапување на секој случај на калибрација во однос на експерименталните вредности.

Во табелата 6.2 претставена е промената на модулот на еластичност во зависност од случајот на калибрација за сите четири анализирани објекти.

Објект	Правец	Експер.	Кал1		Кал2		Кал3		Кал4	
		f (Hz)	f (Hz)	Δ (%)	f (Hz)	Δ (%)	f (Hz)	Δ (%)	f (Hz)	Δ (%)
1	X	6.69	12.69	89.7	11.51	41.9	7.20	7.6	6.73	0.6
	Y	7.52	13.08	73.9	11.91	36.9	7.04	6.4	7.51	0.1
2	X	6.74	8.61	27.8	6.90	2.4	6.67	1.0	6.84	1.5
	Y	8.59	9.00	4.7	7.40	13.9	7.14	16.9	8.42	2.0
3	X	5.66	8.21	45.0	6.56	15.8	5.41	4.5	5.59	1.3
	Y	6.05	9.64	59.2	7.62	25.8	6.29	3.9	6.13	1.2
4	Y	4.49	5.33	18.7	4.50	0.2	3.91	12.9	4.33	3.6
	X	5.08	7.80	53.5	7.40	45.7	6.27	23.4	5.80	14.2

Табела 6.1. Резултати од калибрација на математичките модели изразени прекуf (Hz)

Објект	Кал1	Кал2	Кал3	Кал4	
	E (MPa)	E (MPa)	E (MPa)	E_x (MPa)	E_y (MPa)
1	3232	3232	1000	1300	800
2	3232	3232	3000	3000	5000
3	3232	3232	2000	1500	2400
4	3232	3232	2200	1400	4000

Табела 6.2. Резултати од калибрација на математичките модели изразени прекуE (MPa)

Како што може да се види од резултатите сумирани во табелите 6.1 и 6.2 одбраните параметри за калибрација имаат големо влијание врз динамичките карактеристики на објектите. Се забележуваат големи отстапувања во однос на експерименталните резултати во првите случаите Кал1 и Кал2 што е за очекување поради претпоставката на карактеристиките на материјалот. Во однос на крутоста на меѓукатната конструкција може да се заклучи дека апсолутно крутата дијафрагма има големо влијание во нумеричките модели, додека одредено приближување се забележува кога таа е моделирана со реалните карактеристики на напречниот пресек. Најмали отстапувања во однос на експерименталните вредности се забележуваат кај случајот Кал4, што беше и главната цел на оваа анализа.

Според добиените резултати може да се заклучи дека при калибрирање на нумеричките модели потребно е особено внимание при изборот на карактеристиките на sидаријата.

ЛИТЕРАТУРА

[1] R.J. Allemang and D.L. Brown. A correlation coefficient for modalvector analysis. In Proceedings of the 1st International Modal AnalysisConference (IMAC), Orlando, Florida, USA, 1982.

[2] Churilov, S. Experimental and analytical research of strengthening techniques for masonry. PhD thesis, University "Ss. Cyril and Methodius", Faculty of Civil Engineering- Skopje, 2012.

[3] Eurocode 6-Design of masonry structures - Part 1-1: General rules for reinforced and unreinforced masonry structures. EN 1996-1-1:2005, CEN Brussels; 2005.

[4] J.F. Lord, C.E. Ventura, and E. Dascotte. Automated model updatingusing ambient vibration data from a 48-storey building in Vancouver.In Proceedings of the 22nd International Modal Analysis Conference,Dearborn, Michigan, USA, 2004.

[5] MATLAB R2014a (version 8.3), Natick, Massachusetts: The MathWorks Inc., 2014.

[6] Robot Millennium version 20.1 User's Manual, Robobat, 2007.

[7] Студија 1, Студија за носивост и стабилност постојниот објект „Станбена зграда на ул. „Борис Кидрич“ бб во Тетово“, Муратори – архитектура и инженеринг, Тетово, Македонија, 2014.

[8] Студија 2, Елаборат за определување динамички карактеристики на одбрани објекти, Градежен факултет-Скопје, 2014.

[9] Студија 3, Студија за носивост и стабилност на постојниот објект на ул. „Ленинградска“, Скопје, Aircon, Скопје, 2014.

[10] Structural Vibration Solutions, ARTeMIS Modal2.5.0.5, Aalborg, Denmark, 2014. www.svibs.com.

[11] C.E. Ventura, J.F. Lord, M. Turek, R. Brincker, P. Andersen, and E. Dascotte.FEM updating of tall buildings using ambient vibration data.In Proceedings of Eurodyn Conference, 2005.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 4

Kemal EDIP[1], Mihail GAREVSKI[2] , Vlatko SHESHOV[3] , Christoph BUTENWEG[4] , Julijana BOJADJIEVA[5], Igor GJORGJIEV[6]

SIMULATION OF WAVE PROPAGATION IN SOIL MEDIA BY INFINITE BOUNDARY ELEMENTS

SUMMARY

In geotechnical earthquake engineering, wave propagation in semi infinite domains is of a great importance. In these kinds of problems, the elastic waves propagate from the interior to the exterior domain and require a special treatment at the computational boundaries in order not to reflect back to the interior domain. In this paper, a study on stable implementation of an absorbing layer in infinite elements is presented. The proposed algorithm is implemented in the ANSYS finite element software and tested on a two-dimensional wave propagation problem. The results obtained illustrate the usage and the effectiveness of the developed infinite elements in simulation of exterior domain.

Keywords: numerical simulation, infinite elements

Кемал ЕДИП[1], Михаил ГАРЕВСКИ[2], Влатко ШЕШОВ[3], Кристоф БУТЕНВЕГ[4], Јулијана БОЈАЏИЕВА[5], Игор ЃОРЃИЕВ[6]

СИМУЛАЦИЈА НА ШИРЕЊЕ НА БРАНОВИ ВО ПОЧВЕНИ СРЕДИНИ СО КОРИСТЕЊЕ НА БЕЗКОНЕЧНИ ГРАНИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ

РЕЗИМЕ

Во геотехничкото земјотресно инженерство, ширењето на бранови во бесконечност е од големо значење. Во овие видови на проблеми, еластичните бранови се шират кон надворешниот домен и бараат посебен третман во компјутерската симулација на граничните услови со цел да нема рефлексија на брановите. Во овој труд, претставена е студијата за стабилна имплементација на бесконечните елементи како гранични услови. Предложениот алгоритам е програмиран во софтверот ANSYS. Добиените резултати ја покажуваат ефективноста на развиените бесконечни елементи во симулација на граничните услови.

Клучни зборови: нумеричка симулација, бесконечни елементи

[1] Assist. Prof. PhD, IZIIS, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, kemal@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, IZIIS, "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, garevski@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, IZIIS, "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, vlatko@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[4] RWTH Aachen University, Aachen, Germany
[5] Assist. MSc, IZIIS, "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, jule@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[6] Assist. Prof. PhD, IZIIS, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, igorg@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. INTRODUCTION

In geotechnical engineering, the earth under a foundation is a typical example of unbounded domain extending to infinity. From a numerical computational point, such domains extending to infinity can be divided into two parts; an interior and an exterior domain with the separating boundary named as computational boundary. The interior domain is the region of interest in which the field variables are looked for while the exterior is an unbounded domain whose effects are considered at the computational boundary. In dynamic analysis using the linear elastic material models, the calculations are usually performed in frequency domain. However, in more realistic cases, in order to account for nonlinearities in soil simulation, computations in time domain have to be considered. In the finite element model, unbounded soil media are presented by various procedures among which the infinite elements take an important role. In time domain simulations in most cases of finite element analysis boundaries, the infinity is simulated by artificial boundaries such as using of spring-dashpot elements [1, 2]. In the last decades the unbounded soil media are presented by the infinite elements which take an important role in boundary simulations. The efficiency of mapped infinite elements has been shown in the work of Zienkiewicz [3].

2. FORMULATION OF ABSORBING INFINITE ELEMENTS NTRODUCTION

The formulation of mapped infinite elements is the same as for the finite elements in addition to the mapping of the domain. The main advantage of the mapped infinite elements is the usage of the conventional Gauss-Legendre abscissa and weights.

The main difference is in the increased number of nodes of the infinite element and the used mapping functions, whose verification has shown great accuracy of results. The infinite element has been obtained from an eight nodded finite element, as shown in Figure 1.



Figure 1. Coupling of finite and infinite elements

The element displacement in *u* and *v* direction is interpolated with the usual shape functions N^1, N^2, N^4, N^5 *and* N^7*:*

$$u = [N^1 \quad N^2 \quad 0 \quad N^4 \quad N^5 \quad 0 \quad N^7 \quad 0]\mathbf{u}$$
$$v = [N^1 \quad N^2 \quad 0 \quad N^4 \quad N^5 \quad 0 \quad N^7 \quad 0]\mathbf{v} \qquad (1)$$

In expression (1), **u** and **v** are vectors with nodal point displacements in global coordinates. The shape functions are given in expression (2) as:

$$
\begin{aligned}
N^1 &= -(r-1)(-1+s)(s+1+r)/4 \\
N^2 &= (r-1)(1+r)(-1+s)/2 \\
N^4 &= -(r-1)(1+s)(s-1-r)/4 \\
N^5 &= -(r-1)(1+r)(1+s)/2 \\
N^7 &= (-1+s)(1+s)(r-1)/2
\end{aligned} \tag{2}
$$

Based on the isoparametric concept, the infinite element in global coordinate is mapped onto an element in local coordinate system using the expression in (3). In the formulation of the infinite element, only the positive *r* direction extends to infinity.

$$
\begin{aligned}
r &= [M^1 \quad M^2 \quad 0 \quad M^4 \quad M^5 \quad 0 \quad M^7 \quad 0]\mathbf{r} \\
s &= [M^1 \quad M^2 \quad 0 \quad M^4 \quad M^5 \quad 0 \quad M^7 \quad 0]\mathbf{s}
\end{aligned} \tag{3}
$$

where

$$
\begin{aligned}
M^1 &= -\frac{(1-s)rs}{1-r} \\
M^2 &= -\frac{(1-s)(1+r)}{2(1-r)} \\
M^4 &= -\frac{(1+s)rs}{1-r} \\
M^5 &= -\frac{(1+s)(1+r)}{2(1-r)} \\
M^7 &= -\frac{2r(1+s)(1-s)}{(1-r)}
\end{aligned} \tag{4}
$$

In expression (3), **r** and **s** are vectors of nodal point displacements in local coordinates where it is to be mentioned that, on the side of infinity (*r=1*), no mappings are assigned to the nodes as it is taken that no displacement is possible at infinity. The number and location of the nodes connecting finite and infinite elements must coincide to guarantee continuity condition between the elements. The main advantage of the proposed infinite elements is that the number of nodes on the infinite element allow coupling with finite elements with eight nodes which are used for displacement sensitive problems. Construction of element matrices is done by using the usual procedures as described in Bathe [7]. The new coordinate interpolation functions are taken into consideration in the Jacobian matrix as described in Bettess[8]. For the absorbing layer of the infinite element, the Lysmer-Kuhlmeyer [9] approach is used. In all cases, a plane strain two dimensional case is studied. For impact of plane waves on element sides, normal and tangential stresses are derived as follows:

$$
\begin{bmatrix} \sigma^n \\ \tau \end{bmatrix} = \begin{bmatrix} a\rho c^P & 0 \\ 0 & b\rho c^S \end{bmatrix} \begin{bmatrix} \dot{u}^n \\ \dot{u}^t \end{bmatrix} \tag{5}
$$

where c^P and c^S indicate compression and shear waves, ρ is the density of soil medium. In order to take into account the directions of the incident waves, coefficients *a* and *b* as suggested by Kouroussis [10] are used as multipliers for better wave absorption. Transformation from local to global coordinates is done automatically by the ANSYS software [11] such that there is no need of defining transformation matrices. By adding together the parts from each element, the governing incremental equations for equilibrium in dynamic analysis are obtained. The programming of the infinite element has been done using the Programmable Features of ANSYS[11]. For the sake of verification of the presented infinite elements, a two dimensional unbounded soil medium is taken into consideration.

3. WAVE PROPAGATION IN SOIL MEDIUM

T In order to verify the absorbing properties of the newly developed infinite elements, a two dimensional wave propagation problem is simulated. Figure 2 shows the soil domain with a total width of 40m while the height is 20m.



Figure 2. Soil domain

The soil medium is simulated in two alternative ways. First, spring-dashpot elements are considered as boundaries and then absorbing infinite elements are considered to be the exterior domain of the soil medium. The finite elements are used for discretization of the near field while infinite elements are used for discretization of the far field. The soil domain discretization is shown in Figure 3.



Figure 3. Soil domain of finite and infinite elements

Properties of the soil medium are given in Table 1. The soil medium is considered to be linear elastic due to its simplicity. The main focus is given to the boundary simulation. The nonlinear material models are can be included since the absorbing infinite elements are defined in time domain.

Young's modulus	E	50000	kPa
Poisson's ratio	υ	0.35	-
Density	ρ	2.70	Ton/m^3

Table 1. Soil properties

The applied displacement is considered to be of the impulse type. In this case, displacement of u_y=1mm is applied as an impulse function at the very beginning of the time. (t=0sec)



Figure 4. Wave propagation at different time spots when exterior domain is composed of a) springs and b) absorbing infinite elements

As can be seen from figure 4, there are two waves propagating in the domain. The first one is the compression p wave while the second one is the shear S wave. The used infinite elements are able to absorb both types of waves although their speeds of propagation are not the same. It is to be mentioned that, at time *t=0.07 seconds*, the P wave enters the infinite domain. In the case of absorbing infinite elements, the wave is almost completely absorbed while in the case of finite elements with spring-dashpot boundaries, the P wave reflects back to the finite element domain. At *time=0.09 seconds*, in the case of a domain surrounded by absorbing infinite elements, S-wave propagation at the finite element boundaries is observed. On the other hand, in the domain of finite elements with spring-dashpot boundaries, the outward propagating S-wave collides with the reflected P wave, as shown in the figure. At time *t=0.15seconds* in the domain composed of absorbing infinite elements, there is no sign of backward wave propagation since the waves have been absorbed in the infinite element region.

4. CONCLUSIONS

In this work, a coupled computational method of finite and infinite elements is presented and applied in the wave propagation problem considering the unbounded medium. The efficacy of the coupled finite and infinite elements is shown through this numerical example. This model uses mapping infinite elements to approximate the stiffness of the unbounded exterior domain. It can be said that by using the coupled finite-infinite element approach the accuracy of the results in the interior domain is considered to be reliable. Thus, the absorbing infinite elements which were implemented in this study provide a promising tool which is easy to implement in finite element analysis. The presented approach in this paper can be extended to three dimensional cases easily.

REFERENCES

[1] Liu, J. and B. Li, A unified viscous-spring artificial boundary for 3-D static and dynamic applications. Science in China Series E Engineering & Materials Science, 2005. 48(5): p. 570-584

[2] Liu, J., et al., 3D viscous-spring artificial boundary in time domain. Earthquake Engineering and Engineering Vibration, 2006. 5: p. 93-102

Денес конструктивните инженери се соочуваат со големи предизвици поради зачестеноста на дизајнирање на конструкции со големи распони, лесни подови изведени од комбинација на бетон и челик како и големи слободни површини. Овие нови трендови доведуваат до проблеми поврзани со граничната состојба на употребливост како и со несакани подни вибрации. Иритирачките вибрации предизвикани од човековите активности претставуваат голем проблем кој може значително да влијае на комфорот на луѓето, квалитетот на животот и функционалноста на конструкцијата. Во текот на изминатите години се објавени многу проектни препораки за подни вибрации предизвикани од човечки активности. Овој труд претставува краток преглед на моделирање со динамички товари и проектни препораки за подни вибрации предизвикани од човечки активности.

Клучни зборови: гранична состојба на употребливост, подни вибрации, динамички товари

[1] Teaching assistant, PhD student, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Republic of Serbia, nina@imk.grf.bg.ac.rs
[2] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Republic of Serbia, zlatko@grf.bg.ac.rs
[3] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Republic of Serbia, spremic@imk.grf.bg.ac.rs
[4] Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University of Belgrade, Republic of Serbia, jelena@imk.grf.bg.ac.rs

1. INTRODUCTION

The current design requirements in the field of building construction are mainly reflected in the design of slender structures, with long spans, large open interiors, unconventional shapes and structural solutions with lightweight composite steel-concrete floors. Also, structural engineers are now facing with increasing demands for buildings that are fast to construct, with the possibility of subsequent reuse of the space for other purposes in relation to those originally envisaged by project. These new design trends are leading to the extensive problems related to the serviceability limit state, especially problems with unwanted floor vibrations, because of lower natural frequencies and lower natural damping of structures.

The term of vibration implies the occurrence of the oscillatory movement of individual structural parts, such as floors, with certain amplitude and frequency of oscillation. The most usual and most important internal source of vibrations is human activity. Human perception and uncompromised functionality of object are two most important acceptability criteria for design of floor vibrations. Once constructed, it is difficult to modify existing construction to reduce its susceptibility to vibrations. It is therefore very important that the acceptability criteria of floor vibrations, depending of the structure purpose, are defined at the early stage of design. Over past years many design recommendations of floor vibrations induced by human activities have been published. This paper presents a short overview of dynamic loads modeling and design recommendations of floor vibrations induced by human activities.

2. DYNAMIC LOADS INDUCED BY HUMAN ACTIVITIES

A major part of the loads encountered in the civil engineering can be defined as dynamic loads, because their intensities vary with time. According to their time functions they can be categorized as: harmonic, periodic, stochastic and impulsive. The most usual and most important internal source of structure's vibrations is human activity. Dynamic loads induced by human activities can be categorized as periodic (such as walking, jumping, dancing and skipping) and stochastic represented as a single impulse to a floor structure (such as take off from the diving platform or landing on a floor after jumping from an evaluated position) (Bachmann and Ammann 1987).

According to the site of action, dynamic loads induced by human activities can be classified in two categories: in situ (periodic jumping to music and sudden standing of a crowd) and moving loads (walking, marching, and running are examples of moving activities) (Ebrahimpour and Sack 2005; ISO Standard 10137 2007).

According to Lim (1991) and Smith et al. (2009), floor vibrations induced by human activities can be classified in two categories: continuous and transient. Continuous vibrations of floor constructions arise from periodic dynamic forces lasting significant period of time such as dancing of people. This kind of excitation can produce resonance of the floor when the frequency of the dynamic force coincides with one of the natural frequencies of the floor structure. Transient vibrations are caused by single impulse or series of impulses. Walking with certain velocity is a main example of series of impulses which cause transient vibrations. Transient vibrations are rather annoying for people than structurally damaging. But in environments such as offices, shopping centers and residential buildings, where human activities represent main type of imposed loads, walking is considered as a source of continuous vibrations.

Dynamic response of the structure depends on structure dynamic characteristics such as: mass of the construction, structure's stiffness, damping ratio, structure's natural frequency and period of oscillation. Resonance is a phenomenon that consists of a given system to oscillate with greater amplitude at some preferential frequencies when it is driven by external forces to oscillate. Frequencies at which the response amplitude is a relative maximum are known as the system's resonant frequencies. Historically, many designers have used natural frequency of the floor structure as a measure of acceptable performance of the structure due to the vibrations. Sufficiently high natural frequency of floor structure means that a floor is out of the frequency range of the first harmonic component of the walking activity (Smith et al. 2009). Resonant response can cause significant increase of the effects of vibrations.

3. MODELING OF DYNAMIC LOADS INDUCED BY HUMAN ACTIVITIES

Modeling of dynamic loads induced by human activities presents the first step in dynamic analysis of structures. Modeling of this type of dynamic loads is extremely complex and dynamic response of structure is usually presented in large number of different mode shapes each with its own natural frequency. Those different mode shapes need to be superimposed in order to find an actual displacement of a structure at any given time (Smith et al. 2009). Actual displacement of a structure exposed to the dynamic force represented with single sinusoidal function of frequency *f* (Hz) is given in Eq. (1):

$$w_n(x,t) = \sum_{n=1}^{\infty} u_n \sin(2\pi ft + \varphi_n) \sin(\frac{n\pi x}{L}) \quad (1)$$

where:

$w_n(x,t)$ is the displacement (m) at a position *x* along the beam at time *t*;

t is the time (s);

f is the frequency (Hz) of the forcing function;

u_n is the maximum amplitude (m) of the mode *n*;

φ_n is the phase angle of the mode *n*.

Eq. (1) is only appropriate for dynamic force represented with single sinusoidal function and it is quite unlikely that such a simple forcing function will occur in practice. Therefore, more complicated continuous function which is likely to occur in practice can be broken down into a series of sinusoidal functions. Each sinusoidal function is a harmonic of the forcing function and each harmonic has its own amplitude and phase shift. Set of harmonics are known as a Fourier series (Figure 1). The amplitude of each subsequent harmonic is lower, which represents that most of the energy goes into the first few harmonics. Next chapters represent modeling of dynamic forces induced by human activities according to different standards and publications, mainly based on the Fourier transformation explained earlier.



Figure 1. Fourier series for low impact aerobics

3.1. Modeling of continuous dynamic force

Walking, exercising, dancing and other rhythmic activities are classified as continuous dynamic loads on supporting construction and this type of activities can be represented through a combination of harmonic forces, whose frequency *f* (Hz) are multiples of harmonics of the basic frequency of the dynamic force using Fourier series. In general way, different load models were developed in different standards, design recommendations and research works. The most usual load models of continuous dynamic excitation induced by human activities can be presented with Eq. (2) and Eq. (3), as shown in Figure 3 and Figure 2, respectively (Smith et al. 2009; Murray et al.2003):

$$F(t) = P\alpha_i \cos(2\pi if_s t) \quad (2)$$

$$F(t) = P\left[1 + \sum \alpha_i \cos(2\pi i f_s t + \varphi_i)\right] \quad (3)$$

where:

P is the person's weight (0.7kN);

t is the time (s);

i is the number of harmonics;

f_s is the frequency (Hz) of the forcing function;

α_i is the dynamic load factor for the ith harmonic;

φ_i is the phase angle for the ith harmonic.

This load models were used in many research works (Da Silva et al. 2006; Costa-Neves et al. 2014). Continuous dynamic force (Figure 3) can be represented by the first four harmonic components using Fourier analysis. As a general rule, the magnitude of the dynamic coefficient α_i decreases with increasing of the harmonics.



Figure 2. Dynamic load represented with only one resonant harmonic



Figure 3. Dynamic load represented by the first four harmonics

The amplitude of the harmonic force for each harmonic can be calculated using Eq. (4):

$$F_i = \alpha_i P \quad (4)$$

and parameters used in this equation have the same definitions as in Eq. (2) and Eq. (3). Excitation frequency range and design value of coefficient α_i for each harmonic, for different types of human activities, according to Smith et al. (2009) and Murray et al.(2003), are presented in Table 1.

	Walking				Exercising		Dancing	
	SCI		AISC		AISC		AISC	
Harmonic i	f_s (Hz)	α_i	f_s (Hz)	α_i	f_s (Hz)	α_i	f_s (Hz)	α_i
1	1,8-2,2	0,436(if_s-0,95)	1,6-2,2	0,5	2,0-2,75	1,5	1,5-3,0	0,5
2	3,6-4,4	0,006(if_s+12,3)	3,2-4,4	0,2	4,0-5,5	0,6	-	-
3	5,4-6,6	0,007(if_s+5,2)	4,8-6,6	0,1	6,0-8,25	0,1	-	-
4	7,2-8,8	0,007(if_s+2,0)	6,4-8,8	0,05	-	-	-	-

Table 1. Design Fourier coefficients for different human activities.

National Annex to BS EN 1991-2:2003 (2008), defines dynamic load models for pedestrian actions on footbridges. Actions that result from single pedestrian or pedestrian groups can be presented by application of a vertical pulsating force F (N), moving across the span of the bridge at a constant speed v_t, as shown in Eq. (5):

$$F = F_0 k(f_v)\sqrt{1+\gamma(N-1)}\sin(2\pi f_v t) \tag{5}$$

where:

N is the number of pedestrians in the group;

F_0 is the reference amplitude of the applied fluctuating force (N);

f_v is the natural frequency (Hz) of the vertical mode under consideration;

$k(f_v)$ is a combined factor;

t is the elapsed time (s);

γ is a reduction factor;

S_{eff} is an effective span length (m);

S is the span of the bridge (m).

Definitions of all parameters shown in Eq. (5) are given in NA to BS EN 1991-2:2003 (2008). Effective span length can be calculated according to definition given in Figure 4, and values of amplitude of the applied force and moving speed are given in Table 2.

Load parameters	Walking	Jogging
Reference load, F_0 (N)	280	910
Pedestrian crossing speed, v_t (m/s)	1,7	3

Table 2. Parameters for calculation of pedestrian response.



Figure 4. Effective span calculation



Figure 5. Vertical force for one person jumping continuously



Figure 6. Vertical force for one walking step by one person

According to ISO Standard 10137- Annex A (2007), the dynamic force induced by a person of weight *Q*, caring out repetitive coordinative activity such as jumping can be represented as a function of time *t* with a sequence of pulses (Figure 5). One walking step by one person as a function of time is represented in Figure 6. ISO Standard 10137- Annex A (2007), defines vertical and horizontal dynamic force on supporting construction, induced by different continuous human activities, as a combination of harmonic forces, using Fourier series, represented with Eq. (6) and Eq. (7):

$$F_v(t) = P\left[1 + \sum \alpha_{i,v} \sin(2\pi i f_s t + \varphi_{i,v})\right] \quad (6)$$

$$F_h(t) = P\left[1 + \sum \alpha_{i,h} \sin(2\pi i f_s t + \varphi_{i,h})\right] \quad (7)$$

where:

P is the person's weight (0.7kN);

t is the time (s);

i is the number of harmonics;

f_s is the frequency (Hz) of the forcing function;

$\alpha_{i,v}$ is the dynamic load factor for vertical direction;

$\alpha_{i,h}$ is the dynamic load factor for horizontal direction;

$\varphi_{i,v}$ is the phase angle of ith harmonic for vertical direction;

$\varphi_{i,h}$ is the phase angle of ith harmonic for horizontal direction.

Excitation frequency range and design value of coefficient α_i for each harmonic, for different types of human activities, according to ISO Standard 10137- Annex A (2007) are presented in Table 3.

Activity	Harmonic	Common range of forcing frequency	Numerical coefficient for vertical direction	Numerical coefficient for horizontal direction
	i	if_s (Hz)	$\alpha_{i,v}$	$\alpha_{i,h}$
Walking	1	1,2-2,4	$0{,}37(f_s\text{-}1{,}0)$	0,1
	2	2,4-4,8	0,1	
	3	3,6-7,2	0,06	
	4[a]	4,8-9,6	0,06	
	5[a]	6,0-12,0	0,06	
Running	1	2,0-4,0	1,4	0,2
	2	4,0-8,0	0,4	
	3	6,0-12,0	0,1	

[a] These higher harmonics is rarely significant when human perception is of concern, but may be important for more sensitive building occupancies such as vibration-sensitive instrumentation.

Table 3. Design parameters for moving forces due to one person.

4. DETERMINATION OF DYNAMIC PROPERTIES OF FLOOR STRUCTURES

Determination of dynamic properties of structures can be performed using FEM analysis or using simple calculation formulas for different construction types. The method for determination of dynamic properties of structures should not be disproportionately more refined than the method for the vibration analysis. Various programs can perform dynamic analysis of structures and also offer tools for the determination of natural frequencies and modal masses of structures under consideration.

Beams		$f = \frac{4}{\pi}\sqrt{\frac{3EI}{0,37\,\mu l^4}}$
		$f = \frac{2}{\pi}\sqrt{\frac{3EI}{0,49\,\mu l^4}}$
Orthotropic floors		$f_1 = \frac{\pi}{2}\sqrt{\frac{EI_y}{\mu l^4}}\sqrt{1+\left[2\left(\frac{b}{l}\right)^2+\left(\frac{b}{l}\right)^4\right]\frac{EI_x}{EI_y}}$
Orthotropic floors-Dunkerley approach		$\frac{1}{f^2} = \frac{1}{f_1^2} + \frac{1}{f_2^2}$
Natural frequency from the self-weight approach		$f = \frac{1}{2\pi}\sqrt{\frac{K}{M}} = \frac{1}{2\pi}\sqrt{\frac{4g}{3\delta_{max}}} = \frac{18}{\sqrt{\delta_{max}\,(mm)}}$

Table 4. Simple calculation methods for determination of natural frequencies

If FEM analysis is applied for determination of dynamic properties for vibration analysis, it should be considered that structural model for this analysis may differ from that used for ultimate limit state verification. These differences are especially related to the selection of boundary conditions (hinged connection in ULS analysis may be assumed as full moment connection in the vibration analysis), different concrete modulus of elasticity (concrete dynamic modulus of elasticity should be considered to be 10% larger than the static tangent modules) and usage of 10% to 20% of characteristic value of imposed loads as a quasi permanent part of imposed loads for calculation of the masses (Feldmann et al. 2009). Simple calculation methods for determination of dynamic properties of floor structures are represented in Table 4 (Feldmann et al. 2009).

5. DESIGN CRITERIA

Human response to floor motion is very complex phenomenon, involving the magnitude of motion, the surrounding environment and human activity. Attempts to quantify human response to vibrations of floor structures have been known for many years. Historically, two types of design criteria have been developed: criteria for human response to known or measured vibrations and design criteria which include an estimation of dynamic floor response.

In 1931, Reiher and Meister developed first generally applicable design criteria which was based on a human perception to measured vibrations with frequencies of 5 to 100 Hz and amplitudes of 0,01 mm to 10 mm. In 1961, after studding composite steel-concrete floor structures Lenzen suggested modified Reiher-Meister scale as shown in Figure 7. Lenzen did not suggest any limits of frequencies ranges and amplitudes to assure acceptable criteria for different floor structures. Modified Reiher-Meister scale, Murray acceptable criteria form 1975 and Canadian Standards Association Scale (CSA Scale) where developed only for heel-drop impact and should not be used for any other types of impact. CSA

Scale (Figure 8), applicable only for heel-drop impact, is incorporated in The Canadian Steel Building Standard CAN/CSA-S16.1 (recently changed with CAN/CSA-S16.14). A design formula to estimate acceleration of the floor structures is included in this standard (Murray et al. 2003).



Figure 7. Modified Reiher-Meister scale



Figure 8. Canadian Standards Association scale

Many design recommendations and standards are based on the International Organization for Standardization's standard ISO 2631-2:1989 (changed with ISO 2631-2:2003) which is written to cover many building vibration environments. This standard presents acceleration limits for mechanical vibrations as a function of exposure time and frequency, for both longitudinal and transverse direction. Limits for different type of constructions are given in terms of root mean square (rms) acceleration as multiples of the baseline curve, as shown in Figure 9 (Murray et al. 2003). Murray et al. (2003) gave a detailed design guide with basic principles and simple analytical tools for calculation of vibrations induced by walking, based on the ISO Scale. According to this design recommendation, dynamic load is presented with Eq. (2) and it represents time dependent harmonic force component which matches the fundamental frequency of the floor. A response function can be calculated according to Eq. (8):

$$\frac{a}{g} = \frac{R\,\alpha_i\,P}{\beta\,W}\cos(2\pi i f_s t) \tag{8}$$

where:

a/*g* is the ratio of the floor acceleration to the acceleration of gravity;

R is the reduction factor;

β is the modal damping ratio;

W is the effective weight of the floor.

Feldman et al. (2009) developed new design recommendations for floor vibrations induced by person's walking which are the background document in support to the implementation, harmonization and further development of the Eurocodes. Development of the diagrams shown in Figure 10 (Feldman et al. 2009) is based on the measurements carried out in Delft with 700 persons in total and each point in the diagram is based on the statistical evaluation of 700 combination functions of step frequency and body mass. Determination of the limits for OS-RMS-value$_{90}$ for comfort is based on various standards for standardizing human perception such as ISO 10137 (2007) and ISO 2631-2 (2003).

The design procedure based on these diagrams provides three steps: determination of the basic floor characteristics (natural frequency shown in Table 4, modal mass and damping) as an input data, determination of the OS-RMS-value$_{90}$ from the design chart which characterizes the floor response to walking and comparison OS-RMS-value$_{90}$ with the recommended value or required limits for different floor occupancies, shown in Table 5 (Feldman et al. 2009). According to EN 1990:2002 (2006) natural frequency of vibrations of the structure or structural member should be kept above appropriate values which depend upon the function of building.



Figure 9. International Standard Association Scale



Figure 10. Diagrams for determination of assurance of floor structures due to vibrations

Class	OS-RMS$_{90}$		Usage of the floor structure									
	Lower limit	Upper limit	Critical areas	Hospitals, surgeries	Schools, training centers	Residential buildings	Office buildings	Meeting rooms	Senior citizens' residential buildings	Hotels	Industrial workshops	Sports facilities
A	0,0	0,1										
B	0,1	0,2						Recommended				
C	0,2	0,8										
D	0,8	3,2										
E	3,2	12,8					Critical					
F	12,8	51,2	Not recommneded									

Table 5. Comfort limits for different floor structure's usage

If the natural frequency of vibrations of the structure is lower than the appropriate value, a more refined analysis of the dynamic response of the structure, including the consideration of damping, should be performed. Acceleration of floor structure can be used as more precise criteria for estimation

of its acceptance. According to EN 1990 (Annex A2) pedestrian comfort criteria should be defined by National Annex, but recommended maximum values of acceleration are given for vertical (0.7 m/s^2) and horizontal (0.2 m/s^2) vibration. Appropriate values for natural frequencies of vibrations and acceleration of the structure and more definitions for more refined analysis should be defined in National Annexes.

According to EN 1991-1-1:2001 (2001), if dynamic actions on structures induced by synchronized rhythmical movement of people, dancing or jumping can cause resonant effects on structures, different dynamic load models should be determined for dynamic analysis and different procedures may be defined in National Annexes, such as NA to BS EN 1991-2:2003 (2008).

6. CONCLUSIONS

Annoying vibrations caused by human activities is an important serviceability problem, which can significantly affect the comfort of people, quality of life and structure functionality. This paper presents a short survey of the dynamic loads modeling induced by human activities, simplified procedures of determination of dynamic characteristics of floor structures and historical developments of the acceptance criteria of floor vibrations. Special attention is paid to dynamic modeling of continuous and impulse loading induced by human activities. Dynamic load modeling and analysis of vibrations is extremely complex and development of simplified procedures for determination of floor vibrations is very important in order to prevent problems with excessive vibration. Also, defining dynamic loads modeling as well as acceptability criteria for floor vibrations through implementation of National Annexes for different parts of European Standards is extremely important, and should facilitate design of constructions exposed to the dynamic loads.

REFERENCES

[1] Bachmann, H., and Ammann, W. (1987). Structural Engineering Documents 3e Vibrations in Structures: Induced by Man and Machines, IAESE-AIPC-IVBH, Zurich, Switzerland

[2] Costa-Neves, L.F., Da Silva, J.G.S., De Lima, L.R.O., Jordão, S. (2014). "Multi-storey, multi-bay buildings with composite steel-deck floors under human-induced loads: The human comfort issue." Computers and Structures, 136, 34-46

[3] Da Silva, J.G.S., Da S. Vellasco, P.C.G., De Andrade, S.A.L., De Lima, L.R.O. (2006). "Dynamical response of composite steel deck floors." Latin American Journal of Solids and Structures, 3, 163-178

[4] Ebrahimpour, A., and Sack, R. L. (2005). "A review of vibration serviceability criteria for floor structures." Computers and Structures, 83, 2488-2494

[5] EN 1990:2002 Evrokod 0. (2006). Osnove proračuna konstrukcija. Beograd, Srbija

[6] EN 1991-1-1:2001 (2001). Eurocode 1- actions on structures- Part 1-1: General actions- densities, self -weight, imposed loads for buildings. CEN, Brussels, Belgium

[7] Feldmann, M et al. (2009). Design of floor structures for human induced vibrations, Sedlacek, G., Heinemeyer, Ch., Butz. Chr., Italy

[8] International Standard Organization (ISO). (2007). International Standard ISO 10137- Bases for design of structures- Serviceability of buildings and walkways against vibrations, Switzerland

[9] International Standard Organization (ISO). (2003). International Standard ISO 2631-2- Mechanical vibration and shock- Evaluation to human exposure to whole body vibration- Part 2: Vibration in buildings (1 Hz to 80 Hz), Second edition, Switzerland

[10] Lim, K.Y.S., A Literature Survey of Design Methods for Floors Subjected to Occupant-Induced Vibrations, Study Report No. 31, BRANZ The Resource Centre for Building Excellence, Judgeford, New Zealand

[11] Murray, T.M., Allen, D.E., Ungar, E.E. (2003). Floor Vibrations Due to Human Activity- Steel Design Guide Series 11, Second Printing, AISC American Institute of Steel Construction

[12] National Annex. (2008). UK National Annex to Eurocode 1: Actions on structures- Part 2: Traffic loads on bridges, Incorporating Corrigendum No. 1, BSi, London, UK

[13] National Annex. (2012). Evrokod- Osnove projektovanja konstrukcija- Nacionalni prilog, Institut za standardizaciju Srbije, Beograd, Srbija

[14] Smith, A.L., Hicks, S.J. and Devine, P.J. (2009). Design of Floors for Vibrations: A New Approach, Revised Edition, The Steel Construction Institute, SCI Publication P354, Berkshire, UK

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 8

Zoran MILUTINOVIC[1], Radmila SALIC[2], Goce BOGDANOVSKI[3]

SEISMIC MEASUREMENTS AND ANALYSIS OF THE VIBRATIONS INTENSITY CAUSED BY BLASTING IN MINEFIELD "GOVRLEVO"

SUMMARY

The study presents measurement of seismic impacts induced by blast (an explosion) in a minefield located within the concession borders of the limestone mine "Govrlevo"; processing, analysis and interpretation of the recordings, determination of vibration intensities and evaluation of, according to current international legislation and standards (due to absence of national), potentially harmful impacts on exposure (humans material property). National legislation inadequately covers the subject area, and being used by institutions and other subjects in the field, dictated that measurements and interpretation of this study are performed in accordance with DIN 4150-3: 1993 and BS 6472-2: 2006 standards, and WAC 296-52-67065, USBM: RI 8507 and OSMRE: CFR Part 816.67 (D) rules and recommendations.

Keywords: seismic measurements, vibrations, blast, Govrlevo

Зоран МИЛУТИНОВИЌ[1], Радмила ШАЛИЌ[2], Гоце БОГДАНОВСКИ[3]

СЕИЗМИЧКИ МЕРЕЊА И АНАЛИЗА НА ИНТЕНЗИТЕТОТ НА ВИБРАЦИИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО МИНИРАЊЕ ВО РУДНИКОТ “ГОВРЛЕВО”

РЕЗИМЕ

Извршените истражувања опфаќаат инструментални мерења на сеизмички дејства предизвикани со експлозија во минско поле лоцирано во кругот на површинскиот коп на варовник "Говрлево"; обработка и анализа на добиените регистрации од сеизмичкото дејство, и определување на интензитетот на вибрации и оцена, согласно актуелната законска регулатива и стандарди, на нивните потенцијално штетни влијанија врз човековата изложеност и изложеноста на материјалните добра. Бидејќи националната регулатива несоодветно го покрива предметното подрачје, мерењата и нивната интерпретација е извршена согласно со *DIN 4150-3:1993* и *BS 6472-2:2006* стандардите, односно, правилниците и препораките *WAC 296-52-67065, USBM:RI 8507* и *OSMRE:CFR Part 816.67(D).*

Клучни зборови: сеизмички мерења, вибрации, експлозија, Говрлево

[1] Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (UKIM-IZIIS), University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, zoran@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[2] Assist. Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (UKIM-IZIIS), University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia, r_salic@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[3] BSc, AD USJE, Skopje, Republic of Macedonia, GoceB@usje.com.mk

1. ВОВЕД

Сеизмичките мерења во копот "Говрлево", односно дефинирањето на интензитетот на вибрации и оцена на нивните потенцијално штетни влијанија врз човековата изложеност и изложеноста на материјалните добра е извршено согласно барањата кои произлегуваат од „Б“ интегрираната еколошка дозвола. На барање на: ТИТАН, Цементарница „Усје“ А.Д.-Скопје, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ-ИЗИИС, Скопје) изврши:

- инструментални сеизмички мерења на сеизмички дејства предизвикани со експлозија во минско поле лоцирано во кругот на површинскиот коп на варовник "Говрлево" (2.07.2014 г.);
- обработка и анализа на добиените регистрации од сеизмичкото дејство; и,
- определување на интензитетот на вибрации и оцена, согласно актуелната законска регулатива и стандарди, на нивните потенцијално штетни влијаниа врз човековата изложеност и изложеноста на материјалните добра.

Бидејќи националната регулатива несоодветно го покрива предметното подрачје – квантификација и оцена на влијанието на вибрации предизвикани од експлозија врз човекот и материјалните добра, мерењата и нивната интерпретација е извршена согласно со *DIN 4150-3:1993* и *BS 6472-2:2006* стандардите, односно, правилниците и препораките *WAC 296-52-67065, USBM:RI 8507* и *OSMRE:CFR Part 816.67(D).*

2. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИБРАЦИИТЕ ОД ЕКСПЛОЗИИ ВРЗ ЧОВЕКОТ И ГРАДЕЖНИТЕ ОБЈЕКТИ

2.1. Национална нормативна рамка

Минималните барања за заштита на вработените од ризиците по нивното здравје и безбедност, кои настануваат или за кои постои можност да настанат од изложеност на механички вибрации кои исклучиво се применуваат за активности каде вработените се изложени или постои можност да бидат изложени на ризици од механички вибрации за време на нивната работа се дефинирани со „Правилникот за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации“ (Сл. весник на РМ бр. 26/2008), а врз основа на член 47 од Законот за безбедност и здравје при работа („Сл весник на РМ бр. 92/07).

Правилникот (Сл. весник на РМ бр. 26/2008) е фокусиран врз два специфични ризици по здравјето и безбедноста на вработените, односно:

- “вибрација дланка – рака”: механичка вибрација која кога се пренесува на човечкиот систем дланка – рака, предизвикува ризици по здравјето и безбедноста на вработените, а посебно васкуларни, коскени или зглобни, невролошки или мускулни нарушувања;
- “вибрации на целото тело”: механичка вибрација која кога се пренесува на целото тело, предизвикува ризици по здравјето и безбедноста на вработените, а посебно неподвижност на долниот дел на грбот и оштетување на рбетот.

Прилогот А на Правилникот (Сл. весник на РМ бр. 26/2008) во детали ја регулира проценатa на изложеност, постапката на мерење на вибрации и методолошките аспекти за процена на наведените ризици по здравјето и безбедноста на вработените. Усвоените критериумите за нивото на изложеноста и степенот на ризик Правилникот ги превзема од:

- *ISO 5349-1:2001* стандардот (поглавија 4 и 5 и Прилог А) за вибрации на дланка – рака; и,
- *ISO 2631–1:1997* стандардот (поглавија 5, 6 и 7, Прилози А и Б) Вибрации на цело – тело.

Изложеноста на експлозија, како и феномените поврзани со неа (вибрација и ударен бран) се моментални *(impact)* феномени кои траат максимум до неколку секунди.

Дискутираната актуелна национална регулатива од областа не е релевантна за оцена на нивото на изложеност и ризикот од вибрации и ударен бран предизвикани со експлозии земајќи во предвид дека:

- Правилникот (Сл. весник на РМ бр. 26/2008) кој ја регулира безбедноста и здравјето при работа контекстуално не одговара, и не може да се примени во областа на оцена на нивото на изложеност и ризик од вибрации и ударен бран предизвикан со експлозии;
- Карактерот, времетраењето (максимум неколку секунди) и фреквентниот состав на ефектите предизвикани со експлозија радикално одстапуваат од карактеристиките на вибрации и бучава на која вреботените се изложени во тек на 8 часовниот работниот ден; и,
- *ISO* и *BS* критерумите, дефинирани за друга област, не се адекватни за примена во областа на оцена на нивото на изложеност и ризикот од вибрации и ударен бран (воздушен надпритисок) предизвикан со експлозија.

Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005 и 24/2007) базиран врз одредбите на 96/61 Директивата на ЕУ за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, освен процесите поврзани со емисија на хемиските агенти, бучавата и вибрациите исто така ги третира како загадувачи, но со ниеден подзаконски акт не пропишува методологија за нивна анализа и гранични вредности.

2.2. Меѓународна нормативна рамка

За да се создадат услови за релевантна квалитативна и квантитативна интерпретација на измерените вибрации и нивното влијание врз човекот и објектите, извршена е обемна анализа и синтеза на меѓународните стандарди *(ISO)* и релевантни национални правилници и упатства кои ја регулираат предметната област и дефинираат квантитативни критериуми за оцена на:

- оштетување на објекти; и,
- човечка осетливост и перцепција

на разни видови долготрајни и краткотрајни вибрации и вибрации предизвикани од експлозија.

Независно од типот, карактерот и времетраењето на вибрациите (доготрајни /вибрации од активности на градилишта/, краткотрајни /поминување на шински возила и сл./, моментални /експлозија/), квантитативните критериуми на стандардите се базирани на:

- максималните *(ppD, ppV),* односно средните квадратни *(rmsD, rmsV)* вредности на поместување (*D)* и брзина *(V),* респективно; и,
- амплитудни фреквентни спектри на брзината на вибрирање на почвените честички.

Наведените физички големини се идентификувани, усвоени и квантитативно изразени, како параметри кои имаат екслузивна контрола врз процесите на оштетување на објекти и човечката осетливост и перцепција на вибрации.

2.2.1. Ризик на оштетување на објекти од вибрации

Со *DIN 4150-3:1999* и *BS 7385-2:1995* се опфатени и вибрациите од експлозии, меѓутоа, доминантен дел од емпириската основа на утврдените критеруми се влијанија од краткотрајни вибрации врз потенцијалот на оштетување на објектите и човечката чуствителност и перцепција на истите.

Меродавни стандарди за оцена на влијанието на вибрации од експлозии се инкорпорирани во *WAC (Washington Administrative Code) 296-52-67065*, Глава *296-52: Safety standards for possession, handling, and use of explosives*, Дел: *67065*.

Основите на *WAC 296-52-67065* се истражувањата публиковани во извештаите *USBM: RI 8507 (U.S. Bureau of Mines, Извештај: RI 8507, "Structure Response and Damage Produced by Ground Vibration from Surface Mine Blasting", 1980)* и *OSMRE (U.S. Office of Surface Mining and Reclamation Enforcement)* нормативите: *CFR (Code of Federal Regulations),* Дел *816.67(D), 1983*.

3. МЕРЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СЕИЗМИЧКИ ДЕЈСТВА ПРЕДИЗВИКАНИ СО ЕКСПЛОЗИЈА ВО МИНСКО ПОЛЕ

Современата пракса за мерење на вибрации од експлозивни дејства предвидува мерење на *ppV* со сеизмометри, односно трансдјусери за мерење на брзина *('velocity transducers'* - сензори за

мерење на брзина на вибрации). Минималните барања кои треба да ги задоволи опремата за мерење на вибрации од експлозија *(BS 6472-2:2008)* се амплитуден опсег од 0.0001 *m/s* (0.1 *mm/s*) до 0.1 *m/s* (100 *mm/s*) во целиот фреквентен опсег од 4.5 – 250 *Hz*. Иако сеизмометрите се најчесто применувани инструменти бидејки директно го мерат потребниот параметар (брзина), *BS 6472-2:2008* дозволува и примена на други видови на инструменти (акцелерометри) под услов да со обработката на податоците од мерењата се добиваат брзини со стабилни и поуздани карактеристики во потребниот фреквентен опсег.

Предпочитана техника на мерење е таа со која се добиваат поуздани нефилтрирани (сурови, "*raw*") временски истории на забрзување за оцена на човечка изложеност, односно брзина и забрзување за оцена на изложеност на објекти, од кои по аналитички пат се добиваат потребните физички големина *(ISO 2631-2:1989* дел *3.5).*

Должина (времетраење) на мерењето на вибрациите, динамичкиот опсег на инструментот и фреквенцијата (или брзина) на мострирање (*sampling frequency* – број на очитувања во единица време) треба да обезбедат задоволителна статистичка прецизност и да обезбедат да мострата (временската историја на потребниот параметар) е „типична" за видот на изложеност (на човекот или објектите) за кој оцената се врши *(ISO 2631-1:1997(E)* делови *5.4 и 5.5)*.

3.1. Геотехничка средина на површинскиот коп

Минирањето на варовникот во ПК „Говрлево" е извршен во три литофизички средини со следните интервални сеизмички брзини (Мираковски и Алексовски, 2003), Табела 1:

Варовничка средина	**Густина *ρv (kNs/m⁴)***	**Сеизмички брзини**	
		Vp (m/s)	***Vs (m/s)***
Mp	20.0 - 22.0	750 - 1 350	750 - 1 350
Mi	22.0 -24.0	1 350 - 2 400	1 350 - 2 400
Mr	24.0 - 26.5	2 950 - 4 150	2 950 - 4 150

Извор: Мираковски & Алексовски (2003)

Табела 1. Литофизички средини на ПК „Говрлево"

3.2. Основни параметри на минското поле и минирањето

Основни параметри на минското поле:

- Број на бушотини: 39
- Број на редови: 5
- Полнења по бушотина *Qm (kg):* 73
- Вкупно полнење *Q (kg):* 2,850

Начин на активирање: НОН-ЕЛ систем со милисекундно закаснување 36 пар. (17, 25, 42 милисекунди).



Слика 1.
Диспозицијата на минското поле

3.3. Диспозиција на мерни точки, мерење и регистрирање на сеизмички вибрации

Диспозицијата на сеизмичките мерни точки (СМТ) и диспозицијата на геофизичкиот профил ПТ-КТ (плитка рефракција) е прикажана на Слика 2.

3.4. Обработка и анализа на регистрациите

Обработката на регистрираните временски истории на брзината на вибрирање на почвените честички е извршена соглгласно *DIN 44150-3:1990-2*, Прилог Д.2:

- Определена е максималната (пик) брзина *[ppV = maxVr]* на регистрираната временска историја на брзината *[vr(t)]* и времето во кој истиот се појавува *[TmaxVr];*

- Дефиниран е и екстрахиран сегмент од сигналот со должина *To* во кој се содржани вибрациите од експлозијата *[ve(t)]*. Сигналот *[ve(t)]* е симетрично центриран околу времето на пикот *[TmaxVr-To/2, TmaxVr+To/2];*
- Екстахираниот сигнал е помножен со временски поместен *Hanning* прозорец со должина *To*, центриран околу времето на пикот *TmaxVr:*

$$h_w(t) = \begin{cases} \dfrac{\left(1 - \cos\left[\dfrac{2\pi(t - to)}{To}\right)\right]}{2} & \text{за } to \le To \le To + to \\ 0 & \text{за } t < to \text{ и } t > To + to \end{cases}$$

- Пресметани се амплитудни спектри на брзина во фреквентниот опсег карактеристичен за видот на изложеност за кој оцената се врши (човекова перцепција и реакција, односно ризик од оштетување на објекти);

Вибрациите од минирање во ПК „Говрлево“ се мерени со:

- еден сет од 4 ултрамобилни триаксиални *TROMINO*^{TM} сеизмометри,

- еден едноаксиален *SS-1 Ranger* сеизмометер, и

- еден сет од 4 *Guralp CMG-5DT* акцелерометри.

Геофизичките мерења, тип површинска рефракција, извршени се со 16 канален дигитален сеизмограф *SoilSpy Rosina*^{TM}.

Користената опрема ги исполнува *BS 6472-2:2008* критериумите.



Слика 2. Диспозиција на сеизмичките мерни точки (СМТ) и геофизичкиот профил во однос на минското поле

- *ve(t)* сигналот (брзини) е интегриран за да се добие сигнал на поместување *de(t)* и определени се максималните (пик) поместувања *[ppD = maxDe]* на определената временска историја на поместување;
- Пондерирање на амплитудните спектри не е извршено со оглед дека не е предвидено со барањата на стандардите за оцена на ризикот на оштетување на објекти изложени на дејство на транзиентни вибрации и вибрации предизвикани од експлозија.

За обработката на регистрираните временски истории на брзина (или забрзување) користен е *Matlab* софтверски пакет развиен во ИЗИИС-Скопје (Извештај ИЗИИС 2014-42).

4. РЕЗУЛТАТИ

4.1. Сеизмогеолошки одлики на мерното место СМТ03

Геофизичките истражувања, вид плитка сеизмичка рефракција, се изведени вдолж сеизмички рефракциски профил со должина од 80 метри во правец површински коп „Говрлево“ – објекти на с.Долно Соње. Геофизичките истражувања се извршени со цел да се согледаат карактеристиките на потенцијалната амплитудно-фрквентна модификација и потенцијалот за

амплификација на сеизмичките вибрации од минирањето во зависност од локалните сеизмогеолошки карактеристики на теренот.

Литофизичко и литостратиграфско расчленување на склопот на теренот вдолж истражниот профил е прикажано на Слика 3. Добиените резултати добро се вклопуваат во резултатите на истражувањата извршени во 2002, односно 2003 година (извештаи ИЗИИС 2002-19 и ИЗИИС 2002-24), Табела 2.



Слика3. Литостратиграфско/литофизички карактеристики на геофизичкиот истражен профил

Литофизичка средина	Vp [m/s]	Vs [m/s]	γ* (kN/m3)	H [m]	T [s]
D - квартерен покривач со примеси од матична здробена стена во основата,	400-660	150-240	17.0	4-8	0.07 - 0.08
Mi - испукан варовник	1,550-2,000	700 -1,000	20.0 - 22.0	4 - 15	0.12-0.17
Mr - релативно компактни варовници	2,500-2,800	1,400 -1,500	24.0 - 26.5	15+	~ 0.2

H – Длабочина
** - Вредностите се преземени од извештајот ИЗИИС 2002-19*

Табела 2. Сеизмогеолошки и стратиграфски карактеристики на геофизичкиот истражен профил



Слика 4. Мерно место CMT03: Временска историја на брзини *[ve(t)]*

Сеизмогеолошките карактеристики на другите сеизмички мерни места не се определувани, подразбирајќи дека истите се лоцирани на површинска стенска маса, како и дека се во границите на концесионото подрачје на копот „Говрлево“.

За мерните места CMT02 и CMT03, и двете лоцирани на тенок квартарен дилувијум, топографски лоцирани во транзитната зона помеѓу стенскиот масив кој се експлоатира и долина, има индиции за развој на секундарен сеизмички бран (Слика 4) поради:

- комплексната геометрија на геолошкиот склоп; и,
- присуство на релативно тенок квартер.

Поради близината на мерното место до брдскиот масив, секундарниот бран не можеше целосно да се развие така да неговите амплитуди се помали од амплитудите на примарниот бран. Меѓутоа на поголеми оддалеченост од брдскиот масив и во услови на подебел квартер, истите можат да се амплифицираат и да ги надминат амплитудите на примарниот бран.

За да до крај се разјасни овој ефект, при следните минирања, посебно доколку се планира минирање со вкупна тежина на експлозив поголема од 2,850 *kg*, бар едно мерно место треба да се постави на мин 500-800 *m* од мерното место CMT03 во насока кон с.Долно Соње. За истото, потребно е да се дефинират сеизмогеолошките и стратиграфските карактеристики со плитки рефракциони геофизички истражни работи.

4.2. Ризик од оштетувања на објекти и човечки дискомфорт

Нивото на ризикот од појава на козметички оштетувања на објекти и настанување на човечки дискомфорт кој би предизвикал поплаки на популацијата која го осетила минирањето, измерените *(BS 6472-2:2008, ISO 2631-1:1997)* и аналитички *процесираните (DIN 44150 3:1990-2)* временски истории на брзината се компарирани со граничните вредности пропишани со

стандардите *DIN 4150-3:1999, BS 7385-2:1995* и *OSMRE CFR Part 816.67(D)* и упатството *USBM:RI 8507 (WAC 296-52-67065).*

Изработени се и детално презентирани (извештај ИЗИИС 2014-39) компаративни сумарни графикони и синтеза на исполнетоста/неисполнетоста на критериумите за четирите мерни места (CMT01, CMT02, CMT03 и CMT04).



Слика. 5. CMT02-Типичен компаративен фреквентен графикон, мерно место CMT02

Типичен компаративен графикон, за CMT02 е прикажан на Слика 5. Истиот укажува да, не само што се исполнети условите на релевантните стандарди и препораки на *BS 7385-2:1995* и *OSMRE CFR Part 816.67(D)* и упатството *USBM:RI 8507 (WAC 296-52-67065)* [нормативи релевантни за вибрации од експлозии], туку и на *DIN 4150-3:1999* стандардот којшто е стандард кој најчесто се употребува во ЕУ просторот, меѓутоа и најконзервативен со оглед дека е базиран врз емпириски податоци од 'транзиент' вибрации.

5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

5.1. Заклучоци

Врз основа на темелните истражувања кои произлегоа од предметните анализи и истражувањата во доменот на законската регулатива, произлегоа следниве заклучоци:

1. Националната регулатива на Република Македонија несоодветно го покрива предметното подрачје – квантификација и оцена на влијанието на вибрации предизвикани од експлозија врз човекот и материјалните добра.
2. Мерењата, анализата на податоци и интерпретација на добиените резултатите е извршена според следните важечки мегународни стандарди и нормативи: *DIN 4150 3:1993, BS 6472-2:2006 , BS 5228-2:2009* и *BS 7385-2:1993* стандарди, односно, правилници и нормативи *WAC 296-52-6706, USBM:RI 8507* и *OSMRE:CFR Part 816.67(D).*

3. Врз основа на резултатите од мерењата и анализата на нивото на вибрации емитирани од минирање во копот „Говрлево“ извршено на 2.07.2014 година со полнење од 2,850 *kg*, (Табела 3) заклучено е:

   - Интензитетот на вибрациите емитирани од минирањето, на сите мерни места (CMT01, CMT02, CMT03 и CMT04), е значително под граничните вредности кои можат да предизвикаат козметички оштетувања на објектите; *cf: DIN 4150 3:1993, BS 7385-2:1993, WAC 296-52-67065, USBM:RI 8507* и *OSMRE:CFR Part 816.67(D).*
   - Интензитетот на вибрациите емитирани од минирањето на сите мерни места (CMT01, CMT02, CMT03 и CMT04) се под нивото на перцепција кое може да предизвика поплаки на корисниците на административни и индустриски објекти; *cf: BS6472-2:2008, BS 5228-2:2009, J&S 02-039.*
   - Интензитетот на вибрации измерен на мерните места CMT03 и CMT04 е поголем од граничните вредности кои можат да предизвикаат човечки дискомфорт – ниво поплаки на корисниците на станбени објекти. Неисполнувањето на овој критериум треба да се занемари со оглед дека во концесионите граници на копот „Говрлево“ нема станбени објекти; *cf: BS 6472-2:2008, BS 5228-2:2009, J&S 02-039.*
   - Ударниот бран како и пратечки звучни ефекти не се почуствувани и треба да се третираат како нетипични за експлозивни полнења до 2,850 kg.

Измерени параметри/критериуми за ризик од оштетување на објекти и човечки дискомфорт	**Сеизмичко мерно место**			
	CMT01	**CMT02**	**CMT03**	**CMT04**
А. Измерени големини				
Растојание до минското поле [m]	**523.64**	**659.65**	**288.03**	**158.99**
$_{max}$ppD $_{[NS, EW, ZZ, rms]}$ (1-4 Hz) [mm]	**0.0098**	**0.1426**	**0.0151**	**0.0148**
$_{max}$ppV $_{[NS, EW, ZZ, rms]}$	**1.9609**	**8.2362**	**11.3355**	**11.8333**
Б. Ризик од настанување козметички оштетувања				
OSMRE CFR part 816.67(D),1983 **ppV = 25.4 [mm/s]** за растојаниа: 91.5 – 1,525 m	√	√	√	√
BS 7585-2:1993 (BS 5228-2:2009) **Линија 3: $_{max}$ppD (1-4 Hz) = 0.6 [mm]**	√	√	√	√
1-100 (250) Hz ppV амплитудни спектри				
USBM:RI 8507: RI 8507, 1980; **Линија 1 и Линија 2**	√	√	√	√
OSMRE CFR part 816.67(D),1983	√	√	√	√
BS 7385-2:1993 (ISO 4866:1990); **Линија 1 и Линија 2**	√	√	√	√
DIN 4150-3:1999; **Линија 1, Линија 2 и Линија 3**	√	√	√	√
В. Ризик од човечки дискомфорт				
BS 6472-2:2008, *Администрација, работилници, индустрија;* **Било кое време: ppV = 14.0 [mm/s]**	√	√	√	√
BS 6472-2:2008,*Становање*; **Ден: ppV = 6-10 [mm/s]** [3]	√	√	**Не**	**Не**
BS 5228-2:2009, *Осетливост на вибрации*	**Ниво 4**	**Ниво 4**	**Ниво 4**	**Ниво 4**

√ *- задоволува**, Не** – НЕ задоволува*

Табела 3. Ризик од оштетување на објекти и човечки дискомфорт (Говрлево, 02.07.2014)

4. Измерените и интерпретираните ефектите на вибрациите од минирањето во границите на концесионото подрачје се значително под граничните (дозволени) вредности и другите индикатори пропишани со користените стандарди.

5. Минирањето извршено на 02.07.2014 12h35 со полнење од 2,850 kg, во кругот на концесионото подрачје на копот „Говрлево“, не предизвикало вибрации и/или пратечки

[3] Според Minerals Planning Guidance Note MPG 9 и циркуларот на Шкотската Влада бр. 26/1992, измерените ppV вредности треба да се во рамките на статистички добиените гранични вредности, но не треба да ја надминат вредноста од 12 mm/s. Согласно, нивото на ризикот од човечки дискомфорт кој може да доведе до порлаки на населението оценет со НЕ (неприфатлив) би се редуцирал на прифатливо (√) ниво.

ефекти кои би имале било какво влијание врз животната средина, објекти и човеков дискомфорт (Табела 3).

6. Во границите на концесионото подрачје на ПК „Говрлево“ вибрациите од производни минирања со експлозивни полнења до 2,850 кг., активирани со НОН-ЕЛ системот со милисекундно закаснување, на растојаниа од 150+ метри не представуваат ризик за оштетување на објектите и предизвикување на човечки дискомфорт.

5.2. Препораки

5.2.1.Конкретни

1. Мерењата извршени на мерните места СМТ02 и СМТ03, и двете лоцирани на тенок квартарен дилувијум, сместени топографски во транзитната зона помеѓу стенскиот масив кој се експлоатира и долина, укажуваат на потенцијал за развој на секундарен сеизмички бран (Слика 4).

2. Измерените амплитуди на секундарниот се помали од амплитудите на примарниот бран бидејќи истиот не можеше да се развие со оглед дека и двете мерни мерните места се лоцирани во контакт зоната помеѓу брдскиот масив и долините. На поголеми оддалеченост од брдскиот масив и во услови на подебел квартер и под дејство на минирања со поголеми полнења, истите можат да се амплифицираат и да ги надминат амплитудите на примарниот бран.

3. За да до крај се разјасни овој ефект, при следните минирања, посебно доколку се планираат минирање со полнења поголеми од 2,850 kg, бар едно мерно место треба да се постави на мин 500-800 m од мерното место СМТ03 во насока кон с.Долно Соње. За истото, потребно е да се дефинират сеизмогеолошките и литостратиграфските карактеристики со плитки рефракциони геофизички истражни работи.

5.2.2.Стратегиски

1. Актуелната национална регулатива исклучиво ја третира областа на изложеноста, како и минималните барања за заштита на вработените од ризиците по нивното здравје и безбедност кои настануваат, или за кои постои можност да настанат, од изложеност на механички вибрации емитирани во тек на активностите во кои вработените се изложени или постои можност да бидат изложени на ризици од механички вибрации.

Figure 9. Ratio between actual (available) and design displacement ductility

The available strength of structure is an important factor which affects its performance during seismic action, that could be stronger than the designed. Greater reserved strength in frames designed for lower seismic action, and in the DCH frames, is reflected by the greater influence of gravitational

loads. For DCH frames, rigorous provisions aimed at improving ductility during design, also contribute to increasing the reserved strength.

For the determination of available ductility displacement of structure, it is necessary to determine the maximum displacement of the structure. The literature states that one of the most reliable ways of determining is for the drop of the maximum strength by 20 %. Structures were pushed to these values by lateral forces, after which, strength and ductility in critical zones (column fixed ends) were checked. Available curvature ductility of critical regions was achieved in all of the frames, and in addition, a significant strain of tensioned reinforcement was achieved. The assumption was that the failure of the structure is caused by the fracture of the element and the maximum structural displacement is determined by the value of the lateral force due to which the primary elements of the structure collapsed. Authoritative maximum top displacements corresponds to the drop of maximum strength ranging from 2 % to16.8 %, and adopted drop of 20 % overestimated the strength capacity and ductility of critical regions.

Reserved ductility displacement was not expected greater in the DCH frames, although they were designed for ductile performance. In comparison with the design ductility factor, available ductility was up to 1.9 times higher in the DCM frames, and 1.6 times in the DCH frames. There by, the smallest reserved ductility of structural displacement was in 10 storey frames. It could be expected, with regard to redundancy, that the frames with greater height would have higher values of available ductility, but the overall results did not show that.

6. ACKNOWLEDGMENTS

The work has been done within the scientific research project TR 36043 "Development and application of a comprehensive approach to the design of new and safety assessment of existing structures for seismic risk reduction in Serbia", which is funded by the Ministry of Science of Serbia.

REFERENCES

[1] Elnashai, A. S., and Di Sarno, L. (2008).Fundamentals of earthquake engineering, John Wiley Publications

[2] Eurocode 2 (2004). Design of concrete structures Part1-1:General rules, and rules for buildings, European Committee for Standardisation, Brussels, Belgium

[3] Eurocode 8 (2004). Design of structures for earthquake resistance Part1:General rules, seismic actions and rules for buildings, European Committee for Standardisation, Brussels

[4] OpenSees. (2014). Open system for earthquake engineering simulation, Pacific Earthquake Research Center, (http://opensees. berkeley.edu).

[5] Park, R. (1988). "Ductility evaluation from laboratory and analytical testing."Proceedings of the 9th World Conference on Earthquake Engineering, Tokyo-Kyoto, Japan, Vol. VIII, 605-616.

[6] Rejec, K., and Fajfar, P. (2014). On the relation between the near collapse limit states at the element and structural level, Proceedings of the Second European Conference on Earthquake Engineering and Seismology, Istanbul

[7] Villaverde, R. (2007). "Methods to assess the seismic collapse capacity of building structures: state of the art.", Journal of Structural Engineering, 133(1), 57-66

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 15

Jelena RISTIC[1], Viktor HRISTOVSKI[2], Danilo RISTIC[3]

SEISMIC PROTECTION OF BRIDGES USING INNOVATIVE CONCEPT FOR SEISMIC RESPONSE MODIFICATION

SUMMARY

Several earthquakes that have occurred in the last two decades, including the significantly characteristic ones in Izmit and Duzce in Turkey from year 1999, proved that even the most advanced applied technologies are put to test with uncertain outcome in countries and regions with high to very high seismicity, as is Republic of Macedonia. The main goal of this paper is to elaborate and discuss selected results from the carried out extended quasi-static, dynamic and analytical tests and to emphasize the advantages from the applied innovative systems for seismic response modification of bridges and the increasing of their seismic safety as a result of adequately chosen modern seismic protection method.

Keywords: bridges, seismic response modification, seismic protection, innovative technology

Јелена РИСТИЌ[1], Виктор ХРИСТОВСКИ[2], Данило РИСТИЌ[3]

СЕИЗМИЧКА ЗАШТИТА НА МОСТОВИ СО ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВЕН КОНЦЕПТ ЗА МОДИФИКАЦИЈА НА СЕИЗМИЧКИОТ ОДГОВОР

РЕЗИМЕ

Неколку земјотреси кои се случија во последните две декади, вклучувајќи ги значително карактеристичните во Измити Дузче, Турција од 1999 година, докажаа дека дури и најнапредните применети технологии се ставени на тест со неизвесен исходво земји и региони со висока сеизмичност, како што е и Македонија. Основната цел на предметниот труд е со разработка и дискусија на одбраните резултати од спроведените обемни квазистатички, динамички и аналитички тестирања, да се истакнат придобивките од примената на предметните иновативни системи за модификација на сеизмичкиот одговор на мостовите и зголемувањето на нивната сеизмичка сигурност како резултат на избор на соодветен современ метод на сеизмичка заштита.

Клучни зборови: мостови, модификација на сеизмички одговор, сеизмичка заштита, иновации

[1] MSc., PhD student, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology. University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, jelena.ristik@live.com
[2] Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, viktor@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, danilo@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Во овој труд се презентирани и дискутирани одбрани истражувачки активности и добиени резултатиод страна на авторот, кој својата докторска дисертација ја изработува во состав на повеќегодишниот научен проект финансиран од програмата на НАТО Наука за Мир, со наслов „Сеизмичко унапредување на мостови во југоисточна Европа со примена на иновативни технологии“.Истражувањата спроведувани во состав на изработката на докторската дисертација се фокусирани на развојот и унапредувањето на два основни типа на иновативни уреди за дисипација на сеизмичка енергија (EDD) и варијација на повеќе типови на иновативни компоненти за дисипација на сеизмичка енергија (EDC), како и на развојот на иновативни физички модели на прототип на мостовска конструкција за динамички тестирања на сеизмичка вибро-платформа во ИЗИИС, Скопје. Дел од развиените иновативни уреди за дисипација на сеизмичка енергија се истакнуваат со својата карактеристичност и уникатност во однос на нивната способност за одговор на дејство на земјотрес и обезбедување на сеизмичка заштита во повеќе насоки и на повеќе нивоа.

Слика 1. Иновативен уред за дисипација на сеизмичка енергија од хоризонтален H-тип

Слика 2. Иновативен уред за дисипација на сеизмичка енергија од комплексен C-тип

Одбраните оригинални истражувачки резултати презентирани во овој труд се дел од следните три основни истражувачки фази: (1) Квази-статичко тестирање на уреди за дисипација на сеизмичка енергија (од хоризонтален H-тип, Слика 1 и комплексен C-тип, Слика 2) и нивните соодветни компоненти; (2) Динамичко тестирање на иновативен модел на прототип на мостовска конструкција, Слика 3 со вградени неопренски сеизмички изолатори, Слика 4 и двојно сферични сеизмички лежишта на тркалање, Слика 5, како и вградени варијации на уредите за дисипација на сеизмичка енергија, со примена на скалирани записи на земјотреси со високи интензитети; и (3) Нумеричка анализа на микро-моделина одбрани компоненти за дисипација на сеизмичка енергија од хоризонтален H-тип и комплексен C-тип.



Слика 3. Иновативен модел на прототип на мостовска конструкција монтиран на сеизмичката вибро-платформа во лабораторијата за динамички испитувања во ИЗИИС, Скопје

Основната цел на овој труд е приказ и разработка на одбраните резултатите добиени со примена на неколку различни пристапи на анализа за одбраните компоненти и уреди, како и потенцирање на значителноста на деталните анализи со чија примена се добива зголемена точност на резултатите, а со тоа и зголемена сигурност припримената на системите за сеизмичка заштита.

Слика 4. Квадратни ламинирани неопренски сеизмички лежишта

Слика 5. Двојно сферични сеизмички лежишта на тркалање

2. КВАЗИ-СТАТИЧКИ ТЕСТОВИ НА УРЕДИ ЗА ДИСИПАЦИЈА НА СЕИЗМИЧКА ЕНЕРГИЈА

Предметните квази-статички тестови на уредите за дисипација на сеизмичка енергија вклучија проектирање, производство и тестирање на два карактеристични типа на уреди за дисипација на сеизмичка енергија (EDD) од хоризонтален Н-тип и комплексен С-тип при симулирано повратно циклично товарење.Квази-статичките тестови беа спроведени со примена на сензорски контролиран актуатор, кој работи на хидраулички принцип, и прима влезни податоци преку софтверски програм. Товарењето на уредите и компонентите за дисипација на сеизмичка енергија беше циклично и постепено, со задавање на мали контролирани инкременти на поместувања во секој чекор. Квази-статичките тестови беа спроведени за сите типови на компоненти од хоризонтален Н-тип и комплексен С-тип, монтирани директно на иновативниот модел на мост во комбинација со двојно сферични сеизмички лежишта на тркалање. По завршувањето на овие тестови, беа тестирани уредите за дисипација на сеизмичка енергија, исто така во комбинација со двојно сферичните сеизмички лежишта на тркалање.



Слика 6. Добиена оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергија EDC-H



Слика 7. Добиена оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) од квази-статичко тестирање на уред за дисипација на сеизмичка енергија EDD-H

На слика 6 прикажана е одбрана репрезентативна оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) добиена од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергијаEDC-H, тип 1.2. На слика 7 прикажана е одбрана репрезентативна оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) добиена од квази-статичко тестирање на уред за дисипација на сеизмичка енергијаEDC-H, со две нивоа составени од по осум вградени компоненти од тип 1.2 на горното ниво-1 и тип 1.5 на долното ниво-2.

3. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ДИНАМИЧКИ ТЕСТОВИ НА СЕИЗМИЧКА ВИБРО-ПАТФОРМА

Реализираната програма која опфати обемни експериментални тестови на сеизмичка платформа, вклучи проектирање, изведба и тестирање на иновативни модели на прототип на мост во голем размер со вградени два иновативни системи за модификација на одговорот и сеизмичка заштита во повеќе правци и на повеќе нивоа.

Резултатите од реализираните експериментали тестови на сеизмичката вибро-платформа претставуваат основни реалистични податоци кои екпериментално ги потврдуваат реалните перформанси при модификацијата на одговорот на конструкцијата како и генерираната ефикасност на формулиранитеразлични варијанти на иновативни мостовски системи применливи за сеизмичко унапредување на постоечки мостови и за сеизмичка заштита на нови и значајни мостовски конструкции лоцирани во сеизмички активни региони.

Проектираниот основен модел на мост беше успешно прилагоден да биде повеќенаменски обезбедувајќи реалистични резултати за потполна експериментална верификација на различните предложени технологии за модификација на одговорот и сеизмичка заштита на мостови.Моделот беше изведен во размер 1/9, додека записите на влезните земјотреси за динамичко тестирање на платформа беа временски збиени со фактор 1/3.

Динамичките тестови на сеизмичката вибро-платформа беа спроведени со примена на одбрани записи на следните земјотреси: (1) El Centro, (2) Landers, (3) Northridge и (4) Petrovac. Влезните записи беа скалирани во однос на време и интензитет според теоријата на сличност за физички модели. На слика 8 прикажана е одбрана репрезентативна временска историја на одговор на забрзување регистрирано од мерниот канал ACC-01, од динамичкото тестирање на сеизмичка платформа на моделот на мостBM1 со вградени уреди за дисипација на сеизмичка енергија (EDD) од H-тип, со компоненти (EDC) од тип 1.2. Мерниот канал ACC-01 го мереше забрзувањето на крајната лева страна на горната површина од коловозната плоча, во правец на активацијата на вибрационата платформа, односно под агол од 45 степени во однос на моделот на мостот. На слика 9 прикажана е одбрана репрезентативна временска историја на одговор на поместување регистрирано од мерниот канал LVDT-01, од динамичкото тестирање на сеизмичка платформа на моделот на мост BM1 со вградени уреди за дисипација на сеизмичка енергија (EDD) од H-тип, со компоненти (EDC) од тип 1.2.



Слика 8. Регистриран одговор на забрзување од динамички тест на сеизмичка вибро-платформа BM1-EDD-HS, EDC-T1.2; Петровац 0.7g

Слика 9. Регистриран одговор на поместување од динамички тест на сеизмичка вибро-платформа BM1-EDD-HS, EDC-T1.2; Петровац 0.7g

Мерниот канал LVDT-01 го мереше поместувањето на крајната лева страна на горната површина од коловозната плоча, во правец на активацијата на вибрационата платформа, односно под агол од 45 степени во однос на моделот на мостот. Влезниот запис на земјотресот од Петровац за сеизмичката вибро-платформа беше скалиран на максимален интензитет од PGA=0.7g.

4. КВАЗИ-СТАТИЧКИ ТЕСТОВИ НА КОМПОНЕНТИ ЗА ДИСИПАЦИЈА НА СЕИЗМИЧКА ЕНЕРГИЈА

Дополнителни квази-статички тестирањана компонентите за дисипација на сеизмичка енергија беа извршени одделно за секој тип на компонента, со цел да се исклучи учеството на двојните сферични сеизмички лежишта на тркалање во хистерезисниот одговор, кои беа вклучени во случаите на претходните тестирања од овој тип (точка 2).

На слика 10 и слика 11 графички просторно се прикажани репрезентативните компоненти за дисипација на сеизмичка енергија од хоризонтален Н-тип, подтип 1.1 и 3.2, соодветно. На слика 12 графички просторно е прикажана компонента за дисипација на сеизмичка енергија од комплексен С-тип, подтип 2.1.

Како подготовка за квази-статичките тестови, компонентите за дисипација на сеизмичка енергија од секој подтип на хоризонталниот Н-тип беа монтирани во пар во иста рамнина свртени една наспроти друга, слика 13. Овој начин на монтажа беше одбран како оптимален со цел да се одржи рамнотежа и да се одбегне извивање на компонентите при тестирањето.



Слика 10. Компонента за дисипација на сеизмичка енергија од хоризонтален тип 1.1



Слика 11. Компонента за дисипација на сеизмичка енергија од хоризонтален тип 3.2



Слика 12. Компонента за дисипација на сеизмичка енергија одкомплексен тип 2.1

Компонентите за дисипација на енергија од комплексен С-тип беа тестирани посебно во облик на единечен конзолен елемент, монтиран на карактеристична поставена челична платформа за оваа намена.Како што беше и претходно наведено, и во овој случај товарењето на компонентите за дисипација на сеизмичка енергија беше циклично и постепено, со задавење на мали контролирани инкременти на поместувања во секој чекор со примена на софтверски управуван актуатор, слика 14.

Слика 13. Монтиран пар сеизмички компоненти за дисипација на енергија од хоризонтален-НСтип за квази-статичко тестирање



Слика 14. Сензорски и софтверски управуван актуатор за квази-статичко тестирање

На слика 15 прикажана е одбрана репрезентативна оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm)добиена од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергијаEDC-H1, тип 1.1. Максималниот интензитет на генерирана сила во една компонента изнесува F_{max}=14.4kN, за зададено максимално поместување од d_{max}=41.9 mm.

На слика 16 прикажана е одбрана репрезентативна оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) добиена од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергија EDC-H3, тип 3.2. Максималниот интензитет на генерирана сила во една компонента изнесува Fmax=-12.5 kN, за зададено максимално поместување од dmax=-36.5 mm.

На слика 17 прикажана е одбрана репрезентативна оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) добиена од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергија EDC-C, тип 2.1. Максималниот интензитет на генерирана сила во една компонента изнесува Fmax=5.7 kN, за зададено максимално поместување од dmax=41.6 mm.



Слика 15. Добиена оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергија HC-тип1.1



Слика 16. Добиена оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергија HS-тип3.2



Слика 17. Добиена оригинална хистерезисна крива сила (kN) – поместување (mm) од квази-статичко тестирање на компонента за дисипација на сеизмичка енергијаC-тип 2.1

5. АНАЛИТИЧКИ ИСПИТУВАЊА НА КОМПОНЕНТИТЕ ЗА ДИСИПАЦИЈА НА СЕИЗМИЧКА ЕНЕРГИЈА

Основната цел на испитувањата со микро-модели за новите тестирани компоненти за дисипација на сеизмичка енергија е да се формулираат напредни нелинеарни аналитички модели со кои ќе може да се симулираат реалните хистерезисни експериментални резултати, релација сила – поместување, како и реалната распределба на напрегања и дилатации за секоја компонента, воедно обезбедувајќи и верификација на резултатите од квази-статичките тестирања.

Во овој труд презентиран е еден одбран репрезентативен резултат добиен за анализа на компонента за дисипација на сеизмичка енергија (EDC) од хоризонтален-H3 тип 3.2. Анализата е спроведена во компјутерскиот програм FELISA/3M, развиен од страна на менторот на кандидатот, Проф. д-р Виктор Христовски. Компонентата за дисипација на сеизмичка енергија со вкупна должина од l=180 mm и константна дебелина од t=15 mm радијално е поделена на 20 еднакви конечни елементи на слика 18. Компонентата за дисипација на сеизмичка енергија е моделирана со примена на тридимензионални конечни елементи од типот “solid”, со 20 јазлови точки и 27 Гаусови интеграциони точки. Материјалните карактеристики за челикот се моделирани да обезбедат еластично-пластично однесување, според принципот на von Mises. При моделирањето на однесувањето на компонентата за дисипација на сеизмичка енергија вклучени се два типа на зајакнување на крутоста – дилатационо зајакнување и кинематичко зајакнување.

Со цел да се добијат валидни и доверливи резултати од нумеричката анализа на микро-моделите како би можело да се споредат со експериментално добиените, влезното товарење е идентично како и кај квази-статичките тестови на компонентите за дисипација на сеизмичка енергија и се состои од задавење на истите предефинирани мали инкременти на поместување со постепен пораст чекор по чекор и циклично.



Слика 18. Компонента за дисипација на сеизмичка енергија H3-тип 3.2 поделена на20 конечни елементи од типот “solid”

Слика 19. Хистерезисен одговор за компонента за дисипација на сеизмичка енергијаEDC-H3-тип 3.2 од а. Квази-статички тест и б. Анализа на микро-модел

Во оваа фаза на истражувањето забележан е високо задоволителен напредок и постигната сличност помеѓу нумерички и експериментално добиените хистерезисни одговори на компонентата за дисипација на сеизмичка енергија EDC-HS тип 3.2, како што е прикажано на Слика 19.

Во однос на добиените резултати, најзначајно е да се забележи следното: (1) Влезното циклично товарење во облик на инкременти на деформации е симулирано и задавано со високо ниво на прецизност; (2) Максималните интензитети на генерираната сила во компонентата за дисипација на сеизмичка енергија се многу блиски или се совпаѓаат за секој циклус на товарење; (3) Нивоата на дисипирана сеизмичка енергија се од ист ред и за двата хистерезисни одговори, добиени нумерички и експериментално; (4) Наклонот на енвелопната крива и за двата хистерезисни одговори се совпаѓа со висока точност; (5) Од споредбата на добиените дијаграми може да се забележи дека главното отстапување помеѓу експерименталните и нумеричките резултати се јавува поради отворот кој во реалност постои на местото на штрафење на двата краја на тестираната компонента за дисипација на енергија, кое се корегира во наредната аналитичка фаза.

6. ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиените истражувачки резултати од спроведената теоретска, експериментална и аналитичка студија презентирана погоре, изведени се следните основни заклучоци:

(1) Уредите за дисипација на сеизмичка енергија се со голема ефективност за сеизмичка изолација и контрола на вибрации кај мостови. Меѓутоа, за секој конкретен мост сеизмичката изолација треба да биде проектирана врз основа на напреден процес на оптимизација кој ги зема предвид реалните карактеристики на уредите за дисипација на енергија. Применувајќи го потребното експертско знаење, проектантите би постигнале успешен избор на сеизмички изолатори со соодветни перформанси;

(2) Новите уреди за дисипација на сеизмичка енергија од H-типи C-тип кои обезбедуваат сеизмичка заштита на повеќе нивоа и во повеќе правци, поседуваат уникатни карактеристики имајќи ја способноста своето однесување да го прилагодат на реалниот интензитет на влезната сеизмичка побуда. Всушност, овие уреди со своите напредни карактеристики обезбедуваат модификација на одговорот на конструкцијата од земјотрес и контрола во сите правци;

(3) Предложените напредни уреди од H-тип и C-тип со високи перформанси за сеизмичка изолација и модификација на сеизмичкиот одговор кај мостови се оптимално создадени врз основа на принципот за баланс на сеизмичката енергија. Тие претставуваат многу ефикасен технички систем со интегрирани иновативни предности во однос на сеизмичка изолација, дисипација на сеизмичка енергија и ефикасна контрола на деформации;

(4) Системите за сеизмичка заштита и модификација на сеизмичкиот одговор кај мостови од хоризонтален H-тип и комплексен C-тип покажуваат многу висок перформанс при сеизмичка контрола и притоа може да се применуваат во пракса за обезбедување на рамномерна и потполна сеизмичка заштита на мостовски конструкции во подолжен и попречен правец при дејство на многу силни идни земјотреси.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Kim J. -M., Feng M.Q., Shinozuka M.Energy dissipating restrainers for highway bridgesSoil Dynamics and Earthquake Engineering, Vol. 19, 65-69, 2000

[2] Iemura H., Takahashi Y.,Chen , Y. Control of seismic energy partitioning of bridge piers with sliding rubber bearing 2nd World Conference on Structural Control, NY, Vol. 2, 941-948, 1998

[3] Martelli A., Forni, M., Clemente, P. Recent Worldwide Application of Seismic Isolation and Energy Dissipation and Conditions for Their Correct Use 15th World Conference of Earthquake Engineering, Lisbon, Portugal, 2012

[4] Kawashima K., Matsuzaki H. Damage of Road Bridges by 2011 Great East Japan (Tohoku) Earthquake 15th World Conference of Earthquake Engineering, Lisbon, Portugal, 2012

[5] Chopra K. Anil. Dynamics of Structures. Theory and Applications to Earthquake EngineeringBerkeley, California: 1995

[6] Severn R.T., Stoten D.P., Tagawa Y.The Contribution Of Shaking Tables To Earthquake Engineering 15thWorld Conference of Earthquake Engineering, Lisbon, Portugal, 2012

[7] Castoldi A.Experimental Analysis of Structures

[8] Bathe. K.J.Finite element procedures in engineering analysis Prentice-Hall, 1982

[9] Wilson L. Edward. Three-Dimensional Static and Dynamic Analysis of Structures: A Physical Approach With Emphasis on Earthquake EngineeringBerkeley, California: Third Edition 2002.

[10] Chen Wai-Fah, DuanLianBridge Engineering: Seismic Design CRC Press: 2003

[11] Priestley M.J.N, Seible F., Calvi G.M. Seismic Design and Retrofit of Bridges, John Wiley & Sons, 1996

[12] Zienkiewicz O. C., Taylor R. L. The Finite Element Method – Volume 1: The Basis Fifth Edition, Berkeley, California: 2000

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

SE - 16

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

Radmila SALIC[1], Zoran MILUTINOVIC[2]

AN OVERVIEW ON THE UP-TO-DATE RESEARCH IN THE FIELD OF SEISMIC HAZARD FOR THE THERITORY OF REPUBLIC OF MACEDONIA

SUMMARY

This paper presents a general synthesis of all previous research in the field of seismic hazard analysis for the Republic of Macedonia, through the synthesis of all legal maps for seismic zoning, available data used (catalogs of earthquakes, geological and tectonic data), implemented models of seismic sources, GMPEs (Ground Motion Prediction Equations) used and obtained results. This given review in a general terms covers the latest research in the field (Salic and Milutinovic, 2015).

Keywords: seismic hazard, codes, Macedonia

Радмила ШАЛИЌ[1], Зоран МИЛУТИНОВИЌ[2]

ПРЕГЛЕД НА ДОСЕГАШНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА СЕИЗМИЧКИОТ ХАЗАРД ЗА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ

Рефератот преставува генерална синтеза на сите досегашни истражувања во полето на сеизмичките хазардни анализи за територијата на Република Македонија, преку синтезата на важечките карти за сеизмичко зонирање, користените расположиви податоци (каталози на земјотреси, геолошки и тектонски податоци), имплементираните модели на сеизмички извори, користените зависности на атенуација на земјотресното дејство и добиени резултати. Дадениот преглед, во генерална смисла ги опфаќа и најновите истражувања во областа (Шалиќ и Милутиновиќ, 2015).

Клучни зборови: сеизмички хазард, прописи, Македонија

[1] Assist. Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (UKIM-IZIIS), University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, r_salic@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (UKIM-IZIIS), University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, zoran@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Процесот на дефинирање на сеизмичкиот хазард за територијата на Република Македонија датира од средината на минатиот век и еволуира заедно со мапите на сеизмичко зонирање преку имплементацијата и развојот на прописите за проектирање (Табела 1), но и преку бројните национални и интернационални научно-истражувачки проекти.

Барањата во поглед на сеизмичката стабилност на објектите биле адресирани уште при првите официјални прописи за проектирање од 1948 година, односно со „Привремените технички прописи за оптоварување на згради“ (ПТП, Дел-2, бр. 11730, 12 Јули 1948). Веднаш по катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година бил донесен „Правилникот за технички прописи за градење во сеизмички подрачја“ (Службен лист на СФРЈ бр. 39/64) кој во употреба бил се до донесувањето на сеуште важечкиот „Правилник за техничките нормативи за изградба на објекти од високоградбата во сеизмички подрачја“ од 1981 година (Службен лист на СФРЈ бр. 31/81 (Амандмани 49/82, 29/83, 21/88 и 52/90)).



Слика 1. Официјални карти на сеизмичко зонирање (Шалиќ и Милутиновиќ, 2012)

Карти со максимално очекувани интензитети биле интегрален дел од сите официјални прописи за проектирање. Картите биле резултат на користење на различни методологии за определување на сеизмичкиот хазард базирани на расположивите сеизмолошки податоци со променливи и во принцип „непознати“ нивоа на поузданост. Мапираните максимално очекувани интензитети биле изразени во различни интензитетни скали (MCS, MSK-64) и биле резултат на различни методологии за оценка на сеизмичкиот хазард, детерминистичка (1950) па се до веројатносна (1987/90).

Сеизмичката карта од 1950 година, поврзана со прописите од 1948 година е базирана на компилација на максимално случените земјотресни интензитети со временска референца од 360-1950 година. Основа за изработката на оваа карта е картата од 1948 година.

Скопскиот земјотрес од 1963 година покажал неконзистентности и слабости во одредени сегменти на прописите од 1948 година што било главна причина за донесувањето на „Правилникот за технички прописи за градење во сеизмички подрачја“ во 1964 година (Службен лист на СФРЈ бр. 39/64). Долго време по неговото донесување составен дел на Правилникот била картата од 1950 година се до 1979 година кога за територијата на Република Македонија била заменета со картата на сеизмичко реонирање (Службен весник на СРМ бр. 2/79). Компилираната карта од 1967 година за целата територија на СФРЈ иако донесена никогаш не била законски легализирана.

Генезата на знаењето како и развојот и примената на новите методологии, низ временска дистанца резултира со потценување или натценување на нивоата на сеизмичкиот хазард во одредени територии на државата. Очигледните разлики во територииите со максимално очекувани интензитети (Слика 1) резултираат со потценување/натценување на нивоата на сеизмичките проектни параметри. Влијанието на овие промени врз постојната физичка и социо-економска средина ќе биде потребно детално да се евалуира и согласно да бидат

превземени соодветни мерки за намалување на ризикот од очекуваните сеизмички дејства, посебно во регионите со потценет сеизмички хазард.

Пропис		**Карта на сеизмичко зонирање**	
1948:	Привремени технички прописи за оптоварување на згради (ПТП), Дел-2, бр. 11730, 12 јули 1948.	**1948:**	Карта на сеизмичко зонирање на ФНР Југославија (Службен весник на ФНРЈ, бр. 61/48, 17 јуни 1948).
		1950:	Сеизмолошка карта на СФР Југославија Автор: Ј. Михајловиќ Основа: Компилација на интензитетите на случените земјотреси од 360–1950 година)
1964:	Правилник за технички прописи за градење во сеизмички подрачја, Службен лист на СФРЈ бр. 39/64.	**1967:**	Инженерско-геолошка карта на СФР Југославија (1:500,000), Сојузен геолошки завод, Белград Автори: П. Чубриловиќ, Л. Палавестриќ и Т. Николиќ Основа: Компилација на сеизмолошките податоци за територијата на СФР Југославија, интензитети по *MCS* скалата.
		1979:	Карта на сеизмичко реонирање на СР Македонија (1:600,000), Службен весник на СРМ бр. 2/79. Автор: Д. Хаџиевски Основа: Компилација на сеизмолошките податоци за територијата на СР Македонија, интензитети по *MCS* скалата.
1981:	Правилник за техничките нормативи за изградба на објекти од високоградбата во сеизмички подрачја, Службен лист на СФРЈ бр. 31/81 (Амандмани 49/82, 29/83, 21/88 и 52/90).	**1982:**	Привремена сеизмолошка карта на СФР Југославија (1:1,000,000) Автори: М. Јанковиќ, С. Вучиниќ, В. Шупиќ, Д. Цвијановиќ, Д. Скоко, Д. Хаџиевски, В. Рибариќ, М. Вукашиновиќ Основа: Компилација на сеизмолошките податоци за територијата на СФР Југославија, интензитети по *MCS* скалата.
		1987: **1990:**	Сеизмолошки карти на СФРЈ (1:1,000,000) за повратни периоди од: 50, 100, 200, 500, 1000 и 10,000 години. Автор: Сеизмолошка асоцијација на СФРЈ, 1987. Основа: Компилација на сеизмолошките податоци за територијата на СФР Југославија, интензитети по *MSK-64* скалата.

Табела 1. Синтеза на важечки карти на сеизмичко зонирање

(Шалиќ и Милутиновиќ, 2012)

Паралелно со развојот и имплементацијата на официјалните карти на сеизмичкиот хазард, во рамките на повеќето национални, регионални и интернационални проекти се правени евалуации на сеизмичкиот хазард со најчеста цел изработка на планови за справување и митигација на катастрофи, урбанистичко планирање, но и дефинирање на сеизмички проектни параметри за одредени конструкции од особена важност.

Во понатамошниот текст на овој реферат ќе бидат генерално дискутирани и проанализирани неколку карактеристичните студии за сеизмички хазард изработени за територијата на Република Македонија во генерална компарација со најновите истражувања од Шалиќ и Милутиновиќ (2015).

2. РАСПОЛОЖИВИ ПОДАТОЦИ

Во сите студии на сеизмичкиот хазард од особена важност се расположивите и поуздани податоци за сеизмичноста на регионот и истите воедно се главна основа за веродостојно моделирање на земјотресниот феномен. Поузданите податоци од историската и инструментална сеизмичност (каталозите на земјотреси), геолошките и тектонски подлоги/податоци се основа на сите анализи на сеизмичкиот хазард.

2.1. Каталози на земјотреси

Во изминатите декади, на национално и регионално ниво, во континуитет биле правени и се уште се прават напори за комплетирање и подобрување на базите на податоци за случените земјотреси. Во оваа смисла биле изработени повеќе национални и регионални каталози на земјотреси, со различен квалитет, комплетност, опфат на временски периоди и формат на податоци. Овие разлики секако се должат пред се на користењето на различните методологии за евидентирање/лоцирање на земјотресите, квалитетот и интерпретацијата на историските податоци, но и квалитетот и густината на расположивите сеизмолошки мрежи.

Еден од првите поголеми регионални успеси во доменот на интегрирањето на сеизмолошките бази на податоци е реализацијата на интернационалниот *UNDP/UNESCO* проект *„Survey of the Seismicity of the Balkan Region“* во рамките на кој е направена компилација, верификација и унификација на сите постоечки земјотресни бази на податоци за Балканот, а се со цел одредување на сеизмичкиот хазард. Елаборирани се сите епицентри на земјотресите од 1901-1970 (Дел-1) и земјотресите до 1901 (Дел-2) (*Shebalin et al.,* 1974). Во прилог на истиот проект, експертите од сите тогашни Балкански држави (Југославија, Албанија, Грција, Бугарија, Романија и Турција) изработиле интегрирана документација за тогашните сознанијата во областа на тектонските карактеристики и трендови во неотектонските движења. Во доменот на каталозите на земјотреси изработени се: каталог на земјотреси со максимален интензитет I≥5 за периодот 1901-1970; нехомоген каталог за земјотреси со максимален интензитет I<5 за периодот 1901-1970; каталози на земјотреси со епицентрален интензитет I≥7 за периодот 1801-1900 и пред 1801; заедно со коментари и основни хипоцентрални парамери. Исто така во склоп на овој проект се предложени и емпириски формули кои ја поврзуваат магнитудата, интензитетот и фокалната длабочина за поедини области, заедно со сет од 500 исосеизмички карти со коментари (со оригинални и генерализирани изосеисти). Квалитетот на овој проект е оценет на многу високо ниво и дел од неговите резултатите се користат и реферираат и ден денеска.

По завршувањето на проектот „*Survey of the Seismicity of the Balkan Region*“ во Балканските држави започнува интензивен процес на значајно подобрување на квалитетот и густината на сеизмолошките мрежи, како и процес на размената на сеизмолошките податоци на регионално и светско ниво.

Сеизмолошката обсерваторија при Природно математичкиот факултет во Скопје (ПМФ), од нејзиното постоење (1951 г.) е задолжена и овластена национална установа со една од примарните дејности да врши следење на сеизмичката активност, истата да ја анализира и каталогизира и на годишно ниво објавува во Сеизмолошки Билтен. Синтезна форма на историскиот (со *Mm* магнитуда) и инструменталниот каталог (со *ML* магнитуда) е последно објавена за потребите на Просторниот план на Република Македонија во 1998 година.

Во функција на следењето на сеизмичката активност во Република Македонија раководена од Сеизмолошката обсерваторија при ПМФ, изградена е мрежа од сеизмолошки станици со аналогни сеизмографи и телеметриски станици со дигитални сеизмометри. Главниот републички центар се наоѓа во Скопје, а регионалните центри се наоѓаат во Охрид и во Валандово. Освен во овие три града сеизмолошки станици има и во: Дебар, Крушево, Битола, Штип, Берово и Крива Паланка.

Во последната деценија се направени неколку обиди преку проектите за хармонизирање на картите на сеизмичкиот хазард на регионално и европско ниво да се хармонизираат и каталозите на земјотреси со компилација на расположивите податоци во националните и каталозите на поузданите интернационални агенции. Неколку регионални проекти ќе бидат споменати во овој домен: *GSHAP* (1999) *Global Seismic Hazard Assessment Program; ESC-SESAME* (2002) *Unified Hazard model for the European-Mediterranean Region; BSHAP* (2011) *Harmonization of Seismic hazard Maps for the Western Balkan Countries*; и *SHARE* (2012) *Seismic Hazard Harmonization in Europe.*

Анализите во најновите истражувања од Шалиќ и Милутиновиќ (2015) реферираат на хармонизираните каталози на земјотреси продукти на проектот *NATO SfP*-983054 кои преставуваат отсечоци од оригиналните каталози за подрачјето од интерес на анализата и го опфаќаат периодот од -479 до 2010 година, со унификација на земјотресните настани на *Mw* магнитудната скала.

2.2. Геолошки податоци

Геолошката наука на територијата на Република Македонија има долга традиција, а е поврзана пред се со рударската активност. Првите геолошки податоци на научна основа се сретнуваат во првата половина на XIX век, а првите печатени геолошки трудови за овие простори се среќаваат кај *A. Bue* (1828-1870) и *Viksenel* (1842).

Територијата на Република Македонија се карактеризира со изразито сложена геолошка градба. Според геолошката еволуција и геолошкиот состав, можат да се најдат карпи од речиси сите геолошки ери и периоди од преткамбриумот па се до најмладиот квартерен период.

Низ синтеза на регионални истражувања, изработени се и достапни геолошки дигитални карти за Република Македонија и регионот во соодветен размер, кои нудат солидна геолошка основа за анализите на сеизмичкиот хазард (Сет од основни геолошки карти /вкупно 24/ за територијата на Република Македонија во мерка 1:100,000).

2.3. Тектонски податоци

За територијата на Република Македонија е достапен фонд на повеќе истражувања поврзани со тектонската и неотектонската градба, но и повеќе регионални истражувања во полето на геодинамичките процеси. Во овој дел ќе бидат споменати неколку основни труда, чии резултати се од директен интерес за дефинирањето на моделите во анализите на сеизмичкиот хазард.

Основата на тектонските истражувања и тектонската регионализација на Република Македонија е дадена од Арсовски и презентирана низ повеќе публикации, во синтезна форма објавена во 1997 година. Во доменот на тектониката, реализирани се и повеќе детални истражувања посебно за Вардарската зона, бидејќи како тектонска единица со својата внатрешна градба, литофацијални карактеристики, застапеност на магматските, метаморфните и седиментните комплекси, како и стилот на тектонските единици, се издвојува од останатите тектонски единици, како на територијата на Македонија така и во целиот Балкански регион. Посебно се различни мислењата во поглед на протегањето на оваа зона на север презентирани во истражувањата на повеќе автори (Даскалов, 2011).

Основата на неотектонските истражувања и неотектонската регионализација на Република Македонија е дадена од Арсовски и Петковски (1975). Понатаму повеќе истражувачи имаат дадено придонес во полето на неотектониката, а од интерес за анализите сеизмичкиот хазард. Во овој поглед можат да се споменат истражувањата на Јанчевски (1997) каде преку својата

докторска дисертација дава класификација на раседните структури по генеза, старост и морфологија како и најновите истражувања на Домурџанов и соработниците (2005) во која се презентирани најновите сознанија во областа на тектониката и неотектониката.

Во последата декада се прават напори и со други алтернативни методи (пр. GPS мерења), да се потврдат одредени тектонски процеси и пореалистично дефинираат одредени тектонски и неотектонски параметри, *Burchfiel et al.* (2006).

Во овој контекст треба да се споменат и регионалните напори, во рамките на повеќе истражувачки проекти од областа на сеизмичкиот хазард, да се ре-евалуира сеизмогенетскиот капацитет на раседните структури и нивното мапирање, што во основа преставува многу комплексна задача на интегрирање и интерпретација на релевантни сеизмолошки, геолошки, геофизички, палеомаглентски, палеосеизмолошки, геодетски и др. податоци, *GSHAP* (1999), *ESC-SESAME* (2002), *BSHAP* (2011) и *SHARE* (2012).



Слика 3. Карактеристични модели на активни раседни структури

Во најновите истражувања од Шалиќ и Милутиновиќ (2015) е користен сетот и параметрите за раседните структури изработени во рамките на *SHARE* проектот, што во основа се темели на податоците на Домурџанов и соработници (2005).

3. МОДЕЛИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕИЗМИЧКИТЕ ИЗВОРИ

Во рамките на повеќето истражувачки и апликативни проекти за оцена на сеизмичкиот хазард се користени различни модели за карактеризирање на сеизмичките извори. Просторното и параметарско дефинирање на изворите секако директно зависи од користената методологија, расположивите податоци и знаењето поврзано со тектонските процеси во регионот. Потребно е да се напомене и дека секое од моделирањата вклучува и одреден степен на субјективност и лична оцена на истражувачот во различни нивоа во дефинирањето на параметрите.

#	Модел	Година	Автор/и
1.	*IZIIS - 1*	1978	Михаилов*
2.	*IZIIS - 2*	1998	Милутиновиќ и соработници
3.	*IZIIS - 3*	1999-2013	Стаматовска и соработници**
4.	*GSHAP*	1999	*Giardini, Grünthal, K. Shedlock, Zhang*
5.	*BSHAP*	2011	*Akkar, Glavatovic, Hoxha, Kuk, Zoranic, Garevski, Kovacevic*
6.	*SHARE*	2012	*Giardini, Woessner, Danciu, Crowley, Cotton, Grünthal, Pinho, Valensise & SHARE consortium*
7.	*M1*	2015	*Шалиќ и Милутиновиќ*
8.	*M2*	2015	*Шалиќ и Милутиновиќ*
9.	*M3*	2015	*Шалиќ и Милутиновиќ*

* За компаративна анализа е избран само моделот бр. 6 (површински извори)

** За компаративна анализа е прикажан интегриран модел од повеќе студии

Табела 2. Листа на карактеристични модели на сеизмички извори

Просторниот распоред на моделите на сеизмички извори графички е прикажан на Слика 4. Разликите во просторното дефинирање на површинските сеизмичките извори се евидентни односно обидите на авторите да ја дефинираат сеизмичноста и инкорпорираат разните непоузданости во расположивите сеизмички параметри.



Слика 4. Карактеристични модели на сеизмички извори

Во повеќето стидии за сеизмичкиот хазард Михаилов (1978), Стаматовска и соработници (1999), *SHARE* (2012) и др., покрај моделирањето на просторот со површински извори, се извршени и анализи со моделирање на линиски извори или модели со комбинација од површински и линиски извори.

Високиот спепен на субјективитет кој е присутен во моделирањето на сеизмичките извори и индиректно дефинирањето на нивните карактеристични параметри *(λ, b, M_{max})* кои како такви имаат големо влијание врз конечните резултати во анализите на сеизмичкиот хазард и нивната просторна дистрибуција, беше една од главните причини за избор на нова методологија/процедура (Шалиќ и Милутиновиќ, 2015) која во најголема можна мерка ќе ја намали субјективноста во овој домен и обезбеди поверодостојно одредување на сеизмичкиот хазард (модели: *M1, M2* и *M3).*

4. ЗАВИСНОСТИ ЗА АТЕНУАЦИЈА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ДЕЈСТВО

Изборот на зависностите на атенуација на земјотресното дејство е од особена важност за анализите на сеизмичкиот хазард со (нај)големо влијание врз конечните резултати.

Во изминатите декади се развиени голем број на емпириски релации за атенуација на земјотресното дејство *(Douglas,* 2001, 2002, 2008, 2011), со основна цел скалирање на параметарот од интерес (најчесто забрзувањето) за инженерски цели. Атенуационите зависности во најголем број на случаи имаат слична форма, со магнитуда и растојание до изворот како независни променливи. Параметрите се одредени со фитување на релациите (регресиони анализи) во сетовите од расположиви податоци, најчесто *PGA*. Но, споредбата на различни атенуациони закони развиени за исти и/или слични региони укажува на значителна разлика во предвидувањето на земјотресното дејство, на што секако влијание имаат и различните методи на моделирање и техники на процесирање.

Изборот на адекватни зависности за атенуација на земјотресното дејство во анализите на сеизмичкиот хазард е голем предизвик и како таков бил и е од посебен интерес на истражувачите во Институтот на земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) во Скопје, особено по формирањето на регионалните бази на податоци од силни земјотреси: Бања Лука (1969), Фриули (1976), Црна Гора (1979), Копаоник (1980), Гевгелија (1990) и Битола (1994). Врз основа на овие сетови на податоци развиени се повеќе закони за атенуација на земјотресното дејство: Наумовски (1984), Стаматовска и Петровски (1991, 1994), Стаматовска (1988, 2002), Маниќ (1998, 2002) и др.

Паралелно со национално развиените зависности за атенуација на земјотресното дејство во научно-истражувачките проекти скоро секогаш алтернативно се користеле и атенуациони релации развиени врз поголеми сетови од податоци за региони со слични тектонски карактеристики. Многу често како алтернатива во досегашните истражувања се користени надминатата атенуација на *Esteva* (1970), односно *Ambraseys et. al* (1996), *Sabetta & Pugliese* (1996) и др.

И покрај постоењето на одреден број на регионално развиени зависности за атенуација на земјотресното дејство, недоволниот број на регионални податоци за силните земјотреси, квалитативно и квантитативно поврзани со карактеристиките на тектонските структури во кои се генерирани земјотресите, упатува на користење на новите генерации на атенуациони модели развиени за пошироки региони со слични геолошки и тектонски карактеристики, односно модели прифатени и користени во светски рамки *(NGA Project, EERI,* 2008; *SHARE Project,* 2012).

Анализите во најновите истражувања на Шалиќ и Милутиновиќ (2015) реферираат на четири современи атенуациони релации, предложени од *Segou u Akkar* (2010) во рамките на *SHARE* проектот за валидни модели за територијата на Европа, Пан-Европскиот модел на *Akkar* и *Bommer* (2010, односно 2012), глобалните модели на *Boore* и *Atkinson* (2008) и *Cauzzi* и *Faccioli* (2008), како и италијанскиот атенуационен модел на *Bindi et al.* (2009), кои покрај магнитудата и растојанието, користат и други параметри (вид на расед, тип на локални почвени услови, и др.) како независни променливи

Со цел следење на локалната сеизмичност, но и динамичкиот одговор на одредени конструкции од посебна и инженерска важност, во Република Македонија е инсталирана и мрежа за силни земјотреси со повеќе од 100 активни акцелерометри. Во моментов за следење на локалната сеизмичност (забрзувањето на тлото) во функција се вкупно 52 акцелерометри (27 дигитални и 25 аналогни). За мрежата за силни земјотреси е задолжен Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) од Скопје. Во рамките на *NATO SfP*-983054 и *SfP*-984374 проектите за хармонизација на картите на земјите од Западен Балкан, постојната дигитална мрежа на акцелерометри е проширена со 21 дигитален акцелерометар од најновата генерација *(Guralp CMG-5T)* со трансфер на податоци во реално време.

5. МЕТОДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕИЗМИЧКИОТ ХАЗАРД

Мапираните максимално очекувани интензитети во официјалните карти на сеизмичкото зонирање биле резултат на различни методологии за определување на сеизмичкиот хазард, детерминистичка (1950), па се до веројатносна (1987/90). Детали попрецизно околу користената методологијата, математичките модели на сеизмичките извори и другите параметри на анализите не се публикувани за поширокатa научна јавност.

Останатите студии на сеизмички хазард, реализирани во рамките на националните и меѓународните истражувачки проекти во основа ја користат класичната веројатносната методологија за определување на сеизмичкиот хазард со исклучок на ограничен број на студии каде е користена детерминистичката методологија.

Анализите во најновите истражувања на Шалиќ и Милутиновиќ (2015) се изработени со користење на веројатносната методологија за определување на сеизмичкиот хазард, со компаративни анализи на три различни модели со различен пристап во дефинирањето на сеизмичките хазардни параметри односно моделирање на просторната сеизмичност, а се со цел редуцирање на субјективноста при класичното зонирање.

6. РЕЗУЛТАТИ

Иако наведените регионални студии се изработени на високо професионално и стручно ниво, за територијата на Република Македонија добиените резултати на наведените регионални студии треба да бидат третирани како индикативни бидејќи за истите се користени:

- Релативно мала (макро) резолуција на влезните сетови на податоци;
- Релативно ниска географската резолуција на мапирањата; и,
- Различен сет на атенуации, кој варира од студија до студија.

Карактеристична е генезата на моделирањето на сеизмичноста, која ја менува парадигмата дека носител на сеизмичноста на територијата на Република Македонија е Вардарската зона, во парадигма дека Јужниот Балкан е во екстензија и дека сеизмичноста се реализира (и ќе биде реализирана) низ систем на нормални раседи сместени по правецот исток-запад. Поткрепата на предходното е содржана во користените каталози на земјотреси, меѓутоа и со најновите сознанија за современите тектонски процеси добиени со анализите на регионалните *GPS* мерења *(Burchfiel et al.,* 2006, 2008a, 2008b; Думурџанов и соработници 2004, 2005), како и резултатите на *SESAME* и *BALKAN-OQ* проектите. Анализата на минималните и максималните резултати добиени од меѓународните студии на сеизмичкиот хазард *(GSHAP/BSHAP/ SHARE)* и конечните резултати од трите анализирани модели со истражувањата на Шалиќ и Милутиновиќ (2015) *(M1, M2* и *M3)* укажуваат на релативно добро поклопување со просечни разлики од сса 30%.



Слика 5. Споредба со резултатите на регионалните студии *(PGA,* ПП475); ПП = Повратен Период

Како што беше напоменато и претходно, во споредбите помеѓу регионалните и националните студии на сеизмичкиот хазард се очекувани разлики заради различната резолуција во која истите се изработуваат, резолуцијата на мапирањата и користените сетови на атенуациони зависности. Од погореспоменатите анализи, за компарација се издвоени резултатите добиени за 4 селектирани урбани подрачја (Табела 3). Се напомнува дека истражувањата продолжуваат за потребите на дефинирање на картата на сеизмичко зонирање и дека прикажаните вредности се прелиминарни и подложни на ревизија.

GSHAP и *BSHAP-1* резултатите ги идентификуваат источните и западните делови на Македонија како региони со најголема сеизмичка опасност (слики 5а и 5в). Централниот дел на Македонија е зона на најмали сеизмички влијанија. Исклучок е зоната на зголемени сеизмички влијанија лоцирана во областа на Гњилане (*GSHAP*, слика 5а) која во *BSHAP-1* резултатите (слика 5в) мигрира јужно и го опфаќа Скопје и поширокиот регион околу него.

Град	Регионални студии *GSHAP/BSHAP/SHARE*	Модели M1/M2/M3
Скопје	0.15 - 0.25	0.15 – 0.21 (0.32)
Охрид	0.23 - 0.30	0.20 – 0.28 (0.38)
Пехчево	0.24 - 0.34	0.17 – 0.26 (0.35)
Прилеп	0.10 - 0.24	0.08 – 0.15 (0.22)

Табела 3. Споредба на M1/M2/M3 со GSHAP/BSHAP/SHARE резултатите за карактеристичните градови

Вредностите се изразени во *PGA (g)* за ПП475 (10% во 50 години)
(0.xx) – абсолутен максимум

Западна Македонија *SHARE, M1, M2* и *M3* моделите ја издвојуваат како регион на највисок, односно северо-источниот дел (околу Крива Паланка) како регион со најнизок сеизмички хазард.

Ориентацијата на просторната дистрибуција на сеизмичкиот хазард регионалните *(GSHAP, BSHAP-1* и *SHARE)* модели ја мапираат доминантно по С-Ј (север-југ) правецот. *M1, M2* и *M3* моделите ја мапираат по СИ-ЈЗ (североисток-југозапад) правецот, кој што е апроксимативно ортогонален на правецот на протегање на Вардарската зона за која досега се сметаше дека е еден од главните носители на сеизмичкиот хазард во Република Македонија. Индикативен факт генериран со резултатите на *M1/M2/M3* (слики 5б, 5г и 5ѓ) моделите, поткрепен со резултатите на *SHARE* (слика 5д) е дефицитот на историска сеизмичост во крајниот северо-источен дел на Ќустендилската раседна зона, односно регионот на Славишкиот и Ќустендилскиот расед, кои и двата според *Dumurdzanov et al.* (2005) се активни раседи со слаба морфолошка евиденција за неодамнешна активност и активен расед за чии движења постои геолошка евиденција, соодветно. Имајќи ги во предвид наведените три факти: 1) Дефицит на историска сеизмичност демонстрирана со резултатите на *M1/M2/M3* моделите за анализа на сеизмичкиот хазард; 2) Постоење на активни раседни структури формирани во раниот миоцен *(Dumurdzanov et al.,* 2005); и 3) механизмот и интервалот на настанување на катастрофални земјотреси во подрачјето на Македонско-Бугарскиот граничен појас *(Milev u Vassileva;* 2007), постои реална основа да се предпостави дека регионот Ќустендил - Крива Паланка - западно е и во услови на потенцијално кинематичко вклештување. Наведената предпоставка треба да се верифицира со постојниот фонд на инструментални сеизмолошки податоци, како и податоците добиени од современите сеизмолошки мрежи инсталирани во регионот (Македонија, Србија, Бугарија).

Определени елементи врз кои се изведени последните два заклучоци се делумно поткрепени и со интерпретациите на резултатите на *GPS* мерењата (Думурџанов 2004, 2005; *Burchfiel*, 2006; *Kotzev,* 2008). Несомено, последните истражувања на Шалиќ и Милутиновиќ (2015), преку добиените резултати и изведени заклучноци, нудат солидна основа за понатамошни истражувања во полето на сеизмичкиот хазард, со крајна цел изворување на национален анекс во прилог на Европските прописи.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Шалиќ, Р. (2015). Современ пристап за определување на сеизмичкиот хазард во Република Македонија. Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС), Докторска дисертација, Март, 2015

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

SE - 17

Shpresim IBRAIMI[1], Koce TODOROV[2], Ljupco LAZAROV[3]

APPLICATION OF NONLINEAR STATIC PROCEDURES FOR SEISMIC ASSESSMENT OF STRUCTURES

SUMMARY

In this paper several nonlinear static procedures for seismic assessment of structures, which have been implemented into the latest European and US seismic codes, are presented: N2 method - Eurocode 8, Capacity spectrum method - ATC 40, Equivalent linearization method - FEMA 440 and Displacement coefficient method - FEMA 356. The application of above mentioned nonlinear static methods is illustrated through an example of 3 and 10 storey reinforced concrete frame structures. The analysis is performed using the software package SAP2000. The comparison of the obtained results and a discussion about the differences between the methods is made.

Keywords: frame structures, nonlinear static methods, seismic demand

Шпресим ИБРАИМИ[1], Коце ТОДОРОВ[2], Љупчо ЛАЗАРОВ[3]

ПРОЦЕНКА НА СЕИЗМИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИИ СО ПРИМЕНА НА НЕЛИНЕАРНИ СТАТИЧКИ МЕТОДИ

РЕЗИМЕ

Во овој труд применети се неколку нелинеарни статички методи за проценка на сеизмичкото однесување на конструкците од високоградбата, кои се имплементирани во последните Европски и Американски сеизмички кодови: N2 метода - Еврокод 8, Метод на спектар на капацитет - ATC 40, Метод на еквивалентна линеаризација - FEMA 440 и Метод на коефициенти - FEMA 356. Примената на овие методи е илустрирана низ примери на 3 и 10 катна армирано бетонска рамовска конструкција. Анализата е извршена со помош на софтверскиот пакет SAP2000. Извршена е споредба на резултатите од анализата и дискутирани се разликите помеѓу применетите методи.

Клучни зборови: рамовски конструкции, нелинеарни статички методи, сеизмичко побарување

[1] BSc, ZIM "Skopje" AD Skopje, Institute for Testing Materials and Development of New Technologies "Skopje" AD - Skopje, shpresimi@yahoo.it

[2] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, todorov@gf.ukim.edu.mk

[3] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, lazarov@gf.ukim.edu.mk

1. INTRODUCTION

In recent few years, the traditional force-based design approach for seismic analysis of structures have a tendency to be replaced with performance-based design. This design approach have been applied in order to pay greater attention to damage control, actually what will be the extent of damage that will occur in the structure for different level of seismic hazard.

In the majority of existing building codes, the seismic analysis is based on linear elastic methods, which do not provide information about real strength, ductility and energy dissipation. The most precise approach for determination of structural response is the nonlinear time history analysis, but it's still not practical for everyday design use.

The most rational analysis and performance evaluation methods for practical applications are the nonlinear static methods. In this paper several nonlinear static methods which have been implemented into the latest European and US seismic codes are presented: N2 method - Eurocode 8, Capacity spectrum method - ATC 40, Equivalent linearization method - FEMA 440 and Displacement coefficient method - FEMA 356. All of these methods are based on a simplified procedure that combines the "pushover" analysis of multi degree of freedom model with the response spectrum analysis of an equivalent single degree of freedom system. The formulation of the methods is in acceleration - displacement format which enables visual interpretation of the procedure and of the relations between the basic quantities controlling the seismic response. The obtained results are reasonably accurate if the structure oscillates predominantly in the first mode. Although the methods in many cases may yield similar results, they differ in respect to simplicity, transparency and clarity of theoretical background. The most important difference is related to the determination of displacement demand.

The application of above mentioned nonlinear static methods is illustrated through an example of 3 and 10 storey reinforced concrete frame structures.

2. DETERMINATION OF TARGET DISPLACEMENTS

2.1. The N2 Method

N2 method, (Fajfar, 2000; CEN, 2004), is nonlinear static method for the seismic analysis of structures. It's based on simplified procedure that combines the pushover analysis of MDOF model with the response spectrum analysis of an equivalent SDOF system. The method is formulated in the acceleration - displacement format. Inelastic spectra are applied in the method.

The capacity curve of the structure, obtained by nonlinear static pushover analysis, is transformed in capacity curve of the equivalent SDOF system and is idealized by elastic-perfectly plastic force displacement relation.

$$D^* = D_t / \Gamma \qquad F^* = V / \Gamma \tag{1}$$

where D_t and V are top displacement and force of MDOF system, while D^* and V^* are appropriate parameters of the equivalent SDOF system. The constant Γ controls the transformation from the MDOF to the SDOF model and vice-versa. The assumed displacement shape ϕ is normalized - the value at the top is equal to 1, and can be used any reasonable shape of vector ϕ .

$$\Gamma = \frac{\sum m_i \phi_i}{\sum m_i \phi_i^2} = \frac{m^*}{\sum m_i \phi_i^2} \tag{2}$$

where m^* is mass of SDOF system, m_i and ϕ_i are mass and normalized displacement of i-floor. The elastic period of the idealized bilinear system can be determined as:

$$T^* = 2\pi \sqrt{\frac{m^* \cdot D_y^*}{F_y^*}} \tag{3}$$

where F_y^* and D_y^* are the yield strength and displacement for equivalent SDOF system. Finally, the capacity diagram in AD format is obtained.

Starting from the acceleration spectrum, the inelastic spectra in AD format is determined. For an inelastic SDOF system with a bilinear force-deformation relationship, the acceleration spectrum S_a and displacement spectrum S_d can be determined:

$$S_a = \frac{S_{ae}}{R_\mu} \qquad S_d = \frac{\mu}{R_\mu} S_{de} \tag{4}$$

where μ is ductility factor, R_μ is the reduction factor due to ductility, actually due to the hysteretic energy dissipation of ductile structures.

$$\begin{aligned} R_\mu &= (\mu - 1)\frac{T}{T_C} + 1 \qquad && T < T_C \\ R_\mu &= \mu && T \geq T_C \end{aligned} \tag{5}$$

These equations represent the relationship between the displacements of linear and nonlinear system. T_C is the characteristic period of the ground motion, which marks the passage from constant acceleration segment of the response spectrum (equal energy for short period range) to the constant velocity segment (equal displacements rule for medium and long period range).

According to the obtained elastic period T^*, for the defined elastic demand spectrum, the acceleration demand for elastic behavior S_{ae} is determined. The reduction factor is determined as ratio between maximal acceleration for elastic behavior and acceleration at yielding limit S_{ay}.

According to the relationship $R_\mu - \mu - T$ the ductility demand and displacement S_d of nonlinear SDOF system is determined.

$$\begin{aligned} S_d &= \mu \cdot D_y^* = S_{de} && T^* \geq T_C \\ S_d &= \mu \cdot D_y^* = \frac{S_{de}}{R_\mu}\left((R_\mu - 1)\frac{T_C}{T^*} + 1 \right) && T^* < T_C \end{aligned} \tag{6}$$

2.2. Capacity Spectrum Method

In the Capacity spectrum method (ATC-40, 1996), the seismic demand initially presented as linear-elastic response spectrum with 5% damping is reduced in order to reflect the effects of energy dissipation to estimate the inelastic displacement demand. The point at which the capacity curve intersects the reduced demand represents the performance point at which capacity and demand are equal.

The capacity curve determined by nonlinear static pushover analysis of MDOF system is transformed in spectral coordinates by the equations:

$$S_a = \frac{V / W}{\alpha_1} \qquad S_d = \frac{\Delta_{roof}}{PF1\phi_{roof,1}} \tag{7}$$

where PF1 and α_1 are modal participation factor and mass coefficient of first natural mode, W is structure weight, V is base shear, Δ_{roof} is roof displacement, S_a and S_d are spectral acceleration and displacement.

The bilinear representation of capacity curve is used to estimate the effective damping, which is needed to construct the elastic demand spectrum with appropriate damping. Since the bilinear idealization depends on displacement demand, which is not known at the initial phase of analysis, the procedure is iterative.



Figure 1. Derivation of damping for spectral reduction, (ATC-40, 1996)

The damping that occurs when the structure is pushed into the inelastic range can be obtained as a combination of viscous and hysteretic damping. The total effective damping can be estimated as:

$$\beta_{eff} = 0.05 + k \cdot \beta_0 = 0.05 + k \cdot \frac{E_D}{4\pi \cdot E_{S0}} \tag{8}$$

where 0.05 is the assumed 5% viscous damping inherent in the structure, β_0 is hysteretic damping represented as equivalent viscous damping, E_D is energy dissipated by damping, E_{S0} is maximum strain energy. The k-factor is a coefficient to account for the extent to which the real hysteresis behavior is well represented by bilinear representation of capacity spectrum. This coefficient depends on the structural behavior, type of structural system, duration of ground shaking, etc. In ATC 40 three categories of structural behavior are defined: type A-stable hysteresis loop, type B-moderate reduction of area and type C-pinched hysteretic loop.

According to the effective damping the reduction factors SR_A and SR_V are determined which serve for reduction of elastic response spectrum, which represents the seismic demand. The intersection of capacity spectrum and demand spectrum represents the performance point, which is displacement demand of equivalent SDOF system exposed to defined seismic action.

2.3. Equivalent Linearization Method

Equivalent linearization method (ATC-55, 2005) represents modification of original Capacity spectrum method. The equivalent period in Capacity spectrum method is based on a lateral stiffness of the equivalent system that is equal to the secant stiffness at the maximum displacement. It only depends on the displacement ductility ratio and the post-yield stiffness ratio of the inelastic system. The equivalent period becomes longer as the displacement ductility ratio increases and as the post-yield stiffness ratio decreases. In the equivalent linearization method the maximum displacement response of the nonlinear system is determined with an "equivalent" linear system using an effective period T_{eff} and effective damping β_{eff}. These parameters are functions of the characteristics of capacity curve, the corresponding initial period T_0, damping β_0, and the ductility demand μ. The coefficients A, B, C, D, E, F and G, H, I, J, K, L are functions of hysteretic behavior and post-elastic stiffness ratio, and the numerical values can be found in FEMA 440 (ATC-55, 2005).

The capacity curve in ADRS format and its bilinear representation is determined according to the conventional capacity spectrum method. Since effective parameters for equivalent linearization are functions of ductility, target displacement is determined by iterative or graphical techniques.

$$\begin{aligned}
\beta_{eff} &= A(\mu-1)^2 + B(\mu-1)^3 + \beta_0, \qquad 1.0 < \mu < 4.0 \\
\beta_{eff} &= C + D(\mu-1) + \beta_0, \qquad 4.0 < \mu < 6.5 \\
\beta_{eff} &= E\left[\frac{F(\mu-1)-1}{[F(\mu-1)]^2}\right]\left(\frac{T_{eff}}{T_0}\right)^2 + \beta_0, \quad \mu > 6.5
\end{aligned} \tag{9}$$

$$
\begin{aligned}
T_{eff} &= \left[G\left(\mu-1\right)^2 + H\left(\mu-1\right)^3 + 1\right]\cdot T_0\,, \quad 1.0 < \mu < 4.0 \\
T_{eff} &= \left[I + J\left(\mu-1\right) + 1\right]\cdot T_0\,, \quad 4.0 < \mu < 6.5 \\
T_{eff} &= \left\{K\left\lceil\sqrt{\frac{\left(\mu-1\right)}{1+L\left(\mu-2\right)}} - 1\right\rceil + 1\right\}\cdot T_0\,, \quad \mu > 6.5
\end{aligned}
\tag{10}
$$

Reduction of initial elastic response spectrum for appropriate level of effective damping β_{eff} is performed with spectral reduction factors, termed as damping coefficients $B(\beta_{eff})$, which serve for correction of spectral accelerations and determination of elastic spectrum ADRS (β_{eff}).

$$
\left(S_a\right)_\beta = \frac{\left(S_a\right)_0}{B\left(\beta_{eff}\right)} \tag{11}
$$

where $(S_\alpha)_0$ and $(S_\alpha)_\beta$ are accelerations of elastic spectrum with 5% and β_{eff} viscous damping.

Multiplying the ordinate of demand spectrum ADRS (β_{eff}) by modification factor, results in modified acceleration displacement response spectrum MADRS (β_{eff}, M).

$$
M = \frac{a_{\max}}{a_{eff}} = \left(\frac{T_{eff}}{T_{\sec}}\right)^2 \tag{12}
$$

where a_{max} and a_{eff} are accelerations at target displacement according to MADRS and ADRS demand.

Target displacement is determined through three procedures, Procedure A: Target displacement is determined at the intersection of effective period T_{eff} and demand spectrum ADRS (β_{eff}); Procedure B: Target displacement is determined at the intersection of capacity curve and modified demand MADRS (β_{eff}, M); Procedure C: Represents graphical procedure which uses multiple demand spectra MADRS and secant periods for appropriate ductility to generate a locus of possible performance points. The performance point is located at the intersection of this locus and the capacity spectrum.



Figure 2. Determination of performance point with equivalent linearization (ATC-55, 2005)

2.4. Coefficient Method

Coefficient method (FEMA-356, 2000) enables direct numerical determination of displacement demand. The capacity curve determined by nonlinear static pushover analysis is replaced with an idealized relationship, in order to calculate effective lateral stiffness K_e and effective yield strength V_y. This relationship shall be bilinear, with initial slope K_e and post-yield slope α. The effective lateral stiffness shall be taken as the secant stiffness calculated at a base shear force equal to 60% of the effective yield strength, while post-yield slope shall be determined from the condition of equal energy and to intersect of the capacity curve at displacement demand.

The effective fundamental period is determined from the idealized bilinear curve, actually from the defined effective stiffness:

$$T_e = T_i \sqrt{\frac{K_i}{K_e}} \tag{13}$$

where T_i is elastic fundamental period calculated by elastic dynamic analysis, K_i is initial lateral stiffness and K_e is effective lateral stiffness.

The spectral acceleration and displacement of equivalent SDOF system are determined by applying elastic response spectrum. The target displacement at the top of the building is determined by modifying the spectral displacement of equivalent SDOF system as:

$$\delta_t = C_0 \cdot C_1 \cdot C_2 \cdot C_3 \cdot S_a \cdot \frac{T_e^2}{4\pi^2} \cdot g \tag{14}$$

where S_a is response spectrum acceleration for effective period T_e; C_0 represents coefficient to relate displacement of SDOF and MDOF systems and is calculated by: the first modal participation factor or the appropriate value from Table 3-2, (FEMA-356, 2000) ; C_1 represents coefficient to relate expected maximum inelastic displacement with linear elastic response displacement:

$$C_1 = \begin{cases} 1.0 & T_e \geq T_c \\ 1 + (R-1) \cdot \dfrac{T_c}{T_e} \geq 1.0 & T_e < T_c \end{cases} \tag{15}$$

C_2 coefficient takes into account the effect of pinched hysteretic shape, stiffness degradation and strength deterioration on maximum displacement response. For nonlinear static analysis C_2=1.0 or the value shall be obtained from Table 3-3, (FEMA-356, 2000); C_3 coefficient introduces the increase of displacement due to dynamic P-Δ effects. For positive post-yield stiffness C_3=1.0.

2.5. Comparison of the methods

Although these methods are different from one another, their basic principles are the same and they all use pushover analysis, while they differ in the determination of the displacement demand. In what follows a brief comparison of the methods is shown:

- The methods differ in the assumed lateral load pattern used in pushover analysis and in the displacement shape used for the transformation from MDOF to SDOF system and vice versa;
- The bilinear idealization of the capacity curve depends on displacement demand, so an iterative procedure is necessary;
- There are two approaches for the determination of displacement demand of SDOF system: the use of elastic and inelastic spectra. The inelastic design spectra can be used directly and they do not require iteration. Their use is considered to be more appropriate than the use of highly damped equivalent elastic spectra;
- For practical applications a graphical representation of the procedures is important. The ADRS format allows a visualization of capacity spectrum and seismic demand.

3. NUMERICAL ANALYSIS

The application of nonlinear static methods is illustrated by means of example of a 3 and 10-storey three bay reinforced concrete frame building, with bay length 5.0 m and storey height 3.0 m. For the purpose of analysis a concrete MB30 with modulus of elasticity E=31500 MPa, reinforcement bars RA 400/500-2 with modulus of elasticity E=210000 MPa and yield strength σv=400 MPa are adopted. The structure is designed using the equivalent static method according to Macedonian Regulations. The analysis is performed using software package SAP2000. The frame is assumed to be fixed at the base, and the columns and beams are modeled using two-nodded frame elements. The values of the

fundamental periods are $T_1(3)=0.517$ sec and $T_1(10)=1.071$ sec, and the adopted dimensions and amount of reinforcement of frame elements is given in Table 1.

Dimensions [cm] and reinforcement of frame elements										
	10-storey r.c. frame					3-storey r.c. frame				
Storey	Column		Beam			Column		Beam		
				top bars	bottom bars				top bars	bottom bars
1	50/70	12ф20	40/45	8ф16	4ф16	30/40	8ф14	30/40	7ф14	4ф14
2	50/70	12ф20	40/45	10ф16	6ф16	30/40	8ф14	30/40	6ф14	3ф14
3	50/60	16ф16	40/45	10ф16	6ф16	30/30	8ф14	30/40	3ф14	3ф14
4	50/60	16ф16	40/45	10ф16	6ф16					
5	50/60	16ф16	40/45	9ф16	5ф16					
6	40/60	12ф16	40/45	8ф16	5ф16					
7	40/60	12ф16	40/45	7ф16	4ф16					
8	40/60	12ф16	40/45	6ф16	3ф16					
9	40/50	10ф16	40/45	5ф16	3ф16					
10	40/50	10ф16	40/45	3ф14	3ф14					

Table 1. Elements dimension and reinforcement details for 3 and 10-storey reinforced concrete frames

The nonlinear behavior of cross-sections is taken into account through moment-curvature relationship and moment-axial force interaction (for columns), and are represented by plastic hinges which are defined at the end of frame elements. Nonlinear static pushover analysis is performed for the assumed triangular displacement shape. A demand spectrum according to Eurocode 8 is used with the following parameters: soil class C, type 1 elastic response spectrum (Ms>5.5), viscous damping 5% and ground acceleration ag=0.24g. The comparisons of the results obtained by the nonlinear static methods are presented in the table and figures below.

	10-storey r.c. frame				3-storey r.c. frame			
Method	N2	CSM	ELM	CM	N2	CSM	ELM	CM
$\Gamma/PF1/C_0$	1.49	1.32	1.32	1.50	1.41	1.38	1.38	1.3
$\alpha 1$	/	0.77	0.77	/	/	0.84	0.84	/
K^*/K_e [KN/m]	5793	6160	6089	6162	7353	6667	6586	7512
T^*/T_{eff} [sec]	1.56	1.58	1.94	1.58	0.765	0.756	1.23	0.764
β_{eff} [%]	/	23.17	10.4	/	/	30.12	17.7	/
V [KN]	748.2	699.5	745.5	746.2	342.5	332.5	350.3	341.89
D_t/δ_t [cm]	23.87	16.7	24.0	23.54	11.07	8.7	13.8	10.09

Table 2. Comparison of characteristic parameters



Figure 3. Calculating performance point using N2 method (3 and 10-storey r.c.frame)



Figure 4. Calculating performance point using Capacity spectrum method (3 and 10-storey r.c.frame)



Figure 5. Calculating performance point using Equivalent linearization method (3 and 10-storey r.c.frame)

4. CONCLUSIONS

The nonlinear static methods, even though they are subjected to several limitations, provide a tool for practical evaluation procedure for building structures for multiple performance objectives. Although the methods in many cases may yield similar results, they differ in respect to simplicity, transparency and clarity of theoretical background. The most important difference is related to the determination of displacement demand.

The N2 method and Coefficient method are essentially very similar and provide the same results if the starting assumptions are identical. Coefficient method uses two additional coefficients (C2 and C3) which are not included in N2 and Capacity spectrum method. Capacity spectrum method uses secant period, while Equivalent linearization method uses effective period and effective damping for the determination of displacement response. For the analysis of the structures with all nonlinear static methods it can be concluded that were obtained almost identical levels of strength, stiffness and target displacement, except with the capacity spectrum method which gives lower values for strength and for target displacement.

REFERENCES

[1] Applied Technology Council – ATC (1996). Seismic Evaluation and Retrofit of Concrete Buildings, Report No. ATC-40, Redwood City, CA

[2] Applied Technology Council – ATC-55 (2005). Improvement of nonlinear static seismic analysis procedures. Rep. No. FEMA-440, Washington, D.C.

[3] CEN – European Committee for Standardization (2004). Eurocode 8: Design of structures for earthquake resistance – Part 1. European standard EN 1998–1

[4] Chopra, A. K. and Goel, R. K. (2000). "Evaluation of a NSP to Estimate Seismic Deformation: SDF Systems." Journal of Structural Engineering, ASCE, 126(4), 482-490

[5] Fajfar, P. (2000). "A nonlinear analysis method for performance based design." Earthquake Spectra 16(3), 573–592

[6] Federal Emergency Management Agency (2000). Prestandard and Commentary for the Seismic Rehabilitation of Buildings (FEMA-356). Washington, D.C.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 18

Marija VITANOVA[1], Viktor HRISTOVSKI[2]

CLASSIFICATION AND SEISMIC VULNERABILITY OF BRIDGE STRUCTURES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

SUMMARY

The paper presents the seismic vulnerability for road bridge structures typical for Republic of Macedonia. On the basis of the specially formed database for classification of bridge structures, the reinforced-concrete girder bridge has been selected as characteristic for this region. Since there are no available data on damaged bridge structures due to already occurred earthquakes, the vulnerability curves in this research have been developed analytically, by carrying out nonlinear analyses under actual time histories with PGA taken as a measure of intensity. For this type of bridge, four levels of damage have been defined based on development of displacements in the elastomeric bearings.

Keywords: seismic vulnerability, reinforced-concrete bridge structures

Марија ВИТАНОВА[1], Виктор ХРИСТОВСКИ[2]

КЛАСИФИКАЦИЈА И СЕИЗМИЧКА ПОВРЕДЛИВОСТ НА МОСТОВСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ

Во оваа студија е претставена сеизмичката повредливост на мостовските конструкции типични за Република Македонија. Врз основа на специјално формирана база на податоци за класификација на мостовските конструкции, како карактеристичен за овој регион е избран гредниот армирано-бетонски мост. Методологијата која е користена го зема предвид придонесот на основните компоненти на мостот како средни столбови и лежишта на повредливоста на целиот систем. Бидејќи нема достапни податоци за оштетени мостовски конструкции од веќе случените земјотреси, кривите на повредливост во ова истажување се развиени аналитички користејќи нелинеарни анализи со реални временски истории со мерка на интензитет PGA. За овој тип мост дефинирани се четири нивоа на оштетувања, базирани на развојот на поместувањата во еластомерните лежишта.

Клучни зборови: сеизмичка повредливост, армирано-бетонски мостови

[1] Assist. MSc., Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology", University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, marijaj@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology", University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, viktor@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. КЛАСИФИКАЦИЈА НА МОСТОВСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За да се изврши оценка на сеизмичката повредливост на мостовските конструкции во одреден регион во идеален случај треба за секој објект одделно врз основа на нивните проектни параметри да се развијат криви на повредливост. Овој пристап чини многу така што за одредени региони е практично неприменлив. Со оглед на фактот дека многу од мостовските конструкции во одреден регион се слични по своите карактеристики, мостовите можат да се генерализираат, односно истите можат да се класифицираат така што секој мост ќе се вброи во одредена група или тип. Во тој случај, за да се процени сеизмичката повредливост на мостовите во одреден регион, се генерираат криви на повредливост за карактеристичен тип мостовски конструкции наместо за секој мост одделно. Овој тип истражувања најчесто се применува во праксата, затоа е применет и во ова истражување.

Република Македонија се одликува со добро развиена патна мрежа чија вкупна должина според Јавното претпријатие за државни патишта изнесува 14 182км и која вклучува авто патишта, магистрални, регионални и локални патишта. Во ова истражување, анализирани се мостовските конструкции од магистралните патни правци во кои спаѓа и Коридор 10 (север-југ). Анализирани се вкупно 7 правци: М-1, М-2, М-3, М-5, М-5, М5-крак и М-6 (Сл.1) со вкупно 459 мостовски конструкции меѓу кои мостови, пот патници, над патници, вијадукти и цефководи.



Слика 1. Магистрална патна мрежа на територијата на Република Македонија

Со цел да се изврши оценка на сеизмичката повредливост на мостовскитеконструкции во Република Македонија се прави увид во базата на податоциза сите витални објекти на магистралните патни правци и автопатиштата во овој регион. Оваинвентарска студија се базира на податоци од информационата база на податоци којапроизлезе како резултат на долгогодишната соработка на Фондот за магистрални ирегионални патишта, Скопје и Институтот за земјотресно инженерство и инженерскасеизмологија преку проектот „Информационен систем за евидентирање и пратење насостојбата на мостовските конструкции на патната мрежа во Република Македонија“ (ИзвештајИЗИИС 2007/61, Извештај ИЗИИС 2007/45, Извештај ИЗИИС 2007/63, Извештај ИЗИИС 2007/58,Извештај ИЗИИС 2007/62, Извештај ИЗИИС 2007/64). Во рамките на овој проект согласнопрепораките дадени од страна

на Светска банка во склоп на информационата база за мостовисе опфатени сите објекти со конструктивен систем на мост што значи дека покрај мостовите вобазата се влезени и надпатниците и подпатниците како и вијадуктите. Информациониотсистем содржи два различни типа на податоци и тоа од временски постојан и од временскипроменлив карактер.

Податоците во базата кои се од временски постојан карактер главно претставуваатадминистративни и технички податоци за секој регистриран објект и се внесени во претходноизготвен инвентарски формулар за секој објект посебно. Пополнетиот инвентарски формулардава една квалитетна слика за објектот и претставува т.н. „лична карта на објектот“.

Податоците во базата кои се од временски променлив карактер се внесени во изготвениформулари за општ главен преглед односно преку инспекција на нивните компоненти на лицеместо. Општиот главен преглед се спроведува на определен претходно дефиниран временскипериод.

Методологијата која е користена при реализација на овој проект е во склад со досегашнитепознати светски искуства од доменот на следењето на состојбите на транспортните системивклучувајќи ги и објектите кои се нивен составен дел. При тоа се користени упатства од странана Меѓународната Банка за обнова и развој.

Првата цел на оваа студија е да се идентификуваат типични мостовски конструкции и одбератодреден број типови мостови кои ќе го претставуваат поголемиот дел од целатаинформациона база. Во продолжение се дадени резултатите од спроведенитеистражувања кои се однесуваат на селектирање на типичните мостовски конструкции воРепублика Македонија.

Главни карактеристики на типовите на мостовски конструкции кои се разгледуваат во праксатасе: бројот на распони, проектно ниво, материјал, тип на средни столбови, тип на крајнистолбови, тип на горна конструкција и континуираноста на горната плоча. Разликата напостојните шеми на класификација (број на типови, карактеристики кои се разгледуваат) сејавува како резултат на различните техники на градење во разични земји како и целите настудиите.

Студиите за повредливост кои се достапни во литературата често се фокусираат наиндивидуални мостови од неколку типа кои најчесто се среќаваат во одреден регион. Од оваапричина, типолошките можности истражувани во секоја студија се ограничени на бројот иможе да не ги опише целосно другите типови на мостови.

Во овој случај, усвоениот систем за класификација на мостовите воРепублика Македонија се базира и е сличен на веќе постоечките претходно посоченипримену вани системи.

Според податоците од информационата база, за мостови на магистралните патни правци иавтопатиштата во Република Македонија усвоени се следниве поделби на армирано-бетонските мостовски конструкции според:

- тип на горна конструкција: континуирана или систем проста греда;
- број на распони: еден или повеќе;
- поставеност на мостовската конструкција во однос на препреката: во правец, во
- косина, во кривина
- проектно ниво: стандардно или сеизмичко

Сите овие типови се состојат од подтипови кои се разликуваат за одреден параметар споредкој секој објект ќе се вброи во одредена група.

Преглед на типовите на мостовските конструкции според материјалот од кој се изградени и типот на препреката е даден во Табела. 1 и Табела. 2соодветно.

Опис	Застапеност
Армиран бетон	92%
Армиран бетон со камен	4%
Армиран бетон и челик	2%
Камен и бетон	1%
Камен, цигла и бетон	1%

Табела 1. Типови мостовски конструкции според видот на материјалот од кои се изградени

Опис	Застапеност [%]
Мостови	41.3%
Потпатници	24.9%
Надпатници	22.2%
Вијадукти	11.4%
Цефководи	0.2%

Табела 2. Типови мостовски конструкции според типот на препреката

Доколку се разгледуваат конструкциите според точниот број на распони, најбројни се мостовските конструкции со еден распон кои процентуално изнесуваат 37%. Со 3 распони 34%, многу помалку се со 2 отвори односно 11% и сите други останати 18% со пет и повеќе од распони (Слика2).

Слика 2. Приказ на мостовските конструкции по број на распони

Истражувањата се фокусирани на армирано-бетонските мостови кои најчесто се среќаваат на територијата на Република Македонија. Во Таб. 3 е дадена застапеноста на овој тип мостови според бројот на распони.

Опис	Застапеност [%]
АБ мостови со еден распон	37%
АБ мостови со повеќе распони	63%

Табела 3. Поделба на армирано-бетонските мостови според број на распони

На Слика3 е даден преглед на мостовските конструкции според конструктивниот систем. Од дијаграмите може да се забележи дека најбројни се гредните армирано-бетонски мостови со над 80% и мостовите систем рамка со приближно 10%. Од гредните мостови како најчест тип, над 50% се систем проста греда, додека 32% се мостови со континуиран систем, додека 9% се мостови систем рамка.

Слика 3.Преглед на мостовските конструкции во РМ според конструктивниот систем

Некои основни статистички податоци за максималниот распон се дадени во Табела 4. и Слика4. Во Табела 4 се дадени средната вредност на максималниот распон и неговата варијација зависно од типот на мостот. На Слика 3 се прикажани емпириските кумулативни дистрибутивни функции за максималниот распон за секој тип на мост. Тие даваат комплетна слика на податоците и овозможуваат да се усвојат изборните техники. Како што се очекуваше, мостовите со плочести главни носачи се со помали распони. Мостовите со плочест главен носач се со помала средна вредност за максималниот распон 12.69м односно 13.86м, додека мостовите со гредни носачи имаат средна вредност за максимален распон од над 21м.

Максимален распон			
Опис	Средна вредност	Стандардна девијација	Медијана
ПР* проста греда	21.0	6.54	19.3
ПР* континуирана греда	21.3	6.58	20.0
ПР* континуирана плоча	13.9	7.33	13.5
ПР* проста плоча	12.7	6.63	10.5

*ПР – повеќе распони

Табела 4. Статистички податоци за типовите мостовски конструкции со повеќе распони во однос на максимален распон



Слика 4. Кумулативни дистибутивни функции за сите типови мостови со повеќе распони во однос на максималниот распон

Слично како и за максималниот распон, податоците за ширината на коловозната конструкција за различните типови мостови се статистички обработени и резулатите се претставени во

продолжение. Средната вредност, стандардната девијација и медијаната за сите четири типови мостови со повеќе распони се дадени во Табела 5. Кумулативната дистрибутивна функција е дадена на Слика5.



Слика 5. Кумулативни дистрибутивни функции за мостови со повеќе распони во однос на ширината на коловозот

Ширина на коловозна конструкција			
Опис	Средна вредност	Стандардна девијација	Медијана
ПР проста греда	9.71	2.39	10.03
ПР континуирана греда	10.16	2.59	9.55
ПР континуирана плоча	10.56	3.22	10.18
ПР проста плоча	9.88	1.66	9.10

Табела 5. Статистички податоци за типовите мостовски конструкции со повеќе распони во однос на ширината на коловозната конструкција

Од дистрибутивните функции дадени на Слика 5. прво што може да се забележи е тоа што генерално кај сите типови мостовски конструкции со повеќе распони без разлика дали се работи за континуиран или систем проста греда нема голема варијација во ширината на коловозот. Истата за мостови со повеќе распони се движи од 9.71м до 10.56м.

Кумулативната дистрибутивна функција за висината на средните столбови за мостовите со повеќе распони е дадена на Сл. 6. Во Табела 6 се дадени карактеристичните вредности за средната вредност, стандардната девијација и медијаната добиени од статистичката обработка на резултатите.

Висина на среден столб			
Опис	Средна вредност	Стандардна девијација	Медијана
ПР проста греда	10.80	10.40	6.2
ПР континуирана греда	11.55	7.79	5.3
ПР континуирана плоча	5.51	2.65	5.0
ПР проста плоча	2.88	1.50	1.3

Табела 6. Карактеристични статистички податоци за типовите мостовски конструкции со повеќе распони во однос на висината на средниот столб



Слика 6. Кумулативни дистрибутивни функции за мостови со еден распон во однос на висината на средниот столб

Од прикажаните резултати може да се заклучи дека средната вредност за висината на максималниот столб е различна за секој тип мостовски конструкции и се движи од 2.88м па се до 11.55м. Најмала е висината на столбот кај мостовите чија главна носива конструкција е просто потпрена плоча што беше случај и за најмал распон. Најголема висина имаат мостовите со носива конструкција континуирана греда. Општ заклучок е дека мостовите со гредна носива конструкција имаат повисоки средни столбови.

Кај мостовите со повеќе распони, бројот на столбовите во средната потпора е различен. Средни потпори со најмногу три столба можат да се сретнат кај мостови систем проста греда со гредни главни носачи. Мостовите со систем проста греда со главен носач плоча се среќаваат средни потпори и со шест столба. Кај мостовите со континуирани главни носачи, кај систем континуирана плоча средните потпори се со најмногу девет столба, а кај континуирана греда најмногу четири. Статистичките податоци за средната вредност, стандардната девијација и медијаната се дадени во Табела 4.16.

Број на столбови во средна потпора			
Опис	Средна вредност	Стандардна девијација	Медијана
ПР проста греда	1.2	0.6	1
ПР континуирана греда	1.9	0.6	1
ПР континуирана плоча	3.0	1.9	1
ПР проста плоча	2.6	2.3	1

Табела 7. Карактеристични статистички податоци за типовите мостовски конструкции со повеќе распони во однос на бројот на столбови во средна потпора

Од податоците дадени во претходната табела според вредноста за медијаната може да се заклучи дека кај сите типови мостови без разлика на системот доминираат средни потпори со еден столб. Кај системот континуирана плоча средна потпора е со најмногу столбови додека кај мостовите со систем проста греда средната потпора најчесто е еден столб.

За репрезентативните аналитички модели, се усвоени типични мостовски конструкции со еден столб во средна потпора.

2. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ ГРЕДНИ МОСТОВСКИ КОНСТРУКЦИИ

Врз основа на прикажаните резултати добиени од статистичката анализа на податоците добиени на лице место од сите мостовски конструкции на магистралните патни правци во Република Македонија може да се изберат репрезентативни мостови кои ќе бидат предмет на анализа во оваа студија.Геометриските карактеристики на репрезентативните типови мостови се дефинираат врз основа на горе споменатите параметри, односно бројот на распони, максималниот распон, ширината на коловозната плоча и висината на средниот столб. Со комбинација од избраните геометриски параметри се дефинираат вкупно 9 репрезентативни мостови. Од сите девет типа репрезентативни мостови избрани се мостовите чија застапеност е повеќе од 5% од вкупниот број на мостовски конструкции од овој тип. Врз база на овие пребројувања селектирани се четири од вкупно деветте репрезентативни мостови, чии геометриски карактеристични вредности се дадени во Таб. 8.

бр.	бр. на распони	должина на среден распон [m]	репрезент за мостови со распон [m]	ширина на коловозна конструкција [m]	Висина на столб [m]	репрезент за мостови со висина на столб [m]
1Г	3	14.5	5.4-17.7	9.7	3.5	1-7
2Г	3	14.5	5.4-17.7	9.7	10.6	7-15.8
3Г	3	21.0	17.7-24.2	9.7	3.5	1-7
4Г	3	27.5	24.2-60	9.7	10.6	7-15.8

Табела 8. Избрани репрезентативни гредни мостови

Аналитичките модели кои се генерирани во ова истражување се доста прецизни и затоа сепотребни многу податоци за моделирање на различните компоненти на мостот. Моделите сегенерирани во компјутерскиот програм FELISA/3M кој е верифициран и развиен во Институтотза земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија на Универзитетот „Св. Кирил иМетодиј“ во Скопје. За секој репрезентативен мост се спроведени нелинеарни анализи со временски истории. Со цел да се добијат што поверодостојни резултати од нелинеарната динамичка анализа,карактеристиките на избраните земјотреси се избрани да одговараат на карактеристиките надефинираниот сеизмички хазард за територијата на Република Македонија. На овој начин избрани се вкупно9 земјотреси од кои 8 се селектрани од базата на Пацифичкиот истражувачки центар заземјотресно инженерство. Селектирањето на реалните временски истории е извршено споредтри фактори: магнитуда, распјание и тип на почва.



Слика 7. Модел со конечни елементи на греден мост

Елементите од горната конструкција кај мостовите систем греда семоделирани користејќи еластични линеарни гредни елементи, додека еластомерните лежиштасе моделирани со еластичен-идеалнопластичен материјал. Армирано-бетонските столбови натипичните мостовски конструкции се моделирани со комбинација од нелинеарни просторниSOLID20N конечни елементи и просторни гредни конечни FRAME3D елементи со кои е моделирана

належната греда (Hristovskiи Noguchi, 2002a, Hristovskiи Noguchi, 2002b). Модел со конечни елементи на еден од репрезентативните мостови е даден на Сл. 7.

3. ПОВРЕДЛИВОСТ НА ТИПИЧНИ МОСТОВСКИ КОНСТРУКЦИИ ВО РМ

Заради недостаток од реални податоци за измерени поместувања односно оштетувања кајмостовските конструкции предизвикани од земјотрес, за определувањето на критериумите задефинирање на дискретните состојби се користат резултатите добиени од нелинеарнитединамички и статички анализи на двата системи мостовски конструкции типични затериторијата на Република Македонија.

За определување на моделот за оштетување кај гредните мостови секористи максималното добиено поместување од спроведената нелинеарна анализа на горната конструкција U и ултимативното поместување на горната конструкција на мостот U_u.

$$\mathrm{DI} = \frac{U}{U_u} \tag{1}$$

Поради фактот што сите четири репрезентативни мостовски конструкции имаат различен капацитет, овој индекс е нормализиран според индексот на поместувањата во моментот на течење DI_y за секој мост согласно својот капацитет. Така се добиваат нормализирани индекси на штета.

$$\mathrm{I} = \frac{\mathrm{DI}}{\mathrm{DI_y}} \tag{2}$$

Заради диференцирање на деформациите односно оштетувањата се разграничуваат три нивоа или граници со кои се дефинира повредливоста на мостовската коснтрукција. Првата го означува моментот кога се јавува течење. Втората граница се поставува согласно претпоставката дека конструкцијата постигнува поголеми деформации доколку поместувањата ја надминат границата на течење U_y но не надминат $2U_y$. Третото ниво претставуваат поместувања поголеми од $2U_y$ а помали од ултимативното поместување U_u со што во конструкцијата се јавуваат големи поместувања односно оштетувања, а за сите поместувања над U_u се усвојува дека конструкцијата претпрпува лом. Треба да се напомене дека при определувањето на нивоата на дефрмациите односно оштетувањата се претпоставува дека поголемиот дел од овие поместувања се јавуваат во лежиштето. Овие гранични вредности се дадени во Таб. 9.

	Ниво	Оштетувања	Индекс
1	незначителни деформации	без оштетувања	<1
2	средни деформации	мали оштетувања	1-2
3	големи деформации	големи оштетувања	2-3.5
4	лом	лом	>3.5

Табела 9. Дефинирани нивоа на оштетувања

Врз основа на добиените резултати од спроведените нелинеарни анализи на сите четири армирано-бетонски мостовски конструкции типични за Република Македонија добиени се анализички кривите на повредливост. На Сл.8 се дадени кривите на повредливост во форма на кумулативни дистрибутивни функции за сите претходно дефинирани нивоа на оштетување пресметани според равенката 2. Овие функции претставуваат веројатноста за достигнување или надминување на одредено ниво на оштетување.

Од добиените криви на повредливост може да се заклучи дека постоечките гредни мостови на начин како што се проектирани имаат задоволително однесување под влијание на земјотрес кој може да се случи на ова подрачје. За одредено ниво на PGA(g), веројатноста дека ќе се случи

малисредни поместувања е слична за разлика од останатите нивоа. Кривите на повредливост покажуваат дека 50% од објектите ќе достигнат slight damage за ниво за интензитет од 0.34g, додека средно ниво на оштетување ќе доживеат за ниво на интензитет од 0.37g. За земјотрес со интензитет од 0.57g, 50% од гредните мостови ќе доживеат големо оштетување, а колапс за 0.75g.



Слика 8. Криви на повредливост за сите нивоа на оштетување

ЛИТЕРАТУРА

[1] Информационен систем за евидентирање и пратење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа во РепубликаМакедонија “ за магистралниот пат М-1, ИЗИИС-2007-61”

[2] Информационен систем за евидентирање и пратење на мостовските конструкции и нивната состојба на патната мрежа воРепубликаМакедонија” за магистралниот пат М-2, ИЗИИС-2007-45

[3] Информационен систем за евидентирање и пратење на мостовските конструкции и нивнатасостојба на патната мрежа во Република Македонија“за магистралниот пат М-3, ИЗИИС-2007-63

[4] Информационен систем за евидентирање и пратење на мостовските конструкции и нивнатасостојба на патната мрежа во Република Македонија“за магистралниот пат М-4, ИЗИИС-2007-58

[5] Информационен систем за евидентирање и пратење на мостовските конструкции и нивнатасостојба на патната мрежа во Република Македонија“за магистралниот пат М-5 и М-5крак, ИЗИИС-2007-62

[6] Информационен систем за евидентирање и пратење на мостовските конструкции и нивнатасостојба на патната мрежа во Република Македонија“за магистралниот пат М-6, ИЗИИС-2007-64

[7] Hristovski V. and Noguchi H. (2002a), Comparative Study of FEM Based Reinforced ConcreteAnalytical Models and Their Numerical Implementation: Software Package FELISA/3M,Proceedings of the First fib Congress “Concrete Structures in the 21st Century”, 13-19 October2002, Osaka, Session 13: Failure Mechanism and Nonlinear Analysis for Practice, pp. 403-410,Osaka, Japan, October 2002a

[8] Hristovski, V. and Noguchi, H. (2002b), “FEM Progressive Failure Simulation of Reinforced ConcreteMembers on Shear”, Japan Concrete Institute (JCI) Conference “Ecology – Concrete 2002”Proceeding Vol. 24, 19-21 June 2002 in Tsukuba, Japan

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 19

Riste VOLCEV[1], Koce TODOROV[2], Ljupco LAZAROV[3]

SEISMIC ANALYSIS OF CONVENTIONAL AND BASE – ISOLATED STRUCTURE ACCORDING TO EUROCODE 8

SUMMARY

In order to compare the two approaches for design and to consider the advantages and disadvantages of them, it is performed detailed evaluation of the seismic behavior of five – story, RC frame structure. In comparation the results of the performed analyzes according to Eurocode 8, it can be notice that although the displacements at the top of the fixed base structure is approximately twice as smaller compared to the corresponding obtained for the base isolated structure for the two levels of seismic hazard, interstory drifts are significantly larger. This way, the risk of damage to structural and nonstructural elements on the base isolated structure is significantly reduced.

Keywords: Eurocode 8, seismic analysis, base isolation

Ристе ВОЛЧЕВ[1], Коце ТОДОРОВ[2], Љупчо ЛАЗАРОВ[3],

СЕИЗМИЧКА АНАЛИЗА НА КОНВЕНЦИОНАЛНО И БАЗНО ИЗОЛИРАНА КОНСТРУКЦИЈА СПОРЕД ЕВРОКОД 8

РЕЗИМЕ

Со цел да се изврши споредба на двата пристапи за проектирање и да се согледаат предностите и недостатоците на истите, извршена е детална евалуација на сеизмичкото однесување на петкатна, АБ рамовска конструкција. При споредба на резултатите од извршените анализи според Еврокод 8, може да се забележи дека и покрај тоа што поместувањата на врвот на вклештената конструкција се околу два пати помали во однос на соодветните добиени за базно изолираната конструкција за двете нивоа на сеизмички хазард, релативните катни поместувања се значително поголеми. На овој начин значително е намален ризикот од појава на оштетувања во конструктивните и неконструктивните елементи кај базно изолираната конструкција.

Клучни зборови: Еврокод 8, сеизмички анализи, базна изолација

[1] MSc student, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, ristegf@gmail.com
[2] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, todorov@gf.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, lazarov@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Појдовна точка од која што поаѓаат проектантите при изборот на конструктивен систем е тој да биде функционален, рационален и сигурен при дејство на надворешни товари. Еден од товарите кој што од една страна може да биде со значителен интензитет, а од друга страна е непредвидлив и тешко може точно да се определи е сеизмичкиот товар. Оттука, основната филозофија при проектирањето на сеизмички отпорни конструкции, според која се темелени и современите сеизмички прописи, е при дејство на земјотрес да не дојде до загуба на човечки животи, да се осигура континуитетот на виталните функции на објектите, да се сведат на минимум штетите настанати од сеизмичкото дејство, да се зачуваат културните и материјалните добра и да се обезбеди функционирање на важните дејности од општествен, стопански и друг карактер.

Проектирањето на конструкциите според Еврокод 8 (CEN, 2004), кој претставува еден од современите прописи за проектирање на сеизмички отпорни конструкции, се врши преку задоволување на две експлицитни барања и тоа: барање за избегнување на колапс, според кое конструкцијата треба да биде проектирана и изведена така да издржи посилен земјотрес без да се случи локален или глобален колапс и барање за ограничување на оштетувањата, според кое конструкцијата треба да биде проектирана да издржи дејство на земјотрес со поголема веројатност на појава без притоа да се јават оштетувања или ограничувања во употребливоста на конструкцијата, кои би можеле да бидат несразмерно високи во однос на цената на самата конструкција.

За задоволување на овие барања, на располагање на проектантите им стојат два пристапи на проектирање и тоа: конвенционално проектирање, според кое дисипацијата на сеизмичката енергија се врши преку развивање на пластични зглобови во конструктивните елементи -- гредите и проектирање со примена на системи за контрола на конструкциите, во кои спаѓа и проектирањето на базно изолираните конструкции.

2. КОНВЕНЦИОНАЛЕН ПРИСТАП ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

При користење на конвенционалниот пристап за проектирање, Еврокод 8 се води според неколку принципи. Секоја сеизмички отпорна конструкција треба да поседува: едноставност на конструктивниот систем, уедначеност, симетрија и конструктивна резерва (статичка неопределеност), носивост и крутост во двата правци, торзиона отпорност и крутост, однесување на меѓукатните конструкции како крути дијафрагми и адекватно фундирање. Со обезбедување на потребната дуктилност на поедините конструктивни елементи, како и на конструкцијата во целост, се овозможува редуцирање на сеизмичкото влијание пресметано за еластично однесување. За таа цел при дефинирањето на сеизмичкото влијание е воведен т.н. фактор на однесување, кој што е во директна зависност од обезбедениот степен на дуктилност. При пресметка на овој фактор, како мерка за изедначување на еластичниот и нееластичниот одговор, се користат две алтернативни методи и тоа: метод на еднаква енергија и метод на еднакви поместувања. Првиот метод се користи за редукција на сеизмичките сили во подрачје на мали и средни периоди и се базира на изедначување на деформационата енергија при еластично и еластопластично однесување, додека вториот метод се користи за долги периоди на осцилации на конструктивниот систем и се базира на еднакви поместувања при линеарно и нелинеарно однесување.

Според Еврокод 8 (CEN, 2004) конструкциите може да се проектираат со две класи на дуктилност: средна и висока. Во зависност од избраната класа на дуктилност, се врши редукција на ординатите на еластичниот спектар, Сл.1, за вредноста на соодветно пресметаниот фактор на однесување q. На тој начин се добива т.н. проектен спектар Сл.2, според кој се определуваат сеизмичките сили кои што се користат при сеизмичката анализа. Од гледна точка на тоа дали конструкцијата е регуларна или нерегуларна, се јавуваат импликации врз изборот на метода за анализа, врз математичкиот модел, кој може да биде упростен рамнински или просторен, и врз вредноста на факторот на однесување q, кој има помала вредност кај конструкции кои се нерегуларни по висина. Во зависност од важноста на конструкцијата,

нејзините конструктивни карактеристики, како и сознанијата кои сакаме да ги добиеме за конструкцијата, можни се следните методи за анализа:

- Метода на еквивалентни хоризонтални сили,
- Повеќемодална спектрална анализа,
- Нелинеарна статичка (Pushover) анализа,
- Нелинеарна динамичка (Time History) анализа.



Слика 1. Еластичен спектар – Еврокод 8



Слика 2. Проектен спектар – Еврокод 8

Методата на еквивалентни хоризонтални сили може да се примени кај конструкции кои што може да се анализираат со два рамнински модели и чиј одговор не зависи од повисоките тонови форми на осцилации, при што објектот треба да ги задоволува критериумите за регуларност по висина зададени во Еврокод 8, како и да има основна периода на слободни осцилации T_1, за секој од двата главни правци, помала од $4T_c$, односно од 2 s, каде што T_c претставува карактеристична периода во спектарот на одговор каде што завршува платото на еднакви забрзувања и зависи од типот на почвата. Сеизмичката сила во основата за секој разгледуван правец се определува според изразот:

$$F_b = S_d(T_1) \cdot m \cdot \lambda \quad (1)$$

каде што, T_1 е основна периода на осцилации за разгледуваниот правец, $S_d(T_1)$ е ординатата на проектниот спектар за периода T_1, m е вкупна маса на конструкцијата над темелот и λ е корекционен фактор, чија што вредност во зависност од периодата T_1 изнесува 0,85 или 1.

Повеќемодалната спектрална анализа се применува за определување на динамички одговор на комплексни конструкции со повеќе степени на слобода во линеарно подрачје. Одговорот на конструкцијата според овој метод се определува со суперпозиција на одговорите за одделните сопствени тонови форми, при што секој тон се карактеризира со своја сопствена форма на осцилации, карактеристична периода и со сопствено тоново пригушување. При примена на оваа анализа треба да бидат задоволени два услови и тоа: збирот на ефективните модални маси од разгледуваните тонови форми да изнесува најмалку 90 % од вкупната маса на конструкцијата и во анализата да бидат земени во предвид сите тонови форми со ефективна модална маса поголема од 5 % од вкупната маса на конструкцијата. Вкупната сеизмичка сила за секој тон се пресметува како производ од модалната маса за бараната тонова форма m_k и спектралната ордината $S_d(T_k)$ отчитана од проектниот спектар во зависност од периодата на сопствени осцилации за разгледуваниот тон.

$$F_{bk} = m_k \cdot S_d(T_k) \quad (2)$$

Овој вид на анализа може да се применува и кај нерегуларни конструкции во основа и по висина, каде што се јавува ексцентрицитет помеѓу центарот на маси и центарот на крутост. За

вакви конструкции неопходна е тридимензионала анализа, каде што освен поместувањата на масите во двата хоризонтални правци, се јавува и ротација околу вертикалната оска, која што предизвикува торзиони ефекти врз конструкцијата.

Со нелинеарната статичка (Pushover) анализа се определува одговорот на конструкцијата од дејство на константни гравитациони и монотоно растечки попречни товари. За спроведување на нелинеарна анализа, освен крутосните карактеристики на конструктивните елементи, потребно е во математичкиот модел да се дефинира и носивоста на конструктивните елементи, односно нивното пост-еластично однесување. Инкрементално нанесениот хоризонтален товар предизвикува течење на одредени конструктивни елементи, што се одразува врз губењето на крутоста на конструкцијата во целина. При користење на Pushover анализа кај линиски конструкции најчесто се применуваат два нелинеарни модели, и тоа: распределена пластичност (пластични зони) и концентрирана пластичност (пластични зглобови). Оваа анализа се применува при проверка на перформансите на новопроектирани или веќе постоечки објект со цел да се процени очекуваниот пластичен механизам и распоредот на оштетувањата, при што се обезбедуваат податоци за јакоста и дуктилноста на конструкцијата, кои што не можат да се добијат со помош на линеарна анализа.

Нелинеарната динамичка (Time History) анализа претставува најсофистицирано ниво на анализа достапно на инженерите за определување на одговорот на конструкцијата при дејство на динамички товари. Според Еврокод 8, за спроведување на оваа анализа потребни се најмалку 3 записи од веќе случени или синтетички генерирани земјотреси. При избор, односно генерирање на записите на забрзувања, потребни за спроведување на оваа анализа, треба да се води сметка за нивна компатибилност со карактеристичниот еластичен спектар на одговор за разгледуваната локација, определен за 5% вискозно пригушување. Основната цел на оваа анализа е од истражувачки карактер, а воедно може да се користи и за верификација на сеизмичкиот одговор на одредени конструкции кои што се димензионирани според некои од помалку прецизните аналитички методи.

3. ПРОЕКТИРАЊЕ НА БАЗНО ИЗОЛИРАНИ КОНСТРУКЦИИ

Основната цел на овој пристап за проектирање е да се редуцира одговорот на системот за прифаќање на попречни товари (CEN, 2004). Намалувањето на сеизмичкиот одговор на системот може да се постигне со зголемување на основната периода на сеизмички изолираната конструкција, со:

- Еквивалентна линеарна анализа,
- Поедноставена линеарна анализа,
- Поедноставена модална линеарна анализа,
- Временска (Time History) анализа.

Динамичкиот одговор на конструкциите треба да се анализира во функција од забрзувањето, инерцијалните сили и поместувањата. Во зависност од начинот на моделирање на системот за изолација, начинот на земање во предвид на торзионите ефекти и местоположбата на центарот на крутост и центарот на маси, соодветно се одредува со која анализа ќе се определи одговорот на конструкцијата. Овој дел од Еврокод 8 е разработен на само десетина страници, поради што се јавуваат одредени недореченост, на кои во иднина би требало да се посвети поголемо внимание.

При еквивалентна линеарна анализа системот за изолација може да биде моделиран со еквивалентно линеарно вискоеластично однесување, ако се состои од елементи како што се повеќеслојните еластомерни лежишта или со билинеарно хистерезисно однесување ако се состои од еластопластични типови на уреди за изолација. Ако се користи првиот модел, треба да се користи ефективната (секантна) крутост на секој од уредите за изолација. Ефективната крутост K_{eff} на изолациониот систем претставува збир од ефективните крутости на поединечните уреди за изолација.

При користење на поедноставената линеарна анализа, се претпоставува дека надконструкцијата се поместува како круто тело над изолациониот систем. Ефективната периода при транслаторно движење може да се пресмета како:

$$T_{eff} = 2\pi \sqrt{\frac{M}{K_{eff}}} \tag{3}$$

каде што, M е масата на надконструкцијата, а K_{eff} е ефективната хоризонтална крутост на системот за изолација. При определување на ефективната хоризонтална крутост на системот за изолација потребно е да биде задоволен условот, $3T_f \leq T_{eff} \leq 3s$, каде што T_f е основната периода на осцилациии на надконструкцијата, разгледувана како вклештена во основата. Услов за примена на овој метод е вкупната ексцентричност помеѓу центарот на крутост на изолациониот систем и вертикалната проекција на центарот за маса на надконструкцијата да не надминува 7,5% од димензијата на надконструкцијата во хоризонтален правец, нормално на разгледуваниот правец. Исто така, треба да се исполнети и следните услови: растојанието од локацијата на објектот до најблискиот потенцијално активен расед со магнитуда $M_s \geq 6,5$ да поголемо од 15 km; најголемата димензија на надконструкцијата во основа да не е поголема од 50 m; системот за прифаќање на попречните сили на надконструкцијата да биде регуларно и симетрично распореден во основа долж двете главни оски на конструкцијата; како и односот помеѓу вертикалната и хоризонталната крутост на изолациониот систем да биде поголем од 150.

Доколку некои од горенаведените услови не се задоволени, а однесувањето на уредите за изолација може да се смета дека е еквивалентно линеарно, за определување на сеизмичкиот одговор на базно изолираната конструкција може да се примени поедноставена модална линеарна анализа. Оваа анализа може да најде примена и доколку при определување на хоризонталните поместувања на поединечните изолатори треба да се земат во предвид и влијанијата од торзија на конструкцијата во однос на вертикалната оска, со претпоставка дека подконструкцијата и надконструкцијата се однесуваат идеално круто.

Доколку системот за базна изолација не може да се моделира со еквивалентен линеарен модел, сеизмичкиот одговор би требало да биде определен со примена на динамичка (Time history) анализа. За спроведување на оваа анализа во делот за базна изолација од Еврокодот 8 не постојат подетални насоки, па за нејзино спроведување се користат одредбите од другите делови од Еврокодот.

4. НУМЕРИЧКИ ПРИМЕР

Со цел да се изврши споредба на двата пристапи за проектирање и да се согледаат предностите и недостатоците на истите, извршена е детална евалуација на сеизмичкото однесување на една карактеристична конструкција од високоградбата. Анализираната конструкција претставува просторна, петкатна, АБ рамовска конструкција, составена од 3 рамки во правец x и 5 рамки во правец y, поставени на меѓусебно осовинско растојание од 5 m. Катната висина на сите катови изнесува 3 m. Столбовите на долните 2 ката се со димензии 50/50 cm, а на горните 3 ката се со димензии 45/45 cm. Гредите се со димензии 40/45 cm додека АБ меѓукатна плоча е со дебелина од 15 cm.

При формирањето на математичкиот модел крајните греди се моделирани како Г, додека внатрешните како Т пресеци. Димензиите на пресеците се определени согласно препораките во Еврокод 2 (CEN, 2004b), при што е земена во предвид соработката помеѓу гредата и плочата. Ширината на фланшата на Г пресекот е 110 cm, а на Т пресекот е 180 cm. АБ плочи не се моделирани во математичкиот модел, но се земени во предвид при анализата на товари, Сл.3. Релативните поместувања помеѓу јазлите кои припаѓаат на одделните катови се спречени со задавање на дијафрагма ограничувања на секое поединечно ниво. На тој начин движењето на секоја платформа е сведено на движење на круто тело во рамнина. Конструкцијата е товарена со линиски товар кој што е нанесен на гредните елементи. На најгорниот кат е нанесен постојан товар (G) од 14 kN/m’ на средните и 10 kN/m’ на крајните греди, а на останатите катови од

26 kN/m' на средните и 17 kN/m' на крајните греди. На сите катови е нанесен корисен товар (P) од 5 kN/m' на средните и 2.5 kN/m' на крајните греди.

Димензионирањето на конструктивните елементи од вклештениот модел е извршено со помош на резултатите добиени од извршената повеќемодална спектрална анализа. Периодата на првата тонова форма на осцилации во правец у за овој модел изнесува $T_{1,y}$ = 0.70 s и е добиена за конструктивни елементи со редуцирана крутост, согласно препораките во Еврокод 8. Доколку редукцијата на крутоста на конструктивните елементи не се земе во предвид, првата периода на осцилации изнесува $T_{1,y}$ = 0.48 s. Вредностите на спектралните ординати се определени за спектар Тип 1, категорија на почва С и проектно забрзување од 0.24 g. Факторот на однесување q е определен како за рамовски систем со средна класа на дуктилност и истиот изнесува q = 3,9. Вкупната сеизмичка сила добиена од оваа анализа, со CQC комбинација на сеизмичките сили од поедините тонови форми, изнесува $E_{q,y}$ = 1408.67 kN, што претставува околу 13% од вкупната тежина на објектот.



Слика 3. Математички модел на разгледуваната конструкција



Слика 4. Вкупни и релативни катни поместувања

Контролата на барањето за ограничување на оштетувањата е извршена преку споредба на релативните катни поместувања кои се очекува да се јават во конструкцијата за дејство на земјотрес со помал повратен период. Бидејќи конструкцијата е анализирана со редуцирани сеизмички сили на линеарен модел, добиените поместувања од еластичната анализа (de) најнапред се помножени со факторот на однесување за пресметка на поместувањата q_d=q со што се добиени очекуваните поместувања иницирани од проектното сеизмичко дејство ($ds=q_d \cdot de$). Релативните катни поместувања за проектното сеизмичко дејство (dr) се пресметани како разлика од поместувањата на јазлите на два соседни ката. Овие релативни катни поместувања се помножени со факторот на редукција v=0.5, кој има за цел да го земе во предвид помалиот повратен период на сеизмичкото дејство кое се користи за контрола на барањето за ограничување на оштетувањата. Од прикажаните дијаграми на Сл.4 може да се забележи дека максималните релативни катни поместувања се наоѓаат на третиот кат и истите изнесуваат 1.32cm. Овие релативни катни поместувања се помали од дозволените кои според EC8 се движат во граници од 0.5% до 1% од катната висина, и се во функција од присуството и карактеристиките на неконструктивните елементи.

Дефинираниот математички модел, надополнет со нелинеарните карактеристики на конструктивните елементи е искористен за спроведување на нелинеарна статичка (Pushover) анализа. Карактеристиките на пластичните зглобови се внесени преку претходно пресметаната носивост на пресеците со усвоена арматура, при што кај гредните елементи во носивоста учествува и арматурата од плочата на пропишаната припадна ширина. Распределбата на попречниот товар при анализата е во функција од распределбата на масата по катови, за претпоставена триаголна распределба на поместувањата, Сл.5. Во првиот чекор од анализата, конструкцијата е изложена на гравитациони товари, а потоа и на инкрементален попречен

товар. При инкременталното нанесување на попречниот товар користена е контрола според поместувања на јазел од најгорниот кат на разгледуваната рамка, при што моделот е товарен до максимално поместување од 30 cm, аплицирано во 100 чекори. По извршената анализа е добиена pushover кривата, Сл.6, од која што може да се процени капацитетот на конструкцијата.



Слика 5. Припадна маса по катови и распределба на попречниот товар



Слика 6. Pushover крива за правец у добиена за вклештен и базно изолиран модел

Првите пластични зглобови во гредите се јавуваат на првите три ката од конструкцијата при попречна сила од 1721 kN, што одговара на поместување од 3.14 cm. Во столбовите прв пластичен зглоб е регистриран при попречна сила од 2110 kN и поместување од 6.38 cm, кога речиси сите греди веќе ја имаат достигнато границата на течење, Сл.6.

Бидејќи pushover анализата експлицитно не покажува кој е степенот на оштетувања што ќе се јави за одредено ниво на земјотресно дејство, добиената крива на капацитет дополнително е анализирана со примена на *N2* методата (Fajfar, 2000). При тоа разгледани се две нивоа на сеизмички хазард кои одговараат на референтно забрзување на тлото, мерено на карпа, од 0.12g и 0.24g. На нивото на кота на темелење максималното забрзување е амплифицирано за 15%.

Во првиот чекор од анализата извршена е трансформација на pushover кривата од систем со повеќе степени на слобода во крива за систем со еден степен на слобода, а потоа е извршена билинеаризација со користење на принципот на еднаква енергија. Периодата на еквивалентниот еластичен идеално пластичен систем со еден степен на слобода изнесува $T^* = 0{,}746$ s > 0.6 s, што овозможува изедначување на целното поместување на нелинеарниот систем со еден степен на слобода со поместувањето на систем со неограничено еластично однесување. Целното поместување на системот со повеќе степени на слобода за двете нивоа на сеизмички хазард изнесува 5.57 cm и 11.14 cm соодветно. Дијаграмите на вкупните и релативните катни поместувања добиени од нелинеарната статичка анализа и нивната споредба со соодветните дијаграми добиени со повеќемодалната спектрална анализа се прикажани на Сл.7 и Сл.8. Од прикажаните резултати може да се забележи деке поместувањата на врвот добиени со нелинеарната статичка анализа се за 15% поголеми од соодветните добиени со повеќемодалната спектрална анализа. Слична тенденција се јавува и при споредба на дијаграмите на релативните катни поместувања добиени од двете анализи. На Сл. 9. и Сл. 10. прикажан е распоредот на пластични зглобови и нивото на оштетување од двете нивоа на сеизмички побуди.



Слика 7. Споредба на помесувањата добиени со повеќемодалната линеарна (MM) и pushover анализата (push) за PGA 0.12g и 0.24g



Слика 8. Споредба на катните поместувања добиени со повеќемодалната спектрална (MM) и pushover анализата за PGA 0.12g и 0.24g



Слика 9. Распоред на пластични зглобови при 0.12 g



Слика 10. Распоред на пластични зглобови при 0.24 g

При проектирањето на базно изолираната конструкција користени се комерцијални еластомерни лежишта, произведени од компанијата FIP Industriale од Италија (FIP Industriale, 2012). Производителот на лежиштата ги наведува карактеристиките и ограничувања кои треба да се земат во предвид при изборот на изолатори, се со цел да се избере изолатор кој што ќе ги задоволи условите и барањата зададени во Еврокод 8. Карактеристиките на изолаторот се во функција од неговата форма, дијаметарот/страната и висината на изолаторот, дебелината и модулот на лизгање на еластомерниот слој и сл. При дејство на вертикални товари изолаторите имаат способност да примат голема вертикална сила, меѓутоа при дејство на земјотрес поради големите поместувања кои се јавуваат на ниво на изолациониот систем вредноста на вертикалната сила која што може да ја примат повеќекратно се намалува.

Една од основните карактеристики која може да ја прикаже ефикасноста на системот за базна изолација е факторот на продолжување на периодата на сопствени осцилации. Потребната вкупна хоризонтална ефективна крутост на системот за изолација е определена преку задоволување на барањето да периодата на базно изолираната конструкција биде најмалку трипати поголема од периодата на надконструкцијата, имајќи во предвид дека основната

периодата на сопствени осцилации на надконструкцијата се движи во граници од 0.5s за елементи без пукнатини до 0.7s за конструкција со вклучени ефекти на пукнатини.

$$T_{eff} = 2 \div 2.5 \sec \ , \ K_{eff} = \frac{(2\pi)^2 M}{T_{eff}^{\ 2}} = \frac{(2\pi)^2 1109 \ .6}{(2 \div 2.5)^2} = (7008 \ .8 \div 10950 \ .1) kN \ / \ m \qquad (4)$$

Доколку се усвои по еден изолатор под секој столб, потребната ефективна крутост на еден изолатор ќе се движи во граници од 470kN/m до 730kN/m. Според така дефинираната потребна крутост избран е изолатор SI – N 350/125, кој се карактеризира со ефективна секантна крутост K_{eff} = 620 kN/m, добиена за поместување од 250 mm. Со тоа ефективната периода на осцилации на изолираниот систем ќе изнесува:

$$T_{eff} = 2\pi \sqrt{\frac{M}{K_{eff}}} = 2\pi \sqrt{\frac{1109 \ .6}{15 \cdot 620}} = 2.17 \ \sec \qquad (5)$$

со што е задоволен условот $3T_f \leq T_{eff} \leq 3s$.

Усвоениот изолатор е со дијаметар од 350 mm, висина 213 mm, вкупна дебелина на еластомерот од 125 mm, тежина од 138 kg и вертикална крутост од 480000 kN/m. Почетната крутост на изолаторот е добиена врз база на промената на динамичкиот модул на лизгање во функција од поместувањето. За усвоена вредност $G_{din(\gamma=0.1)}/G_{din(\gamma=2)}$=2 дефинирана е почетната крутост на изолаторот која изнесува 1240 kN/m. Максималната сила која може да ја прими изолаторот изнесува 155kN, додека за условна граница на течење усвоена е сила од 31 kN.

Со цел да се согледа влијанието на изолаторите врз попречната крутост, носивост и деформабилност, разгледуваната конструкција е надградена со карактеристиките на усвоените изолатори и анализирана со помош на повеќемодална спектрална, нелинеарна статичка (Pushover) и нелинеарна динамичка анализа. Распределбата на попречниот товар при нелинеарната статичка анализа е во функција од распределбата на масата по катови, за претпоставена рамномерна распределба на поместувањата. Од добиената крива на капацитет, прикажана на Сл.6, може да се забележи значителна редукција на крутоста и носивоста на базно изолираната во споредба со вклештената конструкцијата. Првите пластични зглобови се јавуваат при вкупна попречна сила од 1067 kN што одговара на поместувања на врвот од 12.4cm. Намалувањето на попречната сила при појава на прв пластичен зглоб се должи на промената на векторот на попречниот товар, како и на влијанието на изолаторите врз прераспределбата на статичките влијанија. Треба да се напомене дека базно изолираната конструкција не е редимензионирана, односно усвоената арматура, а со тоа и нелинеарните карактеристики на армирано бетонските елементи, се исти како и за вклештената конструкција.

Динамичкиот одговор на базно изолираната конструција е определен со примена на нелинеарна динамичка анализа, при што се користени регистрации од 3 случени земјотреси (Imperial Valley - El Centro 1940, Victoria Mexico - Chihuahua 1980 и Chi-Chi Taiwan 06 - CHY028 1999). Од трите регистрации издвоен е најсилниот дел со времетраење од 26sec и извршено е негово скалирање по амплитуда и фреквентен состав. Спектарот на забрзување, добиен како средна вредност од скалираните спектри на поединечните записи, ги задоволува барањата за избор на записи дадени во EC8, односно, за периода 0 sec има спектрална вредност поголема a_gS за разгледуваната локација, при што во интервалот помеѓу $0{,}2T_1$ и $2T_2$ ниедна вредност на средниот еластичен спектар за 5% пригушување не е помала од 90% од соодветните вредности на целниот еластичен спектар на одговор. Еластичните спектри на одговор за оригиналните и модифицираните записи, како и историите за забрзување кои се искористени за нелинеарната динамичка анализа се прикажани на Сл. 11.



Слика 11. Еластични спектри и истории на забрзување за користените записи за анализа

На Сл. 12 прикажана е историјата на поместувања на два карактеристични јазли позиционирани на врвот и во основата на анализираната конструкцијата, добиени за дејство на трите земјотреси скалирани на максимално забрзување на тлото од 0.24g. Од прикажаните истории на поместувања може да се забележи дека поместувањата добиени од секој поединечен запис, во најголем дел се поклопуваат по фреквенција на осцилации, што резултира со мали релативни катни поместувања. Со тоа оштетувањата на конструкцијата е ограничена, што всушност е и една од целите при проектирање на сеизмички отпорни конструкции.



Слика 12. Историја на поместување за карактеристични јазли од конструкцијата

На Сл. 13 и Сл. 14 прикажани се дијаграмите на вкупните и релативните катни поместувања за вклештената и базно изолираната конструкција, добиени со помош на спроведените анализи. При споредба на резултатите може да се забележи дека поместувањата на врвот на вклештената конструкција се за околу двапати помали во однос на соодветните добиени за базно изолираната конструкција за двете нивоа на сеизмички хазард. Најголеми поместувања на врвот кај базно изолираната конструкција, за PGA од 0.24g, се добиваат од анализата на записот Victoria Mexico и изнесуваат 23.2cm. За останатите два записи максималното поместување на врвот изнесува околу 17cm. Резултатите од спроведената повеќемодална спектрална анализа покажуваат максимално поместување на врвот од 21.2cm, што одговара на средната вредност на поместувањата добиени од поединечните записи. За разлика од вкупните поместувања, релативните катни поместувања кај базно изолираната конструкција се значително помали во однос на истите добиени за вклештената конструкција. Со тоа, кај оваа конструкција, значително е намален и ризикот од појава на оштетувања во конструктивните и неконструктивните елементи.



Слика 13. Вкупни поместувања на вклештената и базно изолираната конструкција добиени од спроведените анализи за PGA од 0.12g и 0.24g



Слика 14. Релативни катни поместувања на вклештената и базно изолираната конструкција добиени од спроведените анализи за PGA од 0.12g и 0.24g



Слика 15. Хистерезисни дијаграми на изолаторите добиени од спроведените анализи

Максималните релативни катни поместувања на базно изолираната конструкција се јавуваат на првиот кат и истите се движат во граници од 0.56cm до 0.79cm, за максимално забрзување на тлото од 0.12g, односно од 1.09cm до 1.42cm за максимално забрзување на тлото од 0.24g. Максималните релативни катни поместувања добиени со примена на нелинеарната статичка анализа на вклештениот модел, за PGA од 0.12g, изнесуваат 1.65cm и истите се поголеми од максималните релативни катни поместувања на базно изолираниот модел, добиени за двојно повисоко ниво на сеизмички хазард.

Хистерезисните дијаграми попречна сила – хоризонтално поместување за усвоениот изолатор, добиени од спроведените нелинеарни динамички анализи за двете нивоа на сеизмички хазард се прикажани на Сл.15. Максималната иницирана сила во изолаторите за ниво од 0.12g се движи во граници од 49 kN до 69 kN, при што хоризонталните поместувања во изолаторот се во граници од 5.8cm до 9.5cm, што е за 2.6 до 4.3 пати помало од максималните поместувања за избраниот тип на изолатор. При максимално забрзување на тлото од 0.24g, максималните поместувања во изолаторот се движат во граници од 14.6cm до 19.8cm, што исто така е помало од максимално дозволеното поместување на изолаторот, кое изнесува 25cm.

5. ЗАВРШЕН КОМЕНТАР

Основните барања за функционалност, сигурност и економичност при проектирање на нови конструкции може да се задоволат преку два пристапи на проектирање и тоа: конвенционално проектирање и проктирање на базно изолирани конструкции. За таа цел на проектантите им стојат на располагање повеќе методи за анализа, кои се разликуваат помеѓу себе во однос на претпоставките кои ги воведуваат, според нивото на нивна софистицираност, како и во однос на сознанијата кои што можат да се добијат од нив.

Нивото на оштетувања кое може да се јави кај конвенционално проектираните конструкции при дејство на силни земјотреси, во голема мера може да се редуцира со примена на системите за базна изолација. Според прикажаните резултати, добиени од спроведените анализи, може да се констатира дека очекуваните релативни катни поместувања, а со самото тоа и очекуваните оштетувања на конструктивните и неконструктивните елементи, за исто ниво на сеизмички хазард, кај базно изолираната конструкција се значително помали во споредба со конвенционално проектираната конструкција. Со тоа во голема мера може да се намали сеизмичкиот ризик и евентуалните трошоци за санација после случен земјотрес.

REFERENCES

[1] CEN (2004a) European Standard EN 1998-1: 2004 Eurocode 8: Design of structures for earthquake resistance, Part 1: General rules, seismic actions and rules for buildings. Comite Europeen de Normalisation, Brusells

[2] CEN (2004b) European Standard EN 1992-1-1:2004 Eurocode 2: Design of concrete structures, Part 1-1: General rules and rules for buildings. Comite Europeen de Normalisation, Brusells

[3] Fajfar, P., (2000). "A nonlinear analysis method for performance-based seismic design". Earthquake Spectra, 16(3), 573-592

[4] Fardis et al. (2005) Designers' guide to EN 1998-1and EN 1998-5 Eurocode 8: Design of structures for earthquake resistance. General rules, seismic actions, design rules for buildings, foundations and retaining structures

[5] FIP Industriale (2012), Elastomeric isolators series SI, technical brochure, available on http://www.fipindustriale.it/

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

SE - 20

Trajce ZAFIROV[1], Golubka NECEVSKA CVETANOVSKA[2], Angela POPOSKA[3], Aleksandar ZLATESKI[4]

COMAPRATION BETWEEN SEISMIC FORCES DEFINED ACCORDING TO MK CODES AND EUROCODE 8

SUMMARY

The objective of the research presented in this paper was comparison of the seismic force according to the MKS standards, with the equivalent static method and EUROCODE 8. According to EC, spectral analysis of the behavior of the irregular structure was also performed. Analysis was performed for design spectra type 2, for earthquakes with a magnitude of M<5,5. Both analyses were carried out for soil type B. A comparison of the displacements of the irregular structure, caused by the seismic forces according MK Codes and Eurocode 8 is also part of this research. The analysis of the structure was performed by means of a 3D mathematical model rigidly fixed to the base by means of the program package Autodesk Robot Structural Analysis

Keywords: seismic force, comparison, Eurocode 8, MK Codes

Трајче ЗАФИРОВ[1], Голубка НЕЧЕВСКА ЦВЕТАНОВСКА[2], Ангела ПОПОСКА[2], Александар ЗЛАТЕСКИ[3]

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА СЕИЗМИЧКИ СИЛИ ДЕФИНИРАНИ ПО ЕВРОКОД 8 И МК-ПРОПИСИ

РЕЗИМЕ

Цел на ова истражување е да се направи споредба на сеизмичката сила според МК прописи со еквивалентен статички метод и EUROCODE 8. Според EUROCODE 8 исто така е извршена и спектрална анализа за проектен спектар тип 2 за земјотреси со магнитуда M<5,5. И двете анализи се направени за тип на почва Б. Извршена е споредба на поместувањата на нерегуларната конструкцијата од сеизмичките сили според МК прописите и EUROCODE 8. Анализата на конструкцијата е извршена со помош на просторен математички модел круто вклештен во подлогата во програмскиот пакет Autodesk Robot Structural Analysis.

Клучни зборови: сеизмичка сила, компаративна анализа, Еврокод 8, МК-прописи

[1] BSc, IZIIS-UKIM, Skopje, Republic of Macedonia, trajce@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[2] Prof. PhD, IZIIS-UKIM, Skopje, Republic of Macedonia, golubka@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[3] BSc, IZIIS-UKIM, Skopje, Republic of Macedonia, angela@pluto.iziis.ukim.edu.mk
[4] MSc, IZIIS-UKIM, Skopje, Republic of Macedonia, azlate@pluto.iziis.ukim.edu.mk

1. INTRODUCTION

The structure that was the subject of this project represents an apartment building with B+GF+3. The structure represents a mixed reinforced concrete structural system with reinforced concrete walls along the peripheral parts of the structure in the underground part and an elevator core in the middle of the structure. This structure belongs to structures of the second category. At plan, it has an irregular form. It is composed of two rectangular plans. One of the plans has two spans of 5,0 m each in X direction, while in Y direction, it has four spans of 4,0 m each. The second plan has three spans of 5,0 m each in X direction, while in Y direction, it has two spans of 4,0 m each. The total height of the structure is 13,5 m whereat the first storey has a height of 4,5 m, while the basement and the other two storeys have a height of 3,0 m.

In the preparation of the structural solution for this structure, the main principles and rules of design of such type of structures were observed.

The structure is designed of concrete class MB30 and ribbed reinforcement RA 400/500-2. The vertical bearing elements of this structure represent columns and reinforced concrete walls. The columns of the structure have a constant cross-section of 40/40 cm. The beams have a cross-section of 20/40 cm, while the thickness of the walls is 20 cm.

The loads taken into account in the computation were: dead loads, life loads and seismic effects. The dead weight of the structural elements was taken automatically with the program while the remaining loads were applied as uniformly distributed or linear loads upon the plate and beam elements.

The seismic forces were computed in two ways: by use of the equivalent static method and according to EUROCODE 8.

2. COMPARATIVE FORCE ANALYSIS

2.1. Model and plans of the structure

Analysis of the structure was performed in the program package Autodesk Robot StructuralAnalysis that includes an advanced structural analysis of simple and complex models. Presented further is a mathematical model of the structure that was considered as rigidly fixed to the base and with square finite elements 0,5x0,5 m.



Figure 1. Isometric view of the structural system



Figure 2. Position of the walls in the basement



Figure 3. Position of the walls per storeys

An analysis of loads was carried out in order to compute the weight of the structure that was necessary for definition of the seismic forces and their distribution per storeys (in accordance with PIOVS'81 – Rulebook on Technical Norms for Construction of High Rises in Seismic Areas). The analysis of loads included the dead loads, the life loads and the snow loads, where the weight per storeys was given in compliance with the computations.

- Weight per storeys
  - Ground floor G=3926.46 kN
  - First storey G=3165.02 kN
  - Second storey G=2694.06 kN
  - Third storey G=1393.05 kN

$$\sum G = 11178.69 \text{ kN}$$

According to the results obtained from the modal analysis (Table 1), the fundamental period amounts to 0,41sec. While selecting the number of mode shapes, the three-dimensionality of the system was considered whereat 15 mode shapes were considered in the analysis. For better visual effect, the first mode shape in X and Y direction is presented graphically (Figure 9 and Figure 10).

Case	Mode	Frequency (Hz)	Period (sec)	Rel.mas. UX (%)	Rel.mas. UY (%)	Rel.mas. UZ (%)	Cur.mas. UX (%)	Cur.mas. UY (%)	Cur.mas. UZ (%)	Total mass UX	Total mass UY	Total mass UZ
4	1	2.43	0.41	4.55	2.21	0	4.55	2.21	0	1117869	1117869	1117869
4	2	6.31	0.16	24.34	12.57	0.1	19.79	10.36	0.1	1117869	1117869	1117869
4	3	7.41	0.13	37.62	18.81	0.13	13.28	6.24	0.03	1117869	1117869	1117869
4	4	8.72	0.11	37.83	19.03	6.04	0.22	0.22	5.9	1117869	1117869	1117869
4	5	10.24	0.1	37.88	46.33	6.14	0.05	27.31	0.1	1117869	1117869	1117869
4	6	13.19	0.08	37.97	49.7	6.14	0.09	3.37	0	1117869	1117869	1117869
4	7	14.48	0.07	37.97	49.71	6.66	0	0	0.52	1117869	1117869	1117869
4	8	14.54	0.07	37.98	49.71	19.08	0	0.01	12.42	1117869	1117869	1117869
4	9	14.74	0.07	37.98	49.74	19.93	0	0.02	0.84	1117869	1117869	1117869
4	10	14.89	0.07	38.03	50.28	20.12	0.06	0.54	0.2	1117869	1117869	1117869
4	11	14.93	0.07	38.03	50.29	20.13	0	0.01	0.01	1117869	1117869	1117869
4	12	15.42	0.06	38.03	50.29	22.98	0	0	2.86	1117869	1117869	1117869
4	13	15.78	0.06	38.04	50.29	28.82	0	0	5.84	1117869	1117869	1117869
4	14	15.82	0.06	38.04	50.29	34.21	0	0	5.39	1117869	1117869	1117869
4	15	15.97	0.06	38.04	50.29	34.98	0	0	0.76	1117869	1117869	1117869

Table 1. Results from the modal analysis

From the enclosed Table 1 with results from the modal analysis and from the graphic presentation of the mode shapes, one can observe that there is torsion in the first mode shapes due to the asymmetricity at plan and along the height of the structure and the position of the reinforced concrete walls.

2.2. Seismic force according to piovs'81 and its distribution along height

After the performed modal analysis, seismic analysis was performed according to the currently valid Figure 4.The first mode shape in X – direction Figure 5. The first mode shape in Y – direction Macedonian regulations (PIOVS'81 X-X and Y-Y direction).



Figure 4. The first mode shape in X - direction



Figure **5.** The first mode shape in Y – direction

K = K_O * K_S * K_d * K_p – seismic coefficient

K_O - coefficient related to the category of the structure

→for an apartment building K_O= 1

K_S- seismic coefficient

→for IX zone K_S= 0,1

K_d- dynamic coefficient

→for soil category II, K_d=0.7/T и 1>0.7/T<0.47

K_d=0,7/0,41=1,71→K_d=1

K_p- ductility and damping coefficient

→for modern reinforced concrete structures K_p=1

K=1 * 0,1 * 1 * 1=0,1

Total seismic force **S = K * G = 0.1 * 11178,69 = 1117,869kN**

- Distribution of seismic forces per storeys:

$$S_i = S * \frac{G_1 H_1}{\Sigma(G_1 H_1)}$$

S_1= 159.38 kN

S_2= 320.50 kN

S_3= 381.90 kN

S_4= 253.90 kN

The seismic force is the same in both directions (x and y) since the value of the mode shape in both directions is less than 0,7sec.

2.3. Computation of seismic force according to eurocode 8

Presented is the computation of the seismic force according to Eurocode 8, in Y- direction for soil type B and spectrum type 2, while the values of the forces in X – direction are given directly in the table.

Soil Type	S	T_B(s)	T_C(s)	T_D(s)
A	1.0	0.05	0.25	1.2
B	*1.35*	*0.05*	*0.25*	*1.2*
C	1.5	0.10	0.25	1.2
D	1.8	0.10	0.30	1.2
E	1.6	0.05	0.25	1.2

Table 2. Values of the parameters that define the elastic response spectra of the T2 type

$F_b = S_d(T_1)$*m*l

where:

$S_d(T_1)$ is the ordinate of the design spectrum corresponding to period T_1

m is the total mass of the structure, from the foundation to the top

λ is the correction factor whose value is l=0,85 if $T_1 \leq 2T_c$ if the structure has more than 2 storeys, while in another case, it is **l=1.**

T=0,16sec T_b<T<$T_c \rightarrow S_D = a_g * S * \frac{2.5}{q} = 0{,}3 * g * 1.35 * \frac{2.5}{5.85} = 0.173g$

For DCHq=$q_0 * k_w$

where:

q_0 is the main value of the behavior factor depending on the structural system and the regularity along height

k_w is the factor reflecting the dominant mode shape of the structural system with walls

Structural type	DCM	DCH
Frame system; double system; coupled panel system	$3.0\alpha_u/\alpha_1$	$4.5\alpha_u/\alpha_1$
Uncoupled panel system	3.0	$4.0\alpha_u/\alpha_1$
Inverted pendulum system	2.0	3.0
Torsional flexible system	1.5	2.0

Table 3. Main values of q_0

For DCH structural type

$q_0 = 4.5 * \frac{a_u}{a_1} = 4.5 * 1{,}3 = 5.85$

q = 5.85 * 1 = 5.85

a_g = 0.3 * g

F_b = 0.173g * 11178.69 * 0.85 = 1643.83 kN

Distribution of the seismic force per storeys in y direction.

$F_i = F_b * \frac{z_i \, m_i}{\sum(z_i \, m_i)}$

F_1=234.4 kN

F_2=586.0kN

F_3=562.87kN

F_4=374.21kN

The total obtained horizontal seismic force according to EC8 is different for both orthogonal directions and depends on the value of the fundamental mode shape in the corresponding direction.

Storey	PIOVS'81 [kN]	EUROCODE 8 – Type 2 spectrum	
		X - direction	Y- direction
Ground floor	159.38	143.0	234.4
Storey 1	320.50	288.2	586.0
Storey 2	381.90	343.44	562.87
Storey 3	253.90	228.34	374.21
Total	1115.6	1002.98	1757.5
	9.98%	8.97%	15.72%

Table 4. Comparison of the seismic forces



Figure 6. Comparison of the seismic forces

In accordance with the values given in Table 3, it can be observed that the values of the forces computed according to MKS are smaller than the one calculated according Eurocode 8.

3. SPECTRAL ANALYSIS

The input parameter for the performance of the spectral analysis according to EN 1998.1.1-2004 in the software package Robot Structural Analysis is a_g = 0,3 * g = 2.943 m/s^2.



Figure 6. Design spectrum – Type 2 – Y direction

Direction	**PIOVS'81**		**EUROCODE 8 –type 2 spectrum**		**EUROCODE 8 (spectral analysis) – type 2 spectrum**	
	[displacements] [cm]		**[displacements] [cm]**		**[displacements] [cm]**	
	Sx	Sy	Sx	Sy	Sx	Sy
X	0.39	0,1	0,91	0,25	1,81	1,27
Y	0.24	0,2	0,55	0,51	1,95	1,39

Table 5. Comparison of maximum seismic displacements

If one makes comparison between the values of displacements obtained according to the simplified method of horizontal forces and spectral analysis, a certain deviation of the values can be observed, namely, the simplified method (where only the fundamental mode shape is taken into account and activation of 85% of the total mass is assumed) yields smaller values of forces and displacements. The reason for this is that, in the spectral analysis, all mode shapes with the corresponding activated masses are taken into account.

4. CONCLUSIONS

A modal and seismic analysis of a structure with an irregular shape at plan and along height was carried out. The structure represents a mixed reinforced concrete structural system with reinforced concrete walls along the peripheral parts of the structure in the underground part and an elevator core in the midst of the structure. Due to the presence of asymmetric walls, torsion occurs in the first mode shapes.

While comparing the seismic forces according to MKS and EUROCODE 8, one can observe that the values of the forces obtained by equivalent static force according to MKS are smaller than the forces obtained according to EUROCODE. The total obtained horizontal seismic force according to EC8 is different in both orthogonal directions and depends on the value of the first mode shape in the corresponding direction.

If the results on displacements obtained by use of the simplified method of horizontal force and spectral analysis are compared, differences in the values can be observed. Unlike the analysis by the horizontal force method in which the higher mode shapes do not have a considerable effect upon the structural response, during the method of spectral analysis by mode shapes for definition of the structural response, all mode shapes that considerably participate in the total response are included. Therefore, larger displacements are obtained when applying the spectral analysis.

REFERENCES

[1] Golubka Necevska-Cvetanovska. (2013).Aseismic Design of Reinforced Concrete, Masonry ans Steel Structures, University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia

[2] Elena Dumova – Jovanoska, Aseismic Design, Faculty of Civil Engineering, University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia

[3] Anil K. CHOPRA**.** (2013). Dynamics of Structure (Third Edition)

[4] Roberta Apostolska, Golubka Necevska-Cvetanovska, Julijana Cvetanovska "Analytical investigations of seismic behaviour of RC frame buildings with masonry infill" – Structural Engineer, Journal of MASE, ISBN 9989-9785-3-0 (No.9/2010)

Competitive negotiated procedure – the purchaser negotiates with the pre-selected candidates on the base of their submitted offers.

Competitive dialogue procedure – further dialogue with the pre-selected candidates that aims to define one or more solutions, then to invite the applicants to submit final offers.

Partnership for innovations – the admitted applicants are inolved in further negotiations in order to establish partnership with one or more of them for the performance of scientific or R&D activities

In the negotiative procedures the purchaser may also negotiate the contract clauses with one or more entities.

Design Contest – the purchaser acquires a plan or a design selected by an independent jury, with or without granted prices.

Public contest – all interested subjects can submit an offer in respons of an announcement

In the cases of restricted procedure, competitive dialogue, partnership for innovations, comeptitive procedure with negotiation and preliminary inviation the contracting authority is the side that sends invitations for bids, negotiations or dialogue.

3. RULES FOR SELECTION OF A PROCEDURE

Public contracting authorities can freely apply the open and the restricted procedure. They can apply the competing procedure with negotiations or dialogue when some of the following conditions are fulfilled:

a) The needs of the purchaser cannot be satisfied without additional adaption of wide spread solutions

b) The public procurement includes designs or innovations

c) The public procurement cannot be awarded without negotiations due to specific circumstances related to the character, complexity, regulations, financial frame or risks related to them;

d) The purchaser cannot fix the technical specification with the necessary accuracy by means of reference to standards, codes or technical specifications.

Every entity can submit a participation request for a restricted procedure. It must contain documents, which prove the lack of reason to be filtered through the limitation criteria. In the restricted procedure only the candidates submit an offer, which were invited after the executed pre-selection.

Every entity can submit a participation request for competitive procedure with negotiation. The provided information shall be accurate enough in order to allow the involved bidders an adequate estimation of the character and the volume of the procurement. Only the bidders that passed the pre-selection can submit initial offers, which will serve as a base of the negotiations. The contracting authority leads negotiations for the improvement of the content and the initial and the subsequent offers. The negotiations can follow in steps meant to seed the number of offers according to the competitive indicators and criteria.

Rules are not definitive enough. In the PPA of other EU countries, just like in the EU directives they are not definitive enough too.

4. RULES FOR SELECTION OF THE BIDDERS

The contracting authority may define the following selection criteria to the applicants or bidders

1. Capability to exercise the professional activity
2. Economic and financial condition
3. Technical and professional capabilities

The determination of documents certifying the adequacy to the criteria follows on the base of the *e-Certis* [2] central databank of the European Commission. The purchaser fixes the selection criteria and documents that prove their fulfillment either in the announcement or in the invitation for negotiations. Procuring authority can ask the candidates to be inscribed in the Trade Register or Professional Register. Foreign companies should provide equal documents from equal registers in their native countries, pursuant to their local legislation. Regarding economic and financial condition following requirements can be set:

1. Minimal annual turnover
2. Minimal turnover in the sphere, in which the order is
3. Compliance with an indicator related to the ability to fulfill the order
4. Availability of professional liability insurance with coverage responding to the character of the order and the applicable norms
5. Potential to execute the awarded order, estimated on the base of the financial report, including the relation between liabilities and activa.

The required turnover cannot exceed more than twice the expected value of the procurement, with exception when this is founded with the character of the construction, services or supplies. The vendee may define criteria, pursuant to which he ascertains if he has the necessary human and technical ressources, just like experience to conduct the work in line with the respective standards for quality. One or more documents can be required in order to certify the volume of similar deliveries performed in the last 5 years before submission of the offer: testimonies, reference letters containing date, volume and other relevant figures. When it is about technical and economic conditions applicants can point at third parties, regardless the legal connection between them. As about professional qualification and experience, the applicants can refer to third parties only when they will be involved in the execution.

5. RULES FOR EVALUATION OF THE BIDS

The public contracts are granted on the base of the economically most effective offer. One of the following criteria may be applied here:

1. lowest price
2. level of expenditures, which takes into account the efficiency of expenditures and expenses for the whole lifecycle
3. optimal quality/price ratio, which takes into account the criteria as in poit 2. Above but also indicators related to qualitative, ecological and social aspects that have relation to the procurement

In summary there are two kinds of criteria: one-parametric (lowest price) and multiparametric – with a variaty of indicators, technical and qualitative. The indicators pursuant to point 3 may include:

- benchmark of quality, technical, estetical and functional features included, accessibility, all user designation, social econogical and innovative features
- organization and professional competence of the involved staff
- post-sale services and technical support, conditions of delivery, date and period of the delivery

The indicators may include factors that treat separate stages of the lifecycle of the service. The purchaser can fix minimal and maximal acceptable conditions. When other indicators are involved beside the price their value must be weighted. The methodology shall be hold public and make possible to:

1. estimate the level of execution, proposed in each offer
2. make fair comparison of the technical content of the proposals
3. provide the candidates and applicants enough information about the rules of evaluation, e.g.:
    a) quantitative indicators are defined as figures or percentages with the calculation formulae;
    б) commision shall provide information about the way of turning qualitative indicators into quantitative figures, regardless if it is done by itself or by external experts

Procurements for design+construction shall include indicators for both parts. When an offer of an applicant deviates by more than 20% from the average of the competitors in any of the indicators it shall provide a written explanation about the way of formation.

6. DOCUMENTATION

Documentation shall include:

1. Technical specification
2. Drafts, plans and other technical documents
3. Methodology for calculation of the complex estimation
4. Templates and forms
5. Draft of Contract;
6. Other information regquired by the norms or necessary for the execution.

This is the place where the contracting authority defines the subject of the procurement, the specific needs and the technical features of the supply. The kind of procedure, selection criteria and deadlines for delivery are also given here...

7. TECHNICAL SPECIFICATION

Technical specifications define the necessary features of the subject of procurement. In the procurement documentation the vendee sets them in one of the following manners:

1. performance and functionalities, which allow the definition of parameters
2. technical standard requirements in the following priority:
    a) Bulgarian standards harmonized with the EN standards;
    b) European technical evaluations
    c) General technical specifications;
    d) International standards
    e) other technical benchmarks established by EU standardization authorities, national technical approvals, regional technical approvals, methods of design calculations and usage of goods;
    f) requirements for performance and functionality based on point 2., the fulfillment of which is assumed as fulfillment of the requirements

Technical specifications shall grant equal access to all applicants and shall not create unfounded hurdles.

8. TENDER COMMISSION

Vendee appoints a commission for the selection of the candidates and applicants, review and evaluation of offers and the perofrmance of negotiations. The comission consists of an odd number of members. It incldes a lawyer and at least 3 professionals with relevant knowledge when technical indicators are proposed. Members declare that no conflict of interest exists. The actions of the commission is record in a protocol, results of work are written in a report. The rules for establishment of a commission and its work are settled in the law implementation regulations.

The tender commission is appointed with an order, personnel is fixed name by name and can be identified. The case with the teamst that prepare the selection rules and award criteria is the opposite – they remain anonymous.

9. E-TENDER

Electronic tender is a repeated bidding process that starts after the general automatic estimation of the offers and allows to classify them with the method of automatic ranking according to the submitted values of the separate elements of the offers. Offers that cannot be automatically classified, i.e. design cannot be a subject of such a tender. Electronic bidding is favorable for cases with clearly defined parameters

10. PUBLIC PROCUREMENT CONTRACT

Once a bidder is awarded he can conclude a contract, provided that he files the confirms, files the documents and the performance bond. The draft of law pays worryingly little attention to the contract form. This is the place where an annex with schedules and deadlines shall be enforced as compulsory. This will be the schedule, the delay of which can be fined using the performance bond.

11. PUBLIC PROCUREMENT AGENCY

The Public Procurement Agency implements the state policy regarding public procurements. It maintains the database with procedures and contracting parties, receives the requests and objections of bidders and delivers explanations, issues instructions for participation.

12. POTENTIAL FOR CORRUPTION

The relatively high number of pre-selection procedures cannot be left without attention. For example, in the institution P. there were six procedures with pre-selection versus only one open. It is an obvious sophism to advocate that pre-selection and multi-parameter procedures respect the principles of publicity, transparency, free and fair competition, equality and non-discrimination. The arrangement of "loopholes for the auction slalom" and the search for „optimal quality – price combination" is burdened with subjectivity therefore prone to corruption schemes. Until now, the public perception of significant corruption in the PP does not diminish. On the contrary, it is amplified by the fact that companies with very short story won and continue to win major PP.

The time consumption to administrate open, one-parameter procedures (lowest price) without pre-selection is relatively smaller even when the number of applicants is increased. The compliance with the requirements regarding quality, technical and professional abilities can be certified by the records of the branch organizations and the Commercial Register. A bank guarantee proportional to the applicant’s turnover (i.e. 5 %) can be a respectful factor for participation and an indicator of the economic and financial health of the applicant. A sanction in the form of automatic contract termination and withdrawal of the bank guarantee in case of a > 3 month delay from the contractual schedule (technical and financial) would deter applicants without adequate ressources. The draft of the new Public Procurement Act in Bulgaria is being developed with the ambition to tightly cover the requirements of the relevant EU Directives in the field of OP and to be most useful. It turns out that

there are discrepancies between the unified principles and unified rules set out in the Directive. Result is the opportunity for corruption. The report discusses the proposal to use only open, one-parameter procedure without preselection of the candidates, with some changes in performance guarantees and penalties for breach of contract.

13. CONCLUSION. PROPOSAL FOR IMPROVEMENT

The time consumption to administrate open, one-parameter procedures (lowest price) without pre-selection is relatively smaller even when the number of applicants is increased. The records of the branch organizations and the Commercial Register can certify the compliance with the requirements regarding quality, technical and professional abilities. A bank guarantee proportional to the applicant's turnover (i.e. 5 %) can be a respectful factor for participation and an indicator of the economic and financial health of the applicant. A sanction in the form of automatic contract termination and withdrawal of the bank guarantee in case of a > 3 month delay from the contractual schedule (technical and financial) would deter applicants without adequate ressources. The draft of the new Public Procurement Act in Bulgaria is being developed with the ambition to tightly cover the requirements of the relevant EU Directives in the field of OP and to be most useful. It turns out that there are discrepancies between the unified principles and unified rules set out in the Directive [3]. Result is the opportunity for corruption. The report discusses the proposal to use only open, one-parameter procedure without preselection of the candidates, with some changes in performance guarantees and penalties for breach of contract.

REFERENCES

[1] Проект на нов Закон за обществените поръчки: www.aop.bg

[2] http://ec.europa.eu/markt/ecertis/login.do

[3] http://ec.europa.eu/growth/single-market/public-procurement/index_en.htm

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

ST- 7

Enis JAKUPI[1], Violeta NUSHI[2], Radmila TOMIC[3]

READING THE SYNTAX OF SPACE, YOU CAN UNDERSTAND THE STRUCTURE OF THE MASSIVE STRUCTURAL SYSTEM OF THE GORNA REKA HOUSE

SUMMARY

Starting from the simple-spontaneous examples of creation of space, we may say that these have been created at each moment of existence of Man and will be created as long as Man exists. For the purpose of his existence, Man has always been striving to create a suitable space for him and to achieve increasingly superior and complex goals by using different materials, arriving finally at this present modern town-urban space. It has been for centuries that Man has been creating space, existence and architecture in Gorna Reka, which is the pseudonym of the present modern construction.

Keywords: stone, wood, massive structural system, framework construction

Енис ЈАКУПИ[1], Виолета НУШИ[2], Радмила ТОМИЌ[3]

ЧИТАЈЌИ ЈА СИНТАКСАТА НА ПРОСТОРОТ, ЈА СФАЌАШ КОНСТРУКЦИЈАТА-МАСИВНИОТ СИСТЕМ ЗА ГРАДБА КАЈ ГОРНОРЕКАНСКАТА КУЌА

РЕЗИМЕ

Започнувајќи од простите-спонтаните примери за создавање простор, можеме да речеме дека таа се создава секој миг околу нас, се создавал од кога постои човекот и ќе го се до неговото постоење. Човекот заради својата егзистенција секогаш се трудел да сосдава простор за него, секогаш доаѓал во по надредно и по сложена за неговата цел како и со кој материали го создавал, доаѓајќи до денешниот современ градежно-урбан простор. Во Горна Река векови наназад се содавал простор, егзистенција и архитектура што е псеудоним за денешното модерно градеење.

Клучни зборови: камен, дрво, масивен систем на градбата, бондрук систет

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Applied Sciences, DUT-Tetovo, enis.jakupi@unite.edu.mk
[2] Prof. PhD, Faculty of Applied Sciences, DUT – Tetovo and Civil Engineering and Architectonic Faculty UP - Prishtina
[3] Assist. MSc, MIT UNIVERSITY, Faculty of Architecture, Skopje

1. ВОВЕД-КУЌИТЕ ВО ГОРНА РЕКА

Горнореканските села се наоѓаат во северозападниот дел на Р. Македонија на една голема надморска височина, во длабоките долини на планината Кораб формирани во вид на планински грла. До почетокот на XX век, населението од овој регион па и најголемиот дел на Р. Македонија воглавно беше селска. Па затоа селската архитектура опфаќа главно место во општото творештво не само во нашата земја па и во целиот регион.

Горнореканските куќи од архитектонски аспект се вид на кули, изградени во опсези поделени во маала (населби). Поделбата на селата во маала ги преставува општсвените и стопанските активности на едно поголемо семејство. Во формулацијата на архитектонско градежните аспекти на овој регион влијале повеќе фактори како што се: принципите, традиционалните обичаи, менталитетот, религијата, националноста како и атмосферско-рељефните услови. А во конструктивна формулација, доминираат, односно главни се каменот и дрвото, каменот и дрвото поврзани за носечки ѕидови на масивниот систем за градба, и дрвото одвоено како консруктивна обработена целина во класичен систем дрвени зидови-бондрук-"болме". Каменот се појавува како природен, обработен и делкан а дрвото како карактеристична врска, како зајакнучки хоризонтален конструктивен елемент во вертикаилте т.н. елемент "кушак". Бодрукот е традиционален со хоризонтално дрвени врски и носиви дрвени столбови исполенети со слама и замја/термоизолација/.



Слика 1. Горнореканскиот регион

2. ПРОСТОРОТ

Приватниот простор, што се наоѓа во рулрални и урбани простории, просто се нарекува куќа. Во руралниот простор на Горна Река куќата е простор изграден од камен и дрво, главната просторна визура наобјектот се каменот и дрвото. Со ова подразбираме дека е изградено од тие материјали што човекот ги имал околу себе.

Градежните елемети во простор, односно архитектонскиот/градежниот проестор може да се “конкретизират“ како егзистенцијален простор.

“Егзитенцијален простор“ е психолошки концепт, кој ја преставува шемата со која создава и просперира човекот во контакт со просторот околу него, кој го чустува со задоволство (Norberg-Schulz, 1971). Егзистенција, простор и архитектура/градежништво овие три елементи се учесници во секое место во секоја земјена површина каде егзистира човекот, односно човекот егзистира за да создава. Егзистенцијата, просторор и архитектурата во Горна Река е врзана со планината, шумата, ридовите и долините кои со мал береќет му давале егзистенција на населението на овој регион, за да живее и создават простор околу себе. Сосоздавање на

простор околу себе е создавање и архитектура со своите фенеомени, процеси и елементи како што се дрвото и каменот.

Слика 2. Куќи во Горна Река, с. Танушеј и Римница

3. КОНСТРУКЦИЈА-масивен систем на градба

Во архитектурата/градежништвото при изградба не може да се замислува материјализацијата на одредена архитектонска површина без конструкција-конструктивен систем. Предпоставките/Архитектонските идеи и иа рхитектонските креации без конструктивен систем, можат да постојат само како идеи и без оформување/изведба.

Што е Конструкција?

За конструкцијата може да се дадат многу дефиниции и теории, но едноствно и просто би било; конструкцијата носи и пренесува товар.

Од друга страна реализацијата на еден конструктивен ситем кај еден релизиран градежено бјект преставува "узупација" на природниот простор, (се подразбира со одредена цел, во многу случаи хуман). Природниот-физичкиот простор е тридимензионален (ако не ги земеме предвид другите природни димензи, како на пример времето t). Од ова можеме да констатираме дека секој конструктивен систем е дел од просторот, што преставува материјализација во природната површина и според ова секој конструктивен системе просторен, значи опфаќа одредена површина во просторот. И ако секој изграден просторен ситем во просторот се вика просторен, но когазборуваме во генералии и методи за конструктивните системи, ги употребувам еноционите; просторен, површински и линиски ситеми.



Слика 3. Просторно преставување на објект

Се поставува прашањето зашто гоправиме ова, кога знаеме дека конструктивните системи се просторни, односно дел на природниот простор. Ова пред се го правиме заради класфикација.



СликаЗ. Основа на приземје и кат, подолжен и попречен пресек

Слика 4. Изгледи на испитуваниот објект

Конструктивните системи се делат на :

1. **Масивен систем на градба (со носиви ѕидови)**
2. Скелетен систем на градба
3. Конбинирани системи
4. Просторни системи

Масивниот систем на градба е конструктивен вертикален носив систем, каде носивете елементи се носечките зидови.

Во Горна Река доминира односно сите објекти се градени од носиви зидови-масивен систем на градба. Носивите зидови од камен се поврзни со хоризонтални дрвени елементи "кушаци".

3.1. Испитувања

Во Горна Река со колегите и студентите на ДУТ -Факултет за Применети науки студиска програма Архитектура, по предметот Архитектонски Конструкции 3 сме испитувале над 20 објекти со масивен систем на градба во село Танушеј (1300м надморска висина) и село Ромница (1000м надморска висина). Сите имат ист принцип и исти елементи за градење, дури и димензиите се скоро исти.

Главната чел на снимањето на објеките во горна река беаше нивнато документирање со реални димензи и елементи. При снимањето на објектите се судиравме со простор, синтаксата на просторот е внатрешно јадро за домување која има силна формулација за простор затоа што:

- **Е окружена од сите четри страни со носиви зидови-приземје**
- **Е окружена од сите три страни со носиви зидови-кат**
- **Е покриена со четриводен кров**
- **Катот е по висок од приземјето.**

Архитектонтонска композиција е многу отворена и збогатена, а конструктивната целина е проста едноставна и иста, па дури и нема разлика од објект до објект. Објетите во приземје имат две соби лево и деесно од тремот исто и на кат две соби лево и десно од чардакот-ходникот. Во Горна реканската куќа разликата по меѓу тремот и чардакот е само во композициската поврзаност со надворешниот простор, не и во концептот на формирањето и постоењето како простор во кончептот куќа.

Слика 5. Предната фасада на Горнореканската куќа

Масивниот систем на градба и појавата на скелетниот во предната фасада на горниот кат на куќата како скелетен систем за градба-бодрук. Бондрукот е традиционален со хоризонтални дрвени врски и носиви дрвени столбови исполнети со слама и замја/термоизолација/ се конструкцијата на горнореканската куќа, чии елементи и ден денес ги наоѓаш како современи и урбани архитектонски целини и композиции, се подразбира со други односно собремени градежни материјали.

Карактеристчни разлики помеѓу село Танушеј и Римница е тоа дека во фасадната визура на Римницката куќа се појавува во горниот кат и балкон, еркерен дел на објектот над влезот. Една можна синтакса на таа разлика е надморската висина а другата е позцијата на селото кон сонцето-исток.



Слика 6. Основа на кат со балкон-еркер

Табела 1.

објект	**село**	**димезии**	**Носива конструкција**	**Меѓукатна конструк**	**Балкон**
1.	Римница	5,00 x 13,00 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не
2.	Римница	5,25 x 12,50м анекс 5, 25 x4,00	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	да
3.	Римница	4,40 x 12,05 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	да
4.	Римница	4,86 x 11,98 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	да
5.	Римница	5,08 x 12,78 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не
6.	Танушеј	5,22 x 12,57 м Г-форма на објектот	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не
7.	Танушеј	5,03 x 13,42 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не
8.	Танушеј	4,85 x 13,09 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не
9.	Танушеј	5,24 x 18,00 м двокуќа	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не
10.	Танушеј	5,00 x 12, 85 м	Камења повзени со дрвени кушаци	дрво	не

Слика 7. Куќа со балкон-еркер

4. ЗАКЛУЧОК

Народната архитектура е главната, најточната мерка и главниот осликувач на животот на народот во столетието. Архитектурата на овој регион според архитектонските принципи и школи е дел од архитектурата на дебарската школа.

Оваа студија е само еден камен во зидот на архивата на документацијата што би го преставувал станот/домот/-планинскат акуќа, со надеж дека ќе им служи на идните генерации за да ги запознаат најпрво карактерот на националната архитектура во иднина.

REFERENCES

[1] Bachelard, G. (1958). La Poetique de l'Espace. Paris: Presses Universitaires de France.

[2] Brezovski, S. (1993). Rekanskakukja. Skopje: ArhitektonskiFakultet

[3] Проф. Д-р. Андреј Спасов и Весна Трајковска д.и.а, (1994) ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКЦИИ, Градежен Факултет УКИМ-Скопје

[4] Hadjieva-Aleksievska, J. (1984). Merki, antropo-morfoloski modularni proporcii kaj starata makedonska kukja. Skopje: Studenski Zbor.

[5] Heidegger, M. (1971). Poetry, Language, Thought. New York: Harper and Row.

[6] Jakupi, E. (2007). Reka, vendiimnëkëndvështrimtjetër (monografi). Gostivar: Ilko Gostivar.

[7] Mulickoski, P. (2000). Kreativniot duh na makedonskata kuka. Skopje: AEA.

[8] Norberg-Schulz, C. (1971). Existence, Space and Architecture. London: Praeger Publishers.

[9] Thomo, P. (1981). Banesafshatare e ShqipërisëVeriore. Tiranë: 8 Nëntori.

[10] Tomoski, S. (1960). Makedonska narodna arhitektura. Skopje: Tehnicki Fakultet.

[11] Mitrogjorgji M (2008) Duke Lexuarhapesire, Tirane: UFO PRESS

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

ST - 8

Josif JOSIFOVSKI[1], Bojan SUSINOV[2],Spasen GjORGjEVSKI[3]

COMPARISON OF DESIGN FOR SPREAD STRIP FOUNDATION BETWEEN EUROCODE AND MKS

SUMMARY

This paper presents a comparative study of slab footing loaded with force and moment in his plane. The calculation is performed according the provisions EN 1997-1 for static and EN 1998-5 for seismic loading conditions. It considers multiple design approaches which takes into account for different partial factors introduced in the adequate phases of calculation. For this a benchmark example proposed by the European Technical Committee 10 is used. Beside the ultimate and serviceability limit state after Eurocode 7 a design after damage limit state after Eurocode 8 is performed. At the end, foundation widths are compared with that calculated according the Macedonian rulebook. From the comparison several remarks and recommendations are presented.

Keywords: spread foundation, benchmark analysis, static and seismic loads, partial safety factors

Јосиф ЈОСИФОВСКИ[1], Бојан СУСИНОВ[2],Спасен ЃОРЃЕВСКИ[3]

СПОРЕДБА НА ПРЕСМЕТКА ЗА ПЛОЧАСТ ЛЕНТОВИДЕН ТЕМЕЛ ПОМЕЃУ ЕВРОКОД И МКС

РЕЗИМЕ

Во овој труд претставена е компаративна студија на плочастлентовиден темел оптоварен со сили и момент во неговата рамнина. Пресметката е изведена според препораките дадени во EN 1997-1 за статички и EN 1998-5 за сеизмички услови на товарање. Таа ги вклучува трите предложени проектни постапки во стандардот што ќе значи примена на различни парцијални коефициенти во различни делови од пресметката. Примерот кој се користи во оваа анализа е предложен од Европскиот Техничкиот Комитет 10. Покрај граничната состојба на лом проверена е и граничната состојба на употребливост според Еврокод 7, како и состојба на оштетување според Еврокод 8. На крај резултатите поточно ширината на темелот е споредена со онаа добиена според актуелната национална регулатива. Врз основа на резултатите дадени се коментари и препораки.

Клучни зборови: плочастлентовиден темел, споредбена анализа, статички и сеизмички товари, парцијални коефициенти

[1] Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, jjosifovski@gf.ukim.edu.mk
[2] MSc, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, susinov@gf.ukim.edu.mk
[3] Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, gjorgjevski@gf.ukim.edu.mk

1. ВОВЕД

Европскиот комитет за стандардизација (CEN) одамна ја препозна растечката потреба за усогласување на стандардите во делот на конструктивното инженерството, па затоа пред 20 години започна со проектот т.н. Еврокодови како Европски одговор пред се на американските, но и на други стандарди за конструктивно проектирање. Денеска, тие се реалност и веќе 7 години се користат како национални стандарди во сите земји во ЕУ, како и во десетина други земји ширум светот.

Овој труд претставува дел од поширока студија за проценка на ефектите од геотехничкото проектирање според EN1997-1 за статички и EN1998-5 за сеизмички оптоварување, наспроти постојната македонска регулатива. Анализата е извршена за бенчмарк пример на плочастлентовиден темел оптоварен со вертикална и хоризонтална сила и момент во неговата рамнина. Примерот е превземен од Европскиот Техничкиот Комитет 10 (ETC 10) на Меѓународното Друштвото за механика на почви и геотехничко инженерство (ISSMGE). За оваа цел беше развиен оригинален софтвер (со примена на Microsoft Excel и Visual Basic), кој ги вклучува сите проектни постапки и препорачаните парцијални коефициенти на сигурност од Еврокодовите.

Анализираниот пример во основа е едноставен, но истовремено е погоден за да се донесат заклучоци во однос на различните проекти аспекти кои беа анализирани.

Во продолжение се претставени резултатите од статичката пресметка според граничната состојба на лом (UltimateLimitState) и граничната состојба на употребливост (ServicabilityLimitState) според Еврокодот 7. Поради фактот што во нашата земја често доминираат сеизмичките влијанија во товарните комбинации, следно е изведена пресметката на граничната состојба на оштетувања (DeformationLimitState) според Еврокодот 8. На крај сите вредности за димензиите во основа (ширината на темелот) се споредени со онаа добиена според актуелната македонска регулатива.

2. ГЕОТЕХНИЧКО ПРОЕКТИРАЊЕ СПОРЕД ЕВРОКОД 7

Стандардот EN 1997 – Дел 1: Геотехничко проектирање – Општи правила (Geotechnicaldesign – Part 1: Generalrules) претставува еден од најсовремените стандарди за геотехничко проектирање во светот. Исиот е резултат на долгорочен процес на усогласување на земјите членки на ЕУ околу националните искуства и практики. Заедно со уште три други стандарди меѓу кои и EN 1998 тој се вбројува во групата на основни или т.н. “umbrellacodes” што доволно говори за неговото значење. Во однос на нашата пракса и споредено со актуелната регулатива, тука се промовира концептот на геотехничка пресметка која се базира на граничните состојби, за разлика од онаа на дозволените напрегања која ја имавме до сега. Во основа се работи за еден принцип кој не е непознат кај нас посебно за конструкторите кои димензионираат армиранобетонски конструкции. Во суштина тоа ќе значи дека геотехничките проблеми во иднина ќе се проверуваат со контроли кои ќе вклучуваат примена на парцијални коефициенти на сигурност наместо како досега еден глобален коефициент на сигурност на крајот на пресметката, концепт детално опишан во EN 1990: Основи на проектирање (BasisofDesign). Предноста на овојнов концепт е во тоа што дава можност да вклучи сигурност во различни делови (позиции) на пресметката која ќе биде соодветна т.е. во некои делови поголема, а во други можеби помала. На тој начин се влијае за да се добие оптимално проектирана конструкција.

Првиот услов кој според EN1997-1 е потребно да се исполни е граничната состојба на лом (ULS), а потоа провери и граничната состојба на употребливост (SLS). Во Еврокодот е предложена листа со осум товарни гранични состојби кои може да бидат меродавни при пресметувањето на темелните конструкции, а во зависност од условите. Меѓу нив можеби најзначајна е граничната состојба на лом при достигање на носивоста на почвата, а останатите се: лом при губење на стабилност (превртување), лом како последица на лизгање, комбиниран лом во почвата и темелната конструкцијата, лом во конструкцијата како последица на големи слегнувања на темелите.

Граничните состојби на употребливост (SLS) во пресметката ги вклучуваат и деформациските карактеристики на почвата за да се пресметаат поместувањата односно слегнувањата кои во даден механизам може да ја оштетат конструкцијата, го намалуваат нејзиниот капацитет, употреба и функција. Овие состојби е неопходно да се земат во предвид кај плитки темели за: прекумерни слегнувања (вкупни и диференцијални), прекумерни ротации или вибрации.

Која гранична состојба ќе ја контролира проектирањето ќе зависи од товарот, условите на темелната подлога, проектниот пристап односно усвоени апроксимации на пресметковниот модел и дозволените слегнувања на конструкцијата. Со оглед на тоа што слегнувањето на конструкциите вообичаено е ограничено, проектирањето на плитките темели врз почвена подлога често е контролирана од SLS. Ова се однесува за плитките темели кои пренесуваат големи оптоварувања, а посебно во услови на деформабилни почвени средини.

За да се задржат посебностите и придобивките од различните постапки за пресметување кои се користат во земјите од ЕУ, во Еврокодот 7 се дава можност за избор на проектна постапка (DesignApprouch) преку која ќе се запазат локалните (национални) искуства обезбеди прифатливо ниво на сигурност преку парцијалните коефициенти кои претставуваат национално детерминирани параметри (NationalDeterminedParameters).

2.1. Парцијални коефициенти на сигурност

Во следната табела се презентираат препорачаните вредности на парцијалните коефициенти на сигурност дадени со анексот А од EN 1997-1. Тие се организирани како коефициенти кои се аплицираат во три делови од пресметката, А1 и А2 на акциите (товарите), М1 и М2 на материјалните карактеристики и R1 и R2 на отпорот.

Параметар			Акции и ефекти		Матер.карак теристики		Отпори		
			A1	A2	M1	M2	R1	R2	R3
Постојани акции	Неповолни	γ_G	1,35	1,00					
	Поволни	$\gamma_{G,fav}$	1,00	1,00					
Променливи акции	Неповолни	γ_Q	1,50	1,30					
	Поволни	$\gamma_{Q,fav}$	0	0					
Коефициент на отпор од смолкнување (tanφ)		γ_φ			1,00	1,25			
Ефективна кохезија(c')		$\gamma_{c'}$			1,00	1,25			
Недренирана јакост (c_u)		γ_{cu}			1,00	1,40			
Едноаксијална јакост на притисок (q_u)		γ_{qu}			1,00	1,40			
Волуменска тежина на почвата(γ)		γ_γ			1,00	1,00			
Отпорна носивост (R_v)		γ_{Rv}					1,00	1,40	1,00
Отпор од лизгање (R_h)		γ_{Rh}					1,00	1,10	1,00

Табела 1. Парцијални коефициенти на сигурност

Парцијалните коефициенти за акции (и ефекти од нив) за случајни товарни ситуации вообичаено се земаат како 1.0 и парцијалните коефициенти на отпорот (и парцијалните коефициенти на материјалот) би требало да се одредуваат во согласност со околностите. Со Еврокодот е промовиран уште еден квалитет - концепт е во кој се врши поделбата на акциите во две групи, и тоа на поволни и неповолни, во однос на контролата која се спроведува, што се проценува од страна на проектантот.

2.2. Проектни постапки

Иако идејата за користење на заеднички стандарди во Европа постои уште од раните седумдесетти години на минатиот век, за жал треба да се признае дека во случајот на Еврокодот 7 својата обединетост не се препознава. Имено, неможноста да се договорат водечките земји,

Германија, Британија и Франција произведе стандард кој предлага употреба не на еден, туку на три различни проектни постапки (ПП). Во основа станува збор за слични пресметки кои во различни фази воведуваат различни коефициенти на сигурност. Оттука, пред да се започне со примена на Еврокодот во делот на темелните конструкции, проектантот треба да се одлучи која постапка ќе ја прифати ако претходно не биде специфицирано. Оваа состојба е креирана од фактот што кога се прифатени Еврокодовитекај нас како национални стандарди не е донесена одлука за проектна постапка. На почеток ова сигурно ќе создаде одредена конфузија кај проектните, па затоа и оваа студија е насочена да јадемистифицира неговата примена.

Некои држави имаат традиција во користење на коефициенти кои се аплицираат во почетокот на товарите, други на отпорите, а некои пак на материјалните карактеристики, како што е нашиот случај. За да бидат задоволени сите барања, изнајден е компромис со три проектни постапки, за една од нив би требало да се одлучи секоја земја во својот национален анекс што не е случај и кај нас.

2.2.1. Проектна постапка - 1

Филозофијата на првата проектна постапка (ПП-1) е да ја провери сигурноста на темелот во две фази, преку две независни контроли, за конструктивна и геотехничка несигурност со примена на соодветни коефициенти.

Во првата контрола парцијалните коефициенти се аплицираат единствено на акциите (E_d), додека почвената реакција односно отпорот (R_d) како и материјалните карактеристики не се факторираат (или се аплицира коефициент со вредност 1.0). Ова се предлага да се изведе преку примена на следните парцијалните коефициенти од деловите A1, M1 и R1 дадени во табелата 1 и се нарекува Комбинација 1 (К1) на ПП-1.

Во втората контрола парцијалните коефициенти се аплицираат на материјалните карактеристики, но не и на отпорите. Ова се предлага да се изведе со примена на следните парцијални коефициенти од деловите A2, M2 и R1 од табелата 1 и се нарекува комбинација 2 (К-2) од ПП-1.

На крај двете состојби треба да го задоволуваат критериумот (неравенствотоE_d>R_d), но јасно една само ќе биде меродавна за димензијата на темелот, а тоа е контролата која дава помали вредност од двете. Овој концепт на пресметување е превземен од Британската традиција за проектирање на темели.

2.2.2. Проектна постапка - 2

Основниот принцип на втората проектната постапка (ПП-2) е да се провери сигурноста (преку неревенствотоE_d>R_d) со вклучување на парцијални коефициенти на акциите и ефектите од акциите (E_d), но паралелно и на почвените отпори (R_d), додека на почвените карактеристики не се аплицираат. Ова се предлага да се изведе со следните парцијални коефициенти од деловите A1, M1 и R2 дадени во табелата 1.

Дополнително се препорачува првите да се аплицираат на ефектите од акциите наместо на акциите. Овој концепт е превземен од долгата и успешна Германска традиција во проектирање на темелни конструкции.

2.2.3. Проектна постапка - 3

Филозофијата на третата проектна постапка 3 (ПП-3) е да ја провери сигурноста при нанесување на парцијални коефициенти на материјалните карактеристики и на акциите кои се резултат од конструкцијата истовремено додека на геотехничките акции и отпорите не се факторираат (односно се факторираат со 1.0). Ова се предлага да се изведе со следните парцијални коефициенти од деловите A1 и A2 + M2 и R3 дадени во табелата 1.

Овој концепт популарно се нарекува и концепт на материјално факторирање. Истиот се користи во франкофонските држави, Данска, Белгија и Франција, но и кај нас уште со стандардите на Југославија (JUS). Тука е значајно да се одбележи разликата помеѓу

конструктивните и геотехничките акции што за нас е новина, а истата е насочена кон попрецизно одредување на несигурностите во пресметката.

2.3. Проектни состојби

Со Еврокодот во основа се предвидува проектирање на конструкциите, па и темелните како и другите геотехнички задачи да се врши според граничните состојби. Тоа е одреденоунапредување во смисла дека досега кај нас темелните конструкции неоправдано се пресметуваа според теоријата на дозволени напрегања, односно наместо парцијални коефициенти се користеше еден глобален коефициент на сигурност кој се аплицираше на граничниот почвен отпор. За волја на вистината за пресметување на армиранобетноските конструкции уште одамна се направи овој чекор кој не беше следен и од другите материјали како што е челикот и почвата.

2.3.1. Гранична состојба на лом

Основен услов за контрола за граничната состојба во материјалот, во овој случај материјалот е почва, кој треба да се обезбеди е:

- *Носивоста на темелна подлога*

За плочасти темели кои се изложени на вертикални акции според Еврокодот 7 се бара проектната акција V_d да биде помала или еднаква на проектниот отпор односно носивост на подлогатаR_d, преку следното неравенство:

$$V_d \leq R_d \tag{1}$$

Во оваа анализа ќе биде одредена минималната вредност за ширина на темелот и тоа согласно трите проектни постапки со примена на препорачани коефициенти на сигурност. Во овој услов никој не пропишува колку треба да биде поголем отпорот од силата, кој може да влијае за оптимално проектиран темел. Овој сооднос се нарекува степен на искористеност (utilizationfactor) и е предмет на елаборација во многу прирачници на Еврокодот 7 со конкретни препораки.

Ексцентрицитетот на контактот со подлогата се јавува како резултат на моментот кој делува како надворешен товар или во овој случај како хоризонтална сила која делува на одредена висина над таа површина. Кога ексцентрицитетот е голем се јавува затегната контактна површина, односно постојната (притисната) е редуцирана на површина A' која ќе биде:

$$A' = B' \times L' = (B - 2e_B) \times (L - 2e_L) \tag{2}$$

Во третманот на товарите променливите сили интересно е дека се тие се факторираатодделно што може да се види со равенката за проектната сила:

$$V_d = (F_{Gk} + \sum_i \psi_i F_{Qk,i}) + W_{Gk} \tag{3}$$

во која се додаваат коефициенти на комбинација $\psi_0=0,7$ *и* $\psi_1=0,6$. Од друга страна пак проектната носивост (отпор) на подлога се пресметува според тројната ($3N$) формула дадена во Анексот *D* од EN1997-1:

$$R_d / A' = c'N_c s_c d_c i_c g_c b_c + q'N_q s_q d_q i_q g_q b_q + 0.5\gamma' N_\gamma s_\gamma d_\gamma i_\gamma g_\gamma b_\gamma \tag{4}$$

Вредностите за членовите од горенаведената равенка се пресметуваат според изразите дадени во Анексот *D* од EN1997-1.

- *Лизгање на темелот во основата*

За плитките плочасти темели изложени на дејство на хоризонтални акции, во Еврокодот 7 се поставува контрола во која проектната хоризонтална акција H_d која делува врз темелот како надворешен товар треба да биде помала или еднаква од проектната носивост R_d, односнотриење

на контактот (основата) на темелот и пасивниот притисок R_{pd}кој се јавува по страната на темелот:

$$H_d \leq R_d + R_{pd} \tag{5}$$

Доколку го поставиме неравенството во функција од напрегања наместо силите, р-ката (3) ќе се трансформира во следната:

$$\tau_{Ed} \leq \tau_{Rd} \tag{6}$$

каде τ_{Ed} е проектното вкупно напрегање кое делува по основата на темелот (ефекти на акции) и τ_{Rd} е проектниот отпор како резултат на вкупното напрегање. Проектното напрегање τ_{Ed} се пресметува според р-ката (7), а проектниот отпор τ_{Rd} според р-ката (8) зададена подолу:

$$\tau_{Ed} = \frac{\sum H_d}{A'} = \frac{\gamma_G (H_{Gk} + P_{a,Gk}) + \gamma_Q H_{Qk,1}}{A'} \tag{7}$$

$$\tau_{Rd} = \frac{\gamma_{G,fav}(V_{Gk} - U_{Gk}) \tan \delta_k}{\gamma_{Rh}\gamma_\varphi A'} \tag{8}$$

2.3.2. Гранична состојба на употребливост

Еврокодот 7 предвидува проектните поместувања E_d на темелите да бидат помали или еднакви на дозволеното поместување C_d специфицирано со проектот:

$$E_d \leq C_d \tag{9}$$

Компонентите на слегањето кои се: моментално (s_0), предизвикано од консолидација (s_1) и слегање предизвикано од ползење (s_2). Според ова р-ката (9) го добива следниот облик:

$$s_{Ed} = S_0 + S_1 + S_2 \leq S_{cd} \tag{10}$$

3. ГЕОТЕХНИЧКО ПРОЕКТИРАЊЕ СПОРЕД ЕВРОКОД 8

Во EN 1998-5: Асеизмичко проектирање на конструкции - Дел 5: Темели кој е логично продолжение односно дополнување на Еврокод 7 се говори за обезбедување на конструкцијата од сеизмички влијанија. Во него се предвидува само една проектна постапка, имено примена на ПП-3 со материјално факторирање. Ова е своевидна недоследност бидејќи се ограничува проектантот за избор на соодветна постапка, посебно ако се применува во земји кои имаа поинаква традиција на пресметување, на пример Германија или Англија, земји во кои сеизмичките товари се ретко меродавна комбинација. Како главен услов на Еврокодот 8 се јавува проверката на граничната состојба на лом, додека граничната состојба на оштетување не е детално опишана.Не се даваат конкретни насоки и методи за контрола на слегнувањата и деформациите за сеизмички оптоварувања на темелот. Ова претставува одреден недостаток кој во иднина сигурно ќе се развие исто така.

Што се однесува да македонската пракса, кај нас не постои јасна одредба со која се пропишува одреден услов за пресметување на темели од сеизмички влијанија.Во пракса вообичаено е глобалниот коефициент на сигурност кој го дели граничното напрегање да се усвојува еднаков на 1.0 (или нему блиска вредност). На тој начин се намалува сигурноста и се изедначува граничното со дозволеното напрегање.

Стабилноста преку достигање на носивиот капацитет на подлогата за темел оптоварен со сеизмички влијанија со Еврокодот 8 се предвидува да се изврши според концепт во кој се земаат во предвид динамичките материјални својства на темелната подлога. Паралелно се претпоставуваат и сеизмички акции и ефекти од акции кои соодветствуваат на сеизмичноста на теренот согласно Европската скала. Засега е предвидена само еден пресметковен модел на површински лентовиден темел кој е фундиран во хомогена почвена средина. Според таа

пресметка на почетокот се претпоставува ширината на темелот, што вообичаено е онаа добиена со статичката пресметка, за која се проверува нееднаквоста условена од почвената јакост, ефектите од проектните акции (N_{Ed}, V_{Ed}, M_{Ed}) на кота на фундирање и инерцијалните почвени сили:

$$\frac{(1-\overline{eF})^{c_T}(\overline{\beta V})^{c_T}}{(\overline{N})^{a}\left[(1-\overline{mF}^{k})k'-\overline{N}\right]^{b}}+\frac{(1-\overline{fF})^{c'_M}(\overline{\beta V})^{c_M}}{(\overline{N})^{c}\left[(1-\overline{mF}^{k})k'-\overline{N}\right]^{d}}-1\le 0 \qquad (11)$$

За сега во Еврокодот 8 предвидени се параметри само за две (гранични) состојби на почвата и тоа: за изразито кохерентни и некохерентни. Типичен претставник за изразите некохеренти е чакалот и песокот, а кохерентни се глините. Во следната табела 2 се презентираат параметрите неопходни за пресметување според релацијата (11).

Параметар	Изразено кохерентна почва	Изразено некохерентна почва
A	0,70	0,92
B	1,29	1,25
C	2,14	0,92
D	1,81	1,25
E	0,21	0,41
F	0,44	0,32
M	0,21	0,96
K	1,22	1,00
K’	1,00	0,39
c_T	2,00	1,14
c_M	2,00	1,01
$c’_M$	1,00	1,01
B	2,57	2,90
Г	1,85	2,80

Табела2. Вредности за нумерички параметри од општиот израз (11)

The next section will provide a description of the solution according to the axes. In the axis 6-7 in the construction project, there are two parallel walls, and the space between them is used for installations. On this part there are significant differences in ground level, which means that large lateral earth pressures should be accepted. It is therefore adopted to design reinforced concrete crates in this row. Cross section dimensions are 1.70 x 1.60m. These crates are to the level of foundations performed in solid cross-section, and above that they are fitted into the construction, i.e. with the walls. Shell thickness is 0.15m and they are performed to the final depth. Then, within the crate shell reinforcement is mounted and concreting of the internal walls of the crates is performed. Through crates walls reinforcement anchors that connect crates and walls are left. These crates are performed such that they enter the layer of flysch with good characteristics and thus they are fixed in the soil.

The axis 9 also has large diferences in the ground level therefore concrete crates are adopted. Box dimensions are 1.80 x 1.10m. These crates are excavated under the protection of concrete lining which is concreted parallely with the progress of the excavation. When the designed depth is reached within the shell of the crate reinforcement is mounted and concreting of the crate is performed. From these crates reinforcement anchors that connect with reinforced concrete retaining wall that runs over them are left. The designed length of these crates is around 9.00m. They are performed in axes which have walls of the building in transverse direction. In this way, we obtain a relatively rigid structure that can accept lateral earth pressures and vertical loads from the building.

In the axes 5 and 8 there are no differences in the ground level, lateral pressure from the soil are smaller. Therefore concrete wells with a diameter of 1.00m are designed, and around the well a concrete shell with thickness of 0.1m is adopted. Since these wells are rigidly connected with the grill beam system and the walls of the building they also accept part of lateral earth preassures. In addition, the depth of these wells are determined so that they end in a layer of flysch and that their capacity in the vertical direction is sufficient to accept the vertical load of the building.



Figure 1. Formwork plan for concrete crates and wells

4. STATIC CALCULATION OF THE PROTECTIVE STRUCTURE FOR THE SLOPE STABILITY AND FOUNDATION OF THE OBJECT

Static and geostatic calculation of the protective structures for ensuring slope stability and foundation of the building is by its nature very complex. It is a problem of soil-structure interaction in vertical and horizontal direction. In these calculations it is very important to correctly model the behavior of soil. Upper softer layers of soil are modeled with Mohr-Coulomb elasto-plastic soil model. The parameters for this model are taken from the Geotechnical studies [1]. For the layer of strong flysch, which is a soft rock, a Hoek- Brown model was adopted.



Figure 2. Relationship between main stresses in the Hoek- Brown model

Analysis of loads on crates and wells were completed for the following loads: the load from their self weight and weight of the object, the imposed load, the load from lateral soil pressures, seismic load.

4.1. Static calculation of concrete crates and wells due to vertical loads

The vertical loads that the structure of the building transfers to crates and wells are determined on the basis of calculated reactive loads below the foundations of the building according to original main project. These loads are determined for the cases of self weight and imposed loads of the object. Summarizing the product of strip reactive loads and corresponding length of the crate or well value of vertical load that the structure of the building transfers to them is determined.

4.2. Geostatic calculation of concrete crates and wells due to horizontal soil pressures

Since the terrain has a large slope, the object is built with several cascades. In these areas, on the object, lateral soil pressures are acting. Calculation of the forces that crates and wells accept is very complex, since the calculation should include the interaction of structure, soil and crates (wells). For this purpose, a complex calculation model is formed, which analyzes one transverse wall which is connected to crates and wells with grill beam system in the upper part, and in the lower part with foundation slab resting on the ground. Using software called Plaxis 2D [3] horizontal displacements of crates and wells due to unit horizontal forces on their top is determined. This same calculation is done for already built part of the object. Based on these results, matrix of flexibility of these elements is determined, and with their inversion the stiffness matrix of the built part of the object, crates and wells is obtained. Figure 3 presents the horizontal displacement for typical cross section of the crate in the axes 6-7.



Figure 3. Horizontal displacements for concrete crate in axes 6-7

Axial stiffness of wells and crates are determined on the basis of the expression proposed by the authors Randolph and Wroth [5].

The axial stiffness of the individual crates (wells) can be calculated using the following expression:

$$K_1 = G_L \cdot r_0 \cdot \left(\left(4 \cdot {}^{G_B}/_{G_L}\right)/_{(1-\nu)} + {}^{2 \cdot \pi \cdot \rho}/_{\xi} \cdot {}^{L}/_{r_0} \right) \quad (1)$$

where:

G_L- soil shear modulus at mid-depth of the pile; G_B- shear modulus at the pile tip, r_0- radius of the pile shaft; ν- Poisson's ratio for the soil; ρ- a factor to account for vertical nonhomogeneity of the soil medium, L- embedded length of the pile; ξ-a factor witch can be calculated:

$$\xi = ln\left(\frac{r_m}{r_0}\right) \quad (2)$$

r_m is a limiting radial distance beyond which deformations of the soil mass are negligible which can be calculated as:

$$r_m = 2.5 \cdot \rho \cdot L \cdot (1-\nu) \quad (3)$$

The axial stiffness of one crate (well) in a group can be calculated as follows:

$$K_2 = G_L \cdot r_0 \cdot \left(\left(4 \cdot {}^{G_B}/_{G_L}\right)/_{(1-\nu)} \cdot \left(e/\left(r_0 \cdot {}^{2}/_{\pi} + e\right)\right) + {}^{2 \cdot \pi \cdot \rho}/_{\left(\xi + ln\left({}^{r_m}/_{e}\right)\right)} \cdot {}^{L}/_{r_0} \right) \quad (4)$$

where: e- distance between two crates (wells).

Based on these expressions mutual influence of wells (crates) can be calculated.

Vertical stiffness of wells and crates were determined based on the size of settlements of wells and crates due to the given forces, using the expression proposed by Poulos [4]:

$$s = P \cdot {}^{I}/_{E_s} \cdot D \quad (5)$$

where:

P- total applied load; E_s-elastic modulus of soil; D- diameter of crates (wells); I- coefficient. The coefficient I is obtained by multiplying other coefficients as follows:

$$I = I_0 \cdot R_k \cdot R_h \cdot R_v \cdot R_b \quad (6)$$

where:

I_0- settlement-influence factor for a rigid pile in a semi-infinite incompressible soil (ν=0.5);

R_k-correction factor for pile compressibility;

R_h- correction factor for finite depth of layer on a rigid base;

R_v- correction factor for the Poisson's ratio of the soil (when ν<0.5);

R_b- correction factor which depends on the relationship of stiffness of soil where the pile base is performed and stiffness of soil of pile perimeter skin.

Then, using the software Tower 6 and the method of equivalent frame, elements that have the same values of horizontal displacements due to the unit force as displacements calculated in the software Plaxis 2D were modeled. In this way, the rigidity of foundation system made of wells and crates on which the wall in transverse direction is resting was determined.

4.3. Static and geostatic calculation of concrete crates and wells due to seismic load

Static impacts due to seismic effects in the construction of wells and crates were determined by direct dynamic analysis in software Plaxis 2D. The representative cross-section of the building with transverse wall and the corresponding load was modeled. The acceleration record of the earthquake that took place in Petrovac in 1979, which was the intensity of IX degree MCS was used for the purpose of analysis. Acceleration values are entered every 0.02 seconds and the total length of the record is 19.6 seconds. The maximum value of the acceleration is 4.3m/s² which occurs at about 8 seconds from the beginning of the acceleration record. Figure 4 presents the diagram of acceleration. Acceleration is assigned on the primary rock, and from there it is transmitted by the theory of waves in a closed one dimensional elastic continuum. According to this theory the wave propagation speed is a function of the modulus of elasticity and bulk density of soil. For the calculation Newmark integration method with the parameters α = 0.5 and β = 0.25 was used, and integration time step is fed equally to the values on acceleration record to avoid interpolation in between steps and therefore less accurate results.



Figure 4. Acceleration record Petrovac 1979

This analysis showed that the angle of the fixation of the object is somewhere on half the height of the building. Figure 5 presents the acceleration vector of the object at some point after the start of acceleration record. It can be seen that the upper and lower parts of the building have the opposite direction of movement due to the set acceleration.



Figure 5. Acceleration of the object at some point of the time during the acceleration record

In addition, it can be concluded that the entire structure behaves quite rigid because the relative displacements of the top and bottom of the construction are small. Figure 6 presents the diagrams of displacement of two mentioned points over time. It can be seen that the maximum relative displacement is about 3cm and the entire object after completion of acceleration record moved down the slope for about 19cm. This is the result of high stiffness of transverse walls that are the designed in the same distance in longitudinal direction.



Figure 6. Diagram of displacements of top and bottom of object

With this model, the values of normal forces and bending moments in the characteristic cross sections of crates and wells for seismic loads were obtained. Then the final model in Tower 6 was created and the final forces were determined. On the basis of these forces the dimensioning of wells and crates was performed, and the reinforcement was adopted.



Figure 7. Final model in Tower 6

5. GEOSTATIC CALCULATION OF SLOPE STABILITY IN PHASES OF WORK

In addition to the mentioned calculations slope stability calculations in phases of the work was performed. These calculations were performed for crates in axes 6-7 and 9, because for them the biggest cuts in terrain must be made, which can cause disruption of terrain stability. These calculations were done using the program Plaxis 2D where terrain and its cuts in phases of work was modeled by finite elements. Safety factor against sliding is determined by the method of reduction of parameters of resistance of the soil. The parameters of resistance are reduced gradually in increments until the system becomes unstable, and large displacements occur. On the basis of the value of the original and the reduced parameters the safety factor of the slope on sliding is calculated. In this calculation the most critical cross sections has the safety factor against sliding Fs> 1.20. This factor is quite sufficient, because it is a temporary state of locally cut slope. Otherwise, for the entire terrain slope with a constructed object, the safety factor against sliding is approximately 1.60, which is enough. This much big factor is obtained because most of the slope is in a layer of flysch with relatively good soil characteristics.



Figure 8. Slope stability for the crates in axes 6-7 after excavation phase

6. CONCLUSIONS

The paper presents the newly designed solution for ensuring slope stability and foundation of object called CONDO HOTEL in Budva. Since the building is constructed on a slope that is very steep and the surface layers of soil that have week characteristics, slope is conditionally stable. The problem is how to ensure slope stability during construction works and during the exploitation of the object. The use of deep foundations on wells and crates over which the load is transferred from the building to deeper layers of soil with better characteristics is proposed. As these elements enter into the layers of rock, they are able to accept large lateral earth pressures, and thus to provide the necessary stability. The paper applied modern numerical techniques for analyzing the interaction of the building's foundation structure and the soil in horizontal and vertical direction. Based on the results obtained by analyzing all elements the dimensioning was performed. Designed solution is technically correct, because they obtained sufficient safety factors, and the deformation of the object's foundation structures are within the permissible range. This solution is cost-effective and it can be performed without the use of heavy machinery whose application in such steep terrain would be very difficult.

REFERENCES

[1] Geotehnika Nikšić (2014). Geotehnički elaborat za potrebe fundiranja CONDO HOTELA u Budvi. Nikšić

[2] INTER FORMA DOO (2015). Glavni projekat objekta turističkog kompleksa-CONDO HOTELA u Budvi, Podgorica

[3] Plaxis 2D (2015). Tutorial Manual

[4] Poulos, H.G., Davis, E. (1980). Pile Foundation Analysis and Design. Wiley and Sons, New York

[5] Randolph, M., Wroth, C. (1978). Analysis of Deformation of Vertically Loaded Piles. JGED, ASCE 104(GT12), pp. 1465-1488

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://www.mase.org.mk

ST - 11

Goran I. MIJOSKI[1], Andrej A. LEPAVCOV[2], Metodi POPOV[3]

WINTER MAINTANCE OF THE STATE ROADS IN REPUBLIC OF MACEDONIA AND ITS HARMFUL EFFECT ON THE OBJECTS ON THE ROAD

SUMMARY

Road maintenance is a task for maintain a road, in the condition it has when it is released for exploitation. The structural division of road maintenance is as follows: regular, winter, periodically (investment) maintenance and intervention. The main purpose of winter maintenance is to enable uninterrupted and safe transport of all road users. Unfavorable weather conditions that occur in winter period expressed by low temperatures, the presence of snow and ice on the road surface, can significantly reduce permeability and level of service on the road, and in conjunction with the materials for winter maintenance, affect the durability of objects on the road.

Keywords: roads, winter maintenance, materials, salt, crushed stone

Горан И. МИЈОСКИ[1], Андреј А. ЛЕПАВЦОВ[2], Методи ПОПОВ[3]

ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕГОВО ШТЕТНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОБЈЕКТИТЕ

Одржувањето на патиштата претставува работна задача со која настојуваме патот да се одржи што подолго време во состојба како при неговото пуштање во експлоатација. Структурната поделба на одржувањето на патиштата е следна: редовно, зимско, периодично (инвестиционо) и интервентно одржување. Основната цел на зимското одржување е да се овозможи непрекинат и безбеден сообраќај на сите учесници во сообраќајот. Неповолните временски влијанија кои се јавуваат во зимскиот период изразени преку ниски температури, присуство на снег и мраз на коловозната површина, можат битно да ја намалат пропусната моќ и нивото на услуга на патот, а во содејство со материјалите за зимско одржување влијаат и на трајноста на објектите на патот.

Клучни зборови: патишта, зимско одржување, материјали, сол, ризла

[1]Assist. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University „S's. Cyril and Methodius", Skopje, Republic of Macedonia, mijoski@gf.ukim.edu.mk
[2]Assoc. Prof. PhD, Faculty for Architecture and Design, University „American College", Skopje, Republic of Macedonia, lepavcov@gmail.com
[3]BSc, JP "Makedonija pat", Skopje, Republic of Macedonia, andrejtimi@yahoo.com

1. ВОВЕД

Одржувањето на патиштата претставува работна задача со која настојуваме патот да се одржи што подолго време во состојба идентична или слична на онаа како при неговото пуштање во експлоатација, без посебни квалитативни промени, со што ќе се обезбеди безбедност и непрекинатост на транспортните протоци, како и да се достигне дефинираното ниво на услуга на патот.

Особено е значајно е да се истакне дека одржувањето на патиштата претставува исклучително комплексен и сложен процес на работа, затоа што најчесто се работи без прекин на сообраќајот, односно имаме „работа под сообраќај“, во сите годишни времиња непрекинато, односно 24/7.

Начините и методите на одржување на патиштата, најчесто се во функција на усвоената политика во областа на одржувањето, која секогаш е одраз на финансиските можности на секоја држава.

Структурната поделба на одржувањето на патиштата е следна:

- Редовно одржување
- Зимско одржување
- Периодично одржување (Инвестиционо)
- Интервентно одржување.

2. ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА

Основната цел на зимското одржување е да се овозможи непрекинат и безбеден сообраќај на сите учесници во сообраќајот. Неповолните временски влијанија кои се јавуваат во зимскиот период изразени преку ниски температури, присуство на снег и мраз на коловозната површина, можат битно да ја намалат пропусната моќ и нивото на услуга на патот, или во краен случај да предизвикаат прекин во сообраќајот.

Квалитетното спроведување на работите на зимската служба (Сл. 1) зависи од повеќе чинители и тоа: географската положба, специфичните климатски услови, надморската височина, економската моќ на земјата, обемот на транспорт и густината на сообраќајот, сообраќајното оптоварување на патот, степенот на опременост со механизација, начинот на управување и менаџирање со избраниот модел на зимско одржување, соработката со останатите субјекти инволвирани во сообраќајот (МВР - Сообраќајна полиција, Авто мото сојузот – АМСМ, Хидрометеоролошкиот завод) и др.

Слика 1. Зимско одржување на планински превој Стража (1.150 м.нв) на патот М-4 (Е-75)

Зимската служба не е продуктивна во смисол на создавање на нови вредности на патиштата, затоа што со покачување на температурите и промена на годишното време целиот труд и потрошени средства стануваат безпредметни, но секако е неопходна и од големо значење за безбедно и непрекинато одвивање на ообраќајот.

Зимското одржување или како што уште се нарекува зимска служба, според правилникот за одржување на јавни патишта е со времетраење од 15 ноември до 15 март следната година, но во зависност од географко – климатските и моменталните временски услови, како и од местоположбата (надморската височина) на патот или делницата, односно дали станува збор за низинска делница или планиска (планински превој), може да дојде до поместување на периодот на времетраење на зимската служба, односно може да почне или заврши порано или покасно од договорениот рок.

3. ПОДГОТОВКИ ЗА ЗИМСКА СЛУЖБА

Подготовките за зимска служба – зимско одржување, претставуваат комплексни подготовки кои се одвиваат во текот на целата година. Овие подготовки претставуваат сет од повеќе преземени мерки:

- подготовка на оперативен програм кој е основен документ за организираноста на зимската служба,
- подготовка на депониите за материјалите за посипување,
- набавка на доволно средства за посипување, топење на снегот и мразот и абразивни средства,
- подготовка на пунктовите за престој на учесниците во зимската служба (дежурни, возачи, машинисти, патари и др.)
- оспособување на целата потребна механизација, опрема и специјална механизација, за работа во зимска служба,
- заштита на челичните и бетонските површини (мостови, огради и сл.) кои ќе бидат во контакт со агресивната сол за зимско одржување на патиштата,
- подготовка на патиштата и поставување соодветна вертикална сигнализација и опрема која е во функција на зимската служба,
- поставување на насочници со поголема висина, кои би биле видливи и по формирањето на висока снежна покривка,
- проверка, поправка и поставување штитници од снежни намети и лавини,
- спроведување на обука за учесниците во зимската служба,
- организирање на протокол за правовремено известување на учесниците во сообраќајот, медиумите и надлежите органи.

4. КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗИМСКОТО ОДРЖУВАЊЕ

Основните критериуми врз основа на кои се организира зимското одржување се:

- интензитетот на врнежи,
- класификација на патната мрежа според приоритети и
- степени на подготвеност.

Интензитет на врнежи. Интензитетот на снежните врнежи од аспект на зимско одржување на патиштата се дели на:

- умерени..... до 20 cm
- средни..... до 50 cm
- високи..... до 80 cm
- многу високи..... над 80 cm

Класификација на патната мрежа според приоритети. Бидејќи од економски аспект не е прифатливо високо ниво на услуги во зимското одржување за целата патна мрежа, патиштата се класифицирани во четири зимски приоритети, што всушност претставува приоритет за интервенција при отстранување или ублажување на негативното влијание на зимските услови врз патната мрежа. Класификацијата е извршена врз основа на интензитетот на сообраќајот и стопанското значење на патот. Целата патна мрежа поделена е на 4 приоритети за зимско одржување, со различно ниво на услуга кое треба да го овозможат патиштата (Сл. 2).



Слика 2. Карта на патната мрежа со означени приоритети за зимско одржување

Степени на подготвеност. Поради економски причини, се врши димензионирање на капацитетите и спроведувањето на организацијата на зимското одржување, па затоа се воведуваат степени на подготвеност. Критериуми за определување на степенот на подготвеност е очекуваната и актуелната временска ситуација, а постојат 3 степени на подготвеност, при што најнизок степен е првиот кој се организира на почетокот и крајот на зимскиот период, вториот степен се воведува при умерени и средни снежни врнежи, додека третиот степен е највисок и се воведува при надпросечни врнежи. Времетраењето на секој од степените на подготвеност се дефинира во Оперативната програма за зимско одржување.

5. МАТЕРИЈАЛИ ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ

Материли кои се користат за зимско одржување – средства за посипување се: абразивен материјал и средства за топење на снегот и мразот.

Абразивен материјал. Камени (абразивни) материјали за посипување на коловозите најчесто се песок и ризла. Посипувањето со абразивен материјал има за цел да го зголеми коефициентот на триење помеѓу пневматикот и коловозот, кој во услови на врнежи од снег е невозможно идеално да се очисти само со механизација, со „плужење“. Големината на зрната зависи од видот и големината на голомразицата и се движи за коловози што се покриени со замрзнат снег, најчесто се користи фракција од 4-8 mm, а за патиштата со поголеми дозволени брзини се

употребува фракција од 2-5 mm. Складирањето на абразивниот материјал пожелно е да биде во затворени хали, или тој да биде покриен со натстрешница.

Средства за топење на снегот и мразот. Хемиско средство за топење на снегот и мразот кое се користи кај нас е камената, морската и евапорирана сол, натриум хлорид – NaCl, кое и покрај постојните алтернативи е сеуште најекономично решение. Солта за патишта се испорачува рефус и пакувана во пластични вреќи, а доколку се испорача рефус неопходно е да се чува во затворени хангари добро заштитени од надворешно влијание. Ефикасна е до температура од -7 ºC на пониски температури времето на реакција драстично се зголемува. Во табела 1 е даден односот помеѓу темпертурата и количината на стопен мраз со дејство на еден килограм сол за патишта.

t [ºC]	-1ºC	-4 ºC	-6,7ºC	-9,4ºC	-12 ºC	-15 ºC	-18 ºC	-21 ºC
kg мраз	46,3	14,4	8,6	6,3	4,9	4,1	3,7	3,2

Табела 1. Односот помеѓу темпертурата и количината на стопен мраз со дејство на еден килограм сол за патишта

Солта делува така што ја снижува точката на мрзнење на водата со тоа што ја користи (одзема) топлината и влагата од околината (воздухот, коловозот, снегот, мразот) и ова се нарекува ендотермичка хемиска реакција. Процесот на топење се одвива на начин кој е прикажан на следната слика (Сл. 3).

Слика 3. Процес на топење на снегот и мразот од коловозот

И покрај постојните алтернативни материјали за топење на снегот, во Република Македонија се користи посипување со мешавина од сува патна сол и камен агрегат во соодветен однос, кој во зависност од температурата се менува. Односот сол-агрегат се менува од 1:3 за температури блиску до 0 ºC до 1:1 за температури до -7 ºC. Примената на камен агрегат во земјите на ЕУ е забранета, поради оштетувања на возилата (пескарење на каросеријата, кршење на стаклата и др.).

6. ШТЕТНИ ВЛИЈАНИЈА ОД ЗИМСКОТО ОДРЖУВАЊЕ

6.1. Влијание на солта врз бетонските конструкции

Влијанието на солта врз бетонските констукции е значително (Сл. 4 и 5). Најчестите физички и хемиско-физички причини за оштетување на бетонот се поради мрзнење и одмрзнување, мрзнење и одмрзнување во присуство на сол, смалување на pH факторот на бетонот и корозијата предизвикана од хлоридите.

Примената на средства против мрзнење на површината на бетонот покриена со мраз предизвикува мометален пад на температурата (температурен шок) на површината на бетонот во текот на топење на мразот. Температурната разлика помеѓу површината и внатрешноста на бетонот внатрешните напрегања ги доведува до состојба која може да предизвикува прснатини во заштитниот слој на бетонот. Прснатините овозможуваат контакт на солта со арматурата, истата кородира при што се шири и создава дополнителни напрегања, кои пак дополнително го деградираат бетонот. При овој процес значително се намалува носивоста на армирано бетонските конструкции.

Слика 4. Последици од штетното влијание на солта врз бетонските конструкции

Слика 5. Последици од штетното влијание на солта врз бетонските конструкции

6.2. Влијание на солта врз челичните конструкции

Корозијата е најголем причинител за пропаѓањето на челичните конструкции (Сл. 6). Механичките оштетувања се видливи веднаш, но процесот на корозија е бавен и траен. Челичните конструкции се многу осетливи на влијанието на солта особено ако се недоволно или неквалитетно заштитени со антикорозивни средства. Корозијата предизвикана од солта е електрохемиски процес, а одпорноста зависи од структурата и хемискиот состав на челикот. Корозијата се јавува како локална и општа, рамномерно или нерамномерно распоредена по површината на металот.

Слика 6 и 7. Последици од штетното влијание на солта врз челикот и арматурата

Корозијата на арматурата и сајлите за претходно напрегање предизвикува прснатини на бетонот и ја намалува носивоста, поради намалување на попречниот пресек на истите (Сл. 7). Главна причина за корозија е намален квалитет на бетонот во заштитниот слој кој овозможува пенетрација на хлоридите кои доаѓаат во контакт со арматурата.

6.3. Влијание на солта врз средствата за одржување

Солта за зимско одржување истотака има штетни влијанија и врз средствата за зимско одржување (Сл. 8 - 11).

Слика 8 и 9. Оштетувања врз механизацијата за зимско одржување

Слика 10. Оштетувања на бетонот и челичната конструкција во хангарите за сол

Слика 11. Оштетување предизвикано од солта на челични делови од опремата

7. ЗАКЛУЧОК

Како бенефити од активностите од зимското одржување, може да се наведат:

- зголемена безбедност во сообраќајот (помал број сообраќајни несреќи со повредени и погинати лица, намалени материјални штети на возилата),

- намалени губитоци при превоз на стока и патници,
- заштеда на погонски горива,
- заштеда на време,
- посигурна оперативност на јавните служби (брза помош, пожарна, полиција и др.).

Начинот, опремата и средствата кои се применуваат за зимско одржување, покрај предностите, имаат и свои недостатоци, бидејќи предизвикуваат значителни штети. Како штетни влијанија од активностите од зимското одржување, може да се наведат:

- оштетувања на коловозот и патната опрема,
- оштетувања на мостовите и другите патни објекти,
- оштетувања на системите за одводнување на патиштата,
- оштетувања на возилата и механизацијата која учествува во зимската служба,
- оштетување на возилата учесници во сообраќајот,
- загадуваање на водените текови и подземната вода и
- шетно влијание врз растенијата и животинскиот свет.

Во зимското одржување една од најсложените задачи е да во зависност од временските прилики, се определи количината на материјал за посипување на единица површина, како и соодносот помеѓу материјалите. Генерално земено, врз база на искуствени податоци може да се заклучи дека важи правилото:

„Помалку сол = помалку корозија + помалку оштетувања + помалку загадување = помалку финансиски средства“.

Сепак и покрај негативните влијанија кои ги предизвикуваат материјалите за зимско одржување, бенефитите од зимското одржување се значително поголеми, а оштетувањата треба да бидат опфатени со останатите видови на одржување. Ова е поткрепено со фактот дека безбедноста во патниот сообраќај има врвен приоритет и во однос на неа не треба да се прават компромиси.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Ahmetović A.: Tehnicki, ekoloski i ekonomski aspekti koristenja soli za posipanje (odrtavanje) puteva u zimskom periodu

[2] Годишна оперативна програма за зимско одржување на државни патишта (ЈП „Македонијапат“ и Агенција за државни патишта, Скопје 2010)

[3] Закон за јавните патишта (Службен весник на РМ бр.84-08, 52-09, 114-09 и 124-2010, Скопје)

[4] Кракутовски З., Тодоровски Љ., Мијоски Г.: „Препораки за развој на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија“ (Институт за економски стратегии и меѓународни односи „ОХРИД“ - Скопје, 2009)

[5] Мијоски Г.: „Одржување на патиштата од аспект на безбедноста на сообраќајот на патиштата“, со труд: „Одржување на патната инфраструктура во Република Македонија“ (Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Скопје, април 2008 год.)

[6] Mijoski G., Paloshi V.: „Maintenance of the road infrastructure in Republic of Macedonia“ (The First Albanian Congress on Roads – Tirana 2012, Republic of Albania)

[7] Novosel D.: Specijalni strojevi i oprema u zimskoj sluzbi (Zbornik 2006, Hrvatski cestar)

[8] Правилник за сообраќајните знаци (Службен весник на РМ бр.35-2007 Скопје)

[9] Правилник за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично интервентно одржување на јавните патишта (Службен весник на РМ бр.152, декември 2008)

[10] Salt Institute: The salt storage handbook, a practical guide for storing and handling deicing salt (Alexandria – VA, 2006)

[11] Transportation Association of Canada: Salt SMART (june 2004)

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

ST - 12

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

Ufuk NEBI[1], Mesut NEBI[2]

STATICICAL ANALYSIS OF AN EGG-CHAPED STEEL STRUCTURE USING SAP2000 SOFTWARE

SUMMARY

The purpose of this paper is to show the basics on how the statical analysis of the secondary steelstructure of an egg-shaped building is carried out by using SAP2000 software. With the same principle, any kind of 3d frame can also be analyzed by using formulas to define theframes geometry of the structure by assigning its coordinates. On the plan view of the structure, on certain distances, in this situation at every 2m,the radii of thecurvature of the structure is found:R1,R2… Rn.In Excel, the coordinates of each intersection point for each radii of curvature are defined separately. After the coordinates of the nodes of the structure are determined,they are transferred to the SAP2000software where a static analysis of the structure is carried out.

Keywords: egg-shaped, steel, statical analysis

Уфук НЕБИ[1], Месут НЕБИ[2]

СТАТИЧКА ПРЕСМЕТКА НА ЧЕЛИЧНА ПОКРИВНА КОНСТРУКЦИЈА ВО ЈАЈЦЕВИДНА ФОРМА

РЕЗИМЕ

Цел на овој труд е да покаже како може да се изврши статичка пресметка на челичен кров во јајцевидна форма.Со оваа постапка може да се изврши и статичка пресметка на секаков вид просторен носач,на кој со формули може да се дефинира геометријата на конструкцијата со координати на точки X,Y,Z.Од основата на идејниот проект на одредено растојание во примеров на 2м се отчитуваат радиуситена кривина на конструкцијата: $R_1,R_2,R_3...R_n$.Во програмот Excel одредени се координатите на јазловите точки за секој радиус на кривина посебно. Откако ќе се определат координатите на јазлите од конструкцијата на носачот,истите се префрлуваат во комјутерскиот програмSAP2000 каде се врши статичка пресметка на конструкцијата.

Клучни зборови:јајцевидна форма,челик,статика

[1]BSc, PeraConstraction International, Skopje, ufuk_n@yahoo.com
[2]BSc, R.Z.Skopje-Engineering, Skopje, nebi_mesut@yahoo.com

1. ВОВЕД

Статичка пресметка на просторна конструкција преставува сложен инженерски проблем.Овде ќе биде прикажан начин како треба да се направи статичка пресметка на челична покривна конструкција во облик на јајце. Од основата на идејниот проект на одредено растојание, во случајот 2м., се одредуваат радиуситена кривина на носачите:$R_1,R_2,R_3...R_{42}$



Слика1.Основа на челичната конструкција

X(m)	R(m)	X(m)	R(m)	X(m)	R(m)	X(m)	R(m)
1	7.0125	26.86	49	24.88	63	20.23	
3	11.91	27	27.10	51	24.44	65	18.92
5	15.10	29	27.20	53	23.93	67	18.14
7	17.53	31	27.19	55	23.35	69	16.95
9	19.50	33	27.06	57	22.70	71	15.65
11	21.08	35	26.86	59	21.97	73	14.23
13	22.4837	26.64	61	21.14	75	12.70	
15	23.6239	26.42	53	20.23	77	11.06	
17	24.58	41	26.15	55	18.92	79	9.35
19	25.37	43	25.91	57	22.70	81	7.57
21	26.00	45	25.61	59	21.97	83	5.6
23	26.50	47	25.27	61	21.14	85	0

2. ОДРЕДУВАЊЕ НАКООРДИНАТИ НА ЈАЗЛИ НА КРУЖЕН НОСАЧ

Од кога ќе се определат радиусите на сите кружни носачи,сепристапува кон определување на координатите X,Y,Z на јазлите од носачот за сите радиуси. Координатите на јазлите се определуваат во програмата Excel, а потоа се префрлуваат во компјутерска програма SAP2000 за димензионирање на конструкцијата.Осовината на јајцевидниот кров е усвоена дека е на 6м. надкотата на теренот.Најпрвин се определува аголот α што го зафаќа осовината на конструкцијата со правец што поминува низ точка во круг со кота -6м. Вкупната должина на лакот на носачот се дели на 60 еднакви делови,со што се определува големината на централниот агол β што припаѓа на секој отсечок.



Слика2. Пресметување на координатите најазлите X,Y,Z на кружниот носач

Sinα=h/R=6/26.86; α=0.22528

β=(π+2xα)/60=(3.14+2x0.22528)/60=0.05987

За точка 1. X=25.0 m Z=6.0 m Y=Rxcosα

За точка 2. X=25.0 m Z=Rsin(-α+β); Y=Rcos((-α+β)

За точка 3.X=25.0 m Z=Rsin(-α+2β); Y=Rcos(-α+2β)

За точка i. X=25.0m Z=Rsin(-α+(i-1)β); Y=Rcos(-α+(i-1)β)

Со овие формули во Excel програмата се определуваат координатите на сите точки.Оваа постапка се повторува за сите радиуси.Главните носачи се усвојуваат како решеткасти со висина од 2м.,што значи координатите на јазлите на долниот појас, лежат на кружна линија чиј радиус е помал за 2м.од радиусот на горниот појас на решеткастиот носач.

3. ПРЕФРЛУВАЊЕ НА КООРДИНАТИ НА ЈАЗЛОВИТЕ ТОЧКИ ОД EXCEL ВО SAP2000 И ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА

Од Excel во SAP2000 се префрлуваат кординатите X,Y,Z на јазловите точки од кружниот носач. Точките се поврзуваат со линии што преставува пресек на носачот што предходно сме го одредиле во програмата SAP2000.Одбран е кутијаст пресек 80.80.10 на појасите и на исполната на решеткастиот носач.Во програмата SAP2000 имаме можност да одредиме профил на пресек на носачот и да извршиме контрола на статичката пресметка затоварите кои делуваат на конструкцијата,дали усвоениот пресек ќе задоволува.Или пак да бираме лепеза на пресеци на конструкцијата,за дадените товари програмата SAP2000 ќе одбере најповолен пресек.

Y	24.89723								
Alfa	0.236481			0.060243					
L1	92.5687								
Number	30.85623	**on right side**		1.807276	0.058571				
							agol		
TYPE	NAME	X	Y	Z	R	beta	za sekoja toc	n	alfa
POINT	1	45	24.90	-6.00	25.61				
POINT	2	45	25.21	-4.49	25.61	0.060243	-0.1762389	1.00	0.236481
POINT	3	45	25.44	-2.96	25.61	0.060243	-0.1159964	2.00	0.236481
POINT	4	45	25.57	-1.43	25.61	0.060243	-0.0557538	3.00	0.236481
POINT	5	45	25.61	0.11	25.61	0.060243	0.0044887	4.00	0.236481
POINT	6	45	25.56	1.66	25.61	0.060243	0.0647313	5.00	0.236481
POINT	7	45	25.41	3.19	25.61	0.060243	0.1249738	6.00	0.236481
POINT	8	45	25.17	4.72	25.61	0.060243	0.1852164	7.00	0.236481
POINT	9	45	24.84	6.22	25.61	0.060243	0.2454589	8.00	0.236481
POINT	10	45	24.42	7.71	25.61	0.060243	0.3057015	9.00	0.236481
POINT	11	45	23.91	9.16	25.61	0.060243	0.3659440	10.00	0.236481
POINT	12	45	23.32	10.59	25.61	0.060243	0.4261866	11.00	0.236481
POINT	13	45	22.64	11.97	25.61	0.060243	0.4864291	12.00	0.236481
POINT	14	45	21.88	13.31	25.61	0.060243	0.5466717	13.00	0.236481
POINT	15	45	21.04	14.61	25.61	0.060243	0.6069142	14.00	0.236481
POINT	16	45	20.12	15.85	25.61	0.060243	0.6671568	15.00	0.236481
POINT	17	45	19.13	17.03	25.61	0.060243	0.7273993	16.00	0.236481
POINT	18	45	18.07	18.15	25.61	0.060243	0.7876419	17.00	0.236481
POINT	19	45	16.94	19.20	25.61	0.060243	0.8478844	18.00	0.236481
POINT	20	45	15.76	20.19	25.61	0.060243	0.9081270	19.00	0.236481

Y	22.83489								
Alfa	0.236481								
L1	85.3396								
Number	28.44653	**on right side**		1.807276	0.063532				
							agol		
TYPE	NAME	X	Y	Z	R	beta	za sekoja toc	n	alfa
POINT	1	45	22.95	-5.53	23.61				
POINT	2	45	23.24	-4.14	23.61	0.060243	-0.1762389	1.00	0.236481
POINT	3	45	23.45	-2.73	23.61	0.060243	-0.1159964	2.00	0.236481
POINT	4	45	23.57	-1.32	23.61	0.060243	-0.0557538	3.00	0.236481
POINT	5	45	23.61	0.11	23.61	0.060243	0.0044887	4.00	0.236481
POINT	6	45	23.56	1.53	23.61	0.060243	0.0647313	5.00	0.236481
POINT	7	45	23.43	2.94	23.61	0.060243	0.1249738	6.00	0.236481
POINT	8	45	23.21	4.35	23.61	0.060243	0.1852164	7.00	0.236481
POINT	9	45	22.90	5.74	23.61	0.060243	0.2454589	8.00	0.236481
POINT	10	45	22.52	7.11	23.61	0.060243	0.3057015	9.00	0.236481
POINT	11	45	22.05	8.45	23.61	0.060243	0.3659440	10.00	0.236481
POINT	12	45	21.50	9.76	23.61	0.060243	0.4261866	11.00	0.236481
POINT	13	45	20.87	11.04	23.61	0.060243	0.4864291	12.00	0.236481
POINT	14	45	20.17	12.27	23.61	0.060243	0.5466717	13.00	0.236481
POINT	15	45	19.39	13.47	23.61	0.060243	0.6069142	14.00	0.236481
POINT	16	45	18.55	14.61	23.61	0.060243	0.6671568	15.00	0.236481
POINT	17	45	17.63	15.70	23.61	0.060243	0.7273993	16.00	0.236481
POINT	18	45	16.66	16.73	23.61	0.060243	0.7876419	17.00	0.236481
POINT	19	45	15.62	17.70	23.61	0.060243	0.8478844	18.00	0.236481
POINT	20	45	14.53	18.61	23.61	0.060243	0.9081270	19.00	0.236481

Табела 1. Пресметување координати во Excel на јазли X,Y,Z на горен и долен појас на решетка

За главните носачи кои се определени како решеткасти со висина 2м.за оформување на долниот појас се црта друга кружна линија со радиус за 2м.помал од радиусот на горниот појас.Со поврзување на јазлите од горниот и долниот појас се добива решеткаст главен носач.

Откога ќесе префрлат сите кординати на јазловите точќи за главните и секундарните носачи и истите се спојат со стапови,главните носачи ќе бидат споени со спрег за укрутување против дејство на ветер во подолжен правец.Носачите меѓусебе ќе бидат поврзани со рожници. Вака поврзаната конструкција ако ја гледаме во 3D има јајцевидна форма.За да го добиеме вкупниот број на јазли за кој сме извршиле пресметка на кординати X,Y,Z во Excel и сме ѓи префрлиле во SAP2000, потребно е да го помножиме вкупниот број на радиуси на носачи 52 и број на јазли 61 што содржи секој радиус на носач.

52x61=3172 јазли на јајцевидната конструкција

42x61=2562 јазли за оформување на сверната лушпа



Слика 3. Деформации на решеткаст носач под дејство на DL



Слика4. Деформации на решеткаст носач под дејство на ветер



Слика 5. Сили во стапови(KN) на решеткаст носач под дејство на DL

Димензиите на секој елемент може да се прочитаат во SAP2000 ако кликнеме со десенкликна маус може да ја видиме должина на стапот, кординатите на почетниот и на крајниот јазол.Исто така со десен клик на маусот можат да севидат кои товари делуваат во јазлите.



Слика 6. Сили во стапови (KN) на решеткаст носач под дејство на ветер



Слика 7. Резултати од статичкапресметка на решеткаст носач по Eurocode 3-2005

Статичката анализа покажа дека усвоениот пресек за долниот појас на решетката не задоволува, а и дел од стаповите на горниот појас не задоволуваат воблизина на потпорите.

Усвоените пресеци на горниот и долниот појас на решеткастиот носач не задоволуваат.Истите ќе се променат вокутијаст пресек 120.120.10, додека исполната останува иста кутијаст пресек 80.80.10 и пресметката се повторува.



Слика 8.Деформации на решеткаст носач под дејство на DL



Слика9. Деформации на решеткаст носач под дејство на ветер



Слика 10. Резултати од статичка аналчиза на решеткаст носач по Еврокод 3-2005

Усвоените пресеци за горни и долни појас на решетка кутијаст пресек 120.120.10 и на исполна кутијаст пресек 80.80.10 задоволуваат.



Слика 11. 3D проекција на јајцевидната покривна конструкција



Слика 12. 3D проекција на јајцевидната покривна конструкција профилите назначени во боја

Од SAP2000 за статичка пресметка конструкцијата може да се префрли и во компјутерска програма ETABS, каде освен што може статичка пресметка на конструкцијата да се изврши може и деталите на врски на конструкцијата да се добијат (за стандардни конструкции каде елемнтите меѓусебе се врзани под прав агол или пак со одреден аол).Бидејќи геометријата на конструкцијата е специфична детали на врски на стаповите не можеме да ги добиеме сопрограма ETABS.



Слика 13. 3D проекција на јајцевидната покривна конструкција во ETABS

4. ЗАКЛУЧОК

Позната е постапката за статичка пресметка на една армирано бетонска или пак челична конструкција, која се состои во тоа што во AUTOCAD нацртаната диспозиција на објектот се префрла на програма SAP2000 или пак на ETABS каде што се врши статичка пресметка на конструкцијата.

Во трудот е објаснета методологијата за пресметување на секаков вид просторен носаччии кординати X,Y,Z можат да се изразат со формула.Најпрвин кординатите на карактеристичните точки X,Y,Z на просторната крива се определуваат во Excel. Истите координати се префрлуваат во SAP2000 и се врши статичка пресметка на носачот.Од направената анализа се гледа дека кога одбравме пресек на стаповите од решетката на горен појас,долен појас и на исполната сокутијаст пресек 80.80.10 статичката анализа покажа дека усвоените пресеци не задоволуваат. За избран кутијаст пресек 120.120.10 за стапови на горниот и долниот појас на решеткаи кутијаст пресек 80.80.10 за стапови од исполната,повторената статичка анализа покажа дека усвоените пресеци задоволуваат.При статичка анализа користени се прописите заEUROCODE 3-2005.

ЛИТЕРАТУРА

[1] SAP2000 training manuals

[2] Atkins, (2007). Manual for Analysis & design using ETABS, Structure Department, Dubai

[3] Makar, N. , Gamal, A.K, (2007). How to Model And Design High Rise Bulding using ETABS program, Scientific Book House, Cairo

[4] Özmen, G. , Orandöğen, E., Darılmaz, K., (2005). Örneklerle ETABS, Birsen Yayınevi, Istanbul

[5] Özmen, G. , Orandöğen, E., Darılmaz, K., (2005). Örneklerle SAP2000, Birsen Yayınevi, Istanbul

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk

ST - 13

Nevenka PAVLICIC[1], Dijana KADOVIC[2], Mladen GOGIC[3], Milos KNEZEVIC[4]

THE CHARACTERISTICS OF CONSTRUCTION WORKERS' PERCEPTIONS IN TERMS OF JOB SATISFACTION AND SECURITY AND LACK OF STRESS

SUMMARY

Indubitably, an important innovation of modern management and related disciplines is direct measurement of the motivational factors of employees which helps to predict the future steps in safety development of employees, and to plan organizational culture without stress as well as a direct impact on increasing the employees' satisfaction leads to higher effectiveness and productivity of the company. The studies conducted in this area are numerous but there are a small number of papers relating to the field of civil engineering. The research, whose results we present in this paper, is the first one in Montenegro done in this area. The starting point of this research is to explore and identify the levels of job satisfaction, the subjective feelings of stress and perceived safety in the workplace which have been observed through the prism of their relations with the various aspects of the respondents' social statuses.

Keywords: the level of job satisfaction, subjective feeling of stress, workplace safety, civil engineering

Невенка ПАВЛИЧИЌ[1], Дијана КАДОВИЌ[2], Младен ГОГИЌ[3], Милош КНЕЖЕВИЌ[4]

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ОДНОС НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА РАБОТА, СИГУРНОСТА И НАМАЛУВАЊЕТО НА СТРЕСОТ

РЕЗИМЕ

Важна иновација на современиот менаџмент и сродните дисциплини е директно мерење на мотивациските фактори на вработените, кои помагаат при предвидување на идните чекори во развојот на безбедноста на вработените, и да се планира организациска култура без стрес како и директно влијание врз зголемување на задоволството на вработените кое доведува до повисока ефикасност и продуктивност на компанијата. Постојат многу студии во оваа област, но само мал број се однесуваат на областа од градежништвото. Истражувањето, чии резултати се претставени во овој труд, е прво од оваа област во Црна Гора. Почетна точка на ова истражување е да се истражи и да се идентификува нивото на задоволство од работата, субјективните чувства на стрес и перцепција за безбедноста на работното место, кои се забележани низ призмата на нивните односи со различни аспекти на социјалниот статус на испитаниците.

Клучни зборови: ниво на задоволство од работа, сигурност на работа, градежништво

[1]Dr. Sci., Faculty of Civil Engineering, The University of Montenegro
[2]MSc, JZU Health Centre, Danilovgrad, Montenegro
проверена прелиминарната проектна програма и врз основа на реална (стручна) евалуација, да се избере едно решение. Со идејното архитектонско решение може да се провери *концептуалната идеја,* која значително може да влијае во донесувањето на подоцнежните одлуки при изработка на идејниот, основниот проект и проектната документација. Програмските ограничувања што произлгуваат од прелиминарната проектна програма не треба да се сфатат како хендикеп, туку како креативен предизвик за архитектите – проектанти. Затоа е многу важно, искусни проектанти да бидат вклучени како консултанти во изработка на прелиминарната програма.



Слика 1: Основен дијаграм на развивање



Слика 2. Архитектонски проекти и проектна документација

-Идеен архитектонски проект кој што едновремено е и авторски проектниз кого проектантот ги апсолвира и разрешува сите важни прашања од аспект на архитектурата, функцијата, конструктивниот систем, материјалите и другите специфични прашања (дијаграм 3). Светските искуства покажуваат дека ова е всушност најрелевантниот проект врз основа на кој може брзо и ефикасно да се пристапи кон третото ниво-изработка на основен проект со комплетна фазна проектна документација. За жал, во нашиот професионален простор, овие два претходно споменати нивоа на архитектонски проекти генерално се занемаруваат или само делумно се реализираат (донекаде само идеен архитектонски проект). Суштината на процесот на изработката на идејното архитектонско решение има интерактивен карактер, со што се овозможува истражувањето и разгледувањето на различните архитектонски идеи, да биде согласно претходно дефинираните ограничувања во однос на физибилноста на идејата, рационалноста на конструктивниот систем и неговите елементи, енергетската ефикасност, влијанието врз животната средина и секако изградбата. Низ овој проект можат да се понудат и просторни решенија, што не се составен дел од прелиминарната проектна програма (начелно сообраќајно решение, комуникации, санитарии, помошни простории, технички простории и сл.). Сепак, најважен сегмент од идејното архитектонско решение, е предлогот за архитектонско обликување на идниот објект. Исто така, важна информација што може да се добие од идејното архитектонско решение, е првичната анализа и компаративен преглед на површините, во однос на оние од претходно зададената прелиминарна проектна програма.



Скика 3.



Слика 4.

- Основен архитектонски проект со проектна документација (дијаграм 4) се нивоа на проекти кои бараат висок степен на оспособеност на учесниците за координација и проверка на најсуптилните прашања кои што реално се отвараат при конечната реализација на овој проект. Искуствата покажуваат дека во одредени развиени земји во светот, уште во фазата на идејниот архитектонски проект се лицитира (тендерира) со одредени производители на градежни материјали и технолошки системи со цел, уште во оваа фаза, по пат на консултации и објективизирани понуди да се воочат одредени аспекти од материјализацијата на објектот врз основа на реално согледани материјални параметри и се разбира финансиски импликации. Интересно е и тоа што најголемиот дел од овие производители и учесници-консултанти, согласно договорите за учество и консалтинг во изготвувањето на идејниот архитектонски проект, остануваат и во процесот на изготвувањето на основниот проект и фазната проектна документација. Со тоа, уште еднаш се потврдува значењето на идејниот архитектонски проект како клучна основа за изработка на основен проект и проектна документација.

Уште еден значаен аспект од корпусот прашања поврзани со квалитетна иницијација и уредување на системот на управувањето (менаџирање) со развивањето на основниот проект и проектната документација, е тој што врз основа на прелиминарниот предмер на идејниот архитектонски проект и извршени одредени финансиски анализи, се дефинираат т.н. *проектански "пакети",* врз основа на кои што се систематизира развивањето на овој процес. Бројот на проектантските пакети зависи од сложеноста на проектот и од различноста на одредени позиции при градењето. Така на пример, еден можен "пакет" е фасадата и фасадната обвивка, друг можен "пакет" се преградните ѕидови, трет подовите, четврт плафони итн. Интересно е што секој "пакет" е дефиниран и со цената на чинење, што ја одредуваат искусни професионалци и консултанти-експерти, по извршена детална анализа на висината на утврдената финансиска конструкција во идејниот архитектонски проект. Методот на проектантски "пакети" во развивањето на сегментот на проектната документација, овозможува лесна контрола и адекватна дистрибуција на инвестицијата во пооделни сегменти на градбата. Кај нас скоро и да не се применува овој метод.

За посложени објекти, пред отпочнувањето со изработката на основниот проект и проекнтата документација, проектантските пакети се поткрепуваат со специјално изготвени, посебни пишани сепарати (breefs) во кои детално се опишани нивните важни материјални и технички аспекти, и се даваат други бројни информации, со цел, проектантот пред да отпочне да отвара одреден пакет, детално да се запознае и со сите аспекти на проблемот што го третира пакетот (на пример; начинот на движење на корисниците во објектот во нормални ситуации, во "пикови" и сл., можни интервенции за потреби на одржување, некои чисто економски аспекти и сл.).Со воведување на една ваква практика, ќе може да се направи квалитетен исчекор кон подигање на нивото на изработка на проектната документација. Изработката на квалитетен основен проект, проектна документација и квалитетни архитектонски детали, значи и изработка на прецизен предмер со опис и пресметка на градежните работи. Во развиените земји во светот најзначаен фазен проект е всушност предмерот со описот и пресметката на градежните работи, врз основа на што, банките го одобруваат инвестициискиот проект. И на крајот како подфаза доаѓа ревизијата на проектната документација. Во развиените западни земји во светот (В. Британија, САД, Австралија ...) каде што се изградени и највисоките стандарди и процедури за реализација на инвестициските проекти формално е дефиниран еден пакет на консеквентни постапки и процедури за кои што се придржуваат и инвеститорите и проектантите (табела 1.).

Табела 1

1	Pre-Design Phase (PD)	Предпроектни процедури
2	Schematic Design Phase (SD)	Идејно архитектонско решение
3	Design Development Phase (DD)	Развивање на идеен арх. проект
4	Construction Documents Phase (CD)	Фазна проектна документација
5	Bidding & Negotiation Phase (BN)	Преговарање и преговарачки процедури
6	Construction supervision /Contract Administration Phase (CA)	Градежен надзор и водење на прецизна проектна администрација
7	Supplemental Services (SS)	Дополнителни услуги

2.2. Финансиски аспекти

Во овој процес, покрај сите формални и технички аспекти на проектирањето и реализацијата на инвестицискиот проект, контролата на финансискиот аспект е од многу важно значење, каде буџетот е фундаментален дел на механизмот со кој може да се постигне контрола. Тој обезбедува стандард за споредување, без кој не може да се направи контролата. Во таа смисла, во развиените пазарни економии инвеститорите, во консултација со експерти од разни области, полагаат сериозно внимание на дефинирањето на клучниот аспект на градењето–*реализацијата на финансиската програма* (висината на финансиската конструкција, нејзиното процентуално разграничување во поодделните фази и модалитетите на исплатата).

Со денешниот развој на науките, нивото на менаџерскиот капацитет и познавањето на градежните технологии, овој проблем е лесно решлив уште во старт, односно уште со изработката на идејното архитектонско решение. Притоа, важен услов е на проектантите да им биде предочена структурата на финансиската конструкција и реализацијата на инвестицијата со цел да можат да се утврдат евентуални дизбаланси што можат да произлезат од објективни причини. На таков начин, проблемот на контрола на инвестицијата низ процесот на изработка на проектната документација, може да биде сведен на минимум.

Теоретски чинењето на проектот се однесува во најголем дел на техниките на планирање на трошоците чија главна функција е да се развие повеќе економска форма на дадениот проект, додека пак во праксата сепак тоа не е случај.Како што погоре беше наведено чинењето на проектот во најголем дел е контрола на развивањето на трошоците за изградба на проектот во однос на претходно утврдените износи на буџетот.

Стремежот кон развиена пазарна економија каде што градењето е еден од носечките столбови, општество бара да се изгради релевантен професионален контекст од експерти и стручњаци кои ќе можат да создадат реални претпоставки за заокружување на инвестицискиот проект.

Добро простудирана и изготвена проектна програма, е многу податлив параметар при склучувањето на договорите за проектирање, како за инвеститорот така и за проектантите. Корисно е, во изготвувањето на прелиминарната проектна програма, покрај стручни консултанти од одредени области, да бидат вклучени и искусни архитекти. Тие можат со своето искуство да ги артикулираат одредените барања на инвеститорот, што се однесуваат на функционалната структура на поодделни просторни единици и групации или кон вообликување на начелната визија за архитектурата на објектот. Сите прогоре објаснети начелни аспекти, го подвлекуваат значењето на предпроектната процедура, како вистински патоказ кон склучување на договори за втората фаза (проектирање). Овде за првпат инвеститорот и проектантот влегуваат во облигациони односи. За да се избегнат одредени проблеми при склучување на вакви договори, неопходно е да бидат применети одредени сегменти од *FIDIC* документи-водич за договори.

2.3. Модел на консеквентно развивање

Овде ќе се задржиме на поимот "*Серија на листови*" како исклучително практична алатка применета уште во идејниот архитектонски проект, за едноставно систематизирање и реферирање на графичките прилози консеквентно или инверзно. *Серијата на листови* со бројки 100, 200, 300 итн. класифицира одредени категории на графички прилози (на пример, листовите кои се однесуваат на самата локација и градежната парцела како; ситуација, сообраќајно решение, партерно и хортикултурно уредување и сл. можат да се поредат во *Серија 100*. Графички прилози што се однесуваат пак на карактеристичните основи можат да се поредат во *Серија 200*, карактеристичните пресеци во *Серија 300*, итн.). На овој начин, со користење на гореспоменатите можни серии на листови во кои се поместени соодветните графички прилози, се овозможува во било која фаза на изработка на *идејниот архитектонски проект,* по потреба да бидат лесно додавани и дополнителни листови со графички прилози без притоа да се наруши редоследот на веќе утврдените графички прилози. Вака систематизиран идеен архитектонски проект лесно се "чита" низ еден консеквентен и инверзен развоен систем,

кој што како таков може да биде применет и во систематизирање на графичките прилози во основниот проект, се разбира со една многу поширока номенклатура на сериите.

Според методот на консеквентно и инверзно развивање на основниот архитектонски проект, графичките прилози од идејниот архитектонски проект (се мисли на основите и вертикалните пресеци) не се развиваат директно во поголем размер (на пример во “М=1:50“) како што е тоа вообичаено во стандардните постапки.Наместо тоа, одредени функционални и просторни единици од идејниот архитектонски проект, најпрво се фрагментираат во вид на ***детал-основи*** или ***детал-пресеци*** во М=1:20 – М=1:25.



Слика 5. Метод на консеквентно и инверзно означување на графичките прилози од помал кон поголем размер со примена на накрсно референтни маркери

Претходно, за секој од нив се истражуваат и генерираат карактеристични архитектонски детали, врз основа на кои што прво се изработуваат детал-основи и детал-пресеци кои како такви, во една условно речено редуцирана форма, се “враќаат“ (транспонираат) во карактеристичните основи и пресеци. На ваков начин, консеквентно и инверзно, едновремено се развиваат архитектонските детали, детал-основите, детал-пресеците како и карактеристичните основи и пресеци, со што се поедноставува работата на развивањето на основниот архитектонски проект.

Кога станува збор за основниот проект, на сличен начин како што беше претходно поменато за идејниот проект, и во овој случај графичките прилози се поместуваат во соодветни серии на листови. (Серија 100, графички прилози кои се однесуваат на архитектонско – урбанистичките аспекти на градежната парцела (ситуација,сообраќајно решение, комуникации, партерно уредување и сл.); Серија 200, карактеристични основи; Серија 300, карактеристични вертикални пресеци; Серија 400, карактеристични детал-основи; Серија 500, карактерисични детал-пресеци;Серија 600, карактеристични архитектонски детали во основа; Серија 700, карактеристични вертикални архитектонск детали; Серија 800, изгледи; Серија 900, карактеристични фрагменти од обработка на фасадите (изгледите).

Во оваа фаза при развивањето на детал-основите и детал-прсеците, архитектонските детали треба да бидат означени во соодветната локација (местоположба) во цртежите преку методот на т.н. “накрсно-референтно маркирање“.

3. Генерирање на архитектонскиот детаљ низ проектниот процес

Развивањето на архитектонскиот проект е сложен процес. Овој процес поминува низ најразличен вид на истражувања и развој по метод на нагорна линија, и низ постојани консеквентни и инверзни проверки на најразличен вид проблеми(програмски, технички, антрополошки, обликовни и естетски), за сепак на крај да се заврши со реален материјален продукт-*архитектура, градба.*

Во целата сложеност на овој процес, значењето на архитектонскиот детаљ, како врвна алатка за истражување на архитектонските проблеми во сите фази на развивање на архитектонскиот проект е примарно. Ова најдобро може да се илустрира преку мислата на еден од најголемите современи италијански теоретичари на архитектурата Марко Фраскари, објавена во една од неговите најпознати статии: "Внимателноста во однос на третирањето на детаљот е најважното средство за избегнување на недостатоци при изградбата, гледано низ двете димензии на архитектонската професија – етичката и естетската. Уметноста на деталот е во начинот на спојување на материјалите, елементите, компонентите и делови од градбата во еден функционален и естетски манир".

Заблудите дека благодарение на информатички технологии, и условно речено можностите што тие ги нудат, лесно може да се оперира со т.н. "готови архитектонски детали" преземени од најразлични каталошки (електронски или печатени) номенклатури, директно се спротивставуваат на заложбите за подигање на нивото на архитектонските проекти. Оваа т.н. "каталошка архитектура" во одредени случаи може да биде коректна, но не и креативна. Создавањето на коректна и добра архитектура, може да се постигне само ако во развивањето на проектниот процес се направат релевантни истражувања на сите аспекти на нејзината дисциплина, со посебен нагласок на користењето на проектиран архитектонски детаљ и отворање простор за одредена иновативност. Оттука, и успешноста во реализација на проектот во голема мера ќе зависи од содветниот пристап на изработка на деталите, кои се занемарени во последните неколку децении.

3.1. Генеза на формалната содржина на архитектонскиот детаљ

Архитектонскиот детаљ е мини-тоталитет на еден фрагмент од проектниот процес, кој графички во еден податлив покрупен размер, ја објаснува севкупноста и логиката на поредокот на одредени елементи и склопови во една фрагментирана целина.

Неговата генеза се заснова врз мисловен процес, кој е јасен и индуктивно се развива по метод на нагорна линија, со цел, конечно да се заврши одреден фрагмент-архитектонски детаљ од проектот во релација со други фрагменти во него (*детал-основи и детал-пресеци)* (графички прилог 1 и 2). Во принцип, проектираниот архитектонски детаљ содржи три клучни елементи и тоа: А. Јасен и прецизен цртеж во соодветен размер; Б. Мерки со кои што се дефинираат димензионални параметри на елементите и нивните релации во севкупноста на детаљот; В. Систематизиран опис на сите материјални елементи што се предмет на материјално истражување во детаљот.



Слика 6: Графички прилог 1 и 2

Се разбира, ова е само една генерална конслалација на структурата на еден архитектонски детаљ. Способноста и капацитетот на архитектот да ги владее вештините за негово генерирање се клучниот услов еден архитектонски детаљ да биде целосно истражен, соодветно графички презентиран и употребен во дообјаснување на другите графички прилози од проектот (карактеристични основи и пресеци, карактеристични **детал-основи** и **детал-пресеци**). Систематизираниот опис на сите материјални елементи и другите информации од архитектонскиот детаљ заедно со информациите од другите графички прилози, се клучен фактор за прецизна изработка на предмерот чие што значење претходно беше нагласено.

Во нашата проектантска практика најчесто се користиме со поимот карактеристични архитектонски детали (што вообичаено се означуваат како Детаљ 1, Детаљ 2 ... Детаљ n). Неретко, тие се изработуваат рутински, недоволно простудирани и проверени, а во проектите (во графичките прилози) се приложуваат (прикажуваат) несистематизирано. Во некои случаи дури се и неупотребливи. Тоа пред сé се должи на една "деловно" етаблирана несистематичност во развивањето на основниот архитектонски проект, кој како таков вообичаено тешко се "чита" и прати. Токму затоа претходно беше предложен еден можен метод на т.н. косеквентно и инверзноразвивање на основниот архитектонски проект, каде што покрај карактеристичните основи и вертикални пресеци, како меѓупростор што нив ги поврзува со архитектонските детали, е вметнат и сегментот на специфични графички прилози **детал-основи** и **детал-пресеци** (вообичаено во M=1:20 или M=1:25) врз основа на кои што, во една апсолутно прецизна форма, архитектонските детали, логично се "прелеваат" и реферираат во различните графички прилози со користење на накрсно-референтно маркирање. Ова претставува мошне податлива графичка локација која овозможува за првпат примена на принципот на *косеквентна* и *инверзна* релација на архитектонските детали со другите графички прилози. Тоа исто така овозможи лесна транспозиција на архитектонските детали во карактеристичните основи и вертикалните пресеци низ графичката локација *детал-основи* и *детал-пресеци* со цел да се постигне максимална прецизност и координација на сите делови од проектот. Само на таков начин, може да биде дефинирано кои и колкуархитектонски детали е неопходно да бидат истражени со цел основниот архитектонски проект да биде целосен (особено по прашањето на прецизноста на предмерот). Се разбира, во прилог кон оваа заложба уште еднаш ќе го споменеме значењето на сериите графички прилози(листови) кои што пак овозможуваат исто така лесно, последователно и инверзно пратење на употребата на архитектонските детали и нивната транспозиција во различните серии листови.

3.2. Место и значење на архитектонскиот детаљ

Ако погледнеме како материјата во природата е "изградена" ќе забележиме дека секогаш постојат "мали делови", уредени и структуирани на таков начин да го формираат "поголемиот дел" - целото. Во архитектурата тие т.н. мали делови се архитектонските детали чие што стратешко место колективно го одредува главниот облик и форма на структурата на зградата. Деталите се определени со нивното место на потекло и значење. Тоа е збир на детали кои ја одредуваат структурата и ткивото на една зграда. Тие се комбинираат помеѓу нив за да формираат простор и обвивка. Архитектонските детали ги има насекаде, тие се врските, зглобовите и јазлите кои ја прават целината на зградата. Местото и значењето на архитектонските детали може да се разбере и како одредена целина. Од една страна може да се види дека деталот е исклучително важен дел, кој има силно влијание на целината. Всушност, и двете се резултат на еден ист проектантски и производствен пристап.

Важно е да се разбере каде деталите се појавуваат и како се развиваат. Вообичаено кога се започнува со анализа и изготвување на архитектонски детали, се користиме со илустрации на стандардни решенија на релативно познати детали како проверен извор на референци. Ваквиот тип на информација го прикажува деталот веќе склопен, но не го објаснува начинот на донесување на одлуки кој следел пред тоа, нити пак редоследот на склопување. Како резултат на ова постои тенденција за копирање на готови детали, без потребното разбирање на тоа "како" и "зошто" е склопен таков каков што е, или како ќе биде составен на лице место. Тоа исто така прави потешкотија нап рашањата кои си ги поставуваме (критички поглед) за ваквите

готови решенија. Секако дека појдовна таточка во начинот на пристапување кон анализата и понатаму изработката на архитектонските детали е многу важна. Чинот на градење во суштина претставува процес на соединување (монтажа) на поединиите делови кои ја оформуваат зградата. Поврзувањето на деловите се опишуваат како "споеви - врски". Спојувањето е термин кој се користи да се опише просторот помеѓу компонентите; каде овие компоненти се поврзуваат структурално тоа е познато како"врска". Под овој трермин се подразбира форма на физичко спојување помеѓу два или повеќе делови. Ставањето на два или повеќе делови заедно, ќе креира *спој,* а начинот на кој тоа е направено претставува *архитектонски детаљ – решение на спојување.* Начинот на кој овие делови се поврзуваат ќе зависи од материјалите за поврзување, достапните ресурси (човековата рака, алатите и механичките постројки) и манирот на кој е решено спојувањето во деталот. Преку методот за генерирање на проектираниот архитектонски детаљ низ дводимензионална презентација во две рамнини (*детал во основа* и *детал во пресек*)во некоја вообичаена конкретена мерка (М=1:2, М=1:5, М=1:10), реално треба многу умешност да се разбере постапноста на неговата операционализација при градењето.

4. ЗАКЛУЧОК

Создавањето архитектура е креативен процес кој ретко се повторува, како што е тоа случај со некои други технолошки процеси. На почетокот тој започнува како апстрактен и како што идејата понатаму се развива низ проектниот процес, постепено станува рационална и реална (материјална). Ограничувањата од факторот времеи објективните проблеми што неминовно произлегуваат од неговата реализација, од проектантите бараат да поседуваат висок капацитет за донесување одлуки, консеквентна подреденост, систематичност и јасна графичка номенклатура на сите составни делови од тој процес поместени во три глобални фазни кластери: *а*) предпроектни процедури, б) проектирање (изработка на идејно архитектонско решение и идеен архитектонски проект) и в) изработка на проектна документација за градење (основен архитектонски проект со фазни проекти). Уредувањето на системот на управување (менаџирање) на основниот архитектонски проект и фазната проектната документација, треба да се базира и врз користење на методот на т.н. "проектантски пакети". Бројот на проектантските "пакети" зависи од сложеноста на проектот и од различноста на одредени позиции при градењето. Секој "пакет"е дефиниран со цена на чинење во рамките на делот од инвестицијата предвиден за градење на објектот.

Според методот на консеквентно и инверзно развивање на основниот проект графичките прилози од идејниот архитектонски проект не се развиваат директно во поголем размер како што е тоа вообичаено во стандардните постапки. Наместо тоа одредени функционални и просторни единици од идејниот архитектонски проект најпрво се фрагментираат во вид на ***детал-основи*** или ***детал-пресеци*** во М=1:20 – М=1:25. За секој од нив пак, претходно се истражени и генерирани карактеристични архитектонски детали на високо техничко ниво и како такви инверзно се "враќаат"(транспонираат) во карактеристичните *детал-основи* или *детал-пресеци*а оттука воосновите и вертикалните пресеци.

РЕФЕРЕНЦИ

[1] Папастеревски, Д.; "Модел на консеквентно развивање и управувањесо архитектонски проекти- Метода на генериеање на архитектонски детаљ низ проектен процес" Докторска дисертација, Арх. факултат Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2015

[2] De Plazes, Andrea.; " Constructing architecture – materials processes structures" ; 2005 birkhauserverlag ag, second edition 2008.

[3] Kara, Hanif and Kara Taylor, Adams; *Design Engineering AKT.* Actar, 2008.

[4] Evens, Robin; "Translations from Drawings to Building; Architectural Drawing-Visual perception-Architecture-Language", The MIT Press, Cambridge, Massachusetts & Architectural Association Publications, London, 1997

[5] Ballard, V.;Rand, p.; " Materials for architectural design" ; Princeton Architectural Press, 2006.

[6] Leupen, B.; Grafe, G.; Kornig, N.; Lampe, M.; de Zeeuw, P.; "Design and Analysis"; 010 Publishers, 1997.

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

ST - 20

Ilios VILOS[1], Ljupco TRAJCEVSKI[2]

OBTAINIG THE MAXIMUM LOAD OF THE BENDING LOAD ELEMENT CONSIDERING THE VARIATION OF THE GEOMETRIC CARACTERISTIC AND PROPERTY OF THE MATERIALS

SUMMARY

The geometric characteristics, the property of the materials which the elements are made of, have more or less, stochastic character. The issue of safety and reliability of simple bending load element depends on the characteristics of those parameters. In the first part of this paper the short outline of reliability concept is given. The second part of this paper gives one numerical example which explains the relation between the appropriate reliability and the force.

Keywords: reliability, bending loaded element

Илиос ВИЛОС[1], Љупчо ТРАЈЧЕВСКИ[2]

ВЛИЈАНИЕ НА ГЕОМЕТРИСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОПРЕЧНИОТ ПРЕСЕК ЗЕМЕНИ КАКО СЛУЧАЈНИ ГОЛЕМИНИ ВРЗ НОСИВОСТА НА ПРОСТА ГРЕДА ТОВАРЕНА СО КОНЦЕНТРИРАНА СИЛА

РЕЗИМЕ

Геометрискитекарактеристики напопречниот пресек на елементите како и карактеристиките на материјалот од кои тие се изработени повеке или помелку имаат стохастички карактер. Носивоста на овие елементи зависи и од влијанието на параметрите земени како случајна големини. Во првиот дел на трудот презентиран е краток вовед во концептот на доверливост, а во вториот дел од трудот на конкретен пример покажано е влијанието на димензиите на попречниот пресек земени како случајни големини врз носивоста на виткање на проста греда товарена со концентрирана сила.

Клучни зборови: доверливост, елементи на виткање

[1]Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "St. Kliment Ohridski", Bitola, Republic of Macedonia, viols.ilios@uklo.edu.mk
[2]Assoc. Prof. PhD, Faculty of Civil Engineering, University "St. Kliment Ohridski", Bitola, Republic of Macedonia, trajcevski.ljupco@uklo.edu.mk

1. INTRODUCTION

The maximum stress of the bending loaded element is given by the expression:

$$\sigma = \frac{M_{max}}{W} < \sigma_{\circ} \tag{1}$$

Where: σ is the working stress; M is the maximum working moment; W is the moment of resistance of the cross section of the element

$\sigma_{\circ}$ is maximum allowed stress.

And if the working stress is smaller than allowed stress we consider that the element is well designed.

Thefollowingsimpleexampleshows amethodto determine themagnitude of the force ***P***depending on the geometry and material properties which are given whit it's stochastic characteristics.

In this example the magnitude ofthe force ***P*** of the simple single boltshear loadedconnectiontoensure the reliability of0.99, 0.999and0.9999assuming that the variation of the force γ_F =20%,



Figure 1. Simple beam loaded with force in the middle

2. BRIF REVIEW OF RELIABILITY THEORY

Reliability as the probability category is determined by the relation:

$$\mathrm{D} = \mathrm{p}(\mathrm{A} \geq \mathrm{B}) = \mathrm{p}(\mathrm{A} - \mathrm{B} \geq 0) \tag{2}$$

whereAand B arerandom variableswhere:A is the actionandB is the resistance . Functions f_a (A) and f_b(B) represent the functions of distribution of variables A and B. A and B represent mean of action and resistance, and σ_A and σ_B are standard deviation of the action and resistance.



Figure 2. Standard deviationof the action A and resistance B



Figure 3.Highlighted area of standard deviationof the action A and resistance B

Highlighted area on the drawing (Fig.2) represent that the resistance is smaller than the action. That is the area which is characterized by areas of failure.

If we increase the area that overlaps, given by detail in (Fig. 3), and assume that the probability of size A is greater than a default argument B_0 then:

$$p(A > B_0) = \int_{B_0}^{\infty} f_a\,(A)\,dA \tag{3}$$

probability which resistance Bhas inthe intervaldB, ormore precisely, the probability thatbelongs tothe randomvariable BindBintervalis:

$$p\left(|B - B_0| \le \frac{dB}{2}\right) = f_a(B_0)dB \tag{4}$$

B_0 is in the middle of the interval dB. If weunitethe twoconditions (3) and (4) and if we assume that AandBare randomvariables, We candeterminethe probabilitythatthe variable Bisin the intervaldBwhile the probabilityof therandom variableAexceedsprobabilityB_0.

$$f_b(B_0)dB \int_{B_0}^{\infty} f_a\,(A)dA \tag{5}$$

From the previousexpression reliability D isdetermined bythe probability ofAsizeexceedsthe sizeBforallpossible valuesof B.

$$D = \int_{-\infty}^{+\infty} f_b\,(B)\left[\int_{B}^{+\infty} f_a\,(A)dA\right]dB \tag{6}$$

Geometricalexpression of the relation (6)is givenin the following figure:



Figure 4. Geometricalexpression of the relation (6)

Similar tothe expression(6) we have:

$$D = \int_{-\infty}^{+\infty} f_a\,(A)\left[\int_{-\infty}^{A} f_b\,(B)dB\right]dA \tag{7}$$

Geometricalexpression of the relation (7)is givenin the following figure:



Figure 5. Geometricalexpression of the relation **(7)**

If the variablesAand B can be described by mathematical expression then reliability can be expressas:

$$D = \int_{-\infty}^{+\infty} \int_{B}^{+\infty} f(A,B)dAdB \tag{8}$$

Where $f(A,B)$ is density of the distribution of the random variablesAand B.

If the random variablesAand B have normal (Gaussian) distribution then the expression (8) is given by the expression:

$$D = \phi\left(\frac{\overline{A}-\overline{B}}{\sqrt{\sigma_A^2+\sigma_B^2}}\right) \tag{9}$$

Where:$\overline{A}$ and $\overline{B}$ are the mean valy of the actionand the resistance.$\sigma_A{}^2$and$\sigma_B{}^2$ are square of standard deviationof the action and resistance. ϕ is the function which for the argument $\frac{\overline{A}-\overline{B}}{\sqrt{\sigma_A^2+\sigma_B^2}}$ geaves the reliability. This function is known as Laplas function.

3. EXAMPLE

To determine the magnitude ofthe force *P* of the simple single bending loadedelement (Fig. 1) andtoensure the reliability for default value we startfrom the expression (9)

$$D = \phi\left(\frac{\overline{A}-\overline{B}}{\sqrt{\sigma_A^2+\sigma_B^2}}\right) \tag{10}$$

To determine the value ofthe force P = ? Which for the bending loaded element will provide reliability of: a) 0.99 b) 0.999 c) 0.9999 if the item is I 100 hot rolled steel beam with variation in force γ = 20 % (0.2).

Data on the mechanical characteristics of the material and geometric characteristics of the cross section are taken from the survey [3] and are:

Average value on resistance point of intersection W = 34.294 sm^3

Average square deviation of the resistance point σ_w = 0.991 sm^3

Average value of the critical stretch stress A = 38.09 KN/sm^2

Average square deviation of critical folding stress σ_w= 2.556 KN/sm^2

Distribution of all random values is normal. Adopted random values are: the force P, resistant moment of cross section and folding stress. We are starting from the relation (8):

$$\mathrm{D} = \phi\left(\frac{\overline{\mathrm{A}} - \overline{\mathrm{B}}}{\sqrt{\sigma_{\mathrm{A}}^2 + \sigma_{\mathrm{B}}^2}}\right) \tag{8}$$

Where: $\bar{A}$ is the average value of the resistance, in this case average value of critical stretch stress - $\bar{A} = 38.09MPa$; $\bar{B}$ is the average value of the action, in this case action is the working stress, i.e.

$$\bar{B} = \frac{M}{W} = \frac{Pl}{4W} = \frac{l}{4W}P \tag{10}$$

Where: σ_a is average square deviation of critical folding stress σ_a= 2.556 KN/sm^2 ; $\sigma_a$is average square deviation of the working stress.

Working stress for a simple beam loaded with concentrated force in the middle is:

$$\text{Working stress} = \frac{M}{W} = \frac{Pl}{4W}$$

and in this case represents function of two random variables, the force *P* and resistance moment of the cross section *W*. From [5] [4] we know that average square deviation of the function with two or more random variables is this:

$$\sigma_y = \sum_{i=1}^{n}\left(\frac{\partial f}{\partial x_i} \mid x = \bar{x}\right)^2 \sigma_{x_i}^2 \tag{11}$$

From the expression (11) follows that the inference should be calculated from expression for the working stress (10) with first random variable i.e. with the force *P*and than the square of that inference should be multiplied with the square of the average square deviation of the force *P*.

Then, again calculation should be made with the inference of the expression for working stress (10) with second random variable and diameter *d*. Finally, the square from the last inference should be multiplied with the average square deviation of the diameter *d*.

$$\sigma_{\bar{B}}^2 = \frac{\partial}{\partial P}\left(\frac{Pl}{4W}\right)_{W=\bar{W}}^2 \cdot \sigma_P^2 + \frac{\partial}{\partial W}\left(\frac{Pl}{4W}\right)_{W=\bar{W}}^2 \cdot \sigma_W^2 \tag{12}$$

Than we have:

$$\frac{\partial}{\partial P}\left(\frac{Pl}{4W}\right)_{W=\bar{W}} = \frac{l}{4W}$$

$$\frac{\partial}{\partial W}\left(\frac{Pl}{4W}\right)_{W=\bar{W}} = \frac{Pl}{4\bar{W}^2}$$

If these expressions are substituted in the expression (12), we will have the following expression:

$$\sigma_{\bar{B}}^2 = \left(\frac{l}{4\bar{W}}\right)^2 \sigma_P^2 + \left(\frac{Pl}{4\bar{W}^2}\right)^2 \cdot \sigma_W^2 \tag{13}$$

We don't know the average square deviation of the force, so we use the variation of the force γ and we have the following expression:

$$\frac{\sigma_P}{P} = \gamma_P \Rightarrow \sigma_{P=} \gamma_P \; P$$

If we replace obtained expression in expression (13) we have the following expression:

$$\sigma_B^2 = \left(\frac{l\,\gamma_P}{4\bar{W}}\right)^2 P^2 + \left(\frac{l\,\sigma_W}{4\,\bar{W}^2}\right)^2 P^2 \tag{14}$$

With replacing all known variables and expressions (10) and (14) in the relation (8) we have:

$$\mathrm{D} = \phi\left(\frac{\bar{\mathrm{W}} - \frac{\mathrm{l\,P}}{4\,\bar{\mathrm{W}}}}{\sqrt{\sigma_A^2 \left(\frac{l\,\gamma_P}{4\bar{W}}\right)^2 P^2 + \left(\frac{l\,\sigma_W}{4\bar{W}}\right)^2 P^2}}\right) \tag{15}$$

Where the only unknown force is the force *P*.

For the reliability of D = 0.99 from the table (Table 1) for the values of the function of normal distribution the index of reliability has value 2.33. For D = 0.999 the index of reliability has value 3.1. For D = 0.9999 the index of reliability has value 3.75.

For D = 0.99 and γ = 0.2, we have:

$$2.33 = \frac{38.09 - \frac{200}{4\;34.294}\mathrm{P}}{\sqrt{2.556^2 + \left(\frac{200*0.2}{4*34.294}\right)^2 P^2 + \left(\frac{200*0.991}{4*34.294}\right)^2 P^2}}$$

After the calculations we have:

$$1.65452 * P^2 - 111.07044 * P + 1415.38110 = 0$$

$$P = 17.096\; KN$$

The Table 1 shows variation of the force, reliability, expression from which force is obtained, force for the wanted reliability and safety factor γ.

Variation of the force	Reliability	Expression from which force is obtained	Force for the wanted reliability	Safety factor γ
20% (0.2)	0.99	$1.654 * P^2 - 111.07 * \mathrm{P} + 1415.381 = 0$	17.096	1.528
	0.999	$1.291 * \mathrm{P}^2 - 111.07 * \mathrm{P} + 1388.066 = 0$	15.175	1.721
	0.9999	$0.924 * \mathrm{P}^2 - 111.07 * \mathrm{P} + 1360.442 = 0$	13.996	1.866

Table 1.

Safety factor γ it is obtained from the relationship between boundary force and the force given for the wanted reliability. The boundary force is obtained from the expression (10):

$$P = \frac{4W\sigma boundary}{l} = \frac{4 * 34.294 * 38.09}{200} = 26.125\ KN$$

(Where σ indicates the stretching)



Figure 6. Geometric presentation of the obtained force for different reliabilities

4. CONCLUSION

This paper has shown mathematical model to take into account the impact of the reliability factors and how to design the bending loaded element with default reliability.

REFERENCES

[1] Газиев Э.Ф., Речицки В.И., Вероятностая оценка надежности скальных массивов, Строздат 1985

[2] Aničić D., Probablističkipristupproračunugraničnihstanjazazidanekonstrukcije, Građevinar 39, 1987 g, str.393-401

[3] Fred Moses, Design of reliability – Concepts and Aplication, Ch.13, Optimum Structural Design JOHN Wiley&So.1977

[4] Ivanović G., Pouzdanost tehnickih sistema, Zbirka rešenih zadataka, Mašinski fakultet Beograd, 1987

[5] Ronald R. Graham, Donald E. Knut, Oren Patashnik, Concrete Mathematics: A foundation for computer science 1994

[6] John A. Rise, Mathematical Statistics and Data Analysis, 2007

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

ST - 21

Mimoza FAJDIGA[1], Branka STANOJEVSKA[2]

CONSTRUCTION OF 400 KV OHLT SS STIP - MACEDONIAN / SERBIAN BORDER

SUMMARY

The biggest ongoing investment activity MEPSO is the construction of a new 400 kV interconnection with the power system of the Republic of Serbia through the construction of 400 kV OHLT SS Stip - Macedonian / Serbian border. With the construction of this line, it becomes the country are energy crossroads in this part of Europe. This project will provide permanent stability of the energy system of the Republic Macedonia and energy completing the Corridor 10. This transmission capacity on our territory will be 70 kilometers long. This project will significantly increase the stability, reliability of the power system of the Republic of Macedonia and the power systems in the region more broadly, will allow access to nodes with large production potential and provide significant corridor for the transmission of electricity to places ie . regions that are dependent on energy imports.

Keywords: infrastructureobject,400kV Transition line, environment, towers

Мимоза ФАЈДИГА[1], Бранка СТАНОЈЕВСКА[2]

ИЗГРАДБА НА 400 KV ДАЛЕКУВОД ТС ШТИП – МАКЕДОНСКО/СРПСКА ГРАНИЦА

РЕЗИМЕ

Најголема тековна инвестициска активност на АД МЕПСО е изградбата на нова 400 kV интерконективна врска со електроенергетскиот систем на Република Србија преку изградба на 400 kV далекувод ТС Штип – македонско/српска граница. Со изградба на овој далекувод, земјата станува енергетска крстосница во овој дел на Европа. Овој проект ќе овозможи трајна стабилност на енергетскиот систем на Р. Македонија и енергетско докомплетирање на коридор 10. Овој преносен капацитет на наша територија ќе биде во должина од 70 километри. Со овој проект значително ќе се зголеми стабилноста, доверливоста на електроенергетскиот систем како на Република Македонија така и на електроенергетските системи во регионов пошироко, ќе се овозможи пристап до јазли со голем производен потенцијал и обезбеди зголемен коридор за пренос на електричната енергија до места т.е. региони кои се енергетски увозно зависни.

Клучни зборови: инфраструктурен објект, 400kVдалекувод, животна средина, дв столбови

[1]MSc Civil Eng., AD "MEPSO", Skopje, Republic of Macedonia,mimozaf@mepso.com.mk
[2]BS of architecture, AD "MEPSO", Skopje, Republic of Macedonia, brankas@mepso.com.mk

1. ВОВЕД

АД МЕПСО е една од трите енергетски компании во Република Македонија, чија основна дејност е целосно и навремено остварување на јавниот интерес – пренос на електрична енергија со квалитетна и постојано проширувана преносна мрежа и управување со стабилен и доверлив електро-енергетски систем. Притоа, АД МЕПСО настојува, во својот домен на работа да ги подобрува условите за работа, да ја заштитува животната средина, како и безбедноста и здравјето при работа, со што дава безрезервен придонес за растот на македонската национална економија. Воедно настојува да ги намалува сите потенцијални ризици и дава придонес за постојано подобрување на бизнис климата во земјава. Во рамките на овие настојувања, АД МЕПСО, покрај тоа што редовно ги одржува веќе постојните енргетски објекти кои се во негова сопственост, инвестира во изградба на нови 110 kV и 400 kV далекуводи и 400/110 kV трафостаници. при што голем допринос и значење имаа и имплементираните управувачки системи според меѓународните ИСО стандарди во АД МЕПСО.

2. ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ВО АД МЕПСО

Во сопсвеност на АД МЕПСО спаѓаат далекуводите ,кои се од редот на инфраструктурните објекти. Далекуводите од 110 kV,220 kV и 400 kV напонско ниво се сопственост на АД МЕПСО.Во моментот АД МЕПСО располага со 82 далекуводи од 110 kV ниво, 3 далекуводи од и 220 kV и 12 далекуводи од 400 kV ниво.

АД МЕПСО во изминатите години инвестираше во изградба на 3 нови далекуводи и тоа:

- Двосистемски 110 kV далекувод: „2 x 110kV ТС Битола 3-ТС Битола 4“ со должина од 10,5 km
- 400 kV далекувод „ТС Штип – македонско/српска граница“ со должина од 70 km
- 110 kV далекувод: „ТС Скопје1 -ТС Југохром-ТС Тетово1“ со должина од 48 km

3. 400 kV ДАЛЕКУВОД „ТС ШТИП МАКЕДОНСКО-СРПСКА ГРАНИЦА“

После долги и темелни подготовки АД МЕПСО пристапи кон изградба на инфраструктурен објект - 400 kv далекувод **„**ТС Штип – македонско/српска граница**“.** Во моментов ова енајголема тековна инвестициска активност на АД МЕПСО.Со изградба на овој далекувод, земјата станува енергетска крстосница во овој дел на Европа. Овој проект ќе овозможи трајна стабилност на енергетскиот систем на Р. Македонија и енергетско докомплетирање на коридор 10. Овој преносен капацитет на наша територија ќе биде во должина од 70 километри. Со овој проект значително ќе се зголеми стабилноста, доверливоста на електроенергетскиот систем како на Република Македонија така и на електроенергетските системи во регионов пошироко, ќе се овозможи пристап до јазли со голем производен потенцијал и обезбеди зголемен коридор за пренос на електричната енергија до места т.е. региони кои се енергетски увозно зависни.АД МЕПСО изградбата на нова 400 kV интерконективна врска со електроенергетскиот систем на Република Србија преку изградба на 400 kV далекувод ТС Штип – македонско/српска граница, ја започна во 2014 година.

3.1. Основни податоци за водот

Име на водот: 400 kV вод "ТС Штип - македонско/српска граница"

Номинален напон: 400 kV

Проводници: 3 x (2 x Ал/Ч 460/95)

Заштитни јажиња: Заштитно јаже со интегрирани оптички влакна (OPGW) ASLH-D(S)bb 2x24 SMF (AL4/A20SA 106/59-13,6), AWG 19/9 126.1 mm²

Изолатори: Стаклени изолатори

Овесна опрема: Топло поцинкувана овесна опрема

Столбови: Челично-решеткасти топлопоцинкувани

Темели: Армирано-бетонски расчленети, типско решение

Вкупен број на столбови: 168 парчиња

3.3.1 Почетна и крајна точка на водот

Почетна точка на предметниот вод е идниот 400 kV портал во 400 kV-ната постројка во ТС Штип, предвидено е идниот портал да се изгради од западната страна непосредно до постоечкиот 400 kV портал за 400 kV вод „ТС Штип – македонско/бугарска граница“. Крајна точка на предметниот вод која е усогласена меѓу Р. Македонија и Р. Србија е столбот бр. 168. Овој столб е лоциран до пристапен пат непосредно до граничната линија со Р. Србија, а во близина на месноста „Еленска глава“.

3.3.2 Споен распон меѓу Р. Македонија и Р. Србија

Локацијата на првиот столб на српска теритотрија е исто така усогласена меѓу Р. Македонија и Р. Србија. Овој столб е лоциран северо-источно од последниот столб бр. 168 на оддалеченост од 413 м во близина на месноста „Модра глава“.

3.2. Активности кои се превземени пред градбата на далекуводот

Како и за секој голем инфраструктурен објект, така и за овој далекувод предземени се сите потреби активности пред склучување на договорот за изградба. Прво е изработена студија за градба и избрана е најповолната траса за самиот далекувод.После изборот на трасата изработени се:

- Инфраструктурен проект
- Основен проект градежен и електро дел
- Главни проекти за типски столбови и темели
- Студија за оценка на влијанието на градбата врз животната средина
- Елаборат за нумерички податоци
- Геомеханички елаборат за секое столбно место
- Тендерска документација
- Различни елаборати (ппз,хтз, елаборати за вкрстување со други инфраструктурни објекти)

Врз база на овие проекти и елаборати и тендерската документација распишан е меѓународен тендер за избор на најповолен понудувач.Со оглед на фактот дека проектот е финансиски подржан од Светска Банка,согласно процедурите на Светска Банка, АД МЕПСО на ден 07.02.2013 склучи Договор за негова изградба со најповолниот понудувач Конзорциумот ЕЛТЕЛ/Енергомонтажа – Шведска/Србија . Изградба на далекуводот е започната во третиот квартал од 2014 година и се очекува истиот да биде пуштен во работа во трет квартал од 2015 година.Во текстот што следи ќе биде даден краток опис на овој проект од градежен аспект и од аспект на заштита на животната средина.

3.3. Типови на столбови кои се употребуваат во градбата

Пред се мора да се напомене дека далекуводот како инфраструктурен објект се разликува од другите во тоа што овде главни носиви елементи се столбовите.Проектот за предметниот вод е изработен според Правилникот за техничките нормативи за изградба на надземни електро-енергетски водови со номинален напон од 1 kVдо 400 kV (Сл. листбр. 65/88).

Овој далелувод има 168 челично решеткасти столбови. За овој далекувод изработени се комплетни проекти за носивите и аголно затезните столбови.Проектант на столбовите е фирмата Енергомонтажа-Белград, а проектите се ревидирани од Градедежниот факултет Нови Сад. Употребени се 2 типа на носиви и 4 типа на затезни столбови.Ова се типски столбови и карактеристично за нив е што секој тип на столб е проектиран за различни висини.Најнискиот столб е 17 м.Највисокиот столб е 36,5м. Сите потребни димензии и растојанија се во директна зависност од висината на столбот .За секој тип на столб, било да е аголно затезен или носив се изработени проекти за типски темели.Типските темели се изработено за 4 различни носивости на тлото 100,150,200,300-500KN/m2,за средини без подземна вода и 3 различни носивости за

средини каде се очекува присуство на подземна вода. Користејки ги податоците добиени од Геомеханичкиот елаборат кој е изработен за секое столбно место Проектантот од табелата избира тип на темел. Да појасниме дека секој далекуводен столб се темели на 4 поединечни темелни стопи. Во зависност од носивоста димензиите на една темелна стопа се од 160/200см до 600/600см.

3.3.1 Опис на конструкцијата и материјалите

За предметниот далекувод употребени се челично-решеткасти столбови со „Y“ облик на главата на столбот.Столбовите се составени од топло-поцинкувани челични профили споени со лимови и завртки. Столбовите се проектирани за три снопа на фазни проводници *3 x (2 x Ал/Ч 460/95)* во хоризонтална рамнина и две заштитни јажиња. Сите применети столбови за предметниот вод се проектирани за основен притисок на ветер p = 75 и 90 daN/m² и дополнително оптоварување од мраз .

Според функцијата што ја извршуваат, столбовите се поделени на носиви и затезни столбови, односно:

Вкупен број на столбови .....168 парчиња

Број на аголно-затезни столбови:.....24 парчиња

Број на носиви столбови: .....144 парчиња

Должина на водот: .....69,833 km

Просечен распон: .....418,17 m

Челична конструкција: .....20,983 t/km

Просечна висина на столбови: .....29,65 m

За изработка на конструкцијата на столбовите употребени се топло валани профили и лимови кои меѓусебно се споени со завртки. Столбовите се изработени од L профили. Материјалот за конструкцијата е општ конструкциски челик со квалитет *S235JO/*S355J0,(EH10025-2), односно на челик С.0362 и С.0562 согласно МКС.

Елементите на конструкцијата споени се со необработени завртки со цврстина 8.8. За спојување на конструкцијата предвидени се завртки за метална конструкција со нормален навој (класа на изработка Б), една навртка и една подлошка.

Заштитата од одвртување остварена е со еластични подлошки (DIN 126, DIN 127A). За долниот дел од столбот до висина од 5 м над тлото предвидени со антивандал завртки и навртки.

Заштитата на челичната конструкција од корозија се врши со топло поцинкување според EN ISO 1461. Квалитетот на цинкот е нормиран во EN 1179. Минималната дебелина на наносот на цинкот врз конструкцијата изнесува 85 μm, а наносот врз навртките и завртките изнесува 55 μm.

3.3.2 Тестирање на столбовите

Како и за сите досега изградени далекуводи така и за овој извршеное испитување на матерјалот за изработка на елементите на столбот.Извршена е проверка на механичките карактеристики на материјалот , а истотака и на неговите хемиски карактеристики.Со оглед на фактот што Изведувачот столбовите ги изработуваше во фабрика во Р.Кина, употребене е челик со квалитет Q235B I Q345B (ознаки според кинеските стандарди), а овие челици се еквивалентни на челиците S235-JO и S355-JO. Проверката е извршена во самата фабрика и во Војниот институт на Р.Кина.

Покрај ова два столба еден затезен и еден носив се испитани во Кинеката испитна станица, која работи во состав на Електростопансвото на Р.Кина и е вооедно и најголема и најмодерна испитна станица во светот каде се испитуваат столбови од целиот свет со кои се користат за напонско ниво до 1000kV. На слика1 е даден столбот спремен за испитување на испитната

станица. Столбовите се испитани на 5 случаи на оптоварување носивите, а затезните на 6 случаи на оптоварување.

Потоа при фабричкиот прием на столбовите извршена е пробна монтажа на сите 6 различни типови на столбови и проверка на дебелината на цинковата превлака.(слика2).

3.4. Градба на далекуводот

Карактеристично за градбата на далекуводите што од градежен аспект, секое столбно место моќе да се третира како посебен објект.Тоа многу доприносува да со добра организација за релативно краток рок се успее да се изработат темелите заедно со анкерскиот дел а потоа да се помине кон монтажа на столбовите.При градбата се почитувани сите законски обврски, односно од страна на стручни фирми и институции е вршена контрола на ископ/прием на градежни јами, контрола на арматура, вграден бетон,контрола на челикот,визуелни контроли и слично.Да напоменеме дека покрај овие работи за кои веќе пишувавме при градбата се направени и пристапни патишта кој служат за достава на материјали,механизација и работници до секое столбно место, на одредени места се поставени цевки и канали за одводнување.

Слика1. Столбот на испитна станица

Слика 2. Фабричка проверка

Слика 3. Единечна стопа

Слика 4. Монтирани столбови

Слика 5. Монтажа на столб

Слика 6. Монтиран долен дел на столб

3.5. Студија за оцена на влијанието на градбата врз животната (СОВЖС)

Студијата за оцена на влијанието на градбата врз животната средина претставува базичен документ за подршка на процесот на планирање и спроведување на проектот за воспоставување на интерконективен 400 kV далекувод помеѓу Република Македонија и Република Србија.

Студијата е документ со кој се утврдува оправданоста на проектот и се задоволуваат принципите на одржливиот развој и тоа:

- Начелото напретпазливост;
- Меѓугенерациската правичност;
- Конзервацијата на биолошката разновидност и еколошкиот интегритет;

Опфатот на Студијата го вклучува делот од планираниот далекувод кој се протега на територијата на Република Македонија, од 400 kV далекуводно поле во постојна ТС 400/110 kV Штип, до приклучна точка на македонско-српската граница.



Слика 7. Траса на далекуводот

Оцената на влијанието врз животната средина (ОВЖС), вклучително и процесот на консултации со јавноста, се дел од процедурите за планирање и издавање решение за спроведување на проект, утврдени во македонскиот Закон за животната средина. Надлежен орган за процедурата за ОВЖС е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).

Студијата за ОВЖС за 400 kV далекувод ТС Штип – македонско/српска граница е изготвена од страна на консултантски тим на WYG International, во рамките на Проектот за инфраструктурни капацитети за Западен Балкан (Infrastucture Projects Facility for Western Balkans), финансиран од страна на Европската Комисија.

Студијата за ОВЖС е комплексен документ кој, анализирајќи повеќе алтернативи, го дефинира коридорот на идниот далекувод.

Избраниот коридор за 400 kV далекувод ТС Штип – македонско/српска граница е со ширина до 500 метри. За истиот се изработени описи на животната и социјалната средина, анализирани се влијанијата врз животната средина од спроведување на проектот - фазата на градба и оперативната фаза.

Една од најбитните задачи на Студијата е определување на мерките(Mitigation Measures) за намалување на негативните влијанија на предметната градба врз животната срединаи планот за мониторинг во текот на градбата, како и во оперативната фаза на објектот.

Истите се применуваат во целост, во текот на градбата, опфаќајќи постапување согласно планот за управување со отпад, планот за управување со сообраќајна инфраструктура, планот за управување со безбедност и здравје при работа, мониторинг на загадување на воздухот (употреба на апарат за постапување со SF_6 гасот), мониторинг за бучава, задолжителен мониторинг на коридорот на движење на птиците во оперативната фаза, задолжителни мерења на нејонизирачко електромагнетното зрачење во оперативната фаза.

Една од бараните мерки за намалување на негативното влијание на градбата врз животната средина е поставувањето на одбојници (дивертери) за птици во функција на намалување на опасности од судир со птици, како и усмртување на птици од струен удар.

На предметниот далекувод се поставуваат одбојници, (согласно Студијата), на потезите од столбно место (с.м.) 64 до с.м.66 – област околу селото Орел,од с.м.66 до с.м.76 – област околу селото Долно Ѓуѓанце и од с.м.108 до с.м.119 – област околу селото Зубовце.

Одбојниците кои се поставуваат, (на заштитното јаже), се RIBE - B181/5 Bird flight diverter flags, single marking straps – изработени од нерѓосувачки челик, во црно – бела боја.Се поставуваат на 60% од делницата меѓу два столба и тоа на 40м`меѓусебно растојание.

Ваков вид зафат – поставување на одбојници за птици - за прв пат се реализира во РМ и во регионот на западен Балкан.

Во оперативната фаза на објектот ќе се спроведе мониторинг на коридорот на движењето на птиците и ќе се анализираат ефектите од овој вид зафат.

Во секој случај, АД МЕПСО ги спроведува предложените мерки за намалување на влијанијата врз животната средина, со цел да обезбеди дека истите ќе се одржуваат на прифатливо ниво, во текот на целиот животен циклус на интерконективниот 400 kV далекувод.

4. ЗАКЛУЧОК

Овој инфраструктурен објект е многу значаен за работата на АД МЕПСО, а воедно и за цела Р.македонија, затоа што со градбата на предметниот 400 kV вод меѓу двата система ќе се овозможи размена на електрична енергија до 600 MW, односно трансакција на електрична енергија од пошироко регионално значење.

ЛИТЕРАТУРА

[1] Основен проект за дв 400Кв ТС Штип-мак.срп.граница,(ЕНМ,2013)

[2] Правилник за за техничките норма¬тиви за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kV до 400 kV (Сл. лист бр. 65/88)

[3] Геомеханички елаборат, (Геотехника нова,2013)

[4] Основен проект за столбови, (ЕНМ Белград,2013)

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanskiodredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

ST - 22

Bozo SOLDO[1]

PROTECTION OF THE CONSTRUCTION PIT OF THE KT PUBLIC GARAGE IN VARAŽDIN

SYMMARY

Protection of construction pit for public garage on Kapucinski Square (KT) in Varaždin was performed in cohesionless soil under high level of underground water. Original design was to seal off pit bottom by jet grouting. That design solution was the result of local experience and practice. In accordance with the proposal made by geotechnical monitoring, new design solution was done. New design consisted of deepening the diaphragm and continuous pumping of groundwater. There have been additional investigations which have confirmed the design assumptions. The price analyzes showed that the new solution is more economically. Construction of pit and underground garage construction was carried out successfully and in accordance with the new project solution under the constant geotechnical supervision.

Keywords: construction pit, permeability, supervising geotechnical engineer, monitoring.

Божо СОЛДО[1]

ЗАШТИТА НА ГРАДЕЖНА ЈАМА НА КТ ЈАВНА ГАРАЖА ВО ВАРАЖДИН

РЕЗИМЕ

Заштитата на градежната јама за јавната гаража на плоштадот Капуцин (КТ) во Вараждин беше изведена во некохезиона почвата под високо ниво на подземна вода. Оригиналниот проект беше да се запечати дното на градежната јама со торкретирање. Ова проектно решение е резултат на локалните искуства и пракса. Во согласност со предлогот на геотехничкиот мониторинг, беше направен нов проект. Новиот проект се состои од продлабочување на дијафрагмата и континуиран транспорт на подземните води. Извршени се и дополнителни испитувања кои ги потврдија претпоставките на проектот. Анализите покажаа дека цената на новото решение е повеќе економска. Изградбата на јамата и на подземната гаража беше спроведена успешно и во согласност со новото проектанско решение, под постојан геотехнички надзор.

Клучни зборови: градежна јама, водопропустливост, надзорен геотехнички инженер, надзор

[1] BSc, Varazdin, Croatia, bsoldo@gmail.com

1. INTRODUCTION

The paper describes the course of work on the execution of the construction pit protection structure for the public garage project at the Kapucinski Square (KT) in Varaždin. Previous works on the protection of construction pits at Varaždin, which have been going on for more than four decades, have been very difficult owing to the presence of high ground water levels (on average about 4m under the ground surface), while structures in question were considerably smaller in size and had lesser ground depth than the KT Garage. Taking into account the mentioned factors and having in mind additional findings about ground conditions in Varaždin [1] (that primarily consist of cohesionless materials) from the very beginning of works all participants in the construction were aware that they were faced with a great challenge. The first design solution [2] for the protection of works in dry conditions was sealing (of) the construction pit bottom using jet grouting i.e. establishing lesser permeability ("bottom clogging"). A problem, however, consisted in a difficult execution of a test field of jet grouting due to the unexpected compactness of cohesionless material in the area of the designed sealing [3], [4]. Following the recommendation of the supervising geotechnical engineer additional investigations that included field and laboratory testing were undertaken [5], [6]. Based on the collected data, established facts and after considering all the aspects the supervising geotechnical engineer was contemplating all the issues, studying them and suggesting alternative options to other participants in the construction and most of all to the design team. After quickly implemented procedures the expert team thought about possibilities to come up with a better design solution which consisted of a considerably simpler approach to the problem. A new solution [7] implied a deeper standard waterproof lateral diaphragm and constant pumping of ground water on several positions within the construction pit. The implementation of this solution was not accompanied by any adverse events as it was the case with earlier projects.

2. INITIAL PROJECT SOLUTION

Initial solution concept of protection [2] to work in dry environment was “sealing” the bottom of the construction pit by using a jet grouting method ie by establishing a reduced permeability ("bottom clogging ").



Figure 1. The initial solution for protection of construction pit

This project solution was created with the knowledge of initial geotechnical report [1] which shows that the project location is composed of noncohesional material, ie mixture of gravel and sand and it is

known that such material is theoretically highly permeable (glacial till) [8], [9], [10] which means that the procedure is impossible to perform without “sealing” the bottom of the construction pit. It's also been known that in the last four decades on to the neighboring locations there have also been major problems even on the simpler structures.

Calculating the percolation using known theoretical interval of limits of water permeability coefficient for the noncohesionless materials the result showed huge quantities of water in specific period of time, ie more than 500 liters per second for subject construction pit considering the situation without bottom improvement ("bottom clogging ").

Due to problem arising at the only beginning of the performance ie difficulty performing experimental jet grouting field because of the unexpected compactness of noncohesionless material in the area of the designed sealing, supervising geotechnical engineer decided for fast additional investigations.

3. OBSERVATIONS - RESEARCH DURING CONSTRUCTION

When predicting the behavior of geotechnical interventions is difficult then it is appropriate to apply the approach known as “Observation methods” (methods of scientific observation or monitoring) in which project designs/amends during the process of construction on field [11].

Course of research was agreed and concluded among other things, must be:

- Monitoring reveals whether there is justification for observation, ie supervising geotechnical engineer decides whether the outcome will be within acceptable limits,
- Feedback and testing results must arrive fast enough in relation to the possible development of events in the system performance, and it is necessary to meet the deadlines
- Additional tests during construction ie observation results confirms supervising geotechnical engineer.

Additional research consisted of:

- additional investigations of noncohesionless material from project location that included field and laboratory testing
- gathering information about the construction pit protection from water on similar sites, and examining the preserved records, photos, articles, interviews and more.

Field testing of permeability was examined by depth in boreholes [5]. Based on the more in depth test results were obtained with slightly lower permeability coefficients but not yet promising because after the calculation with this lower coefficients the result was still a considerable amount of water. Hope for further study were those that these field test permeability coefficients were horizontal and not vertical. The assumption was that the vertical permeability coefficient is much smaller than the horizontal one.

Laboratory tests [6] of particle size distribution (granulometric tests) were quite promising for permeability of the specific soil layer just below the depth of the construction pit but it was still rated as layer of insufficient thickness and position.

4. SECOND PROJECT SOLUTION

After this information and during the next research supervision proposed a new solution with 3 m deeper standard waterproof lateral diaphragmcompared to the initial solution. Expert team accepted new project solution which consisted of deeper standard waterproof lateral diaphragm and 2,5 m layer of jet grouting or less if justification for that is noticed during the performance.

5. THIRD (FINAL) PROJECT SOLUTION

Supervision still proposed a new research method. Additional studies after the field and laboratory testing took place. It was only field test which included smaller excavation pit in the middle of the

construction pit same depth as the final construction pit and pumping the underground water with option for reducing ground water level to the required one.

With this possible lowering of groundwater level, piezometers were installed in and out of the construction pit to measure the water depth (for observing the water pressure at a depth below the bottom of the construction pit). The water level was lowered to the required level with decreasing >3,5 m with pumping 70 liters of water per second.

After these results, which were contented because water level dropped to the project designed level only with water pumping and at the same time taking into account the water pressure in the piezometers at a depth below the bottom of the pit.

After these results, a new project solution III [8] is suggested(and the final one) which consisted of deeper standard waterproof lateral diaphragm long with bottom pit drainage with drains and groundwater pumping in the middle of the construction pit. Along with this solution [8], in addition to the stability of the construction pit, supervision proposed pumping water from drilled wells depth of 7 m below the bottom of the construction pit.



Figure 2. Final project design solution

This solution with additional pumping from drilled wells consisted of the total pumping capacity of 100 liters of water per second until establishing the equilibrium pressure of the weight from the building and water pressure (buoyancy).

6. CONCLUSION

Observing the whole process performance, in addition to proposing additional research during construction supervision has proposed and designed solutions during the construction progress [12]. Gathering information about the construction pit protection from water on similar sitesplayed a major role in this. Final project solution was successfully performed, without any adverse events, with achieving economically, easier and simpler solutions compared to the previous project solutions on the same object and in relation to projects in the past on the nearby buildings with the same problems and the same goal.

REFERENCES

[1] Geolab, (2008): Geotehnički elaborat za potrebe temeljenja podzemne garaže na Kapucinskom trgu, Varaždin

[2] Conex-Zg, (2010): Projektna dokumentacija zaštite građevinske jame za garaže na Kapucinskom trgu, Zagreb

[3] R.H.Morin, (2005): Negative correlation between porosity and hydraulic conductivity in sand-and-gravel aquifers, Journal of Hydrology 316, 43–52

[4] Soldo, B. &Štuhec, D., (2006): D. Contribution to Research on Rock-fill Dam Modelling Material, Conference on Water Observation and Information System for DecisionSupport, Ohrid, http://www.balwois.org/, A-390

[5] Geoservis-As, (2011): Izvješće o ispitivanju vodopropusnosti u jami za garažu na Kapucinskom trgu u Varaždinu, Varaždin/Zagreb

[6] Geotehnički fakultet, (2011): Izvješće o ispitivanju propusnosti nekoheretnih iz građevinske jame za garažu na Kapucinskom trgu, Varaždin

[7] Geokod-Zg, (2011): Glavni i izvedbeni projekt zaštite građevinske jame za garaže na Kapucinskom trgu, Zagreb

[8] N. Sivakugan (2005): Permeability and Seepage, Chapter 7, http://www.geoengineer.org/files/siva-seepage.pdf

[9] Freeze AR, JA Cherry, (1979): Publishedvalues for hydraulicconductivitybased on sediment type, Groundwater. PrenticeHall: UpperSaddleRiver, NJ., EVR 4211L – WaterresourcesLab

[10] Terzaghi, K., Peck, R.B., andMesri, G (1996): Soil Mechanics in Engineering Practice, 3rd dition, JohnWiley&Sons, New York

[11] BS EN 1997, (2004): Eurocode 7: Concise Eurocodes: Geotechnical design: Eurocodes 7, General rules, Part 1

[12] BS EN 1997, (2007): Eurocode 7: Concise Eurocodes: Geotechnical design: Eurocodes 7, Ground investigation and testing, Part 2

ДГКМ
ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИТЕ КОНСТРУКТОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Партизански одреди 24,
П.Фах 560, 1001 Скопје
Македонија

MASE
MACEDONIAN ASSOCIATION OF STRUCTURAL ENGINEERS

Partizanski odredi 24,
P. Box 560, 1001 Skopje
Macedonia

mase@gf.ukim.edu.mk
http://mase.gf.ukim.edu.mk

ST-23

Damjan DENKOVSKI[1], Goran TODOROSKI[2]

STRENGTHENING OF STEEL STRUCTURE IN THE AREA OF OLD TURKISH BAZAR IN SKOPJE

SUMMARY

Today we are witnesses of strengthening many old steel structures that have been build many years ago, but no technical documentation or maintenance program exist. Strengthening of these buildings should be accompanied with the intensive and wide site investigation works, which should be done prior starting the design for strengthening the building, thus to find a structural solution which is in accomplishment with the real state of the structure and the building as well. For the building in Turkish Bazaar in Skopje two different solutions have been proposed for strengthening the longitudinal frames. The first one with vertical bracings on ground level proposed, and the second one was a strengthening of the ground floor beams and columns thus activating their "frame behavior".

Keywords: old structures, site investigation, structural damages, corrosion, redesign, strengthening

Дамјан ДЕНКОВСКИ[1], Горан ТОДОРОСКИ[2]

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧЕЛИЧНА КОНСТРУКЦИЈА ВО ЗОНАТА ОД СТАРА ТУРСКА ЧАРШИЈА ВО СКОПЈЕ

РЕЗИМЕ

Денеска сме сведоци на зафати за зајакнување на старите и дотраени челични конструкции кои се изградени пред многу години, но за истите не постои никаква техничка документација или програма за одржување. Зајакнувањето на ваквите конструкции треба да е проследено со обемни и сериозни истражни работи на лице место, кои треба да претходат на изработката на проектот за зајакнување, со што би се изнашло соодветно конструктивно решение кое одговара на реалната состојба на објектот. За објект лоциран во Старата Турска чаршија во Скопје предложени се две решенија за зајакнување на носивата конструкција. Едно со додавање на вертикални спрегови и друго со зајакнување на столбовите и гредите од приземјето.

Клучни зборови: стара конструкција, истражни работи, оштетувања, корозија, зајакнување,

[1] BSc Civil Engineer, Virendel, Skopje, Republic of Macedonia, denkovskidamjan@yahoo.com
[2] MSc Civil Engineer, Virendel, Skopje, Republic of Macedonia, goran@agem.com.mk

1. ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА

Објектот кој е предмет на овој труд е изведен во централниот дел на Старата Турска Чаршија пред 40 години како челична носива конструкција, дрвена подконструкција и дрвени кровни греди. Заради тоа што објектот се наоѓа во дел со историско наследство како и комплицирана сопственост, не е дозволено истиот повторно да се изгради од темели. Димензиите на објектот во основа се 28.8м x 10.15м и висина од 5.5м. Составен е од 9 попречно поставени рамки на меѓусебно растојание од 3600 мм. За фасадна подолжна рамка се смета рамката во оска 1 (слика 5), за задна рамка, рамката во оска 4 (слика 5). Столбовите од подолжната фасадна и задна рамка се изработени како кутија од два U8 профили заварени од место на место, додека столбовите од средните рамки се изработени како кутија од два U10. Меѓукатната конструкција е изведена со дрвени талпи 5/30 и патос од ламинат.

Проектот за глобална реконструкција и зајакнувањето на носивата конструкција е изработен без никакви претходни истражувања, без оригинална документација и технички податоци за објектот. Почнувајќи со откривање на кровот, фасадата и преградните ѕидови се согледува во навистина каква состојба е носивата конструкција, како и дека голем дел од податоците предвидени за зајакнување на конструкцијата не кореспондираат со реалната состојба на градилиштето. Разликите се јавуваат во два основни конструктивни елементи. Првата разлика е кај вертикалниот спрег (Слика 1) за кој веќе има предвидено зајакнување но истиот на објект не постои и втората разлика е во хоризонталните греди за кои во техничката документација стои дека се UPN160 наместо UPN100 која е вградена во конструкцијата. Врските во конструкцијата се зглобни наместо вклештени (Слика 2). Поклопување со проектната документација се јавува во столбовите кои се изведени од 2U80. На лице место забележани се и дополнителни оштетувања на челичната конструкција, лошо анкерување (Слика.3), корозија на столбовите и спреговите како и недостаток на елементи од вертикални спрегови во подолжен и попречен правец на што укажуваат трагите на челичните плочки од спрегот.

Слика 1. Вертикален спрег без дијагонала

Слика 2. Зглобна врска , греда - столб

Слика 3. Несоодветно анкеруван на столб

Слика 4. Столб излезен од рамнина за 40mm

По извршењето мерење на столбовите добиени се резултати според кои деформацијата на врвот на столбот изнесува околу 40мм (Слика 4). Откако се направени сите овие мерења и увид во конструкцијата предложени се две решенија за зајакнување на носивата конструкција. За да се спречи нормално поместување на рамките додадени се џамбо спрегови во кровната рамнина со што се овозможува заедничка работа на сите рамки (Слика 5).



Слика 5. Дополнителни спрегови во кровна рамнина

За зајакнување на подолжната фасадна рамка предвидено е различно техничко решение, наједноставно и економично, со додавање на вертикални спрегови на приземје во предната и задната подолжна рамка (Слика 6). Меѓутоа ваквото решение не е прифатено од страна на сопствениците на објектот кои приземните простории ги пренамениле во мали продавници и оттука излогот им е од најголема важност, дури и пред безбедноста на објектот. Ова се нагласува од причина што со подетално снимање на постоечката состојба со сигурност е утврдено дека на фасадната подолжна рамка, во крајните полиња постоеле вертикални спрегови и во приземјето, изведени со по една вкрстена винкла, но истите се неконтролирано отстранети, со претпоставка дека на сопствениците им сметале на излогот. Ваквиот бесмислен чин всушност и го довел објектот пред колапс, и е една од главните причини за трајната измерена деформација на фасадната подолжна рамка која изнесува околу 20 мм. Кај задната подолжна фасадна рамка кај која спреговите останале во функција, такви аномалии нема.



Слика 6. Решение 1, зајакнување со вертикални спрегови

Со второто решение е предвидено да се обезбеди систем на рамка со зајакнување на столбовите со два дополнителни профили K80.80.5 до висина од 3.0 м (Слика 7, Слика 9 и Слика 10), зајакнување на гредите на приземје со заварување на дополнителни аголни профили на горната и долната фланша на постоечката греда и обезбедување на вклештена врска со заварување (Слика 7, Слика 8 и Слика 10).



Слика 7. Решение 2, зајакнување на столбови и греди



Слика 8. Детал на зајакнување на греда



Слика 9. Детал на зајакнување на столб



Слика 10. Решение 2, изглед на деталот во јазел

2. АНАЛИЗА НА МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ

За трите случаи изработени се математички модели за анализа на конструкцијата, за да се даде приказ како таа се однесува под дејство на хоризонтални и вертикални товари (влијанија). Во моделот број 1 врските помеѓу носивите елементи како и врската столб - темел се земени како зглобни, како што е и реалноста, додека во останатите два модели врската помеѓу носивите елементи е вклештена, додека врската со анкерната плоча останува зглобна.

Првиот модел ја прикажува состојбата пред да се изведе зајакнувањето на подолжната рамка и како таа се однесува под дејство на хоризонтални и вертикални товари (Слика 11 и Слика 12). Добиени се резултати кои покажуваат четири пати поголеми напрегања над граница на

дозволените како и поместувања од 440 мм на врвот на столбот кои се недозволиви и од каде што јасно се гледа потребата од посериозна интервенција на конструкцијата.



Слика 11. Состојба пред зајакнување, искористеност на пресеците



Слика 12. Состојба пред зајакнување, поместувања

Вториот модел е изработен врз база на првото решение, односно со додавање на два вертикални спрега на приземјето изработени од L50.50.5. По ваквата интервенција може да се забележи дека целата конструкција се "смирува" и се добиваат напрегања и поместувања на конструкцијата во дозволените граници (Слика 13 и Слика 14). Резултатите кои се добиваат се само потврда за ефективноста на ваквото едноставно решение.



Слика 13. Решение 1, искористеност на пресеците



Слика 14. Решение 1, поместувања

Третиот модел е оној каде што се врши зајакнување на столбовите и гредите (Слика 15 и Слика 16). Резултатите од третиот математички модел покажуваат дека и на овој начин успешно може да се изврши за зајакнувањето, но во споредба со првото решение разликата во тежините не е занемарлива.



Слика 15. Решение 2, искористеност на пресеците



Слика 16. Решение 2, поместувања

На истиот модел направена е и проба од која што се гледа дека зајакнувањето на столбовите повисоко од 3м не дава некои значителни промени во поместувањето и напрегањата, поради што истите се зајакнувани до одредена висина која излегува над врската со спратната греда.

Зајакнувањето на конструкција опфати и целосна замена на долниот дел од три столба од задната подолжна фасада кои беа зафатени од прогресивна корозија, од причини што со партерното решение, нестручно наместо бетонски парапет се изведени некакви бетонски корита кои требало да имаат функција на жардинери. Истите со тек на време се наполнети со земја која е во директен контакт со челичните столбови и вертикалниот спрег чија дијагонала недостига (Слика 1), па оттука континуираната влага, лошата заштита и несреќно избраниот "дводелен" пресек на столбовите допринеле до несватлив степен на корозија на металот од преку 80%. За овие уништени стобови (терминот оштетен воопшто не е адекватен на затекнатата состојба) е применет истиот детаљ од зајакнување на столбовите од фасадната рамка, која интервенција во случајот всушност преставува замена за кородираните столбови.

3. ЗАКЛУЧОК

Зајакнувањето на старите објекти во случај на недостаток на техничка документација или податоци треба да се придружени со интензивни истражни работи на лице место, за да се изнајде конструктивно решение кое е во согласност со вистинската состојба на конструкцијата на објектот. За целиот процес на зајакнување многу важни се и податоците со кои се влегува во математичкиот модел се со цел да се добие поточно однесување на конструкцијата, односно податоците прибрани од лице место како такви да се внесат во софтверот за анализа. Во конкретниот случај при изведување на градежните работи се забележани многу недостатоци. Споредбата на двете различни санациони решенија укажува дека проблемот на подолжната фасадна рамка едноставно може да се реши со додавање на само два вертикални спрега во приземето, за разлика од скапото и комплицирано решение со активирање на "рамовски ефект" преку зајакнување на столбовите и гредите

Истажните работи кај овој објект уште еднаш не потсетија на лошото искуство со столбовите формирани од 2У профили, без целосен провар на врзните шавови, кои допуштаат вода и влага да навлезе во внатрешноста на столбови, и во услови на непостоење на можност да се изврши увид во состојбата внатре во столбот, можно е да дојде до неочекувани и несакани последици по столбовите и целата конструкција. Денес во услови на широк избор на цевасти профили по цена дури и пониска од топловаланите профили, изборот на формирање на кутијаст профил од 2 У топловалани профили е непотребен, дури на одреден начин и ризичен.

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО А.Д. СКОПЈЕ

БЕТОН

CONSTRUCTION COMPANY J.S.C. SKOPJE

Construction company BETON J.S.C.
Mile Pop Jordanov 32a 1000 Skopje,
Republic of Macedonia
phone:+ 389 2 5513 700; + 389 2 3080 888
email:beton@beton.com.mk
www.beton.com.mk

BETON, Construction as inspiration!

GRANIT

BUILDING & CONSTRUCTION

Veljko Vlahovik 8, 1000 Skopje, Macedonia; tel. + 389 2 3218 703; email: kabinet@granit.com.mk; **www.granit.com.mk**

ADING

ingredient of each construction

Business system for production, application and sale of chemical materials for construction industry

since 1969...



www.ading.com.mk



- Admixtures for concrete and mortar
- Grouting and sealing
- Concrete repair
- Industrial and sports flooring
- Joint sealants
- Waterproofing
- Protective coating
- Fire protection materials
- Building adhesives
- Leveling compounds
- Decorative coatings and mortars
- Building products

Russia
Croatia
Bulgaria
Iran
BiH
Macedonia
Serbia
Montenegro
Kazakhstan
Kosovo
Romania
Ukraina
Albania
Greece
Hungary

ADING AD - Skopje, ul. Novoselski Pat b.b., 1060 Skopje, R.Macedonia;
tel: +389 2 2034 820; +389 2 2034 840; fax: ++389 2 2034 821; ading@ading.com.mk



СИНТЕК
ИНЖЕНЕРИНГ

БИРОПРОЕКТ

БИРОПРОЕКТ доо-Скопје
(членка на групацијата **ADING**)
Васил Ѓоргов 21
вл.2, лок.8, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3243 790
Факс: +389 2 3243 796
biroproekt@biroproekt.com.mk

- изработка на рекламен материјал
- изработка на веб решенија
- графички дизајн

- проектирање
- ревизија
- надзор
- ентериери
- хортикултура

МАРКЕТИНГ
ПРОЕКТИРАЊЕ
biroproekt.com.mk

А и Б лиценци за проектирање
А и Б овластувања за проектирање, ревизија, надзор

Biznis Centar **ADING**
ул. Кузман Шапкарев 5, нас. ѓ. Петров, тел.: 02/20 31 424,
факс: 02/21 35 170, info@bc-a.com.mk, www.bc-a.com.mk

Profile VOX
ПВЦ внатрешни панели
ПВЦ подкровна ламперија
ПВЦ подови
ПВЦ надворешна фасада
ПВЦ подпрозорски даски

Graspointner BG

БЕТОНСКИ ОДВОДНИ КАНАЛИ И ШАХТИ

- универзални канали
- рамни канали
- стандардни канали
- централен одвод
- метални фасадни канали



TPH HAMBURG ХИДРОИЗОЛАЦИОНИ СИСТЕМИ



ACP hellas ltd
Дилатациони профили од алуминиум и нерѓосувачки челик за затварање на фуги, од грчкиот производител ACP HELLAS



GDS
www.gdsinstruments.com

INELAS ERECO d.o.o

NDT
JAMES INSTRUMENTS
Non Destructive Test Equipment

25 YEARS OF EXPERIENCE
IS SOMETHING THAT YOU CAN'T BUY

Piraeus Banka tekući račun
125-0000001793238-05
MB 20802723
PIB 107437625

Tel: +381112284574
www.inelasereco.rs
info@inelasereco.rs

Zgrada „Hellenic Petroleum
Tošin Bunar 274a
Novi Beograd 11070
Republika Srbija

INELAS ERECO d.o.o
INNOVATED EDUCATIONAL AND
RESEARCH LABORATORY SYSTEMS
ENGINEERING REPRESENTATIVES &CO

KNAUF

Добредојдовте во иднината на градежништвото

Сува градба - Малтери - Глет маси - Фасадни системи - Подни системи - Поплочување - Градежна хемија

Knauf Macedonia

Knauf Macedonia

Knauf_MK

АДОРА инженеринг

2013/14 Superbrands Macedonia's Choice

КУПЕНАТА НЕДВИЖНОСТ Е НАЈЦВРСТА ВАЛУТА ЗА СИГУРНА И СРЕЌНА ИДНИНА

ДОЖИВЕЈ ГО ДУХОТ НА ЊУЈОРК ВО СКОПЈЕ

INTERNATIONAL EUROPE AWARD FOR QUALITY
Paris 2014 France

Елитен станбено-деловен комплекс

АДОРА FLATIRON СКОПЈЕ

ДРАСТИЧНО **ПОМАЛИ ТРОШОЦИ** ЗАЛАДЕЊЕ И ГРЕЕЊЕ

Енергетски пасош А-класа

НАЈПОВОЛНО СТАНБЕНО КРЕДИТИРАЊЕ
15 % УЧЕСТО - 2,9 % КАМАТА

ДОКАЖАНО СТАБИЛНИ, КВАЛИТЕТНИ И ЕКОНОМИЧНИ ДОМОВИ

КОМПЛЕКС АДОРА СКОПЈЕ-ОПШТИНА АЕРОДРОМ

СПЕЦИЈАЛНА ПРОМОЦИЈА

ОХРИД - БИЉАНИНИ ИЗВОРИ

02 5 215 215
075 240 200
072 204 024
078 240 467
078 240 354
075 244 244-Охрид
prodazba@adora.com.mk

www.adora.com.mk
facebook.com/adora.inzenering
instagram.com/adora_inzenering

ЗИМ „СКОПЈЕ“ АД СКОПЈЕ
ЗАВОД ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ И РАЗВОЈ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ „СКОПЈЕ“ АД СКОПЈЕ

ЗАВОД ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ И РАЗВОЈ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ “ СКОПЈЕ “ СКОПЈЕ

Тел: 02/3116 610;3213 718;
3222 308;3221 363
Телефакс: 02/3211 996
Ул. Раде Кончар бр. 16,
1000 Скопје, Македонија
http://zim.com.mk

- ***ДИРЕКТОР***
- ***ТЕХНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ***
- ***ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ***
- ***ИНСТИТУТИ***

- ***МАТЕРИЈАЛИ***
- ***ТРАНСПОРТ И ЕКОЛОГИЈА***
- ***РАЗВОЈ НА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ***

- ***ЛАБОРАТОРИИ***
- ***СЕКТОРИ***

Инженеринг при конструкција на премин

Инжинеринг при конструкција на регионален пат

Инженеринг при конструкција на автопат

ПРОСТОР доо

ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ - КУМАНОВО

Адреса: "Моша Пијаде" бр. 2, 1300 Куманово — Република Македонија

Телефони: Управител +389/31/427-117
Централа +389/31/475-510
Факс +389/31/438-501

e-mail: contact@prostor.mk ; prostor@t-home.mk — www.prostor.mk

ФРАГМАТ-МАК д.о.о.

нас. Карпош бб, 1300 Куманово
тел.: + 389 31 431 100
факс: + 389 31 437 744
info@fragmatmak.com.mk

Термоизолации

ЕПС фасадна изолација


ЕПС изолација на подови

ЕПС плочи

Стиропорни плочи
за подно греење

Хидроизолација

Изотект
П5 ФЛЛ+

Изоеласт
рефлекс

Ибитол Ков

Пергамин

Комби Плочи



Декоративни фасади

Системи за градење


ЕПС олеснети меѓукатни конструкции - МК1


ЕПС олеснети меѓукатни конструкции - МК2

ЕПС изолациони надворешни ѕидови


Монтажни канали



Материјал за фасади

Фасадна плоча

Завршни малтери